Божидар Видоески

ДИЈАЛЕКТИТЕ НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

Том 3

Македонска академија на науките и уметностите · Скопје

MACEDONIAN ACADEMY OF SCIENCES AND ARTS

FOUNDATION "TRIFUN KOSTOVSKI"

Božidar Vidoeski

THE DIALECTS OF THE MACEDONIAN LANGUAGE

Vol. 3

SKOPJE 1999

МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ

Божидар Видоески

ДИЈАЛЕКТИТЕ НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

Том 3

ФОНД
ТРИФУН КОСТОВСКИ
СКОПЈЕ

СКОПЈЕ 1999

Одговорен уредник

акад. Зузана Тополињска

Картографска обработка

м-р Марјан Марковиќ

Фонетска и фонолошка транскрипција

Дејан Геговски

Библиографска обработка

Ангелина Панчевска

СОДРЖИНА
Table of Contents

Предговор (Foreword) I

ДЕЛ III (Part III)

МОНОГРАФИИ НА СТРУКТУРНИТЕ ОСОБИНИ РЕЛЕВАНТНИ ЗА ДИФЕРЕНЦИЈАЦИЈАТА НА МАКЕДОНСКИТЕ ДИЈАЛЕКТИ
(Monographs on Structural Characteristics of Vital Significance for the Dialectal Differentiation of Macedonian)

1. ФОНОЛОГИЈА (Phonology)

1.1. Вокалните системи во македонскиот дијалектен јазик од славистички и од балканолошки аспект (Vocalic Systems of Macedonian Dialects and their South Slavic and Balkan Parallels) 9

1.2. Фонемата */ă/* (The Phoneme */ă/*) 19

1.3. Редукција на неакцентираните вокали во југозападните дијалекти (The Reduction of Unstressed Vowels in South-Western Dialects) 27

1.4. Последици од губењето на консонантите во интервокална позиција (Consequences of the Elision of Consonants in Intervocalic Position) 35

1.5. Континуантите на *ъ̥ и *ь̥ (The Reflexes of *ъ̥ and *ь̥) 41

1.6. Рефлексацијата на **ě* (The Reflexes of **ě*) 47

1.7. Континуантите на вокалните **r̥* и **l̥* (The Reflexes of **r̥* and **l̥*) 55

1.8. Траги од прегласувањето на **а* во *ä* / *е* (Traces of the **a* > *ä* / *e* Shift) . 69

1.9. Остатоци од назализам во западните говори (Traces of the Old Nasal Vowels in Western Dialects). 75

1.10. Фонемата */x/* (The Phoneme */x/*) 81

1.11. Консонантските групи *с (з), ш (ж) + ц, ч* (Consonantal Clusters *s (z) š (ž) + c (č)*) 95

1.12. Акцентските системи (The Accentual Systems) 101

1.13. Има ли квантитет во македонскиот дијалектен јазик? (Is there Phonological Quantity in Macedonian Dialects?) 117

2. МОРФОЛОГИЈА (Morphology)

2.1. Формите на заменките (историја и географија) (Pronouns: history and geography) 127

2.2. Дативната форма кај именките (The Substantival Dative Forms) 175

2.3. Образување множински форми и географска дистрибуција на множинските наставки кај именките од среден род (The Substantival Neuter Plural Forms: Derivation and Geographical Distribution) 181

2.4. Формите на членот (инвентар и дистрибуција) (Forms of the Article; Inventory and Distribution) 189

2.5. Формите на глаголот *сум* во парадигмата на сегашното време (Present Tense Paradigm of the Verb *сум*) 199

2.6. Наставките за 3 лице множина сегашно време (Endings of the 3rd Person Plural in Present Tense) 205

2.7. Формите на имперфектот (Imperfect Tense Paradigms) 211

2.8. Модели на имперфективни глаголи (Morphological Patterns of Imperfective Verbs) 229

2.9. Формите на глаголскиот прилог (Forms of the Verbal Adverb) 243

Библиографија (Bibliography) 251

ПРЕДГОВОР

Овој, трет том на "Дијалектите на македонскиот јазик" содржи дваесет и две монографии на структурните особини од клучно значење за диференцијацијата на македонскиот јазичен ареал. Општата концепција на томот, поделбата на фонолошко-прозодискиот и морфолошкиот дел, како и редоследот во рамките на двата дела доаѓа од Авторот. На многу од овде поместените студии Тој им дал поднаслов "Прилог кон македонскиот дијалектен атлас". *De facto,* тие претставуваат глави од македонската современа и историска дијалектологија. Ареалната лингвистика секогаш осцилира меѓу концепцијата на карта како коментар кон текстот и текстот како коментар кон картата. Овде сме соочени со оптимална реализација на првата од двете концепции. Методолошката постапка е секогаш иста: прво се претставува (и илустрира со карти) денешната диференцијација на теренот, па се врши реконструкција на патот кој довел до таа диференцијација. Каде што тоа е можно, реконструкцијата ја поткрепуваат податоците од старите споменици. Меѓутоа, со оглед на скромниот број на спомениците, надвладува мајсторски спроведената внатрешна реконструкција, т.е. читање како историјата на дијалектите се запишала во нивната географија.

Во фонолошко-прозодискиот дел се издвојуваат трите синтетски студии посветени на вокалните и на акцентските системи и на проблемот на вторичниот квантитет во македонските дијалекти. Останатите трудови се посветени на судбината на одделни фонеми и групи фонеми. Во повеќето од нив појдовна точка претставува конвенционалната прасловенска реконструкција, а предмет на опис и анализа е судбината на соодветните функционални единици на македонска почва. Се издвојува студијата посветена на фонемата */ă/*, во која се разгледува денешниот статус, потекло и дистрибуција на таа фонема, инаку карактеристична за повеќето балкански словенски и несловенски системи.

Во морфолошкиот дел по тежина и по обем се издвојува расправата посветена на заменските форми во македонските дијалекти. Со оглед на огромната диференцијација, како и на честата граматикализација на кратките заменски форми во служба на категориите падеж, определеност и дијатеза, оваа расправа претставува незаменлив водич за секој што се занимава со мрежата граматички односи во македонската дијалектна проста реченица. Инаку, и другите трудови во овој дел имаат за цел да се претстави мрежата аломорфи во рамките на основните номинални и вербални флексивни категории. Како посебно значајна би сакала уште да ја издвојам студијата посветена на моделите на македонските имперфективни глаголи. Имено, таа ни наложува да ја отфрлиме широкоприфатената теза дека т.н. балкански развиток води кон упростување на номиналната и збогатување на вербалната морфологија. Всушност, како што тоа убаво го покажува трудот на Видоески, и во двете области се работи за збогатување на функционалната мрежа и упростување на нејзините формални показатели, што е инаку карактеристично за развитокот во услови на конвергенција на повеќе различни системи. Постапката во текстовите од вториот дел е слична како и во првиот: претставување на денешната диференцијација, па реконструкција на патиштата кои довеле до таа диференцијација.

Завршувајќи го овој краток вовед, сакам да го истакнам големото значење на претставените трудови не само за македонистиката и за славистиката туку и за лингвистичката теорија воопшто. Имено, македонското говорно подрачје е редок пример во денешна Европа на вековен неконтролиран развиток на еден дијасистем во мултилингвална средина. Како таков тој ни ги открива многуте скриени механизми на јазичната еволуција, меѓу другото и механизмите на постојана интерференција меѓу гласовното и граматичкото ниво на јазичната структура. И токму таа проблематика Видоески мајсторски ни ја покажува.

Зузана Тополињска

Монографиите собрани во овој том се темелат, главно, врз материјалите објавени во првите два тома од ова издание, а тоа значи, во голема мера, врз сопствените теренски записи на Видоески. Кон некои посложени синтези (на пр. на вокалните или на акцентските системи на македонските дијалекти) тој се враќаше неколку пати во текот на својот работен век. Во такви случаи ја објавуваме последната, најзрела синтеза. Во еден случај (во однос на акцентските системи) најдоцнежната, а – за жал – недовршена синтеза ја дополнивме со фрагменти од постарите текстови.

За полесна ориентација на читателите ја препечатуваме, со мали измени, синтетската карта на македонските дијалекти објавена во претходните томови од ова издание. Измените имаат за цел да им се олесни на читателите локализацијата на населените места и топографските објекти за кои станува збор во текстот. Го препечатуваме, исто така, и прегледот на знаците употребени при транскрипцијата на дијалектниот материјал.

Постапката околу уредувањето на текстот е иста како и во претходните томови, т.е.:

1. Дијалектните карти се приложени на крајот на соодветната глава.
2. Фуснотите дадени со ѕвездичка (*) потекнуваат од Редакцијата.


Југославија
Бугарија
Албанија
Грција
3.
3.
2.
1.
Крива Паланка
Кумaново
Кратово
Крива р.
Злетово
Тетово
Скопје
Пчиња
Св.Николе
Треска
Кочани
Делчево
Благоевград
(Г.Џумаја)
Разлог
Банско
2.3.
Пехчево
Берово
Гоце Делчев
(Неврокоп)
Места
Сандански
(Св.Врач)
Мелник
Петрич
Струмица
Штип
Радовиш
Брегалница
2.1.
Струмица
1.2.1.
Гостивар
Велес
1.2.5.
Радика
1.2.1.
1.2.4.
Дебар
Неготино
Брод
Кичево
Кавадарци
Црни Дрим
1.2.
1.1.
Прилеп
9.2.2.
Вардар
Валовиште
1.2.2.
Црна Река
Дојран
2.4.2.
Драма
Гевгелија
Серез
Струма
Струга
Охрид
1.2.3.
Ресен
Битола
Кукуш
Гуменце
2.4.
1.2.1.
Голик
2.4.2.
Сухо
Лагадина
Острово
Воден
Ениџе-Вардар
Лерин
Солун
Негуш
2.4.1.
Корча
2.5.
2.5.1.
Бер
Костур
Кајлар
2.5.2
2.4.1.
2.5.3.
Бистрица
Бистрица
ДРЖАВНА ГРАНИЦА

Фонетска транскрипција

Вокали

и *ӥ* *у*
ẹ *ọ*
е *ӑ* *о*
ε *ạ* *ɔ*
ä *å*
а

Консонанти

п	*б*					*φ*	*w*	*м*			
				ф	*в*						
				θ	*ð*						
т	*д*	*ц*	*ѕ*	*с*	*з*			*н*	*л*		
		ч	*џ*	*ш*	*ж*					*р*	
		ќ	*ѓ*					*њ*	*љ*		*ј*
к	*г*			*х*	*γ*						
					h						

Функции на дијакритичките знаци:

- назалност: *ę, ą*
- неслоговност: *i̯, ў*
- слоговност: *р̥, л̥*
- должина: *а:*, *е:*, *и:*, *о:*, *у:*
- лабијализација: *å*
- поместена артикулација кон напред: *ä*
- поместена артикулација кон горе: *ạ, ẹ, ọ*
- полузвучност: *б̭, д̭, г̭, з̭, ж̭, в̭*
- палаталност: *т*´, *д*´
- палатализираност: *б*’, *п*’, *л*’
- ослабена артикулација: *с*^{ă}*рце*, *ле*^{j}*а*, *зме*^{х}
- акцент: *в'икам, уфч'ар, вик'аше, вод'еница*
- спореден акцент: *в'ечерн͵ица, з'адушн͵ици, с'еверн͵ица*

ЛЕГЕНДА КОН КАРТАТА

1. *Западномакедонско наречје:*
   - 1.1. Централни говори;
   - 1.2. Западни периферни говори;
     - 1.2.1. Горнополошки, дебарски, струшки, охридски и преспански говори;
     - 1.2.2. Дримколско-голобрдски говор;
     - 1.2.3. Вевчанско-радошки говор;
     - 1.2.4. Малорекански (галички) говор;
     - 1.2.5. Рекански (жировнички) говор;

2. *Југоисточно наречје:*
   - 2.1. Штипско-струмички говори;
   - 2.2. Тиквешко-мариовски говори;
   - 2.3. Малешевско-пирински говори;
   - 2.4. Јужни говори;
     - 2.4.1. Солунско-воденски (долновардарски) говори;
     - 2.4.2. Серско-лагадински говори;
   - 2.5. Костурско-корчански говори;
     - 2.5.1. Корчански говор;
     - 2.5.2. Костурски говор;
     - 2.5.3. Нестрамско-костенариски говор;

3. *Северни говори*

1. ФОНОЛОГИЈА

1.1. ВОКАЛНИТЕ СИСТЕМИ ВО МАКЕДОНСКИОТ ДИЈАЛЕКТЕН ЈАЗИК ОД СЛАВИСТИЧКИ И ОД БАЛКАНОЛОШКИ АСПЕКТ

Целта на овој текст е да се направи обид за еден типолошки пресек на вокалните системи во македонските дијалекти како на синхрониски, така и на дијахрониски план, а врз фонот на еден поширок јужнословенски јазичен ареал и со осврт на дијалектите на несловенските балкански јазици што непосредно граничат со словенските дијалекти. Од словенските ги земам под внимание покрај македонските српските и бугарските дијалекти.

1. На територијата на македонскиот јазик ги наоѓаме следните вокални фонеми:

и	*ӥ/ы*	*у*		
е	*ă*	*о*		
ӓ	*а̣*	*а̊*	+	*р̥, (л̥)*
	а			

Горните фонеми функционираат во следните системи:

1.1.	*и*		*у*		
	е		*о*	+	*р̥*
		а			

Овој систем превладува во повеќето централни говори (прилепскиот, битолскиот со демирхисарскиот, кичевскиот, поречкиот и во дел од велешкото и скопското говорно подрачје) и во малореканскиот од дебарската група (Видоески, 1978, 1983).

Силабемата /р̥/ со статус на фонема ја определуваме по дистрибуциониот критериум, бидејќи може да се јави и во непосредно соседство со вокал, сп. *п̄р̥ут̄ / п̄р̥от̄* (*п̄р̥хут̄*), *вр̥от̄* (*вр̥в*), *вр̥ови / вр̥ој, зар̥г̄́а, п̄рер̥т̄и*. Во малореканскиот и /л/ врши слоготворна функција, но таму немаме примери за него во вокално опкружување, сп. *вл̥к, дл̥г̄о*.

1.2.	а)	*и*		*у*	б)	*и*		*у*		
			ă				*ă*			
		е		*о*		*е*		*о*	+	*р̥*
			а				*а*			

Системот под а) функционира на поширок ареал во Македонија: во јужните говори на правецот Костур – Кајлар – Воден – Солун – Серез – Драма, во сите источни македонски говори, а во западна Македонија во гостиварскиот, дебарскиот, охридско-преспанските и говорот на Гора (Призренско) на српска територија (Видоески, 1978).

Системот под б) (со вокално *р̥*) е ограничен во северните македонски говори (тетовскиот, скопско-црногорскиот, кумановско-кратовските). И во овие говори /*р̥*/ може да стои во соседство со вокал, сп. *п̄р̥от̄* (*п̄р̥хот̄*), *вр̥* – *вр̥ӑт̄* (членувана форма од *вр̥* < *вр̥х*), *в'р̥ӑл* (*вр̥шил*) (Куманово, Видоески, 1978).

1.3. Системот

и *у*
е *а̣* *о*
а

е ограничен на мал простор во Костурско на правецот Костурско Езеро – албанска граница во областа на сливот на реката Белица.

1.4. Седумчлениот вокален систем од типот

и *у*
е *о*
а̣ *а̊*
а

карактеристичен е за говорот на исламизираното македонско население во областа Река (Дебарско) – рекански или жировнички говор и во неколку села во Скопско (Држилово, Пагаруша и др.) и во Велешко (Мелница, Г. Врановци) населени со преселници од реканските муслимански села. Порано овој говор зафаќал поширок ареал подлабоко на територијата на денешна Албанија.

1.5. Системот

и *у*
ӑ
е *о*
ӓ *а*

на македонскиот јазичен ареал се јавува во три говорни индивидуалности – во сушко-височкиот говор што го репрезентираат пет села во областа Богданско (источно од Солун), во разлошкиот и во гоцеделчевскиот (неврокопскиот) говор во Пиринска Македонија (Видоески, 1978, 1987; Мирчевъ, 1936).

1.6. Системот

и		*у*
е		*о*
ӓ		*а̊*
	а	

ограничен е на две говорни оази – во радошко-вевчанскиот говор во Струшко, што го репрезентираат четири села, и говорот на неколку села во областа Костенарија на јужната периферија на костурското говорно подрачје (Видоески, 1978, 1983).

1.7. Во говорот на две словенски оази во Корчанско (јужна Албанија) – Бобоштица и Дреновени функционира систем со следните осум фонеми:

и	*ӥ*	*у*
	ӑ	
е		*о*
ӓ		
	а	

во кој /*ӥ*/ и /*ӑ*/ се јавуваат, главно, во туѓи лексеми (Mazon, 1936; Видоески, 1983).

1.8. Во неколку дијалектни пунктови на македонско-албанското пограничје функционира и фонемата /*а̊*/ во системот:

и	*у*
е	*о*
а	*а̊*

– во дримколско-голобрдскиот говор на македонско-албанското пограничје меѓу Дебар и Струга, во девет села (Љубојно, Герман и др.) на југоисточната страна на Преспанското Езеро и во нестрамскиот говор во Костурско (Видоески, 1978, 1983, 1989).

1.9. Во неколку села во Гоцеделчевско (Годешево, Сланштен), во Драмско (Калапот) и во областа Чеч (Дебрен, Ракитеш и др.) констатиран е вокалот /*ы*/ во некои пунктови како одделна фонема (Калапот), негде како алофон на /*и*/. Ако го цениме вокалот /*ы*/ како фонема, тогаш вокалниот систем во целина на калопотскиот говор ни се предлага во следниот вид (во акцентирана позиција) (Иванов, 1966, 1977 : 82).

и *ы* *у*
ă
е *о*
а

2. Во сите приведени системи основната база ја сочинуваат фонемите /*и, е, а, о, у*/. Тие можат да се јавуваат во сите фонетски и морфолошки позиции на зборoформите, значи – во сите видови морфеми, вклучувајќи ги и граматичките, во соседство со сите согласки, независно од акцентската позиција, и можат да образуваат групи секоја од нив со сите. Тој е класичен вокален систем, кој е карактеристичен и за стандардниот македонски јазик.

Фонемите /*ы, ă, ä, å, ạ*/ во однос на класичниот систем покажуваат извесни ограничувања како во поглед на дистрибуцијата во зборoформите, некои и во морфемите, така и во однос на акцентското место, а некои се зависни уште и од согласничкото соседство и од видот на слогот што следи. Сите тие не се јавуваат заедно ниту во еден дијалектен систем. Повеќето од нив не се среќаваат во групи со други вокали, ниту пак се удвојуваат (со исклучок на *ă* во северните говори). Во многу случаи сето тоа зависи и од нивното потекло.

2.1. Фонемата /*ü*/ географски е најограничена, се јавува само во говорот на споменатите корчански села (Бобоштица и Дреновени), каде што живее во јазичен поглед мешана популација – Македонци, Албанци, Власи (Аромани) и каде што е албанскиот јазик со престиж како службен стандард, и во говорот на Ораховац на Косово. Веќе спомнавме дека оваа фонема има маргинална функција во системот (Видоески, 1981 : 753; Ивић, Реметић, 1981 : 579).

2.2. Фонемата /*ы*/ е констатирана во неколку села во Гоцеделчевско (Годешево, Сланштен, Иванов, 1966 : 503), во Драмско (с. Калапот) и во повеќе села во областа Чеч (Дебрен, Ракитен и др., Иванов, 1977 : 53). Поширена е во бугарските дијалекти, негде како одделна фонема, во други говори како алофон на /*и*/ зад тврда согласка – во смолјанскиот, шуменскиот и во некои локални говори во Тракија (Ксантиско, Крџалиско, Стойков, 1968 : 134; Тилков, 1962 : 237). Во некои говори се јавува напоредно со /*и*/, во други напоредно со /*ă*/, сп. *рыба, сын, сыт,* и *жыту, чысту,* но и *пътъ, съйкъ* (последниве примери како во Висока и Зарово во Солунско; Бояджиев, 1991 : 104).

2.3. Фонемата /*ă*/ зафаќа поголеми ареали на македонската јазична територија – на сета јужна периферија на правецот Костур – Кајлар – Воден – Солун – Серез – Драма, во сите источни македонски говори, потоа во северните на сето македонско-српско пограничје, и во западна Македонија во Гостиварско, Дебарско, Охридско и Преспанско (Видоески, 1978). На фонолошки план образува корелација со фонемата /*а*/ како нејзин висок корелат. Се јавува по правило во шесточлениот вокален систем (**1.2.**), но и во системите под бр. **1.5.** (сушковисочкиот) и **1.7.** (бобоштенскиот) заедно со фонемата /*ä*/.

Во бугарскиот дијасистем таа се јавува, како што е познато, скоро на сета територија, а се среќава и на широк ареал на српското јазично подрачје на правецот Призрен – Врање – Ниш – Заечар до Дунав. Во сите тие говори функционира во системот под **1.2.**, освен во ораховачкиот говор (Метохија), каде што се јавува и во посложен систем (во акцентирана позиција):

и	*ӥ*	*у*
е	*ă*	*о*
ε	*а*	*ɔ*

одн. (во неакцентирана):

и	*ӥ*	*у*
	ă	
ε	*а*	*ɔ*

(Ивић, Реметић, 1981 : 579), и во некои бугарски дијалекти, на пр. во хвојненскиот и златогорскиот во Родопите, во кои фигурира и фонемата /*ä*/, како во сушко-височкиот (**1.5.**) (Стойков, 1968 : 92, 96).

Во поглед на дистрибуцијата /*ă*/ се однесува различно по говорите зависно од нејзиното потекло. Во говорите каде што ги континуира старите редуцирани вокали *ь̥, *ъ̥ – во северните македонски говори и во граничните српски дијалекти, или само *ъ̥ – во серско-драмските, гоцеделчевскиот и во повеќето бугарски дијалекти, /*ă*/ може да се јави во сите фонетски и морфолошки позиции во неколку алофони, а може да се јави и во групи со други вокали, сп. *дăш – дăждăт, мă* (**тъхъ*), член. *м'ăăт, вр̥ – вр̥ăт, ме* (*мех*) – *м'еăт, сн'ăа – сн'ăе* / *сн'ăи* и др.

Во говорите каде што е добиено од носовката *ǫ и од вокалната компонента на сонантските секвенци *ръ-рь* и *лъ-ль* – во западните и во јужните периферни македонски говори, или само од *лъ-ль* – во штипско-струмичките, малешевско-пиринските и тиквешко-мариовските говори, по правило /*ă*/ се јавува само во коренски морфеми и не се среќава во групи со други вокали.

Од општословенски аспект гледано, фонемата /*ă*/ се јавува во системи на јужната периферија на словенскиот свет и, главно, на пограничјето со другите балкански несловенски системи што имаат фонема /*ă*/ (ароманските, албанскиот, грчки дијалекти, турскиот). Овие системи можеле да дејствуваат како во зачувувањето на еровиот изговор на старите *ь̥, *ъ̥, така и во појавата на ново /*ă*/ во говорите каде што еровите веќе биле дефонологизирани, главно, на македонскиот јазичен ареал.

2.4. Фонемата /*ạ*/ во костурско-беличкиот систем (**1.3.**) е континуант на носовката *ǫ и вокалот од сонантските секвенци *ръ-рь* и *лъ-ль,* сп. *р'ạка, п'ạрсти, в'ạлна,* има ограничена дистрибуција – се јавува само во коренски морфеми независно од акцентската позиција. На развоен план претставува преодна фаза меѓу рефлексот /*а*/, одн. /*ан-ам*/ и /*ар, ал*/ во корчанскиот македонски говор, со кој беличкиот граничи на запад, и рефлексот /ă/, одн. /ăн-ăм, ăр, ăл/ во костурскиот.

Вакква вредност за *ǫ и за вокалите во споменатите сонантски групи познава на македонскиот терен уште реканскиот говор (**1.4.**), но таму со уште потесна дистрибуција, бидејќи се реализира во неакцентирана позиција, а во акцентирана само кога акцентот паѓа на антипенултима, сп. *к'ạп̄ина, п̄'ạт̄ишча, т̄'ạп̄ани, в'ạрбет̄е, м'ạлѕница, м'ạлѕиме, в'ạлнат̄а*, и: *кạп̄'инат̄а, п̄ạт̄'ишчат̄а, т̄ạп̄'анит̄е, мạлѕн'ицет̄е*, во синтагматски споеви: *н'а-рạка, п̄'од-вạрба, н'а-п̄ạт̄* (: *п̄åт̄ – п̄'åт̄от̄, т̄'åп̄ан, т̄åрн, в'åрба, вåлк, в'åлна* – во едносложни и двосложни зборо-форми кои се секогаш ацентирани (в. **1.4.**). Бидејќи се работи и овде за ново по потекло /ạ/ и од истите стари вокали, и во овој говор се јавува само во коренски морфеми.

2.5. Фонемата /ä/ се јавува како преден корелат со фонемата /a/ во корчанскиот (**1.7.**), разлошкиот, сушко-височкиот, гоцеделчевскиот (**1.5.**) и со /å/ во радошко-вевчанскиот (**1.6.**), а надвор од Македонија во неколку пунктови во Црна Гора (Горана, Његуши, Анцелат, Петровиħ, Ђупиħ, 1981 : 529; Ивиħ, Петровиħ, 1981 : 537; Петровиħ, 1981 : 552), а на бугарското јазично подрачје во смољанскиот, велинскиот, костандовскиот говор во Родопите (Стойков, 1968 : 89, 93, 132). Дистрибуцијата на /ä/ зависи, како и на /ă/, од нејзиното историско потекло.

Во корчанскиот (бобоштенскиот), сушко-височкиот, разлошкиот и гоцеделчевскиот се чува старата вредност на *ě. Во сите тие говори /ä/ се реализира само во акцентирана позиција, додека во неакцентирана се неутрализира со вокалот /e/ во корчанскиот, разлошкиот, гоцеделчевскиот, и со неакцентираното /a/ во сушко-височкиот, сп. *бр''äк – бр'ăг̄'о(т̄), р''äкă – р'ăк'ат̄ă* (Сухо, Висока), *бр'äк – брег̄'о, р'äка – рек'ат̄а* (Разлог), *брʲäк – брʲäг̄о, рʲäка*, но *брег̄'ови, рек'ат̄а* (Бобоштица). Од примериве се гледа дека во сушко-височкиот рефлексот на *ě ја палатализира претходната согласка, во разлошкиот тој не влијае врз бојата на претходната согласка, а во бобоштенскиот се реализира како дифтонг /ʲä/.

Во врска со дистрибуцијата на стариот јат во крајните југоисточни говори има уште едно ограничување – видот на следната согласка и видот на следниот слог (дали е тој мек или тврд). Во гоцеделчевскиот и во некои северни драмски села фонемата /ä/ се реализира во акцентиран слог и ако следи мека согласка и/или слог со преден вокал, додека кога е следната согласка тврда и/или тврд слог /ä/ се неутрализира со /a/ кое ја палатализира претходната согласка, сп. *б'äли* : *б'ал, б''алạ, б''алọ, м''äсец, см''äшно, р''äка* : *р''äки*, но *рек'ăт̄а* (Иванов, 1977 : 75; Мирчевъ, 1936 : 22).

Стариот јат (*ä*) се чува во повеќе пунктови и во родопските и во тракиските бугарски дијалекти, некаде во сите фонетски и морфолошки позиции, сп. *сн'äк – снạг̄'åт̄, г̄ул''äм – г̄ул''äма – г̄ул''äми* во смољанскиот, хвојненскиот, широколашкиот, во некои говори само во акцентирани слогови независно од видот на следниот слог и консонант, сп. *б'äл, б'äла, б'äли, д'äду, д'äт̄е*, но *дец'а* во бабјашкиот и велинградскиот, костандовскиот, ракитовскиот во Чепинско, а негде со оние ограничувања како во гоцеделчевскиот, сп. *б'äли, вр'äме, д'äт̄е* (под акцент и пред мек слог), *бал'äшка* (пред мека согласка), но *в''ара, б''ало* (пред тврд слог и тврда согласка), и *дец'а, млек'ото* (во неакцентиран слог во златоградскиот и во говорите во Ксантиско (Стойков, 1968 : 132–134) и Димотичко во Тракија (Бояджиев, 1991 : 103, 119).

Како што се гледа од претходното излагање, старата вредност на јат, или поточно стариот /*ä*/ се задржал во архаичните словенски говори на јазичното пограничје со несловенските јазици во одделни говорни оази и со различна дистрибуција.

Во еден број дијалектни пунктови, каде што се загубило старото /*ä*/, се јавило ново /*ä*/. На македонскиот дијасистем такво е по потекло /*ä*/ во радошко-вевчанскиот (**1.6.**), добиено како рефлекс на носовката **ǫ* и вокалот во старите сонантските секвенци *ръ-рь* и *лъ-ль* зад нелабијални согласки и во акцентирана позиција, во еден број случаи и од /*a*/ во соседство на назална согласка како и со контракција на групата /*ae*/, сп. *гнäс, дäп – дäбот, з'äби, ј'äже, к'äсај, р'äка, с'äдој* (од **ǫ*), *д'äрво, г'äрло, з'äрно, с'äрце, г'äлтат, с'äнце, знäјт* (*знает*), *зäк* (*заек*). Зад лабијалните согласки се неутрализира со фонемата /*å*/: *пåт, мåмит, в'åрба, в'åлна* (в. **2.6.**).

Во костенарискиот говор во Костурско /*ä*/ се добило од вокалот во старите секвенци *ръ-рь*, сп. *з'äрно, п'äрсти, с'äрце.* И во тој говор корелира со фонемата /*å*/ (Видоески, 1989).

Во другите јужнословенски системи /*ä*/ е констатирано во неколку пунктови во Црна Гора – во говорот на Горана, Режевиќи, Његуши, Анџелат (Петровић, 1981 : 528, 553; Петровић, Ђупић, 1981 : 529; Ивић, Петровић, 1981 : 537) и во говорот на Ораховац во Метохија (Ивић, Реметић, 1981 : 579). Во сите тие говори /*ä*/ е добиено како рефлекс на /*ă*/* (место старите **ъ̥*, **ь̥*), сп. *дäш, лäн, данäс* (Горана), во некои пунктови и со контракција на /*ae, ăo*/, сп. *зäдно* (*заедно*), *котä* (*котăо*), *дошä* (*дошăо*) (Анџелат). Во мрковиќкиот говор /*ä*/ корелира со /*a*/ во шесточлен систем од типот на основниот бобоштенски (**1.5.**), а во другите пунктови корелира со /*å*/ независно од акцентската позиција во следните системи:

а)	*и*		*у*	одн.	*и:*	*у:*
	е		*о*		*е:*	*о:*
	ä		*å*		*ä:*	*å:*
б)	*и*		*у*			
	е		*о*			
	ä		*å*			
		а				

под а) во акцентирани слогови, под б) во неакцентирани. Нешто посложен систем има ораховачкиот говор, сп.

---

* Во дијалектниот материјал цитиран според други автори знакот *ə* е заменет со *ă*.

и	*й*	*у*
е	*ă*	*о*
ä		*å*
	а	

Ново /*ä*/ познаваат и бугарските говори во Тетевенско и во две села во Помориско (Козичино, порано Еркеч) и во Варненско (Голица). И во двата говора /*ä*/ е рефлекс на **ǫ* и на двата ера (**ъ, *ь*), во некои тетевенски села и на вокалот во старите сонантските групи *ръ-рь* и *лъ-ль* (Старо Село), и се реализира само под акцент, сп. *д'äп, г'äба, к'äшта, р'äка,* во општата форма *глав'ä, офц'ä* (од **ǫ*), *б'äчва, д'äш, с'äн, заб'ä, нус'ä* (*забот, носот*) (место *ъ), *п'äн, п'äс, л'äскаф, кр'äс, в'äлна, г'äлтам,* но *зăб'и* (: *зап*), *дăжд'ец, вăрб'а* (во неакцентирана позиција) – во тетевенскиот, а во говорот на Козичино (еркечкиот) /*ä:*/ е секогаш долго: *зä:п, дä:п, мä:ш* (< **ǫ*), *дä:ш, сä:н* (< **ъ̥*), и [*ạ*] во неакцентирани слогови: *дăб'ä:* (*дабот*), *мăж'ä:, сăн'ä:* (Стойков, 1968 : 78, 79).

И да сумираме: Новото /*ä*/ се јавило во говори каде што старото се загубило и во сите говори се јавува како рефлекс на носовката **ǫ,* во некои и место вокалите во старите сонантските групи *ръ-рь* и *лъ-ль* (во радошко-вевчанскиот и во некои тетевенски села) и еровите (во тетевенскиот и еркечкиот), а во споменатите црногорски пунктови како рефлекс на *ă* (< **ъ, *ь*). Новото /*ä*/, како што веќе спомнавме, има ограничена дистрибуција.

2.6. Фонемата /*å*/ на јужнословенскиот терен е нова по потекло. На македонскиот терен е позната во следните пет говорни индивидуалности на македонско-албанското јазично пограничје – во жировничкиот говор во средниот тек на Радика и во муслиманските оази во Скопско и Велешко, во дримколско-голобрдскиот во кој спаѓа и говорот на муслиманската популација во струшките села Лабуништа, Подгорци и Октиси, во радошко-вевчанскиот во Струшко, во југозападна Македонија – во љубојнско-германскиот во Долна Преспа и во Костурско во областа Костенарија и во гратчето Нестрам.

Во дримколско-голобрдскиот /*å*/ корелира со фонемата /*а*/ по признакот лабијалност во системот **1.8.**, а историски е добиена како рефлекс на **ǫ,* секундарниот $ъ_2$ и вокалната компонента од старите секвенци *ръ-рь* и *лъ-ль,* сп. *гråди, råка, пåт – пåтшича, н'а-пåт, мåска, мåгла, тåшча, снåга, вåрба, сåрце – сåрцето, вåлк – вåлци – вåлците, сåлѕа.*

Во тој систем функционира и во љубојнско-германскиот говор во Долна Преспа, но во него место секвенците *ръ-рь* имаме вокално *р̥,* така што /*å*/ се јавува само како рефлекс на **ǫ* и на вокалот во старите *лъ-ль,* сп. *зåп – зåби – зåбите, п'о-зåби, råка – råцете, н'а-råка, в'åлна, в'åлнено – вåлн'енотo, п'åлно, м'åлѕи,* или со редуцирано *л* : *д'åго, ж'åто, с'åза,* но *вр̥ни, гр̥не, др̥во, ср̥п.*

Идентичен развој со љубојнско-германскиот фонемата /*å*/ имала и во нестрамскиот говор, сп. *р'åка – р'åката,* со запазен назализам: *зåп – з'åмби, гр'åнди, п'åндар, пåндарн'ица, вåлк – в'åлци – в'åлците, с'åлѕа, ж'åлто, жåлт'ило* (: *в'р̥ба, з'р̥но, ср̥п,* во фонетска реализација *зᵊр̥но, сᵊр̥п*).

Во радошко-вевчанскиот /а̊/ функционира во системот **1.6.** како заден и лабијален корелат со /ӓ/. Историски е континуант на *ǫ, секундарно назализираното /а/ и вокалот од секвенците *ръ-рь* и *лъ-ль,* а се реализира зад лабијална согласка, сп. *ма̊ка, па̊т – па̊тишта, ва̊лк – ва̊лци, ва̊лна, ма̊лѕит, па̊лно, ба̊рзо, ва̊рба, фа̊рл’ат, па̊рсти, ма̊ска, ма̊гла, ма̊мит* (: *зӓп – зӓби, сӓлѕа, гӓрне*).

Во таков систем /а̊/ се јавува и во костенарискиот говор во Костурско, само што таму е добиено како рефлекс на *ǫ и вокалната компонента на старите *лъ-ль* во сите фонетски позиции, сп. *в'а̊глен, да̊п – д'а̊бја, ма̊ш – м'а̊жи, р'а̊ка, в'а̊лна, г'а̊лта, с'а̊лѕа* (: *пӓрсти, сӓрце*) (Видоески, 1989).

Вореканскиот (жировничкиот) говор, вклучувајќи ги тука и говорите на скопските и велешките муслиманско-торбешки оази, /а̊/ фонолошки се реализира само во еднословни и двосложни зборoформи, кои се секогаш акцентирани, додека во сите други фонетски и морфолошки позиции како рефлекс за носовката *ǫ и вокалот од сонантските секвенци има рефлекс /а̣/, сп. *за̊п – за̊бот – за̊би* : *з'а̣бите, п'о-за̣би, па̊т – па̊тот* : *п'а̣тишча, н'а-па̣т, зна̊м – зн'а̣еме, ва̊лк – ва̊лци* : *в'а̣лците, ва̊лна* : *в'а̣лната, в'а̣лнено, па̊рст – па̊рстот – па̊рсти* : *п'а̣рстите, н'а-па̣рсти.*

На штокавскиот терен фонемата /а̊/ ја познаваат, видовме, говорите во Негуши, Режевиќи и Горана во Црна Гора, каде што е историски добиена од долго /ӑ:/ и со контракција на групата /ao/, сп. *да̊:* (*дао*), *крепа̊:* (*крепао*) (Петровић, 1981 : 528; Петровић, Ћупић, 1981 : 529; Ивић, Петровић, 1981 : 537).

На бугарската јазична територија неа ја познаваат смолјанскиот и велинградскиот со костандовскиот и ракитовскиот подговор. Во тие говори е добиена како континуант на двете носовки (*ǫ, *ę), двата ера (*ъ̥,*ь̥) и вокалот од сонантските секвенци *ръ-рь* и *лъ-ль* во акцентирана позиција, со таа разлика што како рефлекс на предните *ь̥ и *ę ја палатализира претходната согласка, сп. *да̊ш – да̣жд'а̊т, за̊п – за̣б'а̊с, р'а̊ка̣ – ра̣к'а̊са̣, ка̊рф, да̊рво̣, б'а̊л’хи, ва̊л’к,* и *т''а̊мно̣, л''а̊сну, м''а̊со̣, кл''а̊тва̣* (Стойков, 1968 : 89, 93). Морфолошки во овие говори, како што покажуваат примериве, не е ограничена. Овие се единствени говори каде што е добиена и од предни вокали. Таа функционира во систем идентичен со радошко-вевчанскиот (**1.6.**), кој исто така се реализира во акцентирана позиција.

2.7. Од приведениве шест вокални фонеми на историски план три од нив /ы, ӑ, ӓ/ се наследени од постарата развојна етапа на македонскиот јазик: /ы/ ја континуира прасловенската самогласка *y и се јавува како реликт во еден пункт на југоисточното јазично пограничје; /ӑ/ ги континуира старите редуцирани вокали *ъ̥ и *ь̥ во северните говори (*дӑш, дӑн*), во југоисточните на правецот Солун – Драма – Гоце Делчев (Неврокоп) го континуира *ъ (*дӑш*), и се јавува како рефлекс на *ǫ на сета јужна и западна периферија, континуирано на пограничјето со грчкиот и ароманскиот (влашкиот) дијалектен јазик, и во одделни зони на запад на пограничјето со албанската јазична територија. Фонемата /ӓ/ со старата гласовна вредност (*в’ӓра*) се зачувала исто така само на јужната периферија во говорот на Бобоштица кој се наоѓа во опкружение со албански и аромански јазичен елемент, во две-три изолирани населби (Сухо, Висока, Илинец, Балевец) во областа Богданско, исто така опкружени со несловенско население, и на крајниот исток во неколку пунктови на пограничјето со архаичните родопски говори на бугарската јазична територија. Географскиот распоред на пунктовите каде што се среќаваат овие фонеми недвосмислено покажува дека за нивната реликтност придонесле балканските несловенски јазици. Фонемите /*ы*/ и /*ä*/ се наоѓаат веќе во фаза на исчезнување, додека фонемата /*ă*/, која ја познаваат и ароманските дијалекти, како и албанскиот и турскиот јазик, има во системот стабилна позиција.

Фонемите /*ạ, å*/ старомакедонскиот не ги познавал. Тие се добиени со рефлексација на носовката **ǫ*, сп. **ржка** > *ạка, рåка,* во некои говори и со рефлексација на вокалните **r̥* и **l̥* (*вạлк, сạрце – вåлк, сåрце*). И овие вокали се јавуваат само во дијалектите на македонско-албанското, одн. македонско-ароманското пограничје. Тие функционираат и во системите на некои албански и аромански дијалекти. На западната јазична периферија во два пункта, видовме, функционира и вокалот /*ä*/ кој е добиен пак како рефлекс на носовката **ǫ* и вокалните **r̥*, **l̥* (*рäка, сäлѕа, сäрце* – во радошко-вевчанскиот) или само како рефлекс на **r̥* (*сäрце* – во костурско-костенарискиот говор).

Фонемата /*ü*/ во бобоштенскиот говор се јавила под влијание на албанскиот.

Сите овие вокали, како што покажавме, се јавуваат и на српско-албанското пограничје, а на бугарската јазична територија исто така претежно на јужната периферија – во Родопите и во Тракија, пак на меѓујазичниот контакт со несловенските балкански јазици.

Балканските несловенски јазици, пред сè ароманскиот и албанскиот, покрај грчкиот и турскиот, одиграле важна улога во формирањето на вокалните системи во македонските дијалекти. Тие дејствувале во два правци: во јужните говори тие повлијаеле да се задржат старите вокали /*ы, ä, ă*/, а во западните македонски дијалекти помогнале да се развијат нови гласови – да се обноват по друг начин вокалите /*ă*/ и /*ä*/ и да се јават сосема нови – /*ạ*/, /*å*/ и /*ü*/.

Крајна тенденција била да се пополнат празните места во корелациите со /*a*/, во едни да се постигне корелација по висина (*а–ă–ы*), во други корелација по лабијалност (*а–å*), и во трети корелација по тембар (*а–ä*), т.е.

ü		*ы*
	ă	
	ạ	
ä	*a*	*å*

1997



Вокалните системи во македонскиот дијалектен јазик

1.2. ФОНЕМАТА */ă/*

1. Покрај вокалите */и, е, а, о, у/*, кои се јавуваат на сета македонска јазична територија, најопширен ареал зафаќа фонемата */ă/*. Неа ја познаваат сите источни македонски говори, сите северни, поголемиот дел од костурско-леринското подрачје, и во Западна Македонија – гостиварскиот (горнополошкиот), дебарскиот, струшкиот, охридскиот и преспанскиот без југоисточните села. Како маргинална фонема со ограничена дистрибуција се среќава уште во велешкиот, во скопскиот градски говор заедно со говорот на Блатијата, како и во говорите по Пелагонија. Со други зборови, */ă/* отсуствува во вокалните системи во дел од западномакедонските **ǫ* > */а/*-говори, во малореканскиот, вевчанско-радошкиот, преспанскиот **ǫ* > */å/*-говор, и на крајниот југозапад во говорот на Костенаријата и во дел од нестрамскиот во Костурско (в. карта 1).

2. Во сите македонски говори што го познаваат вокалот */ă/*, тој се реализира во силна позиција приближно еднакво. Се образува во средниот дел на усната празнина со нешто повисоко издигнување на грбот на јазикот отколку при изговорот на вокалот */а/* и без учество на усните, кои заземаат неутрална положба.

По местото на образувањето вокалот */ă/* е од *заден ред,* по учеството на усните – *нелабијален* (*незаокружен*), по обемот на отворот во усната празнина – *т̄есен*, а по степенот на издигнувањето на јазикот е *среден.*

Според акустичките признаци по однос на */а/* е дифузен, редундантно компактен по однос на */е/* и со средна тоналност.

Во одделни дијалекти, ќе видиме, */ă/* се јавува во повеќе позициони алофони. Освен тоа меѓу дијалектите во врска со фонемата */ă/* се јавуваат разлики во поглед на нејзиното историско потекло, а од тоа зависи во голем степен и нејзината честота и дистрибуција.

3. Во северните говори фонемата */ă/* историски е добиена како регуларен континуант на јаките **ъ̥, *ь̥* : *дăш, сăн, ручăк, – дăн, п̄ăс, 'овăс, т̄'ăмăн,* на секундарниот $ъ_2$: *р'екăл, 'ог̄ăн, в'ет̄ăр*; во неколку лексеми ја наоѓаме место вокалното **l̥* во секвенцата */лă/*: *слăба, слăнце, слăза, длăг̄о, т̄лăче,* потоа во турските лексеми место вокалот *ι*, сп. *кăна, калабалăк.*

Вокалниот систем на северните говори се состои од следниве шест фонеми:

и *у*

е *ă* *о*

а

Освен тоа во овој систем функција на силабема врши и /*р̥*/, сп. *'р̥ш, 'р̥т̄и, в'р̥ – в'р̥ӑт̄ – в'р̥ови.*

По степенот на усниот отвор /*ӑ*/ стои во корелација со вокалот /*а*/ како негов затворен (висок) парник; со вокалот /*е*/ се опонира како негов заден, а со /*о*/ како незаокружен корелат.

Во северните говори /*ӑ*/ се јавува во сите видови лексички морфеми, сп. *бӑчва, вӑшка, дӑн* (во коренска морфема), *'оп̄ӑнӑк, к'онӑц, дӑнӑс* (во суфикси), како и во членската морфема *-ӑт̄* : *к'оњӑт̄, п̄'ет̄ӑлӑт̄,* а по аналогија и во морфемите *-ӑв, -ӑн* : *ч'овекӑв, ч'овекӑн* (во скопско-црногорскиот).

По однос на позицијата во зборформите /*ӑ*/ по правило се јавува во медијална позиција. Во финална позиција и на почетокот се среќава само во случаите каде што дошло до губење на фонемата /*х*/, сп. *ӑлшт̄и, ӑлцна* (< *хл̥-*), *мӑ* (< *мāх*).

Во овие говори /*ӑ*/ многу ретко влегува во група со други вокали. Освен во случаите како *м'еӑт̄, вр'аӑт̄, кож'уӑт̄,* каде што се загубило /*х*/, други примери не се констатирани.

На овој терен фонемата /*ӑ*/ се јавува во два основни алофона – [*ӑ*] во акцентиран слог и [*ạ*] – фон близок до /*а*/, во неакцентиран слог, сп. *дӑн* : *дạн'ӑс, т̄'ӑмạн, л'ӑсạн.*

4. Во горнополошкиот (Видоески, 1981 : 639) и во дел од тетовскиот говор, во дебарскиот, струшкиот, охридскиот, преспанскиот и костурскиот говор фонемата /*ӑ*/ се јавува како континуант на назалот **ǫ* во лексичките морфеми, место секундарниот ъ$_2$ исто така само во коренот, сп. *г̄рӑди, дӑп̄, п̄ӑт̄, рӑка,* – *бӑдник, мӑг̄ла, мӑска,* во секвенците /*ӑр, ӑл*/ како континуант на вокалните **r̥*, **l̥*, сп. *ӑрш, ӑркат̄, вӑрни(т̄), дӑрво, п̄ӑрст̄и,* – *вӑлк, г̄ӑлт̄ка, жӑлт̄о, кӑлк, п̄ӑлно.* Во ред одделни лексеми во лексичките морфеми /*ӑ*/ наоѓаме и место вокалот /*а*/ кога се наоѓа во соседство со сонантите /*м, н, ј*/, сп. *јӑсика, јӑг̄от̄ка, мӑмиш, мӑшчеа, снӑг̄а, знӑет̄* (Струга).

Во охридскиот градски говор и во тетовскиот (Поповски, 1970 : 20), освен во споменативе случаи /*ӑ*/ се добило од /*а*/ во акцентиран неиницијален слог, сп. *маг̄'ӑрет̄о* (: *м'аг̄аре*), *маг̄'ӑрица* (: *маг̄ар'ицат̄а*), *т̄ӑп̄'ӑнит̄е* (: *т̄ӑп̄ан*), и во акцентски целости: *на-м'ӑјка-му, на-м'ӑјка-ми* (: *м'ајка-му*), *ов'ӑ-дет̄е, ст̄ар'ӑ-куќа.*

И овие говори познаваат шесточлен вокален систем во кој фонемата /*ӑ*/ исто така образува корелативни парови со /*а, е, о*/ по признаците затвореност, задност и незаокруженост. Меѓутоа, во овие говори фонемата /*ӑ*/ се јавува само во коренски морфеми (со исклучок на охридскиот и гостиварскиот во случаите каде што се добило /*ӑ*/ од /*а*/ во споменатата позиција), не може да стои во финална позиција, а на почетокот се среќава само во секвенцата /*ӑр*/ : *ӑрш, ӑрг̄́а.* Многу се ретки и вокални секвенци со /*ӑ*/, освен оние на морфемската граница со префикс од типот *заӑрг̄́а, заӑржи, п̄реӑрт̄и.*

Во овие говори необични се вокални групи со /*ӑ*/, ако ги исклучиме случаите каде што оваа фонема води потекло од /*а*/, сп. *знӑет̄, снӑо* покрај *сӑно* (Охрид).

5. На потесното скопско подрачје – во градскиот и блатскиот говор фонемата /*ӑ*/ се јавува во ограничен број примери место носовката **ǫ* во лексемите: *г̄ӑс, г̄ӑзечки, кӑсна,* место вокалот *ı* во турски заемки: *кӑна.* Во другите случаи *ǫ е заменето со /у/ и со /а/, а вокалното *l̥ дало /у/, освен во јужните блатски села каде што има континуант /ăл/, сп. *жăлто, кăлк.*

Фонемата /ă/ во овој говор во споменатите лексеми се јавува во коренска морфема и во медијална позиција.

6. Во источните говори (тиквешко-мариовските, штипско-струмичките и малешевскиот), и во јужниот дел од централниот дијалект на просторот меѓу Битола и Лерин вокалот /ă/ се јавува како континуант на *l̥, сп. *бăа, вăк, вăна, гăта, жăто, кăк, мăзе, пăф, пăно,* во турските лексеми место вокалот *ı* : *ајгăр, кăна, пијалăк,* и во одделни локални говори во неколку лексеми место *ǫ, сп. *гăсто, гăстак, кăдраф, еднăч* (Радовиш). Во пиринските говори (благоевградскиот, санданскиот, петричкиот) освен тоа /ă/ се јавува и како континуант на вокалното *r̥ во секвенцата /рă/: *трăн, срăце* (Стојков, 1968 : 111).

Вокалниот систем во сите овие говори го сочинуваат фонемите /*и – е, ă – а, у – о*/, а во тиквешко-мариовските, штипско-струмичките и малешевските во функција на силабема се јавува и /р̥/: *в'р̥от, в'р̥ови* (Неготино).

Во оваа група говори /ă/ се јавува, како и во костурските, само во коренска морфема, не може да стои во финална и во иницијална позиција. Во група со /р/ во пиринските говори секогаш /ă/ се наоѓа зад сонантот, сп. *крăф, трăн, срăце.*

6.1. Во разлошкиот говор (Алексиевъ, 1931 : 101), каде што се јавува /ă/ исто така како континуант на *l̥, и во секвенцата /рă/ како континуант на *r̥, сп, *вăк, кăк, – крăф, трăн,* има седумчлен вокален систем:

и		*у*
е	*ă*	*о*
ä	*а*	

Меѓутоа, дистрибуционите можности и диференцијалните признаци на /ă/ остануваат исти како во малешевските и во другите пирински говори.

7. Во јужните македонски дијалекти (кајларскиот, воденскиот, мегленскиот, еницевардарскиот, гевгелискиот (Ивановъ, 1932 : 67, 74), дојранскиот, кукушкиот, солунскиот (Oblak, 1896 : 13-15), фреквенцијата на /ă/ е значително поголема во однос на сите други говори, па има и нешто поширока дистрибуција.

Историски во овие говори /ă/ се добило на повеќе начина: како континуант на носовката *ǫ во коренски морфеми, сп. *вăт'ок, гăска, мăка, рăка, пăт, скăп,* на сек. $ъ_2$ во почетните слогови: *мăска, мăгла,* во секвенците /ăл – лă/ и /ăр – рă/ како континуант на вокалните *l̥, *r̥ : *вăлк, вăлна, гăлта, длăго – дăлго, слăза – сăлза, дрăво – дăрво, трăн – тăрн, трăнл'иф, трăска – тăрска*, и место турскиот темен вокал *ı* : *кăшла, кăна.* Освен тоа на овој терен во неакцентирана позиција /ă/ се јавува и место /а/ – со редукција. Неакцентираното /а/ во тие говори во иницијална и во медијална позиција се реализира како [ạ] – среден глас меѓу /ă/ и /а/, или пак се неутрализира со /ă/, сп. *зăп'уле, кăл'еша, мạг'аре* (Тремно – Кајларско), *ạрạм'ија, зạ'ојга, лạп'уј* (Кронцелево – Воденско), *пạз'ар, шạр'ен* (Дојран).

Во ред случаи пред сонантите */р, л, н/* во долновардарските говори вокалот */ă/* се јавува и на местото на */е/* во неакцентирани слогови, најчесто на крајот, сп. *в'ит̄ăл, 'орăл, п̄'ет̄ăл, г̄'абăр, ст̄'ежăр, г̄л'адăн, к'орăн, 'ост̄ăн* (Тремно – Кајларско), *'орăл, в'ечăр, уч'ит̄ăл* (Кронцелево – Воденско). Во дојранскиот говор преминот на */е/* во */ă/* е уште пораспространет, сп. *зăјт̄'ин, мăјл'ем, вудăн'ица* (< *воден'ица*), *г̄увăд'ар, м'ачăнце, п̄ăрж'ива* (< *п̄реж'ива*), *уг̄лăд'ало, крăв'ет̄, д'евăр, к'амăн, п̄'еп̄ăл, п̄'алăц, м'олăц* (Фурка).

На дојранско-гевгелискиот дел од долновардарските говори и во северните кукушки села во бројни случаи вокалот */ă/* го наоѓаме место */о/* исто така во неакцентиран слог во медијална позиција, сп. *в'ујкăфци, т̄'ат̄кăфци, л'ебăве, рăг̄'ове, н'ег̄ăф, с'едлăт̄о, сирăм'ах, д'едă-му* (Фурка).

Поради настанатите измени на отворените вокали во неакцентирана позиција вокалниот систем се јавува во две реализации:

а) под акцент има шест вокали:

и *у*
е *ă* *о*
а

б) во неакцентирна позиција во воденскиот, пазарскиот и во дел од солунскиот, каде што се врши редукција на неакцентираните */е, а, о/* во сите позиции, има три вокала:

и *у*
ă

бидејќи неакцентираното */е/* се неутрализира со */и/*, во одделни случаи, видовме, и со */ă/, /о/* со */у/* и */а/* со */ă/*, сп. *диб'ели, из'ик, п̄'оли* (< *деб'ели, ез'ик, п̄'оле*), – *ул'ову* (< *ол'ово*), *ăрш'ин, в'одă* (< *арш'ин, в'ода*) (Солунско, Oblak, 1896 : 29).

Во споменативе говори фонемата */ă/*, освен во случаите каде што е добиена со редукција на */а/*, не може да стои во финална и во иницијална позиција. Во група со */р/*, како континуант на вокалното **r̥* на почетокот на зборoформите таа секогаш стои зад сонантот, сп. *рăш, рăже, рăжин'ица* (Тремно), *рăш, рăјѓ̄а* (Кронцелево).

8. Во серско-драмските, неврокопскиот и лагадинските (сушко-височкиот) говори фонемата */ă/* исто така како во долновардарските се јавува како континуант на носовката **ǫ* и вокалните **l̥* и **r̥*, сп. *г̄ăска, кăшт̄а, рăка* (Сухо, Висока, Секавец, Плевна), *г̄ăмба, дăмп̄, рăмбиц, сăмбут̄а* – пред лабијален консонант, *вăнѕил, кăнду, лăнк, мăнч* ‘маж’ (Сухо, Висока), *г̄ăрлу, т̄рăн, жăлт̄, вăлна, слăза* (Висока), *г̄ăрло, врăх, блăха, жăлт̄* (Секавец), *сăрп̄, т̄рăн, длăк, вăлк* (Плевна). Во драмскиот и во неврокопскиот **ǫ* е заменето со */ă/* и во зборообразувачките и флексивните морфеми, сп.: *берăт̄, едăт̄.*

Но во овие говори во извесен број лексеми вокалот */ă/* се јавува и место носовката **ę*, сп. *ч’ăс, ж’ăнт̄ўа* (во неврокопскиот, Мирчевъ, 1936 : 12), *з’ăт̄’, з’ă-*

мам, кл’ăт̄ва, м’ăко (Г. Броди, Иванов, 1977 : 65), *м’ăсо, ч’ăду* (Калапот, Иванов, 1977 : 65).

Освен тоа на целото подрачје од Солун до Гоце Делчев фонемата /*ă*/ се добила и како континуант на големиот ер (ъ̥), а во височкиот говор уште и како континуант на стариот **у*. Во драмскиот и во гоцеделчевскиот *ъ̥ дало /*ă*/ во сите позиции, значи во сите видови морфеми, додека во сушко-височкиот и во серскиот само во коренските морфеми, сп. *бăчва, дăш, мăх, сăн* (: *руч'ок, нос'о*) (Секавец), *дăш, сăн, сăхне, вăт̄ăк, п̄'ет̄ăк* (Плевна), *дăш’, сăн’, п̄’’асăк* (во неврокопскиот, Мирчевъ, 1936 : 11), *дăш, дăх, сăн* но *г̄ạрн'ок, в’ạк'от̄* (Висока). Замената на **у* во /*ă*/ извршена е во сите позиции на зборoформите, сп.: *бăл, вăм’а, кăсăлу, п̄лăт̄ку, блăхă* (< **blъху*) (Висока).

Претходниве примери, ако се има уште предвид и редукцијата на неакцентираното /*а*/ во /*ă*/, како и предавањето со /*ă*/ на турскиот темен вокал *ı*, доволно укажуваат за пошироката дистрибуција на фонемата /*ă*/ во македонските југоисточни дијалекти во однос на другите дијалекти што ја познаваат неа.

Но за овој терен карактеристично е и тоа што /*ă*/ се јавува во два основни алофона – [*ă*] во акцентиран слог и [*ạ*] во неакцентиран. Бидејќи овие говори ја познаваат редукцијата на отворените вокали, во неакцентирана позиција се неутрализира изговорот на /*ă*/ и на /*а*/, сп. *дăш* : *дạжд'от̄, рăш* : *рạшт̄'а, р'ăкạ* : *рạк'ат̄ạ* : *удạј'а, к'озạ* : *куз'ат̄ạ* (Висока).

И во разгледуваниве говори фонемата /*ă*/ функционира во систем од шест вокали, освен во сушко-височкиот, гоцеделчевскиот, разлошкиот говор, каде што има седумчлен систем:

и		*у*
е	*ă*	*о*
ä	*а*	

9. Во говорот на селото Бобоштица, Корчанско, /*ă*/ се јавува како маргинална фонема, се среќава само во турски лексеми, сп. *кăсмет̄, фăт̄* (т. *firt*), *'азăр* (т. *hazır*). Од ова произлегува дека во бобоштенскиот таа има многу ограничена дистрибуција. Во овој говор освен тоа вокалот /*ă*/ функционира во посложен вокален систем – од осум фонеми:

и	(*ӥ*)	*у*
е	(*ă*)	*о*
ä	*а*	

Меѓутоа, и овде како во сушко-височкиот /*ă*/ образува корелации со вокалите /*е, о, а*/ по веќе споменатите признаци.

10. Сумирајќи сѐ што е изложено погоре следува следниот заклучок.

– Фонемата /*ă*/ во помала или поголема мера ја познаваат поголем дел од македонските дијалекти.

– Таа функционира најчесто во системи од шест фонеми со исклучок на сушко-височкиот, разлошкиот и гоцеделчевскиот (неврокопскиот), кои ја познаваат уште и фонемата /*ä*/, и во корчанскиот, каде што се јавува /*ă*/ како маргинална фонема.

– Во сите македонски дијалекти што ја познаваат фонемата /*ă*/, таа образува корелативни парови со фонемата /*a*/ – како нејзин затворен (тесен), акустички дифузен парник, со /*o*/ – како незаокружен, нелабијализиран парник, а со /*e*/ образува корелација по признакот задност, како заден корелат.

– Историски фонемата /*ă*/ е добиена:

а) како континуант на силниот *ъ̥ – во сушко-височкиот, серскиот (во коренска морфема), драмско-зилјаховскиот и гоцеделчевскиот (и во коренски и во афиксни морфеми); (карта 1);

б) како континуант на двата ера (*ь̥, *ъ̥) – во северните говори (карта 2);

в) како континуант на носовката *ǫ (заедно со секундарниот ъ$_2$) – во западните (горнополошкиот, дебарскиот, струшкиот, охридскиот, преспанскиот, костурскиот) и во јужните и југоисточните говори (кајларскиот, во дел од леринскиот, воденско-пазарскиот, солунските, гевгелискиот, дојранскиот, кукушкиот – и тоа само во коренските морфеми, а во сушко-височкиот, драмскиот и гоцеделчевскиот – и во афиксните морфеми) (карта 3);

г) во сите македонски говори каде што се рефлектирала носовката *ǫ во /*ă*/ и вокалните *l̥, *r̥ дале двофонемни секвенци со /*ă*/ – /*ăл, ăр*/, негде и /*рă, лă*/ во одредени фонетски позиции. Освен тоа *r̥ дало /*рă*/ во пиринските говори (благоевградскиот, санданскиот, петричкиот и разлошкиот) (карта 4). Вокалното *l̥ дало /*ă*/, како што видовме, во разлошкиот, малешевско-пиринските, штипско-струмичките, тиквешко-мариовските, во источниот дел на велешкиот и леринскиот говор од Скочивирската теснина па сè до јужниот брег на Малото Преспанско Езеро (карта 5);

д) на западната периферија на правецот Гостивар – Дебар – Струга – Охрид – Преспа – Костур, па на југ сè до Грамос во ред лексеми фонемата /*ă*/ се јавува место /*a*/ кога се наоѓа во соседство со назален сонант, а во одделни случаи и зад /*j*/, сп. *знăм, мăштеа – мăшчеа, мăмиш, снăга* (карта 6) и др.;

ѓ) во говорот на лагадинското село Висока /*ă*/ се јавува како регуларен континуант во сите позиции на *у, сп. *сăн, кăтка, рăба* (карта 7);

е) во сите дијалекти што го познаваат вокалот /*ă*/ со него се предава и турскиот темен вокал *ı* (во заемките);

ж) во градскиот охридски говор и во горнополошкиот, вклучувајќи ги тука и јужните тетовски села, /*ă*/ се јавува во алтернација со /*a*/ во акцентиран неиницијален слог, сп. *магăрето* : *м'агаре*;

з) во јужните и во југоисточните дијалекти на правецот Кајлар – Воден – Гевгелија – Дојран – Кукуш – Солун – Серез – Драма – Гоце Делчев /*ă*/ се јавува исто така во алтернација со /*a*/, но овде во неакцентиран слог, а понегде (во долновардарските и во дел од серскиот) алтернира со /*a*/ исто така во неакцентиран слог (карта 8).

11. Фонемата /*ă*/, ако ги исклучиме говорите со редукција на неакцентираните вокали, во повеќето дијалекти се јавува во медијална позиција, многу ретко во почетокот, а до колку се среќава во одделни локални говори, во оваа позиција /*ӑ*/ обично стои во група со сонантите /*л, р*/. Само во крајните југоисточни говори – во гоцеделчевскиот и драмскиот, каде што *ъ̥ и *ǫ се рефлектирале во /*ӑ*/ во сите позиции, и во височкиот каде што и *у дало /*ӑ*/, оваа фонема може да се јави и на крајот на зборoформите, сп. *ж'енӑ* (општа форма) – во гоцеделчевскиот.

12. Многу се ретки и вокални групи со /*ӑ*/. Се јавуваат само во оние случаи каде што се загубила согласката /*х*/ и на тој начин претходниот слог станал отворен, сп. *граӑт* (< *грахӑт*), *меӑт* (< *мехӑт*), *кож'уӑт* (< *кожухӑт*), – во кумановскиот и во другите северни говори (Видоески, 1962 : 75).

Ретки се исто така и секвкенци од две /*ӑ*/. Освен во членската форма на лексемата *мӑ* (< *мӑх*) во кумановскиот, сп. *мӑӑт*, други примери со двојно /*ӑ*/ не се констатирани.

13. По однос на консонантското соседство фонемата /*ӑ*/ е релативно стабилна. Само во драмскиот мрвашки говор и во гоцеделчевскиот зад палатален консонант во членската форма за машки род таа се реализира како нешто напред повлечен фон (Плевна).

14. По однос на акцентот, видовме, фонемата /*ӑ*/ покажува варирање во северните и во југоисточните (сушко-височкиот, серскиот, драмскиот и гоцеделчевскиот) говори.

Во северните неакцентираното /*ӑ*/ се реализира како значително поотворен фон, поблизок до /*а*/ – [*а̣*], сп. *дӑн* : *да̣н'ӑс, сӑн* : *с'ӑна̣т* : *са̣нл'иф, са̣ш'ије* (Куманово), а во јужниот појас неакцентираното /*ӑ*/ се неутрализира со изговорот на неакцентираното /*а*/, сп. *дан'ӑске* : *дӑн, п'ӑкал, п'етал, ж'едан.*

Во два основни алофони /*ӑ*/ се реализира, спомнавме, и во сушко-височкиот и драмскиот говор – [*ӑ*] под акцент и [*а̣*] во неакцентиран слог, сп.: *мӑнч* : *ма̣нж'от, дӑш* : *да̣жд'от – да̣ж'д''и, р'ӑка̣* : *ра̣к'ата̣* (Висока), *дӑш, сӑн* : *кр'ота̣к, са̣б'ира, ка̣д'е* (Плевна), *дӑш', сӑн'* : *п'ета̣к, п'ӑса̣к* (во гоцеделчевскиот, Мирчевъ, 1936 : 11; 33-34).

Мали варирања во артикулацијата меѓу акцентираното и неакцентираното /*ӑ*/ наоѓаме и во другите јужни дијалекти што ја познаваат редукцијата на неакцентираните вокали, меѓутоа, во нив разликите се помалку изразени и тие се од поинаков карактер.

1982


Југославија
Бугарија
Албанија
Грција
Скопје
Крива Паланка
Куманово
Кратово
Злетово
Тетово
Гостивар
Радика
Дебар
Црн Дрим
Кичево
Брод
Прилеп
Струга
Охрид
Ресен
Битола
Велес
Св.Николе
Пчиња
Штип
Брегалница
Кочани
Делчево
Пехчево
Берово
Радовиш
Струмица
Неготино
Кавадарци
Црна Река
Вардар
Гевгелија
Дојран
Кукуш
Гумендже
Благоевград
(Г.Џумаја)
Разлог
Банско
Гоце Делчев
(Неврокоп)
Сандански
(Св.Врач)
Мелник
Петрич
Валовиште
Драма
Сер
Сухо
Лагадина
Солун
Острово
Воден
Енидже-Вардар
Лерин
Негуш
Бер
Кајлар
Костур
Корча
ДРЖАВНА ГРАНИЦА
ЈАЗИЧНА ГРАНИЦА

▤ /ă/


Југославија
Бугарија
Албанија
Грција
Скопје
Крива Паланка
Куманово
Кратово
Злетово
Тетово
Гостивар
Радика
Дебар
Црн Дрим
Кичево
Брод
Прилеп
Струга
Охрид
Ресен
Битола
Велес
Св.Николе
Пчиња
Штип
Брегалница
Кочани
Делчево
Пехчево
Берово
Радовиш
Струмица
Неготино
Кавадарци
Црна Река
Вардар
Гевгелија
Дојран
Кукуш
Гумендже
Благоевград
(Г.Џумаја)
Разлог
Банско
Гоце Делчев
(Неврокоп)
Сандански
(Св.Врач)
Мелник
Петрич
Валовиште
Драма
Сер
Сухо
Лагадина
Солун
Острово
Воден
Енидже-Вардар
Лерин
Негуш
Бер
Кајлар
Костур
Корча
ДРЖАВНА ГРАНИЦА
ЈАЗИЧНА ГРАНИЦА

▥ /ă/ < *ь,*ъ ▦ /ă/ < *ъ



▤ /ă/ < *ǫ



▥ /ă/ во секвенцата /ăр/ < *r̥



▥ /ă/ во секвенцата /лă/ < *l̥ зад дентал

▤ /ă/ во секвенцата /ăл/ < *l̥ ▦ /ă/ < *l̥



▥ /ă/ < /a/ во соседство со сонанти ***н, м, ј***



▦ /ă/ < *y ☰ /ă/ < /a/ во неакцентиран слог



▥ /ă/ < /a/ со редукција во неакцентиран слог

1.3. РЕДУКЦИЈА НА НЕАКЦЕНТИРАНИТЕ ВОКАЛИ ВО ЈУГОЗАПАДНИТЕ ДИЈАЛЕКТИ

1. Редукцијата во јужните македонски дијалекти во помала или поголема мера е засегнувана готово во сите дијалектолошки студии од тоа подрачје. Особено за неа има богат материјал во монографските описи на гевгелискиот, воденскиот, дојранскиот, кукушкиот, солунскиот, сушко-височкиот и серскодрамските говори, каде што е таа и најинтензивна (Ивановъ, 1932 : 55-70; Думевъ, 1943 : 26-34; Пеев, 1979, 1987; Голомб, 1963 : 220; Иванов, 1977 : 95-113; Мирчевъ, 1936 : 39-42). Помалку внимание е обрнато на оваа појава во западниот дел од егејското говорно подрачје. Овде ќе се обидеме да фрлиме еден општ поглед врз редукцијата во кајларскиот, леринскиот и костурските говори.

2. Кога станува збор за редукцијата во македонскиот дијалектен јазик, треба да имаме предвид две појави како основни: а) скратување на времетраењето на артикулацијата на неакцентираните вокали, и б) промена на бојата на вокалите во истата акцентска позиција. Првата има квантитативен карактер и за неа е прифатен терминот *квантитативна* или *количествена* редукција. Неа ја познаваат готово сите македонски дијалекти со слободен акцентски систем, што значи и говорите во Кајларско, Леринско и Костурско.

Количествените промени можат да бидат придружени и со промени во квалитетот на гласовите и тогаш имаме *квалитативна* или *качествена* редукција. (Можеби поадекватен термин за неа би бил квантитативно-квалитативна редукција, бидејќи содржи елементи и од квантитативен и од квалитативен карактер). Овој тип редукција може да биде со различен интензитет и ги опфаќа само ниските (отворените) вокали (*а, е, о*); тие во таквата (ненагласената) позиција ја повишуваат артикулацијата во правец на соодветните повисоки корелати. Целиот систем при таква ситуација се реперкуира на следниот начин:

а) под акцент: б) во неакцентирана позиција:

/*и*/ /*у*/ [*и*] [*у*]

/*ă*/ [*ă*]

/*е*/ /*о*/ [*ẹ*] [*ọ*]

/*а*/ [*ạ*]

Како краен резултат од редукцијата се јавува неутрализација меѓу ниските вокали и нивните високи корелати, што значи дека системот под б) може да се сведе на три основни алофонски вредности:

[*и*] [*у*]

[*ă*]

бидејќи */е/* > [*ẹ*] > [*и*] : *з'елẹн* > *з'елин* ~ *зил'ени*, */о/* > [*ọ*] > [*у*], *'окọ* > *'оку*, */а/* > [*ạ*] > [*ă*] : *рạб'отạ* > *рăб'отạ*.

3. Како причина за редукцијата во литературата се истакнува воздејството на силниот (динамичниот) акцент. Според оваа теорија динамичниот акцент придонесува на акцентираниот слог да се ангажира толку многу издишна енергија што неакцентираните слогови се артикулираат сосема лежерно, поради што доаѓа до скратување на вокалите и до промена на нивниот тембр (Мирчев, 1955 : 130). Тоа значи – според ова мислење – треба да се разликуваат на фонетски план *силни* вокали (под акцент) и *слаби* вокали (во неакцентираните слогови). Оваа констатација најдобро може да се демонстрира на примери од говорите со подвижен акцент, сп. *гр'еда – грид'ата, д'ер’а – дир'еш, м'ори – мур'ету, 'оку – ук'оту* – во сушко-височкиот говор, *б'ајăч – бăј'ачи, 'елин – ил'ени, ч'овẹк – чув'еци* Тремно (Кајларско).

Во некои локални говори во одредени позиции врз квалитетот на редукцијата можат да влијаат и некои други, дополнителни фонетски околности. Така, на пример, во гевгелискиот, дојранскиот и во дел од кукушкиот говор, и во некои локални говори во Серско и Драмско, неакцентираното */е/* во соседство со сонантите */м, н, л, л’, р/* се редуцира во правец на вокалот */ă/* или со него се неутрализира, сп. *ј'арем* > *ј'арăм, к'орен* > *к'орẹн* > *к'орăн, 'орел* > *'орẹл* > *'орăл, прij'ател’* > *прij'атẹл’* > *прij'атăл’, в'ечер* > *в'ечẹр* > *в'ечăр*. Тоа значи дека како фактор што може да ја засили и/или да ја насочи редукцијата може да се јави и консонантското соседство, карактерот на консонантите.

4. Во повеќето македонски дијалекти што ја познаваат редукцијата како жив фонетски процес вокалите во отворена ултима не подлежат на квалитативна редукција, сп. *нив'еста* (< *нев'еста*), *ј'агуда* (< *ј'агода*), *диб'ело* (< *деб'ело*), *з'аẹчко м'есо, уздрạв'ее* (< *оздрав'ее*), Фурка (Дојранско); во некои говори во истата позиција не се редуцира само *-е*, сп. *вр'еме, п'оле, р'ăце, н'осиме*, но: *в'одạ, куб'илạ* (< *кобила*), *куп'иту* (< *коп'ито*), *с'уу* (< *с'уо* < *с'ухо*) Кронцелево, Воденско, *п'оле* : *с'елу* и *б'абạ* – во разлошкиот.

Причините за ваквото ограничување на редукцијата во односнава позиција, без сомнение, се од граматички карактер, зашто во таа позиција вокалите по правило исполнуваат морфолошка функција. Поради тоа Блаже Конески истакнува дека треба покрај фонетски силна и слаба позиција да разликуваме и *морфолошки силна и слаба позиција* (Конески, 1976 : 15-18).

5. Од југозападните говори најинтензивна е редукцијата во кајларскиот говор и во источните лерински села на целиот граничен појас со воденско-мегленското говорно подрачје.

5.1. Во кајларскиот говор на редукција подлежат сите не-високи вокали (*е, о, а*). Тие во почетокот и во средината на зборoформите се изговараат како затворени алофони [*ẹ, ọ, ạ*] или пак се неутрализираат со */и, ă, у/* во корист на последниве. Степенот на редукцијата е посилен во слоговите што се наоѓаат непосредно до акцентираниот слог. Во отворена ултима, пак, каде што споменативе вокали се јавуваат во функција на флексивни морфеми, тие не подлежат на квалитативна редукција. Ова само како општа констатација, а за некои исклучоци ќе кажеме понатаму за секој глас поодделно. Сп.: */е/* > [*ẹ*] > [*и*]: *г̄усẹн'ица, лẹкув'ит̄а в'ода, д'евẹт̄, 'елẹн, вич'ера* (< *веч'ера*), *врит̄'ено, диб'ело, див'ојка, дит̄'енце, жил'езо, нид'ел’а, чир'еша, ч'овик – ч'овикут̄* (< *ч'овекот̄*), *бр'ек – бриг̄'оі̯* (< *брег̄'ови*), *идн'о* (< *едн'о*), но: *вр'еме, с'еме, с'ăрце, г̄р'ее, ј'аде, 'имаме, 'имат̄е, им'але* : *вр'емит̄о, с'емит̄о, с'ăрцит̄о.*

Во западните кајларски села во извесен број лексеми неакцентираното */е/* се неутрализира со вокалот */ă/*. Готово редовно тоа станува пред сонантите */л, р, н/* во завршоците *-ел, -ер, -ен,* сп.: *в'ит̄ăл, к'от̄ăл, 'орăл, п̄'ет̄ăл, – в'ет̄ăр* (: *вит̄'ери*), *г̄'абăр* (: *г̄аб'ери*), *ст̄'ежăр* (: *ст̄иж'ери*), – *г̄л'адăн, г̄н'усăн, 'есăн, к'орăн, 'ост̄ăн* (< *г̄л'аден, 'есен,...*), во ограничен број примери и во завршокот *-ец* : *кл'инăц, м'есăц, т̄'анăц* (< *кл'инец, м'есец*), но и *г̄л'уфиц* (< *г̄л'уфец*), и редовно во клитиките *ме, т̄е, се, не, ве,* негацијата *не* и множинските форми од ‘сум’ – *сме, ст̄е* : *мă-в'ика, т̄ă-ч'еше, сă-см'ее, нă-в'иде, вă-с'ака, нă-муж'ел* (< *не мож'ел*), *смăб'иле, ст̄ă-д'ошле.* Улогата на сонантите во поместувањето на артикулацијата на неакцентираното */е/* во правец на */ă/* е несомнено, и тоа е потврдено и во другите јужни македонски дијалекти. Во клитиките */е/* > [*ă*] за да се избегне омонимијата со дативните облици кај заменките (*ми, т̄и, си, ни, ви*) и со сврзникот *ни.* Редукцијата на */е/* > [*ă*] во суфиксот *-ец* можела да биде поткрепена со аналогија спрема образувањата на *-ел, -ен, -ер.* Колкаво дејство можела да има морфолошката аналогија покажува и фактот што во еден дел од кајларското подрачје каде што е акцентот фонетски фиксиран на пенултима вокалот */е/* во завршоците не се редуцира под влијание на множинските форми, сп. *б'елек – бил'ези, ч'овек – чув'еци, ј'арем – јар'еми, 'елен – ил'ени, 'ечмен – ичм'енја, к'амен – кам'енја, р'емен – рим'енја, д'евер – див'ерја, г̄'ушт̄ер – г̄ушт̄'ери, в'ет̄ер – вит̄'ери, ст̄'ежер – ст̄иж'ери,* па и: *в'енец – в'енци, к'онец – к'онци, м'олец – м'олци.*

5.2. Неакцентираното */о/* се реализира како затворен алофон [*ọ*], но најчесто се неутрализира со неакцентираното [*у*], сп. *в'ол – вул'оі̯* (< *вол'ови*), *ст̄'ол – ст̄ул'оі̯, ч'овек – чọв'еци / чув'еци, ч'орап̄ – чọр'ап̄и / чур'ап̄и, п̄'ојас – п̄уј'аси, б'иул – бив'оли, в'ăт̄ук – вăт̄'оци, р'учук – руч'оци, в'осук – вус'оци, ''извур – изв'ори, бур'ина* (< *бор'ина*), *г̄ув'едо, г̄ул'еми, дуб'ит̄ук, угн'ишт̄е* (< *ог̄н'ишт̄е*), *уп̄'аше* (< *оп̄'аше*), и кај клитиките: *ду-н'ег̄о, ут̄-кр'ава м'есо, уд-идн'о вр'еме* (< *од едн'о вр'еме*) *г̄у-з'ева* (< *г̄о-*). Во отворена ултима, како што спомнавме, неакцентираното */о/* не подлежи на квалитативна редукција, сп. *г̄ув'едо, д'едо, м'есо, с'ело, г̄ул'емо, зил'ено, б'ило, дујд'ено,* но: *г̄ув'едут̄о, м'есут̄о, с'елут̄о, г̄ул'емут̄о, зил'енут̄о.* Исклучок претставува 1 л. едн. на аористот кај глаголите од *о*-раздел и во членската морфема за машки род во селата каде што крајното *-т̄* се испушта, сп. аора *вл'ег̄у, д'ојду, дун'есу, р'еку, исп̄'еку, нап̄'асу,* член: *б'ивулу* (< *б'иволо*), *в'осуку, вудинич'ару, н'ос – н'осу, 'орạч – 'орạчу, зил'енју* (< *зел'енио*), *крăст̄'авју* (< *крăст̄'авио*), покрај *вр'аут̄* (< *вр'аот̄*), *н'осут̄, д'обриут̄* (< *д'обриот̄*) и др. Редукцијата на */о/* во */у/* во овие граматички категории е извршена кога крајните слогови биле уште затворени – во аористот кога *-х* уште се пазело (*р'екох > р'екух > р'еку*) и во членот *-от̄* пред да се загуби *-т̄* (*в'олот̄ > в'олут̄ > в'олу*). Кај членот, како што покажуваат горните примери, процесот на испуштањето на *-т̄* не е завршен, сп. *н'осу* и *н'осут̄.* На овој начин добиеното *-у* (< *о*) во споменативе форми после тоа се морфологизирало, станало граматички знак. Кај глаголите од *о*-раздел во 1 л. едн. на аористот -*у* се генерализирало во сите југозападни македонски говори каде што се загубила фонемата /*х*/, сп. *в'иду, д'ојду, р'еку* – во мариовскиот, *д'ојду, ј'аду, р'еку* – во југоисточните битолски села, *д'ојду, прес'еку, одн'есу* – во леринскиот, костурските.

5.3. Неакцентираното /*а*/ се реализира како [*а̣*], и така е најчесто, поретко се неутрализира со [*ӑ*], сп. *сф'ат – сфа̣т'о̯* (*сфат'ови*), *сла̣н'инта, б'аја̣ч – ба̣ј'ачи, б'ајна̣р – ба̣јн'ари,* или *ӑб'олко, бӑч'ило, глӑв'ина, јӑд'е, в'ика̣м / в'икӑм,* и во клитиките: *да̣-пр'еде, за̣-в'ода, на̣-т'ебе,* но: *в'ода, 'има* (на крајот) Тремно, Кајларско.

6. Готово е идентична ситуацијата во врска со редукцијата и во крајните источни лерински села, што ќе се види од примерите запишани во селото Чеган, сп. /*а*/ > [*а̣*] > [*ӑ*] *а̣ра̣м'ија, ла̣дув'ина, рӑб'ота, рӑк'ија,* /*о*/ > [*о̣*] > [*у*] *бо̣ја̣џ'ија, о̣глид'ало, бр'ој – бруј'ови, 'ора̣ч – ур'ачи, б'ивул – бив'оли,* /*е*/ > [*е̣*] > [*и*] и [*ӑ*] *ве̣л'игде̣н, ле̣снут'ија, се̣г'ашин, 'елин – ил'ени, 'език - из'ици, з'елин – зил'ени, ст'ежир – стиж'ери, к'амин, в'ениц.* Бројот на примерите со редуцирано /*е*/ во [*ӑ*] овде е нешто поограничен, се јавува главно, пред *л* : *в'ите̣л, к'оте̣л* и *в'итӑл, к'отӑл, 'орӑл, п'етӑл, п'епӑл, св'ӑрдӑл,* а пред *р* во *г'ӑзӑр* (до колку овде не се работи за асимилација). Во отворена ултима: *'име, п'оле, м'ое, н'ие, м'ене, б'ере; м'есто, б'осо; ж'ена, д'обра, д'ошла;* во членот: *дв'ор – дв'ору, м'ој – м'оју, л'ош – л'ошју* (< *л'ошио* < *л'ошиот*), 1 л. едн. аорист: *д'ојду, р'еку.*

7. Колку што се оди пона запад и пона север од Кајлар интензитетот на редукцијата опаѓа. На костурско-леринското подрачје повеќе можеме да зборуваме за остатоци од редукцијата, бидејќи таа е ограничена на одреден број лексеми и морфеми. За тој терен повеќе би одговарал терминот *преглас* на вокалите, и тоа не како регуларна појава туку лексикализирана и граматикализирана.

7.1. Нешто повеќе примери со извршена редукција наоѓаме во врска со /*о*/ и тоа на целиот јужен појас од Рудничкото Езеро до Грамос и на север приближно до линијата Слимница (под Грамос) – Костурско Езеро – Невеска (под Вич) – Островско Езеро. Во нашите материјали добиени со анкети по прашалниците за Македонскиот дијалектен атлас (МДА) и Општословенскиот лингвистички атлас (ОЛА) забележани се следните примери со прегласено /*о*/ > [*у*]: *кул'ера, гул'емо, пузд'ерка, ругуз'ина, су'ал’ка, уб'етка, удв'ај, р'учук, 'уруф, 'отруф, н'адур* (< *н'адвор*) – во југоисточните лерински села, *дунес'оја, пуд'елите, пув'етка, туг'ава, ут'иде, ут-н'ивата* (*од-*) (Загоричани), *гуд'ина, кук'ошка, куп'ито, купр'ива, кур'ија, кур'ито, куш'ул’а, муч'ара, уб'етка, к'онуп, м'итруф, ст'авруф* (Горенци), *бур'ија, к'онуп* (Тиолишта). *гуд'ина, гурн'ица, кук'ошка, пуст'ел’а, путр'еба, пул'ица, пуп'аѓа, урн'ица, ур'ало* (Кондорови – Костурско Поле); (сп. и Шклифов, 1973 : 39), *гусен'ица, гуд'ина, гувенд'ар, гутв'ачка, гула̊мби* (: *г'олуп*), *гул'емо, гулем'ин* (месец јануари), *куб'ила, куп'ито, кур'ија, купр'ива, кув'ална, куст'енте, куш'уле, кукушн'ик, кул'ено, куп'анка, кул'аче, Кул'евица* (< *Кол'евица*), *кул'енда, кумш'ија, кушн'ица, скупј'ани, буг'ата, бујаж'ија, бур'ина, вуден'ица, двур'ови, пуст'ина, пулув'ина, пуј'ашче, пупул'ека, рабутл'иф, дум'ати, луп'ата, ступ'ало, чур'ати, 'извур, к'онуп, м'итруф* (октомври), *н'икул’* (декември), *р'азбуј, сф'екур, с'екуј / сф'икуј, н'икуј, 'уруф, т'акуф, суб'ере, су-теп'ани* (*со-*) (Нестрам), *куп'ито, кук'ошка, хул'ера, мушт'еха* (< *мошт'еха*), *мул'иво, авдув'ица* (< *евдов'ица* < *вдов'ица*), *'извур, 'оструф, к'онуп, туг'ас* (Езерец), *улѕ'ица* (< *олѕ'ица* < *д̥ж'ица*), *чур'апи* (Галишта), *бур'ија, гул'емата ѕв'езда, куп'ито, кук'ошката, куп'анка, куч'ина, кур'ито, луп'ата* (Марковени); неколку примери се констатирани и во говорот на Бобоштица (Корчанско), сп. *куш'ул’а, кунуп* (*коноп*), *да пуглј'äнда, пул'ица, сув'ел’ка, убʲ'äсви, да ублʲ'äчи* (*облечи*), *да уб'уви, уп'инци* (*опинци*), *уп'ута* (*опута*), *убув'ејне, уп'аши, уб'етќе, угленд'ало, убр'ази*. На сето ова подрачје /*o*/ > /*у*/ во суфиксот *-ок* (> *ук*), сп. *в'исук, в'ăтук, м'озук* (после и *моз'уци*), *п'олук, п'упук* (*пупок*), *св'иук* Г. Котори – Леринско, *в'етук, в'отук, в'осук, м'озук, п'есук, п'етук, п'отук, четв'ăртук* (Горенци), *п'есук, п'етук* Тиолишта, *бел'утук, ва̊тук, жолт'утук, п'опук, п'есук, пл'итук, т'ежук* Нестрам, *п'есук, п'етук* Езерец, *в'осук* Марковени, во членската морфема *-от* (> *-ут*) во нестрамскиот и костенарискиот говор: *бр'акут, дв'орут, з'етут, к'умут, л'ојут, м'оскут* (< *м'озокут*), *п'опут, л'еснут* (< *л'есниот*), *т'ешкјут* (*тешкиот*) Нестрам, *м'еут, ст'апут, м'ојут* (Езерец), и во 1 л. едн. на аористот кај глаголите од *о*-раздел (*р'еку, с'еку*) за што стана збор погоре.

Од приведениве примери се гледа дека најрегуларно /*o*/ се прегласува во /*у*/ во членската морфема *-от* (> *-ут*), во 1 л. едн. во аористот (*дон'есу*) и во завршокот *-ок* (> *-ук*), а во другите случаи најчесто /*у*/ наоѓаме зад веларните и зад лабијалните согласки и тоа претежно во повеќесложни зброформи. Еден број од приведениве примери со прегласено /*o*/ зад веларните и лабијалните согласки среќаваме и во западните дијалекти и тоа претежно на правецот Битола – Охрид, сп. *г'увеі̯т, г'улап, так'уѓере, рог'узина / руг'узина, огул / угул, 'уште / 'ушче* (< *хоште*), *'улера* (< *холера*), а посебно во туѓи лексеми од типот: *кумитет, кумунис, кумити, кумисија, кумпанија* и др. и тоа во акцентирана и во неакцентирана позиција.

Како функционира односнава појава во костурско-леринските говори најдобро илустрираат примерите со фонетски стабилизиран акцент на пенултима, сп. *'обрас – убр'ази, г'олуп – гул'а̊мби, 'извур – изв'ори, п'ојас – пуј'аси / пуј'ашче, сф'екур – сфек'ори, с'ој – суј'ови* (Нестрам). Но од друга страна среќаваме и вакви случаи: *'убрас – убр'ази* (Бобоштица), *к'онуп – кон'упново, п'есук – пес'уци* Езерец, *ч'урап – чур'апи* (Галишта), *м'озук – моз'уци* (Зеленич), каде што прегласеното /*у*/ се задржало и во акцентираните слогови (*'убрас, ч'урап, пес'уци*). Ова сведочи дека прегласот, кој бил порано автоматски и на овој терен, денеска се наоѓа на етапа на неговата полна лексикализација и/или морфологизација.

7.2. Уште е поограничен бројот на примерите со изршен преглас на вокалот /*e*/ во [*и*] и [*ă*]. Во нашите записи и во досега публикуваната литература констатирани се лексемите: *диб'ело, из'еро, ивр'еин, инич'арин, ифтин'ија, кисил'ина, клип'ало, лиг'ало* (*легало*), *мисич'ина, нив'еста, нид'ел’а* (Горенци, Шклифов, 1973 : 42), *диб'ело, жил'езо, из'еро, нив'еста* (Нестрам), *дил'ек* (< *дел'ек* < *дал'ек*), *цил'езо, измиќ'ар, вич'ера, вич'ерен ч'овек, пишт'ера* (Езерец), *д'евит, д'есит* (Мангила), *вијав'ица, из'ерце, сид'ело* (Тиолишта).

Прегласено /*e*/ во [*ă*] и на овој терен се јавува на поширок ареал во завршокот *-ел* : *д'ебăл, к'отăл, п'етăл, уч'итăл* (Горенци), *к'отăл, 'орăл, п'епăл* (Зеленич), а потоа *-ăл* > *-ал* : *к'отал, 'орал* (Г. Котори, Леринско), *к'отал, п'етал* Марковени, *в'итал, к'обал, к'отал, к'утал, 'орал, п'етал, св'ердал* (Езерец). Фонетскиот облик *-ал* потоа се проширил и на лексемите *п'екал* (< *п'екол*), *с'окал* (*сокол*), *п'упал, т'опал* (*топол*) (Езерец, Вамбел, Тиолишта). Во говорот на с. Нестрам процесот добил друг правец – со лабијализација под влијание на *л* темниот вокал се изменил во /*у*/: *к'отул, п'етул.*

Во југоисточните лерински села /*а*/ место /*е*/ наоѓаме и во завршокот *-ер* : *г'азар, г'ушчар, ст'ежар* Г. Котори, а во крајните источни костурски села забележани се и формите: *к'оран, 'остан* Зеленич, *'едан, з'ел'ан, ш'аран* (Кондороби). Во говорот на с. Черешница Шклифов ги забележал примерите: *'едăн, з'ел'ăн, изл''упăн, пл'етăн, ш'арăн,* и *г'ол'ăм* (: *гол'еми*), *ч'овăк* (: *чов'еци*), *здр'авăц,* како и формите *мă, тă, сă, нă, вă* (*ме, те, се, не, ве*) кога се во проклиза: *мă-в'ике, тă-б'аре, сă-ж'ени, нă-пл'аше, вă-ч'екаме,* но: *в'икни-ме, в'иди-не* (Шклифов, 1973 : 43). Во посеверниот дел на костурско-леринското подрачје и во дел од преспанските говори кратките заменски форми се јавуваат во фонетските облици: *ма, та, са, на, ва*. На овој начин би можеле да се објаснат и фонетските облици *чап'ерок* (< *чеп'ерок*) (Галишта), *авдув'ица* (< *ăвдов'ица* < *евдов'ица*) и *водан'ица* (< *воден'ица*) (Езерец).

7.3. Најмалку остатоци има од редукцијата на /*а*/. Неколку примери приведува Шклифов од с. Черешница: *грăд'ина, пăд'ина, пл'ăн'ина, рăмн'ина, ăвл'ија, ăјд'утин* и др. (Шклифов, 1973 : 39). Веројатно преку [*ă*] вокалот /*а*/ се изменил во 1 л. едн. на сегашното време кај глаголите од *а*-група во нестрамскиот говор, сп. *в'икум, 'имум* (< *в'икăм* < *в'икам*), но *н'оса, б'ера*. Улогата на лабијалот *м* е очигледна.

8. Меѓу поважните последици што настанале како резултат на редукцијата на прво место треба да се истакне *елизијата* на неакцентираните вокали, која е особено изразена во долновардарските говори. Во југозападните говори таа е значително поретка, како што е поретка и помалку интензивна и самата редукција. Нешто повеќе примери се среќаваат во кајларскиот говор и тука таа е ограничена само на вокалите што се наоѓаат непосредно пред флексивните морфеми, поточно пред членските наставки кај именските зборови, сп. *туп'ола – туп'олта, туп'оли – туп'ол'те* (< *туп'олите*), *ж'ена – ж'ента* (< *ж'ената*), *ж'ени – ж'енте* (< *ж'ените*), *диб'ела – диб'елта* (< *диб'елата*), *диб'ело – диб'елто* (< *дибелото*), *диб'ели – диб'ел'те* (< *диб'елите*), *с'ело – с'елто* (< *с'елото*), *с'ела – с'елта* (< *с'елата*), *п'иле – п'ил'то* (< *п'илето*), *умр'ено – умр'енто* (< *умр'еното*), *н'аша – н'ашта* (< *н'ашата*), *н'аште* (< *н'ашите*) итн. (Тремно).

Посебно ќе се задржиме на оваа појава во говорот на неколку источни лерински села кои непосредно граничат со воденскиот говор поради последиците што ги предизвикала елизијата.

Во материјалот од селото Чеган (Видоески, 1978) елизијата на неакцентираните вокали се јавува и кај глаголите – во 1 и 2 л. мн. на сегашното време, сп. *пл'ачиме* > *пл'ачме, пл'ачите* > *пл'ачте, в'икаме* > *в'икме* / *в'икма, в'иката* > *в'икте* / *в'икта*. Како последица на ова дошло до изделување на коренската морфема во презентската парадигма, сп. *пл'ач-ам, пл'ач-иш, пл'ач-е, пл'ач-ме, пл'ач-*

т̄е, п̄л'ач-а̣т̄; б'ер-а̣м, б'ер-иш, б'ер-е, б'ер-ме, б'ер-т̄е, б'ер-а̣т̄; в'ик-а̣м, в'ик-иш, в'ик-е, в'ик-ме / -ма, в'ик-т̄е / -т̄а, в'ик-а̣т̄.

Во именските зборови наоѓаме и вакви елидирани форми: *'език – 'еску(т̄), м'озук – м'оску(т̄), ч'овик – ч'офку(т̄), р'азбуј – р'азбју(т̄)* (Видоески, 1978 : 66). Во определените (членуваните) форми фонетскиот процес се одвивал на следниот начин: *'езико(т̄) > 'езику(т̄) > 'ез(и)ку(т̄) > еску(т̄).* Бидејќи именките од машки род во неопределената форма завршуваат на консонант, во определената форма се редуцира вокалот во затворениот слог. Овој процес стои во врска со акцентот. Во односпиов говор силно е изразена тенденцијата акцентот да се задржи на пенултима низ целата парадигма. Во неопределените форми тоа се постигнува со пренесување на акцентот по морфолошки пат, сп. *д'евир – д'евири > д'евир – див'ери, из'ик – из'ици > 'език – из'ици.* Бидејќи во членските форми ваквиот пренос не се врши според правилата што важат за овој говор, излез се нашол со испуштање на вокалот во затворениот слог непосредно пред членската морфема и на тој начин акцентот ја задржал пенултиматската позиција: *'език – 'езику(т̄) > 'езку(т̄) > 'еску(т̄) : из'ици – из'ицит̄е > из'ицт̄е, ч'овик – ч'ов(и)ку(т̄) > ч'офку(т̄) : чув'еци - чув'ец(и)т̄е > чув'ецт̄е.* Така се добила парадигма со акцент на пенултима: *ч'овик – чув'еци : ч'уфку(т̄) – чув'ецт̄е.*

Таму каде што се јавиле фонетски пречки поради можното натрупување на повеќе консонанти коишто по дистрибутивните правила не се можни, се барале други решенија.

На пример во *р'азбуј – ра̣зб'ои* во определената множинска форма неакцентираното /*и*/ се консонантизирало (во позиција зад друг вокал): *р'азб(у)ју(т̄) – ра̣зб'оит̄е > ра̣зб'ојт̄е.* Таков процес се извршил и во определените форми за машки род кај придавките: *б'ел – б'елио(т̄) > б'елиу(т̄) > б'елју(т̄).* Така и кај придавките се добила парадигма со акцент на пенултима: *б'ел – б'ел'ју(т̄) : б'ела – б' елт̄а : б'ело – б'елт̄о : б'ели – б'елт̄е.* Во некои локални говори *ј* можело да се асимилира со претходната согласка, сп. *б'елју(т̄) > б'ел'ут̄, ц'а̣рнју(т̄) > ц'а̣рн'ут̄,* или просто да се загуби: *б'елу(т̄), ц'а̣рну(т̄), зил'ену(т̄), 'арен – 'арну(т̄), в'исок – вис'оку(т̄).* На овој начин се добил еден фонетски облик на основата во целата парадигма, сп. *б'ел-ø, б'ел-а, б'ел-о, б'ел-и, б'ел-у(т̄), б'ел-т̄а, б'ел-т̄о, б'ел'-т̄е.*

Нешто поинаку тој процес се одвивал, на пример, во придавката *зел'ен*, во која примарниот акцент паѓал на крајниот слог, сп.: *зел'ен > з'елин – зил'ена – зил'ено – зил'ени,* во определените форми: *зил'ен(ј)у(т̄) – зил'ент̄а – зил'ент̄о – зил'ент̄е.* Тоа значи дека во неопределената форма за машки род акцентот се пренесол на пенултима подоцна, откога се извршила консонантизацијата на *и > ј* во членуваната форма.

Со ова не се исцрпени сите можни последици што настанале во односпиов говор по елизијата. Се задржавме на овој проблем сакајќи само да ја истакнеме важноста на редукцијата и сложеноста на процесите, како и реперкусиите што се одразиле и на фонетски, и на морфолошки план.

1992

1.4. ПОСЛЕДИЦИ ОД ГУБЕЊЕТО НА КОНСОНАНТИТЕ ВО ИНТЕРВОКАЛНА ПОЗИЦИЈА

1. Губењето на консонантите меѓу вокали е доста раширена појава во македонскиот дијалектен јазик. Најголем ареал зафаќа загубата на интервокалното /*х*/. Во оваа позиција /*х*/ се загубило или се наоѓа во процес на губење готово во сите македонски дијалекти, со исклучок на крајните југоисточни говори, кои непосредно граничат со бугарската јазична територија (сп. ги картите приклучени кон глава 1.10. во овој том). Од другите консонанти, кои се губат во интервокална позиција, поголемо пространство зафаќа фонемата /*в*/. Губењето на интервокалното /*в*/, кое се врши најдоследно во соседство со фонемата /*о*/, е карактеристична дијалектна особеност за западното македонско наречје, сп. *товар > тоар, основа > осноа, човек > чоек, половина > полоина > полоі̯на, оставиле > остаиле > остаі̯ле, лебови > лебои > лебоі̯, невеста > нееста* и др. (Конески, 1948 : 112-128). Примери со загубено /*в*/ наоѓаме и во северниот дел на костурско-леринското подрачје, како и во некои случаи во серско-лагадинската област во југоисточна Македонија.

На доста широк ареал во Западна и Јужна Македонија се губат во интервокална позиција во одделни случаи и фонемите /*ј, д*/, сп. *таја > таа, одаја > одаа, моја > моа, бројат > броат; Богородица > Богороица > Богороі̯ца, водица > воі̯ца, огледало > оглеало, понеделник > понеелник, гледаш > глеаш, зедов > зеов, јадиш > јаі̯ш, видиш > виі̯ш, седиш > сеі̯ш, дадиш > даі̯ш.* Во поограничен број примери се загубиле и фонемите: /*ж*/ – *важичка > ваі̯чка, лажичка > лаі̯чка, кажиш > каі̯ш, можиш > моі̯ш, может > моет,* /*з*/ – *лозишта > лоі̯шта, флезиш > флеі̯ш,* /*с*/ – *пресечет > преечет / преі̯чет, посечам > поі̯чам,* /*г*/ – *благослов > блаослоф, кога > коа, сега > сеа, него > нео,* /*ѓ*/ – *виѓат > виат, преѓеска > прееска > пре:ска.*

2. Загубата на споменативе консонанти предизвикала во ред говори нова дистрибуција на вокалните фонеми. Се создале можности да се најдат во непосреден допир готово сите вокали и по тој начин се образувале ред нови вокални секвенци кои порано во дијалектите не се среќавале во некои позиции на збороформите. Како резултат на новите односи што настанале меѓу вокалите се јавиле ред нови процеси.

2.1. Во еден дел од говорите новата дистрибуција на вокалните фонеми добила статус на нормална појава, така што денеска сите вокали можат да образуваат групи со секој, а се можни и групи од два исти вокали, и тоа во сите можни позиции на збороформите – во иста морфема, на составот меѓу две лексички морфеми, како и на границата меѓу лексичка и флексивна морфема. Таква е положбата во дел од северните говори и во северниот дел од централните говори, сп. *таа, нееста, преечет, прогоори, спиет, змиа, сиот, смеа, меот, меур,* *знаеш, страот, маур, мое, тоар, чоек, чует, муа, суо* (во скопско-поречкото подрачје).

2.2. Во северните говори и во дел од скопско-велешкото говорно подрачје, каде што се загубила во интервокална позиција само фонемата */х/*, вокални секвенци по правило се можни само на составот меѓу лексички морфеми, пред сѐ меѓу префикс што завршува на вокал и коренска морфема, сп. *заака, пооди, преесади, приима.* Во другите позиции настанатиот хијат по губењето на консонантот се пополнил со хијатски глас, или поточно */х/* > */в/*, сп. *снава, стрева, доваѓа, сова, мува* (во кумановскиот и скопско-црногорскиот говор).

На еден тесен појас меѓу северните и централните говори како хијатски глас се јавува */ј/*, но само кога се наоѓа во вокалната секвенца вокал од преден ред, сп. *стре^{ј}а, чо^{ј}ек, ме^{ј}от, си^{ј}от.*

2.3. Во најголем дел од македонските говори два исти вокали во непосреден контакт, кога не се на составот меѓу две лексички морфеми, вклучувајќи ги тука и префиксите, се контрактираат во еден фонетски долг вокал, сп. *снаха* > *снаа* > *сна:, глава* > *глаа* > *гла:, невеста* > *нееста* > *не:ста, проговори* > *прогоори* > *прого:ри, буково* > *букоо* > *буко:, змии* > *зми:.* Овој процес најдоследно се врши во говорите од западното наречје, а во поограничена мера и во јужните дијалекти, негде како завршен процес, а негде како тенденција. По овој начин во споменативе дијалекти настанале нови, позициони должини.

2.4. Нови фонетски должини во ред македонски дијалекти се јавиле и како резултат на асимилација на разнородни вокали. Во некои југоисточни дијалекти (струмичкиот, дојранскиот, гевгелискиот, кукушкиот) готово сите вокални секвенци се асимилирале во корист на првиот член на секвенцата и потоа со контракција се добиле долги гласови. Сп.: */иа/* > */и:/ миам* > *миим* > *ми:м, пиат* > *пиит* > *пи:т, змиа* > *змии* > *зми:, ниа* > *нии* > *ни:, пиавица* > *пиивица* > *пи:вица; /ие/* > */и:/ пиене* > *пиине* > *пи:не, рие* > *рии* > *ри:, убиен* > *убиин* > *уби:н; /еа/* > */е:/ смеа* > *смее* > *сме:, пеам* > *пе:м, дујдеа* > *дујде:* (= *дојдеа*), *неа* > *не:; /ео/* > */е:/ челото* > *чеолто* > *чеелто* > *че:лто; /ае/* > */а:/ лае* > *лаа* > *ла:; /ое/* > */о:/ кое* > *коо* > *ко:, мое* > *мо:; /оа/* > */о:/ која* > *коа* > *коо* > *ко:, мое* > *мо:; /оа/* > */о:/ која* > *коа* > *коо* > *ко:, водата* > *воата* > *во:та, соха* > *соа* > *со:; /уа/* > */у:/ муха* > *муа* > *муу* > *му:, глуха* > *глуа* > *глу:, обуам* > *убуам* (редукција на неакцентираното *о* > *у*) > *убу:м; /уо/* > */у:/ духовден* > *дуовден* > *ду:вден.* Бидејќи во тие говори вокалните групи се најчести на крајот на зброформите, на составите со флексивните морфеми, тогаш и должините се најчесто на крајот на зброформите.

Во некои локални говори на споменатиов ареал асимилацијата се врши во корист на втората компонента во секвенцата, сп. */еа/* > [*а:*] *беа* > *ба:, неа* > *на:, сега* > *сеа* > *са:* (с. Фурка, Дојранско, Пеев, 1979 : 8 нт).

2.4.1. Вакви асимилациони процеси на вокални секвенци од разнородни вокали се познати во поограничена мера и во некои западни говори. На еден доста широк ареал групата */ао/* > */оо/* > [*о:*], сп. *палаво* > *палао* > *пало:, убаво* > *убао* > *убо:, гр̥баво* > *гр̥бао* > *гр̥бо:,* и редовно така кај придавките на *-ав* во формата за среден род. Овде овој процес можеле да го засилат и придавските форми на *-ово* од типот *буково > букоо > буко:.* Од преспанското говорно подрачје познати ни се и примери со */оа/ > /о:/* во друга позиција, сп. *јавор > јаор > јо:р, ѓ̄авол > ѓ̄аол > ѓ̄о:л, благ̄ослов > блаослов > бло:слов, ковач > коач > ко:ч, т̄овар > т̄оар > т̄о:р, совал'ка > соал'ка > со:л'ка, от̄идоа > от̄идо:* покрај *ој-до:, ст̄оат̄ > ст̄о:т̄,* и во Охридско: *Јован > Јоан > Јо:н, основа > основа > осно:, т̄роа > т̄ро:.*

2.4.2. На охридско-преспанското говорно подрачје на асимилација подлежат и групите */ео/, /ое/, /уо/, /ае/,* кои потоа со контракција се реализираат како долги вокали, сп.: */ео/* > [*о:*] *невол'а > неол'а > но:л'а, Смилево > Смилео > Смил'о:, /ое/* > [*е:*] *човек > чоек > че:к, /уо/* > [*о:*] *Суводол // Суходол > Суодол > Со:дол, /ае/* > [*е:*] *заек > зе:к, заедно > зе:дно.* Во дебарските и охридско-струшките говори групата */ае/* > [*е:*] редовно во 3 лице мн. на презентот, сп. *викает̄ > вике:т̄,* а потоа должината се пренесла по морфолошки пат и кај другите глаголи, сп. *носе:т̄, бере:т̄.*

2.5. Во групите со */и/* како втора компонента, без оглед на местото на акцентот, во западното наречје и во ред други југозападни говори, вокалот */и/* се десилабизира, преминува во [*і̯*] или во */ј/* и на тој начин со претходниот вокал образува дифтонгоид. Сп.: */еи/* > [*еі̯*] *ст̄реи > ст̄реі̯ / ст̄реј, ореи > ореі̯, седит̄ > сеит̄ > сеі̯т̄, /аи/* > [*аі̯*] *г̄лави > г̄лаи > г̄лаі̯, снаи > снаі̯, лажица > лаица > лаі̯ца, п̄равит̄ > п̄раит̄ > п̄раі̯т̄, /ои/* > [*оі̯*] *мои > моі̯, лебови > лебои > лебоі̯, п̄оловина > п̄олоина > п̄олоі̯на, суровица > суроица > суроі̯ца, броит̄ > броі̯т̄, можит̄ > моит̄ > моі̯т̄, /уи/* > [*уі̯*] *кожуи > кожуі̯, мухи / муви > муи > муі̯, сухи / суви > суи > суі̯* (сите примери се од западните говори). Оваа појава ја познаваат, како што спомнав, и југозападните говори, само таму таа не е толку забележлива, бидејќи во тие говори се поограничени можностите за образување на вакви вокални групи, сп. *баница > баинца > баі̯нца, важичка > ваичка > ваі̯чка, л'удит̄е > л'уит̄е > л'уі̯т̄е, јадиме > јаиме > јаі̯ме, одиш > оиш > оі̯ш* (во гевгелискиот и кукушкиот говор). Но веднаш треба да истакнеме дека ова правило не важи за вокалните групи образувани на составот меѓу префикс и лексичка морфема.

2.5.1. Во некои јужни говори */и/* > [*і̯*] дури и во групата */ии/,* сп. *п̄иш > п̄іі̯ш, п̄иише > п̄иі̯ше, миш > миі̯ш,* и редовно така во 2 лице едн. на презентот и во 2 и 3 лице едн. на имперфектот кај глаголите што им завршува општиот дел на *и.* Но овде процесот би можел да се објасни и морфолошки, спрема глаголите од типот *знаиш* (< *знаеш*), *броиш, сеиш > знаі̯ш, броі̯ш, сеі̯ш.*

2.6. Во струшкиот говор вокалот */и/* ја загубил својата силабична функција и кога се наоѓа во позиција пред друг вокал, т.е. во групите */иа/* > [*і̯а*], */ио/* > [*і̯о*], сп. *судиа > суді̯а, ракиа > ракі̯а* (и потоа > *раќа*), *Македониа > Македоні̯а* (> *Македон'а*), *Мариа > Марі̯а; лошиот̄ > лоші̯от̄, белиот̄ > белі̯от̄, нег̄овиот̄ > нег̄овІ̯от̄.*

Во ограничени случаи оваа појава ја среќаваме и во говорите од кукушко-дојранскиот регион: *ист̄ориа > ист̄орі̯а, Македоні̯а, белио > белі̯о, г̄олемио >*

големi̯о (Дојран), *деветио > деветi̯о* (с. Миравци – Гевгелиско), *суиот > сујут, убавиот > убавi̯от* (> *убавi̯ут*) (с. Стојаково).

Промената на /*и*/ во [i̯] во членската морфема за машки род е широко распространета во југоисточна Македонија – се среќава на целиот појас од Кратово и Куманово па до Солун и Кајлар на југ. Добиен по фонетски пат формантот *-јот* / *-јо*, одн. *-јут* во говорите со редукција, после лесно се ширел како морфолошка единица.

2.7. Дифтонгоиди од овој тип во некои локални говори во Западна Македонија образуваат и некои вокални групи во составот на кои влегува вокалот /*е*/ како втор член. Така во прилепскиот, битолскиот, кичевско-поречкиот и во дел од охридско-преспанските говори групата /*ое*/ > [oi̯], сп. *говедо > гоедо > гоi̯до, повеќе > поеќе > поi̯ќе, тр̥говец > тр̥гоец > тр̥гоi̯ц*. Во прилепскиот говор и групата /*ае*/ > [*аi̯, ај*]: *кладенец > клаенец > клајнец, дванаесе > дванајсе, дваесе > двајсе*. Во броевите оваа појава е позната на поширок ареал во јужните наши дијалекти, а во глаголскиот прилог се генерализирала готово во целата јазична територија, сп. *викаеќи > викајќи*, а потоа елементот *-јќи* се генерализирал кај сите глаголи, сп. *носејќи, берејќи.*

2.8. Во охридско-преспанските говори /*е*/ > [i̯], одн. /*ј*/ и во групите /*еа*/ и /*ео*/. Сп. /*еа*/ *стреа > стрi̯а, леа > лi̯а, сега > сеа > сi̯а, неа > нi̯а, гледаш > глеаш > глi̯аш, беа > бi̯а, седеа > седi̯а:, Петрева > Петреа > Петрi̯а:,* /*ео*/ *черево > черео > черi̯о:, Петрево > Петрео > Петрi̯о:* (Струга).

2.9. На западната периферија на охридско-преспанското подрачје се десилабизирал и вокалот /*о*/ во групите /*оа*/ и /*ое*/. Сп. /*оа*/ > /*ва*/ : *ковач > коач > квач, товар > тоар > твар, тоа > тва, совал'ка > соал'ка > свал'ка, готова > готоа > готва:, зедоа > зедва:, дојдоа > дојдва:* (Пештани – Охридско), *ластоарка > ластварка, донесоа > донесва:* (Љубаништа – Охридско); /*ое*/ > /*ве*/ : *говедо > гоедо > гведо, човек > чоек > чвек, јазоец > јазвец, отидое > отидве:* (Струга). Преминот на /*о*/ во /*в*/ во споменативе групи, кој морал да пројде преку неслоговно [ў] и билабијално [*w*] (*чоек > чўек > чwек > чвек*) денеска е ограничен на неколку пунктови на македонско-албанското пограничје во Струшко, во приезерските охридски села (Пештани, Трпејца, Љубаништа) и на неколку села на западниот брег на Преспанското Езеро.

2.10. Во некои централни дијалекти стегањето на вокалите во вокални секвенци се одвивало по друг начин, без претходни асимилациони процеси. Така, на пример, во прилепскиот говор, делумно во битолскиот и кичевскиот, групата /*оа*/ дала дифтонг [*о*ᵃ], сп. *ко*ᵃ*ч, то*ᵃ*р, то*ᵃ, а групата /*еа*/ > [*е*ᵃ]: *леа > ле*ᵃ, *смеа > сме*ᵃ, *беа > бе*ᵃ (Кичевско, Демирхисарско). Во прилепскиот говор процесот на стегањето отишол уште подалеку, така што како краен резултат се добиле два широки алофони: [ɛ] и [ɔ], сп. *смеа > смɛ, пеат > пɛт, коач > кɔч, тоар > тɔр, осноа > оснɔ* (Конески, 1949 : 255).

2.11. Последиците од губењето на консонантите во интервокална позиција, како што гледаме, се многубројни:

1) Се создале услови за редистрибуција на вокалите во вокални секвенци.

2) Се јавила цела серија алофони, кои порано дијалектната реч не ги познавала.

3) Во одделни дијалекти се јавува и нов квантитет.

4) Се добиле цела серија дифтонзи и дифтонгоиди, кои исто така порано во дијалектите не биле познати.

5) Во врска со дифтоншките групи во ред западни говори дошло и до промени на местото на акцентот.

6) Како резултат на новата дистрибуција предните вокали /*и, е*/ и лабијалните /*у, о*/ во определени позиции се десилабизирале.

7) Од друга страна се јавуваат хијатски /*ј*/ и /*в*/.

8) Сите тие појави длабоко ја засегнуваат структурата на зброформите, сп. *вод'еница > вод'еинца > вод'еі̯нца // вод'енца, пол'овина > пол'оина > пол'оі̯на // пол'ојна, н'евеста > н'ееста > н'е:ста // н'еста, н'евол’а > н'еол’а > н'о:л’а // н'ол’а, ѓ'оведо > ѓ'оедо > ѓ'ојдо, ч'овек > ч'оек > чоі̯к,* или *ч'е:к,* или *чвек.*

9) Во ред говори овие појави се одразиле и на консонантизмот. Фонемата /*ј*/ добиена од /*и*/ или /*е*/ исто така стапува во нови односи со други фонеми. Така, на пример, во некои дијалекти се јавил еден нов вид палатализација, сп. *р'акиа > р'акја > р'аќа* (*кј > ќ*), *Макед'ониа > Макед'онја > Макед'он’а* (*нј > н’*) (Струшко), *ј'акиот > ј'акјот > ј'аќот, вис'окиот > вис'окјот > вис'оќот, зел'ениот > зел'енјот > зел'ен’от* (во југоисточните дијалекти).

Овие се сè процеси и промени извршени на фонетски план. Меѓутоа, не се незначителни и последиците што ја засегнале морфолошката страна на зборот. Тие стојат најчесто во врска со загубата на фонемата /*х*/, на пример, во 3 л. мн. на имперфектот и аористот. Но на нив тука нема да се запираме.

Губењето на консонантите во интервокална позиција посебно оставило длабоки траги во дијалектната диференцијација на македонскиот јазик, и посебно во дијалектното дробење на западното македонско наречје, во кое и најмногу напреднал процесот на губењето на консонантите во интервокална позиција.

1979

1.5. КОНТИНУАНТИТЕ НА *ъ̥ И *ь̥

1. Во славистичката наука одамна е познато дека на најголемиот дел од македонската јазична територија т.н. редуцирани вокали *ъ и *ь во јака позиција се измениле во /o/ и /e/ во сите морфеми, сп. **dъždь > дажд, *sъnъ > сон, *pętъkъ > петок, *sъnъtъ > сонот, *dьnь > ден, *tьmьnica > темница, *jarьmъ > јарем, *ostьnъ > остен, *těsьnъ > тесен, *ovьsь > овес, *ocьtъ > оцет, *konьcь > конец*, итн. Оваа особина, која спаѓа и меѓу најстарите иновациони појави во областа на македонскиот вокализам, истовремено е и една од најмаркантните диференцијални црти на македонскиот стандарден јазик по однос на другите јужнословенски јазици. Во српскиот / хрватскиот двата ера (*ъ̥,*ь̥) се изедначиле гласовно и како краен резултат од развојот се добил вокалот /*a*/: *дажд, сан, петак, дан, јарам, остан, овас, тесан,* во јужните и источните периферни говори на штокавското подрачје има вредност /*ă*/: *сăн, дăн,* одн. /*ä*/ во некои црногорски дијалекти: *сäн, дäн* (Ивиħ, 1985 : 160). Во бугарскиот јазик *ъ̥ > /*ă*/: *дăш, сăн,* *ь̥ > /*e*/: *ден*, во дијалектите: *ъ̥ = *ь̥ > /*ă*/: *сăн, дăн,* понегде и /*å*/: *сåн, дåн,* /*ä*/: *сäн, дäн,* во еден број западни говори *ъ̥ > /*a*/, *ь̥ > /*e*/: *сан, ден,* и на пограничјето со североисточните македонски дијалекти (во Ќустендилско) *ъ̥ > /*o*/, *ь̥ > /*e*/: *сон, ден* (Стойков, 1962 : 122-123).

2. Северната изоглоса на континуацијата *ъ̥ > /*o*/, *ь̥ > /*e*/ на македонскиот терен не се поклопува наполно со јазичната граница меѓу македонската и српската јазична територија. Во Северозападна Македонија, на Шарското подрачје, таа ја преминува државната граница зафаќајќи ја областа Гора и допира сè до јужните огранци на планината Коритник. Најсеверни села на тоа подрачје со рефлексацијата на *ъ̥ > /*o*/, *ь̥ > /*e*/ се Бучје, Крстец, Рапча на источните падини на Коритник, Радеша и Лешане на западните падини на планината Шара, а на албанска страна во долината на реката Љума селото Запот, сп. *б'очка, в'ошка, дош, п'еток, ч'уекот* (< *човекот*), *ден, 'овес, п'алец, т'емен* (Видоески, 1986 : 54-55). На полошкиот дел, пак, северната изоглоса на рефлексите /*o*/ и /*e*/ останува нешто појужно од државната граница. Примери со овие континуанти превладуваат приближно до линијата што оди од Тетово кон планината Жеден. Од Жеден изоглосата продолжува на исток кон Скопје по правецот на селата Бардовци – Бутел – Миладиновци (нешто малку северно од Скопје) и излегува на с. Цидимирци (југоисточно од Скопје на правецот кон Овче Поле). Во Источна Македонија изоглосата од с. Цидимирци оди по правецот на селата Кнежје – Врсаково – Судиќ – Злетово, од каде што свртува на север приближно по долината на Злетовска Река и преку Осоговската планина излегува на изворишниот дел на Крива Река на правецот на селата Дренак – Жидилово – Трново (Видоески, 1962 : 40).

3. Северно од споменатава линија, во северниот дел на Полог (Тетово), во Скопска Црногорија, Кумановско, Кратовско и Кривопаланечко *ъ̥ и *ь̥ се изедначиле според штокавскиот модел (*ъ̥ = *ь̥) и се рефлектирале во /*ă*/ во сите позиции на морфемската структура на лексемите, сп. *б'ăчва, дăш, з'ăлва сăн,* и: *дăн, лăк, лăн, т'ăмно* (во коренски морфеми), *с'ăбере, с'ăпре, доб'итăк, п'етăк, пл'итăк, – кот'ăл, гл'адăн, п'алăц, јар'ăм, 'остăн* (во формантите), *л'ебăт, н'ожăт* (во членската морфема).

Треба, меѓутоа, да одбележиме дека на овој терен континуантот /*ă*/ се реализира во две алофонски разновидности зависно од акцентската позиција – [*ă*] во акцентиран слог, и [*ạ*] во неакцентиран, сп. *б'ăчва, в'ăшка, н'ăќве, с'ăпне, мом'ăк, з'ăвре, л'ăко, кот'ăл, ед'ăн, кон'ăц, јар'ăм, оц'ăт,* но: *бạчв'ар, вạшл'иф, сạпн'а, сạбр'а се, доб'итạк, кр'отạк, в'ăздạн, дạн'ăс, б'есạн, л'ебạц* – во кумановскиот (Видоески, 1962 : 40-46), *сạбер'е, п'етạк, ж'едạн, в'енạц* : *кон'ăц, руч'ăк* – во кривопаланечкиот, *оп'ăнạк, т'ăмница и тạмн'ица, с'ăбра* : *сạб'ира* – во скопскоцрногорскиот говор.

4. Во јужниот дел на овој дијалект на целиот појас од Шар Планина и Тетово па до Осоговијата и Крива Паланка неакцентираното /*ă*/ се неутрализира со вокалот /*а*/ во истата акцентска позиција, сп. *т'акав, м'омак, п'есак, л'акат, 'овас, гл'адан, сл'епац, изатк'ано, дан'ăске, в'ăздан* – во кумановскиот (Видоески, 1962 : 45-46), *п'етак, р'учак, б'олан, 'едан, к'онац, п'етал* – во јужните скопскоцрногорски села, *В'елидан, р'етак, ср'еѓан* Вратница (Тетовско), *в'итал, држ'аќан коњ, њ'ојан, 'утак, б'елијат коњ* – во кривопаланечкиот говор. Приведениов материјал покажува дека вредноста /*а*/ место *ъ̥, *ь̥ е резултат на фонетски процес извршен на односниов терен, а не е влијание од страна.

5. Во северните македонски говори на пограничјето со штокавскиот српски дијалект во врска со рефлексацијата на *ъ̥, *ь̥ заслужува внимание уште една појава. На еден не така тесен појас во коренските морфеми по правило место двата ера има континуант /*ă*/ со опишаните два алофона, а во афиксните морфеми, претежно во суфиксите и во членската морфема за машки род место *ъ̥ има /*о*/, а место *ь̥ – /*е*/. Значи, се работи за резултати од две разнодијалектни зони. Оваа појава може да се следи на целото пограничје, но најизразена е на северозападната и на североисточната периферија на македонскиот јазичен ареал. Така, на полошкиот (тетовскиот) дел во говорот на с. Теарце, кое се наоѓа на границата меѓу северните *ъ̥, *ь̥ > /*ă*/-говори и централното дијалектно подрачје, констатирани се следниве примери: *б'ăчва, бăш, в'ăшка, дăш, д'ăждовник, з'ăлва, сăн, з'ăвре, с'ăпка, се с'ăбрало, – дăн, д'ăњум, л'ăко, лăн, л'ăниште, пăкạл – п'ăкал, п'ăсји, ч'ăчка* (во коренски морфеми), но: *ј'уток, 'опạнок, сн'исок, т'ăнок, ч'етвр̥ток,* покрај *п'етак* (*-ъкъ), *гл'аден, ж'еден,* покрај *б'олан, 'едан, ј'ечмен,* но *'остањ* (*-ьнъ), *ј'унец, ж'ивец, здр'авец, к'онец* и редовно /*е*/ во суф. *-ец* (*-ьсь). Во коренска морфема само во неколку случаи наоѓаме замени *ъ̥ > /*о*/, *ь̥ > /*е*/, сп. *б'озојна* (< *бозовина*), *п'ењушка, с'ега, ш'епоти.* Веќе во блиското село Вратница, кое се наоѓа нешто малку посеверно, освен во лексемите *п'ењушка, с'ега, со, с'обор,* во коренските морфеми *ъ̥,*ъ̥ > /*ă*/: *бăчва, дăш, з'ăлва, мăф* (< *тъхъ), *с'ăнује, сăт, дăн, л'ăсно, пăс,* исто така и во префиксите кога се акцентирани: *с'ăбери, с'ăблече, с'ăшије, се с'ăкри, с'ăпне,* а во суфиксите има континуант /*а*/: *в'осак, ј'утак, м'омак, м'уќак, п'упак, 'опạнак, п'етак, кр'отак, пл'итак, сн'исак, б'олан, д'есан, 'едан, л'ӑсан, в'енац, ј'унац, к'онац, сл'епац, т'етоац* (< *тетовац*), како и во членската морфема *-ат* : *к'оњат, ч'уекат* (< *човекат*). Бидејќи во овој говор акцентот стои на третиот слог (мора), суфиксните морфеми секогаш се неакцентирани. Во селата што се наоѓаат јужно од Теарце бројот на примерите со /*ӑ*/ место *ъ̥, *ь̥ е сè помал колку што се оди пона југ, сп. *з'ӑлва, сӑн, дӑн, в'ӑздан, лӑн, т'ӑмно,* но: *б'очва, дош, д'ождалник, з'овре, с'опиња, т'огај,* или: *п'етал* : *'орел, 'остањ, 'едан* : *б'олен, гл'аден, р'ажењ,* и редовно /*о*/ во суфиксот *-ок* : *п'еток, н'изок,* и /*е*/ во *-ец* : *п'алец, к'онец* (с. Ратае). Во градскиот тетовски говор /*ӑ*/ е констатирано само во лексемите: *м'ӑкне, сӑн, дӑн, в'ӑздан, лӑн, л'ӑсно, т'ӑмно,* додека во другите случаи *ъ̥ > /*о*/, *ь̥ > /*е*/.

Различни вредности во коренските морфеми и во суфиксите можеме да сретнеме дури и во српскиот дијалект во областа Сретечка Жупа (Призренско), сп. *б'ӑчва, в'ӑшка, дӑн, кӑп, нӑ ве, сӑт, тạј, р'азạпне, с'ạкри,* но: *б'елуток, д'обиток, м'омок, 'опạнок, п'еток, кр'оток* (*-ок*), *б'еден, б'олен, гл'аден* (*-ен*), *бр'атанец, в'енец, вр'анец, к'онец* (*-ец*), *'овес, ј'арем, к'отев* (< *котел*), *п'етев* (< *петел*) (Павловиќ, 1939 : 53-58).

Слична ситуација со рефлексацијата на *ъ̥, *ь̥ наоѓаме и на скопскиот и овчеполскиот терен, иако таму преодната зона не е толку широка како во Полог и во Осоговскиот регион. Еве примери и од кратовско-кривопаланечкото говорно подрачје, каде што е акцентот слободен па може да стои и на суфиксите. Во с. Луке (Кривопаланечко) *ъ̥, *ь̥ > /*ӑ*/ во сите позиции: *б'ӑчва, дӑн, руч'ӑк, јар'ӑм, оц'ӑт, кот̣'ӑл* (под акцент), *в'осạк, кот'ӑлạт* (неакцентирано); во соседното с. Огут: *б'ӑчва, лӑн, с'ӑпка, врет'ӑнца, из'ӑтка, квас'ӑц, руч'ӑк, пет'ӑл, јар'ӑм – дạн'ица, дạн'ӑс,* и: *в'осак, ов'есан, пр'есан, кат'анац, кот'алат, б'елијат,* но и: *пењ'уга, ечм'ен, св'р̥дел* (во одделни лексеми); во с. Борово (се наоѓа појужно) забележани се примерите: *б'ӑчва, н'ӑќви, тӑј, ов'ӑј, лӑн, оп'ӑнци, мом'ӑк, ов'ӑс, ор'ӑл, ост'ӑн, вен'ӑц* (под акцент) : *р'учак, пр'азан, пчен'ичан, с'игуран, п'алац,* но: *ј'арем, тр̥г'овец, уд'овец, штипљ'анец* (во неакцентиран слог). Во соседното с. Градец во суфиксите редовно има /*о*/ < *ъ̥, /*е*/ < *ь̥ без оглед на акцентската позиција, сп. *н'исок, пл'иток, р'еток, оп'ињок, руч'ок, т'есен, вен'ец, свет'ец, јар'ем, ов'ес,* итн. На кратовскиот терен континуацијата на *ъ̥, *ь̥ најрелјефно ни ја презентира материјалот од с. Древено (Пробиштипско), сп. *в'аток, п'еток, г'орок, ж'ежок, н'исок, т'ӑнок* : *м'озак, нап'р̥стак, оп'инак, п'есак; бак'арен, гр'озен, жел'езен, з'аден, м'утен* : *б'аван, вр'едан, гл'адан, д'р̥чан, ор'атан* (*вол*)*; ед'инец, ј'азовец, к'онец, ст'арец,* и редовно со /*е*/; и членската морфема редовно се јавува во фонетскиот облик *-о* (< *от*): *д'ождо, л'ебо* (сите примери се забележани од едно лице).

6. Источната изоглоса на рефлексацијата на *ъ̥ > /*о*/, *ь̥ > /*е*/ во сите позиции на зборoформите оди по правецот Солунски Залив (опфаќајќи го Солун) – Лагадина – Струма (кај Бутковското Езеро). Од Бутковското Езеро таа продолжува на североисток по левата страна на Струма зафаќајќи дел од Валовишкото поле, ја сече денешната државна граница меѓу Грција и Бугарија и свртува на север по вододелницата меѓу сливот на Места и Струма (Пирин) сè до Рила североисточно од Благоевград. Во зоната на рефлексацијата *ъ̥ > /*о*/, *ь̥ > /*е*/

спаѓаат и граничните бугарски дијалекти во Ќустендилско – ќустендилскиот, пијанечкиот, делумно и каменичкиот (Умленски, 1965 : 22-24).

Во југоисточните македонски говори (во Солунско, Воденско, Кукушко, Серско) поради редукцијата на вокалите во неакцентирана позиција, вокалите /о/ и /е/, меѓу кои и рефлексите од *ъ̨, *ь̨, се јавуваат во алофонски разновидности [о̣], [е̣] – затворени фонови, или пак тие се неутрализираат со соодветните високи корелати /у/, /и/, а во некои локални говори во одредени фонетски околности /е/ > /ă/ со алофонот [а̣]. Сп.:

(*ъ̨ > о) *б'очва, в'ошка, дош, т̄ој, в'исо̣к, п̄''асо̣к, п̄ин'ок, руч'ок, г̄р'адо̣т̄, л''а-бо̣т̄* (Киреч Ќој, Солунско, сп. Vukčević, 1901 : 102), *б'озил', в'ошка, дош, з'олва, н'ошви, сон, с'оп̄ка, п̄ис'ок (< п̄ес'ок), дужд'овна г̄уд'ина (< дожд'овна), п̄'ет̄ук, кр'от̄ук, н'исук (< п̄'ет̄ок,...), п̄ис'окут̄ (< п̄ес'окот̄)* – во кукушкиот (Пеев, 1987 : 96-98), *в'онка, сон, с'охна, как'оф, бел'ут̄ок, доб'ит̄ок, сл'адок, собл'eче, соб'уе* – во струмскиот (Иванов, 1977 : 70).

(*ь̨ > е) *в'езмеш, ден, д'енес, лен, чес, вд'овец, кл'ина̣ц (< кл'инец), к'она̣ц, св'ăрда̣л (< св'ăрдел)* – во киречќојскиот (Иванов, 1977 : 70), *лен, кут̄'ел, ур'ел (< ор'ел), кон'ец, б'олин, г̄л'адин (< б'олен, ...), в'ениц (< в'енец)* – во кукушкиот (Пеев, 1987 : 100).

7. Исто̀чно од споменатата граница (Солун – Лагадина – Бутковско Езеро – Пирин) – во сушко-височкиот, лагадинскиот, серскиот, драмскиот, зилјаховскиот и гоцеделчевскиот (неврокопскиот) говор *ъ̨ > /ă/ со алофоните [ă] под акцент и [а̣] во неакцентирана позиција, а *ь̨ > /е/. Ваква замена во сите морфеми е спроведена во крајните југоисточни говори на правецот Зилјахово – Драма – Гоце Делчев, кои непосредно граничат со бугарските родопски дијалекти, сп. *дăш', изв'ăн', сăн', сн'ăха, с'ăхна,* во членот: *ред'ă, ум'ă* (под акцент), *са̣б'ира, до̣-б'ит̄а̣к, ᵞоса̣к (< в'осак), п̄''аса̣к, п̄'ет̄а̣к, кр'от̄а̣к,* член: *л''аба̣* (Мирчев, 1936 : 11), *б'ăчва, в'ăшка, з'ăлва, н'ăшква, сăн, ут̄в'ăн (< от̄вăн), с'ăбери, п̄ес'ăк, л'а-кут̄', т̄ак'ăф, нус'ă (< нос'ăт̄), мăж''ă : ба̣ч'в'ар', да̣ж'д'овник, са̣б'ујạм, м'оза̣к – мо̣за̣к'ă, п̄'ет̄а̣к* (Старчиште), *бăс, в'ăзг̄лавн'ица, д'ăшт̄ера, д'ăно, дăш' – да̣ж'-д'овник, дуб'ит̄а̣к* (Зрнево), *б'ăчва, дăш, с'ăхна, п̄'ет̄а̣к, как'ăф* (Плевна – Драмско, *вăн, в'ăнка, вăс, в'ăзг̄лаве, сăн, с'ăбуе, с'ăбере, как'ăф, мăж'ă, снег̄'ă : да̣жд'ов-на, са̣н'увам, са̣б'ирам, доб'ит̄а̣к, п̄'ет̄а̣к, кр'от̄а̣к* – во зилјаховскиот (Иванов, 1977 : 70).

8. Во сушко-височкиот, лагадинскиот, валовишкиот и во дел од серскиот говор *ъ̨ > /ă/, главно во коренските морфеми, додека во афиксите и во членот место *ъ̨ се јавува /о/, кое во неакцентирана позиција се рализира како [о̣] или, пак, се неутрализира со /у/, како што беше истакнато порано, сп. *б'ăнч'фа, бăнц – ба̣нѕ'о (< *bъzъ)* – со секундарна назализација, *в'ăшка, дăш' – да̣ж'до(т̄), д'ăну (< д'ăно), дăх – да̣х'о(т̄), д'ăхам, сăн – сăн'о(т̄), с'ăн'а, с'ăхнувам,* но: *г̄арн'ок, дуб'ит̄ук (< до-б'ит̄ок), п̄''ент̄ук (< п̄'ент̄ок), н'исук, т̄''енук,* во членот *-от̄ : са̣н'от̄* (во Висока), одн. *-о : са̣н'о̣* (во Сухо, Голомб, 1963 : 232), *в'ăнка, д'ăжџи, д'ăхам, ис'ăхни : в'ăт̄ук, 'осук (< в'осок), т̄а̣к'оф, л'ебу (< л'ебот̄)* Негован – Лагадинско (Małecki, 1933 : 129), *д'ăжди, да̣ждел'иво, з'ăлва : руч'ок п̄'ет̄ук, м'озуко* Секавец (Серско), *в'ăн-ка, з'ăлва, дăш – да̣жд'о, до̣б'ит̄о̣к, руч'ок, п̄ес'ок, н'осо,* но и: *в'оса̣к, чет̄в'ăрт̄а̣к,* и во членската форма кај придавките: *м'алиа̣, 'ост̄риа̣* Календра (Серско).

9. Во југоисточните македонски *ъ̥ > ӑ-говори вокалот /ӑ/ во неакцентирана позиција се изедначил по гласежот со неакцентираното /а/ и по тој начин гласовно се изедначиле суфиксите *-ӑк* (< **-ъkъ*) и *-ак* (< **-akъ*), сп. *в'ӑт̄а̣к, п̄''аса̣к – п̄''аса̣ци, п̄'ет̄а̣к, доб'ит̄а̣к* Плевна (Драмско), *в'ӑт̄а̣к, чит̄'ӑрт̄а̣к* Сухо. Во овој фонетски облик како слободен формант *-ак* (< **-ъkъ*) можел да се шири и во *ъ̥ > /о/-говори. Така можат да се објаснат формите: *в'от̄ак – вот̄'аци, м'озак, п̄'ет̄ак, долг̄'ачак, кр'ехак, т̄'ежак* покрај *п̄есук* (< *п̄'есок*) во говорот на костурското село Езерец (Видоески, 1984 : 89).

10. Во разлошкиот говор за етимолошкото *ъ̥ има две вредности: /а/ во коренските морфеми во поголем број лексеми и во членската морфема за машки род кај придавските зборови, и /о/ во зборообразувачките морфеми и во членот кај именките, сп. *б'азе, б'ачва, в'анка, даш, д'аска, м'акне, с'ане* (под акцент), *да̣жд'е, да̣ск'ат̄а, н'ашиа̣, н'ејниа̣, н'искиа̣,* и: *в'озрас, белт̄'ок, ват̄'ок, жӑт̄'ок, млеч'ок, п̄ес'ок, как'оф, т̄ак'оф, брег̄'о, свет̄'о* (< *свет̄'от̄*), и во неакцентирана позиција: *суб'ирам* (< *соб'ирам*), *вуз-рек'ат̄а* (< *воз-*), *сус-м'ене* (< *сос-*), *в'олу* (< *в'оло* < *в'олот̄*), *п̄'оп̄у* (Алексиевъ, 1931 : 99-100, 111), *в'анка, удв'анка, даш, мах, ст̄'ариа̣ – ст̄'арија̣,* покрај *з'олва, т̄ој, сон', руч'ок, п̄ес'ок, как'оф, г̄рад'о* – во Банско (БДА III, карта 1-4, 6-7, 10, 86, 118-119).

Ваква вредност за *ъ̥ познаваат и бугарските дијалекти на правецот Самоков - Елин Пелин (БДА III, карти 2, 3), значи на пограничјето меѓу *ъ̥ > /о/ и *ъ̥ > /а̣/-говори. Во одделни лексеми *ъ̥ > /а/ и во некои валовишки села, сп. *сан, мах, даш, в'анка* (Иванов, 1972 : карта 1 и коментарот кон неа; 1977 : 70).

Различни вредности во членските форми кај именките и кај придавките место *ъ̥ се јавуваат во повеќе пунктови во преодните области меѓу *ъ̥ > /о/ и *ъ̥ > /ӑ/-говори, сп. *вр'ат̄о, кл''учо, м'озуко* : *г̄ул'емиа̣, ср'едниа̣ п̄ӑрс, т̄р'ет̄иа̣* Дервишан (Серско), *брег̄'о, свет̄'о, в'олу* (< *в'оло*), но: *ст̄'ариа̣, н'ашиа̣* Разлог (Алексиевъ, 1931 : 111).

11. Источната изоглоса на континуантот /е/ < *ь̥ ја преминува јазичната граница меѓу македонската и бугарската јазична територија. Таква замена познаваат сите источни и југоисточни македонски *ъ̥ > /ӑ/-говори, сп. *д'ен, л'ен, п̄р'азин, ж'един* (< *ж'еден*) во сушковисочкиот (Голомб, 1963 : 232-233), *л'есно, т̄емн'ица, ов'ес, оц'ет̄, ор'ел, г̄л'аден, звон'ец* во серско-драмските говори, *д'ен', л'ен', п̄'ен', ш'еф* во гоцеделчевскиот (Мирчевъ, 1936 : 15 нт.).

Во јужните македонски дијалекти на правецот Костур – Кајлар – Воден – Солун – Драма неакцентираното /е/, како што веќе спомнавме, се неутрализира со /и/, а во некои локални говори во одредено фонетско опкружување и со вокалот /ӑ/, одн. неговиот алофон [а̣], сп. *ј'ара̣м, 'ост̄а̣н, к'от̄а̣л, 'ора̣л* : *г̄л'аден, к'онец* Тремно (Кајларско), *в'ит̄а̣л, в'ӑза̣л, к'ут̄а̣л, п̄'ет̄а̣л, ч'еша̣л'* покрај *б'олин, св'ет̄иц* Воден (Видоески, 1978 : 63-68), *к'она̣ц, кл'ина̣ц, вр'еда̣н, г̄р'оза̣н, 'ора̣л, ч'еша̣л'* : *свит̄'ец, п̄ит̄'ел* Миравци (Гевгелија), *б'ол'а̣н, в'ена̣ц, 'ора̣л* и *жив'ец, квас'ец, кут̄'ел* Дојран (Пеев, 1979 : 19, 32), *наж'ал'а̣н, п̄р'аза̣н* Ајватово (Солунско), *б'ола̣н, зл'ат̄а̣н* Драмско (Иванов, 1977 : 72). По овој пат одел развојот на /е/ и во формите *к'обал, к'от̄ал, к'ут̄ал, 'орал, п̄'ет̄ал* во костурскиот костенариски говор (Видоески, 1984 : 89).

12. Географската распространетост на рефлексот /*о*/ < *ъ̥ во коренските морфеми како најстабилен дел на зборoформите доволно сведочи дека неговото иновационо огниште се наоѓало на македонскиот јазичен ареал, подразбирајќи ги тука и некогашните македонски дијалекти во Грција и во Средна и Јужна Албанија (Селищев, 1931 : 285). Оттаму процесот се ширел на север и на североисток до границите што ги означивме погоре. Надвор од денешните граници на македонската јазична територија односниов процес (*ъ̥ > *о*) се стабилизирал на северозапад во областа Гора, на западните падини на Шар Планина (Видоески, 1986), и на североисток во Ќустендилско на бугарската територија. Меѓутоа, во афиксните делови на зборoформите, кои се инаку по својата природа и функција најподвижни, рефлексот /*о*/ < *ъ̥ се јавува на поширока територија. Во сретечкиот говор на српската јазична територија, видовме, тој редовно се јавува во суфиксот *-ок* (< *ъkъ). Таму во суфиксите редовно се јавува и /*е*/ место *ь̥, додека во коренските морфеми двата јера (*ъ̥, *ь̥) се изедначиле и се трансформирале во /*ă*/. Миливој Павловиќ, кој е најдобар познавач на овој дијалект, вредностите /*о*/ и /*е*/ место *ъ̥, *ь̥ овде ги објасни како нанос од југ, од македонските дијалекти (Павловић, 1939 : 66).

Континуантот /*о*/ < *ъ̥ во афиксите (во префиксот *со-* во суфиксите *-ок* и *-ов*) и во членската морфема *-о(т̄)* се јавува подлабоко и во северозападните бугарски дијалекти (сп. БДА III: карти 4, 7, 167, 168, IV: карти 2-4, 6-7, 167) и тој тука не може да се објасни фонетски од проста причина што во коренските морфеми *ъ̥ е заменето со /*ă*/ или со /*а*/. Останува како најверојатно да го прифатиме мислењето на Селишчева дека и во овие дијалекти (без ќустендилскиот) /*о*/ < *ъ̥ во споменативе морфеми претставува импорт од запад (Селищев, 1918 : 24-29).

1990



Континуантите на *ъ и *ь
во дијалектите
на македонскиот јазик*

*Картата според текстот на Б. Видоески ја приреди Марјан Марковиќ

1.6. РЕФЛЕКСАЦИЈАТА НА *ě

0. На македонскиот јазичен ареал место прасловенскиот **ě* (стсл. ѣ) се констатирани следниве гласовни вредности: */’ä/, /ʲä/, /ä/, /’a/ – /a/, /ε/, /ʲe/, /e/.*

1. Јат (**ě*) со статус на самостојна фонема се среќава во пет географски региони на југозападната, југоисточната и источната јазична периферија, поточно: во корчанскиот (бобоштенскиот) говор во Јужна Албанија, во неколку села во лагадинското говорно подрачје (Балевец, Висока, Зарово, Илинец, Сухо), во говорот на солунското село Ајватово, во разлошко-банскиот говор и во еден број населби во Гоцеделчевско (Неврокопско) и во Драмско.

1.1. Најдоследно во сите фонетски позиции (без оглед на карактерот на следниот слог или следната согласка) */ä/* се чува во лагадинскиот говор и се реализира во два алофона – [’*ä*], низок преден фон, во акцѐнтиран слог, и [’*а̣*], во неакцентирана позиција; вториов фон треба да се третира како позициона варијанта на */ä /*. Сп. примери:

б’’äл – б’’äла̣ – б’’äлу – б’’äли, б’’äлка̣, б’’äсну, в’’äјка, в’’äрни, зр’’äлу, кл’’äш’ти, нив’’äста̣, пр’’äсин, р’’äпа̣, с’’äка̣д’а̣, с’’äкуј, тр’’äбува̣, тр’’äска̣, ц’’äп (под акцент), одн. *бр’’äк – бр’а̣г'о, бр’’äс – бр’а̣ст'о, д’’äл – д’а̣л'о, л’’äк – л’а̣к'о, сф’’äт – сф’а̣т'о, в’’äж’да̣ – в’а̣ж’д'ата̣, вр’’äва̣ – вр’а̣в'ата̣, р’’äка̣ – р’а̣к'ата̣* (Сухо), *б’’äга̣м, бр’’äк – бр’’äгуwи, wр’’äм’а̣, д’’äду, д’’äт’а̣, д’’äтл'а̣, др’’äмка̣, л’’äш’ник, м’’äсиш’, н’’äкн’а̣, р’’äтук, с’’äка̣ / с’’äч’а̣, с’’äдба̣, с’’äм’а̣, ц’’äд’а̣, м’’äх – м’а̣х'от, сф’’äш’ – сф’а̣ш’т'äта̣, зw’’äзда̣ – зw’а̣зд'äта̣, м’’äсту – м’а̣ст'а, н'оѕ’а̣ – нуѕ’’äта̣, 'ор’а̣х, стр’а̣д’’ä н'ош’, б’а̣л'илу, л’а̣к'арин, сф’а̣т'илу – сф’а̣тил'а* (Висока), *в’’äра̣, гн’’äзду, л’’äк, м’’äра̣, п'огул’’äми, фл’’äзи, ид’’äти* (2 л. мн. заповеден начин) (Балевец), *гр’’äх, п’’äсна̣, с’’äј* (*сее*), *н’’äм* (Илинец), *wр’’äм’е̣, н’’äма̣л, ц’а̣д'иш’, wид’’äли, умр’’äну, умр’’äла̣* (Зарово).

Само во неколку случаи место **ě* е забележано */a/*, сп. *л’’ап – л’’абут, л’’апч’и, л’’ату – л’а̣т'а, л’’аwу, мл’’аку – мл’а̣к'а, мл’’ач’ка̣, мл’’ач’на̣ кр'аwа̣, мл’’аш’ник, сл’’ас, сл’’аwа̣, изл’’аwа̣, фл’’аwа̣* (главно зад *л*), *п’’асук* (Висока), *ц’’ал – ц’’алу, ц’’асту* (*тесто*) (Сухо), и */e/* во: *д’’еwер’, w'едру, сфит'е* (*цвете*), *wрит'ену* (*вретено*), *wинч’’аwа̣, wек, м’’еру* (Висока, Сухо). Примерите со */e/* претставуваат, секако, импорт од граничните долновардарски говори.

Забелешка: Во говорот на с. Висока */ä/* е добиено и од */a/* во некои случаи во позиција зад */ч’/*, сп. *ч’’äш’а̣, ч’’äш’ка̣*.

Фонемата */ä/* егзистира во вокалниот систем:

/u/ /y/

/e/ /ă/ /o/

/ä/ /a/

кој во неакцентирана позиција се сведува на три члена:

[и] [у]

[ạ]

по редукцијата на /e/ > /u/, /o/ > /y/, а /ă/, /a/ и /ä/ се редуцирале во фонот /ạ/.

Вокалот /ä/, кој редовно ја палатализира претходната согласка, стои во корелација со /a/ како негов преден член, сп. *б''äл* (*бел*) : *б’ал, бр''äк* (*бр’ạг'от*) : *бр'ак* (*бр'акут*), *д''äл* (*д’ạл'от*) : *д'ал* (*дạл'от* ‘гранка’) или *д'ал* (л-парт.), *в''äрạ* : *в'ар’ạ* (гл.) *сл''äп* (*слеп*) : *сл'ап – сл'абạ, сф''äт* : *сф'ат,* а со /e/ корелира по признакот низок – висок, сп. *л''äк* (*лек*) : *л''ек* (*лесен*).

1.2. Во разлошко-банскиот говор /ä/ се јавува само во акцентирани слогови без оглед на карактерот на следниот слог и/или следната согласка, додека во неакцентирана позиција се неутрализира со изговорот на /e/; освен тоа, во разлошкиот рефлексот на **ě* не влијае на реализацијата на претходната согласка, сп.: *бäл – б'äлạ – б'äлу – б'äли, бр'äк – брег'о, в'äтер, гр'äшкạ, гул'äми, д'äду, др'äн – дрен'о, кул'äну, кл'äшчи, л'äтусќа, н'äм – н'äмạ – н'äму, нев'äстạ, н'äкуј, мл'äку, п'äна, пл'äва, р'äкạ, р'äтку, сл'äме, стр'äạ, с'äну, с'äкạ, фл'äзе, чув'äк,* но: *брег'о, дрен'о, дет'е, ждреб'е, ѕвезд'а, пес'ок, рек'а* (Банско), *б'äл’кạ, б'äгạ, вр'äме, вр'äтишче, л'äшник, нед'äл’е, сн'äк, т'äсен, б'äх – б'äше, р'ечи – реч'äте* (Елешница), *др'äн – дрен'о, л'äпи, л'äгạм – легн'ал, мл'äку – млек'оту, р'äжạ, р'äкạ – рек'атạ, сл'äзи, стр'äдạ – сред'атạ, т'äсен, мин'äх, дујд'äте, зем'äте, к'упи – куп'äте, р'ечи – реч'äте* (Алексиевъ, 1931 : 103); сп. *ден'ä* (*дење*) – *ден'е* (*денот*), *з'äл* (*зева*) – *з'ел* (*земе*), *нạв'äл* (*навее*) – *нạв'ел* (*наведе*), *р'äкạ* (*река*) – *р'екạ* (*речам*). Исключок претставуваат примерите во кои **ě* се наоѓа зад *ц* (**cě-*); во таа позиција редовно има /a/, сп. *ц'ади, цạд'илкạ, цạн'и, цạн'а, цал, ц'алинạ, цạл'увạм, ц'ạпи* (и во неакцентирана позиција, Алексиевъ, 1931 : 104).

Фонемата /ä/ во разлошко-банскиот говор функционира во следниот вокален систем:

/u/ /y/

/ă/

/e/ /o/

/ä/ /a/

одн. (во неакцентирана позиција):

[*и*] [*у*]

[*ӑ*]

[*е*]

[*а̣*]

Забелешка: Фонемата /*ä*/ во разлошко-банскиот е добиена и од /*a*/ во секвенцата /*ча*/ > /*чä*/, сп. *ч'äша̣, ч'äка̣м, уфч'äр, вуденич'äр, б'абечӑнин, д'упничӑнин, пу-ч'äс,* но *гр'ӑнчер'ету.*

1.3. Нешто е посложена ситуацијата со рефлексацијата на **ě* во гоцеделчевското (неврокопското) и драмското говорно подрачје.

Во северозападните гоцеделчевски села што се наоѓаат северно од линијата Брезница – Филопово се чува стариот изговор на **ě* под истите фонетски услови како во разлошкиот говор, сп.: *б'äше, бел'äшка, в'äшка, мр'äжа, н'äшто, св'äшта, ср'äшне, чер'äши* (Обидим), *вр'äме, гол'äми, нед'äл'а*, покрај *в'ешка, б''али* (Брезница, в. БДА III, карти 26-29, 34-37).

На другата територија на гоцеделчевскиот говор наоѓаме шаренило на континуанти. Според Мирчев (1936 : 21-24) стариот изговор /*ä*/ се чува во акцентирани слогови, најчесто пред мек слог и со смекнување на претходната согласка, сп. *д''äт'е, го̣л''äми, см''äш'н'и,* или јат е заменет со /'*a*/ често независно од акцентот, но скоро секогаш пред тврд слог, сп. *р''ака̣, м''асто̣, т''аса̣н', т''аха̣н', уч''аш'е*, но тој наоѓа и примери со рефлексот /ʲ*e*/ (затворено *е* со јотација) во акцентиран слог и пред мек слог, сп. *п'ʲесн'ẹ, в'идⁱẹх, 'ʸорⁱẹх, добр'ʲе, зл'ʲе.* Во неакцентирана позиција, како и во разлошкиот говор, има рефлекс /*e*/, сп. *вр''äм'ẹ – вр'емẹн'а, т''äло – т'ẹл'а.*

Вакво шаренило во замената на **ě* е потврдено и во материјалот што го дава Бугарскиот дијалектен атлас, сп. *б''äли, вр''äме, гол''äми, д''äте, м''äсец, пл''äмните, с''äмето, тр''äсни, дв''äста*, но и: *в''атер, изл''азе, н''ашто, уч''ахме*, редовно *цал'*, и со /*e*/: *понед'ел'ник, св'ет'ат, с'енка, чер'еши* (Делчево, п. 4556), *б'äло, д'äдо, л'äп, л'äпно, м'äсто, нев'äстата, р'äтко, с'äкој, т'äсно, в'äшка, пр'äчи, св'äшта*, но *б''ала, гол''ами* (Осиково, п. 4126), *б''äли, вр''äме, д''äди, ѕв''äзди, пл''äт'е, мл''äкце, нев''äсти, узр''äли,* и: *л''ат'е, сед''анки, фл''азе, чув''аци* (Либјахово, п. 4591, карта 27).

Слична е положбата со рефлексацијата на **ě* и во некои пунктови во драмското говорно подрачје. Јордан Иванов (1977 : 75-76) во северните и северозападните мрвашки села (Ловча, Г. Броди, Трлис, Фраштени и др.) констатирал рефлекс /*ä*/ во акцентиран слог кога зад него следи мек слог и/или шушкава согласка (*ш, ж, ч*), сп. *б'äше, м'äсец, мр'äж'а, д'äте, вр'äме, нид'äл'а, с'äме,* ретко и /*e*/: *сл'езе, фл'езе*, а пред слог со тврд вокал /'*a*/: *б''ал, д''адо, б''аса̣н, л''ап, мл''ако*; исто и во некои пунктови во областа Чеч, сп. *б'äс, вид'äт, д'äте, м'äсец, уч'äше,* покрај *д''адо, мл''ако* (Добрен, Ракиштен). Од говорот на селата Зрнево (Мрвашко) и Скрижево (Зилјаховско) тој приведува и примери со рефлексот /ʲ*e*/ во акцентиран слог независно од карактерот на следниот слог, сп. *б'ʲел, гр'ʲешка, д'ʲете, р'ʲека, сн'ʲек* и др.

1.4. Во корчанскиот говор (Бобоштица и Дреновени) **ě* > /ʲä/ и тоа само во акцентиран слог, како во разлошкиот, додека во неакцентирана позиција има рефлекс /e/, сп. *б'ʲäг̄ам – бег̄'аме, б'ʲäл / б'ʲäла / б'ʲäли – бел'от̄о, в'ʲäра – вер'ат̄а, г̄ол'ʲäмо – г̄'олем, д'ʲäл / д'ʲäло – дел'ови, л'ʲäп̄ / л'ʲäбо – леб'ови, л'ʲäт̄о – лет̄'от̄о, м'ʲäра – мер'ат̄а, нед'ʲäл'а – недел''ат̄а, чов'ʲäко – ч'овек, човекот̄'ог̄о, г̄лав'ʲäт̄уј – г̄л'ава, жен'ʲäт̄уј* (дат. ед.), *сест̄р'ʲäт̄е* (мн.), *сест̄р'ʲäт̄ем* (дат. мн.), *г̄'олем – г̄ол'ʲäма, г̄олем'ʲäт̄уј* (дат. ед.), *п̄'ијеш – п̄и'ʲäме, п̄и'ʲäт̄е, н'оси – нос'ʲäт̄е* (импер.), *н'осеј – нос'ʲäше, 'умрен – умр'ʲäно* (Mazon, 1936 : 15-16, 35).

На овој начин во говорот на Бобоштица се сложил шесточлен вокален систем, ако ги исклучиме маргиналните фонеми /ü/ и /ă/ во акцентирана позиција:

/u/	/y/
/e/	/o/
/ʲä/	/a/

односно петочлен во неакцентирна позиција:

[*и*]		[*у*]
[*е*]		[*о*]
	[*a*]	

Забелешка: Во Бобоштица /ʲä/ е добиено и како континуант на **ę* и место **a* зад меките согласки, главно во секвенците /*ја, жа*/, сп. *ј'äзик – ез'ико / ез'ици, ј'äска, ј'äјце, ж'ʲäба – жеб'ат̄а.*

1.5. Во говорот на селото Ајватово (Солунско), според Малецки (1936, А 96), **ě* се рефлектирало во "звук нешто поширок од етимолошкото *е*, но потесен од *ä*, кој не ја смекнува паретходната согласка (го означуваме овде како *ε*); се среќаваат исто така и остатоци од **ě* > *'а*", сп. *б''εла, д''εт̄и, ж'р'εп̄ч'и, л'εп̄, н'ид'εл'а, п̄'εсна, п̄ул'εна, п̄онд'εлнак, р'εт̄ка, с'ε ка, ц'εwа, цф'εт̄,* но *кул''ано, л''ат̄о, т̄''аст̄о.*

Според тоа и во ајватовскиот говор во акцентирана позиција, како во сушковисочкиот, има седумчлен вокален систем:

/u/		/y/
	/ă/	
/e/		/o/
/ε/	/a/	

2. На еден доста широк ареал, но не и континуиран, на серско-драмското говорно подрачје и во повеќе населби во Гоцеделчевско (Неврокопско) **ě* > /'a/ во акцентирана позиција и /e/ во неакцентираните слогови.

Во серско-валовишкиот и во драмскиот полски говор рефлексот /'а/ се јавува готово редовно во акцентирана позиција независно од карактерот на следниот слог и следната согласка, сп. _бр''ак, в''аил_ (веел), _вр''аме, в''атер, вр''ави, гул''ам – гул''ама̣ - гул''аму – гул''ами, дв''а, дв''асте, жр''абе̣, ѕв''азда̣, с''ал_ (сејал), _с''аме, ц''ава̣, ц''апи,_ но: _бре̣г'о, сне̣г'о, л''ату – ле̣т'оту, р''ака̣ – ре̣к'ата̣_ (Секавец), _б''ага̣, б''алио̣, кул''ану, н''акуј, нив''аста̣, п''асна̣, пл''ава̣, ц''ал_ : _сне̣г'о, гн''азду – гнизд'иќ_ (< _гнезд'иќ_), _с''ача̣м – сич'еш_ (Савек), _д''адо, м''асто, нид''ал'а, гр''ашка_ (Иванов, 1977 : 75), _б''ал – б''ала̣ - б''ало̣ – б''али_ : _бе̣л''ак, б''аса̣н – б''асна̣ – б''асно – б''асни, бр''аме̣, бр''ак – бре̣г'ӑ, в''ара̣, вр''аме̣ – вр''аме̣та̣, гул''ам, д''ате̣, зв''ар, л''ато̣ – ле̣т'а, мл''ако̣ – мл''ач'на̣ – мле̣к'ото̣, ц''алина̣, ч'ул''ак, ја̣д''ах, умр''ала̣, вид''ах – вид''ал_ и др. (Плевна), _б''асни, гол''ами, л'ап, гр''ашка, им''аше, п''ана_ (Иванов, 1977 : 75).

Во мрвашкиот дел од драмското подрачје рефлексот /'а/ позиционо е уште поограничен: се јавува, главно, во акцентирана позиција и кога следи слог со "тврд" вокал, сп. _б''асан, б'ал, б''ала, гол''ама, д''адо, др''амка, л''ап, мл''ако, пл''ава, р''ака – рек'ата,_ додека пред меките слогови и пред шушкавите согласки има рефлекс /ӓ/ кој често преминува во /е/, негде и во /ʲе/, сп. _б'ӓше, м'ӓсец,_ одн. _сл'езе, м'есец_ и др. (Иванов, 1977 : 75: Видоески, 1994 : 16). Вакво шаренило во рефлексацијата на *ě Иванов констатирал и во чечкиот говор, сп. _б''ала – б''али, в''ајка – в''ајки, гол''ам – гол''ами,_ но и _д'ӓте, добр'ӓ, р'ӓка, уч'ӓше_ (Иванов, 1977 : 76).

И во гоцеделчевскиот (неврокопскиот) говор, како во мрвашкиот и во чечкиот, нема полно единство во рефлексацијата на *ě. Во една иста фонетска позиција во одделни лексеми можат да се јават рефлексите /'а, 'ӓ, е/, а по правило /'а/ се јавува во акцентиран слог кога следи слог со "тврд" вокал, сп. _м''асто, м'а'ш'ка̣, р''ака̣, т''аса̣н', т''аха̣н', тр''або̣ва̣, ч'ув''ак, уч''аш'е,_ додека пред мек слог и пред согласката /ш/ има рефлекс /'ӓ/ _го̣л''ӓми, д''ӓт'е, м''ӓсец, см''ӓш'н'и, на̣пр''ӓш', сф''ӓш'._ Во неакцентирана позиција има рефлекс /е/ (Мирчевъ, 1936 : 21-25). Недоследноста во рефлексацијата на *ě добро може да се следи и на дијалектните карти во БДА III; за илустрација го покажуваме материјалот од селото Делчево, кое се наоѓа во непосредната околина на градот Гоце Делчев: _б'ал, д''адо, нед''ал'а, ред''ах, сед''ах, дӑрж'ах, суш'ах, жив''а, н''ашто, уч''ахме,_ но и _в''атер, изл''азе_ : _дв'ӓсте, б''ӓли, вр''ӓме, гол''ӓми, гр''ӓшка, д''ӓте, м''ӓсец, пл''ӓмните, с''ӓмето, с''ӓнце, тр''ӓси,_ и /е/: _с'енка, понд'елник, св'ет'ат, с'ејат, чер'еши, н'ема,_ во неакцентирана позиција: _млек'ар, стен'а, венч'ило, в'ӑтр'е, г'оре, н'ејде, 'утре,_ и др. (БДА III, карти 26-37).

Западната граница на рефлексот /'а/ место *ě (во акцентирана позиција) оди приближно по правецот на селата Буково – Брезница (на гоцеделчевскиот дел) – Сушица – Рожен – Хрсово (на петричко-санданското говорно подрачје) – Хоџово – Рупел – Тодорци – Џума махала (Валовишко) – од каде што линијата свртува на југ – поминува нешто позападно од с. Секавец и се спушта во областа Богданско (сп. БДА III, к. 26, Иванов, 1972, к. 16, Видоески, 1994. Во одделни случаи овој рефлекс ('_а_) напоредно со рефлексот /е/ може да се сретне и нешто позападно на петричко-санданското говорно подрачје, сп. _гол''амо, л'ап, с''анка_ и др. (Видоески, 1989 : 10), по некој пример и во сушко-височкиот говор (сп. погоре).

3. Во најголем дел од македонското јазично подрачје *ě > /e/ во сите фонетски позиции, сп. *бел, бела, бело, бели, бега(м), време, грешка, голем, дете, лето, река*, и редовно така во сите дијалекти од западното наречје, во северните и во југоисточните дијалекти на исток сѐ до границата со *ě > /’a/ и /ä/ – рефлексите. Освен тоа, рефлексот /e/ е констатиран и во неколку оази во рамките на серско-драмско-гоцеделчевското говорно подрачје: во шест села (Старошево, Голема Махала, Мрсна, Пурлида, Мантар, Бурсук) во Валовишко околу Бутковското Езеро, сп. *бел, б'ела, б'ели, д'ете, две, м'есиц*, во три-четири села источно од Сер, сп. *бел, б'ела̣, б'ели, вр'еме̣, гул'ем, гр'ешка̣, дв'е, жил'езо̣, мех, не̣д'ел’а̣, чув'ече̣* (од мојот бележник – Дервишен), во зилјаховскиот говор, сп. *б'егам, в'ера, вр'еме, д'едо, п'еса̣к, р'ека;* на мрвашкото подрачје во говорот на селото Зрнево, сп. *в'ета̣р, гн'езду, д'едо̣, д'ете, мех, л'етус, п'еса̣к, р'ека̣, сн'ек – сне̣г'о, т'ехно̣*, покрај /ʲe/ : /*б'ʲела̣, гр'ʲешка̣* (в. подолу); во три села (Борен, Тисово, Расово) во областа Чеч, сп. *бр'еза, б'ела, вр'еме, в'ера, в'ешки, дрен, р'ека* (Иванов, 1977 : 75-81; 1970 : 18 нт.).

Во гоцеделчевскиот говор рефлексот /e/ се јавува спорадично во разни пунктови напоредно со /’a/, негде со /’ä/ и/или со /ʲe/, сп. *бел'ешка, б'еше, в'ежда, мр'ежа, чер'еша, вр'еме, м'есец, нед'ел’е̣, пунд'ел’ник*, покрај *см'äшна, б’’äли, вр’’äме, ѕв’’äзди, мл’’äкце, нев’’äсти, узр’’äли*, и: *фл’’азе, чув’’аци, н’’ашто, см’’ашна* во говорот на с. Либјахово (БДА III, карти 27 и 28), *в'ешка, гр'ешка, свеш, ср'ешна*, но *б’’аше, гр’’ашка, мр’’ажа, мл’’ачна, см’’ашна* (Грмен, БДА III, карти 27-28 и коментарите кон нив).

3.1. Во неколку пунктови во Гоцеделчевско и во Драмско покрај рефлексот /e/ во акцентирана позиција без оглед на карактерот на следниот слог се среќава и алофонот [ʲe] – затворено *е* прејотирано. Како регуларна појава ваков изговор за јат Јордан Иванов има констатирано во говорот на гоцеделчевските села Долене и Сатовче, сп. *брʲек, бр'ʲеза, бʲел, б'ʲела, б'ʲелу, б'ʲегам, в'ʲетер, в'ʲервам, вид'ʲел, вр'ʲеме, грʲех, гр'ʲешка, гул'ʲема, д'ʲете, д'ʲеду, лʲеп, л'ʲету, мл'ʲеку, м'ʲера, нам'ʲери, н'ʲекуј, п'ʲесак, пл'ʲева, р'ʲека, с'ʲекуј, т'ʲесну, т'ʲехна, умр'ʲел* (Иванов, 1968 : 17). Во другите гоцеделчевски села овој преглас се јавува спорадично, сп. *д'ʲет’е̣, на̣м'ʲерц, п'ʲесн’е̣* (Грмен, Мирчев, 1936 : 22), а Иванов констатирал таков изговор уште во селата Тешово, Гајтаниново, Лаки (1968 : 17), и на драмското говорно подрачје во екавските пунктови Зрнево во Мрвашко и Скрижово во Зилјаховско, сп. *б'ʲесан, в'ʲерно, в'ʲешка, гн'ʲездо, зв'ʲезда, м'ʲесто, смʲех* (Скрижово), *гр'ʲешка, д'ʲете, бʲел, кр'ʲекам, м'ʲесто, р'ʲека, снʲек*, покрај *д'ете, гн'езду, мех*, итн., или *гл’’ато, фл’ал, б’’ахме* (Иванов, 1977 : 76; 1972, карти 16-22 и коментарите кон нив).

4. Во поглем дел од источните македонски говори на правецот Воден – Гевгелија – Струмица – Радовиш – Берово – Благоевград рефлексот на *ě во позиција зад *ц* (*cě) отстапува од општото правило. Во тие говори како континуант се јавува /a/, во некои говори тој се среќава во сите случаи, а понегде се лексикализирал во одделни случаи, а во други има регуларна замена без оглед на местото на акцентот, сп. *цаф, ц'афка, ц'ади, цад'ило, цад'илка, процад'и, проц'адува, ц'атка, цал, ц'ало, цал'ива, цалин'а, ц'ана, уцан'и се, ц'апи, процап'и, цап'ец, ц'апеница* – во малешевско-пијанечките говори, *ц'аде, ц'атка, цад'илка, цал, цал'ива, ц'алина, ц'ане се, цан'ил се, ц'апши, ц'апец – ц'апци, расц'апен к'амен, ц'апе-*

ница, ц'афка, но и *цепен'ица, ц'ене, цеп'отина, ц'епеше б'орна* – во одделни пунктови во Кочанско, *цал ден, ц'али чор'апи, ц'апиш, ц'адам, за в'ино цад'ење, ц'апка, цаќ* и *цеќ, ц'анет, ц'апни го, расц'ани* – во штипскиот (Маневиќ, 1952 : 35-37), *ц'алина, ц'аде, цад'илка* – Радовиш, *ц'аде, цад'ило, ц'афка, цал, ц'алина, ц'ана, ц'апци, цапен'ица, пр'оцап* – Петричко, *цал, цаф – ц'ава, цад'ил'ник, цал'ина, ц'ана, ц'апи* – Разлошко (Алексиевъ, 1931 : 104, Видоески, 1987 : 26), *ц'ава, цаде, цадилка, цал* – Гевглиско (Ивановъ, 1932 : 74), *ц'аде, цад'илка, ц'афка, цал'ива, цал'ина, ц'али, ц'апе, ц'апуви* – Меглен (Саботско). Во јужниот појас на долновардарските говори на правецот Воден – Ениџе Вардар – Кукуш се среќаваат напоредни форми со /*а*/ и со /*е*/ или превладуваат лексемите со /*е*/, сп. *цад'ило,* но *цел, ц'епци, ц'ефка* – Ениџевардарско (Илиџиево), *ц'алина* покрај *ц'елина,* но само *цеп, ц'ева, цел, ц'едум* – Кукушко (Мутулово, Крецово). Јужната граница на континуантот /*а*/ во споменатата позиција оди приближно по правецот Ениџе Вардар – Кукуш; северно од оваа линија екавски изговор зад *ц* превладува само во дојранскиот говор, сп. *ц'ева, цел, ц'елинạ, ц'едум, ц'епе* (Пеев, 1979 : 33).

На серско-драмското и гоцеделчевското говорно подрачје, каде што зад другите согласки има рефлекс /*’а*/ и/или /*’ä – ä*/, "тврдо" /*а*/ зад /*ц*/ се јавува само во северните струмски и мрвашки села, сп. *цал, ц'ала, ц'аде, ц'алина, цал'иваме* (Иванов, 1977 : 78; 1972, карта 22), во гоцеделчевскиот говор, сп. *цал, ц'ал’к’и, ц'апи* (Мирчев, 1936 : 25, сп. и БДА, карта 33) и во чечките села. На другата територија во Серско и во Драмско има рефлекс /*’а*/, сп. *ц’'ава, ц’'ади, ц’ал, ц’'али, ц’'апи, ц’'апуве* – Серско, с. Секавец, (сп. Видоески, 1990 : 46), *ц’'ади, ц’ал, ц’'алинạ, ц’'анạ, ц’ап, ц’'апи, ц’'аткạ* (Видоески, 1993 : 16; Иванов, 1977, 1978). Во екавските оази се среќаваат примери и со /*а*/ и со /*е*/, сп. *цел, ц'ели,* и *ц'ал, ц'ала, ц'ало, ц'алина* – во зилјаховскиот.

4.1. Втор исклучок од регуларната замена на **ě* во некои македонски говори претставуваат лексемите *орев* и *трева.* Во северниот дел од македонската јазична територија тие се употребуваат во фонетскиот облик со *а*: *трава* и *ор'а* (во кумановско-кратовско-кривопаланечкото подрачје), *'ора* (Скопска Црна Гора, Вратница), *ораф* и *орај* (во тиквешкиот говор), *ораф(в)* (во велешкиот, скопскиот, полошкиот), *орас* (во Жировница, во потесното гостиварско говорно подрачје, во говорот на Скопска Торбешија и во одделни пунктови во Скопската Блатија). Јужната изоглоса на рефлексот /*а*/ во овие лексеми оди приближно по правецот Жировница – Маврово – Куново (на гостиварскиот дел) – Ботуше – Растеш (Порече) – Држилово – Градовци (Скопско), потоа свртува на југ на правецот Градовци – Богомила (Велешко) – Конопиште (Тиквеш); од Конопиште границата свртува на североисток, го сече Вардар кај Демир Капија, и продолжува по правецот малку нешто поисточно од Радовиш и Кочани и излегува на државната граница меѓу Македонија и Бугарија источно од Крива Паланка.

4.2. На македонскиот терен со /*а*/ место **ě* се констатирани уште два примера: *преѕ'алуам* (сп. стсл. ѕѣло) ‘претерувам’ во мариовскиот говор (Конески, 1981 : 58) и *жл’аб'ина, жл’аб'ините* (жлѣб-) во Штипско (Маневиќ, 1952 : 25).

5. Врз основа на претходниот материјал и неговата географска лоцираност можеме да го констатираме следното.

Прво. Рефлексацијата на *ě* длабоко се одразила на формирањето како на вокалните, така и на консонантските системи во повеќе македонски говори, а со тоа истовремено придонесла и за дијалектната диференцијација на лингвогеографски план. Во корчанскиот, сушковисочкиот и разлошкиот говор рефлексот на **ě* – /*ä*/ станал важен диференцијален признак на вокалниот систем. Во сушковисочкиот, серско-драмските и во гоцеделчевските говори со учество на рефлексите на **ě* (*'ä, 'а*) настанала цела серија меки согласки со фонемски статус, сп. *брак – бр'äк, дал – д'äл, в'ар'а – в'äра̣, слат – сл'äт*, итн. На тој начин во тие говори бројот на консонантските фонеми значително се зголемил и тие станале една многу важна дијалектна диференцијална посебност.

Второ. Со рефлексацијата на **ě* дошле до израз и бројни фактори што играле, па и денес играат, важна улога во структуирањето на фонолошките системи на јужните и југоисточните македонски дијалекти. Го имаме предвид на прво место акцентот. Погоре истакнавме дека рефлексите /*'ä, ä, 'а, ε*/ се реализираат само во акцентирани слогови, додека во неакцентираните редовно има рефлекс /*е*/, кој во говорите со редукција може да се редуцира во /*е̣*/ и/или /*и*/, во некои позиции и во /*ă*/, сп. *р''äка̣ – ре̣к'ата̣ / рик'ата̣, бр''äк – бре̣г'о.*

Во некои локални говори во драмското и гоцеделчевското говорно подрачје врз рефлексацијата на **ě* можел да влијае и карактерот на следниот (неакцентиран) слог, како и некои консонанти (*ш', ж', ч'*); во некои северни мрвашки села (Драмско) место **ě* во акцентиран слог се среќаваат два рефлекса: /*ä*/ кога следи слог со преден вокал, негде и пред шушкава согласка, и /*'а*/, ако следниот слог има вокал од заден ред, сп. *вр'äме, д'äте̣, б'äш'е̣, мр'äж'а̣*, но *б'ал, б''ала̣, мл''ако̣.*

Трето. Денешните рефлекси на **ě* истовремено го откриваат патот по кој се вршел процесот на рефлексацијата. Стариот дифтонг *ʲä* се задржал, можеби во нешто малку поизменето звучење, само во два периферни пункта – во бобоштенскиот говор (Корча), сп. *мл'ʲäко* (: *млек'ото*) и во сушко-височкиот говор (Лагадинско), сп. *мл''äку* (: *млик'оту*), одн. *мл''ʲäку*. Во разлошкиот говор и во некои пунктови во мрвашкиот говор и во гоцеделчевскиот палаталната компонента на дифтонгот се загубила, сп. *мл'äку*, додека во говорите од серско-драмското и гоцеделчевското подрачје палаталната компонента се асимилирала во претходниот консонант: *мл''ако̣.*

Таму каде што **ě* се прегласило во /*е*/, јотираниот дел од дифтонгот се загубил, сп. *г'олем – гол'ем*, освен во погоре споменатите оази во Гоцеделчевско и во Драмско, каде што може тој уште да се чуе и тоа само во акцентирани слогови, сп. *р'ʲека̣ – ре̣к'ата̣.*

Во секвенцата *ца-* (< **cě-*) (*цал*) е одразена старата веларизација на јат зад *ц* (Конески, 1981: 58). Исто тоа важи и за групата *ра-* (< **rě-*) во *ора(х)* и *трава*. И двете појави ги надминуваат границите на македонската јазична територија: *ра* се среќава на значително широк ареал на српската јазична територија, а *ца* зафаќа и еден дел од бугарските дијалекти (во родопските и во неколку оази на правецот Софија – Пазарџик, сп. Стойков 1963 : 325, карта 4).

1996


1.1
1.2
1.3
1.4
1.5
2.
3.
3.1
4.
4.1
/e/ - /'a, 'ä, ä/
Југославија
Бугарија
Албанија
Грција
Крива Паланка
Куманово
Кратово
Злетово
Благоевград
(Г.Џумаја)
Делчево
Тетово
Скопје
Кочани
Св.Николе
Разлог
Банско
Пехчево
Гостивар
Велес
Штип
Берово
Гоце Делчев
(Неврокоп)
Радовиш
Сандански
(Св.Врач)
Мелник
Дебар
Кичево
Брод
Неготино
Кавадарци
Струмица
Петрич
Прилеп
Валовиште
Драма
Гевгелија
Дојран
Серез
Струга
Охрид
Ресен
Битола
Кукуш
Гуменце
Сухо
Лагадина
Острово
Воден
Лерин
Еница-Вардар
Солун
Негуш
Корча
Бер
Костур
Кајлар
Вардар
Црна Река
Брегалница
Струмица
Струма
Треска
Пчиња
Крива р.
Галик
Бистрица
ДРЖАВНА ГРАНИЦА

1.7. КОНТИНУАНТИТЕ НА ВОКАЛНИТЕ *r̥ И *l̥

1.0. На македонската јазична територија место прасловенските групи **tъrt*, **tьrt* и **trъt*, **trьt* денеска ги наоѓаме следниве вредности: *р̥, ӑр, рӑ, ӑр – рӑ, а̊р, а̊р – а̣р, а̊р – ӓр, ӓр, а̣р* и *ар*.

1.1. Вокалното *r̥* зафаќа најширок простор. Тоа се јавува во северните, централните, штипско-струмичките и пијанечко-малешевските говори. Со други зборови, се шири на целата северна и централна македонска територија северно од линијата Лерин – Демир Капија – Струмица. На исток изоглосата на оваа фонема оди нешто позападно од реката Струма на правецот Петрич – Благоевград (карта 1.1.). Сп.: *вр̥ба, вр̥ти, вр̥сник, гр̥ми, др̥во, др̥жи, зр̥но, кр̥с, кр̥ф, р̥ш* (Крива Паланка, Кратово, Куманово, Скопје, Видоески, 1953 : 156; 1962 : 58; Угринова, 1951 : 8), *вр̥, кр̥ф, пр̥сти, ср̥п, тр̥н, цр̥но* (Штип, Радовиш, Берово, Струмица, Неготино, Рожден, Филиповски, 1954 : 13; Кушевски, 1958 : 70), *пр̥во, ср̥це, р̥ѓа, р̥т, штр̥п* (Прилеп, Битола, Кичево, Галичник, Порече, Скопје, Велес, Конески, 1949 : 8; Видоески, 1957 : 40; Reiter, 1964 : 58).

1.2. Континуантот *ӑр* се шири по западната македонска јазична периферија на целиот простор од Тетово до Преспанското Езеро. Границата на тој дел меѓу *ӑр* и *р̥* ја сочинува планинскиот венец Сува Гора, Буковик, Бистра, Стогово, Караорман, Исток (кај Охрид), Бигла, Баба (кај Битола) и Нередската Планина (југозападно од Лерин). Освен тоа вредноста *ӑр* го исполнува и македонскиот терен јужно од линијата Нередска Планина – Ниџе – Кожуф – Беласица (карта 1.2.). Сп. *бӑрдо, бӑрчит, вӑртит, гӑрдо, гӑрло, ӑртит* (Гостивар), *бӑрзи, дӑрво, цӑрвен* (Челопек, Селищев, 1929 : 309), *мӑрдат, смӑркнат, пӑрстен* (Маврово), *бӑрго, вӑрнит, кӑрст, тӑрчит* (Дебар), *вӑртит, вӑрнит, цӑркоф* (Струга), *дӑрво, мӑртоф* (Охрид), *вӑртит, се кӑрстит, пӑрсти, ӑржје* (Ресен), *гӑрст, кӑрф, напӑрсник, пӑрст* (Костур, Кузовъ, 1921 : 96).

1.3. Во воденско-кукушкиот, дојранско-гевгелискиот, солунскиот и сушко-височкиот говор паралелно со група *ӑр* во одделни случаи (најчесто во еднosложни зборови и во групи од повеќе согласки) се јавува и изговорот *рӑ*. Сп.: *гӑрне, зӑрну* : *крӑф, прӑс, трӑн, срӑп* (Воден, Думевъ, 1943 : 25), *врӑх, крӑс* (Луковец, Воденско), *вӑртам, сӑрце* : *врӑфут, дрӑжи, крӑсти, црӑкфа* (Кулакија, Mazon – Vaillant, 1938 : 24), *вӑрба, дӑрже, сӑрце, цӑрно* : *брӑс, врӑшник, крӑс, крӑхче, прӑс, црӑн, рӑѓа, рӑжоф, рӑжаница* (Богданци, Гевгелиско), *вӑрне, мӑрзне, цӑрвен* : *врӑх, рӑш* (Гевгелија, Ивановъ, 1932 : 72), *дрӑш, крӑф* (Ватилак, Солунско, Oblak, 1896 : 39), *врӑх, рӑш* (Градобор, Oblak, 1896 : 39), *вӑрба, сӑрп, цӑрно* : *рӑш, рӑѓа* (Киреч Ќој, Вукчевиħ, 1905 : 116), *бӑркам, дӑрву, гӑрбач, зӑрну* : *дрӑва, дрӑжим, крӑхча, врӑфт, трӑн, хрӑскам* (Сухо, Висока, Голомб, 1962/63 : 237), *кӑрпа, кӑрф* : *прӑс, трӑн* (Сухо, Oblak, 1896 : 39), *гӑрло* : *грӑп* (Секавец, Серско), *вӑрба, гӑрп* : *крӑс,* *прӑс, врӑхци* (Календра, Серско), *кӑрвав, цӑрвен* (Горно Броди), *кӑрф, кӑрс, са̣рцето* : *кра̣ст'осах, смрӑдлиф, трӑне, трӑнлиф, трӑгна* (Неврокоп – Гоце Делчев, Мирчевъ, 1936 : 36), *свекӑрва, Гӑрмен* (Грмен, Неврокопско).

Во пиринските говори втората варијанта (*рӑ*) е уште почеста, негде таа и превладува (во разлошкиот, банскиот), а во благоевградскиот може да се смета и како единствена. Сп.: *вӑрше, цӑрвен* : *брӑза, врӑба, врӑх, дрӑво, срӑп, црӑлаф* (Петрич), *бӑрдо, дӑрво, дӑржиш* : *врӑбница, закрӑпка, крӑвник, стрӑшал, брӑс, врӑх, крӑс, срӑпове, трӑн* (Банско, Алексиевъ, 1931 : 101; Молерови, 1954 : 10), *дрӑво, крӑпа* (Разлог, Алексиевъ, 1931 : 101; Молерови, 1954 : 10), *дрӑво, зрӑно, етрӑва* (Покровник, Благоевградско, Христова); (карта 1.3.).

1.4. Континуантот *а̊р* зафаќа мало пространство. Ваков изговор познаваат десетина села во дебарската област Дримкол (меѓу Струга и Дебар), исто толку во областа Голо Брдо (на албанска триторија) и торбешкото население во струшките села Лабуништа и Подгорци (карта 1.4.). Сп.: *ба̊ршлен, ва̊рт, га̊рклен, ва̊рзанка, да̊ржеле, да̊рво, ва̊рнит, ка̊рт, ка̊ртица, ка̊рф, ка̊рчит, ка̊рстит, па̊рст, па̊рстен, а̊рж'ајнца, са̊рце, са̊рп, ча̊рф, та̊рнинка* (с. Луково, Дримкол), *ба̊ргу, ва̊рба, ва̊рнит, да̊рво, ја̊та̊рва, ка̊рша, ма̊ртоф, а̊рбет, а̊ржит, а̊рш, а̊рѓа, са̊рна, та̊рчат, фа̊рлит* (во говорот на Торбешите во Цепиште), *ба̊рзина, зава̊ртиле, та̊рпиле* (Дренок), *ва̊рвит, заа̊ржал, ца̊рвено* (с. Гиновец, Голо Брдо), *ва̊рзи, па̊рвиот, а̊ржнал* (с. Малестрани).

1.5. Во говорот на струшките села Радожда, Вевчани и Мали Влај, како и во говорот на селото Лин, кое се наоѓа на западниот брег на Охридското Езеро на албанската страна, изговорот *а̊р* се јавува само зад лабијална согласка, додека во другите случаи (зад нелабијални) имаме континуант *ӓр* (карта 1.5.). Сп.: *ба̊рдо, ба̊рго, ва̊рвит, ва̊рф, тва̊рдо, ма̊рдат, па̊рстен, фа̊рл'ат* : *гӓрне, гӓрци, се гӓрчит, дӓрво, дӓржит, ӓрш, ӓрѓа, зӓрно, кӓрф, кӓрт, кӓрстој, цӓрно* (Радожда).

1.6. Во неколку села во областа Река (Дебарско) *а̊* пред *р* (*а̊р*) место вокалното **р̥* се јавува само во едносложни и двосложни зборови. Во трисложните и повеќесложните имаме варијанта *а̣р* (карта 1.6.).Сп.: *ва̊р, ва̊рон, га̊рп, ка̊рф, ка̊рст, па̊рст, са̊рп, а̊рш, шча̊рк; ба̊рзо, ба̊рдо, ва̊рба, га̊рло, да̊рво, да̊ржит, за̊рно, ма̊ртоф, а̊рѓа, а̊рбет, па̊рво,* но: *да̣ржава, четва̣рток, да̣ржиме, а̣рѓата, па̣рвите.* Уште подобро тоа се гледа во формите на ист збор: *ка̊рст* : *ка̣рстови, а̊рѓа* : *а̣рѓоса, да̊рво* : *да̣рвото, да̣рвено, ца̊рвен* : *ца̣рвено, ца̣рвеница, ба̊ркат* : *ба̣ркаме, са̊ркат* : *са̣ркате, да̊ржит* : *да̣ржиме, изда̣ржаф, изда̣ржафте.* Ова правило важи и за акцентски целости од типот: *ва̣рзи-го, ва̣рзете-го* : *ва̊рзи, попа̣рсти* : *па̊рсти, крив'а-ва̣рба, н'а-ва̣рба* : *ва̊рба* (Жировница, Петрушевски, 1951 : 58; Поповски, 1959 : 112).

Ваков резултат за **р̥* наоѓаме и во говорот на Торбешите во Маркова Река (Скопско). Говорот на скопските Торбеши со жировничкиот се совпаѓа и по ред други важни особености врз кои може да се заклучи дека во постаро време тие претставувале една целост. Сп. од овие села: *ва̊рба* : *ва̣рбата, ва̣рбете, ва̊рнет* : *на̣варнат, га̊рне* : *га̣рнића* (Г. Количани, Држилово).

1.7. Континуантот *εр* ни е познат досега само во говорот на крајното југозападно костурско село Езерец: *бεрзо, бεршлен, вεрсник, гεрне, дεрво, дεрж'елје, εрт, εршта, кεртица, пεрсти, сεрце, тεрн, чεрн, чεрвен* (карта 1.7.).

1.8. Во говорот на корчанското село Бобоштица **р̥* е заменето со *ар* : *аржи, баргуј, царква, чарн, чарф, чарв'еник, чарн'ичка* (Mazon, 1936 : 32) (карта 1.8.).

1.9. Континуантот *а̣р* се среќава во југозападните костурски села на просторот меѓу Костур и Грамос, со исклучок на селото Езерец. Сп.: *па̣рст, па̣рстен, ца̣рви* (Желин), *ва̣рба, ва̣рни, да̣рво, ка̣рф, ча̣рно, ча̣рви* (Радигоже), *а̣рш, а̣ржен'ица, а̣рца, ва̣рба, ва̣рни, га̣рло, да̣рво, ча̣рн* (Галишта), *ва̣ро, ва̣рни, га̣рми, га̣рло, са̣рт, ча̣рвен* (Гратче), *ба̣рзо, ва̣рнешно, ва̣р, ца̣рно* (Псоре), *а̣рш, ва̣рба, се ва̣рна, да̣рво, ма̣ртовец, ча̣рвено* (Смрдеш, Mazon, 1923 : 19), *а̣рт, па̣рст, са̣рце, тфа̣рдо* (Нестрам), *ва̣рба, ка̣рт, па̣рсток, ста̣ршен, ха̣рчи* (Мањак, Małecki, 1934 : 323) (карта 1.9.).

2. Место групите **tъlt, *tьlt* и **tlъt, *tlьt* ни се познати вредностите: *л̥, ӑл, лӑ, а̣л, ол* (*оў*), *åл* (*åў*), *ал, äл, лу, ӑ, о, å, у*.

2.1. Вокалното *л̥* се среќава на доста ограничена територија: во малореканскиот (галичкиот) говор, вклучувајќи ги тука и мијачките оази во Битолско (Смилево) и Велешко (Папрадиште и Орешје), и во дел од кичевското и поречкото говорно подрачје. Сп.: *бл̥ва, бл̥скот, вл̥к, вл̥на, дл̥к, дл̥жен, дл̥го, жл̥т, јабл̥ко, кл̥к, кл̥нет, мл̥зет, мл̥ња, мл̥чит, спл̥знет, пл̥жај, пл̥н, сл̥за, тл̥чет* (Галичник, Белиќ, 1935 : 104-105), *вл̥к, вл̥на, мл̥зет, пл̥жаф, сл̥за* (Македонски Брод), *јабл̥ко, кл̥нит, пл̥но, сл̥за* (Вранештица, Кичевско, Видоески, 1957 : 49) (карта 2.12.).

2.2. Континуантот *ӑл* се јавува претежно во јужните македонски говори: во дел од леринскиот и во костурскиот, во кајларскиот, воденскиот, гевгелискиот, дојранскиот, кукушкиот, солунскиот, лагадинските, серскиот и гоцеделчевскиот. Освен тоа ваква замена се среќава и во некои западни периферни говори: на еден тесен појас северно од градот Тетово (на линијата Теарце – Прељубиште), во гостиварскиот, струшкиот, во говорот на дебарска Жупа, а во централните области на еден тесен појас по долината на Вардар од Скопје до Велес и Бабуна (карта 2.1.). Сп.: *вӑлна, гӑлта, жӑлња, кӑлчиста, пӑлжењ* (Теарце, Тетовско), *бӑлват, вӑлкот, дӑлго, јабӑлце, сӑлза* (Маврово), *бӑлват, бӑлвајца, вӑлнен, дӑлжина, пӑлн* (Баниште, Дебарско), *гӑлтат, мӑлчит, мӑлзница, пӑлф* ('Ржаново, Дебарско), *вӑлна, дӑлго, сӑлза, гӑлтат* (Струга), *вӑлк, кӑлниме, мӑлѕи* (Зрноско, Преспанско, Конески, 1957 : 179), *бӑлви, гӑлта, кӑлк, жӑлт, кӑлни, мӑлчелиф* (Граждано), *кӑлк, гӑлта, дӑлжина* (Габреш, Костурско), *бӑлфи, вӑлци, гӑлта, сӑлѕи, тӑлчиши* (Рупишта), *вӑлна, мӑлчи, стӑлба* (Куманичево, Костурско), *гӑлта, жӑлтница, кӑлк, мӑлчи, сӑлѕа, тӑлчник* (Лерин), *вӑлк, дӑлго, мӑлѕи* (Емборе, Кајларско), *бӑла, вӑлна, дӑлжина, закӑлне, кӑлве, кӑлчишче, мӑлзница, пӑлно* (Луковец, Воденско), *вӑлна, вӑлнено, жӑлтица, кӑлнат, мӑлзница* (Градовци, Скопско), *бӑлви, јабӑлка, вӑлци, кӑлчиште, мӑлземе, сӑлзи, пӑлно* (Блаце, Скопско), *вӑлна, жӑлчка, кӑлк* (Богомила, Велешко).

2.3. Во крајните југоисточни говори на просторот источно од Вардар и јужно од линијата Гевгелија – Гоце Делчев покрај континуантот *ӑл* во одделни примери се јавува и *лӑ*, сп. *вӑлк, вӑлна, сӑлза* : *блӑха* (с. Киреч Ќој, Солунско, Vukčević, 1901 : 116), *кӑлна, пӑлни* : *млӑкнаа* (Кулакија, Mazon – Vaillant, 1938 : 25), *мӑлзе* : *млӑзница* (Богданци), *вӑлна, жӑлт, пӑлни* : *млӑкнувум, слӑба, жлӑтка, жлӑт, жлӑтникаф* (Сухо, Голомб, 1962/63 : 239), *вӑлна* : *блӑха, влӑк, влӑчица, влӑчка кожа, злӑчка, плӑжок* (Секавец, Серско), *пӑлн* : *блӑа, влӑко, глӑта, жлӑчка, млӑзница, млӑче, клӑк* (Костурино, Струмичко), *дӑлго, кӑлк, вӑлнен* : *злӑчка, жлӑтец* (Дервишан, Серско, карта 2.2.).

2.4. Замената *лӑ* со поголема доследност се јавува и во северните говори, но само зад дентално-алвеоларните консонанти *д-т, с* : *длӑго, длӑжи, длӑжан, тлӑче, тлӑчник* или *клӑче* (*тл* > *кл*), *слӑнце, слӑза, слӑба, слӑбица* (Крива Паланка, Куманово, Свети Николе, Скопска Црна Гора, Вратница, Видоески, 1962 : 55); (карта 2.5.).

2.5. Во штипско-струмичките, тиквешко-мариовските, малешевско-пиринските говори место **l̥* наоѓаме еднофонемна вредност – *ӑ*. Сп.: *вӑк, вӑна, гӑта, да ӑцне, жӑто* (Дабиља, Струмичко), *дӑго, пӑн, жӑт* (Радовиш), *жӑчка, жӑто, пӑно* (Штип), *кӑне, мӑзе, мӑња, сӑба, сӑзи* (Тркање, Кочанско), *мӑчи, мӑња, пӑно, тӑчник* (Кавадарци), *бӑа, вӑк, гӑтка, жӑт* (Старавина, Мариово), *бӑа, вӑна, жӑт, пӑх, пӑно* (Берово, Пехчево), *пӑх, сӑза* (Благоевград, Стойков, 1962 : 104), *вӑна, мӑчи, сӑзи* (Покровник, Благоевградско, Христова), *вӑк, вӑна* (Петрич), *сӑза, кӑне* (Мендово, Петричко, Георгиев), *вӑна, вӑнес, дӑго, гӑтка, пӑх, кӑцам, мӑч'иш, кӑн'еш, сӑзи* (Разлог, Алексиевъ, 1931 : 101). Јужната изоглоса на континуантот *ӑ* оди по правецот Гоце Делчев (поминува северно) – Петрич – Демир Капија – Острово – Лерин. На просторот меѓу Лерин, Преспанско Езеро и Битола се мешаат примери со *ӑ* и *ӑл*, а негде и со *о, ол*. Сп.: *бӑа, вӑк, гӑта, кӑве, мӑња, мӑзиме, пӑшек, сӑзи, тӑчник* : *вӑлна* (Драгош, Битолско), *гӑтка, жӑт, кӑк*, но: *пӑлно* и *волна* (Буково), *бӑва, мӑзе, пӑшаф* : *вӑлна, пӑлн* (Секулево, Леринско), *вӑк, дӑго, сӑза* (Борешница), *кӑк, жӑтка, сӑза, гӑта, бӑва, тӑчи, пӑшок, жӑт, дӑго* : *кӑлни, дӑлжина, вӑлк, вӑлна, пӑлни* (Лак, Преспанско), *вӑк, дӑк, пӑн* (Неред, Турје). Западната граница на замената на **l̥* со *ӑ* допира до Пелистер, Црна Река и Велес. Во областа Клепа (југоисточно од градот Велес) примерите со *ӑ* превладуваат, а колку што се оди пона север од Велес бројот на примерите со оваа замена се смалува. Веќе во граничното село Рудник и во Летевци *ӑ* може да се сретне само во одделни лексеми, сп. *кӑца, кӑк*. – Северната граница оди приближно по правецот Катланово (на скопскиот дел) – Свети Николе – Кратово. Во одделни лексеми *ӑ* може да се сретне и посеверно од споменатава линија (карта 2.3.).

2.6. Континуантот *ол* (со разновидноста *оў*) се јавува во западните говори и тоа: во говорот на Скопска Каршијака, во градот Тетово и неколку североисточни села, во северниот дел на поречкиот говор, во дебарскиот, охридскиот, ресенскиот, битолскиот, прилепскиот, мегленскиот и во крајните југозападни костурски села (карта 2.4.). Сп.: *долго, молзе, јаболкница* (Нерези, Скопско), *колк, молзница, солза* (Драчево), *жолња, жолчка, молкум* (Солње), *воўк, гоў-*

та, жоўт, коўк, коўчишта, поўжаф (Тетово, Стаматоски, 1957 : 232), *волци, волна, жолња, колнет, полф, полжаф* (Звечан, Порече, Видоески, 1950 : 19), *голтат, полцаф, полн, столчет* (Пласница, Кичевско, Видоески, 1957 : 50), *болва, долго, јаболко* (Дебар, Михаилов, 1954 : 13), *волк, солза* (Обоки), *волна, жолтица, колчишта* (Горенци), *молчит, солѕи, полно* (Папрадник), *болва, долго* (Збажди), *моўчит, поўно, соўза* (Оровник, Охридско), *воўк, воўна, жоўто, закоўнит, коўкој* (Ресен), *волна, волци, долго, жолчка, колк, полно* (Битола, Прилеп, Конески, 1949 : 7), *боўска, боўва, воўна, жоўчка, коўве, поўну, тоўчник* (Тресино, Мегленско), *болха, волк, волнено, долго, голта, жолтак, жолтица, колк, молчи, полна месечина, солза, солце* (Езерец, Костурско), *волнен, волци, голта, молчи, полно* (Нестрам), *бола, молѕи, солѕа* (Стенско).

2.7. Во јужните преспански села во бројни примери консонантската компонента на континуантот на вокалното *l̥ се загубила (*оў > о*). Така имаме, покрај *воўна, коўнит, поўно,* и: *боање, Богарин, вок, дого, гота, жотица, јабоко, мози, мочи* (Љубојно, Штрбово, Долно Дупени), *кочиште, мокни, мозе, точе, точник* (Брајчино), *вок, соза, са смокнаф, точи, точник* (Герман), *бови, кок, жотица* (Крани, Арвати), *Богарин, бова, вок, вочица, гота, дого, жот, жотница, јабока, кок, мозница, сози, точук,* но: *волна, полн, колни, колчишта* (Нивица, Роби). По некој пример со *о* место *l̥ може да се сретне и во југозападните битолски села, сп. *боа, дого, жочка, јабоко, кок, кофа, поток, точник* (Дихово), *јабока* (Буково). Треба само да истакнеме дека континуантот на *l̥ фонетски не се реализира еднакво во сите преспански села. Во појужните, каде што е носовката *ǫ заменета со *а̊*, од *l̥ исто така се добило *а̊* (карта 2.6.).

2.8. Во областа Дримкол (на левата страна на реката Дрим, меѓу Струга и Дебар) и во Голо Брдо за вокалното *l̥ наоѓаме двофонемна група – *а̊л* и тоа во сите позиции: *ва̊лна, јаба̊лко, са̊лѕа* (Клење), *ба̊лва, ва̊лк, га̊лтај, да̊лк, жа̊лт* (Модрич), *да̊лго, жа̊лња, јаба̊лко, жа̊лток, ка̊лк, ма̊лѕиме, ма̊лчит, па̊лцаф, па̊лф, па̊лно, са̊лѕи, та̊лчник* (Луково); (карта 2.7.).

2.9. Во говорот на струшките села Радожда, Вевчани и Мали Влај има две вредности, како и место вокалното *r̥ : *а̊л* (зад лабијални и дентални согласки), сп. *ба̊лви, ва̊лк, ва̊лчица, ва̊лна, ма̊лѕиме, ма̊лѕница, јаба̊лко, ма̊лната, па̊лн, па̊лцаф; да̊лго, са̊лѕа, та̊лчек, па̊лцаф* и *ӓл* (зад меконепчена согласка): *гӓлтка, гӓлтаме, кӓлк, кӓлкој, кӓлчишта, кӓлнит* (Радожда); (карта 2.8.).

2.10. Две разновидности се јавуваат и во торбешките говори во Река (Дебарско) и во Маркова Река (Скопско): *а̊л* – во едносложни и во двосложни зборови и *а̣л* – во трисложни и повеќесложни. Сп.: *ба̊ла, ва̊лна, га̊лтат, да̊лго, жа̊лто, ка̊лнал, ма̊лчит, па̊лно, са̊лѕа,* но: *ва̣лнено, прога̣лта, да̣лжина, пожа̣лте, ка̣лнеет, ма̣лчеме, зама̣лчи, па̣лнеме* (Жировница, Поповски, 1959 : 111), *ба̊ла, ва̊лк, са̊лѕа, га̊лтат* : *ва̣лчица, ва̣лчицана, га̣лтаме* (Д. Количани), *са̊лѕа, жа̊лток, ва̊лци* : *са̣лѕата, жа̣лтица, јаба̣лко* (Држилово, Скопско); (карта 2.9.).

2.11. Во корчанскиот говор *l̥ е заменето со *ал* : *бала, вална, далго, жалт, калк, кални, малчи, малѕи, алцица, палн, салѕа, салце* (Бобоштица, Mazon, 1936 : 32); (карта 2.10.).

2.12. Сличен резултат наоѓаме и во југозападните костурски села, само што во нив вокалната компонента се изговара нешто малку позатворено отколку во корчанскиот (*а̣л*): *ба̣ла, ва̣лк, ва̣лч'ица, да̣лго, жа̣лто, ка̣лк, ка̣лни, па̣лно, са̣лнце, са̣лѕи* (Радигоже), *ва̣лна, ма̣лчи, ма̣лѕи, са̣лѕа, са̣лце, ста̣лбја, та̣лчи* (Галишта), *ва̣лнено, жа̣лтукок, ма̣лчи* (Гратче), *ва̣лна, па̣лно* (Псоре), *ва̣лк, ва̣лна, да̣лк* (Желин); (карта 2.11.).

2.13. Континуантот *у* се шири во северна Македонија на југ до линијата Вратница (северно од градот Тетово) – Скопје – Свети Николе – Пробиштип. Сп.: *бува, вук, вучица, вуна, јабука, музе, муња, пужаљке, пун, спузна се, жут, кук, кучиста* (Куманово), *вуче, жуч, жуња, куне, дубоко* (Кучевиште, Скопска Црна Гора); (карта 2.5.).

Зад лабијалните согласки во одделни лексеми *у* < *l̥ се среќава и значително појужно од споменатава линија, сп. *бува, вук, жучка, јабука, музе, пужав* (Скопје), *бува, вуци, музница* (Белимбегово, Скопско), *буа, јабука* (Тетово), *буа, вук, јабука, пуно, пужајка, пузна се* (Кочани, Штип), *ј'абука* (Радовиш, Струмица), *јаб'ука* (Миравци, Гевгелиско), *буа, јабука, мучи, пух* (Мендово, Петричко, И. Георгиев).

2.14. Во северните говори покрај *у* се среќаваат и континуантите *лу* и *лă.* Тие се јавуваат само зад забно-венечните консонанти *д-т, с* (в. погоре). Првиот континуант (*лу*) е почест во најсеверните кумановски и скопско-црногорски села, сп. *слуба, слубица, слупāц, слуза, слунце* (Кучевиште, Скопско; Куманово). Во кривопаланечкиот со *лу* се познати и лексемите *жључка* и *жљуна* (Видоески, 1953 : 207). Сите приведени примери во разновидноста со *лу* (одн. *љу*) познати се и во граничните српски јужно-моравски дијалекти (Белић, 1905 : 114).

Во јужниот појас на кривопаланечкиот, кумановскиот и скопско-црногорскиот, како и во вратничкиот говор во Долни Полог, потоа во кратовскиот и овчеполскиот во споменатава фонетска позиција се јавува *лă* : *длăк, длăжан, слăза, слăнце, заслăни, слăп, слăба, слăбица, тлăчник, тлăче* покрај *клăче* (*тл* > *кл*), отаде после и *клăцањ.* На овој терен со *лă* почесто се среќава и *глăта* со изведенките *глăтне, глăт, глăтка* (во Кривопаланечко, Кумановско); сп. го и кумановското *лăцне, лăцка* (< *хл̥цне, хл̥цка*).

Како континуант на вокалното *l̥ треба да се смета во северните и источните говори и вредноста *лă* во *длăбок* (Видоески, 1962 : 56).

2.15. Некои од горниве примери во разновидноста со *лă* се јавуваат на поголем ареал во источна и југоисточна Македонија.

Формата *длăк* (*длăга, длăго*) се употребува и во кочанскиот, штипскиот, благоевградскиот, во областа на Беласица од Дојран до Петрич, во Лагадинско, а не е непозната и во долновардарските говори, сп. *длăнук* (Сухо, Голомб, 1962/63 : 239), *длăгу* (Ново Село, Солунско, Oblak, 1896 : 39), *длăжи* (Кулакија, Mazon – Vaillant, 1938 : 25).

Фонетската разновидност *слӑнце* континуирано се јавува на два ареали: во северна и во југоисточна Македонија. Јужниот ареал ги опфаќа серскиот, лагадинските и долновардарските говори (картата 3.1.).

Меѓу овие два ареали и на запад до Пчиња, Вардар и Црна се употребува формата *сӑнце.* Спорадично таа се среќава и по западната и југозападната јазична периферија: во некои горнополошки и дебарски села, во Струшко, Преспанско, Леринско и во јужните битолски села.

Најчесто компонентата *л* се губи и во ред други западни говори, сп. *сонце* во Скопска Каршијака, поречкиот, прилепскиот, битолскиот, охридскиот, преспанскиот и во некои дебарски и кичевски села, *сӑнце* во радошко-вевчанскиот, *санце* во некои западни костурски села. Но во споменативе говори не се необични и форми со запазено *л,* сп. *солнце* во кичевскиот, *солце* во костурскиот (западниот), *салнце* и *салце* во Бобоштица, *сӑлце* во северозападните костурски села, *сӑлнце* во скопските и велешките села што се наоѓаат западно од Вардар и Тополка. Со вокално *л̥* оваа лексема е позната само во малореканскиот (в.т. **2.1.**).

2.16. Најголем број од примерите со вокално **l̥* се совпаѓаат и во поглед на резултатот од развојот на *л*, а и во поглед на географската распространетост на тој резултат. Некои посебности покажуваат само зборовите *буг̄арин, јаболко,* со нивните изведенки, и, како што видовме, *сонце.*

а) Формата *буг̄арин* (*буг̄арија, буг̄арски*) зафаќа најголем ареал: се јавува готово во сите македонски дијалекти со исклучок во костурско-преспанските и крајните југоисточни говори. Во костурско-преспанските познати се и разновидностите: *болг̄арин* (Бобоштица), *бог̄арин, бог̄арски – бог̄арцки, бог̄арија* (во преспанскиот; забележени се во селата Герман, Нивица, Роби, Ошчима, Лак, Љубојно), *балг̄арин* (Радигоже) и *булг̄арин, булг̄ари, булг̄арија* (Езерец, Гратче, Стенско, Вамбел; (карта 4.). Последнава разновидност (*булг̄арин*) позната е и во лагадинските и серските говори (Голомб, 1962/63 : 240).

б) За **jablъko* ни се познати разновидностите: *јабл̥ко* (во малореканскиот), *јаболко* (во сите **l̥ > ол*-говори), *јабоко* (во преспанските), *јабӑко* (во **l̥ > ӑ*-говори), *јабука* (во северните и штипско-струмичките); во разлошкиот се јавуваат напоредно *јабука* и *јабӑко,* а во малешевскиот – *јабака.* Во долновардарските се среќаваат и формите *јабулка* (Валандово, Гевгелиско), *абулка* (Кукушко), во сушко-височкиот и *јаблӑко, јаблӑчко,* а во југозападните костурски села и разновидноста *лап̄ка* (Бобоштица, Mazon, 1936 : 32), Рупишта, Радигоже, Галишта (карта 5.).

3. Анализирајќи ја географската распространетост на континуантите на вокалните **r̥* и **l̥* можеме да го констатираме следното.

На некои говорни подрачја имаме идентичен развој на двата гласа. Така е во серско-лагадинските, долновардарските, во дел од костурско-леринското говорно подрачје, во струшкиот, централниот дебарски и во горнополошкиот говор. Во сите нив **r̥ > ӑр, *l̥ > ӑл,* одн. **r̥ > ӑр / рӑ, *l̥ > ӑл / лӑ* во долновардарските и серско-лагадинските.

Ист развој имале овие два гласа и во некои други западни периферни говори. Во дримколскиот и голобрдскиот, како што видовме, **r̥ > а̊р, *l̥ > а̊л,* во радошко-вевчанскиот: **r̥ > а̊р / ӓр, *l̥ > а̊л / ӓл,* во жерноничкиот: **r̥ > а̊р / ạр, *l̥ > а̊л / ạл*; во малореканскиот и *р̥* и *л̥* се слоговни.

Како што се гледа, на целата јужна и западна периферија место вокалните *r̥, *l̥ се развиле двофонемни групи од вокална компонента и сонант, освен во малорекланскиот, каде што наоѓаме еднофонемни вредности.

На другата македонска јазична територија резултатите од развојот на споменативе гласови се различни. На едно широко подрачје во северна и централна Македонија *р̥* се задржало, додека *l̥ се рефлектирало во *у, ăл, ă, ол,* во ограничен број случаи и *лă,* одн. *лу.* Во пиринските говори исто така наоѓаме разлики во континуантите; таму *r̥ > *рă* (*ăр*), *l̥ > *ă.*

4. Приведениов погоре материјал укажува на следниов развиток на вокалните *r̥ и *l̥ .

4.1. Во старомакедонскиот *р* и *л* слоговна функција имале само како континуанти на прасловенските групи **tьrt, *tъrt – *tьlt, *tъlt.* Така старословенските примери од типот **чрьнъ**, **гръло** – **жльтъ**, **длъгъ** покриваат изговор **čr̥ъn, *gr̥ъlo – *žl̥ьt, *dl̥ъg (< * čьrnъ, *gъrdlo – *žьltъ, *dъlgъ).* По губењето на еровите се добиле и нови, секундарни *р̥* и *л̥* – од прасловенските **trьt, *trъt – *tlьt, *tlъt* и тоа негде по фонетски пат, како во **dr̥va – *sl̥za, *bl̥xa (< *drъva – *slьza, *blъxa),* а во ред случаи и морфолошки, сп. **kr̥st – *kr̥v (< *krьstь, *krъvь).* Само во некои југозападни костурски села зборовите *крест* и *рож* се задржале со изјаснети **ь > е, *ъ > о.*

По таков начин во македонскиот јазик во периодот што следи веднаш по губењето на еровите сонантите *р̥* и *л̥* биле слоговни, како оние добиени од групите **tьrt, *tъrt – *tьlt, *tъlt* така и оние од групите **trьt, *trъt – *tlьt, *tlъt.*

4.2. Во некои говори оваа состојба се задржала до денеска, сп. *кр̥в, вл̥к* во малорекланскиот. Особено е пространен, како што видовме, ареалот на *р̥.*

4.3. Но во повеќето говори и *р̥* и *л̥* понатаму се развиле во двофонемни групи од вокал + *р, л,* а негде и во групи од *р, л* + вокал.

Како прва фаза од разложувањето на вокалните *р̥* и *л̥*, секако е појавата на еден вокален призвук, кој подоцна се изделил во посебна фонема – *ă.* Значи, процесот се одвивал по следниов начин: *р̥ > ᵊр̥ > ăр, л̥ > ᵊл̥ > ăл.* На овој стадиум од развитокот тој се задржал во јужните и во западните периферни говори.

4.4. Во некои говори вокалниот призвук се развил зад сонантот и таму останал и подоцна кога се развил во самостојна фонема. Тоа можело да биде редовна појава, сп. *прăст, срăце* во пиринските говори, или само во одредени фонетски позиции, на пример, во едносложни зборови, пред краен консонант или пред консонантска група, сп. *крăв, врăшник* и сл. во серско-лагадинските, или пак зад определени согласки, сп. *длăго, слăза, тлăче* во северните и во некои источни дијалекти.

4.5. Во крајните југоисточни говори (гоцеделчевскиот, серскиот, лагадинскиот) покрај континуантите *ăр / рă* и *ăл / лă* се среќаваат и вредностите *ạр / рạ, ạл / лạ* како фонетски варијанти на првите (во неакцентирана позиција). Сп. *тạрп'иш, сạрц'етạ, трạнл'иф* (во гоцеделчевскиот), *трăн / трạн'от, влạк'о(т)* (во сушко-височкиот, Голомб, 1962/63 : 238, 239).

4.6. Во други говори вокалната компонента во групите со *р*, *л* претрпела нови промени. Таа се изменила во некои од веќе постојните вокални фонеми во системот (*а*, *о*) или пак се развила во нова фонема: *ӓ, а̣, а̊.* Така настанале групите *ар, ал* во корчанскиот, *а̣р, а̣л* во западните костурски села, *а̊р, а̊л* во дримколско-голобрдскиот, одн. *а̊р, а̊л – ӓр, ӓл* во радошко-вевчанскиот, *ол* во централните и др.

4.7. Процесите сврзани со развојот на вокалното *l̥ се уште посложени во споредба со вокалното *r̥.

На едно широко подрачје сонантот *л* се загубил, така што останал само вокалниот дел на групата (карта 2.3., 2.5., 2.6.). Таков е случајот во преспанскиот, каде што процесот се одвивал по следниот начин: *л̥ > ӑл > ол > оў > о*. Единствено вака на односниов терен може да се објасни постоењето на двојни форми – со *о* и со *оў*, сп. *вок, жот* : *воўна, коўнит, поўно.* Дека сонантот *л* во овој говор пред неговото полно исчезнување се изговарал со силна лабијализација укажуваат околните говори. На целиот појас од Пелистер до Караорман *л* на крајот на слогот, а тоа значи и во групата *-ол-*, се изговара лабијално.

Дали ваков изговор треба да претположиме и во источните говори каде што го наоѓаме рефлексот *ӑ*? За тие говори ни се чини поприемливо искажувањето на Конески дека сонантот *л* се апсорбирал во *ӑ* (Конески, 1966 : 34). Во северните говори, како и во српскиот / хрватскиот, вокалното *l̥ со лабијализација дало *у* (*l̥ > л̥ > ў) (Белић, 1960 : 76-78).

Во одделни случаи *л* се загубило и во други наши дијалекти, сп. *ӑлнце > ӑнце,* одн. *солнце > сонце.* Во некои говори консонантската група *-лнц-* се упростила со испаѓање на назалниот сонант, сп. *ӑлце, салце, солце* во Костурско (в.т. **2.15**).

4.8. Целиот процес на развојот на вокалните *r̥ и *l̥ во македонските дијалекти графички можеме да го изразиме на следниов начин:

а)	б)
*r̥	*l̥
∨	∨
ᵊр̥ // р̥ᵊ	у < ᵊл̥ < ᵊл̥ // л̥ᵊ > л̥ > у
∨	∨
(а̣р) ӑр // рӑ (ра̣)	ӑ < (а̣л) ӑл // лӑ (ла̣) > ӑ
∨	∨
ар	о < ол
ӓр	ал
εр	εл
а̊р	а̊л
а̊р – ӓр	а̊л – ӓл
а̊р – εр	а̊л – εл

4.9. Од општиот развој на вокалното **l̥* нешто отстапуваат разновидностите *јабулка* (*абулка*) во долновардарските, *лапка* во костурските, како и фонетските варијанти *бугарин, булгарин* и нивните изведенки (в.т. **2.16.**).

Географската распространетост на обликот *јабулка* упатува на претпоставка за контаминација на формите *јабулка*, која е карактеристична за штипско-струмичките говори, и *јабăлка(о),* одн. *јаблăка(о).* – Корчанската форма *лапка* е добиена со метатеза од *балка* со претходна елизија на почетниот слог предизвикана од фонетски причини.

Формата *бугарин* од северните говори (каде што е добиена фонетски), а и со посредство на српскиот / хрватскиот, се проширила во сите македонски дијалекти, со исклучок во некои југозападни периферни говори. Разновидноста со *ул* (*булгарин*), позната во крајните југозападни костурски села и во лагадинско, настанала, веројатно, спрема грчкиот изговор на ова име (Mazon – Vaillant, 1938 : 26).

5. Во оние говори каде што се запазиле вокални *р̥* и *л̥*, во ред случаи се добиени и нови *р̥, л̥*. Од секундарно потекло е *р̥* во примерите *стр̥на, тр̥пеза, гр̥мада* во кичевско-поречкиот, *бр̥даци,* 'бардаци', *бр̥давица* 'брадавица', *гр̥ница* 'граница', *гр̥ѓанин* 'граѓанин', *гр̥ната* 'граната', *гр̥диште* 'градиште', *кр̥вајче* 'кравајче', *кр̥ј* 'крај' и др. во северните говори (Видоески, 1962 : 31). Во сите овие случаи се работи за редукција и потоа елизија на вокалот *а* кој се наоѓа непосредно до *р*.

Секундарно вокално *л̥* се јавува место групата *ол*, сп. *бл̥но* 'болно', *дл̥но* 'долно' (во малореканскиот), *бл̥ница, расл̥ница* 'расолница', *смл̥ница* 'смолница', *Топл̥ница* 'тополница' (во поречкиот, Белиќ, 1935 : 106). Се работи за хиперкоректност по однос на другите говори со кои граничат поречкиот и малореканскиот.

6. Разнообразноста на континуантите на вокалните **r̥* и**l̥* во македонските дијалекти подобро ќе се согледа ако се посматраат тие во склопот на целиот вокален систем на поодделните говори.

6.1. Во говорите каде што се пазат *р̥* и *л̥* надвор од нив по правило има петочлен систем:

у *и*
о *е*
а (+ *р̥, л̥*)

Таков вокален систем има малореканскиот, во кој и носовката **ǫ* е заменета со *о* (*пот, рока*), и јужниот дел на кичевско-поречкото говорно подрачје, во кое **ǫ* се рефлектирало во *а* (*пат, рака*).

6.2. Во говорите каде што **r̥* и **l̥* или само едно од нив, се рефлектирале поинаку, бројот на вокалните фонеми се движи меѓу 5 и 7.

Најмал број фонеми имаат централните говори, во кои се пази вокално *р̥*, а **l̥* е заменето со *ол*. И таму имаме петочлен систем + *р̥*. Носовката **ǫ* > *а* (*пат, рака*).

На сета друга територија наоѓаме шест или седум вокални фонеми.

6.3. Во говорите каде што место *r̥ ,*l̥ се јавуваат двофонемните групи *ӑр, ӑл* редовно има шест вокали. Со оглед на корелационите односи што суштествуваат меѓу фонемите, целиот систем ни се претставува во следниов вид:

у ӑ и

о а е

Фонемата *ӑ* овде се опонира со *а* како дифузен корелат. Овој систем е карактеристичен за долновардарските, костурскиот, западниот дел на преспанскиот, струшкиот, дебарскиот и горнополошкиот говор. Во сите овие говори и носовката *ǫ е заменета со *ӑ* (*пӑт, рӑка*).

6.4. Горниов состав на фонеми го наоѓаме и во скопскиот, велешкиот, тиквешко-мариовските, штипско-струмичките и пијанечко-малешевските говори, само со таа разлика што во сите нив фонемата *ӑ* има поограничена дистрибуција, зашто се јавува како рефлекс на *l̥ (во скопскиот и велешкиот *ӑл,* во другите *ӑ*); носовката *ǫ и овде се рефлектирала во *а* (*пат, рака*).

6.5. Во пиринските говори *ӑ* е добиено од *l̥ и *r̥ (*пӑрсти – прӑсти, пӑно, сӑза*), додека *ǫ > *а* (*рака*).

6.6. Во северните говори *р̥* како самостојна фонема егзистира и при постоење на фонемата *ӑ*, која се јавува во нив како континуант на етимолошките *ъ, *ь (*дӑш, дӑн*) и во ограничен број примери е добиена од *l̥ (*длӑ̄го, слӑза, плӑче*). Во другите случаи *l̥ > *у* (*вук, пуно, кук, жуто*), како и носовката *ǫ (*пут, рука*). Целиот систем во овие говори изгледа како што следува:

у ӑ и

о а е (+ *р̥*)

6.7. Фонемата *ӑ* во серско-лагадинските говори има поголема дистрибуција, зашто таму таа се развила како рефлекс на *r̥ ,*l̥, назалот *ǫ (*рӑка*) и етимолошкото *ъ (*дӑш, сӑн*), а во говорот на Висока во *ӑ* се рефлектирала и самогласката *у (**synъ* > *сӑн,* **kyselъ* > *кӑсел*) (Голомб, 1962/63 : 236). Меѓутоа, во овие говори има и широко *е* како континуант на *ě. Според тоа серско-лагадинските говори имаат седумчлен вокален систем:

у и

о ӑ е

а ӓ

Самогласката *ӑ* и овде е корелат со *а* по признакот дифузен – компактен, а вокалот *ӓ* се наоѓа во корелација со *а* како негов висок (преден) парник.

6.8. Во дримколско-голобрдскиот, каде што **р̥* > *а̊р* и **л̥* > *а̊л*, шесточлениот вокален систем има поинаква корелација. Како важен дистинктивен признак се јавува лабијалноста и според тоа вокалите се сопоставуваат на следниов начин:

у *и*

о *е*

а̊ *а*

Вокалот *а̊*, кој се опонира како лабијален корелат на *а,* се јавува и како рефлекс на носовката **ǫ* (*п̄а̊т̄, ра̊ка*).

6.9. Горниот состав на вокалните фонеми го наоѓаме и во нестрамскиот говор. Меѓутоа, во него фонемата *а̊* е добиена од **ǫ* (*ра̊ка*), додека **р̥* > *ар,* а **л̥* > *ол.*

6.10. Во радошко-вевчанскиот говор има седум вокални фонеми:

у *и*

о *е*

а̊ *ӓ*

а

Вокалите *а̊* – *ӓ* (опонирани како лабијален – нелабијален) и овде имаат многу ограничена дистрибуција: *а̊* може да стои само зад лабијална согласка, а *ӓ* само зад нелабијална. Тие се добиени од **ǫ* (*п̄а̊т̄* – *рӓка*) и вокалните **р̥* и**л̥* (*ва̊рба – сӓрце, ва̊лк – кӓлк*).

6.11. Систем сличен на претходниов познава и говорот на костурското село Езерец. Но во него *а̊* е добиено само од **ǫ* (*п̄а̊т̄, ра̊ка*), а вокалот кој има боја *ε*, а не *ӓ* потекнува од **р̥* (*бεрг̄о, зεрно*). Вокалното **л̥* е заменето со *ол.*

6.12. Фонемата *а̊* ја познава и говорот на реканските и скопските Торбеши. На овој терен таа е позиционо уште поограничена: се среќава само во едносложни и двосложни зборови и форми, а во трисложни и во повеќесложни алтернира со *а̣,* (сп. *п̄а̊т̄, п̄а̊т̄от̄ – п̄а̣т̄ишча; п̄а̊рст̄, п̄а̊рст̄и – п̄а̣рст̄ит̄е; ва̊лк, ва̊лци – ва̣лцит̄е, ва̣лчица*). Така и во тие говори се сложил систем од седум вокални фонеми, но со поинаква корелација во споредба со радошко-вевчанскиот. Двете фонеми (*а̊, а̣*) добиени како континуанти на **ǫ, *р̥* и**л̥* во различни фонетски позиции се опонираат со самогласката *а,* и тоа *а̊* по дистинкцијата лабијалност, а *а̣* како дифузен корелат.

6.13. Во говорот на Бобоштица шесте вокали се поредени во три корелативни пара по признакот задни – предни:

у *и*
о *е*
а *ӓ*

Вокалот *ӓ* е рефлекс на акцентираните *ě и *ę (*лӓто, говӓндо*). Вокалната компонента на континуантите *r̥ и*l̥ се изедначила со етимолошкото *а* (*дарво, пално*), како и рефлексот на носовката *ǫ (*дамбје, пат*).

7. Од претходниов материјал забележливи се две тенденции: прво, поврзаноста меѓу рефлексите на вокалните *r̥ ,*l̥ и на носовката *ǫ на некои терени, и второ, тенденцијата за постигнување соодност на фонемите-континуанти на *r̥, *l̥, и *ǫ со другите вокални фонеми.

7.1. На едно широко дијалектно подрачје во јужна и западна Македонија, каде што *r̥ и*l̥ се разложиле во двофонемни групи, вокалните компоненти на континуантите на споменативе гласови (*r̥, *l̥) гласовно се поклопуваат со рефлексите на носовката *ǫ. Така, на пример, во говорите каде што *ǫ се заменило со *ӑ* и r̥ > *ӑр*, *l̥ > *ӑл*, сп. *пӑт, рӑка – сӑрце – сӑлза* во серско-лагадинските, долновардарските, костурските, струшкиот, дебарскиот и горнополошкиот. Во дримколско-голобрдскиот *ǫ > *а̊*, *r̥ > *а̊р*, *l̥ > *а̊л* (*ра̊ка – да̊рво – са̊лѕа*). Во реканскиот под исти фонетски услови *ǫ > *а̊ – а̣*, *r̥ > *а̊р – а̣р*, *l̥ > *ол – а̣л* (*па̊т, па̊тот – па̣тишча* : *та̊рн, та̊рње – та̣рњето; са̊рп, са̊рпот – са̣рпови, са̣рповите*). Полн паралелизам во развојот на *ǫ, *r̥ и*l̥ наоѓаме и во радошко-вевчанскиот говор, сп. *па̊т – рӓка* : *па̊рст – кӓрст* : *ва̊лна – гӓлтат*. Во корчанскиот говор исто така континуантите на сите три гласа дале еден разултат – *а* : *пат – парст – валк*, а во југозападните костурски села тој резултат е *ε* : *пεт – пεрст – вεлк* (Галишта, карта 1.9.; 2.11.).

Уште е поголема врската меѓу континуантите на носовката *ǫ и вокалното *r̥. Во охридско-преспанското говорно подрачје и двата гласа се измениле во *ӑ*, одн. *r̥ > *ӑр*, сп. *рӑка, пӑрсти*, а *l̥ > *ол* (*оў*) *волк, волна*. Во некои *ǫ > *ӑ*-говори во западна Македонија настанала дури и метатеза на групата *-рӑ-* (< *rǫ*)* во *-ӑр-* за да се изедначи со рефлексот на вокалното *r̥, сп. *прӑт > пӑрт* (*prǫtъ), *обӑрч* (*obrǫčь), *дӑрк* (*drǫgъ), *стӑрга* (*strǫga), *тӑрба* (*trǫba), како *пӑрст, дӑрво* и др. (во преспанскиот и костурскиот).

Во оние говори, пак, каде што рефлексите на*ǫ и *r̥ не се совпаѓаат наоѓаме паралелизам во развојот на овие гласови на друг план. Во сите говори со запазено вокално *р̥* рефлексот на *ǫ се совпаднал со некој од постојните вокали во системот на односниот говор. Така, на пример, во северните говори *ǫ > *у*, во малореканскиот *ǫ > *о*, а во централните и во источните *ǫ > *а*. Нема говори со *р̥* во кои *ǫ би се развило во посебна фонема. И уште еден податок. Јужната и југозападната изоглоса на вокалното *р̥* наполно се совпаѓа со изоглосата на *ǫ > *а*.

7.2. Покажаниот паралелизам во рефлексите на носовката *ǫ и вокалните *r̥ ,*l̥, особено на првото, нè упатува на следниве размислувања.

Во еден период од развојот вокалниот дел на континуантите на **r̥* и**l̥* звуково се доближил или совпаднал со рефлексот на **ǫ*. Потоа нивниот развој одел во еден правец – кон реализација на фонемите *ă, а, å, ä,* а во некои говори тие (континуантите) се стопиле во *а* (на пример во корчанскиот). Во кое време дошло до ова доближување на резултатите од споменативе гласови? Секако тогаш кога *р̥* и *л̥* го загубиле статусот на самостојни вокални фонеми и кога од нив се изделил вокалниот елемент. Тие звучеле *ᵊр*, *ᵊл*; така звучел и континуантот на **ǫ – ă,* негде и *ᵊн* (*ᵊм*) – со запазен назализам. Оваа претпоставка може да се однесува само за јужните и крајните западни говори. Во централните и во северните сме имале друга ситуација. Во тие говори деназализацијата се извршила многу порано, а вокалната компонента се слеала во една од постојните фонеми – *а, о, у.* При веќе стабилизиран вокален систем вокалното *р̥* во споменативе говори се конзервирало. Не го исклучуваме при тоа и влијанието на српските дијалекти.

Вокалното **l̥* во својот развој на односниов терен се одделило од *р̥*. Во северните говори во едни позиции тоа се изменило во *у,* како и во соседните српски дијалекти, а во други дало *лă.* Значи, тоа се слеало во веќе постојните гласови. На еден широк ареал во централна и во источна Македонија неговиот развој одел по друг пат и со цел да се постигне фонолошки соодност. Имено, на тој терен **l̥* > *ăл* (во Скопско и Велешко), или само *ă* (Тиквешко, Штипско, Пијанец, Малешевско). Само на еден мал простор во западна Македонија покрај вокалното *р̥* се задржало и слоговно *л̥* (Мала Река), а во поречкиот и во говорите во Пелагонија **l̥* > *ол.*

7.3. Во говорите каде што се развиле место **r̥*, **l̥* и **ǫ* нови фонеми, тие по правило стапуваат во корелација со *а.* По тој начин фонемата *а,* која дотогаш виреела како осамен член во системот на вокалите, во повеќето македонски дијалекти добива свој корелат. Самата корелација во одделни дијалекти се устројувала по различни признаци. Така настанале корелативните односи: *а – å* во дримколско-голобрдскиот и нестрамскиот, *а – ε* во говорот на Езерец, *а – ạ* во западните костурски села, но во најголем број говори *а* се опонира со *ă* : во цела северна, источна, јужна Македонија и во повеќе западни периферни говори.

7.4. Вокалните**r̥* и**l̥,* како што се гледа од претходното излагање, изиграле многу важна улога во формирањето на вокалните системи во македонските дијалекти. Таму каде што се запазиле тие слоговни (или само еден од нив), по правило имаат статус на посебни фонеми. Особено тоа е показателно за *р̥*, за кое можат да се најдат и потребни минимални парови што ќе ја потврдат неговата фонолошка самостојност, сп. *п̄р̥ут̄* (< *п̄рхут̄*) : *п̄рут̄* (**prǫtъ*) во серните, или *вр̥о(т̄), вр̥он, вр̥ови* во ред други говори.

Во оние говори, пак, каде што **r̥* и**l̥* се разложиле, вокалната компонента во системот најчесто се јавува како нова фонема, која придонесла за создавање на нови односи меѓу фонемите, а негде и за преструктуирање на целиот вокален систем.

1970


Карта 1

Југославија
Бугарија
Албанија
Грција
Крива Паланка
Куманово
Кратово
Злетово
Делчево
Кочани
Гостивар
Скопје
Тетово
Св. Николе
Велес
Штип
Радовиш
Пехчево
Берово
Благоевград
(Г. Џумаја)
Разлог
Банско
Гоце Делчев
(Неврокоп)
Сандански
(Св. Врач)
Мелник
Петрич
Дебар
Кичево
Брод
Неготино
Кавадарци
Струмица
Прилеп
Валовиште
Драма
Гевгелија
Дојран
Серез
Струга
Охрид
Ресен
Битола
Кукуш
Гумење
Сухо
Лагадина
Острово
Воден
Лерин
Енидже-Вардар
Солун
Негуш
Корча
Бер
Костур
Кајлар
ДРЖАВНА ГРАНИЦА
р̥
ăр
ăр-рă
åр
åр-äр
åр-εр
äр
ар
εр


Југославија
Бугарија
Албанија
Грција
Крива Паланка
Куманово
Кратово
Злетово
Благоевград
(Г.Џумаја)
Делчево
Скопје
Тетово
Кочани
Разлог
Банско
Св.Николе
Пехчево
Гостивар
Велес
Штип
Берово
Гоце Делчев
(Неврокоп)
Радовиш
Сандански
(Св.Врач)
Мелник
Дебар
Кичево
Брод
Неготино
Кавадарци
Струмица
Петрич
Прилеп
Валовишта
Драма
Гевгелија
Дојран
Серез
Струга
Охрид
Ресен
Битола
Кукуш
Гуменџе
Сухо
Лагадина
Острово
Воден
Ениџе Вардар
Солун
Лерин
Негуш
Корча
Бер
Костур
Кајлар
ДРЖАВНА ГРАНИЦА
ăл
ăл-лă
ă
ол
у
о/å
åл
åл-äл
åл-ε
ал
εл
л̥

Карта 2


Југославија
Бугарија
Албанија
Грција
Крива Паланка
Куманово
Кратово
Злетово
Скопје
Тетово
Кочани
Делчево
Благоевград
(Г. Џумаја)
Разлог
Банско
Св.Николе
Пехчево
Берово
Гостивар
Велес
Штип
Радовиш
Гоце Делчев
(Неврокоп)
Местa
Сандански
(Св.Врач)
Мелник
Дебар
Кичево
Брод
Неготино
Кавадарци
Струмица
Струмица
Петрич
Прилеп
Валовиште
Драма
Гевгелија
Дојран
Серес
Струга
Охрид
Ресен
Битола
Кукуш
Гуменџе
Сухо
Лагадина
Острово
Воден
Лерин
Енице-Вардар
Солун
Несгуш
Корча
Бер
Костур
Кајлар
Бистрица
слӑнце
сăнце
сонце
сăлнце
слнце
сăлце
солнце
солце
салце
салнце
ДРЖАВНА ГРАНИЦА

Карта 3


Југославија
Куманово
Тетово
Скопје
Св.Никола
Гостивар
Велес
Дебар
Кичево
Брод
Прилеп
Струга
Охрид
Ресен
Битола
Острово
Лерин
Корча
Костур
Кајлар
Албанија


Југославија
Бугарија
Албанија
Грција
Крива Паланка
Куманово
Кратово
Злетово
Делчево
Благоевград
(Г.Џумаја)
Разлог
Банско
Тетово
Скопје
Кочани
Св.Николе
Гостивар
Велес
Штип
Радовиш
Пехчево
Берово
Гоце Делчев
(Неврокоп)
Сандански
(Св.Врач)
Мелник
Месга
Дебар
Кичево
Брод
Неготино
Кавадарци
Струмица
Петрич
Прилеп
Вардар
Црна Река
Брегалница
Валовиште
Драма
Гевгелија
Дојран
Струма
Серез
Струга
Охрид
Ресен
Битола
Кукуш
Гуменџе
Сяр
Лагадина
Острово
Воден
Лерин
Енице-Вардар
Солун
Негуш
Корча
Костур
Бер
Кајлар
Бистрица
ДРЖАВНА ГРАНИЦА
јабука(о)
јабăлко(а)
јабăко(а)
јабако(а)
(ј)абулка
јаболко
јабоко
јаблко
лапка

Карта 5

1.8. ТРАГИ ОД ПРЕГЛАСУВАЊЕТО НА **а* ВО *ä / е*

Фонемата /*а*/ се прегласува во /*ä*/ // /*е*/ денеска како жив фонетски процес во два пункта на македонската јазична територија – во говорот на корчанските села Бобоштица и Дреновени (јужна Албанија) и во гоцеделчевскиот (неврокопскиот) говор во Пиринска Македонија.

Во бобоштенскиот говор прегласувањето се врши најдоследно зад /*ј*/ и тоа само во слоговите на основата. На апсолутниот крај каде што /*а*/ функционира како флексивна морфема, таа не подлежи на промена, сп. *јад'ен'ја.* Зад другите палатални консонанти прегласувањето е поограничено. Сп. *јä, јäс – ј'äзо, јäм, ј'äстје, ј'äскај, ј'äгне, ј'äјце, јäт – ј'äдо, прuј'äтел', пријет'ели, вјеј'ина, рисј'äнин* : *рисен'ино, ј'äка* : *јек'ата, пој'äсо, пој'äсче* : *п'ојес, пиј'äни* : *п'ијен, ј'äрем* и *ј'ерем, јер'емо, јер'емче, дреновј'äни* (жители на селото) : *Дреновј'äне* (селото); – *ч'елет* : *чел''äта, валев'ица; – ч'еша, ч'ешка, бел'ичеф, чарн'ичеф* : *чаничј'äва, офчер'ина, болн'ичеф, кашл'ичеф, сипан'ичеф* : *сипаничј'äвјо; – ж'äба, ж'äби, ж'äл'ба, жäр, ж'äлен, ж'äли* (Mazon, 1936 : 34, 57, 79, 88). Но од друга страна имаме: *част, 'офчар – офч'аро* – со непрегласено /*а*/. Во туѓите зборови по правило /*а*/ не се прегласува, сп. *ја, ј'англäш, ч'атал* (т. *çatallı*), *чатија* (т. *çatı*).

Прегласувањето на /*а*/ во споменатиов говор се врши, како што покажуваат примерите, во /*ä*/ и во /*е*/ во зависност од акцентот. Во акцентиран слог /*а*/ > /*ä*/, а во неакцентиран /*а*/ > /*е*/, сп. *прuј'äтел'* : *пријет'ели, чел''äта* : *ч'елет, ж'äли* : *жел'име, ж'äба* : *жеб'ата.* Во случаите како *ч'еша, ј'ерем* /*е*/ место /*а*/ можело да се прошири од зборoформите со /*е*/ место /*а*/ во неакцентиран слог, сп. *чеш'ата, јер'емо, јер'еми, јерем'ите.*

Во гоцеделчевскиот говор /*а*/ се прегласува зад секоја палатализирана согласка независно од позицијата во зборот, а резултатите од прегласувањето се исти како во бобоштенскиот : во акцентиран слог /*'а*/ > /*ä*/, а во неакцентиран /*а*/ > /*е*/, сп.: *пр'иј'äтел', ж''äл'бă, ч''äт'е, зăр''äт'* : *εсл'атă, εд''е, εбанж''иʲę, к'ʸош'ер'ę, сăж'ел''и, ọб'ич'еме, зăр'äче, зăприл'ич'еме, зăфч'ес'а, нăч'ес'и, р'ех'ат', м'оетă, ест''е, гр'аж'д'ене,* во императивот: *ɔст'ав'еј, сл'уш'еј, ọб'ич'еј;* (Мирчевъ, 1936); *ет* (< *јад*), *пиј'ен, ж'еба, ш'ерин* (*шарен*), *ш'епка* (*шапка*), *куш'ера, уфч'ер, гăрнич'ер, руб'ине* (*робина*), *геро'ине* (*героина*) (с. Долен и Сатовче, Иванов, 1968 : 46).

Прегласување има и во други региони во Македонија, особено во нејзиниот јужен дел, но таму се јавува како завршен фонетски процес и позиционо е ограничено, а негде е ограничено и лексички. Така, на пример, **во кукушкиот говор** **а* се прегласувало почесто зад /*ј*/, сп.: *ес, 'еска* (*јаска*), *'ејце* (*јајце*), *'егне* покрај *ј'агне, в'енум* (*вј'анум*), во личните имиња: *'Ена* (*Јана*), *'Енко* (*Јанко*), во извесен број примери и зад /*ш*/ и /*ч*/: *кукуш'енин, ч'еша, ч'ес, куч'ен* (*кочан*), *грăнч'ер, вудинич'ер* (*воденичар*), *солунч'ене,* дури и *рик'иа* (< *рек'иа* – со редукција на неакцентираното *е* > *и*). Но од друга страна имаме: *уфч'ар, при'ател, ж'аба* (Романски, 1932 : 99-140).

Во говорот на селото Висока, во областа Богданско, до колку **а* се прегласува, тоа се врши само зад алвеоларните /*ш*/ и /*ч*/ кои се фонетски палатализирани, сп.: *ш''äјка, ш''äрката, ч''äј, ч''äјут, ч''äш'а, ч''äш'ка*, но и: *ш''апка, ч''ака.* Зад /*ж*/ и /*ј*/ немаме пример со преглас на **а*, сп. *ж''аба, ж'ал, ж''ал'а, ж'ар, ј'аска, ј'агна* (Małecki, 1933 : 98).

Во говорот, пак, **на селото Сухо (Солунско)** наоѓаме примери со прегласено **а* само зад /*ш*/ и /*ж*/: *ш''äјка, ш''äрка, ш''äрката, ш''äрки, ж''äба, ж''äбата*, покрај *ж'ар, ж'ал*, или туѓите *ш'ал, ш''апка.* Зад /*ј*/ и зад /*ч*/, кое е и овде палатализирано, редовно се јавува непрегласено /*а*/: *ј'агне, ј'ам, ј'ас, ј'асла, ј'асно, ч''ај, ч''аш'а, ч''акаш* (Oblak, 1896 : 28; Голомб, 1962/63 : 228).

Во говорот на солунското село Негован акцентираното **а* се прегласува зад сите алвеоларни шушкави согласки во сите позиции на зборот: *ч''еша, бахч''е, за идин ч'ес, пиш''ек* (*пешак*), *таш''ек, ж''еба, туц''ери, панц'ек; бр'иш'а, пл'оч'а, кач'ам'ак* – во неакцентиран слог, како и: *на ј'ави, ј'ајци, пиј'ан.* (Małecki, 1933 : 98).

Во разлошкиот говор, пак, **а* се прегласува само зад /*ч*/, и тоа во *ä* во акцентиран слог, а во неакцентиран во *е*, сп.: *ч''äша, ч''äкам, поч'äс, тоа ч'äс, уфч'äр, вуденич'äр, телч'äр, б'абечäнин, д'упничäнин, уруч'äсувам* : *грăнчер'ето*, но: *ј'агне, ј'аре, ж'аба, ж'ар* (Алексиевъ, 1931 : 98, 104, 122).

Уште понерегуларно **а* се прегласува во другите македонски дијалекти.

Во серско-драмското говорно подрачје забележани се следниве случаи со прегласено **а* : *'ера* (*јаре*), *'если, пол'ена, ч'ешка* (*чашка*), *ш'ер'а* (*шара*), *ш'ерка, кош'ерка* : *ж'аба, ш'апки* (с. Лехово – Демирхисарско), *ч'ешка, ч'еши, уфч'ер, куч'ене, патлиц'ене* : *кош'ара, ж'апка, ч'ај* (с. Кара Ќој – Драмско, Иванов, 1977 : 88), *пијен'ик, тк'аеч, тк'аечка* (с. Плевна – Драмско), *пр'осик* (< *пр'осек* < *пр'осјак*) (с. Секавец, Серско), *ш'ерин* (*шарен*), *черш'еф, ч'ешка* (с. Дреново), *'ере, ј'ере, пол'ена, полј'ени, пиј'ен, ж'епка, ж'епки, ж'ел'ва, шј'еран, ш'ерин* /*шарен*/, *ч'ешка, ч'ерш''еф, офч'ере, ш'ерено, ж'ел'ба, гăрнич'ер, ч''епле* (*чапл'а*), *'егне, ј'еганце, 'еганце*, но: *ж'аба* во зилјаховскиот говор (Иванов, 1977 : 89), *'ере, пол'ена, кукум'ефка, ил'еда* (*илјада*), *шем'ар, ет* (*јад*), *прият'еле, ч'еши, офч'ере, кош'ера, ж'епка, м'оета* (*мојата*), *т'оета, ед'е* (*јаде*) во разни места на серското говорно подрачје (Иванов, 1977 : 88-89). Во некои драмски села во наставката *-ај* во императивот зад меки согласки се прегласува /*а*/ во /*е*/: *уб'ичеј, сл'ушеј, уст'авеј, р'учеј* (Иванов, 1972 : карти 40, 42).

На серско-драмскиот терен, како што се гледа од приведениве примери, прегласено **а* во /*е*/ се јавува најчесто зад /*ј*/, /*л'*/, и зад алвеоларните /*ш*/, /*ж*/, /*ч*/, поретко зад /*ц*/, кои се и овде фонетски палатализирани гласови, меѓутоа, само во одделни лексеми, како локализирана појава. Повеќето од приведениве примери и територијално се изолирани. На поголем и поконтинуиран ареал се простираат примерите со /*ја*/ > /*је*/: *'ејце, ј'ејце, ј'ере, ј'егне* (Иванов, 1972 : карти 40, 41).

Повеќе како лексикализирана појава преминот на **а* во /*е*/ се јавува и на **костурско-леринското говорно подрачје**. Во говорот на селото Нестрам, кое се наоѓа триесетина километри југозападно од градот Костур во подножјето на планината Грамос, ги имам забележано следниве примери: *'есен, ес'ика, костур'ени* (*костур'ани, костурј'ани*), с. *Марков'ене* (*Марковјане*), *ч'елет, ж'еба, жебј'аци, ж'елна* (*жална*), *ж'епка* (*жапка*), *дăрж'ел'е, ш'ерен* (*шарен*), *ч'еша, венч'е-*

н’е, воденич'ер, редовно во образувањата на *-чани* : *галишч'ени, добролишч'ени, жужелч'ени, костурч'ени, манглич'ени, охритч'ени, омошч'ени, рупишч'ени, чуч'ени, шлибнич'ени* (жители на Галишта, Жужелци, Омотско, Чука итн.); *р'еван, реванл'ија, р'ежен* (*ражен*), *греш'ина.* Од говорот на селото Тиолишта (северно од Костур) познати ни се примерите: *ез'овец, ер'ица, ер'ичка, 'есен, ш'аек, с'ает, б'ӑршлен, ч'елет, ч'еша, шчеф, шч'евој, л'ишеј, к'ӑшеј.* Повеќето од приведениве примери познати се и во добар дел од другите костурски села. Освен тоа има и други примери со преглас, сп. *ебанж'ија* (*јабанжија*), *р'ает, к'очен, жер, куш'ера, кукуш'ени, крев'ајче, ч'елет* (Дамбени), *'есен, 'ает, ш'аек, коч'енка, л'ишеј, к'ӑшеј, греш'ина, крев'ајче* (Добролишта), *јес'ика, ј'есен, 'ајет* (Езерец), *к'ашеј, л'ишеј, жер, ж'еба* (Слимница), *пиј'еник, елов'ица, пул'ена* (Смрдеш), *сел'енин, тк'аеч,* топ. *Д'олене* (Вамбел), *рек'ија, костур'ени* (Лобаница), *жел’ов'ито, шем'ија* (*шамија*), *печ'ели, пор'ачен, кош'ера* (Косинец), *игл'ичка* (< *егличка* < *јагличка*) (Баница), *игн'ешко* (< *егн'ешко,* со редукција на *е* > *и*) (Чеган), *валев'ица* (Рулја), *вал'ејца* (Ошчима, Конески, 1957 : 181).

Колку што се оди пона север во правецот на централното дијалектно подрачје бројот на примерите како во апелативната лексика така и во топонимијата опаѓа. По некој пример од апелативната лексика со прегласено **а* во */е/* наоѓаме во преспанското и во охридско-дебарското говорно подрачје. Сп.: *илеч* (т. *ilâç*), *п'олена* (Шулин), *шч'евеј* (Рулја), *ј'ӓгне, Ј'ӓна, ч'ешава* (Стење, Конески, 1957 : 181), *б'аеч, б'аечка* (Царев Двор – Преспа), *есен'ојца, г'ӑркленик* (Љубаништа – Охридско), *'ӓсен, 'ӓгутка* (*јаготка*), *гӓрклен* (Радожда – Струшко), *н'а јеве* (Бањиште – Дебарско), *'есен, ес'ено:, п'ечелит,, ч'елет, г'ӑрклен, ч'екија* (Селце), *'обело* (*објало*), *ч'елет, есен'ојца* (Луково, Видоески, 1968 : 68, 87), *'есен, ч'елет, гр̥клен* (Жировница). Од долновардарските говори познати ни се со прегласено */а/* покрај *ч'еша* уште и: *чик'ија* (< *чекија*), *ис'ика* (< *ес'ика* < *јас'ика*), *чер'апи, б'ӑршлин, л'ишеј* (Пожарско – Меглен), *п'оес, п'оесо, чик'иа, ш'аек* (Габрово – Струмичко). Последниве три примери во оваа фонетска разновидност се среќаваат и во некои малешевски говори, сп. *ч'еша, ч'ешка, чек'иа* (Берово), *п'оес* (Двориште – Беровско).

Од другите македонски дијалекти по некој пример со */е/* < **а* наоѓаме уште во кумановскиот, сп. *дијен'ијка, јагњ'енце, ебенж'ија, ест'ак* (т. *jastik*), *јетег'ан* // *етег'ан* (т. *yatagan*), *ер'ӑм, п'ојес* // *п'оес, пријат'ел’* // *прият'ел’*, но тука се работи за друг вид фонетски процес (Видоески, 1962 : 36).

Оваа фонетска појава доста добро е застапена и во топонимијата. Најголем број топоними со прегласено **а* се јавуваат во нашите јужни дијалекти, каде што е прегласувањето поизразено и во апелативите. Сп.: *Билени, Болени, Вичени, Вишени, Лазарени, Марчени, Саждени, Штармени* (јужна Албанија), *Бабјени, Дреновј'ӓни* (Корчанско), *Бр'ешчени, В'ишени* // *В'ишини, Д'ӑмбени, Дран'овени, Загор'ичени, К'ӑрпени, Марк'овени* // *Марк'овини, Кр'емени, 'Ошени, Шл'ивени* // *Сл'ивени, Стар'ичени, Тикфени, М'окрени, Новос'елени, Гӑрлени, Д'олени, Добр'овени, Ч'ервени, Јан'овени* (Костурско), *В'ӑрбени, Заб'ӑрдени, Л'ажени, Поп'ӑлжени, Сребр'ени, Кучк'овени, Вошт'арени* // *Вошт'арани* (Леринско), *В'инени, Гр'аждени* // *Гр'аждено, Д'ӑрмени, Д'упени, Ез'ерени, Кр'ивени* (Преспа), *Ж'абени, Ол'евени, Добр'овени, 'Ивени* (Битолско), *В'ӑрбени, В'агени, Јав'орени, Кост'урени, Цӑрк'овени* (Воденско), *Д'олнени, Л'оквени* (Прилепско), *Озд'олени, См'олени* (Охридско), *В'ӑрбени* // *В'ӑрбен, Жит'инени* // *Жит'инани, 'Острени* (Дебарско), _Цӑрничени_ (Дојранско), _В'ишнене, Габрене, З'ојчене, Боров'ичене, Прип'ечене, Селене, Чур'ичени_ (Петричко), _Добрени, Долени, Плоштени_ (Мелничко), _Кривене, Черешене_ (Благоевградско), _Неволен’и_ (Серско, Видоески, 1971 : 53-67).

Остатоци од прегласувањето на _*а_ наоѓаме, како што покажува приведениов материјал, само зад /ј/ и зад алвеоларните консонанти /_л’, р, ч, ш, ж_/, кои во старомакедонскиот биле палатални. Зад палаталните консонанти прегласувањето на _*а_ во _ä_, т.е. неговото изедначување со _*ě_, било регуларен фонетски процес, кој е добро засведочен готово во сите стари македонски текстови (Конески, 1965 : 47). Понатамошниот развој на појавата стои во директна врска со судбината на _*ě_. Во говорите каде што _*ě_ сè уште се пази како посебна фонема, на таа фонема ѝ припаѓаат и континуантите на прегласеното _’а_. Така, на пример, во корчанскиот (бобоштенскиот) говор, каде што _*ě_ > /ʲä/ во акцентиран слог, одн. /е/ во неакцентиран, исти резултати наоѓаме, како што видовме, и за _*’а_, сп. _р'ʲäка_ : _рек'ата_, и _п'ојес_ : _појʹäсо, ж’'äба_ : _ж’еб'ата, ч’'елет_ : _ч’ел’'äта_. (Mazon, 1936 : 35). Идентичност во развојот на _*’а_ и _*ě_ наоѓаме и во разлошкиот говор. Во него во акцентиран слог и _*ě_ и _*’а_ во групата _ча_ се изговараат како /ä/, а во неакцентиран слог и за двата гласа имаме /е/, сп.: _р'äка_ : _рек'ата_, па и: _грӑнч'äр_ : _грӑнчер'ето_.

Сличен развој покажуваат и гоцеделчевскиот (неврокопскиот) и некои говори во Серско и Драмско. Во гоцеделчевскиот стариот изговор на _*ě_ по правило е запазен кога е под акцент и пред слог со преден вокал, сп. _д’'äт’е, гол’'äми_. Ако во следниот слог има вокал од заден ред, тогаш акцентираното _*ě_ > /_’а_/: _р’'ака, м’'асто_, како и во затворен краен слог: _ч’ув’'ак’_. Во неакцентиран слог _*ě_ > /е/: _ж’'елẹзо, ''ʸорẹх_ (Мирчевъ, 1936 : 21-25). Па и вокалот /а/ зад палатален консонант под акцент се изговара како [ä], и тоа без оглед на карактерот на следниот слог, а во неакцентиран слог се изедначил со етимолошкото _*е_, сп. _ч’'äш’е_ (_чаша_). – Во сушко-височкиот говор исто така под акцент /’а/ > /ä/, како и _*ě_, сп. _ж’'äба_ (Сухо), _ч’'äша_ (Висока), како и: _л’'äто, м’'äра_.

Во говорите каде што е _*ě_ заменето со /е/, до колку има остатоци од прегласот, _*а_ е заменето со /е/, сп. _'ере, пол'ена, ж'епка, ш'ерин_ итн., во говорот на Зилјахово (Драмско), во кој замената на _*ě_ во /е/ е регуларна појава (Иванов, 1977 : 89).

На географски план прегласувањето на _*а_ е најраширено, како што покажуваат примерите, во јужните и југозападните периферни говори на целиот појас од Дебар преку Охрид и Преспа до Корча и Грамос на југ и од Грамос до реката Места и Родопите на исток. Најголем број примери со прегласено _*а_ наоѓаме во костурско-корчанскиот регион и на ареалот од Лагадина до Драма и Гоце Делчев. Колку што се оди пона север и кон централната зона бројот на примерите со прегласено _*а_ се намалува. Паѓа в очи дека прегласувањето на _*а_ зад шушкавите алвеолари (_ч, ш-ж_) е ограничено претежно на костурско-корчанскиот регион и на говорите во југоисточна Македонија источно од линијата Солун – Кукуш па сè до Разлог на север. Во повеќето од тие говори споменативе консонанти, како што веќе спомнавме, се сè уште фонетски меки гласови. Најголем ареал зафаќа прегласот во збороформата _ч'еша_ (< _чаша_). Северната изоглоса на фонетскиот облик _чеша_ оди приближно по правецот Преспа – Битола – Дојран – Петрич, а потоа свртува на север во правецот Петрич – Берово – Делчево.

Примерите со прегласено _*а_ зад /_л’_/ поконтинуирани ареали имаат на западната јазична периферија. Така, фонетската разновидност _бр̥шлен_ (_бӑршлен,_ *ба̊ршилен*) доминира на целиот простор западно од линијата Скопје – Прилеп – Битола, а превладува и во јужните дијалекти на правецот Воден – Сер – Гоце Делчев. Нешто е поограничен ареалот на формите *г̄р̥клен* и *челет̄*. Првата – *г̄р̥клен* со разновидностите *г̄ӑрклен, г̄а̊рклен* се употребува во дебарското говорно подрачје и во охридско-преспанскиот регион на исток приближно до линијата Битола – Кичево – Маврово, како и во повеќе пунктови во Воденско, Тиквешијата и Радовишко.

Уште е поограничен ареалот на формата *челет̄* (*челед*). Со прегласено **а* во /*е*/ овој збор се употребува во дебарското и костурско-корчанското говорно подрачје и во Источна Македонија во Беровско и Пехчево. Во ареалот каде што *л*' затврднало се употребува само обликот без преглас: *челат̄* (*челадот̄*).

Формите *п̄ол'ена* / *п̄ул'ена* и *валев'ица* / *вал'ејца* немаат континуиран ареал. Се јавуваат во одделни пунктови во костурско-леринскиот и преспанскиот регион.

Примерите со прегласено **а* зад /*р*/ се јавуваат само на костурскиот и леринскиот ареал, сп. *р'еван, реванл'ија, р'ежен, г̄реш'ина, крев'ајче, рек'ија, кост̄ур'ени.*

Денешната географска распространетост на примерите со прегласено **а* нѐ упатува на заклучок дека и во постариот период од развојот на македонскиот јазик прегласувањето на етимолошкото **а* зад палаталните консонанти не ја опфаќало сета македонска јазична територија. Во говорите што се наоѓаат северно од линијата Дебар – Прилеп – Штип – Кочани – Делчево не се констатирани случаи со преглас ниту во апелативната лексика, ниту во топонимијата. Затоа не е неверојатно дека во Северна Македонија односниов фонетски процес не се вршел. Под влијание на северните говори, каде што најверојатно и најрано дошло до затврднувањето на палаталните непарни консонанти, северната граница на прегласот на **а* се поместувала кон југ, а со тоа се стеснувал и ареалот на прегласот. Во централната зона влијанието од север било посилно. Со тоа може да се објасни отсуството на примери со прегласено **а* во апелативната лексика во тие области. Меѓутоа, во топонимијата, каде што фонетскиот процес бил затврден, веќе конзервиран, вокалот *е* добиен со преглас од **а* можел да се задржи. Така можат да се објаснат топонимите како *Жабени, Оливени, Добровени, Ивени* во Битолско, или *Ост̄рени, Вӑрбени, Жит̄инени* во Дебарско и др., до колку тие не се нови преобразувања, како на пример, имињата на прилепските села *Долнени, Локвени, Свет̄омит̄рени.* Во документите од 16 век овие три топонима се предадени во форма со /*а*/: *Долнани, Локвани, С(ве)т̄о Дмит̄рани,* како и: *Врбјани, Жабјани, Дуп̄јани* и други. По овој начин во централните области и во регионот по долината на Вардар готово до Солунскиот Залив надвладале примерите со непрегласено **а*, додека на југозападната и југоисточната периферија превладуваат примерите со прегласено **а*. Во југоисточните македонски дијалекти (серско-драмскиот и гоцеделчевскиот) процесот на прегласот можел да биде потхрануван и со влијание на граничните бугарски дијалекти во кои прегласот и денеска е активен. (Стојков, 1963 : 285-290).

1979

1.9. ОСТАТОЦИ ОД НАЗАЛИЗАМ ВО ЗАПАДНИТЕ ГОВОРИ

Процесот на губењето на носовоста на **ǫ* и **ę*, кој започнал уште во старословенскиот период, не ги опфатил сите случаи во бројни наши говори.

Најголем број примери со запазена носовост во вид на посебен назален глас има во најјужниот појас од нашата територија во кој влегуваат говорите во Солунско, Костурско и Корчанско. Назалниот елемент во нив се јавува само во коренските слогови и во определени фонетски услови – најчесто пред експлозивна звучна согласка (Кузовъ, 1921 : 98; Małecki, 1933 : 266). За оваа појава во споменативе говори во науката се знае отпоодамна и се има пишувано прилично доста (Григоровичъ, 1848; Hattala, 1865 : 414-421, 461-476; Дриновъ, 1876; 1911; Теодоровъ, 1882 : 142-145; 1885, 401-410; Шоповъ, 1882 : 32; 1885 : 321-322; Анонимен автор, 1889 : 16-26; Драгановъ, 1888 : 1-27; Novaković, 1893 : 37-46; Облакъ, 1894 : 517-581; 1896 : 18-21; Стоиловъ, 1900 : 632-649; 1901 : 703-712; 1923 : 36; Милетичъ, 1901 : 623-667; Кузовъ, 1921 : 86-125; Mazon, 1923; 1936; Małecki, 1933 : 106-119, 266-287).

Колку што се оди пона север бројот на случаите со запазена носовост се намалува. Веќе во воденскиот говор, кој непосредно граничи со солунската и костурската група, забележени се уште само десетина примери (Мирчевъ, 1901 : 451; Думевъ, 1943 : 21-22).

Од централните и западните говори досега ни беа познати седум примери со запазена носовост, не сметајќи ги тука нивните изведенки. Тие се: *јанѕа* (стсл. **ѭза**), *г̄анг̄лив* (стсл. **гѫгъnивъ**), *кӑндро, п̄енда* (**пѧда**), потоа броевите *п̄ендесет̄, девендесет̄* и *т̄енг̄ало* (Мирчевъ, 1932 : 91-101; Якимова, 1911 : 235; Конески, 1951 : 99). Меѓутоа, како сигурни од нив можеме да ги сметаме само првите три, додека *т̄енг̄ало* и броевите *п̄ендесет̄* и *девендесет̄* се спорни.

Првиов пример (*јанѕа*) е најраспространет; со назален глас се употребува во сите централни говори, во поголем дел од западните (констатиран е во кичевскиот, преспанските, охридскиот, струшкиот) и на целиот источен појас од Солун па до границата со српската јазична територија на север, и се јавува во формите: *јанѕа* (во централните, демирирхисарскиот, во еден дел од охридскиот и преспанските, потоа во тиквешките, во сите говори од штипско-струмички тип и во сите северни), *анѕа* (во мариовскиот, Конеска, 1951 : 11), *јӑнѕа* (во преспанските, градскиот охридски, струшкиот и во горнополошкиот), зависно од тоа што дало **ǫ*, одн. *енѕа* во оние говори каде што нема остатоци од старото мешање на носовките зад *ј* (во некои струшки села, воденскиот и солунските говори, Думевъ, 1943 : 22; Oblak, 1896 : 21). Во оние говори од северната област каде што за **ǫ* има *у* во коренските слогови се употребува формата со *а* (*јанѕа*), која е, без сомнение, внесена од југ, од централните или источните. Со други зборови, во сите наши говори каде што се употребува овој збор, се јавува со носов елемент. Од истиов корен имаме и неколку изведени форми: *јанѕало* (во поречкиот, кичевскиот), *шт̄о одиш како јанѕало* (во преспанскиот, с. Брајчино), *с-амкаш ко: јанѕало* (с. Герман), *јанѕосан, јанѕа јанѕосана, се јанѕит* ‘се инаети’ (во поречко-кичевската група).

Ареата на придавката *ганглив* (од **гѫгънивъ**; *л* место *н* се јавило подоцна по аналогија на придавските образувања со суфиксот *-лив*) е нешто поограничена. Досега е забележена во централните (прилепскиот, битолскиот, демирхисарскиот, кичевскиот, поречкиот), од западните во преспанските говори, а од југоисточните во воденскиот, и тоа во последниве во формата *гӑнглив* (ресенскиот, с. Царев Двор), одн. *гӑнгл'иф* (во воденскиот, Думевъ, 1943 : 21).

И од коренот **gǫg-* имаме уште неколку образувања: *гангало, ганголешко* ‘човек што тепкави’ (Порече, Кичевско), *ганголам* ‘нејасно зборувам’ (во прилепскиот, поречкиот, сп. стсл. **гѫгнати**), *гангаранга* (така се имитираат петлите што кукурикаат на дебело; во прилепскиот, Конески, 1949 : 248); во говорот на Долна Преспа, каде што **ǫ > о* во коренските слогови, имаме *гонгл’о* и глагол *гонглисвам* : *гонглисваш како без нос да си* (с. Герман).

Зборот *кӑндро* со изведенките *кӑндрење коса, и кӑндреше бул’ките* е црта само на градскиот охридски говор, и тоа на говорот на стариот дел од градот, а во Кошиште и Месокастро поретко ќе се чуе.

Додека првиве три примера со нивните изведенки се живи во народната реч, за *пенда* тоа не може да се рече. Забележен е само во поречкиот говор и се употребува како петрефакт за една старинска должинска мера: *пенда, чеперенда, фатка, три пр̥ста, пр̥с,* која се среќава денеска само во тој израз (Видоески, 1950 : 11). Овде постои дури и можност *н* да се јавило како секундарен глас, како што е случајот во *мандуле* или *набамбарам, -иш*. Зборот *мандуле*, мн. *мандулина – мандулиња* се употребува во прилепскиот, поречкиот, кичевскиот; *набамбарам* се јавува во поречкиот паралелно со *набабарам* : *да се набамбариш бапките да те фр̥кнат*. И во двава збора во коренот сме имале **ǫ* : **mǫd-* и **bǫb-* (Поповиħ, 1951/52 : 159-171). Спрема тоа би можело да се помисли дека и во овие случаи имаме остатоци од носовост. Но поверојатно е дека носовиот глас овде е секундарен по потекло. Во истиве говори се употребуваат и паралели без назален глас, сп. *маде, набабарам.* Тие се експресивни зборови, а во такви зборови, како што знаеме, во нашиот јазик честа е појавата да се вметнува назална согласка.

Зборот *тенгало* во нашите говори се јавува во две форми: споменатава – *тенгало* и *тегнало*. Првата е пораспространета: констатирана е во прилепскиот, битолскиот, демирхисарскиот и во преспанските, а формата *тегнало* во охридскиот, некои кичевски села и во струшкиот. Во последниов се употребува и во формата *тегнило.*

Имајќи ја предвид само формата *тегнало,* Мирчев искажа мислење дека носовиот консонант во неа претставува остаток од некогашната носовост: ја изведува од коренот **tęg-* (глагол **tęgnǫti*) (Мирчевъ, 1932 : 98). Конески допушта и друга можност за образување на овој збор: од глаголот *тегне̨* со суфиксот *-(а)ло* се добило *тегнало,* а потоа оваа форма "при затемнување врската со воносниот глагол можела да се метатезира и да стане *тенгало*" (Конески, 1949 : 249). Формата *тегнало* во говорите што ги споменавме погоре зборува во прилог на претпоставката на Конески. Влашката форма *tengală* исто така не се противи; во влашкиот таа можела да биде примена откога се извршила метатезата. Претпоставката на Конески ни се чини поприфатлива и заради тоа што денеска во прилепскиот и битолскиот говор *тенгало* се вика не само онаа справа за фрлање камчиња што ни ја опишува Мирчев, туку и секој друг ластик, и сè она што може да се тегне, да се растегнува. И најпосле, нема ниту еден друг збор изведен од коренот **tęg-* во кој би се пазела носовоста; сп. *теглив, тега(в)ец, се тегави, тегне, тегло* ‘делот од менѓушка што се провира во дупката на уво’, *тегле, тегленце* (со исто значење како *тегло*), *тегоба,* и др.

Поделени се мислењата во врска со појавата на назалниот глас и во броевите *пендесет* и *девендесет,* кои се среќаваат повеќе како архаизми во некои наши западни и југоисточни говори; сп. *пендесет, девендесет* во охридскиот (Мирчевъ, 1901 : 528; Конески, 1951 : 99), *пендесет* во Прекодрим, *сто пендесет* во Кукуш, *девендесет* во Демир Хисар (Oblak, 1896 : 133-134), *пенд’ес'ет’, д’евенд’ес'ет’* во Неврокопско (Мирчевъ, 1936 : 13).

Облак, Лавров и Мазон овде гледаа остатоци од носовост (Облак, 1894 : 523; 1896 : 133; Лавровъ, 1893 : 15; Mazon, 1923 : 16). Така порано мислеше и К. Мирчев (Мирчевъ, 1932 : 91-100), но после во студијата за неврокопскиот говор (Мирчевъ, 1936 : 13) тој се коригира и го прифаќа мислењето на Соболевски (Мирчевъ, 1936 : 14), според кого *н* во споменативе примери е секундарен глас – добиен како резултат на дисимилационен процес (од **петдесет, *деветдесет,* како што имаме случај во белоруските форми *дванацать, тринацать*). Како аргумент Мирчев го приведува и фактот што назалот се јавува само во сложените форми, каде што постојат услови за реченава појава, а не и во броевите *пет* и *девет.* Меѓутоа, и оваа теза останува сè уште претпоставка. Во простите форми и не може да се очекува остаток од носовост пред безвучните согласки, и тоа особено во охридските и југоисточните говори.

За време на дијалектолошките екскурзии во Западна Македонија, што ги организираше Катедрата за јужнословенски јазици при Филозофскиот факултет во Скопје, имавме можност да откриеме уште неколку примери со запазена носовост кои порано не биле забележени.

Во струшките села Мали Влај и Вевчани, кои со крајното западно село Радожда претставуваат посебен дијалектен тип со знатни отстапувања од говорот на другите села, жива е формата *дентелина* (стсл. **дѧтелина**) : *детелина* во другите струшки села.

Во некои јужни преспански села, гранични со Долна или Мала Преспа, назален глас се јавува во повеќе примери:

гр'ендел ‘гредел’, стсл. **грѧдель**; – *дронк,* членувано *дронго* (Долно Дупени), ‘подолго дрво за спружирање алишта’, стсл. **дрѫгъ**, сп. *драк – драгот* во други наши говори; – *ј'анг ул’а, ј'ангорец* < **ǫgrъ*, сп. *јагорец* во централните, *va^{n}g'orec* во Бобоштица (Mazon, 1936 : 28, Д. Дупени, Љубојно; *јагул’а* (во соседното Брајчино), *јӑндица* (Стење, Коњско), *кронк, стави го кронго* ‘бљудо, тарун’ (Д. Дупени), стсл. **крѫгъ**; – *кломко, кломче* (Д. Дупени, Брајчино, Штрбово), стсл. **клѫбо**, сп. *клапче, клопче* во разни наши говори; – *манде,* мн. *мандина* (Брајчино, Штрбово), одн. *монде* (Љубојно, Д. Дупени) ‘testicules’, стсл. **мѫде**; – *мондро* (се употребува, како и во другите говори, во изразот *Седи мондро да не носиш модро, Седи си мондро на гӑзот* – Љубојно, Д. Дупени), стсл. **мѫдръ**; – *тромба* ‘траба платно’ (Д. Дупени), стсл. **трѫба.** – Бранислав Русиќ во Љубојно ја забележил формата *колендрица* во една коледарска песна:

Колендрица, мелендрица,
и по неја Василица...
Е добра колендрица!

– Очигледно е дека се работи во случајов за основата **kolęd-*. Инаку се вели *коледа.*

За *јанѕа* (Д. Дупени, Брајчино, Штрбово), одн. *јăнѕа* (Стење, Коњско, Ресен), *гонгло* и нивните изведенки споменавме погоре.

Во приведениве примери паѓа в очи неуедначеноста на вокалот пред назалниот глас; се јавуваат три различни самогласки: *ă, а, о,* одн. *ăн, ан, он* како рефлекси за носовката **ǫ*. Тоа одговара на состојбата во врска со рефлексот од **ǫ* во преспанската говорна област. Во Горна Преспа основен рефлекс за **ǫ* е *ă.* Во таа група спаѓаат и крајните југозападни села Коњско и Стење (се наоѓаат на западниот брег на Преспанското Езеро во близината на државната граница) во кои е забележана формата *јăндица.* Сп. таму и: *гăзер, гᵊрди, внăтре, глăбоко, дăбо, дᵊрк, јăже, јăтор, јăток, кăдел'а, кăтници, пăтец, мног'упăти, пăдит, сăжен, стᵊрга, сăт'а зима, сăнош, сăт, посăтка,* па дури и *гăска, гăжва, гăжел'* : *обрач, попрак, отаде, понада, падар – попок, клопче;* или случаи со мешање на носовките: *јăчмен, јăзик, јăтр̥ва, јăдро*: *зајак.*

Поинаков рефлекс за **ǫ* имаме во неколку југозападни села.

Долно Дупени и Љубојно – последни преспански села од наша страна на источниот брег на езерото – и по рефлексот на **ǫ* и по други црти покажуваат поголема близост со долнопреспанскиот говор. Место **ǫ* во коренските слогови таму имаме еден вид отворено *о* (го бележиме со *å*), како во долнопреспанските села, сп. *внåтре, гнåсно, гåс'ојнца,* 'гасеница', *дåп, зåби, јåже, јåдица, јåјчка* 'јажичка', *јåглен, јåток, кåшеј леп* 'касај', *кåт, кåтник, кåклица* 'какол', *кåпење, лåчиш, се мåчиме, мåтно, 40 мåч'ејнци* (верски празник), *се мåжи, мåш, пåт, прåтје, пåпок, рåп – рåбој, сåт, скåпо, сåжен, смåток, сåбота, стåпва, стåпало, сåнош, трåба* и *трåмба, тåпан,* или *јåзик, јåчмен, јåдро, јåтро, јåчи болнио*; само во неколку примери од оваа позиција има *а* или *ă*, сп. *глабоко, јатор, кадела, каде, кај ојш, падар, рака, порачав, ракатка, стапица, спрага, јатр̥ва,* сп. и: *желат, обрач, понада, попрак – попраѕи, отаде, заак, пајак* (Д. Дупени), а во Љубојно и: *гради, гас'ејнца, дап, прат, капина, каклица, јаже,* и: *гăзер, гăзлина, кăса* (Д. Дупени), *кăшај* (Љубојно).

Во соседните Брајчино, Наколец и Штрбово преовладуваат случаите со *а* < **ǫ*, сп. *внатре, глабок, дап, зап, се капам, папок, сматок, мака и мåка* (Брајчино), *драк, катници, гас'ајнца, пратје, посатка* и др. (Штрбово) покрај *гăс, гăзер, гăс'ајца* (гасеница), *кăснам, кăшај,* и само спорадично се среќава по некој пример со *å*, сп. *мåш, мåка* покрај *мака* (Брајчино), *смåток, нåтре, се мåчи* покрај *мачи* (Штрбово).

Со исклучок на *јăндица* и *дентелина* сите другиве примери со запазена носовост се употребуваат и во Долна Преспа, сп. *гåнгло, јангул'а, јангорец, јангарци, јангар, крåнк, јанѕа, јанѕало, грендел', мåндро, трåмба, тенгало* (Герман), а некои и во леринскиот, на пр. *moendro sedi, moendi, kroenk, troemba* (Мокрени; во транскрипција на A. Mazon) и др. (Mazon, 1923 : 16).

Како што се гледа, во сите приведени случаи носовоста се пази во истите позиции како и во костурско-корчанската група говори – пред експлозивна согласка, најчесто звучна. Интересно е дека во оваа позиција во некои говори се јавува дури и секундарен назал, сп. *ба̊ндик* (Д. Дупени), до колку тука немаме постаро мешање со назалите, *дандолиш* покрај *дадолиш* ‘мрмориш’ (Порече), *т̄р̥п̄енѕа* ‘трпеза, трапеза’ (Тајмиште, Кичевско), а особено во разни експресивни зборови, од кои неколку споменавме и погоре.

1955

1.10. ФОНЕМАТА /*x*/

1. Во поглед на фонемата /*x*/ македонските дијалекти можат да се поделат на две групи. Во југоисточните, источно од линијата Кочани – Штип – Демир Капија – Острово – Кајлар, /*x*/ се пази во фонолошкиот систем и егзистира во корелација со фонемата /*к*/ како нејзин континуиран корелат:

x — *к*
|
г̄

Западно од спомендатава линија /*x*/ се среќава во неколку пункта – во охридскиот градски говор (Видоески, 1955 : 113-123), во говорот на мијачкото село Смилево во Битолско (Илиќ, 1959 : 400-403), во две торбешки села во Полог – Урвич и Јеловјане (Видоески, 1973 : 24-25), во две корчански села – Бобоштица и Дреновени (Mazon, 1936 : 49-50) и во областа Костенарија во Костурско. На другата територија во западна и во северна Македонија /*x*/ не се среќава (карта 1) и веларната група консонанти ја сочинуваат само два члена:

к — *г̄*

2. Дијалектите што ја познаваат фонемата /*x*/ не се единствени во поглед на нејзините фонетски признаци, ниту во поглед на дистрибуционите можности.

2.1. Во поглед на фонетските карактеристики отстапување од нормалната артикулација на /*x*/ покажуваат некои североисточни периферни говори. Во разлошкиот говор /*x*/ се реализира како [*x*']. "... *x* се палатализирало до толку што се артикулира при самите предни алвеоли: *дујд'ох*', *дујд'ох'т̄е, видäх*' – *видäх'т̄е*" – пишува Алексиев (1931 : 109). Такво /*x*'/ е констатирано во повеќе разлошки села: Белица, Г. и Д. Драглиште, Бабјак, Елешница, Кремен (БДА, 1975 : 74-75, коментар на картата 79).

Во повеќе пирински села на просторот меѓу Мелник и Гоце Делчев (Неврокоп) забележано е и ларингално [*h*] како алофон на /*x*/ (БДА, 1975 : 74-75).

Во беровскиот и делчевскиот говор пред сонантите во ред случаи /*x*/ се реализира како звучен алофон [*γ*], сп. *еγл'а, бууγн'а, п̄р̥уγн'а* (Пехчево), *М'еγмет̄, б'еγме* (Берово), *Б'еγме, 'имаγме* (Делчево).

Во ред дијалекти во Македонија не ретко може да се чуе слабо артикулирано [*x*] во фаза пред неговото наполно исчезнување, сп. *ор'а*^{x}, *ме*^{x}, *т̄и*^{x}*н'а* (Кочани), *бр'е*^{x}*че, п̄'а*^{x}*т̄а, кр'е*^{x}*ко, м'у*^{x}*ол* (Пробиштип). Едно такво слабо /*x*/ често може да се чуе во говорот на Македонците муслимани во разни пунктови во Македонија, сп. ^{x}*арно*, ^{x}*уба:*, ^{x}*укат̄, мо*^{x}*ол, чо*^{x}*а* (Кичево, Видоески, 1957 : 55),

^{х}абер, ^{х}ава, ^{х}ич, ^{х}оџа, ^{х}р̥бет (Дебреште – Прилепско, Видоески, 1950 : 25), *бо^{х}ла, ме^{х}лем, ти^{х}ко, ма^{х}на, Ме^{х}мет, зме^{х}, су^{х}* (Мелница – Велешко, Видоески, 1951 : 201-209).

2.2. Во зависност од позицијата во рамките на *х*-ареалот можеме да изделиме две групи дијалекти.

2.2.1. Во крајните југоисточни говори на правецот Гоце Делчев – Серез – Лагадина употребата на /*х*/ позиционо не е ограничена. Таа може да се јави во сите позиции на зборoформите – на почетокот и пред вокал и пред консонант, во средината – меѓу вокали, пред консонант и зад консонант, и на крајот како зад вокал, така и зад консонант. Сп.: а) на почетокот: *х’арж’иш’, хем, х^{у}оро* (Г. Делчев, Мирчевъ, 1936 : 11-12, 53), *х'аре, х'итар, хил’'ада, х'ожа, хо̣л'ера, хо̣ро̣б'ија, хăрт, хăрл’а* (Зрнево), *х'аjде, хитро, хортума, хубаф* (Г. Броди), *ха̣в'ан, х'аркума, х'апнува, хум'от, х'урка, хи, х'ојна* (Плевна – Драмско), *х'апи, х'оди, хăрскал’* (Дервишен – Серско), *хам, х'арка̣м, х'итри, х'ода(м), хăчица* (Сухо, Висока, Голомб, 1962-63 : 247), *хми, хр'ипа̣м, хт’ам* (Г. Делчев), *хл'ипка, хл'апе, хл'упка, хв'ани, хр'ани* (Плевна), *хл'адно, хл'опам, хр'ана, хр'ан’ам, хр'ипам* (Сухо); б) во средна позиција (меѓу вокали): *бр'иха, изд'иха, з'адиха; лих'уса, др'ехи, о̣р'ехи; 'ехел’*; *п'ехар, стр'еха; гр'ехове; Вла̣х'инка; 'ахел’* ‘јагула’; *ј'аха, л’'аха; на̣х'ора, за̣х'ожда; па̣ла̣х'утка; н'охе* ‘тепсија’; *тр'оха, д'адоха; доходи; лохуса; снăха; м'ухи, с'ухи; м'уха, с'уха, сух'ар; с'ухо, 'ухо; б'ухут* (сите примери се од Зрнево); (пред консонант) *м'ухла, т'ухла, мехл'ем, м'ахне, ј'ахнува, т'ехни, д'ихна, ф'ехче, п'ојахче, мехц'е, ехц'е* ‘јајце’, *тахт'абит, 'охка*; (меѓу консонант и вокал): *'елха, бăлха* (Плевна); в) на крајот: *гр’ах, Влах, прах, сурм'ах, страх, врах, 'орех, них, з'адих, мăх, бух, кож'ух, сух, вăрх, пăлх* (Плевна), *т’ах, сирум'ах* (Савек), *м’ăх, ор'ах, гр’ăх, оч'ух* (Календра – Серско).

2.2.2. На просторот западно од линијата Солун – Валовиште – Гоце Делчев па сѐ до Кочани – Штип – Демир Капија – Кајлар фонемата /*х*/ е позиционо ограничена. Таа се јавува регуларно само на крајот на зборoформите и пред консонант, сп.: *мах, прах, вех, грах, глух, врăх, пăх – в'ехта̣, кр'ехко̣* (Елешница – Разлошко), *врах, страх, ор'ех, р'екох – гл'ухци, прахч'ина* (Благоевград, Стоиловъ, 1904 : 10), *сиром'ах, тих, них, мех, мох, бух, кож'ух, пăх, бех; ехла, в'ехто, б'охча, пихт'иа, орехч'е* (Берово, Пехчево), *врах, мех, з'адих, глух, гр'ухка, п'ахта, глед'ах – глед'ахме* (Подареш – Радовиш), *сирум'ах, б'ахча, 'ухце, углухн'а* (Богданци), *врах, лăп'ух, нох – н'охта, убр'ахче, подн'охти, ј'адех – ј'адихне* (Гуменџа), *змех, страх, пирд'ух, кр'ехту, ихтиз'а* (Луковец – Воденско).

Во иницијална позиција во тие дијалекти /*х*/ може да се јави само во понекоја лексема од црковно-религиозната терминологија, многу ретко во други случаи, сп. *Хр'истос, Хр'исто, христиј'анин, хăрче* (Дојран), *хте, не хте* (Пехчево).

Многу е ограничен на споменатава територија и бројот на случаите со /*х*/ во интервокална позиција. А до колку се среќава /*х*/ во таа позиција во понекој од долновардарските говори, тоа обично станува на морфемската граница со членските и множинските наставки кај именските зборови, сп. *Влахо, два греха, мехо, з'адухо* (Дојран), *з'адихо* (Кукуш), *м'охут, п'ердухот* (Гуменџа); *Влах, мех, з'адих, мох, п'ердух.* Други случаи со /*х*/ меѓу вокали се многу ретки.

Во другите случаи во иницијална и во интервокална позиција /*x*/ отсуствува; тоа се загубило наполно или преминало во друга фонема во одделни случаи (в. **5.3.1.**).

За да се има подобар увид за состојбата на фонемата /*x*/ во говорите на појасот Воден – Кукуш – Петрич – Разлог, ќе приведам примери од три пооддалечени пункта – Пехчево, Дојран и Гуменџа. Сп.: а) на почетокот: *ад'ет, алв'а, ан, 'оди, 'оро, 'итер, ил’ј'адо, ек'им, р'ани, рен, л'адно,* б) меѓу вокали: *ј'аа, маан'а, сн'аа, на'оди, ле'а, стр'еа, др'еа, стр'еи, греот'а, гр'еове, тро'а, с'оа, му'а, с'уар, бӑ'а* : *гр'охот, т'ихо,* в) пред консонант: *в'ехто, б'охча, в'р̥хче, еул'а, пиун'а, б'ехте,* г) на крајот: *пих, них, грех, ор'ех, страх, сиром'ах, мох, бух, сух, п'ердух, вр̥х, им'ах, н'осех* (Пехчево), *а̣јд'ук, 'алва, л'адно,* но: *хӑрче, сн'а:, со:* (*соха*), *стре:* (< *стреа*), *му:* (< *муа*), *зм'ео* (: *змех*), *стр'ао – стр'ауве* (: *страх*), но и: *мех – м'ехо, з'адих – з'адихо; к'ихне, кр'ехто, м'ухла; врах, грех, мох, них, сух, дујд'ех* : *мӑјл'ем, н'ијно* : *кужʼуф, л'опуф* (Дојран, Пеев, 1979 : 38-39); *р'ана, л'адни, 'ору; 'уу* (< *уо*), *дууд'ен, гр'оут, зм'еут* (: *змех*), *гр'еуве* (: *грех*), *'ухце, убр'ахче, кла̣хч'ина, ј'адихне, ј'адихте; мех, нох, лах, з'адух, врах, ј'адех,* но и: *буф – б'уфут, куж'уф; 'офтика, мијл'ем, т'ула, нијн* (Гуменџа).

2.2.3. Уште поголемо шаренило во поглед на дистрибуцијата на фонемата /*x*/ наоѓаме во оние пунктови во западна и југозападна Македонија каде што таа функционира сѐ уште во фонолошкиот систем.

Во полошките села Урвич и Јеловјане /*x*/ се јавува во сите позиции на зборoформите, сп. *хала, хач, харен, хилаф, хитер, ходим, хоро, хубаф, хукален, хӑрбет, хӑрчим,* дури секундарно во *хӑрѓа; бӑха, јаха, дихам, кихам, соха, духам, глуха, ухо; бохча, глухци, јахне, мехлем,* во морфемите *-хме, -хте* : *бехме, бехте, – пӑрхаќ* ‘првот’; *врах, грах, орах, грех, мех, мох, глух, вӑрх,* но и: *граор, снаа, леа, стреа, береа, викаа, – задуф, мувл’осан* (Видоески, 1973 : 24).

Во говорот на селото Смилево, Битолско, на почетокот, освен во лексемата *храм,* и во меѓувокална позиција /*x*/ не се јавува, што значи нејзината дистрибуција е ограничена на крајот и пред консонант, сп. *Влах, врах, грах, них, мех, змех, мох, вр̥х, – вјахнит, здихна, пахтат, нихни, овихни, чехли, мухла, глухци, невехче, мохче, мехце,* и редовно во морфемите: *бех, бехме, бехте.*

Во говорот на Костенаријата до колку се среќава фонемата /*x*/, таа се јавува претежно на крајот и пред консонант, додека на почетокот, освен во лексемата *хол'ера,* не е забележана. Во интервокална позиција се јавува претежно во лексеми во кои се чува и на крајот. Во такви случаи /*x*/ се задржува низ целата парадигма, дури и кога ќе се најде во интервокална позиција, сп. *мех – мехот – мех'ови, грех – грех'ови, змех – зм'ехо – змех'ови, 'орех – ор'ехово дерво, мох – мохот.* Но се јавува и во други случаи, иако значително поретко, сп.: *мушт'еха бр'ухал* ‘вепар’, *прох'аф* ‘супрашка’, *кр'ехак.* На крајот и пред консонант се среќава нешто порегуларно, сп.: *Влах, грах, прах, пох, мох, них, сух, вј'ахни, тахтаб'ида, кр'ехко, гр'ухти, охт'ика, огл'ухна,* или *п'ерха, перхов'ица* ‘кивавица’, *'елха,* и редовно во морфемите за 1 л. едн. на минатото определено време: *раб'отих, пл'атих, п'очнах* (Езерец, Жужелци). Но веднаш и да истакнеме дека во бројни примери и во овие две позиции /*x*/ отсуствува, сп. *сиром'а, вер, ч'ели, м'елем; к'ожуф, т'увла, гл'уфци; почн'а:ме, рек'о:ме.*

Во корчанскиот говор /*х*/ се јавува како маргинална фонема, зашто е ограничена претежно во туѓи лексеми, сп.: *харам, харо, хапи, хаир, хожа,* освен тоа во *хрјăн,* и како што гледаме, ограничена е на иницијална позиција. Во другите позиции не е констатирана, сп. *грота* (< *греота*), *реат, гра грјă, мјă, пра, упла; мува, суво, уво, паз'ува; страј, глујче,* во морфемите: *р'екој, рек'оjме, рек'ојте* (Mazon, 1936 : 49-50).

3. Од претходниов материјал можат да се сумираат и резултатите што се добиле по загубата на фонемата /*х*/.

3.1. На почетокот на зборoформите, освен во секвенцата /*хв*/, која имала посебен развиток, /*х*/ > *ø* на сета македонска јазична територија, каде што се извршил процесот на загубата, сп. *ан, итар, оди, ули, рани, рен, ладно, леп.*

Поинаков развој во оваа позиција имала групата **хv*. Освен во драмскиот говор, каде што се пази неизменета, сп. *хвани го коно* (Плевна), **хv* > /*ф*/, одн. /*в*/ во говорите што не ја познаваат фонемата /*ф*/, сп. *ф'ал'ам* (Зрнево), *фаркат'* (Г. Делчев), *ф'ата* (Календра, Дервишен – Серско), *ф'ал'ам, фалба, фăрл'ам* (Сухо, Висока, Голомб, 1962-63 : 247), и редовно така во сите други говори.

Нешто поособен развој имало /*х*/ и во секвенцата **хt*, но таа може да се следи, главно, во источните говори, каде што се запазиле облици од глаголот **хotěti*, сп. *хт'а, хт''ан'е* – во гоцеделчевскиот (Мирчевъ, 1936 : 115), *не хтох, не хте* (Пехчево), *не хтел* (Калиманци – Пијанец). Во некои струмички села формите од овој глагол се среќаваат со изменето /*хт*/ во /*фт*/: *не фтех, не фте, не фт'ехте* (Смоларе). Во североисточните говори, меѓутоа, и овде /*х*/ се загубило, сп. *т'еше да 'оди, тел сăм да иду* (Куманово), *не те'але да н'осив* (Радибуш – Кривопаланечко).

3.2. Во интервокална позиција имаме нешто пословена ситуација, зашто тука /*х*/ може да се сретне и во морфолошка функција – во наставката -*ха* за 3 л. мн. на аористот и имперфектот, одн. -*хе* во западните говори на правецот Дебар – Струга – Корча – Костур.

3.2.1. Во северниот дел од кумановското и скопското подрачје во оваа позиција /*х*/ > /*в*/ готово регуларно, сп. *јава, мава, снава, лева, стрева, маќева, сова* (< *соха*), *чова, гравор, довага, навога, бува, јува, глуво, дува, мува, руво, суво, диванија, тиво,* во 3 л. мн. аорист-имперфект *бева, имава, дојдова* (во скопскоцрногорскиот), *бева, н'осева, дојд'ова* (Куманово, Видоески, 1962 : 77).

Ваква замена на /*х*/ наоѓаме и во други говори во западна и централна Македонија, но во поограничени случаи. На еден тесен, но и континуиран појас на правецот Скопје – Велес – Прилеп – Битола – Лерин – Кајлар и во југозападните говори на линијата Костур – Корча – Преспа – Охрид /*х*/ е заменето со /*в*/ готово регуларно кога се наоѓа во секвенци со /*у*/ како прва компонента, сп. *мува, сувар, уво* (Зелениково, Драчево – Скопско), *мува, глуво, суво* (Црквино – Велешко), *мува, пазува, руво, суви, уво* (Прилеп, Конески, 1949 : 257), *глува, грува, мува, пазува, сувар* (Глобочени – Преспа), *глуво, грува, мува, паз'ува, руво, суви, уво* (Емборе – Кајларско, Тиолишта, Брезница, Добролишта – Костурско), *мува, паз'ува, суво, уво,* (Бобоштица, Mazon, 1936 : 49-50), а во *пазува* се среќава и во драмскиот говор (Плевна) (карта 2).

3.2.2. Во одделни лексеми во некои јужни дијалекти место /*x*/ се среќава и /*j*/, сп. *мuја* (во мегленскиот говор), *снаја, сајат* (Тиолишта, Бапчор – Костурско).

3.2.3. Во случаите како: *леја, за греја, с(т)реја, маќеја,* и во 3 л. мн. на аор.-импф. *беја, носеја, се измија, замолија* – во поречкиот, кичевскиот, горнополошкиот, се работи не за фонетска измена на /*x*/, туку /*j*/ се добило како хијатски глас. Во некои дијалекти вака добиеното /*j*/ во 3 л. мн. после се морфологизирало и како готова морфема се проширило и на другите глаголи и *-ја* станала општа наставка за 3 л. мн. на аористот и имперфектот, сп. *гл'едаја, п'итаја, м'олеја, 'учеја* (Банско, Молерови, 1954 : 12), *в'икäја, викн'аја, н'осија, згреш'ија, дујд'еја* (Тресино, Пожарско – Меглен), *вик'аја, згреш'ија, дујд'ија* (Чеган – Воденско), *избег'аја, ск'ин'аја* (Опцирина – Леринско).

Обликот *пазука,* кој е доста распространет во северните говори, е добиен аналошки според образувањата на *-ка* од женски род.

3.2.4. Во сите други случаи во западните и во јужните дијалекти, како и воопшто во источните говори на правецот Кратово – Кочани – Штип – Струмица – Кукуш – Солун, во интервокална позиција /*x*/ > *ø*, сп. *до'ожа, ј'аа, грäо – грäове, с'уа, с'уо* (Елешница), *д'иа, к''иа, маан'а, гл'уа, му'а, бег'аа* (Благоевград), *сн'аа, стр'еа, р'еа, с'оа, м'еур, м'еове, б'уа, б'уо* (Кочани), *бäа, снаа, дуа, паз'уа, суо* (Ваташа, Неготино), и редовно така во сите други дијалекти (карта 1).

3.3. Во поглед на судбината на фонемата /*x*/ на крајот и пред консонант јасно се изделуваат три ареали.

3.3.1. Во кумановско-кратовското подрачје, подразбирајќи го тука и овчеполскиот говор, во западниот дел на кочанскиот говор и во сета тиквешко-мариовска област на југ до Демир Капија, Кожуф и Ниџе, фонемата /*x*/ се загубила наполно, како и во другите две порано споменати позиции, само со таа разлика што пред консонант, а понегде и на крајот, по загубата на /*x*/ дошло до удолжување на претходниот вокал. Оваа компензациона должина повеќе доаѓа до израз кога е вокалот акцентиран, додека во неакцентираните слогови е нешто помала, особено во западниот дел на односнава област. Како трага од загубата на /*x*/ на еден тесен појас на правецот Крива Паланка – Пробиштип – Штип – Демир Капија се среќава едно слабо /*x*/, кое повеќе се чувствува како придив зад удолжениот вокал, се разбира, без фонолошка вредност. Сп.: *б'о:^{x}ча, в'е:^{x}то, изди:^{x}н'а* (Псача), *б'а:ча, ме:л'ем, б'о:ча* (Крива Паланка), *в'е:та, под'у:ни, да изд'и:ну, да т'и:не, ч'е:ре* (Куманово, Видоески, 1962 : 77-78), *мо:, стра:, сиром'а:, ор'а: // ор'а:^{x}, гре:, су:, в'е:то // в'е:^{x}то, мел'е:м, н'и:но, ти:н'а // ти:^{x}н'а, ма:н'а, ја:н'а, ду:н'а,* (Кочани), *кре:^{x}ко, ор'а:^{x}че, ме:л'ем, ја:н'ија, б'е:ме, ојд'о:ме, поj'а:^{x}ме* (Пробиштип), *бу:, кож'у:, стра:, б'о:^{x}ча, п'а:^{x}та* (Судиќ), *засп'а:, удр'и:, вр̥:, ор'а:, стом'а:, кож'у:* (Штип), *б'у:на, б'о:ча, в'е:то, гра:, вр̥:, бе:ме, рек'о:ме* (Неготино, Филиповски, 1952 : 15), *б'а:ча, отид'о:ме, б'е:те* (Ваташа).

Во штипско-кочанскиот и кратовско-овчеполскиот говор компензационата должина добро е искористена и во функција за диференцирање на 1 и 2 л. мн. на имперфектот од соодветните форми на презентот, кои по загубата на /*х*/ во наставките *-хме, -хте* гласовно и акцентски совпаднале, сп. *в'ика:ме, н'осе:ме – в'ика:те, н'осе:те* (импф.) : *в'икаме, н'осеме – в'икате, н'осете* (през.). Таму каде што должината на вокалот на основата во имперфектот не била доволна да врши морфолошка диференцијација, дошло до удвојување на вокалот со што се оформиле нови морфемски секвенци: *-аме, -ате,* одн. *-еме, -ете,* сп.: *в'икааме – в'икаате, н'осееме – н'осеете* (Штип, Пробиштип), *р'учаамо – р'учаате, н'осеемо – н'осеете* (Кратово), *'имаамо, ј'едеемо, н'осеете* (Свети Николе, Видоески, 1962 : 206).

Во помала или поголема мера процесот на загубата на /*х*/ на споменатиов начин ги зафатил и малешевско-пиринските говори, особено нивниот северен дел, само што во нив /*х*/, како што видовме, сè уште добро функционира во фонолошкиот систем. Сп.: *ме:л'ем, је:л'а, Вла:, ор'а:ме,* но *ор'а:хте* (Елешница – Разлог), *с'а:не, д'у:не, му:лäсạ, вäне, утид'о:ме, чек'а:ме, churред'и:ме* (Разлог, Алексиевъ, 1931 : 109), *'одееме – 'одеете, гл'едааме – гл'едаате* (импф.), *глед'а:ме – глед'а:те* (аор.), но во 1 л. едн. *гледах, 'одех* (импф.), *глед'ах, од'их* (аор.) (Покровник – Благоевградско), *гл'еда:*^{x}*ме – гл'еда:*^{x}*те, плет'е:ме, плет'о:ме* (Петрич), *ја:н'а, ти:н'а, изди:н'а, н'и:но, ме:л'ем, ду:н'а* (Берово).

3.3.2. Во западните македонски дијалекти, западно од линијата Скопје – Катланово – Рудник – Градско – Тројаци – Скочивир – Лерин – јужниот брег на Преспанското Езеро, на крајот на збороформите и во средината пред консонант /*х*/ > /*в*/, односно /*ф*/, како во одделни лексеми, така и во граматичките морфеми. Сп.: *Влаф, враф, граф, праф, сиромаф, здиф, ниф, пиф,* мн. *пиој, греф, змеф, меф, ореф, моф, буф, глуф, задуф, кожуф, очуф / оќуф, пердуф, суф, вр̥ф, – мевлен, мовлисан, мувла, евла, чевли, нивно, здивна, кивна, мавна, чевре / мефлен, муфла, ефла, нифно, кифна, мафна, тифко, ветво / фетво, офка, пафка(т), пифтија,* во наставките: *-ф, -вме / -вне* и *-вме / -фне, -фте* : *беф, рекоф, имаф, чуф, се напиф, – бевме / бевне, рековме / рековне* и *бефме, рекофме, бефте, рекофте,* и др. (карта 3-10).

На овој терен меѓу одделни локални говори може да се прави разлика само во континуантот на /*х*/ пред сонантите - /*в*/ или /*ф*/. Во тој поглед се изделуваат два ареала. Во поречкиот, кичевскиот и во говорот на Дебарца и Малесија, како и во некои села во Охридско и Преспа, пред консонант по правило се јавува место /*х*/ – /*ф*/, без оглед на карактерот на следниот консонант, сп. *ефла, мефлен, муфлосан, нифно, мафна, здифна, кифна, бефне,* но само *чевре* (пред *р*). На другата територија од западното наречје пред сонантите /*х*/ > /*в*/.

Многу се ретки случаи со поинаква замена на /*х*/ во споменативе две позиции, исклучувајќи ги оние говорни оази каде што /*х*/ уште се пази. Од нашиов увид во дијалектниот материјал отстапуваат следниве примери: *дуни, јани, тина ветрот, го мана, мелем* – во некои кичевски села (Видоески, 1957 : 55), *челли* во говорот на Жировница (Дебарско). Не е непознат и обликот *мелем.*

3.3.3. Во југозападните говори – костурскиот, корчанскиот, кајларскиот и мегленскиот – место /*х*/ на крајот и пред консонант наоѓаме неколку резултати:

ø, в, ф, ј, к, у. Сите тие во помала или поголема мера можат да се сретнат во еден ист пункт. За илустрација ќе приведеме материјал од три пункта кои се подоста оддалечени еден од друг: Тресино, кое се наоѓа на пограничјето на мегленскиот со леринскиот на запад, со воденскиот на југ и со мариовскиот на север, Бапчор, на костурско-леринското пограничје, и Лобаница, која се наоѓа на пограничјето со албанската јазична територија на костурскиот терен. Сп. примери: *Влах* : *вра, ст̄ра* : *сиром'ак* : *г̄реј, меј, ур'еј* : *моф, вӑрф, з'адуф, 'очуф, г̄луф, суф, нијн, вјӑјн'а, уг̄л'ујна, ч'ејли, мејл'ем* : *в'икӑк, в'икӑкме, викн'ак* : *викн'аме, викн'ат̄е* (Тресино), *Вла, вра, ст̄ра, вр̥, г̄ре* : *'ореј, меј* : *буф, кожуф, г̄луф, суф* : *р'еку, от̄'иду* : *бек, 'имек, н'осек, ст̄'анак* : *н'ино, мул'оса, ог̄л'уна* : *б̆'увна, зд'ивна, п̄'ивна* : *кр'ефко, п̄ерд'уфче, п̄ифт̄'ија* : *вј̆'ајна, м'ајна, м'ејлем* : *ов'ет̄на* (Бапчор), *Вла, вра, ст̄ра, г̄ре, вӑр* : *меј, 'ореј* : *буф, г̄луф, суф, к'ожуф, – д'уна, зд'ина, ч'ере, м'елем, ојд'оме, рек'оме, вик'ат̄е* : *в'ејт̄о* : *ог̄л'увна* : *п̄ифт̄'ија, кр'ефко* (Лобаница).

Рефлексацијата на /*х*/, како што посведочуваат приведениве примери, била условена од повеќе фактори. Овие се преодни говори меѓу двете основни наречја – западното и источното. На овој терен се вкрстуваат бројни изоглоси на појави карактеристични за западните говори, и изоглоси на особини чие иновационо огниште се наоѓа во источното наречје. Како резултат на тој меѓудијалектен контакт можат да се објаснат примерите со *ø* (*вра, г̄ра, реку, викнаме* и др.) и оние со /*ф-в*/. Западномакедонската тенденција – /*х*/ да се замени со /*в*/ повеќе дошла до израз во леринскиот регион, којшто непосредно граничи со централните говори од западното наречје, и појавата се ограничила, главно, на оние случаи каде што на /*х*/ му претходи вокалот /*у*/, сп. *буф, г̄луф, кожуф* и др. Во оваа фонетска позиција /*ф*/ се наложило готово на целиот костурско-лерински регион. Одделни примери со /*ф*/ во оваа позиција наоѓаме и во долновардарските говори, сп. *г̄луф, ко̣ж'уф, суф, буф* (Гуменџа), *буф, ко̣ж'уф, п̄'ердуф, г̄луф*, па и *меф – м'евут̄ – м'еуви* (Eниџе), *г̄луф, г̄л'уфјут̄, суф, буф, куж'уф – куж'уфи, ст̄раф – ст̄р'афут̄, враф – вр'аво̣ви, вӑрф – вӑрвут̄, меф* (Мандалево – Воденско). По некој пример со /*ф*/ место /*х*/ може да се сретне и подлабоко во источните говори, сп. *г̄луф, г̄л'уво, з'адуф, 'офт̄ика, мивл'ем, м'уфла* (Календра – Серско), *'очуф, куж'уф – куж'уфи* (Градобор – Солунско).

Тенденцијата за полна елиминација на /*х*/ преку *ø*, која е карактеристична за источните и североисточните дијалекти, до поголем израз доаѓа во југоисточниот дел на костурско-леринското подрачје, сп.: *вра, п̄ра, г̄ра, сирум'а, зме, ни, – м'елем, уг̄л'уна, јӑд'оме, јӑд'от̄е*, покрај: *вӑрф, 'ореф, моф, з'адуф, п̄'ердуф, п̄'афка* (Емборе – Кајларско), *Вла, вра, вӑр, г̄ре, ме, д'уна, изд'ина, 'ела, мел'ем, ч'ели* : *п̄ифт̄'ија, кр'ефко* (Куманичево – Костурско).

Ова што го истакнавме важи само како тенденција во врска со диференцијацијата на случаите со /*ф*/ и со нула, меѓутоа, некое поодредено правило не може да се примени. Имајќи го на увид материјалот од повеќе пунктови на ова говорно подрачје, можевме да го забележиме како тенденција следното: /*ф*/ преовладува, како што спомнавме, во случаите зад вокалот /*у*/, *ø* превладува во примерите со /*а*/ пред крајното /*х*/, додека оние лексеми каде што пред /*х*/ има преден вокал (*них, п̄их, г̄рех, мех, змех* и др.) до колку не се заменило /*х*/ со /*ј*/, почесто завршуваат на *ø*.

3.3.4. Замена на */х/* со */ј/* наоѓаме порегуларно во говорот на северните мегленски села и во корчанскиот говор. Сп. *ст̄рај, друј* (< *друх* < *друг̄*), *п̄р'одуј* (< *п̄родух* < *п̄родукт̄*), *вјäјме, см'ајна, бун'ји* (*бујни* < *бухни*), *да здин'ји* (< *здијни* < *здихни*) и редовно во морфемите на минатото определено време: *р'екој – рек'ојме – рек'ојт̄е, н'осеј – носјäјме – носјäјт̄е* (Бобоштица, Петрушевски, 1951 : 59), во мегленскиот: *г̄реј – г̄р'ејуви, змеј, меј – мејут̄, 'ориј* (< *орех*), *п̄'ердуј, мијл'ем, ч'ејли,* имперфект: *з'идај – з'идајне – з'идајт̄е* (Пожарско), *в'икај – в'икајме – в'икајт̄е* (Црнешево), *в'икијме – в'икијт̄е* : *в'икише* (1 л. едн.), *меј – м'ејуви, ур'еј – ур'ејут̄, г̄реј, змеј, нијн, мијл'ем, ч'ејли вјäјн'а, дујн'а, т̄ијн'а, изд'ијна, уг̄л'ујна* (Тресино), *н'ијно, мијл'ен, ч'ејли* (Сараќиново). Кога станува збор за граматичките морфеми треба да се истакне дека во споменатите мегленски села */х/* е заменето со */ј/* само во имперфектот, додека во аористот */х/* се свело на *ø*, сп. *б̆'ериј – б̆'ерijме* : аор. *бра – бр'аме, в'икај – в'икајме* : аор. *викн'а – викн'аме – викн'ат̄е* (Црнешево).

Како што гледаме, и во корчанскиот, и во мегленскиот, замената на */х/* во */ј/* не е сеопфатна, како што е случајот со */х/* > */в/* во западното наречје, туку е ограничена на одреден број лексеми и морфеми.

На другата територија од разгледуваниве говори */ј/* место */х/* се јавува само во неколку лексеми, на пример, во: *змеј, ореј,* понекаде во *меј,* а пред консонант во *чејли, нијно,* поретко во *мејлем* и во по некој глагол од типот *мајна, вјајна* (Бапчор) (карта 3-4).

Слична појава на релацијата */х/* – */ј/* можеме да следиме и во периферните североисточни македонски говори. Од разлошкото подрачје познати ни се примерите: *вäјне* (< *вехне*), *д'ујне, с'ајне, мујлäса̣* (Банско), *к''ијне* (Елешница). Во овие два пункта */х/* > */ј/* и во 1 л. мн. на аористот и имперфектот: *уп̄ид'ојме, дујд'ојме, искуп̄'ајме, чек'ајме, на̣ред'ијме, о̣р'ајме, о̣рäјме* (Банско), *п̄'ијме, крӑст̄'ијме, р'ијме* (зад *и*), но и: *г̄л'еда̣хме, г̄л'еда̣хт̄е, о̣б̆'уhме* (Елешница). По некој пример со */ј/* среќаваме и во говорите на Пијанец, сп. *м'ајна, вј'ајна, мејл'ем* (Делчево, Алексиевъ, 1931 : 109), *нијно, ки^{ј}на, ме^{ј}лем* покрај *ме:л'ем, змеј* (Тркање – Кочанско), а во северна Македонија во вратничкиот говор во Полог, сп. *г̄реј, меј, вр̥ј, вејт̄о* (Вратница) (карта 8, 9).

Некои од споменативе примери како: *змеј, нијно, чејли,* во фонетската разновидност со */ј/* се јавуваат и во други говори на релацијата Кочани – Штип – Воден, особено во тиквешко-мариовскиот регион.

Во врска со замената на */х/* во */ј/* забележуваме: а) дека појавата се врши, главно, на она дијалектно подрачје каде што */х/* се ликвидира во сите позиции преку *ø*, б) дека замената станува во поединечни случаи, и тоа најчесто во позиција зад преден вокал, в) а во морфемите за аорист и имперфект преминот е извршен претежно кога има потреба да се попречи хомонимијата со некоја друга глаголска форма.

3.3.5. Замената на */х/* со */к/* е најограничена и територијално, и по бројот на случаите каде што е извршена. Констатирана е во неколку западни мегленски села и во говорот на костурското село Бапчор (Кушевски, 1958 : 72). И во двата говора */х/* > */к/* во морфемите за минатото определено време, и тоа во Бапчор само во 1 л. едн., сп. *бек, имек, носек, викак, ст̄анак, викек, п̄лат̄ик,* поретко кај глаголите од *о*-раздел: *'ојдук* покрај почестото *'ојду, п̄'ојду, р'еку* (: мн. *викн'аме* –

викн'ате, вик'аме – вик'ате), а во мегленските села во аористот исто така само во еднината, а во имперфектот и во множинските форми, сп. *в'икӑк – в'икӑкме – в'икӑкте, н'осик – н'осикне – н'осикте, с'ечик – с'ечикме – сечикте*, аор., *вик'ак, викн'ак, згреш'ик, дујд'ек*, но во мн.: *викн'аме – викн'ате, згреш'име – згреш'ите, дујд'еме – дујд'ете* (Тресино), *бек, ч'итак, в'идек* (Кронцелево), *н'осик – н'осикне – н'осикте, см'еик*, аор. *скӑриш'ик, рич'ек, викн'ак* (: *викн'аме, викн'ате*) (Луковец), *к'опакме – к'опакте* (Струпино), *'имак – 'имакне убава куќа*, *чера в'икакне гости*, *се нап'ик* (Сараќиново). Во последниов пункт ги имам забележано со /к/ и примерите: *пик, ник и видек, ми е страк, сиром'ак ч'овек* покрај *сиром'ах* (карта 6-9).

3.3.6. Во говорот на мегленското село Тушин и во Баровица, кое гравитира кон Гуменца, во ред случаи крајното /*x*/ е заменето со /*у*/, кое понекогаш со претходниот вокал образува дифтонгоид губејќи ја при тоа слоговната функција, сп. *Влау, страу, змеу, меу, ур'еу* (: *ур'ефче*), и готово редовно во аористот и имперфектот во 1 л. едн. и во 1 л. мн., и многу ретко во 2 л. мн., сп. *гл'едӑу – гл'едӑуме* (: *гл'едӑфте*), *п'иу – п'иуме, глẹд'ау – глẹд'ауме, вид'еу – вид'еуме, плẹт'еу – плẹт'еуме* (Ба̀ровица), *меу, ур'еў, змеў, врӑў, суу, тирд'уу, куж'уу, моу* (Тушин). Но од друга страна во Тушин се забележани и примерите: *Вла, тра*, – *буф, глуф, з'адуф, греф.* Можеби преминот на /*x*/ > /*у*/ претставува една фаза во споменатава позиција во правец на [ў], односно /*в*/ (карти 3-4, 7-9).

4. Загубата на фонемата /*x*/ оставила длабоки последици како на фонетско-фонолошки, така и на морфолошки план.

4.1. На фонолошки план на прво место треба да се истакне отсуството на оваа фонема, со што се намалил бројот на веларните консонанти.

Загубата на /*x*/ понатаму предизвикала ред промени во дистрибуцијата на вокалите, особено по губењето во интервокална позиција, кога се образуваат цела редица вокални секвенци, сп. /*аа*/ *снаа, викаа*, /*аи*/ *снаи*, /*ао*/ *снао, страот, траови, граор, наоѓа*, /*ау*/ *маунка*, /*еи*/ *леи, стреи, дреи, ореи*, /*еа*/ *беа, леа, стреа, маштеа – маќеа*, /*ео*/ *греот, мео(в)и, ореово*, /*еу*/ *меур, леуса*, /*ие*/ *носие*, /*иа*/ *киа, киавица, носиа*, /*ои*/ *сои*, /*ое*/ *зедое*, /*оа*/ *троа*, /*оо*/ *моот*, /*уи*/ *муи, суи*, /*уа*/ *муа, пазуа, суар*, /*уо*/ *уо, суо, кожуот*, /*ӑо*/ *мӑот*, /*ӑӑ*/ *мӑӑт*, /*ӑа*/ *снӑа.*

Со создавањето на новите вокални групи во ред дијалектни системи настанале нови praместупвања во распоредот на вокалните фонеми особено на составот меѓу лексичките и флексивните морфеми. Во други дијалекти, пак, евентуалната редистрибуција на вокалите е попречена со замена на /*x*/ со консонантите /*в*/ и /*ј*/, како на пример, во кумановскиот, сп. *снава, стрева*, или во некои западни говори каде што се јавило хијатско /*ј*/, сп. *леја, орејот.* Во повеќе дијалекти во западна и јужна Македонија непосредноста на вокалите се одбегнала по друг начин – по пат на контракција, како резултат на што се добиле нови фонетски должини, сп. *снаха > снаа > сна:, грохот > гроот > гро:т,* со консонантизација на еден од членовите на вокалните секвенци како резултат на што се јавиле цела серија дифтонгоиди (*аі̯, еі̯, оі̯, уі̯*), сп. *снахи > снаи > снаі̯*, *стрехи > стреи > стреі̯, сохи > сои > соі̯, глухи > глуи > глуі̯*, /*і̯а*/ *стреха > стреа > стрі̯а*, /*ва*/ *дојдоха > дојдоа > дојдва, соха > соа > сва* (во струшкиот и некои охридски села), или со просто стегање на двата члена во еден глас, сп. *ст̄реа* > *ст̄рӓ* или *ст̄ре:* (во прилепско-битолскиот, Конески, 1949 : 255).

4.2. По загубата на /*х*/ на крајот и пред консонант во повеќе источни говори дошло до удолжување на претходниот вокал, и по таков начин, видовме, се добиле фонетски долги вокали, сп. *мех* > *ме:, јахна* > *ја:на, бехме* > *бе:ме* (т. **3.3.**).

4.3. Во областа на морфонологијата се создаваат редица нови алтернации, на пример: /*х* : *ø*/ *г̄рех* : *г̄рео – г̄реове, сух* : *суо – суа – суи, змех* : *змео(т̄) – змеови, вид'ех* : *вид'е:ме.* Во говорите каде што финалното /*х*/ > /*в, ф, ј, к*/ се образувале алтернациите /*в* : *ø* /, сп. *мев* : *меот̄ – меови,* /*ј* : *ø* / *меј* : *мео(т̄), змеј* : *змеови,* /*к* : *ø* / *викн'ак* : *викн'аме,* и др.

4.4. Во морфологијата загубата на /*х*/ оставила видни траги во морфемите за аористот и имперфектот.

Во 3 л. мн. на овие времиња, каде што се наоѓа /*х*/ во интервокална позиција, по неговото губење наставката се редуцирала на една фонема, сп. *викаха* > *викаа, рекоха* > *рекоа.* Во кумановскиот, каде што во оваа позиција /*х*/ > /*в*/, се оформила нова наставка -*ва* : *викава, бева,* а негде после таа се проширила и со нов елемент -*сва* : *викасва.* – Во другите говори, каде што се јавило хијатско /*ј*/, наставката за 3 л. се преструктуирала во -*ја*, сп. *беја, викаја, дојдоја* во леринскиот, преспанскиот и други.

Во 1 л. едн. и во 1 и 2 л. мн., каде што се наоѓа /*х*/ на крајот и пред консонант во говорите можеме да следиме повеќе процеси.

Со замената на /*х*/ во /*в, ф*/ во западните говори се изменила фонемската структура на наставките; тие сега гласат: -*в,* -*вме,* -*вне* : *имах* > *имав, имахме* > *имавме,* итн.

Во еден дел од западните говори процесот во преоформувањето на наставките отишол понатаму. Во 1 л. мн. наставката -*вме* се изменила во -*вне,* односно -*фме* > -*фне,* веројатно за да се избегне непосредноста на две лабијални согласки. Придонесот на заменката *ние* во овој процес можеби е од секундарно значење. Таа само можела да го забрза процесот на промената на групата -*вм*- во -*вн,* сп. *бевне, рековне* (во ресенскиот), *бефне, рекофне* (во поречко-кичевскиот). – Непосредноста на лабијалната група -*вм*- во наставката -*вме* веројатно придонесла и за метатезата на -*вме* > -*мев* – -*меф* што се извршила во долнопреспанскиот и во говорот на некои дебарски села, сп. *бемеф, рекомеф* (Љубојно – Преспа), *имамеф, носемеф* (Џепиште – Дебарско).

Во говорите каде што /*х*/ дало /*ј*/ и /*к*/ исто така се добиле нови фонемски структури на наставките, сп. во корчанскиот: *р'екој – рек'ојме – рек'ојт̄е,* или во мегленскиот: *в'икај – в'икајме – в'икајт̄е,* одн. *в'икак – в'икакме – в'икакт̄е* (Голомб, 1957 : 133) (т. **3.3.3.**)

Уште посложени промени се извршиле во наставките за аористот и имперфектот во говорите каде што /*х*/ > *ø*. Во оформувањето на наставките на овие две форми по загубата на /*х*/ се вплеле и други моменти – местото на акцентот, хомонимијата, влијанија од меѓудијалектниот контакт и други. Но особено важна улога одиграле акцентот и хомонимијата. Во говорите со слободен парадигматски акцент по загубата на /*х*/ 1 и 2 л. мн. на имперфектот гласовно и акцентски совпаднале со соодветните презентски форми. За диференцијација меѓу нив се искористила должината на вокалот од имперфектната основа што се добила како компензација по загубата на /*х*/, сп. през. *в'икаме – в'икат̄е, б'ереме – б'epeт̄е, н'осеме – н'осет̄е* : импф. *в'ика:ме – в'ика:т̄е, б'ере:ме – б'ере:т̄е, н'осе:ме – н'осе:т̄е* (Пробиштип). Таму, пак, каде што должината не била доволна, основниот вокал во имперфектот се удвоил, со што се добила нова морфемска структура, проширена, сп. *в'икахме > в'ика:ме > в'икааме* (*вика-аме*), *в'икахт̄е > в'ика:т̄е > в'икаат̄е* (*вика-ат̄е*), или: *н'осехме > н'осе:ме > н'осееме,* итн. Во други говори процесот продолжил со тоа што новодобиените наставки *-аме, -ат̄е* кај глаголите од *а*-група се генерализирале на сите глаголи, сп. *в'икаамо – в'икаат̄е, н'осеамо – н'осеат̄е, б'ереамо – б'ереат̄е* (во овчеполскиот, кратовскиот говор).

Не останало поштедено ни 1 л. едн. По загубата на /*х*/ кај повеќето глаголи 1 л. едн. на аористот се изедначило со 2 и 3 л., сп. *вик'ах > вик'а* = 2, 3 л. *вик'а, нос'их > нос'и* = 2, 3 л. Кај глаголите од *а*-група гласовно се изедначиле 1 л. на аористот и имперфектот, но не и акцентски, а наполно совпаднале 1 л. едн. на имперфектот со 3 л. едн. на презентот, сп. (*он*) *има* (през.); (*ја*) *има* (< *имах*) (импф.). Хомонимијата се одбегнала на тој начин што во тие говори наставката *-ше* од 2 и 3 л. се проширила и на 1 л., со што и во имперфектот се изедначиле сите лица во еднина, како во аористот, сп. (*ја, т̄и, он*) *'имаше.* Во скопскоцрногорскиот и во кривопаланечкиот сегментот *-ше* после се проширил и во множинските форми, со што се добила нова имперфектна основа, сп. (*ја, т̄и, он*) *'имаше,* (*ми*) *'имашемо,* (*ви*) *'имашет̄е,* (*они*) *'имашев.*

Проширената имперфектна форма со *-ше* добро послужила за диференцијација од аористната особено во говорите со пренесен акцент од последниот слог, како што е во тиквешко-мариовските и костурско-леринските говори, сп. аор. (*ја, т̄и, он*) *в'ика* : импф. (*јас, т̄и, он*) *вик'аше* (Чеган – Воденско, Ранци – Кајларско), (*јас, т̄и, он*) *в'икише, н'осише, с'ечише* (Струпино – Меглен).

Во говорите што ја познаваат редукцијата на неакцентираното /*о*/ во /*у*/ по загубата на /*х*/ крајното *-у* во 1 л. едн. аор. се искористило за морфолошка диференцијација и во таа функција тоа се проширило дури и во говорите каде што е редукцијата делумна, сп. *р'еку, д'ојду, дон'есу* – во тиквешкиот, мариовскиот, леринскиот, кајларскиот, костурскиот и мегленскиот. Кај овој тип глаголи немало потреба за измени на /*х*/ во некој друг глас, па поради тоа наставката *-к* во бапчорскиот говор во овој тип глаголи се јавува факултативно. Во некои мегленски и воденски села крајното *-у*, сега веќе наставка, се проширило и на други глаголи, сп. *бр'оју, изм'ију, нӑп̄'ију, зг̄р'ешу, разб'ол'у* (Чеган – Воденско).

Морфолошкиот момент изиграл важна улога и во забавувањето на процесот при загубата на /*х*/ во 1 и 2 л. мн. во имперфектот во некои долновардарски говори. Во дојранскиот, гевгелискиот, куќушкиот, воденскиот говор /*х*/ добро се пази во составот на наставките за овие две лица, додека во аористот тоа се загубило, сп. аор. *јад'ех – јад'еме – јад'ет̄е* : импф. *ј'адих – ј'адихме – ј'адихт̄е* (Ениџе), *викн'ах – викн'аме – викн'ат̄е,* импф. *в'икӑх – в'икӑхме – в'икӑхт̄е* (Мандалево – Воденско). Во имперфектот /*х*/ се задржало за да се одбегне можната хомонимија со презентот. Во соседниот мегленски говор, како што видовме, хомонимијата била отклонета со замената на /*х*/ во /*ј*/ или во /*к*/, сп. аор. *вик'ак – вик'аме – вик'ат̄е* : импф. *в'икак – в'икакме – в'икакт̄е* : през. *в'икам –*

в'икаме – в'икате (Тресино) или: аор. *зид'а – зид'аме – зид'ате* : импф. *з'идај – з'идајме – з'идајте* : през. *з'идам – з'идаме – з'идате.* Во Тушин, каде што се загубило /*х*/ и во имперфектот, морфолошката диференцијација се извршила по друг начин, сп. през. *в'икăм – в'икме, в'икте* : импф. *в'икше – в'икма – в'икта* : аор. *вик'а – вик'аме – вик'ате.*

5. Од приведениов материјал можеме да го констатираме следното.

5.1. Процесот на губењето на /*х*/ не се одвивал рамномерно во сите македонски дијалекти. Најмногу тој напреднал во северните и во западните говори, каде што е појавата денеска наполно стабилизирана. Оттаму следува заклучок дека односнава појава во тие говори најрано се јавила и после се ширела кон јужната и источната периферија, каде што е губењето на /*х*/ во тек. Треба, меѓутоа, уште веднаш да се истакне дека загубата на фонемата /*х*/ ја познаваат и поголем број српски штокавски дијалекти (Белић, 1960 : 105-107; Бошковић, 1931 : 179-196), како и некои со нив гранични бугарски говори (Стойков, 1968 : 116). И имајќи го предвид географскиот момент, огништето на вопроснава појава пологично е да се претположи негде на штокавскиот ареал, или барем на штокавско-македонското пограничје.

5.2. Губењето на /*х*/ не станувало истовремено во сите позиции на збороформите. Дијалектниот материјал нè води кон заклучок дека најрано процесот започнал во иницијална позиција, потоа се проширил на средината на збороформите и на крајот. За ваквата хронологија во губењето на /*х*/ имаме потврди и во историските документи (Конески, 1965 : 75 нт.).

5.3. Резултатите од губењето на /*х*/ се различни по дијалектите.

5.3.1. Во централната зона на правецот Куманово – Штип – Кавадарци – Мариово – Кајлар /*х*/ се загубило наполно во сите позиции, сп. *убаво, леп, – снаа, муа, леа, вр̥от, – нино, мелем, кина, – стра, гре, глу, вр̥ – вăр.* До колку на тој терен ќе се сретне по некој случај со заменето /*х*/ со друг глас /*ј, в, ф*/, тие не се добиени тука фонетски (карти 3, 7, 8).

5.3.2. Во западното наречје во поглед на судбината на /*х*/ се изделуваат две позиции.

На почетокот на зборoформите и во интервокална позиција /*х*/ > *ø*. Таму каде што наоѓаме замена на /*х*/ со /*в-ф*/ или /*ј*/ меѓу вокалите се работи за посебен фонетски случај – се пополнува хијатусот: зад /*у*/ или друг заден вокал со /*в*/: *мува, суво,* зад преден вокал со /*ј*/: *дијанија, леја,* или кај глаголите во 3 л. мн. на аор.-импф. *беја, носија* (в. **3.2.1., 3.2.3.**).

Во финална позиција и во средината пред консонант по правило /*х*/ > /*ф-в*/: *фраф, греф, моф, суф, вр̥ф, – чевли, евла – ефла, нивно – нифно,* и во морфемите: *беф, бефме – бевме, бефте.* До колку во некој локален говор на западната периферија во одделни лексеми ќе се сретне во оваа позиција поинаков резултат, треба да се бара друго објаснение: или процесот не ги опфатил сите примери, како што е случајот во жировничкиот и вратничкиот говор (т. **3.3.3.**), или пак процесот на замената на /*х*/ во /*ф-в*/ не е наполно завршен.

5.3.3. Во јужните периферни говори на правецот Корча – Костур – Воден, и посебно во разлошкиот говор, замената на /*x*/ на крајот и пред консонант не е извршена системски – еднакво во граматичките морфеми и во поодделните лексеми. Постојат разлики во поглед на резултатите од замената и меѓу поодделни локални говори. На развојот на /*x*/ во тие говори влијаеле повеќе фактори – семантичката функција на /*x*/, карактерот на претходниот вокал, меѓудијалектниот контакт, и други (т. **3.3.3.**).

6. Во врска со проблемот за причините што го предизвикале губењето на /*x*/ искажувањата на научниците не се единствени.

А. М. Селишчев наоѓа голема сличност во природата на македонското, албанското и ароманското /*x*/. Губењето на /*x*/ во македонскиот според него се должи на "слабата" артикулација, која е карактеристична и за /*x*/ во албанскиот јазик (Селищев, 1918 : 112-126). С. Б. Бернштејн уште понагласено ја истакнува заедничката тенденција во загубата на /*x*/ во јужнословенските и балканските несловенски јазици. "Широко развиената тенденција кон загубата на [*x*] во јужнословенските јазици не треба да се разгледува изолирано од аналогните тенденции во многу балкански јазици (несловенски)" – пишува Бернштејн, за да заклучи: "Овде звукот [*x*] се карактеризира со слаба артикулација поради широката теснина. Имено, таа чисто физиолошка околност и придонесла за загубата на звукот [*x*], т.е. за полно губење на фрикацијата" (Бернштейн, 1961 : 298).

З. Штибер, пак, како причина за губењето на фонемата /*x*/ во словенските јазици го истакнува фонолошкиот фактор (Stieber, 1961 : 1-6). Фонолошкиот фактор за односнава појава во македонскиот го претпочита и Б. Конески. "Фонемата *x* не се вклучила во корелацијата на звучните и незвучните консонанти, што е, како што знаеме, основна консонантска корелација во македонскиот. Заправо, еден феномен во изградувањето на таа корелација е и губењето на *x*, односно неговата замена со други консонанти, со што се отклонува една асиметричност на консонантскиот систем" пишува Конески (1983 : 97).

Прифаќајќи го становиштето формулирано од Конески, ќе се обидеме да фрлиме поглед како течел фонетскиот процес при дефонологизацијата на /*x*/ во поодделни наши дијалекти.

6.1. Во кумановско-кратовските, штипскиот и тиквешко-мариовските говори, видовме, фонемата /*x*/ > *ø* во сите позиции на зборoформите без оглед на нејзината семантичка функција. Основен момент во еволуцијата на процесот /*x*/ > *ø* е ослабнувањето на артикулацијата, сведувањето на изговорот до степен на проста аспирата за после и наполно да исчезне. Се губи признакот фрикативност (континуираност). И двете тие фази во процесот на дефонологизацијата на /*x*/ добро можат да се следат во споменативе говори (в. **2.1, 3.3.1**). Во говорите каде што се задржала фрикацијата на /*x*/ подолго на крајот и пред консонант дошло до извесно удолжување на претходниот вокал, сп. *г̄рех* > *г̄ре:*, *бехме* > *бе:*^{x}*ме* > *бе:ме*.

6.2. Во западното наречје, каде што /*x*/ преминало во *ø* во иницијална и интервокална позиција, а во /*ф-в*/ на крајот и пред консонант, пред да се загуби /*x*/ имало двојна артикулација: на почетокот и пред вокал дошло до редукција на фрикативноста, а на крајот и пред консонант струењето на воздухот ја засилувало фрикцијата. "Чувањето на споменатата фрикција на крајот на зборовите и пред консонант во средината создало можност во таа позиција да се јави *ф*, исто онака како што истата таа појава, т.е. подолгото задржување на фрикацијата во споменатата положба во другите македонски дијалекти, дало други резултати" – констатира Белиќ (Белић, 1935 : 119). Значи, */х/* во таа позиција го губи признакот компактност и преминува во соодветниот преден континуиран корелат – */ф/*.

6.3. Промената на */х/* во */ј/* во разлошкиот, мегленскиот и корчанскиот е регуларна само во глаголските морфеми, сп. *беј, бејме, бејт̄е,* а во други случаи се јавува претежно зад преден вокал, сп. *нијно, чејли, меј, г̄реј,* поретко зад друг вокал (т. **3.3.3**). Фонетската процедура тука се одвивала на следниот начин: *х > х′ > ј*. Фрикативното */х/* на крајот и пред консонант поради палаталната артикулација на претходниот вокал се палатализирало и преминало во соодветниот палатален фрикатив – */ј/*. На овој начин добиеното */ј/* после можело да се шири по аналогија и на други лексеми.

6.4. Во други говори, пак, на крајот и пред консонант дошло до редукција на фрикативноста, со што се создале услови */х/* да премине во */к/*. Значи, */х/* го губи признакот континуираност (фрикативност) што довело до изедначување со */к/*. Оваа појава, која е доста раширена во црногорските дијалекти (Бошковић, 1931 : 180), како и во полските подхалањски говори (Gołąb, 1957 : 129-135), на македонскиот терен, видовме, се одразила само во аористот и имперфектот (т. **3.3.5.**).

6.5. Во неколку одделни случаи во нашите дијалекти на местото на */х/* наоѓаме */г̄/*, сп. *т̄уг̄ла* – во пијанечкиот говор (Костин Дол), *чег̄ли* – во мијачките говори во Папрадиште (Велешко) и во Ехловец (Кичевско), *муг̄ла, муг̄лосан* (Ехловец). Фонетскиот процес тука одел преку едно веларно звучно [γ], кое го констатиравме како алофон на */х/* пред сонантите во некои малешевски и пирински говори (т. **2.1.**). Значи, сме имале развој: */х/* > [*γ*] > */г̄/*.

1981

Карта 1



Карта 2



Карта 3



Карта 4



Карта 5



Карта 6



Карта 7



Карта 8



Карта 9



Карта 10



1.11. КОНСОНАНТСКИТЕ ГРУПИ *с (з), ш (ж) + ц, ч*

1. Фрикативните консонанти *с (з), ш (ж)* пред африкатите *ц, ч* на составот на две морфеми (префикс, коренска морфема или основна морфема + суфикс) во дијалектите на македонскиот јазик претрпеле различни промени.

2. Во префиксираните зборови во група со *ц, ч* може да стапува само *з* во префиксите *без-, из-, раз-*. Тука тоа обично се асимилира по звучност во *с* : *изчисти > исчисти, изчетка > исчетка, разчини > расчини, разчисти > расчисти; изцеди > исцеди, изцица > исцица, разцепи > расцепи, разцути > расцути*, и др. Во некои говори фрикативната компонента (*с*) отсуствува. Така, од северните говори ни се познати примерите: *ицепи, ицедило, рацепи, рацафтело се,* покрај *исцеди, расцепени* (Видоески, 1962 : 90). Вакви примери поретко можеме да сретнеме и во костурско-леринските говори, и овде-онде по западната периферија на македонскиот јазик.

Пред *ч* во оваа позиција доста често *с* се асимилирало во *ш* (*сч > шч*), сп. *ишчешл'а, ишчеша, ишчепи, ишчеречиле* покрај *исчисти, расчешај, расчепи* и др. во северните говори (Видоески, 1962 : 82), *рашчини, ишчешла* покрај *рафчини, ифчешла* во поречкиот, кичевскиот (Видоески, 1957 : 56), *ишчека* и *исчека* во велешкиот (Reiter, 1964 : 89).

Во западното наречје најчесто место *с* наоѓаме *ф* : *ифцепи, рафцепи, рафцути, ифцеди; ифчисти, ифчека, рафчисти* во поречкиот, кичевскиот, охридскиот, демирхисарскиот говор, *бефценет, Бефцена* (лично име), *ифчека* во горнополошкиот (Селищев, 1929 : 425).

Во говорот на с. Бобоштица (во јужна Албанија) А. Мазон ги забележал примерите: *рајц'ʲӓпи, рајц'ʲӓфти,* покрај *исчарард'иса* (Mazon, 1936 : 26, 35, 47, 66, 94) (в. карта 1).

3. Во суфиксните образувања (на составот на основната морфема и суфиксите) наоѓаме во говорите поразнообразни резултати за односниве групи.

3.1. Групата *-сц-* се среќава во цела Северна Македонија, во средишниот дел на Источна Македонија (во штипско-струмичките и тиквешко-мариовските говори) и во Јужна Македонија на целиот појас од Корча и Грамос па до Солун и Лагадина. Сп. *масца* (*маст + ца*) во Куманово, Штип, Рожден, *месце* (*месо + це*) во Куманово, Крива Паланка, Свети Николе, Злетово, Штип, Радовиш, Кавадарци, *глусци* Штип, *прасци* Кратово, Злетово, Свети Николе, Куманово, Рожден. Во Западна Македонија групата *-сц-* може да се сретне уште во градскиот охридски говор, сп. *месце,* во некои села во Дебарски Дримкол, сп. *масца* Модрич, во говорот на мијачката оаза Смилево во Битолско и во говорот на македонските муслимани (Торбеши) во Река, Велешко (Мелница и Врановци), Скопско (Држилово, Пагаруша и др.) и во полошките села Урвич и Јеловјане, сп. *месце* (в. карта 2).

3.2. Таму каде што ја наоѓаме групата *-сц-* се среќава и *-шч-*, сп. *вошче* (*вошче* : *вошка*), *крушче* (*круша*), *пушче* (*пушка*), *опашче* (*опашка*), *кр̥лешче* (*кр̥леж*) Кратово, Куманово, Скопска Црна Гора, Кочани, Радовиш, Неготино, Гевгелија, Костур, Охрид, Жировница – Дебарско, *кр̥лешче* Леринско (с. Пателе) (в. карта 3).

3.3. Групата *-сч-* има знатно помал ареал. Се јавува на еден тесен појас на линијата Кратово – Кочани – Штип – Струмица – Солун, потоа во крајниот северен дел на Полог, во аголот меѓу Лепенец, Вардар и Шар Планина. Таа е доста честа во Костурско, сп. *восче* (*воз-че*), *мосче* (*мост*), *квасче* (*квас*) Кратово, *класче* Злетово, *носче, појасче* Штип, *гасче, фесче* Струмичко (с. Сачево), *појасче* Кочани, *лисче, пр̥сче* (*пр̥ст*), *носче* Јеловјане (Тетово), *гасче* (*гаска*) Леринско (с. Пателе).

4. Во северните, тиквешко-мариовските, воденско-кајларските и во источниот дел на леринско-костурската говорна област *с* пред *ч* се асимилирало во *ш* (*сч* > *шч*). Оваа појава се извршила исто така и во погоре споменатите говорни оази во Западна Македонија (Охрид, Дримкол, Река). Сп.: *брешче* (*брест*), *квашче* (*квас*), *мошче* (*мост*), *машче* (*маска*) Куманово, Свети Николе, *квашче, мошче* Неготино, Рожден, *лишче* Битолско (с. Брод), *брешче, лишче, мошче* Костур (с. Рупишча), *квашче, појашче* (с. Езерец) (в. карта 4).

5. Во крајните источни македонски дијалекти (малешевско-пиринските, серските, лагадинските) и во источниот дел на долновардарските *с* и *ш* во сите споменати групи се измениле во *х* (*сц* > *хц, сч* > *хч, шч* > *хч*). Оваа појава со поголема доследност е извршена во малешевско-пиринските, нешто е послаба во југоисточните и долновардарските. Во последниве покрај примерите со *х* се среќаваат и случаи каде што *с* и *ш* се пазат неизменети (*сц, шч*) или пак *с* пред *ч* само се асимилирало во *ш* (*сч* > *шч*) (в. карта 2, 3, 4). Сп.: /*сц* > *хц*/ *глухци* Делчево, Пехчево, Берово, Кочани, /*сч* > *хч*/ *пăрхче, пăрхчета* Серско (с. Секавец), *тахче, крахче* Сухо (Голомб, 1962, 63 : 248), *фехче* (*фес*) Гевглиско (Ивановъ, 1932 : 78), /*шч* > *хч*/ *ехче* (*еж*) Делчево, Пехчево, *ехчи* Секавец, *нохче* Гевгелија (Ивановъ, 1932 : 78). Во Западна Македонија ваков резултат наоѓаме единствено во мијачкото село Смилево: *брехче, гухче* (*гуска*), *клахче* (*клас*), *кохче* (*коска*), *мохче* (*мост*), *мохче* (*моска*), *невехче* (*невеста*), *обрахче* (*образ*), *прахчар* (*прасе*), *мехце, глухци,* но *масца* и *мафца, појасче* и *појафче.*

6. На другата говорна територија во Западна Македонија место согласките *с, ш* во односнава позиција наоѓаме *ф* (или *в*) (*сц* > *фц, сч* > *фч, шч* > *фч,* одн. *вц, вч*). Сп.: /*сц* > *фц*/ *мафца, мефце, прафци;* /*сч* > *фч*/ *брефче* (*брест*), *мофче, кр̥фче* (*кр̥ст*), *пр̥фче* (*пр̥ст*), *лифче* (*лист*), *невефче* (*невеста*), *гуфче* (*гуска*), *мафче* (*маска*), *кофче* (*коска*), *вофче* (*воз*), *обрафче* (*образ*), *појафче* (*појас*), *фефче* (*фес*), *тафче* (*тас*), *грофче* (*грозд*), *квафче;* /*шч* > *фч*/ *глуфче, вофче* (*вошка*), *прафче* (*прашка*), *круфче* (*круша*), *пуфче* (*пушка*); *ефче* (*еж*), *кр̥лефче* (*кр̥леж*).

Надвор од границите на западното наречје замена со *ф* може да се сретне во одделни примери во леринската област, во долновардарските говори, сп. *ӣрафци-(ӣи), ӣравчари* (Mazon – Vaillant, 1938 : 66), па дури и пона исток, во лагадинските и серските, сп. *ӣравција, ӣравци* (Lavrov – Polívka, 1932 : 305), *ӣрафца* (Małecki, 1936).

7. Во говорот на Бобоштица на местото на *с* и *ш* наоѓаме *ј* и во префиксираните состави.

8. Спрема ова што го рековме досега, на македонската јазична територија, во зависност од резултатите за консонантските групи *сц, сч, шч,* можеме да изделиме четири ареали. На крајниот исток по целиот појас од Делчево и Благоевград па до Солун и Серез на југ и на исток до границата со бугарската јазична територија место *с* и *ш* пред *ц, ч* има *х*. – Западно од линијата Солун – Струмица – Кочани па приближно до Вардар, Црна Река и Преспанското Езеро се изговараат групите *сц, шч*. На еден дел на линијата Кратово – Штип – Радовиш – Струмица, во северен Полог и во западниот дел на леринско-костурската област се јавува и групата *-сч-*. Меѓутоа, на просторот од Куманово до Костур и Кајлар, по правецот Свети Николе – Неготино – Воден, во оваа позиција (пред *ч*) *с* се изменило во *ш*. Во говорот на Бобоштица, судејќи по оние неколку податоци на Мазона, место *с* и *ш* има *ј* (*сц > сч, шч > хц, хч > јц, јч*). Четвртиот ареал го сочинуваат западните македонски говори, каде што на местото на *с* и *ш* има *ф*, од *в* (*сц, сч, шч > хц, хч > фц, фч,* одн. *вц, вч*). На север овој ареал се простира до Тетово и Скопје. Неговата источна граница оди приближно по правецот Вардар, Црна Река до Скочивир (југоисточно од Битола), откаде што после скршнува на запад кон Преспанското Езеро. Таа е истовремено и дијалектна граница меѓу западните и источните говори. Се разбира, границите меѓу поодделни ареали не се така остри. Има простори каде што се мешаат појавите. Примери со *хч* не се необични и во долновардарските говори. Во рамките на западното наречје, видовме, има оази каде што се јавуваат покрај примерите со *фц, фч* и случаи со *сц, шч,* дури и со *хч* (в.т. **5.**).

9. На историски план оваа појава во некои говори можеме да ја следиме уште од 16 век, негде дури и од порано. Во еден текст од Костурско од 16 век ги наоѓаме примерите: **г(а)лȣχци**, **прачини**, **нохча* (Giannelli – Vaillant, 1958 : 47, 56). Во запис од 16 век охридското село *Велмевци* е предадено во формата *Велмешци* (**велмешци**) (Селищев, 1933 : 114, 217), а во запис од 18 век во обликот *велмехци* (**велмеχци**) (Селищев, 1933 : 114). Во запис од 16 век ни е познат и обликот *Влашци* (**влашци**), подоцна *Влавци*. Битолското село *Рувци* (или *Руфци*) во документите од 14 век се споменува во формата **роусець** (**близь Роусець**). Во запис од 17 век е предадено со *с* : *мали русци* (**мали рȣсци**), а во еден подоцнежен запис во трескавечкиот кодик е забележено како *рухци* (**рȣχци**) (Селищев, 1933 : 114, 217). Денешното струшко село Вевчани во 14 век е запишано во формата **Вешчани** (Новаковиќ, 1912 : 673).

10. Претставениот материјал што ни го даваат денешните македонски говори, како и оној од постарите извори, јасно ни ги покажуваат патиштата по кои одел развојот на групите *сц, сч, шч*.

Процесот започнал секако со групата *сч*. Пред *ч* согласката *с* се асимилирала во *ш* (*сч* > *шч*). На историски план тоа ни го потврдува формата *Вешчани*, која А. Селишчев ја изведува од постарото *Весчани* (Селищев, 1933 : 221). Нова етапа во развојот означува дисимилацијата на групата *шч* во *хч*. Кај групата *сц* тој процес можел да биде посложен, зашто *с* прво преминало во *ш* (*сц* > *шц*). На тој заклучок нè упатуваат формите *Влашци* (од *Власци*), *Лашци* (од *Ласци*), *Велмешци* (од *Велмесци*) (Селищев, 1933 : 114). Потоа групата *шц*, како и *шч*, се изменила во *хц*.

Понатамошниот развој на групите *хц*, *хч* е сврзан со промените на фонемата *х* во позиција пред консонант. Во дел од источните говори, каде што *х* се пази пред консонант, групите *хц*, *хч* се запазиле. Исто така тие се пазат и во говорот на мијачкото село Смилево (кај Битола), кое ја познава фонемата *х*. Во западното наречје, каде што *х* пред консонантите се изменило во *ф* (или *в*), и групите *хц*, *хч* дале *фц*, *фч* : *махца* > *мафца* / *мавца*, *мохче* > *мофче* / *мовче*, *крухче* > *круфче* / *крувче*. Така и во имињата на селата: *Вехчани* > *Вефчани* / *Вевчани*, *Велмехци* > *Велмефци* / *Велмевци*, *Рухци* > *Руфци* / *Рувци*. – Во говорот на Боботица согласката *х* од групите со *ц*, *ч* : *глухци* > *глујци*, *глухче* > *глујче*, *рахц'ӓпи* > *рајц'ӓпи*.

Во северните, тиквешко-мариовските и костурско-леринските, како и во говорите на торбешките оази во Дебарско, Полог и Скопско, каде што фонемата *х* се загубила во сите позиции, сп. *нихно* > *нино*, *бехме* > *беме* и сл., денеска ги наоѓаме, како што видовме погоре, групите *сц*, *сч* / *шч*, *шч*. Веднаш се поставува прашањето: дали *с* и *ш* пред *ц*, *ч* во овие говори воопшто претрпеле измени? За костурскиот говор е сигурно дека *сц*, *шч* во 16 век биле изменети во *хц*, *хч* (сп. ги од тоа време примерите *глухци*, *нохча*) (Gianneli – Vaillant, 1958 : 47). Подоцна, кога се загубила фонемата *х* и на овој терен, консонантите *с*, *ш* биле воспоставени повторно, се разбира, сега аналошки – според основната морфема: *круша* : *круш-че*, *појас* : *појас-че*. Подоцна *с* пред *ч* се асимилирало во *ш* : *појашче*. Инаку само во резултат на фонетски процес би се добиле разновидностите: *појахче* > *појаче*, *крухче* > *круче*, аналогно на развојот *нихно* > *нино*, *чехли* > *чели*, *бехме* > *беме*. Значи, денешните групи *сц*, *шч* во костурскиот говор се добиени по губењето на *х*. Тогаш е извршено и асимилирањето на *с* во *ш* пред *ч*, сп. денеска *квашче* (*квас*), *мошче* (*мост*) и сл. Овој заклучок може да важи и за другите говори во коишто консонантот *х* на крајот на слогот се загубил. Во еден ракописен текст од 1787 година, напишан на кратовскиот говор, ја наоѓаме формата *бехцени* (**беχцени**) (Сборник, 1890 : 277) место *бесцени* (од *безцени*). Денеска оваа придавка се употребува во обликот *бесценет*. И во овој говор, како во костурскиот, *сц* се изменило во *хц*. По губењето на гласот *х*, повторно било воспоставено *с*.

11. На претходните примери укажавме како се одвивал фонетскиот процес од *с*, *ш* до *х*. Да резимираме. Во западните говори: *сц* > *шц* > *хц* // *фх* / *вц*; *сч* > *шч* > *хч* // *фч* / *вч*; *шч* > *хч* // > *фч* / *вч*; во бобоштенскиот: *сц* > *шц* > *хц* // > *јц*; *сч* > *шч* > *хч* // > *јч*; во северните, тиквешко-мариовските и леринско-костурските: *сц* > *шц* > *хц* // > *сц* (нефонетски); *сч* > *шч* > *хч* // > *сч* (нефонетски), а во еден дел понатаму *сч* > *шч* (фонетски); во малешевско-пиринските, серските, во дел од долновардарските: *сц* > *шц* > *хц* // *сч* > *шч* > *хч* //; *шч* > *хч* //. Процесите до стадиумот

-хц-, -хч- се извршиле во сите македонски говори. На тој степен од развојот процесот се задржал во крајните источни говори. Промените што се вршеле дотука биле условени од самите групи: како константни се јавуваат африкатите *ц, ч,* додека фрикативните *с, ш* се менуваат. Новите процеси што се јавиле во западните говори и во бобоштенскиот не се условени веќе од африкатите. Тука се работи за измени на фонемата *х* во позиција пред консонант и владеат нови закони.

Губејќи се *х* од системот на меконепчените консонанти, неговата слаба артикулација под определени фонетско-морфолошки услови во корчанскиот говор се доближила до артикулацијата на *ј,* а процесот се одвивал по следниов начин: *х* > *х′* > *ј.* Во западното пак наречје, каде што загубата на *х* временски се совпаѓа со процесите сврзани со губењето на интервокалното *в,* при артикулацијата на *х* во односнава позиција (пред консонанти и на крајот на зборот) се активирале усните и во резултат на лабијалната артикулација *х* преку билабијално *φ* или *w* се изменило во лабиодентално *ф,* одн. *в,* зависно од карактерот на соседниот консонант. Поопстојно оваа појава е продискутирана од Б. Конески во неговата "Историја на македонскиот јазик" (Конески, 1965 : 75 нт.; 1948 : 111 нт.).

Процесите што ги засегнале групите *-сц-, -сч-, -шч-* во помала или поголема мера ги познаваат и околните српски и бугарски дијалекти. Од призренско-јужноморавскиот А. Белиќ ги приведува примерите *бецени, ицепано, ичупан* (Белић, 1905 : 233–234). Случаи со вакво упростување на групите *-сц-, -шч-* П. Ивиќ констатирал во галипољскиот говор, сп. *ицедим, рацупа,* покрај *исцеди, расцепа* – со повторно воспоставено *с*. Според Ивиќа оваа појава се среќава и во косовско-ресавскиот и некои црногорски дијалекти (Ивић, 1957 : 143). На исток појавата се раширила и во родопските говори (Miletič, 1912 : 126). Како што се гледа, односнава појава зафаќа еден доста голем ареал, кој ги надминува границите на македонската јазична територија. Во центарот на тој ареал се наоѓаат македонските дијалекти. Во тој центар, без сомнение, овој процес и се зародил.

1970

Карта 1



Карта 2



Карта 3



Карта 4



1.12. АКЦЕНТСКИТЕ СИСТЕМИ

0. На македонскиот јазичен ареал јасно се изделуваат на фонетски план три главни акцентски системи:

- акцентски систем со слободно акцентско место,
- систем со ограничено слободен и ограничено фиксиран акцент, и
- систем со фиксиран акцент.

1. Акцентскиот систем со *слободен акцент* (најархаичен на македонскиот терен) доминира во источните македонски дијалекти на правецот Крива Паланка – Куманово – Штип – Струмица – Кукуш – Солун, и на исток до јазичната граница со бугарската јазична територија (опфаќајќи ги говорите во Пиринска Македонија и серско-драмското подрачје во Југоисточна Македонија).

Западната граница на овој систем оди нешто малку позападно од Куманово – Свети Николе – Штип и преку Демир Капија продолжува на југозапад сѐ до Островското Езеро, опфаќајќи ги говорите во Гевгелиско, Воденско и дел од Мегленско.

Под слободно акцентско место се подразбира кога акцентот може да стои на секој слог во зборoформите, сп.:

а) на ултима, т.е.

аа) на отворена ултима:
добрин'а, жен'а, есент'а,
мажишт'а, игран'е, ребр'а,
вик'а, реч'е,

аб) на затворена ултима:
говед'ар, ор'ач, бор'ец, вис'ок,

б) на пенултима:
к'амен, к'офчек, ст'ожер, ј'авор, лис'ица, кол'ено,

в) на антепенултима:
к'аменот, ј'азовец, кл'аденец, т'егавец,
ј'агода, п'онада, п'ештера, к'ашлица, в'ариво, 'езеро,

г) на четвртиот и петтиот слог од крајот:
б'иволица, ј'аловица, кр'аставица, в'ерверица, П'етковица, б'иволиците.

На морфолошки план во рамките на овој систем се изделуваат два акцентски типа:

а) акцентски тип со подвижен акцент и
б) акцентски тип со неподвижен (морфолошки фиксиран) акцент.

1.1. Подвижен акцентски тип (акцентот го менува местото во парадигмата) познаваат крајните источни македонски говори што се наоѓаат источно од линијата Крива Паланка – Кочани – Радовиш – Струмица – Кукуш – Лагадин.

На тој терен можеме да изделиме неколку модели со подвижен акцент.

1.1.1. Во северниот дел на областа – во источните кривопаланечки села, во малешевските и пијанечките говори (Берово, Пехчево, Делчево), во говорите во пиринскиот дел на Благоевград – Петрич и во разлошкиот говор ги наоѓаме следниве модели на подвижност:

кај именките од м.р.:

а) *гл'ас – гл'асове : глас'о : гласов'ето,*
з'ап – з'аби : заб'о : заб'ите,

б) *к'он – к'оне – к'оње : коњ'ето,*
ст'арец – ст'арецо – ст'арци : старц'ите,
кон'ец – кон'ецо – к'онци : конц'ите,
кот'ел – кот'ело – к'отли : котл'ите,

в) *к'ум – к'умове – к'умовето : кум'о,*
др'ен – др'ење – др'ењето : дрен'о,

г) *ков'ач – ков'аче : ковач'е – ковач'ето,*
др̥в'ар – др̥в'аре : др̥вар'е – др̥вар'ето,
ел'ен – ел'ено : елењ'е – елењ'ето,
разб'ој – разб'ое : разбо'е – разбо'ето,

д) *мр̥тов'ец – мр̥тов'ецо : мр̥товц'и – мр̥товц'ите.*

Забелешка: акцентскиот модел под г) карактеристичен е само за говорите каде што членската морфема за м.р. гласи *-е* (во беровско-пехчевскиот, делчевскиот, благоевградскиот и разлошкиот говор), а во петричкиот, каде што членот е *-о* и зад историски меките согласки, има парадигматски акцент:

офч'ар – офч'аро : офч'ари – офч'арето,
ор'ач – ор'ачо : ор'аче – ор'ачето;

за женски род:

а) *жен'а – жен'ата – жен'ите : ж'ени,*

б) *бр'ада – бр'ади : брад'ата – брад'ите;*

Забелешка: Во источните кривопаланечки села (Узем, Дубровница, Трново) именките под а) имаат парадигматски акцент:

жен'а – жен'ата : жен'и – жен'ите,

а во позападните села (Габар, Градец, Конопница) тој е подвижен:

жен'а – жен'ата : ж'ени – ж'ените, одн.
коз'а – коз'уту : к'озе – к'озете (Луке, Огут),

а во Кркља: *коз'а – коз'ата – коз'ите : к'ози;*

в) *н'ош – н'ошчи : ношч'а – ношч'ите,*
к'р̥ф – кр̥фт'а;

за среден род:

а) *м'есо – м'еса : мес'ото – мес'ата* (*в'ино, мл'еко, л'ето*)
с'р̥це – с'р̥ца : ср̥ц'ето – ср̥ц'ата,
'око – 'очи : ок'ото – 'очите,

б) *ребр'о – ребр'ото : р'ебра – р'ебрата,*
јајц'е – јајц'ето : 'јајца – 'јајцата,

в) *црев'о – црев'ото – црев'ата : цр'ева,*
дет'е – дет'ето – дец'ата : д'еца
(во Берово, Пехчево, Петрич, Благоевград).

Забелешка: Во Узем, Трново, Габар:
дет'е – дет'ето – дец'а – дец'ата.

1.1.2. Во јужниот дел на дијалектното подрачје со подвижен акцент (во серскиот, драмскиот гоцеделчевскиот, сушко-височкиот, делумно и во разлошкиот – како преоден) составот на акцентските модели е нешто поизменет.

За машки род:
а) *гл'ас – гл'асове : глас'ӑ : гл'асов'ето* (Г. Делчев),
р'ет – р'едове : ред'о : р'едов'ето (Серско),
гр'ат – гр'адове : град'ӑ : гр'адов'ето (Зилјахово),
гр'ат – гр'адуви : град'от : гр'адув'ету (Висока),
гр'ат – гр'адуви : гра̣д'о : гр'адув'ету (Сухо)
(како во Берово, Пехчево, Петрич, Благоевград);
б) *б'ик : бик'о – биц'е – биц'ету* (Сухо),
д'ӑмп : дӑмб'от – дӑмб'е – дӑмб'ету (Висока),
в) *сн'оп – сн'опи – сн'опиту : снуп'о* (Сухо),
г) *пинт'ел – пинт'елу // -ут : пинтл'и* (Висока) / *пинт'елиту* (Сухо),
кун'ец – кун'ецу // -ут : кунц''а;

за женски род:
а) *бр'ада – бр'ади : брад'ӑта – брад'ите*
ж'ена – ж'ени : жен'ӑта – жен'ите
(Г. Делчев, Драма, Сер, Сухо, Висока),
б) *вл'ас : власт'а;*

за среден род:
а) *ч'енду – ч'ендуту : чинд'а – чинд'ата,*
с'елу – с'елуту : сил'а – сил'ата,
куп'иту – куп'итуту : купит'а – купит'ата,
л'ици – л'ициту : лиц'а – лиц'ата,
гр'озди – гр'оздиту : грузд''а – грузд''ата,
(Сухо – Висока, Г. Делчев, Драма, Сер);
б) *кр'илу : крил'оту : крил'а – крил'ата,*
п'еру : пир'оту : пир'а – пир'ата,
м'ори : мур'ету : мур''ӑнта,
п'оли : пул''ету : пул''анта – пул''антата,
стр'ӑци : стрӑц'ету : стрӑц'ата,
тр'ӑни : трӑн'ету
(Сухо – Висока, Г. Делчев, Драма, Сер),
в) *писм'о – писм'оту : писм'ата* (Висока),
сидл'о – сидл'оту : сидл'а – сидл'ата (Сухо),
луз''е – луз''ету : луз''а (Сухо) / *луз''анта* (Висока),
'оку – 'оч'а̣ : ук'оту – уч''ит'а̣,

'ухо – 'уши : ух'ото – уш''ит’ạ,

(Сухо – Висока, Драма, Сер),

'им’ạ – 'името : имен'а-та,

(Г. Делчев).

Забелешка: По однос на малешевско-пиринските говори во јужнава зона се јавуваат следниве отстапувања:

1. Именките од типот *жен'а – ж'ени* овде се изедначиле акцентски со оние од типот *бр'ада – бр'ади.*

2. Кај именките од м.р. од типот *др̥в'ар – др̥в'аре : др̥вар'е* во овие говори акцентот е парадигматски (нема член *-е*).

3. Кај именките од с.р. овие говори немаат акцентски тип *ребр'о – ребр'ото : р'ебра – р'ебрата* (*јајц'е – јајц'ето : ј'ајцата*), како ни тип: *црев'о – црев'ото – црев'ата : цр'ева,* респ. *дет'е – дет'ето – дец'ата : д'еца.*

Важна диференцијална акцентска особеност во јужните говори од овој акцентски тип претставува ограничувањето на акцентот и појавата на *секундарен акцент* во услови: ако зад примарниот акцент има три слога, тогаш се јавува секундарен акцент и акцентската единица се дели на две ритмички целини, сп.

р'ент – р'ендуви : р'ендувˌету,
ѓ'ал – ѓ'алут – ѓ'алуви : ѓ'алувˌету (Сухо – Висока).

[Од редакцијата: Авторот не ги претставил во овој текст моделите на подвижниот акцент во глаголската флексија. За да ја дополниме делумно сликата, приведуваме фрагменти од два други негови труда посветени на акцентската проблематика (Видоески, 1969 и 1986):]

Кај глаголите акцентското место условено е од повеќе околности: од граматичката форма, глаголското лице, граматичката морфема, префиксот, ако е глаголот префиксиран, или суфиксот. Едно акцентско место имаат презентот и имперфектот. Од нив се разликуваат акцентски аористот и глаголската *л*-форма. Императивот и глаголската придавка имаат посебен акцент и различен во поодделни локални говори. Сп.:

през.:	*'јад-а*	*јад-'е-ш*	*јад-'е*	*јад-'е-м(е)*	*јад-'е-те*	*јад-'а-т*
	п'иј-а	*пиј-'е-ш*	*пиј-'е*	*пиј-'е-м(е)*	*пиј-'е-те*	*пиј-'а-т*
	д'р̥ж-а	*др̥ж-'и-ш*	*др̥ж-'и*	*др̥жи-'и-м(е)*	*др̥ж-'и-те*	*др̥ж-'а-т*
импф.:	*јад-'е-х*	*јад-'е-ше*	*јад-'е-ше*	*јад-'е-хме*	*јад-'е-хте*	*јад-'е-а*
	др̥ж-'е-х	*др̥ж-'е-ше*	*др̥ж-'е-ше*	*др̥ж-'е-хме*	*др̥ж-'е-хте*	*др̥ж-'е-а*
аор.:	*'јад-о-х*	*'јад-е*	*'јад-е*	*'јад-о-хме*	*'јад-о-хте*	*'јад-о-а*

(Видоески, 1969 : 211–212 и натаму)

[Фрагментот посветен на подвижниот акцент кај глаголите во македонските дијалекти во Грција и Албанија гласи:]

Во областа на глаголската флексија акцентски алтернации се јавуваат кај една група глаголи од *е-* и *и*-група во презентот: во 1 л. едн. акцентот паѓа на основата (на коренската морфема или на суфиксот кај суфиксните образувања), ако е глаголот префиксиран тогаш на префиксот, а во 2 и 3 л. едн. и во множинските форми тој паѓа на основниот вокал, сп.: *б'ера : бир'еш – бир'е – бир'еми – бир'ети – бир'ат,'уча : уч'иш – уч'и – уч'ими – уч'ити – уч'ат* Висока, *пл'ета : плет'еш – плет'е – плет'еме – плет'ете – плет'ат, л'ежа(м) : леж'иш – леж'и – леж'име – леж'ите – леж'ат* Старошево, Секавец; така и: *б'ода – буд'еш, кр'ада – крад'еш, к'ӑлна – кӑлн'еш, к'ова – кув'еш, п'ека – пич'еш, м'ет’а – мит'еш, п'ас’а – пас'еш, п'ија – пи'еш, п'ера – пир'еш, пл'ав’а – плав'еш, пл'ета – плит'еш, пр'енда – принд'еш, с’ӑча – с’а̣ч'еш, сн'ова – снув'еш, ч'еча – чич'еш* (= тече); *бр'оја – бру'иш, дӑжд'и, др'ӑжа – дрӑж'иш, wр'ӑw’а – wрӑw'иш, w'ар’а – wар'иш, к'оса – кус'иш, кл'ат’а – клат'иш, кр'оја – кру'иш, с’'ӑд’а – с’а̣д'иш, т'ӑрп’а – тӑрп'иш* Висока, *вл'ака – влеч'еш, 'еда – ед'еш, д'ада – дад'еш, з'ова – зов'еш, п'аса – пас'еш, р'еча – реч'еш, с'еча – сеч'еш, тр'еса – трес'еш, ѓӑрм'и, кро'и, р'еда – ред'иш, суш'иш, тӑрч'иш, тӑрп'иш* Старошево, *пл'ета – плет'еш, д'ӑржа – дӑрж'иш* Плевна.

Кај префиксираните глаголи: *н'абера : на̣бер'еш – на̣бер'е – на̣бер'ем – на̣бер'ете – на̣берӑт* (: *б'ера – бер'еш*) Плевна, но: (*да*) *'изида : из'идеш – из'иде,* (*да*) *'оплакна* : (*да*) *упл'акниш,* (*за*) *'осикна* : (*за*) *ус'екниш* Висока, *д'окарам : до̣к'араш* (: *к'арам – к'араш – к'ара*), *н'аправ’а : напр'авиш – напр'ави* Старошево, Секавец.

(Видоески, 1986 : 25)

1.2. Акцентски тип со неподвижен (морфолошки фиксиран, парадигматски) акцент познаваат говорите на правецот Куманово – Штип – Радовиш – Струмица – Кукуш – Солун, западно од порано спомenатата линија (Крива Паланка – Кратово – Кочани – Струмица – Лагадин).

Треба да се истакне дека во тие говори во парадигматските зборови, со исклучок на турските заемки и на 2-3 л. едн. аорист, акцентот не може да стои на последниот отворен слог. Тоа значи дека во сите оние случаи каде што акцентот се наоѓал на отворена ултима во крајните источни говори, на овој терен тој се пренесол на претходниот слог (на пенултима). Тоа станало најверојатно по морфолошки пат. Со пренесувањето на акцентот бил истовремено ликвидиран подвижниот акцентски тип.

Така, именките од ж.р. од типот *жен'а – жен'ата* : *ж'ени,* и *бр'ада – брад'ата* : *бр'ади* се изедначил со именките од стариот парадигматски модел од типот: *б'аба – б'аби – б'або – б'абата – б'абите.* Именките од среден род од сите модели со подвижен акцент се изедначиле со именките од стариот модел со неподвижен акцент, сп. *др̥в'о – др̥в'ото > д'р̥во – д'р̥вото, дет'е – дет'ето > д'ете – д'етето,* итн. – како *с'ито, ж'ито – ж'итото – ж'ита – ж'итата.*

Значи, промените што настанале на овој терен се, главно, од два вида: а) пренесување на акцентот од отворената ултима (со некои исклучоци) и б) ликвидирање на подвижниот акцентски тип кај сите зборовни групи, вклучувајќи го тука и глаголот. Овие промени ги засегнале само граматичките наставки, додека структурата на суфиксните и префиксните образувања останала незасегната на акцентски план, освен во случаите каде што акцентот од флексивните наставки се пренесол на суфиксите во деривациските модели од типот: *добрин'а – добрин'ат̄а > добр'ина – добр'инат̄а, слеп̄от̄'а > слеп̄'от̄а – слеп̄'от̄ат̄а.* Се разбира, процесот на акцентскиот пренос се вршел во етапи. Кукушкиот и дојранскиот говор покажуваат дека акцентот прво од отворена ултима се пренесол кај двосложните именки од женски и среден род, додека во повеќесложните тој сè уште може да се сретне на крајниот отворен слог, сп. *висо̣чин'а, дăлжин'а, ра̣мнин'а* – во Дојран, *висучин'а, длăбучин'а, г̄уре̣шт̄ин'а, слубуд'а, г̄риут̄'а, срăмут̄'а* (Мутулово – Кукушко).

Од друга страна, во долновардарските говори на поширок ареал се забележува и тенденција акцентот да се ограничи на последните три слога. Тој процес прво ги засегнал именките што имаат акцент на четвртиот слог. Тоа се постигнува на два начина – а) со појава на секундарен акцент на пенултима, сп. *в'ерве̣р'ица, ј'ара̣б'ица, к'раст̄а̣в'ица – кр'аст̄а̣вˌица̣т̄а* (Дојран), *б'ивулˌица, г̄'ушувˌица, к'ихувˌица, л'ест̄увˌица, к'ат̄а̣рˌица, с'инкувˌица* (Мутулово), *м'ат̄урˌица, п̄р'аскувˌица, к'ат̄ăрчˌина* (Морарци), *м'анда̣рˌина* (Грамадна, Кукушко), б) и со просто пренесување на акцентот на пенултима, сп. *ја̣лув'ица, вирвир'ица, г̄ушт̄а̣р'ица, кукув'ица* (Илициево – Еницевардарско). Во трисложните именки баритонезата е поустојчива, макар што и кај нив процесот започнал, сп. *в'ăдица, в'илица, к'ашлица, п̄'одница, к'ошница, п̄'ерница, к'очина, 'офт̄ика, с'ăбут̄а,* но и: *ја̣б'ăлка, п̄ун'уда* (Енице), *јаб'ука, ма̣ќ'еа* (Миравци – Гевгелија).

За овие говори треба да се истакне уште еден важен факт што придонесол за задржување на акцентот на трите последни слогови. Како резултат на редукцијата, која е особено силно изразена во јужните дијалекти, посебно во долновардарските и серско-драмските, дошло и до елизија на неакцентираните вокали во одделни слогови, а пред сè во слоговите пред членските морфеми, сп. *л'ебо̣ви – л'ебо̣вит̄е > л'ебо̣вт̄е, к'очина – к'очина̣т̄а > к'очинт̄а, с'ирине – с'иринет̄о > с'ирне – с'ирнит̄о,* кај глаголите: *'имаме > 'имме, в'икат̄е > в'икт̄е;* кај придавките во членската форма за м.р. */и/* се изменило во */ј/* или пак наполно испаднало, сп. *јак̦ – ј'акиут̄* (*јакиот̄*) *> ј'акјут̄* или *ј'акут̄, вис'ок – вис'окиут̄ > вис'окјут̄, вис'окат̄а > вис'окт̄а, вис'окит̄е > вис'окт̄е,* и др.

Во кумановско-кратовското и штипско-струмичкото подраќје овие појави се помалку изразени или воопшто се непознати, така што местото на акцентот кај лексеми и збороформи од овој тип е релативно постабилно.

[И овде текстот го прошируваме со информации за парадигматскиот акцент кај глаголите, според Видоески, 1969 : 213 :]

> Во штипско-воденскиот акцентски тип кај глаголите парадигматичноста на акцентското место добила истовремено и функција за граматичко диференцирање. Во презентот и имперфектот тој паѓа врз коренскиот слог, додека во аорис-

тот и глаголската *л*-форма стои на вокалот од основата, сп. презент: *в'ика-м*, *-ш*, *-ø*, *-ме*, *-т̄е*, *-т̄*; имперфект: *в'ика-х*, *-ше*, *-ше*, *-(х)ме*, *-(х)т̄е*, -а; аорист: *вик'а-х*, *-ø*, *-ø*, *-хме*, *-хт̄е*, *-а*; *л*-форма: *вик'а-л*, *-ла*, *-ло*, *-ле*. Ова важи и за префиксираните глаголи: през. *изв'ика* : аор. *извик'а*. – Во 2 и 3 лице еднина во аористот акцентот се задржал на последниот отворен слог, со што морфолошкиот фактор се покажал посилен од законот за повлекувањето на акцентот од последниот отворен слог.

Имперфектот и глаголската придавка во едни говори акцентски одат со презентот, сп. *в'икај – в'икајт̄е, н'оси – н'осет̄е, одн'еси – одн'есет̄е* (во кумановскиот), *п̄л'ет̄и – п̄л'ет̄ит̄е,* но *'исп̄лет̄и – 'исп̄лет̄ит̄е* (во штипскиот). Во долновардарските императивот се изделува акцентски од другите форми, бидејќи и морфолошки се осамостојува: *п̄л'ет̄и – п̄лет̄'ејт̄е* (во дојранскиот, кукушкиот, гевгелискиот), *ч'увај – чув'ајт̄е, п̄л'ет̄и – п̄лет̄'ејт̄е* (во воденскиот). – Глаголската придавка во северните, дојранско-кукушкиот и гевгелискиот има акцент на коренскиот слог: *в'р̥зан, б'ерен, заф'анен* (Куманово), *п̄л'ет̄ӑн* (Дојран), додека во штипско-струмичкиот, воденскиот и солунскиот акцентски се поврзува со аористот: *г̄лед'ан, -'ана, -'ано, п̄лет̄'ен, -'ена, -'ено*.

(Видоески, 1969 : 213)

2. Акцентскиот систем *со ог̄раничено слободен и ог̄раничено фиксиран акцент̄* се јавува на еден тесен појас на правецот Скопска Црна Гора (Раштак – Булачани) – Клепа (Велешко) – Кавадарци – Мариово – Лерин – Костур – Нестрам – на сето пограничје меѓу источното наречје (со слободен акцентски систем) и западното (со фиксиран акцент). На север овој систем превладува и во граничните српски говори во Сириниќска Жупа и во Призренско. Западната граница на овој систем приближно се движи до линијата Раштак – Црешево – Арачиново – Дивље (на скопскиот дел) – Лугунци – Црквино – Владиловци (во Велешка Клепа) – Никодин – Којаци (Тиквеш), од каде што продолжува по пл. Селечка до с. Брод на Црна Река (источно од Битола); од Брод продолжува на југозапад, поминува нешто малку посеверно од Лерин и преку селата Арменско – Брезница – Вамбел и на албанската страна с. Врмник, од каде што скршнува кон југозапад и оди приближно по денешната државна граница меѓу Грција и Албанија сè до Грамос.

Како што се гледа, овој систем доминира во две поголеми дијалектни зони – во тиквешко-мариовската и леринско-костурската група говори, а како се оди кон север од областа Клепа (Велешко) дијалектниот појас со овој систем се стеснува сè повеќе.

На споменатава територија акцентот не може да стои на ултима (без оглед дали е затворена или отворена – туѓите заемки не ги земаме предвид) и се избегнува акцентирањето на четвртиот слог од крајот. Што значи дека акцентот во тие говори по правило се концентрира на пенултима и антепенултима со тенденција да се стабилизира на пенултима.

На овој терен паралелно егзистираат два акцентски типа: а) *акцентски тип со фонетски фиксиран акцент* и б) *акцентски тип со парадигматски акцент.*

Материјалот од поодделни локални говори во рамките на овој систем покажува како се гради фиксираниот акцент.

Во говорот на с. Превод (Светиниколско) акцентот од последниот (затворен) слог се повлекол по правило кај двосложните именки, сп. *'обрас, 'език, ч'овек, с'ирак, к'оњар, мл'екар, б'ерач, 'орач,* и редовно така кај двосложните, и кај ограничен број трисложни именки, сп. *брат'учет, дом'аќин, раб'отник.* Но кај повеќето трисложни именки акцентот се задржал на ултима, сп. *едињ'ак, верен'ик, годињ'ак, дренов'ак,* и др., потоа сложенките од типот *санчогл'ет, средор'ек,* еден број придавки, сп. *болник'аф, кашлич'аф, камен'ит, крил'ат, белич'ес,* и сложенки: *глувон'ем, тврдогл'аф, црно'ок,* и др.

Кај именките со стариот акцент на третиот слог нема некои поголеми промени; старото акцентско место сè уште доста добро се пази, сп.

ж.р. *б'аница, ѕ'уница, ј'ужица, ј'адица, гр'аница, р'учница, ст'еница, м'атица, к'ошница, пр'аќица, 'ужина, ц'елина, л'едина, н'овина, к'р̥стина, к'очина, пр'авдина, кр'ивина, т'уѓина, р'удина, 'офтика, п'онуда, п'остава, п'опара, п'астр̥мка, ј'абука, ј'агличка, м'атерка, ј'агутка, 'ортома, пр'аќица, ф'абрика,*

с.р. *в'ариво, 'олово, 'остр̥во, 'езеро, с'ирење, к'оледе,*

м.р. *ј'азовец, ж'илавец, к'омарец, т'егавец.*

Меѓутоа, кај именките со стариот акцент на четвртиот слог, во членуваните форми и на петиот слог, во повеќето случаи тој преминал на пенултима, сп.

јалов'ица, кијав'ица, крастав'ица, кукав'ица, падав'ица,
суров'ица, вервер'ица, пијав'ица, ереб'ица, пр̥пел'ица,
ластов'ица, месеч'ина.

Во говорот на селата Булачани и Раштак во Скопска Црногорија бројот на примерите што отстапуваат од второсложното акцентирање е сведен на минимум, сп.

в'истина, п'азува, 'офтика, з'алошка, л'атица, подн'октица,
вр̥тогл'авица, фам'илија, пок'уќнина, 'ужина, гр'аница,
зад'ушница, богор'одица, заз'абица, кл'аденац, б'угарин,
ј'азовац, к'омарац,

– но:

вил'ица, бардав'ица, кијав'ица, кашљ'ица, пр̥л'ица, пол'ица,
мел'ица, вервер'ица, јалов'ица, муќен'ица, матор'ица, пијав'ица,
мат'ица, кукав'ица, ластов'ица, ереб'ица, препер'ица, чубр'ица,
крастав'ица, пел'ена, огр'ада, виљ'ушка, мат'ика, коч'ина, јаб'ука,
скор'уша, бор'ина, јаг'отка, туѓ'ина, суб'ота, прич'есна, месеч'ина,
нов'ина, вруќ'ина, пад'ина, руд'ина, меќ'ава, пред'иво, сеч'иво, ол'ово,
кол'еда, вар'иво, ез'еро.

Примери со акцент на ултима во нашиот богат материјал не се констатирани.

На овој начин кај сите именски зборови (со само неколку исклучоци) во говорот на Булачани акцентот паѓа на вториот слог не сметајќи ги членуваните форми.

Членските морфеми не подлежат на правилото за второсложното акцентирање. Останува отворено прашањето ЗОШТО? Дали, можеби, членот поради неговата специфична граматичка функција не се интегрирал наполно во збороформите, како што го направиле флексивните морфеми и деривациони елементи?!

Бара објаснување и прашањето како одел процесот на стабилизација при преметнувањето на акцентот од затворената ултима. И за овој проблем ни даваат доволно материјал споменатите два говора – на селата Превод во Светиниколско, кое е најблиску до слободниот парадигматски акцентски систем, и Булачани (гранично со скопскиот говор) со фиксиран акцент на антепенултима.

Во говорот на Превод акцентот преминал од затворена ултима на пенултима, значи само во еднинската форма, додека во множинската, каде што се наоѓал веќе на пенултима, се задржал на старото место, сп.

риб'ар – риб'ари > р'ибар – риб'ари,
ков'ач – ков'ачи > к'овач – ков'ачи,
ел'ен – ел'ени > 'елен – ел'ени
разб'ој – два разб'оја – разб'ои > р'азбој – разб'оја,
ез'ик – ез'ици > 'език – ез'ици – два ез'ика,
домаќ'ин – домаќ'ини – домаќ'ине > дом'аќин – домаќ'ини,

членувани:

риб'ар – риб'арат : риб'ари – риб'арите > р'ибар – р'ибарот : риб'ари – риб'арите,

но – кај именките старите баритони акцентот си го задржал старото место:

с'ин – два с'ина – с'инови : с'инат – с'иновите,
д'евер – д'евери : д'еверат – д'еверите,
к'амењ – к'амење : к'амењат – к'амењето,
ч'ичо – ч'ичофци : ч'ичото – ч'ичофците,
б'ивол – б'иволи : б'иволат – б'иволите.

Така во говорот на ова село се формирале кај именките од машки род на согласка два акцентски модела:

а) со морфолошки стабилизиран акцент:
с'ин – с'инови,
б'ивол – б'иволи,

и б) со фонетски фиксиран акцент на пенултима (во неопределените форми):
'образ : обр'ази,
п'азар : паз'ари.

Иста е акцентската ситуација и кај придавките, сп.

а) *'убаф – 'убава – 'убаво – 'убави,*
т'аткоф – т'аткова – т'аткови,
б'абин – б'абина – б'абино – б'абини,
б) *гол'ем – гол'ема – гол'еми > г'олем : гол'ема – гол'еми,*
вис'ок – вис'ока – вис'оки > в'исок : вис'ока – вис'оки.

Во говорот на Булачани и другите скопскоцрногорски села по аналогија акцентот се повлекол на пенултима и кај старите баритони и кај оваа група именки (на консонант) се формирал единствен акцентски модел – со фиксиран акцент на пенултима, сп.:

с'ин – (два с'ина – с'инови >) : син'ови,

д'евер – (д'евери >) : дев'ери,
к'амењ – (к'амење >) : кам'ење,
п'р̥стењ – (п'р̥стењи >) : пр̥ст'ењи,
ј'авор – (ј'авори >) : јав'ори,
з'ет – (з'етовци >) : зет'овци,

и кај придавките:

в'унен – (в'унена >) : вун'ена – вун'ени,
з'ајчин – (з'ајчино >) : зајч'ино,
г'ускин – (г'ускини >) : гуск'ини,
л'аком – (л'акома >) : лак'ома,

како во:

ј'език (< *јез'ик*) : *јез'ици,*
дом'аќин (< *домаќ'ин*) : *домаќ'ини,*
гов'едар (< *говед'ар*) : *говед'ари,*
в'исок (< *вис'ок*) : *вис'ока – вис'оки,* и др.

По сите споменати промени во говорот на Булачани се оформил нов акцентски систем во кој:

на фонетски план – акцентот паѓа на вториот и на третиот слог од крајот (имајќи ги предвид членските форми кај именската флексија и некои форми – презент, имперфект, императив – во глаголската флексија) со мал број исклучоци;

и на морфолошки план – се оформиле два акцентски модела:

а) со морфолошки фиксиран акцент (кај еден број зборoформи), сп.:

гл'едам – гл'едаш – гл'еда – гл'едаме – гл'едате – гл'едаат,
гл'едав – гл'едаше – гл'едавмо – гл'едавте,
гл'едај – гл'едајте,

и б) со фиксиран акцент на пенултима и/или антепенултима:

р'ибар – риб'ари // р'ибарот / -ов / -он – риб'арите /-ве,
ст'ол – стол'ови // стол'овите,
п'иле – пил'иња // п'илето – пил'ињата,
з'елен – зел'ени – зел'ена // з'елениот – зел'ената,
в'икал – вик'ала – вик'але,
д'ојден – дојд'ена – дојд'ени // дојд'ените,
из'едов – из'еде – изед'овмо – изед'овте.

Во говорот на Сириниќска Жупа на српската територија, а според податоците на С.Реметиќ (Реметић, 1996) и во призренскиот говор, бидејќи нема членска категорија, се оформил фиксиран акцент само на пенултима:

с'ин – с'ина – с'ину – два с'ина – син'ови – син'ове – син'овам,
г'олуб – гол'уба – гол'уби – сăс гол'убе – гол'убам,
г'олем – голем'ога – гол'еми,
њ'егов – његов'ога – његов'ому – њег'ови,
'имаш – им'амо – им'ате – 'имав,
куп'ује – купуј'емо,
купов'аја – купов'ала, и сл.

Во врска со оформувањето на односниов акцентски систем уште побогат материјал ни нудат југозападните македонски говори на правецот Воден – Кајлар – Костур.

Преносот на акцентот од затворената ултима може да се следи уште од воденското говорно подрачје, особено од областа Меглен. Во централното мегленско село Саботско, каде што е акцентот во основа слободен – парадигматски, наоѓаме и по некој пример кај двосложните зборови со пренесен акцент на пенултима, сп.

б'одиш : *буд'ежи,*
м'озук : *муз'оци,*
г̄'ӑрт̄л’ан – г̄ӑрт̄л’'ани,

но: *г̄'авран – г̄'авра̣јне, б'иво̣л – б'иво̣јле,* или *из'ик – из'ици, думаќ'ин – думаќ'ини* итн.

Во западните мегленски села на правецот Пожарско – Тресино – Сараќиново бројот на примерите со пренесен акцент е значително зголемен и веќе е формиран моделот со стабилизиран акцент на пенултима, сп.

бр'ек – бриг̄'ови (*бриг̄'овит̄е*),
з'ала̣к – за̣л'аци (*за̣л'ацит̄е*),
'облак – убл'аци (*убл'ацит̄е*),
п̄'аја̣к – п̄а̣ј'аѕи (*п̄а̣ј'аѕит̄е*),
р'учук – руч'оци (*руч'оцит̄е*),
п̄р'азник – п̄разн'ици (*п̄разн'ицит̄е*),
ј'асин – ја̣с'ејне,
'елин – ил'ејне,
п̄'овуј – п̄ув'ои (*п̄ув'ој*),
т̄'ат̄ко – т̄а̣т̄к'офци,

но и: *куж'ух, п̄ирд'ух, ур'ех, дӑлб'ок, ичим'ен, буг̄'ат̄, вис'ок* и др.

Во кајларскиот говор имаме уште појасна ситуација како се формирал овој модел. Двосложните именки од м.р. во неопределените форми имаат веќе наполно оформен стабилизиран акцент на пенултима, сп.

'офча̣р – уфч'ари, т̄'ова̣р – т̄ув'ари, 'обла̣к – убл'аци,
с'ира̣к – сир'аци, м'озук – муз'оци, г̄'абер – г̄а̣б'ери,
сф'екур – свик'ори, б'ивул – бив'оли, 'ореф – ур'еи (*ур'еј*),

редовно и кај еднosложните:

бр'ек – бриг̄'ои (*бриг̄'ој*),
в'ол – вул'ои,
с'ин – син'ои,

и кај глаголите во минатите определени времиња:

р'еку – рек'оме – рек'от̄е,

во аористната *л*-форма:

в'икна̣л – викн'ала, с'обра̣л – субр'ала

(но: *вик'ал – вик'ала, нус'ел*).

Повеќесложните именки на консонант, со мали исклучоци, го задржале акцентот на ултима, сп. *вудинч'ар – вудинч'ари, вулув'ар, ма̣слин'ик, имбур'ен – имбур'ени, кулуж'ек, лист̄уп̄ ат̄,* некои лични имиња од типот *Ва̣с'ил’, Ст̄уј'ан, Анд'он,* и придавките: *г̄ул'ем, буг̄'ат̄, диб'ел, ликув'ит̄, вис'ок, зил'ен, г̄ӑмб'аф, лӑжл'иф* и др.

Во леринскиот говор бројот на примерите со стабилизиран акцент на пенултима се шири и на двосложните придавки. Еве примери од с. Зеленич, кое се наоѓа северозападно од Кајлар во правецот на Костур:

'език – ез'ици,
б'убрек – бубр'еци,

придавки:

г'олем – гол'еми,
д'ебел – деб'ели,
л'аком – лак'оми,

но и: *левич'ар, качам'ак, заграб'еј, покос'еј, аргов'ан, вăрбал'ăк, купов'ач, водоп'ат, водовр'ик, – болнич'аф, зборл'иф, работл'иф, сипанич'аф.*

Кај именките со стариот акцент на третиот и на четвртиот слог, во овој говор тој е повлечен на пенултима, освен неколку исклучоци, сп.:

- *бăрдав'ица, пл'ускав'ица, сипан'ица, кашл'ица,*
  ист'ина, паз'ува, вервер'ица, пијав'ица, вăнд'ица,
  кукув'ица, крастав'ица, бур'ина, прав'ина, пешт'ера,
- *бăлг'арин, ман'астир, клад'енец,*
- *ез'еро, јаб'ăлко, вар'иво, печ'иво,*

но и: *'офтика, м'ăштеа, 'ужина, 'олово.*

Во јужните костурски села во областите Костенарија и Нестрамско бројот на примерите со окситонен акцент е значителен и тоа, главно, кај трисложните именки од м.р. на консонант, сп. (*-ар*) *волов'ар, говенд'ар, лопат'ар, улиич'ар,* жителските имиња од типот *долен'ар, жужолч'ар, нестрам'ар,* (*-ач*) *купов'ач, покрив'ач,* (*-ник*) *герчман'ик, масолн'ик, солен'ик,* потоа: *един'ак, бибер'ок, мачор'ок,* кај придавките дури и кај некои двосложни, сп. *зеленк'аф, кашлич'аф, каменл'иф, варов'ит, зборов'ит,* или: (*-аф*) *краст'аф, глиб'аф* , (*-иф, -лиф*) *зборл'иф, ленл'иф; вис'ок, диб'ел, бог'ат, пог'ан* (Нестрам, Езерец, Слимница).

Бројот се зголемува и со турските заемки, сп. *басам'ак, баџан'ак, измиќ'ар, мил'ет, капр'ан, сург'ун,* со суф. *-лăк*: *пијал'ăк, бафчал'ăк; дем'ек;* дури и на отворена ултима: *бил''а, касаб'а, душем'е, џад'е* (Нестрам).

Забелешка: Костурско-леринскиот акцентски тип наполно бил оформен уште во XVI век. Во речничкиот прилог од с. Богатско (Костурско), издаден од Ѓанели и Вајан (Gianelli – Vaillant, 1958), наоѓаме вакви примери: *р'азбој, 'елен, ж'ена* (пренесен од ултима), *клад'енец, сјач'иво, матор'ица, сир'ени* (пренесен од антепенултима), *з'атвори вр'атата, 'остави* (на префикс во зап. начин), *гр'ебен – греб'ени, р'акав – рак'ави, к'ум – кум'ови, з'ачул – зач'уле* (фиксиран на вториот слог), но и *братуч'ед* (задржан на ултима).

2.1. На еден релативно тесен појас на пограничјето меѓу западното наречје (со фиксиран акцент на антепенултима), и леринско-костурските говори можеме да посматраме уште два вида иновации, кои можат да се објаснат како резултат на меѓудијалектниот контакт.

Во говорот на с. Опцирина и неколку јужни битолски села акцентот е строго ограничен на вториот и на третиот слог, вклучувајќи ги тука и членските морфеми. Двосложните зборови во множинските и во членските форми имаат фиксиран акцент на пенултима, сп.:

м'есец – мес'еци,

с'ирак – сир'аци,
бр'ачет – брач'еди,

и во членуваните:

т'емјан – темј'ано,
з'ора – зор'ата,
к'ози – коз'ите,
д'еца – дец'ата,
тр'ојца – тројц'ата,

сп. и:

'има – им'аше,
н'осен – нос'ено.

Во зборовите со старото акцентско место на третиот и/или четвртиот слог во основната форма се јавува секундарен акцент на пенултима, така што и на овој терен во такви случаи зборoформата се дели на две ритмички целинки, сп.:

б'орина – б'орин'ата,
м'ашчеа – м'ашче'ата,
м'ашина – м'ашин'ата,
п'адина – п'адин'ата,
к'опиле – к'опил'ето – к'опил'иња – к'опилињ'ата,
м'есеч'ина – м'есечин'ата.

Примерите од типот: *б'удала – б'удал'ата* (< *будал'а*), *н'евеста – н'евест'ата* (< *нев'еста*), *в'оден'ица – в'одениц'ата* (< *воден'ица*) покажуваат дека прво акцентот се поместил на почетниот слог па после се јавил вториот акцент (*нев'еста – нев'естата > н'евеста – нев'естата > н'евест'ата*). Сп. од ова село уште примери: *приј'ател' – пријат'ели – приј'ател'ите, н'ајголем'ио, с-'испоб'оли, з'анес'оа,* и во синтагматски групи: *н'е-дојд'оа, н'е-мож'еше, н'а-браќ'а-му, в'о-рак'ата.*

2.2. Во говорот на с. Нивица, кое се наоѓа на јужниот брег на големото Преспанско Езеро, на самото пограничје со горнопреспанскиот говор, каде што е акцентот фиксиран на третиот слог, сите зборoформи имаат иницијален акцент, а во зборoформите со три и повеќе слогови покрај иницијалниот се јавува втор акцент секогаш на пенултима, кој е посилен, а вокалот се удолжува, сп.:

п'р̥с – п'р̥сти : п'р̥ст'и:те,
д'евер – д'ев'е:ри – д'евер'и:те,
г'од'и:на – г'один'а:та,
ј'арӑмб'и:ца – ј'арӑмбиц'а:та,
н'аракв'и:ца – н'араквиц'а:та,
кр'аст'а:јца – кр'астајц'а:та,
т'енц'е:ре – т'енцер'и:на – т'енцерин'а:та,

и во синтагматски групи:

н'а-р'е:ка – н'а-рек'а:та,
пр'ед-вр'а:та – пр'ед-врат'а:та, и др.

3. Акцентски систем со фиксиран акцент.

Под фиксиран акцент подразбираме акцент кој паѓа на еден одреден слог во фонетскиот збор (зборoформа).

На македонскиот јазичен ареал наоѓаме три акцентски типа со фиксиран акцент:

а) акцентски тип со фиксиран акцент на пенултима,

б) акцентски тип со акцент фиксиран на антепенултима (на третиот слог од крајот), и

в) акцентски тип со иницијален акцент.

3.1. Акцентски тип со фиксиран акцент на пенултима – ограничен е на корчанскиот говор, кој го сочинуваат градскиот говор на Корча и селата Бобоштица и Дреновени. На јужнословенскиот терен таков акцентски тип е констатиран на српската територија во Призрен и во областа Сириниќ, за која веќе нешто спомнавме погоре. Правилото за акцентот во овие говори гласи: акцентот редовно паѓа на претпоследниот слог без оглед на карактерот на морфемата, сп.:

н'ош – н'ожо – нож'ови – ножов'ите,
ст'арец – стар'ецо – старцат'ого – старцут'ому – ст'арци – старц'итим,
ж'ена – жен'ата – жен'ʲäте – жен'ʲäтуј,
ленд'ина – лендин'ата,
п'оле – полен'ишча – поленишч'ата,
в'исок – вис'окјо – вис'ока – висок'ата,
'имам – им'аме – им'аше,

и во синтагматски состави:

н'ош – н'а-нош,
м'ајка – мајк'а-ми,
куртулис'ај-ме,
варн'и-се, варнит'е-се.

Корчанскиот акцент претставува завршна фаза во развојот на костурско-леринскиот акцентски систем.

3.2. Акцентскиот тип со фиксиран акцент на антепенултимата – карактеристичен е за западното македонско наречје. Неговата источна и јужна граница веќе беше означена. Овој модел на северозапад ја надминува јазичната граница меѓу западномакедонското наречје и српските дијалекти од призренски тип, опфаќајќи ги говорите во областите Гора и Сретечка Жупа на северните и северозападните падини на Шар Планина. Сп. примери:

н'ош – н'ожо(в)и – нож'о(в)ите,
л'един – лед'ината – лед'иниве,
јар'ебица – јареб'ицата – и редовно така во зборoформите со три и повеќе слогови.

Но ќе укажеме сега на еден друг проблем, кој во граматиката на стандардниот јазик се покрива со терминот "исклучоци од третосложното акцентирање". Не мислиме на туѓите зборови, на интернационалната лексика, која е доста застапена во стандардниот јазик и не подлежи на споменатото акцентско правило (барем еден голем дел од неа).

Станува збор за случаи од типот:

а) *топ'ана,*
ш'ами – шам'и:те (шам'иите),

б) *л'еп – л'ебој – леб'ојте (< лебовите),*

пол'ојна – пол'ојната (*пол'овина*),
вод'ејнца (< *вод'еница*),
вик'ајќи, од'ејќи,

в) *м'аштја – маштј'ата* (*машт'еата*),
почј'ало (*поч'иало* < *поч'ивало*),
р'аќја – раќј'ата (*р'акиа – рак'иата*),
П'етрјо – Петрј'ото (*Петр'еото* < *Петревото*) и др. (во струшкиот говор). Во овие и други случаи од сличен тип се работи за два вида фонетски појави:

– контракција на два вокала (*топаана*),

– слевање на два вокала во дифтоншка секвенца (*а, о, е, у + и > ај, ој, еј, уј; еа, ео > јо; и + а, о, е > ја, јо; оа, ое > ва, ве,* и др.).

Во такви случаи бројот на морите во дифтоншките секвенци и/или во удолжениот вокал се задржал, така што акцентот и понатаму останува на третата мора (а може да биде вториот слог!)

Во некои говори должините потоа се скратиле и акцентот се поместил да се закрепи на третата мора, сп. во тетовскиот говор: *п'олојна, л'убејнца,* или *л'убенца, 'одејќи, н'апрајле* и др.

3.3. На еден тесен појас околу Малото Преспанско Езеро на правецот на селата Граждано – Рулја – Ошчима – Желево има иницијален акцент, сп. *м'озок – м'озоци – м'озоците, 'обрас – 'образо – 'образи – 'образите, л'ендина – л'ендината, ј'арамбицата, кр'астајца – кр'астајцата* (Граждано), *бр'егови – бр'еговите, в'алевица, 'истругае* (Рулја), *т'енцере – т'енцерина, 'избрико –'избрикоме* (Ошчима), и во предлошки синтагми: *п'о-улица* (Желево). Меѓутоа, не се непознати и примери со два акцента (вториот на пенултима): *сф'ăршен'ица, ч'ешлин'ата* (Желево), *ждр'игов'ина* (Граждано).

1993

Акцентските системи во македонскиот дијалектен јазик



1.13. ИМА ЛИ КВАНТИТЕТ ВО МАКЕДОНСКИОТ ДИЈАЛЕКТЕН ЈАЗИК?

Овој проблем во македонистичките лингвистички студии бил поставуван повеќе пати. Поопширно на него се задржува Влоѓимјеж Пјанка во статијата под наслов "Квантитетот како фонолошки фактор во македонскиот јазик" (Пјанка, 1960-61 : 203-211). Проблемот Пјанка го анализира на поширок дијалектен материјал и врз материјал од стандардниот јазик и заклучува дека во македонскиот јазик има фонолошки должини. Но на крајот на статијата дава белешка во која допушта можност и за поинаков третман на приведениот од него материјал.

Во македонските дијалекти долги вокали се добивале на повеќе начини.

1. Должини со контракција на секвенци од два исти вокали:
/ии/ > [*и:*]: *змија* : *змии* > *зми:*
змииче > *зм'и:че,*
чии > *чи:* / *н'ечи:* / *н'ичи:*
кутија : *кутии* > *кути:,*
кутииче > *кут'и:че,*
/ее/ > [*е:*]: *невеста* > *неестa* > *н'е:ста*
преѓеска > *пр'ееска* > *пр'е:ска,*
педесет > *пеесет* > *п'е:сет,*
деведесет > *девеесет* > *дев'е:сет,*
/аа/ > [*а:*]: *снаха* > *снаа* > *сн'а:,*
глава > *глаа* > *гл'а:,*
п'остава > *п'остаа* > *п'оста:* // *пост'а:та,*
'одаја > *'одаа* > *'ода:* // *од'а:та,*
пајак > *п'аак* > *па:к* // *п'а:ко(т),*
'имаат > *им'а:т* (3 л. мн. през.),
'имаа > *им'а:* (3 л. мн. импф.),
'оваа > *ов'а:,*
таја > *таа* > *та:,*
топ'аана > *топ'а:на,*
/оо/ > [*о:*]: *прог'овори* > *прог'оори* > *прог'о:ри,*
н'егово > *н'егоо* > *н'его:* // *нег'о:то,*
јас'еново > *јас'еноо* > *јас'ено:* // *јасен'о:то,*
лето-ово > *лет'о:во.*

Забелешки:

а) Во сите случаи дошло до контракција на два исти вокала по испаѓањето на консонанти во интервокална позиција, што е честа појава во западните и југозападните македонски говори (*ј, х, в, д, ѓ* и др.).

б) Контракцијата се врши во следните слогови, најчесто на зглобот со флексивна морфема.

в) На зглобовите на лексичките морфеми по правило контракција не се врши, сп.:

/ии/: *пр'иима,*
/ее/: *пр'еече* (*пресече*), *пре'есапи, с'еедно, црно'око,*
/аа/: *з'аака, н'аака,*
/оо/: *п'ооди, п'оостро.*

г) Можеме да приведеме дури и парови со краток и долг вокал, сп.

/а/ – */а:/*: *пак* – *па:к* (*пајак*),
та – *та:* (*таа*),
ова – *ова:,*
в'ика (1 л. едн. през.) – *в'ика:* (3 л. мн. импф.)
в'икат (3 л. едн.) – *в'ика:т* (3 л. мн.),
сат (*сад*) – *са:т,*
м'ала (адј.) – *м'а:ла* (*махала*),
/о/ – */о/*: *н'его* (ак. *тој*) – *н'его:* (*негово*),
т'атко – *т'атко:* (*татково*) // *ср'ико, в'ујко,*
м'ажо (член.) - *м'ажо:* (*мажово*),
/е/ – */е:/*: *сме* (мн. од *сум*) – *сме:* (*смее*),
се // *сѐ* – *се:* (*сее*).

ЗАКЛУЧОК: Врз основа само на овие примери произлегува заклучок дека на овој начин добиените */и:/*, */е:/*, */о:/*, */а:/* се посебни фонеми, респ. должината е фонолошка. Тука Пјанка има право.

Но:

а) контракцијата на два исти вокала не е автоматска, сп. *з'аака, пр'иима, пр'еече, пр'ооди.*

б) Таа се врши во одредени морфолошки позиции.

в) Каде се наоѓа границата на слогот: дали таа поминува низ долгата самогласка или не? "Ако морфемската граница поминува низ долгата самогласка – според Стојко Стојков – таа претставува состав од две кратки самогласки" (Стойков, 1961 : 80), значи не е вистински долга самогласка. Во нашиве примери границата поминува баш низ долгата самогласка: сп. *'о-ва-а, 'и-ма-ат* (не : *'и-ма:т*), *см'е-е* : *сме, м'а-жо-о* : *м'а-жо,* итн.).

г) И местото на акцентот може да биде еден од показателите за карактерот на должината, сп. *топ'а:на, н'его:* и *неѓ'о:то, проѓ'о:ри,* а според правилото за третосложното акцентирање во западните говори, респ. и во стандардниот јазик, би очекувале изговор: *т'опа:на, н'его:то, пр'ого:ри*!

2. Во бројни македонски говори на контракцијата ѝ претходела асимилација на вокални секвенци, прогресивна или регресивна, сп.:

/ае/ > /ее/ > [е:]: *в'икает* (3 л. мн. през.) > *в'икеет* > *в'ике:т* (Дебарско, Струшко, Охридско),

/ое/ > /ее/ > [е:]: *ч'овек* > *чоек* > *ч'еек* > *че:к* (Преспа),

/еа/ > /ее/ > [е:]: *см'еа* > *см'ее* > *сме:*,

или:

/ое/ > /оо/ > /о:/: *ч'оек* > *ч'оок* > *чо:к* (Преспа), *т'овар* > *т'оар* > *тоор* > *то:р*, *то:ро(т)* / *т'о:рите*, *с'оха* > *с'оа* > *соо* > *со:*, *'основа* > *'осноа* > *'осноо* > *'осно:* / *осн'о:та*, *ков'ачница* > *ко'ачница* > *к'оочница* > *к'о:чница* / *ко:чн'ицата*;

/ао/ > /оо/ > [о:]: *'убаво* > *'убао* > *'убоо* > *'убо:* / *уб'о:то*,

/уо/ > /оо/ > [о:]: *Суводол* > *Суодол* > *С'о:дол*,

/ау/ > /ао/ > /оо/ > [о:]: *Наум* / *Наумче* > *Н'аом* > *Н'оом* > *Но:м* / *Н'о:мче*,

/ео/ > /оо/ > [о:]: *н'евол'а* > *н'еол'а* > *н'оол'а* > *н'о:л'а* / *н'о:л'ата*;

така настанале и збороформите: *годин'а:ва, зим'а:ва, лет'о:во, есен'а:ва* (< *година-ова* > *годин'аава* > *годин'а:ва*), кои во стандардниот јазик се третираат како исклучоци од третосложното акцентирање, заедно со *топ'ана* и др.

И асимилацијата на вокалите не се врши на зглобовите меѓу лексички морфеми, сп. *се н'аежи, пр'еака, п'оарчи, п'оарно, п'аун.*

Сп. и примери со минимални парови: *чек* – *ч'е:к*, *смеа* > *сме:* – *сме* (од *сум*), *со* (предлог) – *со:* (*соа*).

По однос на границата на слоговите и местото на акцентот важат споменатите правила.

3. Во еден дел од долновардарските говори, особено во кукушкиот, дојранскиот и гевгелискиот, на асимилација и контракција подлежат скоро по правило вокалните секвенци во финална позиција, поретко и во средни слогови, сп.:

/ае/ > /аа/ > [а:]: *бае* > *ба:*, *зн'ае* > *зна:*,

/ие/ > /ии/ > [и:]: *в'ие* > *ви:*, *н'ие* > *ни:*,

/иа/ > /ии/ > [и:]: *Илија* > *Илиа* > *Или:*,

/еа/ > /ее/ > [е:]: *н'еа* > *не:*, *п'еат* > *пе:т*, *п'еам* > *пе:м*, *л'еа* > *ле:*,

/оа/ > [о:]: *'одат* > *'оат* > *о:т*, *бр'оам* > *бро:м*, *с'оа* > *со:*, *в'одата* > *в'оата* > *в'о:та*;

/ое/ > [о:]: *м'ое* > *мо:*, *ст'ое* > *сто:*,

/уа/ > [у:]: *м'уа* > *му:*,

/уе/ > [у:]: *д'уе* > *ду:*, *уб'у:* (*уб'уе* < *об'уе*), *л'у:то* (*л'угето*).

3.1. Во говорот на неколку дојрански села (Фурка, Николиќ) според Пеев (Пеев, 1979) асимилацијата се врши според втората компонента во секвенците, сп.:

/ео/ > [о:]: *н'его* > *нео* > *н'оо* > *но:*,

/еа/ > /аа/ > [а:]: > *н'еа* > *на:*,

/иа/ > [а:]: *н'осеа* > *н'оса:*.

3.1.1. Во секвенци со /и/ како втора компонента во истиот говор се образуваат надолни дифтонзи, бидејќи /и/ се десилабизира во /i̯/, сп.

/аи/ > [аi̯]: *к'асаи* > *к'асаi̯*, *р'атаи* > *ратаi̯*, *'обичај* > *обичаи* > *обичаi̯*, *л'ишај* > *л'ишаи* > *л'ишаi̯*;

/ои/ > [о:i̯]: *мои* > *мо:i̯*, *н'екој* – *н'екои* > *неко:i̯*.

4. Покрај должините добиени со контракција во бројни македонски говори се среќаваат и т.н. *компензациски должини.*

4.1. Еден вид такви должини можеме да следиме кај дифтоншките секвенци што настанале со десилабизација на еден член од вокалните секвенци. Такви дифтоншки секвенци (дифтонгоиди) особено се чести во западните и југозападните македонски говори, каде што често се губат консонанти во интервокална позиција. Најбројни се оние секвенци во чиј состав се наоѓа преден вокал. Сп.:

/eu/ > [*е:i̯*]: *стр'еи* > *стр'е:i̯, сл'авеи* > *сл'аве:i̯,*

/au/ > [*а:i̯*]: *снаи* > *сна:i̯, прави* > *праи* > *пр'а:i̯, пр'авите* > *пр'аите* > *пр'а:i̯те, напр'а:i̯те* (: *н'апрајте*), *кук'авица* > *кук'аица* > *кук'а:i̯ца* (: *кук'ајцата* < *кука'ицата*), *краст'а:i̯ца,*

/ou/ > [*о:i̯*]: *л'ебови* > *л'ебои* > *л'ебо:i̯* / *леб'о:i̯те, пол'овина* > *пол'оина* > *пол'о:i̯на* / *пол'о:i̯ната, кисл'о:i̯на,*

/уи/ > [*у:i̯*]: *му(х, в)а,* мн. *муи* > *му:i̯, буржуј - б'уржу:i̯* (: *буржу:i̯те*);

Во говорот на с. Чеган (Леринско) во оваа позиција и секвенцата */ии/* > [*и:i̯*], сп. *зм'ии* > *зм'и:i̯, с'удии* > *с'уди:i̯.*

На зглобот со префикси и во овие случаи */и/* не подлежи на промена, сп. *не'испиен, н'аиде* (: *н'ајде*), *з'аиде* (: *з'ајде*), *п'оита,* и др.

Во тиквешките и долновардарските говори:

[*е:i̯*]: *ж'е:i̯нте* (< *ж'еинте* < *ж'ените*),

[*а:i̯*]: *бр'а:i̯те* (*брадите*), *мл'а:i̯те* (*младите*),

[*о:i̯*]: *к'о:i̯сте* / *к'о:i̯зте* (*козите*),

[*у:i̯*]: *др'у:i̯сте* / *др'у:i̯зте* (*др'уизте* < *друзите*),

['*ă:i̯*]: *м'ă:i̯ште* (*м'ăижте* < *м'ăжите*),

[*и:i̯*]: *в'и:i̯ш* (< *в'ииш* < *в'идиш*) (сите примери се од селото Чеган);

од тиквешкиот говор:

[*а:i̯*]: *м'а:i̯ште* (*м'ажите*),

[*о:i̯*]: *к'о:i̯ште* (*к'ожите*),

[*е:i̯*]: *л'е:i̯ште* (*л'ежите*),

[*а:i̯*]: *м'а:i̯сте* (*м'азите*).

Поограничен е бројот на примерите во кои */е/* се десилабизирало во [*i̯*], сп.:

/ае/ > [*а:i̯*]: *кл'а:i̯нц* (*кл'аденец*),

/ое/ > [*о:i̯*]: *г'о:i̯до, г'о:i̯дар* (*г'оведо, г'оведар*),

/ее/ > [*е:i̯*]: *П'атевец* > *П'атеец* > *П'ате:i̯ц.*

На струшкото говорно подрачје има и нагорни дифтонзи, бидејќи на десилабизација подлежи првиот член од вокалните секвенци, сп.:

/ие/ > [*i̯е:*]: *с'ошие* > *с'ошi̯е:,*

/иа/ > [*i̯а:*]: *р'акиа* > *р'акi̯а:* (> *р'аќа*), чл. *раќi̯'а:та, ш'амиа* > *ш'амi̯а:, шамi̯'а:та, Макед'онi̯а:, Ит'алi̯а:,*

/ио/ > [*i̯о:*]: *б'елi̯о:т* (*б'елиот*), *зел'енi̯о:т;*

/еа/ > [*i̯а:*]: *б'еа* > *бi̯а:, с'едеа* > *с'едi̯а:,*

/ео/ > [*i̯о:*]: *ч'ерево* > *ч'ереo* > *ч'ерi̯о:.*

Во сите приведени случаи, и во бројни други примери со вакви вокални секвенци во споменатите говори, се работи за компензациска должина од *фонетски* карактер. Дека дифтоншките секвенци се двоморни (со две мори), покажува местото на акцентот во случаите како: *вод'е:i̯нца, пол'о:i̯на, ост'а:i̯ле* (*оста-*

виле), Макед'оні̯а:, како и формите на глаголскиот прилог како во стандардниот, така и во дијалектниот јазик, сп. *вик'а:і̯ќи, од'е:і̯ќи,* покрај дијалектните *вик'аеќи, нос'ееќи,* одн. *вик'аешти / вик'аешчи, нос'еешти / нос'еешчи, нос'еешчем.*

Во долнополошките говори (тетовскиот, вратничкиот) и во говорот на областа Гора (Призренско) овие должини се скратиле поради што и акцентот се пренесол на третиот слог во збороформи со три и повеќе слогови, сп. *к'апаі̯ца, кр'астаі̯ца, п'олоі̯на, 'остаі̯ле, в'икаі̯ќи.*

5. Посебен вид компензациска должина во некои македонски говори се јавува по полното губење на консонанти.

5.1. Во бројни наши источни говори на правецот Крива Паланка – Кратово – Куманово – Штип – Радовиш, како и во тиквешко-мариовските и леринско-костурските говори фонемата /*x*/ по правило се губи во сите позиции. Во иницијална и интервокална позиција загубата на /*x*/ не оставила последици, сп. *рана, леп, сн'аа, с'аат, в'икаа* (< *викаха,* 3 л. мн. импф.), одн. *вик'аа* (3 л. мн. аор.). Во некои локални говори во интервокална позиција по испаѓањето на /*x*/ зевот се пополнува со хијатски глас, сп. *сн'ава, с'ават, в'икава* во кумановскиот и скопскоцрногорскиот, или *в'икаја,* за да се избегне омонимијата со 3 л. мн. презент во системите каде што се загубила наставката *-т,* сп. *в'икаа* (3 л. мн. през.) : *в'икаја* (3 л. мн. импф.) во полошките говори.

Во финална позиција во тие говори по загубата на /*x*/ како компензација се јавува удолжување на претходниот вокал, сп. *гра:* (*грах*), *вр̥:* (*вр̥х*), *ду:* (*дух*), *ни:* (*них*) во леринскиот (Mazon, 1923 : 30), но *гр'ао(т), в'р̥о(т), стр'ао(т), мео(т).*

Ако бараме минимални парови за да ја провериме фонолошката вредност на должината и за оваа позиција, ќе исчепкаме некој пример, сп. *пра:* (*прах*) – *пра* (3 л. едн. аор.), *ме:* (*мех*) – *ме* (заменка), *гре:* (*грех*) – *гре* (3 л. едн. през.). Меѓутоа, во оваа фонетска позиција *должината на вокалите не е еднаква на два кратки вокала,* повеќе можеме да зборуваме за *полудолжина.*

Компензационата должина е нешто поизразена во случаите каде што се загубило /*x*/ во *средината* на збороформите пред консонант, каде што често влегува во состав на флексивните морфеми (сп. *-хме, -хте* во 1 и 2 л. мн. на аор.-импф.).

Нашите источни говори даваат материјал за сите фази од фонетскиот процес при загубата на *x*.

Во говорите во Осоговијата на правецот Крива Паланка – Кратово – Злетово – Кочани во оваа позиција во одделни лексеми се чува едно слабо издишно ^{x}, понекогаш само како аспирација со истовремено удолжен претходниот вокал, сп. *бу:^{x}н'а, б'о:^{x}ча, в'е:^{x}то, изве:^{x}т'ело, изди:^{x}н'ало,* покрај *д'у:ни, ду:н'а, п'р̥:не, пр̥:н'а, п'а:та* во источните кривопаланечки села, *ме:^{x}, ти:^{x}, стра:^{x}, в'е:^{x}то, ти:^{x}н'а, бу:^{x}н'а, н'и:^{x}но* (Кочанско, с. Тркање), *обр'а:^{x}че, оглу:^{x}н'ал, а:^{x}ч'ика,* покрај: *сиром'а:, ме:л'ем* (Лезово). Нешто позападно од споменатата линија *x* се загубило наполно, останала само должината на претходните вокали: *ду:н'а, оглу:н'а, ч'е:ре, в'е:то, ме:л'ем,* кај глаголите во имперфект: *'има:ме, 'има:те,* аорист: *им'а:ме, им'а:те* (Тркање, Лезово). Во западните кривопаланечки и кратовски села и во Овчеполието сѐ до Штип долгите вокали се разбиле на два кратки гласа, бидејќи системот на тие говори не трпи долги вокали, сп. *б'ооча, в'еето,* *меел'ем, дуун'а, п'аата,* импф. *'имаамо – 'имаате, н'осеемо – н'осеете,* (Крива Паланка, Видоески, 1962 : 77), *б'ееме – б'еете, в'икнааме – в'икнаате* (Лезово, Кочанско), *н'осеемо – н'осеете* и *н'осеамо – н'осеате* (спрема глаголите од *а*-основи како наставки се генерализирале *-амо, -ате* : *в'ика-амо, в'ика-ате, н'осе-амо, н'осе-ате*, Немањинци, Овчеполско).

Еве и во овие говори *минимални парови* со долг и краток вокал:

в'ика (3 л. едн. през.) : *в'ика:* (1 л. едн. импф.) : *вик'а:* (1-3 л. едн. аор); *в'икамо* / *в'икате* (1-2 л. мн. през.) : *в'ика:мо* / *в'ика:те* (1-2 л. мн. импф.) : *вик'а:мо* / *вик'а:те* (1-2 л. мн. аор.) (Немањинци),

'имаме / *'имате* (през.) : *'има:ме* / *'има:те* (импф.),

б'ереме / *б'ерете* (през.) : *б'ере:ме* / *б'ере:те* (импф.),

н'осеме / *н'осете* (през) : *н'осе:ме* / *н'осе:те* (импф.) (Штипско).

Слична појава можеме да следиме и во разлошкиот говор. Во говорот на с. Елешница забележани се збороформите: *је:л'а* // *јеел'а, ме:л'ем* // *меел'ем, ј'а:не, ја:н'ија* (*јахнија*), *гл'еда:ме* // *гл'едааме, н'осе:ме, ур'е:ме* (*ораме*), *п'и:ме, изм'и:ме, ч'у:ме* // *ч'ууме* (м. *чухме*).

Во истиот говор вокалите се удолжуваат и во случаите каде што дошло до редукција на групата /*жд*/ во /*жж*/ > /*ж*/, сп. *в'и:жа* (*вижда* > *в'ижжа* > *в'и:жа*), *ме:ж 'а, пр'е:жа, р'а:жа, с'а:жи, д'а:жуве* (*д'аждове*), *гр'а:жан'ин, да:ж'е* (членска форма од *дажд*), *д'о:жа, ч'у:жу;* сп. и: *сă:з'а* (**slьza*). Нешколуваните претставници на овој говор долгите вокали ги предаваат како двојни гласови (*виижа, раажа, доожа, чуужи*).

Врз основа на претходниов материјал произлегува како **ЗАКЛУЧОК**:

ПРВО, во говорите каде што се јавила компензациска должина по загубата на фонемата /*х*/, како во елешничкиот говор во Разлошко, и по упростувањето на секвенцата /*жд* > *жж* > *ж*/, *таа е фонолошка;* долгите вокали се реализираат со единствена артикулација, што значи дека слоговната, респ. морфемската граница не поминува низ нив, сп. *в'ика:ме* (: аор. *вик'а:ме* : през. *в'икаме*).

ВТОРО, долгите вокали не зависат од местото на акцентот: можат да бидат и акцентирани и неакцентирани, сп. *д'у:ни* (*духни*), *н'и:но, вик'а:ме,* и: *в'ика:ме, н'осе:ме, ме:л'ем, је:л'а.*

ТРЕТО, долгите вокали во споредба со кратките во тие говори имаат поограничена дистрибуција: се јавуваат, главно, во 1 и 2 л. мн. на имперфектот и аористот, и во 1 л. едн. на аористот (*вик'а:, рек'о:*), што значи дека се морфолошки условени, и во одделни лексеми во средината секогаш пред консонант (*б'о:ча, бу:н'а, ме:л'ем*) и во финална позиција (*кож'у:, сиром'а:, бу:* (*бух*), *гре:* (*грех*).

Вокалните системи на тие говори се здобиле со нов диференцијален признак – *квантитет,* и со него се зголемил бројот на вокалните единици:

/*и*/ /*и:*/		/*у*/ /*у:*/
/*е*/ /*е:*/	/*ă*/ /*ă:*/	/*о*/ /*о:*/
	/*а*/ /*а:*/	

Во кривопаланечкиот и во дел од кратовско-овчеполското говорно подрачје во неакцентирана позиција долгите вокали пред согласка се разбиле на две кратки единици, сп. *меел'ем, дуун'а, к'опаамо, н'осееме,* но: *коп'а:, коп'а:мо, рек'о: – рек'о:мо, нос'и: – нос'и:мо, кож'у:, сиром'а:.*

6. Во јужните македонски говори на правецот Кајлар – Воден – Солун – Серез многу често во определените форми вокалот пред членската морфема (а тој е секогаш флексивна наставка) се редуцира наполно, значи, се елидира. Оваа појава особено е изразена во кукушко-воденското говорно подрачје, подразбирајќи ги тука и дојранскиот, гевгелискиот, мегленскиот и солунскиот говор. Во такви случаи доаѓа до удолжување на вокалот во претходниот слог, сп.:

- *б'абата > б'абạта > б'а:бта,*
  гл'авạта > гл'а:вта,
- *р'ибạта > р'и:бта,*
  п'илẹто > п'и:л'то,
  мул'инạта > мул'и:нта,
- *с'елọто > с'е:лто, с'елата > с'е:лта,*
  з'елẹто > з'е:л'то,
  ж'енạта > ж'е:нта,
  ж'ените > ж'е:нте // ж'е:јнте,
  б'елите > б'е:л'те,
- *п'олẹто > п'о:л'то,*
  вул'овẹто > вул'о:вто,
  к'озạта > к'о:зта,
  к'озите > к'о:јзте,
- *р'убạта > р'у:бта,*
  'ушето > 'у:што,
  др'уготo > др'у:гто,
- *гă̆л'ă̆бите > гă̆л'ă̆:бте,*
  бă̆лд'ă̆зạта > бă̆лд'ă̆:зта, и др.

Исклучок претставуваат само случаите кога ќе се јават фонетски пречки поради натрупување на повеќе консонанти, на пр.:

м'етлạта > м'етạлта (со метатеза),
м'ă̆глạта > м'ă̆глạта / м'ă̆гạлта,
т'иквạта > т'иквạта,
ј'агуткạта,
р'ă̆ждạта,
ср'ебруто / ср'ебạрто,
'острạта, и др.

Во врска со оваа појава се поставуваат следниве прашања:

ПРВО, дали редуцираниот вокал пред членската морфема автоматски испаѓа откога членската морфема ја презела неговата граматичка функција, и тогаш удолжувањето на претходниот вокал би се објаснило како компензација?

Во истите говори наоѓаме и вакви примери: *к'о:і̯сте* (*козите*), *н'о:і̯сте* (*нозете*), *к'о:і̯ште* (*кожите*), *л'о:і̯сто* (*лозето*), *др'у:і̯сте* (*друзите*), *л'е:і̯ште* (*лежите*), и др. Процесот кај овие примери може да се објасни на следниов начин: *к'озите > к'оизте > к'о:і̯з(с)те;* значи: прво се извршила метатеза на квантитативно редуцираното /*u*/, кое во новата фонетска позиција (зад вокал) се десилабизирало во [*i̯*]. Дека се вршела метатеза во таа позиција покажуваат и примерите од типот: *м'етлạта > м'етạлта, р'ебрạта > р'ебạрта, вл'акнạта > вл'акạнта* и други слични.

Од некои кукушки села К. Пеев (Пеев, 1987 : 50) приведува вакви примери: *з'еел'то* (*зелето*), *с'еемто* (*семето*), *буг'аарто* (*бугарето*), *на к'оạлта* (*на колата*), *н'оогта* и *н'оạгта* (*ногата*), *в'оạта* (*водата*), *пун'уута* (*понудата*).

Во тиквешкиот говор се забележани следните форми: *к'оашта* (*кожата*), *р'уашта* (*ружата*), *бл'уаста* (*блузата*), *с'ӑаста* (*сӑзата*), *н'иаста* (*низата*), потоа: *н'и:i̯сте* (*низите*), *к'о:i̯сте* (*козите*), *с'ӑ:i̯сте* (*сӑзите*), *д'ӑ:i̯сте* (*дӑзите*) (Филиповски, 1952 : 10).

Во моите записи од говорот на селото Чеган (Воденско) : *к'отạлте* (*котлите*), *вл'акạнто* (*влакното*), но: *бр'а:i̯те* (*брадите*), *ж'е:i̯нте* (*жените*), *м'ӑ:i̯ште* (*мӑжите*).

Сите овие случаи ја потврдуваат тезата на Д. Иванов (1932) дека прво се извршила метатеза на вокалот пред членот, кој во неакцентирана позиција веќе бил редуциран, а потоа се извршила асимилација спрема претходниот вокал кој бил во фонетски јака позиција; на пример , процесот се одвивал на следниот начин: *мр'авата > мр'авạта > мр'аạвта > мр'а:вта; к'ожата > к'ожạта > к'оạжта > к'оожта > к'о:шта.* Тоа значи дека должината настанала во *резултат на контракција* на две самогласки! Се разбира, не се исклучуваат и аналогни образувања [На пример, *р'ибите > р'иибте > р'и:бте,* според неа после и *р'и:бта* (*рибата*)!].

ВТОРО, може да биде дискутабилен и карактерот на долгите вокали – во која мера се тие долги (дали долгиот вокал претставува два кратки вокала?).

Димитар Мирчев (Мирчевъ, 1901) во неговиот опис на кукушко-воденскиот говор искажа мислење дека односниве должини претставуваат остаток од стариот квантитет. Оваа теза беше отфрлена од другите испитувачи на долновардарските говори. Според Димитар Иванов тие се нови должини (Ивановъ, 1932 : 60). Георги Христов удолжувањето на вокалите го смета како компензација за загубените гласови (Христовъ, 1936 : 107). Според Стојан Романски на овој начин добиените долги вокали немаат вредност на два кратки (удолженото *о* не е еднакво на *оо,* туку е малку продолжено), тоа би значело дека тој чувствувал полудолги вокали какви што се во разгледуваниве говори сите акцентирани вокали. Тој смета дека редукцијата не е причина за продолжениот изговор на вокалите (Романски, 1932 : 39).

1993

2. МОРФОЛОГИЈА

2.1. ФОРМИТЕ НА ЗАМЕНКИТЕ
(историја и географија)

ЗАМЕНКИ

1. Лични заменки

1.0. Во македонските дијалекти наоѓаме неколку деклинациски типови на личните заменки.

1.1. На поголемо подрачје во Северна и Западна Македонија имаме систем од три заменски форми во еднината и во множината: номинативна (Н), дативна (Д) и општа (О) форма.

Н. *јас* (*јаска, ја*)	Н. *ни*(*ј*)*е* (*мије*)
Д. *мене ми*	Д. *нам ни*
О. *мене ме* (*ма*)	О. *нас не* (*ни*)
Н. *т̄и*	Н. *ви*(*ј*)*е*
Д. *т̄ебе т̄и*	Д. *вам ви*
О. *т̄ебе т̄е* (*т̄а*)	О. *вас ве* (*ви*)
Н. *т̄ој* (*он*)	Н. *т̄и*(*ј*)*е* (*т̄ија, они*)
Д. *нему му*	Д. *ним* (*ними*) *им* (*му*)
О. *нег̄о г̄о* (*њег̄а г̄а*)	О. *нив* (*ниф, њи*) *г̄и* (*и*)
Н. *т̄аа* (*т̄аја, она*)	
Д. *нејзе* (*незе, нејзи, нези*) *и* (*је*)	
О. *не*(*ј*)*а ја* (*а, је*) (*њума г̄у*)	

Овој деклинациски тип е карактеристичен за скопските, велешкиот, прилепскиот и бобоштенскиот говор (Mazon, 1936 : 65).

1.2. Три форми познаваат и другите западни говори, но таму има тенденција да се изедначат дативната и општата полна форма и во еднината и во множината. Тоа изедначување некаде е постигнато наполно кај заменките од сите три лица, а негде делумно – само кај заменките за 1 и 2 лице, во некои говори и кај заменките за 3 лице, но само во множината. По таков начин се добиени следниве системи.

Н. *јас* (*јаска, ја*)	Н. *ни*(*ј*)*е* (*мије*)
Д. *мене ми*	Д. *нас ни* // *нам ни*
О. *мене ме* (*ма*)	О. *нас не* // *нам не*

Н. *т̄и*	Н. *ви(ј)е*
Д. *т̄ебе т̄и*	Д. *вас ви // вам ви*
О. *т̄ебе т̄е* (*т̄а*)	О. *вас ве // вам ве*

Н. *т̄ој* (*он*)	Н. *т̄и(ј)е* (*т̄ија, они*)
Д. *нему му*	Д. *ним* (*ними*) *им // ниф им*
О. *нег̄о г̄о*	О. *ним* (*ними*) *и* (*г̄и*) *// ниф и* (*г̄и*)

Н. *т̄аа* (*т̄аја, она*)
Д. *нејзе* (*незе, нејзи, нези*) *и* (*је*)
О. *не(ј)а ја* (*а, је*) *// нејзе* (*незе*) *ја* (*а, је*)

Овој тип превладува во Скопска Црна Гора, Долни и Горни Полог, Порече, Кичевско и во охридско-преспанското подрачје (ДО *нас ни*, *нас не; вас ви*, *вас ве*), потоа во Дебарско, Струшко и во дел од преспанските и костурските говори (ДО *нам ни*, *нам не; вам ви*, *вам ве; ними им / му*, *ними и*).

1.3. Во источните дијалекти, источно од линијата Куманово – Свети Николе – Неготино – Лерин – Бобоштица, има деклинациски тип од две форми: номинативната и општата. Дативниот однос се искажува со општата и предлогот *на*. Сп.:

Н. *јас* (*јаска, јазе, јазека*)	Н. *ни(ј)е* (*нија, ниа*)
О. *мене* (*менека*) *ме* (*ма*)	О. *нас* (*наска, назе, назека*) *не* (*на*)
Д. *на мене ми*	Д. *на нас ни*

Н. *т̄и* (*т̄ис, т̄изе, т̄изека*)	Н. *ви(ј)е* (*вија, виа*)
О. *т̄ебе* (*т̄ебека*) *т̄е* (*т̄а*)	О. *вас* (*васка, вазе, вазека*) *ве* (*ва*)
Д. *на т̄ебе т̄и*	Д. *на вас ви*

Н. *он*	Н. *они*
О. *нег̄о г̄о*	О. *ни* (*них*) *г̄и*
Д. *на нег̄о му*	Д. *на ни-них им-му*

Н. *она*
О. *неа ја* (*а*)
Д. *на неа и*

1.4. Во дел од костурските говори и спорадично во дојранскиот и дебарскиот со *на*-конструкцијата се искажува и општата форма:

Н. *јас* (*јаска*)	Н. *ние* (*ниа, нија*)
Д. *на мене ми*	Д. *на нас ни*
О. *на мене ме*	О. *на нас не*,

итн.

1.5. Личната заменка за 1 лице се јавува во формите: *ја*, *јас*, *јаска*, *јазе*, *јазека*, *јаскај*, и како фонетски разновидности *ас*, *аска*, *јä*, (*ј*)*ес*, (*ј*)*еска*, *јäскај*, *јазика* (в. карта 1-3).

Формата *ја* во употреба е во Северна и Северозападна Македонија. Единствена е таа во Кривопаланечко, Кумановско, Велешко, Скопско, Полог, Дебарско, Кичевско, Порече, превладува во Охридско, во северниот дел на Пијанец, Благоевградско и Разлошко (Алексиевъ, 1930 : 110), а се среќава и во Бобоштица, во некои костурски села (Езерец, Бапчор и др.), во Тиквешијата (Конопиште, Неготино и др.) и Гоцеделчевско. Фонетската варијанта *јä* забележена е во Бобошчица. – *Јас* има поширок ареал. Се употребува во цела Источна Македонија јужно од линијата Разлог – Благоевград – Делчево – Злетово, во Јужна Македонија и во дел од централните области на север до линијата Охрид – Прилеп – Велес – Злетово. Меѓу ареалите *ја* и *јас*, како што видовме, има појас каде што се употребуваат паралелно и двеве форми, негде е почеста едната, негде другата. Фонетски варијанти од *јас* се *ас*, забележена во Гоцеделчевско и Дојранско и *ес* во Кукушко (Христовъ, 1936 : 112), каде што вокалот *а* зад *ј* регуларно се прегласува во *е*. – Формата со партикулата *-ка* (*јаска*) се среќава во ареалот на *јас*, но ограничена е во Јужна Македонија, каде што се употребува наспоредно со *јас*. На север вторава варијанта може да се сретне до линијата Ресен – Битола – Валандово. – Таму каде што имаме *ас* и *ес* се среќава и *аска* (Дојранско) и *еска* (Кукушко). – Во некои костурски села оваа заменска форма се среќава и проширена со партикулата *-ј* : *јаскај* (Тиолишта, Гратче), *јäскај* (Бобоштица) (Mazon, 1936 : 65). Разновидностите *јазе* и *јазека* (*јазика*) ограничени се на мала област во Источна Македонија. Се употребуваат паралелно и двете во Пијанец, Малешевија, Струмичко, Тиквешко, поретко и во долновардарските говори. Како што се гледа, и границите на овие две форми се движат во ареалот на заменката *јас*. Во говорите со редукција се јавува разновидноста *јазика*, одн. *јазикă* (Воден).

1.6. Множински форми за 1. лице се: *ние* (*није*), *ниека*, *ниа* (*нија*), *ниака*, *ни*, *нăј*, *н'еа* (*н'е'е*) и *мие* (*мије*), *мија*, *ми* (в. карта 4).

Најголемо пространство зафаќаат формите со *ни-*. *Ние* (*није*) се употребува во централните области (Порече, Кичевско, Велешко, Прилепско, Битолско), во Охридско, Преспанско, Бобоштица и во тиквешко-мариовското подрачје. Во Источна Македонија се јавува во пограничјето од Крива Паланка до Разлог. Во другите источни дијалекти на појасот Свети Николе – Штип – Струмица – Гевгелија – Солун и во Јужна Македонија по правецот Костур – Воден – Солун се употребува разновидноста *ниа* (*нија*). Границата меѓу формите *ние* – *ниа* оди приближно по правецот Корча – Островско Езеро – Демир Капија – Вардар – Свети Николе – Злетово. Споменативе две форми се јавуваат и со партикулата *-ка* : *ниека* (Делчево, Берово, Пехчево) и *ниака* (Радовишко). – Формата *ни* карактеристична е за говорот на Сухо, и спорадично се јавува во некои долновардарски говори. – Во говорот на с. Висока забележана е разновидноста *нăј* (Голомб, 1962/63 : 194), а во гоцеделчевскиот (неврокопскиот) и серскиот *нее* / *неа* (Г. Броди), *н'е'е* / *н'еа* (Неврокоп).

Формите *ми*, *ми*(*ј*)*е*, *ми*(*ј*)*а* ограничени се на нашите крајни северни и западни периферни говори. *Ми*(*ј*)*е* се употребува во струшкиот, дебарските, полошките и северниот дел на скопските говори, како и во некои осоговски села (Г.

Кратово, Кнежево, Дренак и др.). Разновидноста *ми(ј)а* напоредно со *ми(ј)е* се среќава во јужните кумановски и скопско-црногорски села и во Овчеполието. Тоа е всушност северниот дел на ареалот на обликот *ниа*. – Покрај *ми(ј)е* во северниот дел на Скопска Црногорија и во Кумановско се употребува и *ми*, но тоа не е често.

1.7. За 2 лице покрај заменката *ти* се среќаваат и формите *тис*, *тиска*, *тизе*, *тизека*. Сите овие разновидности се употребуваат паралелно со *ти* во источните говори на подрачјето Штип, Кочани, Радовиш, Струмица, Берово, Пехчево и Делчево (в. карта 5).

1.8. Личната заменка за 2 лице множина се јавува во разновидностите: *ви(ј)е*, *виека* и *ви(ј)а*, *ви*, *вӑј* (в. карта 6).

Формите *вие* и *виа*, одн. *вије*, *вија* распределени се како и множинските *ние* и *ниа*. Првата (*вие*) се употребува западно од линијата Корча – Лерин – Конопиште – Негорци – Велес – Скопје и источно од Крива Паланка – Кочани – Берово. На ареалот Костур – Солун и Солун – Гевгелија – Штип – Куманово доминира формата *ви(ј)а*. Обликот со партикулата *-ка* (*виека*), како и *ниека*, ограничен е на малешевско-пијанечката област, а поретко се јавува и по долината на реката Струмешница. – Заменката *вӑј* забележана е во височкиот говор (Голомб, 1962/63 : 194), а *ви* во говорот на Сухо (Голомб, 1962/63 : 194), спорадично паралелно со *вие* и во некои долновардарски и тиквешки говори (с. Марена, Конопиште, Сараќиново).

1.9. За 3. лице машки род се употребуваат две основни форми: *тој* и *он*, спорадично и *оња* (в. карта 7). Последнава (*оња*) ограничена е на дебарското говорно подрачје, и тоа, главно, во малореканскиот говор, каде што се јавува напоредно со *тој* (Белиќ, 1935 : 187). – Заменката *тој* има два ареала. Во Западна Македонија се употребува на целиот простор од Тетово до Костур. Освен тоа оваа форма доминира и во крајните источни македонски дијалекти: во сушковисочкиот, серскиот, неврокопскиот, разлошкиот и во источниот дел на благоевградскиот говор (Стоиловъ, 1904 : 17). – На сета друга територија од Солун до Скопска Црна Гора и Козјак (кумановски) се употребува заменката *он*. Источната граница на *он* / *тој* оди источно од линијата Благоевград – Петрич – Солун. На запад *он* се среќава до линијата Островско Езеро – Црна Река – Вардар. Во Северна Македонија границата меѓу *он* и *тој* е доста јасна на просторот од Полог до Црна Река. Тука таа оди по десната страна на Вардар почнувајќи од градот Тетово и поминува нешто малу позападно од Скопје и Велес. Веќе јужно од Црна има еден појас каде што се употребуваат напоредно двете форми. Во воденско-мегленската област *он* е основна форма, а *тој* се јавува спорадично.

1.10. Формите за среден род *оно* и *тоа*, со варијантите *то*, *тос*, *това*, *тва*, *теа*, распоредени се, главно, како и формите за машки род (в. карта 7). *То:*, *то* и *тва* се фонетски разновидности од *тоа* и се среќаваат по југозападната јазична периферија: *то:*, *то* во охридскиот, преспанскиот и некои костурски говори, *тва* во струшкиот и некои охридски приезерски села. Заменката *тос* забележена е во крајните југозападни костурски села (Добролишта, Гратче, Езерец, Боштица и др.). *Теа* превладува во дебарските говори (реканскиот, дебарско-голобрдскиот и дримколскиот), а *това* во северниот дел на костурската област и во серските говори. – Ареалот на заменката *онеа* се поклопува со ареалот на обликот за машки род *оња* (**1.9.**).

1.11. Лични заменки за 3 лице женски род се: *таа*, со разновидностите *та:*, *таја*, *тас*, *онаа* и *она*. Границите меѓу *таа* и *она* се поклопуваат со границите меѓу *тој* / *он* и *тоа* / *она* (в. **1.9.**; **1.10.**). Заменката *таа* во охридско-преспанските говори и во говорите во Пелагонија најчесто се јавува во обликот *та:*, или *та*. Формата со *-ј-* (*таја*) превладува во горнополошкиот и поречко-кичевскиот говор, потоа во западниот дел од дебарско-струшкото подрачје и во југозападните говори на просторот меѓу Костур и Битола. – Ареалот на *тас* се поклопува со ареалот на формата за среден род *тос* (**1.10.**). Во серско-лагадинските и неврокопскиот говор се употребува разновидноста *т’а*.

1.12. Множински форми за 3 лице се: *тие*, со разновидностите *ти(ј)а*, *те*, *тева*, и *они(ј)е*, *они* (в. карта 8). Заменката *они(ј)е* се јавува во границите на дебарското говорно подрачје (Река, Мала Река и Поле). Ареалот на *они* се поклопува со ареалот на заменките *он*, *она*, *оно* (в. **1.10.**; **1.11.**, карта 7). Формата *ти(ј)е* раширена е во централните и охридско-преспанските говори, а разновидноста *ти(ј)а* во Горни Полог, во северниот дел на поречкиот говор и во костурско-леринските говори, вклучувајќи го тука и говорот на Бобоштица (Mazon, 1936 : 65), а во Источна Македонија во разлошко-неврокопскиот и серските говори, негде паралелно со *тја* (Разлог), негде со *тева* (с. Илинец, Лагадинско, Małecki, 1933). Во сушко-височкиот говор во употреба е формата *т’е* (одн. *т’ä*) (Голомб, 1962/63 : 198). – Во крајните северни наши говори (кумановскиот и скопско-црногорскиот) се употребува посебна множинска форма за женски род: *оне*.

1.13. Сите лични заменки, како што видовме, имаат посебна општа форма. Таа кај заменките за 1 и 2 лице гласи: *мене, тебе*. Во источните говори на пределот Кочани – Струмица и делумно во долновардарските покрај овие се среќаваат и формите со партикулата *-ка* : *м'енека*, *т'ебека* (Кочани, Делчево, Берово, Радовиш, Струмица), одн. *м'еникă*, *т'ебикă* (Воден), *м'енкă* (Меглен), а поретко и скратените *мен*, *тей* (*теб*) (в. карта 9). Во сушко-височкиот и неврокопскиот забележени се облиците *м’’ен’а*, *т’’еб’а* (Сухо, Висока), одн. *м'ен’ă*, *т’’еб’ă* (неврокопскиот, Мирчевъ, 1936 : 74). Во костурските говори, спорадично и во дебарскиот и дојранскиот, и општата форма, како дативната, се искажува со предлогот *на* : *на тебе те виде* (Гратче, Добролишта, Дамбени, Косинец, Езерец – Костурско) (в. **1.4.**).

1.14. Кратки акузативни форми за 1 и 2 лице се: *ме*, *те* и *ма*, *та* со фонетските варијанти *ми*, *ти* и *мạ*, *тạ*, одн. *мă, тă* (в. карта 10). Разновидностите *мă*, *тă* (*мạ*, *тạ*), се јавуваат во долновардарските, лагадинско-серските, неврокопскиот говор, и во Западна Македонија во преспанскиот. Со други зборови, тие ја зафаќаат територијата од Преспанското Езеро до реката Места, а на север до линијата Ресен – Гевгелија – Дојран – Гоце Делчев (Неврокоп). На сета друга македонска јазична територија единствени се формите *ме*, *те*. Тие доминираат и во костурско-леринското подрачје и тука тие ја кинат изоглосата на *ма*, *та*.

1.15. Полните множински акузативни форми се јавуваат во разновидностите: *нас – вас*, *н'аска – в'аска*, *н'азе – в'азе*, *н'азека – в'азека* и *нам – вам*, *н'ами – в'ами* (в. карта 11). Формите со партикулата *-ка* се среќаваат, главно, во источните говори: малешевско-пиринските, штипско-струмичките, долновардарските, а не се непознати и на костурскиот терен. *Н'азе*, *в'азе* и *н'азека*, *в'азека* ограничени се на малешевскиот и радовишко-струмичкиот терен. Ареалот на последниве се поклопува со ареалот на облиците *јазе*, *тизе* и *јазека*, *тизека* (в. **1.5.**, карта 3). Формите *н'аска*, *в'аска* исто така се движат само во ареалот на *јаска* (в. карта 2). Заменките *нас*, *вас* се употребуваат на целата македонска јазична територија. Негде тие се единствени во употреба (во Северна и Централна Македонија), а негде се јавуваат паралелно со другите форми (во источните и јужните говори со формите *наска*, *васка* и *назе*, *вазе*, одн. *назека*, *вазека*, а во крајните западни говори паралелно со формите *нам*, *вам* или *нами*, *вами* (Белић, 1935 : 185; Поповски, 1959 : 123; Михаилов, 1954 : 21). Старите дативни облици *нам*, *вам* како општи форми се употребуваат во охридско-струшките, преспанските и костурските говори, значи на појасот од Јабланица до Грамос, а во Југоисточна Македонија констатирани се во сушко-височкиот говор (Голомб, 1962/63 : 193). Во дебарските говори превладуваат разновидностите *нами*, *вами*.

1.16. Кратки акузативни множински форми се: *не*, *ве; ни*, *ви; на*, *ва* (*нă*, *вă*), *ме*, *е* (в. карта 12). Најраспространети се формите *не*, *ве*. Се употребуваат сами или напоредно со другите форми на сета македонска јазична територија, со исклучок на долновардарските и серско-лагадинските говори, каде што се во употреба разновидностите *на*, *ва* (*нă*, *вă*). Ареалот на *на*, *ва* и нивните фонетски варијанти *нạ*, *вạ*, одн. *нă*, *вă*, се поклопува со ареалот на *ма*, *та* (*мạ*, *тạ*, *мă*, *тă*), како, впрочем, и ареалот на *не*, *ве* со ареалот на *ме*, *те* (в. **1.14.**). Формите *ни*, *ви* се среќаваат готово по целата јазична периферија, но немаат единствен ареал; напоредно со *не*, *ве* нив ги наоѓаме во кривопаланечкиот, кумановскиот, скопско-црногорскиот говор во Северна Македонија; во Западна Македонија забележани се во галичкиот, кичевскиот (с. Вранештица), дримколскиот (с. Луково), ресенскиот (Г. Крушје), потоа во бобоштенскиот говор во Јужна Албанија. Кукушко-дојранските облици *ни*, *ви* се од подруг вид[1]. – Во некои северни поречки села покрај *не* може да се чуе и *ме* : *нас ме виде* (Звечан, Здуње, Требовље, Видоески, 1950 : 36). Во скопско-црногорскиот забележана е и формата *е* : *нас е виде човекăн*.

1.17. Полната општа форма за 3 лице машки род на целата македонска јазична територија, освен во северните говори, гласи *н'его* (карта 13). Во еден дел од костурските говори меѓувокалното *г* се губи, па се јавува фонетската разновидност *н'ео* (Косинец, Брезница, Бапчор и др.) Во долновардарските и серско-лагадинските говори крајното *о*, бидејќи ненагласено, преминува во *у* : *н'егу*. Во неврокопскиот говор Мирчев ја забележал формата *нек* покрај *н'егу* (Мирчевъ, 1936 : 75).

---

[1] Се работи за редукција на ненагласеното *е* во *и*.

Во северните говори оваа заменка се јавува во обликот *њ'ега*. Изоглосата *њега* / *него* поминува малку посеверно од Тетово, Скопје, Свети Николе и Злетово. На граничниот појас меѓу овие две форми се среќаваат и разновидностите *њ'его* (Тетово, Теарце, Раотино – во Полог, Трново, Градец, Јамиште – во Кривопаланечко) и *н'ега* (Немањинци, Мечкуевци – Светиниколско).

1.18. Кратката форма се јавува во разновидностите: *го* (*гу*, *о*) и *га* (в. карта 14). Ареалите на приведениве форми се поклопуваат со ареалите на полните форми: *га – њега* (*нега*), *гу – негу*, *о – нео*, *го – него.*

1.19. За женски род се јавуваат повеќе форми: *н'еа*, која е и литературна, со разновидностите *н'еја*, *н'еӑ*, *ња*, *не:*, *н'ее* или *н'еје*, потоа *н'ејзе*, *н'ега* (*њ'ега*), *њу*, *њум*, *њ'ума*, *њ'умај*, *њ'ува* и *н'ејзу* (в. карта 15). Првата форма – *неа* со фонетските варијанти *неја*, *неӑ*, *не:*, *ња*, *нее*, *неје* е најраспространета. Се среќава на целата територија јужно од линијата Тетово – Скопје – Свети Николе – Злетово – Крива Паланка. Разновидноста *неӑ* ограничена е на долновардарските говори; *не:* е карактеристична за преспанските, *ња* за охридскиот, струшкиот и југозападниот дел на кичевскиот говор. Во неврокопскиот забележена е формата *н'еје* (Мирчевъ, 1936 : 75). – Дативниот облик *нејзе* како општа форма се среќава во некои дебарски говори (градскиот, голобрдскиот, реканскиот), а спорадично може да се чуе и во скопскиот говор, како и во говорот на некои битолски села (Дихово, Канино, Буково). – Формите со *у* во основата: *њу*, *њум*, *њума*, *њумај*, *њува* во употреба се во северните говори, т.е. северно од линијата Тетово – Скопје – Свети Николе – Злетово, и распоредени се по овој начин: *њу* превладува во северниот дел на кумановскиот, скопско-црногорскиот и долнополошкиот говор; *њум* и *њума* имаат поширок ареал – се употребуваат во скопско-црногорскиот, овчеполскиот, кумановскиот и кратовскиот говор, поретко во кривопаланечкиот и во некои долнополошки села (Раотинци). На кумановскиот дел спорадично се среќава и *њ'умај*, на скопско-црногорскиот *њ'ува*, а во тетовскиот говор пообична е формата *њ'ега* (Тетово, Теарце, Лешок), или *н'ега* (Милетино). Во полошкото село Теарце (северно од Тетово) ја имам забележано и формата *њ'ејзу* : *њејзу гу виделе*, а во кривопаланечките села Дурачка Река и Бас (североисточно од Крива Паланка) покрај обичната форма *њ'ума* може да се чуе и *њ'ојзе* : *њ'ојзе гу сретн'але.*

1.20. Како кратки акузативни заменски форми за женски род се среќаваат покрај литературната *ја* уште и: *а*, *га*, *гу*, *јо* и *је* (в. карта 16). Формата *ја* со варијантата *а* зафаќа поголемо пространство во Источна и Јужна Македонија: Малешево, Пијанец, Штипско, Радовиш, Струмичко, Тиквеш, Мариово, Воденско, Леринско и јужниот дел на Преспа. Во Западна Македонија таа се јавува само во дебарските говори (дебарскиот, реканскиот и малореканскиот), во некои горнополошки села (Вруток, Волковија), во прилепскиот, велешкиот и во дел од скопскиот говор. Разновидноста *а* доминира на просторот од Костурското Езеро до Вардар и Црна, а спорадично се јавува и во радовишкото и струмичкото говорно подрачје. – Од другите форми најголем ареал има *је*. Таа се употребува во Западна Македонија на целиот простор од Скопје до Костур и Дебар. Изоглосата *је* / *ја* оди приближно по правецот Скопје (с. Билимбегово) – Богомила (Велешко) – Битола – Езерец (Костурско). Само во преспанската област имаме мешање на *је* и *ја*. Во Источна Македонија формата *је* констатирана е досега само во серскиот и неврокопскиот говор (Lavrov – Polívka, 1932 : 26, 262; Мирчевъ, 1936 : 74). – Во бобоштенскиот говор, според Мазона, кратката акузативна форма за женски род гласи *јо* (Mazon, 1936 : 65). – Во Северна Македонија се употребува *г̄у*. Јужната изоглоса на овој облик допира до Злетово, Свети Николе, Скопје и Тетово. – На граничниот појас меѓу горнополошкиот и долнополошкиот говор (во областа на Тетово) превладува формата *г̄а* (Теарце, Тетово, Челопек, Милетино), која е позната и во кукушко-дојранскиот, благоевградскиот (с. Покровник) и во говорот на некои јужни битолски села (Живојно).

1.21. Во акузатив множина се употребуваат две основни форми: старата акузативна *них* со фонетските разновидности *нив* (*ниф*), *н'ифи*, *ни*, *ниј*, *ник*, или *њи*, *н'и*(*ј*)*а*, и дативната *ним*, одн. *н'ими*, *њим*, *њима* (в. карта 17). Формата *них* се употребува во источните говори што ја познаваат фонемата *х*, т.е. во разлошкиот, неврокопскиот, благоевградскиот, малешевско-пијанечките, радовишкиот, струмичко-дојранскиот и долновардарските. Западната изоглоса на оваа црта поминува нешто малку позападно од Кочани (с. Тркање), Радовиш, Гевгелија и Воден. Западно од оваа граница се шири разновидноста *ни*, која ја зафаќа областа од Костурското Езеро на север до Свети Николе и Злетово, и на запад до Вардар и Црна. Западно пак од Вардар и Црна се употребуваат формите *нив* (*ниф*) и *ним* (*н'ими*). Првата превладува на појасот Скопје – Велес – Прилеп – Битола, поретко се јавува во полошките говори, додека втората (*ним*, *ними*) доминира во охридско-преспанската зона, во дебарските, поречко-кичевските и горнополошкиот говор, а спорадично се јавува и во некои скопски села. Разновидноста *ниј* констатирана е во бобоштенскиот говор (Mazon, 1936 : 65), *ник* во мегленскиот (с. Сараќиново, Г. Родиво), каде што крајното *х* во поголем број случаи е заменето со *к*, *неј* во источните костурски и лерински села (Живојно, Баница, Куманичево), *неи* во некои долновардарски села. Во северните македонски говори обично се употребуваат формите *њи* и *њи*(*ј*)*а*, но не е непозната и разновидноста *њим*, одн. *њима*. Првата (*њи*) превладува во северниот, граничниот појас спрема српската јазична територија. Во јужниот дел почеста е формата *њија*. Но наспоредно со неа на целиот појас од Скопска Црна Гора до Кратово се среќава и *њим* (*њима*). Во јужните македонски говори наспоредно со *них*, одн. *ни* како општа форма се среќава и номинативната – *т̄'иа* (с. Дамбени, Добролишта, Езерец – Костурско, с. Попадија, Зеленич – Леринско). Во лагадинско-серските говори акузативната множинска форма гласи *т̄’ӓх* (во сушко-височкиот, Голомб, 1962/63 : 193), одн. *т̄ʲах* (во Г. Броди, Серско, Lavrov – Polívka, 1932 : 263).

1.22. Како кратки акузативни множински форми за 3. лице се јавуваат *г̄и*, *и*, *ин* и *ха* (в. карта 18). Формата *г̄и* има единствен ареал. Се употребува во цела Северна Македонија (Долни Полог, Скопска Црна Гора, Кумановско, Кратовско, Овчеполско) и во поглем дел од источните дијалекти (во штипско-струмичките, тиквешките, долновардарските и серско-лагадинските говори). Во Западна Македонија, западно од линијата Остров – Витолишта – Велес – Скопје и јужно од Скопје и Тетово во употреба е заменката *и*. Таа превладува освен тоа и во малешевско-пиринските говори во Источна Македонија, а спорадично се јавува и во јужниот дел од долновардарските. Формите *ин* и *ха* се среќаваат како изолирани појави – првата (*ин*) во гевгелискиот и во некои пијанечки села, а втората (*ха*) во говорот на лагадинското село Висока (Голомб, 1962/63 : 193).

1.23. Дативниот однос со посебна форма се изразува само во западниот дел од нашата јазична територија. Во источните и јужните дијалекти овој однос се искажува аналитички: со општата форма и предлогот *на* (со придружба на кратките дативни форми). Источната изоглоса на синтетичката дативна форма кај личните заменки оди по правецот Бобоштица – Лерин – Неготино – Свети Николе – Куманово (в. карта 19).

1.23.1. Полната дативна форма кај заменките за 1. и 2. лице еднина е еднаква со општата: *мене*, *тебе*. Сп. *Мене ми рече*, *тебе ти даде*.

1.24. Кратките дативни форми се единствени на целата македонска територија – *ми*, *ти* : *Ми даде мене* (одн. *ми даде на мене*), *ти рече тебе*.

1.25. Старите дативни форми *нам*, *вам*, одн. *нами*, *вами* се употребуваат во поголем дел од централните говори (во дел од скопскиот говор, во велешкиот, прилепскиот, битолскиот), во охридско-преспанските, бобоштенскиот, дебарските (во нив главно разновидностите *нами*, *вами*), на север во скопско-црногорскиот, а спорадично се јавуваат и во тиквешко-мариовските говори (карта 20). – Во поречко-кичевските, полошките, во западниот дел од скопскиот говор со дативна функција се јавуваат акузативните форми *нас*, *вас* без предлогот *на* : *нас ни* (*ми*) *рече*, *вас ви даде*. Со вакво значење тие можат да се сретнат и во охридскиот, струшкиот, спорадично дури во костурските и тиквешко-мариовските говори.

1.26. Кратките форми *ни*, *ви* се единствени во цела Македонија. Само во северниот дел на поречкиот говор и во Полог покрај *ни* со множинско значење може да се сретне и еднинската дативна форма *ми* : *Нас ми рече*.

1.27. Дативната еднинска форма *н'ему* за машки и среден род во северните говори се јавува и во разновидноста *њ'ему*. Изоглосата меѓу варијантите *нему* / *њему* оди по правецот Тетово – Скопје – Кратово. На скопскиот терен се јавува и формата *негу* : *негу му рече*.

1.28. Кратката форма гласи *му* на целата територија.

1.29. За женски род се среќаваат неколку разновидности: *н'ејзе* или *н'езе* (одн. *н'ејѕе*, *неѕе*), *њ'ојзе* (*н'ојзе*), *н'ејзи*, *н'ези* (одн. *н'ејѕи*, *н'еѕи*), и *н'еву* (в. карта 21). Формата *нејзе* со фонетските разновидности *незе* и *нејѕе*, *неѕе* се употребува во дебарските, охридско-преспанските, прилепско-битолските и скопско-велешките говори. Во Северна Македонија, северно од линијата Тетово – Скопје – Кратово се јавува заменката ***њојзе***, во јужниот граничен појас и ***нојзе***. Во крајните источни кривопаланечки села покрај ***нојзе*** се среќава и ***неву*** (Трново, Узем, Кркља). Формата со партикулата *-зи* : ***нејзи*** и разновидностите ***нези***, ***нејѕи***, ***неѕи*** ограничена е на полошкото и поречко-кичевското говорно подрачје. Има единствен ареал.

1.30. Кратки дативни форми за женски род се: *и*, *је* (*е*), *му*, *ву*, *хи*, *ин* и *а* (в. карта 22). Литературната форма *и* зафаќа најголем ареал. Се употребува во цела Источна Македонија, на север до линијата Злетово – Скопје, по целото Повардарје од Скопје до Солун, како и по долината на Црна сѐ до Битола. Во Западна Македонија, освен во Горни Полог, се среќава заменката *је*, која ја познава и говорот на Бобоштица. Границата меѓу *је* и *и* оди приближно по линијата Преспа – Битола – Прилеп – Богомила – Говрлево (западно од Скопје) – Скопска Црна Гора. Единството на ареалот на *је* го нарушува во Горни Полог формата *му*, која доминира и во Јужна Македонија јужно од линијата Охрид – Ресен – Битола – Воден – Солун – Сухо. Во кумановскиот, овчеполскиот, кратовскиот и кривопаланечкиот говор со дативно значење се употребува формата *ву*, позната и во јужноморавскиот српски дијалект. Обликот *ин* забележан е во неколку гранични села меѓу горнополошкиот и долнополошкиот говор (Челопек, Милетино, Стенче), спорадично се јавува и во гевгелиското и дојранското говорно подрачје (с. Николиќ, Стојаково). Во серските и неврокопскиот, каде што има појава на неорганско *х* пред вокалот *и*, покрај *и* се среќава и разновидноста *хи*, која е дури почеста, пообична. Формата *а* со дативно значење се јавува спорадично во долновардарските и преспанските говори.

1.31. Полната дативна форма за 3. лице множина се ограничува, како и другите дативни форми, на западното наречје, и се јавува во две основни разновидности: ***ним*** и ***н'ими***. Меѓу нив не може да се повлече граница, бидејќи најчесто се мешаат. Сепак вторава (***ними***) преовладува во западниот дел (во охридско-преспанските, дебарските, поречко-кичевските и горнополошкиот говор), додека во прилепско-битолското и скопско-велешкото подрачје пообична е разновидноста ***ним***. Во северната област на Полог и во скопско-црногорските села доминира фонетската варијанта ***њим*** (Вратница, Рогачево, Теарце – Полог, Чучер, Бањане, Кучевишта, Кучково – Скопска Црна Гора). Овде-онде на пограничјето со источните говори може да се сретне со дативна функција и акузативната форма без предлогот *на* : *Нив им рече* (Г. Водно, Нерези, Драчево – Скопско, Рудник – Велешко).

1.32. Кратки дативни множински форми се: *им*, *му*, *ѓи*, (*ј*)*ем*, *и*, *њи* (*ни*), *хим*, *хми*, *хн'и* (карта 23). Најголем ареал зафаќа литературната *им*. Таа се среќава готово во цела Источна Македонија, на широко пространство во Северна Македонија негде сама, негде напоредно со *ѓи*, *њи*, и во поголем дел од западното наречје (во скопско-велешките, кичевско-поречките, дебарските, струшкиот и горнополошкиот говор), како и во говорот на Бобоштица. Во Јужна и Југозападна Македонија јужно од линијата Охрид – Прилеп – Пазар – Сухо доминира заменската форма *му*. Во долнополошките села што се наоѓаат северно од Тетово во употреба е обликот (*ј*)*ем* (Вратница, Теарце, Лешок, Раотинци, Тетово). Во кумановско-кратовското подрачје покрај *им* се јавува и акузативната форма *г̄и: на нија г̄и рече* (Куманово, М. Нагоричане, Горно Кратово, Шлегово) и *њи* (Куманово, Кратово), а во скопско-црногорските села забележана е и формата *и*. Формата *хим* ограничена е на серските и неврокопскиот говор. Во последниов Мирчев ги дава и разновидностите *хми* и *хн'и* (Мирчевъ, 1936 : 75).

1.33. Личната заменка за секое лице се среќава во сите наши дијалекти. Меѓутоа, во ред јужни и западни говори полната форма *себе* се употребува многу ретко, негде дури одвај може да се чуе (во Костурско, Преспанско и др.). Во поречко-кичевската област поретко може да се сретне и стариот инструментален облик *соба* : *Мег̄́у соба си зборeја*, *п̄рет̄ соба г̄лот̄ит̄* (Порече).

1.34. Дативната форма *си* е единствена во сите дијалекти.

1.35. Во акузатив се јавуваат две разновидности: *се* и *са* (*сạ*, *сă*). Вторава (*са* со фонетските варијанти *сạ*, *сă*) доминира во долновардарските, серско-лагадинските, неврокопскиот и на запад во преспанските говори. Нејзиниот ареал се поклопува со ареалот на формите *ма*, *т̄а* (в. **1.14.**, карта 10). Во другите дијалекти обична е формата *се*.

1.36. *Ист̄ориско-линг̄вист̄ички белешки.* – Од формите на заменката за 1 лице еднина од историско-лингвистички аспект можат да бидат интересни разновидностите *јаска* со варијантите *аска*, (*ј*)*еска*, *јаскај*, *јäскај*, *јазе*, *јазека* (*јазика*) и *ја*. Во однос на *јас*, која е наследена од старословенскиот јазик (сп. стсл. **азъ** или **ꙗзъ**), приведениве варијанти претставуваат иновациони појави во нашите дијалекти. *Јаска* со фонетските разновидности *аска*, (*ј*)*еска* се секундарни преобразувања од *јас* и постпозитивната партикула *-ка*, која е доста раширена во нашиот јазик. Уште е понова формата *јаскај* (*јäскај*). Таа е образувана од *јаска* со партикулата *-ј*. Нови преобразувања се, без сомнение, и *јазе*, *јазека*. Вторава, очигледно, настанала од *јазе* и *-ка*, а тоа, од друга страна, укажува на хронологијата на нивната појава. Формата *јазе*, која е констатирана најрано во текстовите од 17 век (Лавровъ, 1893 : 131), едни ја изведуваат од *јаз* и партикулата *-е*, други од *ја* и партикулата *-зе* (Стойков, 1963 : 152), а некои, пак, ја објаснуваат со слевање на **азъ** и **есмь** (**аз есмь** > **азе смь**) а под влијание на *мене* (Георгиев, 1962 : 5; Vasmer, 1958 : 475-476). Теориски сите претпоставки имаат лингвистичко оправдание. Водејќи сметка за географскиот момент и за продуктивноста на заменските партикули во нашиот јазик, за нас е поприемливо толкувањето од *јаз* и партикулата -(*з*)*е*, зашто односнава форма се наоѓа исклучиво во ареалот на формата *јас* (в. карта 3). За утврдувањето на партикулата можело да дојде поттик и од општата форма *мене*.

Постанокот и староста на формата *ја* само врз нејзината денешна географија не може со сигурност да се утврди, а историска поткрепа немаме. Но со оглед на тоа дека се употребува на еден граничен појас со српската јазична територија поверојатно ни се чини дека е таа тука стара црта. Од ова може да се изведе потоа и заклучок дека и во постариот период од развојот на нашиот јазик на македонската територија сме имале две форми: *ја* во северозападните и северните говори и *јас* во јужните и источните. А каде се движела меѓу нив границата? Секако таа не била константна. Но во подрачјето на _мие_, ми се верува, формата _ја_ доминирала. Може да се спори нејзината старост само во јужните говори, каде што се јавува денеска спорадично.

1.37. Две основни форми имаме во нашите дијалекти, видовме, и во множината: _ние_ и _мие_. Од _ние_ образувана е разновидноста _ниека_ – со партикулата _-ка_. Како разновидност на _ние_ може да се смета и _ниа_ (_нија_), која е образувана по аналогија на демонстративната форма _ти(ј)а_, како што се објаснува, впрочем, и _ние_ (_није_) од _ти(ј)е_ (Mazon – Vaillant, 1938 : 141). Вторава (_ние_) е секако постара: засведочена е во македонските текстови од 13 век (Селищев, 1918 : 193). _Ниака_ е секундарно образување од _ниа – ка_. Заменките _ни_ и _нăј_, познати во говорот на Сухо и Висока, Вајан ги изведува од _нии_, _нăи_, кои треба да се сметаат како фонетски рзновидности на _ние_, одн. _нăе_ (Mazon – Vaillant, 1938 : 141). Збигњев Голомб, меѓутоа, сушкиот облик _ни_ го смета за директен континуант на _*ny_, а височкото _нăј_ го изведува од _*nyje_ (Голомб, 1962/63 : 194). Иако овој говор пази бројни архаизми, ми се чини поверојатно првото објаснување, на прво место затоа што и во најблиските околни говори егзистира формата _ние_ или нејзини фонетски варијанти.

Формата _мие_ (_мије_) се употребува во северните и во еден дел од западните дијалекти. Шчепкин неа ја констатирал уште во текстовите од 13 век напоредно со _ние_, (Щепкинъ, 1906 : 216). Затоа немаме причина да ја саметаме како импорт од север. Судејќи по тоа што се среќава во Болоњскиот псалтир, кој го одразува охридскиот говор, можеме да го поставиме и проблемот за правецот на изоглосата _мие_ / _ние_ во постариот период од развојот на македонскиот јазик. Не е исклучено таа да поминувала низ охридско-преспанското говорно подрачје, а подоцна се поместувала поназапад. Разновидноста _мија_ е образувана према _нија – тија_. Таа и географски се надоврзува на формата _нија_ (в. карта 4). Обликот _ми_, што се јавува само по македонско-српското јазично пограничје, секако е внесен од српските дијалекти.

1.38. Заменската форма за 2 лице _ти_ е наследена од постариот наш јазик. Разновидностите _тис_, _тиска_, _тизе_, _тизека_, кои се јавуваат во ареалот на _јас_, _јаска_, _јазе_, _јазека_, се образувани според вториве. Крајното _-с_ во _јас_ и _-зе_ во _јазе_ се сфатиле како посебни морфеми и како такви се пренесле и на заменската форма за 2 л. и по тој начин се создала пропорцијата _јас – тис_, _јаска – тиска_, _јазе – тизе_, _јазека – тизека_.

1.39. Нема особено за одбележување ни кај заменката за 2 лице множина. Формите _вие_, _виека_, _ви(ј)а_, _ви(ј)ака_, _ви_ и _вăј_ им одговараат на формите за 1 л. множина _ние, ни(ј)а, ни, нăј_ итн. (в. **1.37.**).

1.40. Основни форми за 3 л. машки род се _тој_ и _он_. _Тај_, _тоа_, _тове_ се разновидности на заменката _тој_ и ќе бидат разгледани во делот на демонстративните заменки (в. **2.27.**). Исто така таму ќе биде укажано и на формата _оња_.

И двеве спомената форми водат потекло од прасловенските демонстративни заменки _*onъ_, која се употребувала и како лична, и _*tъ_. Првата (_он_) е запазена во својот стар вид, а заменката _*tъ_ се проширила со партикулата _*jь_, која повлијаела на развојот и изговорот на вокалот *ъ (Мирчев, 1958 : 166). Како лична заменка, познато е, постара е формата *он*. Од историска гледна точка интересно е да се установи во кое време заменката *тој* ја презема функцијата на лична заменка и на тој начин ја истиснува формата *он*.

1.41. Множинската форма *они* од морфолошки аспект е јасна. Тоа важи и за множинската форма за женски род во северните говори *оне*. За множинските форми од *тој – тие*, *ти(ј)а* види во точка **2.13.**.

1.42. Општите полни форми за 1 и 2 лице едн. се јасни. Скратените *мен*, *тей* – со испуштено *е*, како и тие со партикулата *-ка* : *менека*, *тебека* се нови образувања и се употребуваат во ареалот на *јаска – јазека*, *тиска – тизека*, *ниека*, *виека*. Сушко-височките *м'ен'а*, *т'еб'а*, кои се употребуваат напоредно со *мене*, *тебе*, се објаснуваат со контаминација на општата и дативната (Голомб, 1962/63 : 192).

1.43. Кратките акузативни заменки *ме*, *те* се континуанти на стсл. **мѧ**, **тѧ**. Разновидностите *ма*, *та* се понови, секундарни образувања. Нивниот постанок Вајан го поврзува со акузативната ненагласена форма за женски род *ја*, наоѓајќи извесно соодветство и во бугарските родопски дијалекти. "Les formes du type *ma*, qui se rencontrent également dans les parlers de Rhodopes, (. . .) ou il est visible qu'elles n'ont pas davantage une origine phonétique..., sont analogiques de l'anaphorique féminin *(j)a* : l'anaphorique était seul dans les parlers du Bas-Vardar à conserver une distinction de l'acusatif et du datif atones, et même dans les parlers de Rhodopes la relation dat. *(h)i* : acc. *ją* a été étendue *à* dat. *mi* : acc. *mą*, supplantant *mę*. (Mazon – Vaillant, 1938 : 141-142). Збигњев Голомб, пак, сушко-височките *м'а*, *т'а* ги изведува од постарите **мѧ**, **тѧ**, сметајќи дека е *'ä* (*'а*) добиено од *ę фонетски (Голомб, 1962/63 : 224-226). Географската распространетост на односниве форми нè упатува да побараме и друго објаснување. Овие форми се употребуваат, како што истакнавме, на целиот јужен појас од нашата јазична територија. Нивниот ареал продолжува и на бугарската територија (Стойков, 1963 : 154-156). За целото тоа подрачје, како и за бугарските дијалекти, каде што се јавуваат разновидностите *ма*, *та*, карактеристична е редукцијата на неакцентираните вокали. Паѓа в очи дека ареалот на формите *ма*, *та* (*мă*, *тă*) дури и се поклопува со ареалот на редукцијата. Имајќи ја предвид споменатава појава и анализирајќи го целиот систем на ненагласените заменски форми доаѓаме до следниов заклучок. Поранешниот систем на кратките заменски форми за 1 и 2 л. во долновардарските и серско-лагадинските говори бил ист како во другите македонски дијалекти: *ми*, *ти* (дат.) : *ме*, *те* (акуз.). Под дејството на редукцијата ненагласеното *е* од формите *ме*, *те* се изменило во глас близок до *и*. За да се избегне омонимијата меѓу дативните и акузативните форми и по аналогија на кратката акузативна форма за женски род *ја*(*а*), одн. *јă*(*ă*) по извршената редукција, од *ме*, *те* се добиле *ма*, *та*, одн. *мă*, *тă*. По таков начин се добил системот: дат. *и*, *ми*, *ти* : акуз. *ја*(*а*), *ма*, *та*, одн. *јă*(*ă*), *мă*, *тă*. Овој процес после се проширил и на множинските форми, па место дат. *ни*, *ви* : акуз. *не*, *ве* се добил нов однос: дат. *ни*, *ви* : акуз. *на*, *ва*, одн. *нă*, *вă*.

1.44. Кај нагласените множински акузативни форми нови се образувањата со партикулите *-ка* и *-зе*, кои можат и да се комбинираат: *наска*, *васка*, *назе*, *вазе*, *назека*, *вазека*. Пренесувањето на партикулите е извршено од еднинските форми (сп. *јаска*, *јазе*, *јазека* итн.)

1.45. Старите кратки акузативни форми за 1 и 2 лице множина запазени се (видоизменети со развојот на **у* во *и*) само во некои периферни говори (в. **1.16.**). На поголемо пространство се употребуваат иновационите и типично македонските форми *не*, *ве*, кои се преобразувани по аналогија на ненагласените еднински форми, а секако и од потребата за нивната диференцијација од дативните облици, што се почувствувала во некои говори особено по изедначувањето на дативните и акузативните полни форми. Јужномакедонските *на*, *ва* (*нă*, *вă*) се нови преобразувања настанати пак по аналогија (види **1.43.**).

1.46. Акузативната форма *него* е континуант на стсл. **ѥго**, одн. **н̑ѥго**. *Нео*, *негу*, *нек* се фонетски разновидности од *него* (во првиот случај се загубило *г*, во вториот имаме редукција на *о* во *у*, а во *нек* просто испаѓање на крајниот вокал поради што дошло до израмнување со формите *мен*, *теп*). Формата *њега* (или *нега*), која е карактеристична за српскиот и словенечкиот јазик, се зема како диференцијална морфолошка особеност на северните говори.

1.47. Акузативната форма за женски род *не*(*ј*)*а* одговара на стсл. **ѭ** со проширување на основата. *Неă*, *ња*, *не:* се фонетски разновидности (во првата *а* се редуцирало во *ă;* во *ња* имаме стегање на вокалите *еа* во *ја*, а во *не:* стегањето се извршило во корист на првиот вокал). Охридското *нее* претставува преоден степен од *неа* во *не:* (Селищев, 1918 : 195). Формите *њу њум*, *њума*, *њумај*, *њува*, што се срекаваат во северните говори, се објаснуваат со фонетскиот развој на носовката **ǫ* во *у* во тие говори. Удолжувањето со *-м* и *-ма* станало под влијание на множинските форми *њим*, *њима* (Видоески, 1962 : 166), а во *њумај* се надоврзала уште и партикулата *-ј*. Ново е образување и скопско-црногорската форма *њува*. Нејзе ѝ претходел обликот *њуа*, кој можел да настане и со контаминација на *њу* и *неа*, до колку не се работи за *њума*. Долнополошката форма *њега* (или *нега*) е преобразувана според *него*, а за тоа потпомогнала и кратката форма *га* (за женски род) : *го* (за машки и среден). Со внесувањето на *г* и во формите за женски род се добила корелацијата: *нега га* (*њега га*) – *него го* (*њего го*). Заменката *њејзу*, забележана во некои долнополошки села, претставува контаминација од дативната *њејзе* и кратката акузативна *гу* (*њејзе* : *гу* – *њејзу* : *гу*).

1.48. Акузативните форми *нив*, *ниф*, *иј*, *ник*, *ни* (*њи*) се само фонетски варијанти од *них* (стсл. **ихъ – н̑ихъ**). Кумановското *њија* претставува состав од *њи* и партикулата *-ја*, карактеристична за демонстративните форми (*тија* итн.) Серско-лагадинската форма *т'äх* од историски аспект е демонстративна заменка (сп. стсл. ген. **тѣхъ** од **тъ**).

1.49. Кратките акузативни форми за 3. лице се нови образувања, настанати во историскиот развој на македонскиот јазик, со изделување на анафорската заменка (без предлог). Формата за машки и среден род *г̄о* се јавува и како *г̄у* (*о* е редуцирано во *у*) и како *о* (со загубено *г̄*, сп. и полната форма *нео*). Во северните говори превладала формата *г̄а*, без сомнение, внесена од српското јазично подрачје.

1.50. Формата за женски род *ја* го континуира стсл. акузатив **ѭ** а *jă* и *ă* се фонетски разновидности од *ја*. Последниве се јавуваат во говорите со редукција, а *а* настанало по аналогија, како член на опозицијата *неа* : *а*, како што има во други говори однос *неја* : *ја*. Во северномакедонското *г̄у* (место постарото *ју*) *г̄* е од секундарно потекло – добиено е по аналогија на формата за м. и ср. род (сп. односот *г̄а* : *ју* – *г̄а* : *г̄у*). На еден дел од долнополошката област се употребува како кратка заменска форма за женски род *г̄а* (сп. таму односот ж.р. *нег̄а г̄а* : м.р. *нег̄о г̄о*), која е добиена со мешање на *ја* и *г̄о*. Само на овој начин може да се објасни и образувањето на истава оваа форма и во кукушко-дојранскиот и леринскиот говор. Со аналогија може да се објасни и бобоштенското *јо* (место *ја*), само што тука аналогијата дејствувала во друг правец (*ја* : *г̄о* = *јо* : *г̄о*). Западномакедонската форма *је* (сп. *неја је виде*) веројатно е добиена под влијание на акузативните форми за 1 и 2 лице. Така од односот *ме* : *т̄е* : *ја* се добло и *је*, т.е. *ме* : *т̄е* : *је*. Дативната форма (*је*) не можела да се генерализира и како акузативна, зашто таа токму поради омонимијата во некои говори бидувала заменувана со *му*.

1.51. Од множинските кратки форми *и* и *г̄и* понова е вторава, каде што се пренесло *г̄* од еднинската *г̄о*. Сушко-височката *ха* Голомб ја смета за континуант на старословенската форма **ѩ** (бидејќи *ę во тој говор се заменува со *а*) со ново протетичко *х*, карактеристично во ваква позиција за лагадинските и серските говори, и коешто ја разликува акузативната множинска форма од акузативната форма за женски род во еднината (*а*).

1.52. Синтетичкиот датив кај заменките, видовме, се пази само во западните говори, во бобоштенскиот и во дел од северните.

Дативните форми за 1 и 2 лице еднина *мене*, *т̄ебе* се јасни (сп. стсл. **мънѣ** / **мьнѣ**, **тебѣ**).

1.53. Неизменети се пазат и множинските полни форми *нам*, *вам* (стсл. **намъ**, **вамъ**). Разновидностите *нами*, *вами* во дебарските говори се понови и се јавиле според другите дативни форми за да се постигне симетрија меѓу полната и кратката форма, сп. *мене* : *ме*, *т̄ебе* : *т̄е*, *нему* : *му*, а после и: *нами* : *ни*, *вами* : *ви*, *ними* : *им*.

1.54. Дативната форма за машки и среден род *нему* е единствена во западното наречје и во Бобоштица, а во северните се јавува во обликот *њему*.

1.55. Дативната форма за женски род *нејзе* е добиена со партикулата *-зе* прирастена на стариот датив *неј* (сп. стсл. **ѥи**, **н̑ѥи**). Исто така и разновидноста *нејзи*, каде што партикулата се јавува во формата *-зи*. Во некои говори *ј* во групата со *з* се загубило и така настанале варијантите *незе*, *нези*, одн. *неѕе*, *неѕи*. Во северните говори превладала формата *њојзе* (*нојзе*), каде што се јавило *о* под влијание на тврдите основи. Кривопаланечката форма *неву* може да се објасни со контаминација на акуз. *нејa* и кратката дативна форма *ву*.

1.56. Дативната форма *ним* (во северните *њим*) е континуант на стсл. **имъ**, **нимъ**. За разновидноста *ними* спомнавме погоре (**1.53.**).

1.57. Кај кратките заменки *ми*, *ти* и во множината *ни*, *ви* нема промени. Заменката *му* во машки и среден род изделена е од постарата **ѥмоу**. Множинските *хим*, *хми* и *хн'и*, што се среќаваат покрај *им*, се само фонетски варијанти на последнава. Во лагадинско-серските и неврокопскиот говор, каде што се среќаваат споменативе разновидности, пред почетното *и* се јавува неорганско *х* (*им* – *хим*), а потоа настанала метатеза (*хим* > *хми*). Долнополошката форма (*ј*)*ем* е ново преобразување. Можеби се добила со контаминација на дат. *је*, чиј ареал на тој дел се поклопува со ареалот на (*ј*)*ем*. Нови се исто така и формите *и* и *њи*. Вторава можела да се добие со посредство на акуз. *њија*, кој се употребува и за дативен однос со предлогот *на* : *на њија њи*. Ова е поверојатно до толку што на кумановскиот и кратовскиот терен, каде што се употребува таа, со функција на кратка дативна форма многу често се јавува акузативната *ги* (*на њија ги*). Употребата на дативната форма *му* во некои говори и како дативна множинска се должи на тенденцијата во тие говори да се генерализира една општа кратка дативна форма за 3 лице, сп. *на него му* : *на ни* (*ним*) *му*.

1.58. Повеќе разновидности наоѓаме и за датив во женски род. Најблиску до стсл. **ѥи** стои формата *и*. Гевгелиското *ин* е преобразувано од потребата да се избегне омонимијата со акузативната множинска форма *и*, а елементот *н* е пренесен од полната форма. Фонетска варијанта е и серско-неврокопската *хи* (Lavrov – Polívka, 1932: 75). Бараат уште објаснение формите *је* и *ву*. За првата Селишчев пишува: "По всей вероятности, появление гласного *е* вызвано было влиянием именных форм дат. ед. с окончанием на *-е*, не только сохраненным некоторыми македонскими говорами в именах на *-а*, но и перенесенным на имена другого образования" (Селищев, 1918 : 197) и ги приведува понатаму формите од типот *таткое-ти*, *стрикое-ти*, во охридскиот, *татkове*, *братове*, во Дебарско. Навистина, на поголемо пространство има поклопување меѓу ареалот на заменката *је* и ареалот на дативната форма од женски род на *-е* (кај личните и роднинските имиња): *Маре-је*. Тоа може да биде показателно и говори во прилог на приведенава претпоставка на Селишчев. Од друга страна, на целото подрачје каде што се употребува дативната форма *је*, множинската акузативна форма гласи *и*. Ширењето на *је* се јавило како неопходно за да се избегне омонимијата (сп. *и* : *и* – *је* : *и*). Во говорите, пак, каде што се зацврстило *и*, промена претрпела акузативната форма (*и* : *и* – *и* : *ги*). Во еден дел од западните говори дошло и до совпаѓање на кратката акузативна и дативна форма за женски род (*нејa је* : *нејзе* – *нејзи је*). Тоа понатаму предизвикало проширување на функцијата на дат. *му* од машки род и за женски род, и тоа, главно, во оние говори каде што синтетичката дативна форма била заменета со аналитички исказ (акуз. *неа* – *нејa је* : дат. *на неа* – *нејa-је* = *неа је* : *на неа му*). – Формата *ву*, што се среќава во некои североисточни говори, како и во соседните јужноморавски дијалекти, Белиќ ја изведува од акуз. *ју*, која почнала да се употребува и за датив. По загубата на *ј* пред *у* се јавило *в* како протетички глас (Белић, 1905 : 410-411; Видоески, 1962 : 167), кој добро послужил за диференцирање на дативот од акузативот (акуз. *гу* : дат. *ву*).

2. Показни заменки

2.1. Со показно значење во македонските дијалекти се употребуваат формите:

тој (*тај*, *тӑј*, *т'аја*, *т'иа*, *т'оа*, *т'оо*, *то*, *т'ове*, *тос*, *т'ози*, *тус*, *туз'и*), *т'аа* (*т'аја*, *та:*, *тај*, *тас*, *т'ази*), *т'оа* (*т'оо*, *то*, *тва*, *т'ова* / *тов'а*, *тув'а*, *тој*, *т'оје*, *тос*, *т'ози*, *т'еа*), *т'ие* (*т'ије*, *т'ија*, *т'иа*, *те*, *тес*), оп. ф. *н'его* (*њега* и *т'ого*, *т'ога*, *т'ојга*, *т'ајга*, *т'огова* / *тог'ова*, *т'огва*), дат. ф. *н'ему* (*њ'ему*, или *т'ому*), дат. ж.р. *н'ејзе* (*н'езе*, *н'ејзи*, *н'ези*, *њ'ојзе*, *н'ојзе*);

'овој / *ов'ој* (*'овај* / *ов'ај*, *ов'ӑј*, *'овја*, *'ове*, *вој*, *вај*, *в'оо*, *во*, *в'ија*, *в'иа*), *'оваа* / *'оваа* (*'оваја* / *ов'аја*, *ова:*, *'овоја* / *ов'оја*, *'овеа* / *ов'еа*, *'овај* / *ов'ај*, *в'аа*, *в'аја*, *ва*, *в'оја*), *'ова* (*'ово*, *'ове*, *'овеа*, *'овое* / *ов'ое*, *'овоо*, *'овоа* / *ов'оа*, *'овој* / *ов'ој*, *'овова* / *ов'ова*, *в'оа*, *во*, *в'ова*, *в'ое*), мн. *'овие* / *ов'ие* (*'овије* / *ов'ије*, *'овје:*, *'овиа*, *'овија*, *'овја:*, *в'иа*, *в'ија*, *в'ие*), оп. ф. м.р. *'овега* (*'овога* / *ов'ога*, *'ового* / *ов'ого*, *'овајга* / *ов'ајга*, *ов'огој*, *'овага*, *ов'егоа*), дат. ф. *'овему* (*'овому* / *ов'ому*), дат. ж.р. *'овејзе* (*'овезе*, *'овејзи*, *'овези*, *'овојзе* / *ов'ојзе*, *'овојзи*);

'оној / *он'ој* (*'онај* / *он'ај*, *он'ӑј*, *'ојна*, *'онја*, *'оња*, *'оне*, *'ониа*, *'онија*, *ној*, *н'иа*, *нос*, *нус*, *нуз'и*), *'онаа* / *он'аа* (*'онаја* / *он'аја*, *'она:*, *'оноја* / *он'оја*, *'онеа*, *'онај* / *он'ај*, *н'аа*, *н'аја*, *нас*, *н'ази*, *н'ӑзи*), *'она* (*'оно*, *'оне*, *'онеа*, *'онај* / *он'ај*, *'оној* / *он'ој*, *'оноа* / *он'оа*, *'онова* / *он'ова*, *он'оје*, *н'оа*, *н'ое*, *н'ова*, *нос*, *н'ози*, *нуз'и*), мн. *'оние* (*'оније* / *он'ије*, *'онје:*, *'оње:*, *'ониа* / *он'иа*, *'онија* / *он'ија*, *'оња:*, *н'иа*, *н'ија*, *нес*, *н'ези*), оп. ф. м.р. *'онега* (*'онога* / *он'ога*, *'оного* / *он'ого*, *'онојга* / *он'ојга*, *'оногој*, *'онаго*, *он'егоа*), дат. ф. *'онему* (*'оному* / *он'ому*), дат. ж.р. *'онејзе* (*'онезе*, *'онејзи*, *'онези*, *'онојзе* / *он'ојзе*, *'онојзи* / *он'ојзи*);

сој, *с'ози*, *сос*, оп. ф. *с'огва*, дат. *с'ому*, мн. *с'ија*, дат. *с'ијам* (*му*), ж.р. *с'ази*, *сас*, дат. *сʲӓзи*, *с'ʲӓс*, мн. ж. и с.р. *сʲӓзи*, *сʲӓс*, дат. *с'ʲӓм* (*му*).

2.2. Сите овие заменки не се подеднакво распространети. Најмал ареал има заменката *сој*. Се среќава како архаизам во говорот на корчанските села Бобоштица и Дреновени (Mazon, 1936 : 66).

Заменката *овој* со споменатите разновидности се употребува во западното и северното наречје, а од источното ја познаваат штипскиот, кочанскиот, радовишкиот, гевгелискиот, воденскиот, тиквешко-мариовските и леринско-костурските говори. Источната изоглоса на оваа форма оди нешто малку поисточно од линијата Гевгелија – Радовиш – Кочани (в. карта 28).

Заменката *оној* има нешто поширок ареал. Неа не ја познаваат само костурските, долновардарските и струмичкиот говор. Нејзината јужна изоглоса оди по правецот Преспанско Езеро – Лерин – Струмица, а на исток поминува источно од Дојран, Кукуш и Солун (в. карта 32).

2.3. Како што се гледа, на македонскиот терен среќаваме два система на демонстративни заменки: а) систем со три заменки (*овој* – *оној* – *тој*): во западните и северните говори и б) систем со две заменки (*овој – тој*): во костурско-леринските и долновардарските, одн. *тој – сој* во бобоштенскиот, и *тој – оној* во малешевско-пиринските и серско-лагадинските говори.

2.4. Во западното наречје и во дел од северните говори кај демонстративните заменки од машки род во еднина, кога се однесуваат на лично или роднинско име, се разликуваат три форми: покрај номинативната живи се и дативната и акузативната, која се употребува како општа (генерална) форма. Сп. *овој* (*овја*) – *овега* (*ового*) – *овему* (*овому*); *оној* (*оња*) – *онега* (*оного*) – *онему* (*оному*); *тој* – *него* (*того*) – *нему* (*тому*). Кај заменките од женски род од зависните синтетички форми се пази само дативната, додека акузативната се изедначила со номинативната. Сп. *оваа* (*ова:*, *оваја*) – *овејзе* (*овезе*, *овејзи*, *овези*, *овојзе*); *онаа* (*она:*, *онаја*) – *онејзе* (*онезе*, *онејзи*, *онези*, *онојзе*); *таа* (*таја*, *та:*) – *нејзе* (*незе*, *нејзи*, *низи*). Во среден род и во множина има само по една форма. Ваков деклинациски систем (од три заменски форми во машки род и две во женски) наоѓаме по целата западна периферија на западното подрачје од Преспанското Езеро па до Скопска Црна Гора.

Целиот систем во тие говори ни се претставува во овој вид:

а)	*овој* (*овај*, *овја*)	*оваа* (*ова*, *оваја*)	*ова*	*овие* (*овије*, *овје*
	овему	*овејзе* (*овејзи*)	–	– *овија*, *овја*)
	овега	–	–	–
	оној (*онај*, *оња*)	*онаа* (*она*, *онаја*)	*она*	*оние* (*оње*, *онија*,
	онему	*онејзе* (*онејзи*)	–	– *оња*)
	онега	–	–	–
	тој	*таа* (*та*, *таја*)	*тоа* (*то*)	*тие* (*тија*, *тиа*)
	нему	*нејзе* / *нејзи*	–	–
	него	–	–	–
б)	*овај* (*овја*)	*ова* (*оваја*)	*овеа* (*ове*)	*овие* (*овје*)
	овому	*овојзе*	–	–
	ового	–	–	–
	онај (*онја*, *оња*)	*она* (*онаја*)	*онеа* (*оне*)	*оние* (*онје*, *оње*)
	оному	*онојзе*	–	–
	оного	–	–	–
	тој	*таа* (*таја*)	*теа*	*тие* (*тије*)
	нему (*тому*)	*нојзе*	–	–
	него (*того*)	–	–	–

Првиот систем, под а), карактеристичен е за полошките, поречко-кичевските и охридско-преспанските говори. Вториот, под б), го среќаваме, главно, во дебарските и во западниот дел од струшкиот говор (Вишни, Вевчани).

2.5. Сличен систем имаме и во говорот на Бобоштица, само што во него е жива и дативната множинска форма:

			м.р.	ж.р. и с.р.
сој	*сас* (*сази*)	*сос* (*сози*)	*сија*	*сʲäс* (*сʲäзи*)
сому	*сʲäс* (*сʲäзи*)	–	*сијам*	*сʲäм*
согва	–	–	–	
тој	*тас* (*тази*)	*тос* (*този*)	*тија*	*тʲäс* (*тʲäзи*)
тому	*тʲäс* (*тʲäзи*)	–	*тијам*	*тʲäм*
тогва (*тогова*)	–	–	–	

2.6. За северните говори карактеристична е општата форма за женски род, која се разликува од номинативната поради поинаквиот фонетски развој на носовката **ǫ* и образувањето на множинската форма за женски род. Системот на демонстративните заменки таму ни се претставува во следниов вид:

овӑј	*ов'ај*	*ов'ој*	*ов'ија* (м. и с.р.),	*ов'еј*, *'ове* (ж.р.)
ов'ому	*ов'ојзе*	–	–	–
ов'ога	*ов'уј*	–	–	–
онӑј	*он'ај*	*он'ој*	*он'ија*	*он'еј* (*'оне*)
он'ому	*он'ојзе*	–	–	–
он'ога	*он'уј*	–	–	–
тӑј	*тај*	*тој*	*т'ија*	*теј* (*те*)
т'ому	–	–	–	–
т'ога	*туј* (*ту*)	–	–	–

2.7. Во скопско-велешкото и прилепско-битолското говорно подрачје, каде што дативната синтетичка форма е заменета со аналитички исказ, деклинацискиот систем е поупростен. Во тие говори во машки род има две форми – номинативна и општа, а заменките од женски и среден род имаат само по една форма. Сп.

овој (*'овај*)	*'ова:* (*'оваја*)	*'ова* (*'ово*)	*'овие* (*'овија*, *'овиа*)
овега	–	–	–
'оној (*'онај*)	*'она:* (*'онаја*)	*'оно* (*'она*, *'оноа*)	*'оние* (*'онија*, *'ониа*)
'онега	–	–	–
тој	*та:* (*т'аја*)	*т'оа* (*то:*, *т'ова*)	*т'ие* (*т'ија*, *т'иа*)
н'его	–	–	–

2.8. Во сите други македонски говори што се наоѓаат источно од Пчиња, Вардар и Црна и јужно од линијата Црна – Преспанско Езеро демонстративните заменки се јавуваат само во својата номинативна форма, која служи и како општа.

2.9. *Забелешка*: постои апсолутно поклопување во секој поглед меѓу формите на демонстративните заменки и формите на личните и роднинските имиња. Таму каде што се пази синтетичкиот датив кај именките се среќава и кај заменките, каде што се разликуваат номинативната и општата форма кај личните имиња, тие форми се разликуваат и кај демонстративните заменки.

2.10. Разновидности на заменката *тој* се: *тăј*, *тај*, *таја*, *тиа*, *тоа*, *тоо*, *то*, *тове*, *тос*, *тус*, *този*, *тузи*.

Првата форма – *тој*, која е истовремено и литературна, се среќава во Западна и Југозападна Македонија (в. карта бр. 24). Има единствен ареал. Нејзината источна граница оди до Вардар и Црна, а на југоисток се среќава до Островското Езеро.

Во Северна Македонија, северно од линијата Лепенец – Скопје – Кратово – Крива Паланка се употребува формата *тăј*, која е, всушност, фонетска варијанта на *тој*.

Во северниот дел на Полог, во аголот меѓу Вардар и Шар Планина, северно од Тетово, забележан е обликот *таја* (сп. *тај'а чуек* во Вратница и Рогачево).

Источно од Вардар, на појасот Крива Паланка – Кочани – Радовиш – Струмица се употребува разновидноста *тај*. – На исток од овие говори, во малешевско-пиринската област во машки род се јавува *тове* (сп. *т'ове* – *т'аа* – *тов'а*), а во долновардарските на релацијата од Беласица до Островското Езеро формата *тоо* (*то:*), негде-годе покрај Вардар и *тиа*, карактеристична форма за тиквешките говори (сп. таму: *т'иа* – *т'аа* – *т'оа*).

На источната периферија од македонската јазична територија, на просторот од Лагадинското Езеро до Неврокоп, се употребува формата со партикулата *-з-*(*-зи*) : *тос*, *този* (*тус*, *тузи*), позната и во граничните бугарски дијалекти (Голомб, 1962/63 : 198; Lavrov – Polívka: 1932 : 311; Мирчевъ, 1936 : 75).

Распоредот на приведениве форми, како што се гледа, е доста прегледен. Секоја форма има свој определен ареал. На пограничјата, природно, можат да се сретнат и двојни форми.

2.11. Во женски род се употребуваат три основни форми: *таа*, која е литературна, со разновидностите *та* и *таја*, *тас* со варијантите *тази*, *тăзи*, и *тај* (в. карта 25). Првата форма (*таа*, *та*, *таја*) се среќава во сите наши дијалекти, со исклучок на кумановско-овчеполските и кратовско-паланечките говори, каде што се употребува *тај*, и во серско-лагадинските, каде што доминира *тас* со споменатите варијанти. Освен тоа формата *тас* (*тази*) ја познава и бобоштенскиот говор. Во полошките, дебарските, поречко-кичевските, скопските и делумно во костурско-леринските говори се употребува разновидноста *таја*. Во говорите јужно од линијата Охрид – Прилеп покрај *таа* често се среќава и контрахираниот облик *та:* (*та*).

2.12. За среден род се употребуваат формите: *т'оа*, *тоо*, *то*, *тва*, *т'ова* / *тов'а* (*тув'а*), *тој*, *т'ое* (*т'оје*), *тос* (*тус*), *този* (*туз'и*), *т'еа* (карта 26). Заменката *тоа* со фонетските разновидности *тоо*, *то*, *тва* се среќава само во Западна Македонија, вклучувајќи ги тука и тиквешко-мариовските говори. Во полошките, поречко-кичевските, охридско-преспанските, прилепско-битолските и тиквешко-мариовските говори основна е формата *тоа*. Во струшкиот говор, кој ја познава фонетската промена *-оа-* во *-ва-* (сп. *тоар* > *твар*), се употребува разновидноста *тва*. Во говорите што се наоѓаат јужно од линијата Преспа – Гевгелија покрај *тоа* се јавуваат и варијантите *тоо*, *то*. Во границите на дебарскиот дијалект се употребува *теа*. Во источните говори јужно од линијата Скопје – Свети Николе – Кочани па готово до Солун како основна форма за среден род се јавува *това*, некаде видоизменета во *тува* (Кукушко, Дојранско). Границата меѓу формите *това* и *тоа* оди приближно по реката Вардар од Скопје па до Гевгелија. Освен во источните формата со *в* се среќава и во костурските говори. Во северните говори се употребува *тој*. Изоглосата меѓу оваа форма и *това* оди по правецот Лепенец – Свети Николе – Кратово – Крива Паланка. Во скопско-црногорските села забележана е формата *тоје*, позната и во некои костурски говори (с. Горенци). Формите со партикулата *-з-* (*-зи*) се карактеристични за лагадинско-неврокопската група, а во Западна Македонија се среќаваат во костурските говори што се наоѓаат јужно од линијата Костур – Корча. Негде тие се единствени во употреба, а негде се јавуваат паралелно со формите *това*, *тоа* (*то:*). Во неврокопскиот говор Мирчев (1936) ја забележал и формата *тва*, која по своето образување се разликува од истата форма во струшкиот говор.

2.13. Во множината имаме две основни форми: *тие* (*тије*) и *тија* (*тиа*). Најмногу е раширена втората: се употребува во северните говори, во источното наречје, без лагадинско-серските говори, и во цела Јужна Македонија. Формата *тие* ограничена е на дебарските, охридско-преспанските и прилепско-битолските говори, и само спорадично се јавува во некои костурски говори (карта 27). Во сушко-височкиот и во серско-неврокопскиот како множинска форма се употребува *тес*, со разновидностите *тӓс*, *тӓзи*, позната уште во бобоштенскиот говор.

2.14. Демонстративната заменка *овој* се среќава уште во формите *'овај*, *овӑј*, *'овја*, *'ове* и *вој*, *вај*, *во*, *в'оа*, *в'иа*. Изоглосата меѓу формите со почетно *о* и без него оди по правецот Преспанско Езеро – Црна – Штип – Кочани (карта 28).

Литературната форма *овој* превладува во скопско-велешкиот, спорадично се јавува во Пелагонија и во јужните преспански села. Веднаш на исток, во костурско-леринското подрачје и во Мариово се шири ареалот на формата *вој*. Во долновардарските говори на просторот од Островското Езеро до Солун и на север до Демир Капија формата за машки род се изедначила со обликот за среден род и гласи *воа* или *во*. Во тиквешко-мариовските говори се обопштила формата *в'иа* (: *в'аа* – *в'оа*). Заменската форма *овӑј* ограничена е на кумановско-кратовскиот терен. Во северозападните говори од Скопска Црна Гора до Јабланица и Охридското Езеро се употребува заменката *овја*. *Овај* превладува во охридско-преспанската зона, во кичевскиот говор и напоредно со *овој* во Пелагонија, а во Источна Македонија во штипско-кочанскиот говор. Како што се гледа, таа се шири на појасот Охрид – Прилеп – Штип – Кочани, кој е прекинат во Повардарјето меѓу влезот на Црна и Пчиња во Вардар. Јужно од Штип има појас што оди до близу Струмица, каде што се употребува формата *вај*.

2.15. Форми за женски род се: *'оваа*, *'ова:*, *'оваја*, *ов'оја*, *'овеа*, *ов'ај*, и *в'аа*, *ва*, *в'аја*, *в'оја* (в. карта 29).

Распоредот на формите со почетното *о* и без него е ист како кај формата од машки род (в. **2.13.**). Заменката *оваа* со фонетските разновидности *ова:* и *оваја* се употребува во западното наречје, северозападните говори (Долни Полог и Скопска Црна Гора), а во Источна Македонија превладува во штипско-кочанскиот. Заправо тие се среќаваат во ареалот на формата од машки род *овој*, *овај*, *овја*. Во кумановско-кратовското подрачје единствена е формата *ов'ај* (м.р. *овӑј*). Заменката *'овеа* зафаќа мало пространство во средниот дел на Полог (на просторот од Тетово до Челопек и Милетино на југ). Формата *ов'оја* е забележана во некои костурски села (Вамбел, Брезница), а *ув'аа* во Разлог (Алексиевъ, 1930 : 111). Во говорите источно од линијата Костур – Штип се употребуваат, како што се истакна, формите без почетното *о-*, и тоа во костурско-леринските и тиквешко-мариовските говори доминира разновидноста *в'аа*, поретко *в'оја* (: м. р. *вој*, с. Бапчор), а во воденско-солунските покрај *в'аа* и стегната *ва:*.

2.16. Формата за среден род се среќава во разновидностите: *'ова*, *'ово*, *'ове*, *'овеа*, *'овое* / *ов'ое* (*'овоје*), *ов'ово*, *овоо*, *ов'оа*, *ов'ој* и *в'оа*, *в'ова*, *во*, *в'ое* (в. карта 30).

Литературната форма *'ова* зафаќа најголемо пространство: цел Полог, Поречe, Кичевија, охридско-преспанската област, Пелагонија и скопско-велешкиот крај до Вардар. Во дебарските говори од Луково до Маврово се јавува обликот *'овеа* (во ареалот на *т̄еа*, в. **2.12.**). Формата *'ове* ограничена е на мал простор западно од Струга (Радожда, Вевчани, Луково), а *'ово* се јавува спорадично во некои преспански села (Арвати, Д. Дупени, Нивица). Разновидностите *ов'оа*, *ов'ое* и *овоо* се карактеристични за штипско-кочанското подрачје и спорадично се среќаваат во некои југоисточни велешки села и во скопско-црногорскиот говор (*овоје*). Во Североисточна Македонија, северно од линијата Скопје – Свети Николе - Злетово се шири обликот *ов'ој* (*овӑј* – *ов'ај*). Во тиквешко-мариовските, радовишкиот и гевгелискиот говор формата за среден род гласи *в'оа*, а паралелно со *в'ова* се јавува и во костурско-леринските говори. Во воденско-солунските веќе превладуваат контрахираните *во* и *ва*, последнава во северните солунски села. Во некои костурски села забележана е и формата *в'ое* (: *вој* – *в'аја*, с. Горенци, Вамбел, Поздивишта).

2.17. Разновидности на множинската форма се: *'овие* (*'овије*), *'овје:*, *'овиа* / *ов'иа* (*'овија* / *ов'ија*), *'овја:*, и *в'ие*, *в'иа* (*в'ија*) (в. карта 31).

Првите две форми (*овие*, *овје*) се употребуваат во дебарските, охридско-преспанските, прилепско-битолските говори и во јужниот дел на поречко-кичевскиот говор. Во северните поречки села и во полошките говори единствена е формата *'овја:*, позната и во југозападните скопски села. Источно од Скопје и Велес и северно од линијата Штип – Кочани множинската форма гласи *ов'ија*, а јужно од неа, на запад до Црна и Преспанското Езеро – *в'иа* (*в'ија*).

Во врска со крајниот вокал јасно се оцртуваат два ареала – со завршокот *-е* (*овие*, *овје:*) и со *-а* (*овиа*, *овија*, *вија*, *овја:*). Формата на *-е* карактеристична е за западното наречје без неговиот северен дел. На сета друга територија се употребува формата на *-а*. Во овој поглед постои апсолутно поклопување со множинските форми на демонстративната заменка *ѿој* (в. **2.13.**, карта 27).

2.18. Демонстративната заменка '*оној* се среќава уште во формите '*онај*, *онăј*, '*оња* ('*онја*, '*ојна*), '*оне*, *ониа* (*онија*) и *ној*, *н'иа*, *нос* (*нус*), *нози* (*нуз'и*) (в. карта 32).

Литературната форма '*оној*, како и *овој*, единствена е во скопско-велешкиот, напоредно со '*онај* се јавува и во Пелагонија и преспанските говори, како и во некои западни струшки села. *Онај* освен во прилепско-битолскиот и кичевско-поречкиот во Западна Македонија се среќава уште во охридско-преспанското подрачје, а во источна на појасот Штип, Кочани, Злетово до бугарската јазична граница. Во Северна Македонија северно од линијата Свети Николе – Злетово – Крива Паланка во употреба е разновидноста *онăј*, а во полошките и дебарските говори '*оња* или '*онја* (последнава во долнополошките села). Формата *н'иа* карактеристична е за тиквешко-мариовските, '*оне* за малешевско-пиринските, додека во серско-лагадинските и неврокопскиот покрај *нос* (*нус*) се јавува и *н'*^{ў}*ози* (во Неврокоп) *н'ози* (Г. Броди, Крушево, Старово – Серско), *нуз'и* (Сухо). Ареалите на формите *оној*, *онај*, *оња* (*онја*, *ојна*) и *онăј* и *ниа* наполно се поклопуваат со ареалите на заменката *овој* и нејзините разновидности *овај*, *овја*, *овăј*, *вија* (в. **2.14.**, карта 28).

2.19. Во женски род се среќаваат разновидностите: '*онаа*, '*она:*, '*онаја* / *он'аја*, '*онеа*, *он'ај*, *н'аја* (*н'аа*) и *нас* со варијантите *н'ази*, *нăзи* (карта 33). Последниве форми (со партикулата *-з*, *-зи*) се јавуваат само во серско-лагадинските и неврокопскиот говор. Разновидноста со испуштено почетно *о-* (*наа*, *ниа*) се среќава во тиквешкиот и делумно во велешкиот говор. Во северните говори формата за женски род е *он'ај*. Нејзиниот ареал се поклопува со ареалите на заменките *ѿај*, *овај* (в. **2.11.**; **2.14.**). На целата друга територија се употребува заменката '*онаа* со разновидностите '*она:* и '*онаја*. Последнава превладува во северниот дел од западното наречје. Во Тетово и во говорот на околните села превладува обликот '*онеа*. Постои поклопување меѓу изоглосите на формите '*онаа* (*она:*), *онаја*, *онеа*, *онај*, *на*(*ј*)*а* со изоглосите на заменката *оваа* и нејзините варијанти *оваја, овеа, овај, ва*(*ј*)*а* (в. **2.14.**).

2.20. Разновидностите на формата за среден род се: '*она*, '*оне*, '*онеа*, *он'ој*, '*оноа* / *он'оа*, '*оноје* / *он'оје*, *онов'а* и *н'оа*, *нов'а*, *нос* (*нус*), *н'ози* (*нуз'и*) (в. карта 34).

Формите со партикулата *-з* (*-зи*) се употребуваат во оние говори каде што истиве овие форми се јавуваат и за машки род (в. **2.18.**). Спорадично таму се јавува и обликот *нов'а* (сп. *нов'а време* во Горно Броди, *нов'а* во Неврокоп Lavrov – Polívka, 1932 : 312; Мирчевъ, 1936 : 75). Формата *онов'а* е карактеристична за малешевско-пиринските говори. Нејзиниот ареал се поклопува со ареалот на заменката '*оне* за машки род ('*оне* – *он'аа* – *онов'а*). Западно од овој ареал се јавува разновидноста *он'оа* (во штипскиот, кочанскиот и во дел на велешкиот говор), а јужно од неа *н'оа* (во тиквешко-мариовските говори, сп. *н'иа* – *н'аа* – *н'оа*). Северно од Скопје и Злетово се употребува *он'ој* (во ареалот на *овој*). На запад од Лепенец, Вардар и Црна формата за среден род гласи '*она*, освен во дебарските говори каде што се среќава обликот '*онеа* ('*онеја*) и во некои западни струшки села каде што е забележана разновидноста *'оне*. И на овој дел од македонската јазична територија ареалите на заменките *она*, *онеа*, *оне* се поклопуваат со ареалите на формите *ова*, *овеа*, *ове*.

2.21. Множински форми се: *'оние* (*'оније*), *'оније:* (*'оње:*) – во западните говори (во дебарските, охридско-преспанските и централните), *'онија* / *он'ија* – во северните и источните (штипскиот, кочанскиот, малешевско-пиринските), *'онја:* (*'оња:*) – во северозападните (полошките и северниот дел на поречкиот), *н'иа* (*н'ија*) – во тиквешко-мариовските, и *нес*, *н'ези* – во серско-лагадинските и неврокопскиот (карта 35). Изоглосите на сите приведени форми наполно се поклопуваат со изоглосите на соодветните форми на заменката *овој* (в. **2.16.**, карта 31).

2.22. Порано споменавме дека на еден дел од западното и северното наречје се пазат синтетичкиот акузатив и датив кај заменките за машки род, кога се однесуваат на лични и роднински имиња.

По говорите се среќаваат овие акузативни форми: *'овег̄а, 'онег̄а*, *'овог̄а* / *ов'ог̄а, 'оног̄а* / *он'ог̄а, 'овог̄о, 'оног̄о*, *'овајг̄а, 'онајг̄а*, *овојг̄а, онојг̄а*, *ов'ег̄оа, он'ег̄оа*, *овог̄ој, оног̄ој*, *овог̄ова, оног̄ова*, *ов'аг̄а, он'аг̄а* (в. карта 36).

Најраширени се формите *'овег̄а*, *'онег̄а*. Се употребуваат во централните, охридско-преспанските и полошките говори. На југ и исток се среќаваат до Црна и Вардар. Во дебарските и во западниот дел од струшкиот говор се јавуваат разновидностите *'овог̄о*, *'оног̄о*. Во Северна Македонија северно од Тетово, Скопје, Свети Николе и Злетово акузативната форма гласи *'овог̄а* / *ов'ог̄а*, *'оног̄а* / *он'ог̄а*. Како оази во ареалите на споменативе форми се раштркани разновидностите *овајг̄а*, *онајг̄а* (во скопскоцрногорскиот говор), *ов'аг̄а*, *он'аг̄а* (во некои овчеполски села – Немањинци, Ѓуѓанце), *овог̄ој*, *оног̄ој* (во Злетовско), *ов'ег̄оа*, *он'ег̄оа* (во Тетовско: Челопек, Милетино).

Од заменката *т̄ој* со демонстративно значење како општа форма во западните говори се употребува *н'ег̄о* (од личната заменка). Формата *т̄'ог̄о* се среќава само во северните говори на целиот појас од Шар до Осогово и на југ до Скопје и Свети Николе. На скопскиот терен се среќава и обликот *т̄'ојг̄а* или *т̄'ајг̄а* (во скопскоцрногорскиот) покрај *т̄'ог̄а*. Од оваа основа е образувана и бобоштенската форма *т̄ог̄ова* и *т̄ог̄ва* (Mazon, 1936 : 66).

2.23. Дативната форма завршува на *-у* во сите говори каде што се пази. Дијалектни разлики има само во основниот вокал. Во охридско-преспанските, поречко-кичевските и полошките говори таа гласи *'овему*, *'онему*, а во дебарските и северните *'овому*, *'оному*. Нивните ареали се поклопуваат со ареалите на акузативните форми *овег̄а*, *онег̄а* и *овог̄о*, *оног̄о*, одн. *овог̄а*, *оног̄а* (карта 37).

Формата *т̄'ому* ја познава само бобоштенскиот говор, во кој се пази и датив множина *т̄ијам* за машки род, *т̄ʲäм* за женски род.

2.24. Во женски род општата форма се разликува од номинативната само во северните говори: *ов'уј*, *он'уј*, *т̄уј*, поретко *ов'у*, *он'у*, *т̄у* (: ном. *ов'ај*, *он'ај*, *т̄ај*).

2.25. Дативната синтетичка форма се пази на поголема територија, готово на целиот западен појас од Скопска Црна Гора до Охридското и Преспанското

Езеро. Таа не е единствена ни по крајниот ни по основниот вокал. Во поречко-кичевските и полошките говори се употребуваат формите *'овејзи*, *'онејзи* (*'овези*, *'онези*), одн. во Полог и *'овојзи*, *'онојзи* (в. карта 38). Во охридско-преспанските, дебарските и долнополошките доминираат разновидностите *'овејзе*, *'онејзе* (*'овезе*, *'онезе*) и *'овојзе*, *'онојзе*. Поинаков е малку распоредот на овие форми според основниот вокал. Разновидностите со *-о-* (*овојзе*, *онојзе* и *овејзе*, *онејзе*) ограничени се на дебарското говорно подрачје и во долнополошките говори, а само спорадично се јавуваат во горнополошкиот.

И од заменката *таа* со демонстративно значење се употребува дативната форма на личната заменка: *н'ејзе* (*н'езе*), *н'ејзи* (*н'ези*), и само спорадично во северозападните говори може да се сретне формата од тврдите основи *т'ојзи* (Раотинци, Тетовско) и во говорот на Бобошчица: *т*^{j}*äзи*.

2.26. За објаснување на некои заменски образувања корисно ќе ни послужи ако дадеме еден преглед на сите демонстративни заменски форми по системи спрема родот.

1.	*тој*	*таа / та:*	*тоа*	*тие*
	овој	*оваа / ова:*	*ова*	*овие*
	оној	*онаа / она:*	*она*	*оние*
2.	*тој*	*та: / та*	*то*	*тие*
	овој	*ова: / ова*	*ово*	*овие*
	оној	*она: / она*	*оно*	*оние*
3.	*тој*	*таа / таја*	*тоа / това*	*тија*
	овој	*оваа / оваја*	*овоа / ова*	*овија*
	оној	*онаа / онаја*	*оноа / онова*	*онија*
4.	*тој*	*таа*	*тоа*	*тија*
	вој	*ваа*	*воа*	*вија*
5.	*тој*	*таја*	*тое*	*тија*
	вој	*ваја*	*вое*	*вија*
6.	*тој*	*тоја*	*това*	*тија*
	вој	*воја*	*вова*	*вија*
7.	*тој*	*таја*	*тоа*	*тија*
	овја	*оваја / ова:*	*ова*	*овја:*
	оња	*онаја / она:*	*она*	*оња:*
8.	*тој*	*таја*	*тоа*	*тија*
	овја	*овеа*	*ова*	*овја:*
	онја	*онеа*	*она*	*онја:*
9.	*тој*	*таја*	*теа*	*тие*
	овја	*ова:*	*ове*	*овие*

	оња	*она:*	*оне*	*оние*
10.	*тој*	*таја*	*теа*	*тије*
	овја	*оваја*	*овеја*	*овије*
	онја	*онаја*	*онеја*	*оније*
11.	*тој*	*та:*	*то:*	*тие*
	овај	*ова:*	*ова*	*овие*
	онај	*она:*	*она*	*оние*
12.	*тај*	*таа*	*тоа*	*тиа*
	овај	*оваа*	*овоа*	*овиа*
	онај	*онаа*	*оноа*	*ониа*
	тај	*таа*	*тоо / това*	
	овај	*оваа*	*овоо / овое*	
	онај	*онаа*	*оноо / оное*	
13.	*тај*	*таа*	*тој*	*тија*
	овај	*оваа*	*овој*	*овија*
	онај	*онаа*	*оној*	*онија*
14.	*тај*	*таа*	*тоа*	*тиа*
	вај	*ваа*	*воа*	*виа*
15.	*тӑј*	*тај*	*тој*	*тија*
	овӑј	*овај*	*овој*	*овија*
	онӑј	*онај*	*оној*	*онија*
16.	*таја*	*таа*	*тоа*	*тија*
	овја	*оваа*	*ова*	*овја:*
	оња	*онаа*	*она*	*оња:*
17.	*тиа*	*таа*	*тоа*	*тиа*
	виа	*ваа*	*воа*	*виа*
	ниа	*наа*	*ноа*	*ниа*
18.	*тове*	*таа*	*това*	*тиа / тие*
	оне	*онаа*	*онова*	*ониа / оние*
19.	*тоа / то*	*таа / та*	*тоа / то*	*тиа*
	воа / во	*ваа / ва*	*воа / во*	*виа*
20.	*тос / тој*	*тас*	*тос*	*тес / тиа*
	този	*тази*	*този*	

2.27. Сите приведени демонстративни заменки се континуанти на старословенските **тъ**, **овъ**, **онъ**, **сь**, кон кои после се придружиле партикулите **-и** (**-ꙗ**, **-ѥ**) и

-**з** (-**зє**, -**зи**). Сп.: **тъ+ и** > **тои** > *тој*, **овъ** + **и** > **овои** > *овој*, **онъ** + **и** > **онои** > *оној*, па спрема нив после и *сој* (од **сь** + **и**), одн. **тъ** + **з** > *тоз* (*тос*), **онъ** + **з** > *оноз* (*онос*, *нос*). Формите *тај*, *овај*, *онај* и *тӑј*, *овӑј*, *онӑј* се само фонетски разновидности, како и *вој*, *ној*, одн. *вај*, *нај*, каде што почетното *о* се загубило за да се добие слоговна симетрија со *тој* (*тај*). Разновидностите *овја*, *онја* (кое после дало *оња*), до колку не се видоизменети со метатеза (*овај* – *овја*), како што се добиени *ојва*, *ојна*, можеле да бидат образувани со партикулата *-ја* (**овъ** + **ꙗ**, **онъ** + **ꙗ** > **овꙗ**, **онꙗ**). Готово во сите говори каде што овие две заменки во машки род завршуваат на *-ја*, и формата за среден род завршува на *-а*. Тоа може да значи дека во сите три рода се генерализирала во својство на единствена партикула формата за женски род од анафорската заменка: **овъ** + **ꙗ**, **ова** + **ꙗ**, **ово** + **ꙗ**, денеска *овја*, *оваја* (> *оваа* > *ова:*), *ова* < *овоја* > *овја* и после *ова* со аналогија (в. **1.37.**). По ист начин е образуван и редот *онја* – *онаја* – *она*. По аналогија на *овја*, *оња* во вратничкиот говор преобразувана е и формата *таја* (сп. *таја чуек*, *таа жена*, *тоа дете*). Со обопштување на партикулата *-ја* би можеле да се објаснат и тиквешките форми *тиа*, *виа*, *ниа* (: *таа*, *ваа*, *наа* : *тоа*, *воа*, *ноа*). Диференцијално-родова функција овде врши основниот вокал, што и помогнало да се зацврсти *и* во машки род. На сличен начин може да се бара објаснување и за преобразувањето на малешевско-пиринските форми *тове*, *оне* (: *таа*, *онаа* : *това*, *онова*).

2.28. Од старите форми за женски род *та*, *ова*, *она* со партикулата *-ја* се добиле *таја*, *оваја*, *онаја*. Разновидностите *таа*, *оваа*, *онаа* и *та:*, *ова:*, *она:* настанале по губењето на интервокалното *ј*. Во северните говори се обопштила партикулата *-ј* во сите три рода, па така се објаснува постанокот на формите *тај, овај, онај*. Во некои костурски говори се среќаваат, видовме, формите *тоја*, *воја*, кои се преобразувани спрема обликот за машки род *тој*, *вој*. Диференцијалната родова функција ја презела партикулата (сп. *тој*, *вој* – *тоја*, *воја* – *това*, *вова* или *тој*, *вој* – *тоја*, *воја* – *тое*, *вое* – *тија*, *вија*). – Со партикулата *-з* се образувани *тас*, *нас*, одн. со *-зи* : *тази*, *нази*, или *тӑзи* (акузативна форма).

2.29. Старата партикула *-је* за среден род се среќава ретко, сп. *то*(*ј*)*е*, *во*(*ј*)*е* (: *тој*, *вој* : *таја*, *вája*) во Костурско (Горенци). Во северномакедонските форми *тој*, *овој*, *оној* (*тӑј*, *овӑј*, *онӑј* : *тај*, *овај*, *онај*) се генерализирала, како што се нагласи веќе, партикулата *-ј*. Во повеќето дијалекти се наложила партикулата *-ва* : *това*, *онова* (*нова*), *овова* (*вова*), одн. *тоа*, *оноа* (*ноа*), *овоа* (*воа*). Поради фонетски незгоди во бројни говори формите *овоа*, *оноа* се скратиле во *ова*, *она*, и така сме го добиле редот: *овој* – *оваа* – *ова*, *оној* – *онаа* – *она*. Секако, ова преобразување не можело да се изврши во оние говори каде што се пази *в*, или каде што отпаднал првиот слог, сп. *овова, онова*, одн. *вова, нова* – *воа, ноа*. Охридско-преспанското *то* и струшкото *тва* се фонетски разновидности од *тоа* (в. **2.12.**). Спрема *то*, или како него, се добиени и *ово*, *оно*. Така, поради асимилацијата и контракцијата извршени во формите за женски и среден род во некои говори дошло и до промени на целиот систем, сп. *тој* – *та* – *то*, *овој* – *ова* (*ова:*) – *ово*, и др. – Во дебарските говори формите *теа*, *овеа*, *онеа* (*теја*, *овеја*, *онеја*) можат да се објаснат пак само тргнувајќи од целиот систем. Промени претрпел вокалот од основата кој ја примил функцијата за родово диференцирање. Сп.: *ов-ø-ја*, *ов-а-ја*, *ов-е-ја*; *он-ø-ја*, *он-а-ја*, *он-е-ја*. Спрема *овеја*, *онеја* образувано е и *т̄еја*: (*т̄ој* – *т̄аја*). Таква родово-диференцијална функција врши вокалот *-е* и во формите *ове*, *оне* (: *овој*, *оној* – *ова*, *она*) во говорот на некои струшки села (в. **2.15.**). Со партикулата *-з* се образувани *т̄ој*, *нос*, со *-зи* : *т̄ози*, *нози*. *Тузи*, *нузи* се фонетски разновидности на првиве.

2.30. Множинските форми *т̄ие*, *овие*, *оние* (*т̄ије*, *овије*, *оније*) и *овје:*, *оње:* (*оње:*) се образувани со партикулата *-је*, а *т̄ија*, *овија*, *онија* (*т̄иа*, *овиа*, *ониа*) и *овја:*, *оња:* (*оња:*) со партикулата *-ја*. Формите *овје:*, *оње:* (*овие*, *оние*) и *овја:*, *оња:* (*овиа*, *ониа*) се секундарни образувања на што укажува и долгиот изговор на дифтонзите (*овие*, *оние* > *овје:*, *оње:*; *овиа*, *ониа* > *овја:*, *оња:*).

2.31. Дативните форми *нему*, *нејзе* (*незе*, *нејзи*, *низи*) го континуираат дативот на меките основи. Спрема нив се образувани и формите *овему*, *онему* и *овејзе* (*овејзи*, *овези*), *онејзе* (*онезе*, *онејзи*, *онези*). Но има и говори, како што видовме, каде што се пазат и дативните форми на тврдите основи: *овому*, *оному*, *т̄ому*, *овојзе*, *онојзе*, *нојзе*. Партикулата во формата за женски род се јавува во две варијанти: *-зи* и *-зе*. Тие се распоредени според дативната наставка кај именките од женски род (сп. *онејзе Маре* – *онејзи Мари*).

2.32. Акузативните форми *овог̄о*, *оног̄о*, *т̄ог̄о*, кои се употребуваат како casus generalis за машки род, ја репрезентираат некогашната тврда промена. Во *овог̄ој*, *оног̄ој* партикулата *-ј* е пренесена од номинативната форма. Во северните говори, како и во српскиот, тие завршуваат на *-г̄а* : *овог̄а*, *оног̄а*, *т̄ог̄а*. Формите *оваг̄а*, *онаг̄а* и *овајг̄а*, *онајг̄а*, *т̄ајг̄а* се секундарни образувања со акузативната наставка и номинативната форма.

Спрема меката промена, посебно спрема *нег̄о*, се образувани формите *овег̄о*, *онег̄о* и *овег̄а*, *онег̄а*. Последниве две (*овег̄а*, *онег̄а*) се најраспространети. Судејќи само според нивната географска распространетост, може да се претположи дека наставката *-г̄а* е внесена од север. Можеби се работи и за влијание на општата форма на личните имиња со кои демонстративните заменки и одат: *овег̄а Јована*, *Марка*, *Дамет̄а*. Во *нег̄о а* не можело да продре, зашто оваа форма врши функција и на лична заменка. – Во формите *овег̄оа*, *онег̄оа* крајното *-а* е додадено на готовиот акузативен облик (*овег̄о*, *онег̄о*), кој не бил толку изразен со таквата своја функција.

3. Лично предметни заменки

3.1. Лично-предметни заменки за *п̄рашања* се: *кој* (*куј*, *киј*; *ки*, *т̄о*), *к'ојa* / *кој'а* (*коа*), *к'ое* / *ко'е* (*к'оје* / *кој'е*, *к'ојо* / *кој'о*), *к'ои* / *ко'и* (*који*, *кои*, ж.р. *које*), оп. ф. *к'ог̄о* / *ког̄'о* (*к'ог̄у*, *куг̄'у*, *к'ог̄а*, *к'ојег̄а*, *к'ојг̄а*, *к'ог̄ва*), *к'оји* / *кој'и*, дат. ф. *к'ому*, ж.р. *које*; *к'от̄ри*, *к'от̄ра*, *к'от̄ро*, *к'от̄ри* (*к'ут̄ри*, *-'а*, *-'о*, *-'и*, *-'е*, *кут̄рӑј*);
за предмети: *шт̄о* (*шчо*, *шо*, *шу*), дат. *чему* (*чем*, *чому*, *чуму*).

3.2. *Неоп̄ределени* заменки за лица се: *н'екој* (*н'екуј*, *н'икуј*, *н'еки*, *н’äк'ој*, *н’ак'ој*), *н'екоја* (*н'екоа*, *н'икоа*, *н'ека*, *н’’äкоја*, *н'екоје*), *н'екое* (*н'екоје*, *н'икое*, *н'еко*), *н'екои* (*н'екоі̯*, *н'еки*, ж.р. *н'екоје*, *н'еке*), оп. ф. *н'ekог̄о* (*н'еког̄а*, *н'екојг̄а*, *н'е-*

куг̄о, ж. р. *н'еку*), дат. *н'екому; н'екој-си, нек'оја-си, нек'ое-си, н'екои-си; н’ахт̄о, н’афт̄у; нев'е-кој-си, неве-која-си, нев'е-кое-си, нев'е-кои-си; н'ем-кој, н'ем-која, н'ем-küје; 'ер-кој, 'ер-која, 'ер-кое; нек'ој-г̄оде(р), некој'а-г̄оде(р), неко'е-г̄оде(р); кој-б'ило, која-б'ило, кое-б'ило, кои-б'иле; к'ој-д'а-е, кој'а-д'а-е, ко'е-д'а-е, к'оі̯-д'а-се; 'ед'ен* (*ед'ăн, ед'ин, ид'ин*), *'една* / *едн'а, 'едно* / *едн'о* (*идн'о, ин'о*), *'едни* / *едн'и* (*идн'и, ин'и, ин’'е*, ж.р. *едне*)*; ин, -а, -о, -и; боад'ин* / *боед'ин, боадн'а, боадн'о, боадн'и; друг̄, -а, -о, -и;*

за предмети: *н'ешт̄о* (*н'ешчо, н'ешо, н'ешт̄у*), *н'ишт̄о, н’äшт̄о* (*н’äшчу*), *шт̄'о-г̄оде(р), шт̄о-б'ило, шт̄о-д'а-е, нев'е-шт̄о, н'ем-шт̄о.*

3.3. За негација: *н'икој* (*н'икуј*), *н'која* (*н'икоа, н'ико*), *н'икое, н'икои;* оп. ф. *н'ико̄го* (*н'ико̄га, н'икојг̄а*), дат. *н'икому; н'ихт̄о* (*н'ихт̄у*)*; н'икот̄ри, -а, -о, -и; н'ишт̄о* (*н'ишчо*).

3.4. Општата лична заменка гласи: *с'екој* (*с'екуј, с’äкуј, св'екој, с'еки, св'ак, св'аки, св'акој, св'ики*), *с'која* (*с'екоа, с'екуа, св'екоја, св'екоа; св'ака, св'ика*), *с'екое* (*с'екоје, с'екуе, св'екое; св'ако, св'акоје; св'ики*), оп. ф. *с'ек̄ого* (*св'ек̄ого, св'аког̄а, св'акојг̄а*, ж.р. *св'аку*), дат. *с'екому* (*св'екому, св'акому*)*; с’äкут̄риј, с’äкут̄ра, с’äкут̄ру;*

за предмети: *с'ешт̄о* (*с'ешчо, св'ешт̄о*), *с'е-нешт̄о.*

3.5. Заменката *кој* е општа прашална форма во македонските дијалекти. *Ки* со разновидностите *киј* и *куј* се јавува спорадично, главно во западните говори (централните, охридско-преспанските, дебарските) како архаизам во изразот *к'и-знајт̄* (*к'иј-знајт̄, к'уј-знает̄*). Формата *т̄о* исто така претставува архаизам и е ограничена на сушкиот (лагадински) говор; *ког̄у* е особина само на височкиот (Голомб, 1962/63 : 200), а *к'от̄ри* (*кут̄р'и*) е карактеристична за сушко-височкиот, серскиот и неврокопскиот, сп. *кот̄ри, -а, -о* во серскиот (Lavrov – Polívka, 1932 : 313), *кот̄р'и, -'а, -'о, -'е* во Сухо и Неврокоп (Голомб, 1962/63 : 203), *кут̄р'äј, кут̄р'еја* во Висока (Голомб, 1962/63 : 203). Во тие говори се среќаваат и сложените *н'икот̄ри* (Голомб, 1962/63 : 203), *с’äкут̄ри, -а, -о* (Голомб, 1962/63 : 203).

3.6. Ареалот на разновидностите *шт̄о* и *шо* (*шчо*) не е единствен. Првата превладува во северните говори, во североисточниот дел од западното наречје (Полог, Кичевија, Порече, Велешко, Скопско), во дел од дебарските говори (Дримкол, Поле), а во Источна Македонија се среќава во долновардарските и лагадинско-серските, негде паралелно со *шо* (*шчо*). Во другите дијалекти доминира фонетската варијанта *шо* (поретко *шчо*). Вака се распоредени по дијалектите и сложените *нешт̄о, ништ̄о, сешт̄о.*

3.7. Заменките *н'екој, н'икој, с'екој* исто така се најраспространети форми во нашите дијалекти. Разновидностите *н'екуј, н'икуј, с'екуј* се јавуваат во говорите со редукција (долновардарските, поретко во костурските, тиквешките и малешевско-пиринските). Во дел од источните говори како неопределена заменка се употребува *н'икој* (Кумановско, Овчеполско, Долновардарско). Фонетската разновидност *н’äкој* е карактеристична за бобоштенскиот и серскиот говор; *н’äфт̄у* е забележена во сушко-височкиот, *неве-кој* во пијанечкиот, *нем-кој* и *ер-кој* во бобоштенскиот, *ин* во неврокопскиот говор. Во северните говори покрај *некој* се употребува и формата *неки* (Кумановско, Скопска Црна Гора). Заменката *боадин* позната е во неврокопскиот.

Во повеќе разновидности се среќава и општата лична заменка *секој* (карта 39). Литературната форма (*секој*) им е позната на повеќето дијалекти. Во дел од дебарските говори (дримколскиот, дебарскиот), во Полог, Порече, Скопско и во костурските говори превла̀дува фонетската разновидност *свекој* (*свекоја* / *свекоа, свекое*). Во јужниот дел на костурската област покрај *свекој* се јавува и формата *свики* за сите три рода: *свики човек имаше пушка; свики жена си пули на него; свики дете, свики еден* (Езерец), *на свик'и еден* (Горенци). Во поречкиот и во скопскиот покрај *свекој* се среќава и *свеки* (*секи*) : *секи еден.* Разновидностите *сваки, свак* и *свакој* ограничени се на северозападната дијалектна област. Нивната јужна изоглоса оди по правецот Тетово – Скопје – Свети Николе – Кратово. Заменката *с'äкутриј, с'äкутра, с'äкутру* е констатирана во сушко-височкиот говор, каде што се јавува и формата *с'äкуј.*

3.8. Во повеќето дијалекти жива е старата генитивно-акузативна форма за машки род, сп. *к'ого, н'екого, н'икого, с'екого – св'екого* во Леринско, Костурско, во цела Западна Македонија, Тиквешко, Мариовско, *к'огу, н'екогу, с'екогу* и *с'екуго* во долновардарските и некои костурско-лерински говори, *куг'о* во малешевско-пиринските, струмичкиот, *куг'у* во радовишкиот, одн. *к'ога, н'екога, н'икога, св'акога* во северните, каде што се среќава (по периферијата) и *к'ојга, н'екојга, н'икојга, св'акојга* (Дивле, Винце). Во скопско-црногорскиот говор наспоредно со *к'ога* се среќава и обликот *к'ојега.* Во корчанскиот и во говорот на дебарското село Луково забележена е формата *к'огва* (Mazon, 1936 : 67).

Во скопско-црногорскиот и во кумановскиот говор општата форма се разликува од номинативната и во женски род: *коју, некоју* / *неку, никоју, свакоју* / *сваку.*

3.9. Во западното наречје и во северозападните говори жива е и дативната форма за машки род: *к'ому, н'екому, н'икому, с(в)'екому – св'акому.* Исто така и во говорот на Бобоштица: *к'ому* (карта 40). Но во последниов жива е и дативната форма за среден и женски род: с.р. *које – к'ому,* ж.р. *која – к'оје* (Mazon, 1936 : 67). На другата територија на македонскиот јазик дативниот однос се изразува со *на*-конструкцијата (*на кого, на некого* или *на кој* итн.).

3.10. Во множина имаме една форма за сите три рода: *к'ои* / *ко'и, н'екои, н'икои* (со разновидностите *коі̯, н'екоі̯*). Само во северните говори и во Бобоштица формата за женски род завршува на *-е* : *које, некоје.* Во Бобоштица со *-е* се образува множината и во среден род, сп. *кој – који, која – које* и с.р. *које* – мн. *које*).

3.11. Заменката *што* е неменлива. Старата дативна форма *чему* со разновидностите *чем, чуму* и *чому* се среќава само во изразот *чуму-ти-је* // *чему-ти-је,* кој е ограничен, главно, на западните и југозападните говори.

3.12. Прашално-присвојни заменки се: *чиј* (*чи, чив – чиф, чеј*), *ч'ија* / *чиј'а* (*чиа, ч'ива* / *чив'а*), *ч'ие* / *чи'е* (*ч'ије* / *чиј'е, чио, ч'ијо* / *чиј'о, ч'иво, чи, чиј*), мн. *чии* (*чи, чији, чијуви,* ж.р. *чије*).

Формата за машки род се употребува во источното наречје, во костурско-леринските говори и во јужниот дел од западното наречје. Во бројни говори од овој ареал се губи крајното *-ј* : *чи* (во Малешевско, Костурско, Пелагонија). Во Северна и Северозападна Македонија на југ приближно до линијата Злетово – Велес – Кичево – Струга превладува разновидноста *чив*. *Чеј* е забележена во неврокопскиот говор.

Формата за женски род се јавува во разновидностите: *чива* (во северните, полошките и некои дебарски говори), *чија* / *чиа,* спорадично и *чи* (Костурско).

Ареалот на формата за среден род *чиво* се поклопува со ареалот на *чива.* На еден тесен појас јужно од овој ареал по правецот Кочани – Велес – Полог и во некои долновардарски говори се употребува разновидноста *чи(ј)о*. Во сушко-височкиот говор таа е еднаква со формата за машки род – *чиј*. На сета друга македонска територија доминира обликот *чие* (*чије*), а во некои костурско-лерински говори спорадично се јавува и *чи* (како во машки род).

Множински форми се: *чии, чи:, чиви* (во северните говори) за сите три рода.

Најдобро оваа заменка се пази во западното наречје и во северните говори. Во источните и во костурско-леринските прашања со присвојно значење можат да се изразуваат со формите на заменката *кој* и предлогот *на* : *на ког̄о, на кој* (*на ког̄о си*), *на која.* Може да се рече дека аналитичкото искажување во источните говори е пообично, а не е непознато и во западните говори.

3.13. Со неопределено значење се употребуваат формите: *н'ечиј, н'ечија, н'ечие, н'ечии* (и комбинации со другите фонетски разновидности на *чиј, чија, чие*).

3.14. Со одречно значење: *н'ичиј, н'ичија, н'ичие, н'ичии.*

3.15. Како општа заменка се употребува: *с'ечиј* (*с'ечив, св'ечиј, св'ечиф*), *с'ечија, с'ечие, с'ечии.*

3.16. Заменката *кој* (*која, кое, кои*) е континуант на старата заменка **кыи** (**каꙗ, коѥ**). Вокалот *о,* кој се јавил од потребата за израмнување на основата во сите облици, внесен е од косите падежи и другите форми. Старата форма во машки род сочувана е само во изразот *ки знајет̄* (*ки знаіт̄*). Сушкото *т̄о* ‘кој’ одговара на стсл. **къто** (Голомб, 1962/63 : 200), во која се загубило *к* во соседството со *т̄,* појава сосем обична во нашите дијалекти. Височкото *к'уг̄о* со номинативна функција претставува резултат на обопштување на генитивно-акузативната форма (*ког̄о*) како единствена генерална форма. За тоа придонесла и недоволната изразност на номинативниот облик *т̄о* (Голомб, 1962/63 : 201).

3.17. За генитивно-акузативната форма *ког̄о* и дативната *кому* од историски аспект нема што да се објаснува. Разновидностите *к'ог̄у, куг̄'о, куг̄'у* се само фонетски варијанти и се среќаваат во говорите што ја познаваат редукцијата на неакцентираните вокали. – *К'ојг̄а, н'екојг̄а, св'екојг̄а* се образувани спрема демонстративните *т̄ојг̄а, овọјг̄а, онојг̄а* (в. **2.22.**).

3.18. Формата *котри* (*котра, котро*) со разновидностите *кутри, кутрај,* која се употребува со прашална и релативна функција, Мирчев ја изведува од прасл. **kotorъjь.*

3.19. И сложените заменки *некој, никој* се стари образувања. Сушко-височките форми *н'ахто, н'äфту* и *нихто* (*нихту*) се континуанти на старите **nĕkъto*, **nikъto.* Ова покажува, од друга страна, дека во споменативе говори како прашална заменка се употребувала формата **къто**, додека во другите македонски дијалекти превладала заменката **кыи**.

3.20. Заменката *боадин* (*боедин*) е добиена од **edinъ* (диј. *адин*) и честичката **любо** со која во старословенскиот јазик се образувале неопределени заменки: **любо єдинъ > лю-боєдин**, одн. *боадин* во говорите каде што се употребува формата *адин* (Мирчев, 1958 : 173).

3.21. Формите со частичките *си* (*некој-си*), *еди* (*еди-кој, еди-кој-си*) и *годе // годер* (*кој-годе*) се нови образувања во нашите дијалекти како, впрочем, и сложените *кој-било, кој-да-е,* бобоштенското *нем-кој* (од *не знам кој*), малешевското *не-ве-кој* (од *не вем,* 3 л. *не ве кој*) или *ер-кој* (од тур. *her* 'секој' + *кој*).

3.22. Општата заменка *секој* со споменатите варијанти ја продолжува старата **вьсѣкъ** која е видоизменета со посредство на прашалната *кој* и сложените *некој, никој.* Формите *секи, сваки* одговараат на сложената **вьсѣкыи**. За множина се употребува *сите* (со разновидностите *сви, свите*), која е исто така и множинска форма на количинската заменка **вьсь**, или пак формата *сички* (*свички, всички*), континуант на заменката **вьсѣчьскъ**, која е добиена од **вьсѣкъ** со суфиксот **-ьскъ** (в. **6.8.**).

Во составот на сушко-височката *с'äкутриј* (*с'äкутра, с'äкутру*) влегува прашално-релативната *кутри* (*котри*).

3.23. Прашалната заменка **чьто** (**чь-то**) дала *што* со дисимилација на *чт-* во *шт-*. Во говорите каде што е консонантската група *шт* изменета во *шч,* во односнава форма гласот *ч* се загубил, бидејќи немало опасност од омонимија. – Од косите падежи од оваа заменка како архаизам, видовме, се запазила формата *чему,* негде скратена *чем,* или пак се јавува во обликот *чуму,* каде што е извршена асимилација *е > у.*

3.24. Заменката *чиј* (*чија, чие*) е континуант на старословенската форма **чии**, **чиꙗ**, **чиѥ**. Разновидноста *чив, чива, чиво* (негде *чиф, чија, чијо*) добиена е по аналогија на посесивните *негов, негова, негово* и посесивните придавки на *-ов.* Аналошки се јавило и крајното *о* во формата за среден род. Неврокопското *чеј* одговара на старата разновидност **чьи**.

ЗАМЕНСКИ ПРИДАВКИ

4. Присвојни заменски придавки

4.1. Лично-присвојни форми во дијалектите се:
мој, моја (*моа*), *мое* (*моје, мојо*), мн. *мои* (*моји, мои*),
наш, наша, наше (*нашо*), *наши;*
твој, твоја (*твоа*), *твое* (*твоје, твојо*), *твои* (*твоји, твои*),
ваш, ваша, ваше (*вашо*), *ваши;*
негов (*негоф, негуф*), *негова* (*негоа, него:, његува, негва*), *негово* (*него:, н'егӑво*), *негови* (*негои̯*);
нејзин, нејзина, нејзино, нејзини (*незин, неѕин, њезин; њојзин, нојзин; нејн, -а, -о; нејен, нејна, -о; нејни, нејна, -о; њојан, њојна, -о; њојӑн, нојна, -о; нојни, нојна, -о*);
нивни, -а, -о, -и (*нивен; нимен, нимна, -о; нифен, нифна, -о; нифни, -а, -о; ниов, -а, -о; њиан, њијна, -о; њијӑн, нијан; нихен, нихна, -о; нихни, нихна, -о; нин, -а, -о; њин, -а, -о; нијн, -а, -о; нијни, нијна, -о; нимнин, нимна, -о; нињов*);
темен, темна, -о, -и (*темни, темна, -о; т’ӓмен, т’ӓмна, -о; т’’ӓхен, т’’ӓхна, -о, -и*).

4.2. Повратно-присвојна: *свој, своја* (*своа*), *свое* (*своје*), *свои* (*своји, свои̯*).

4.3. Од приведениве форми најголем ареал имаат заменките за 1 и 2 л. Тие се среќаваат во сите македонски дијалекти.

Формите за машки род *мој, твој, наш, ваш* се единствени на целата територија на нашиот јазик. Единствени се исто така и формите за женски род од *наш, ваш* : *наша, ваша,* додека формите од *мој, твој* се јавуваат во неколку фонетски разновидности: *моја, твоја* // *моа, твоа* (во костурските, долновардарските, охридско-преспанските, поречко-кичевските, полошките), *моа̣, твоа̣* // *мо:, тво:* (во дојранско-кукушкиот).

Во формата за среден род во некои јужни дијалекти и во североисточните говори се извршиле и морфолошки промени. Крајното *-е* е заменето со *-о* према моделот на придавските облици. Сп. *нашо, вашо* (Кумановско, Кратовско, Делчевско, Петричко, во некои долновардарски и костурски говори), *'имито мојо, сирцито тфојо* (во долновардарскиот). Во долновардарските говори доста често формата за среден род се употребува и за машки род: *вашо син*, *вашу цар* (со редукција на ненагласеното *о* во *у*).

4.4. Во северните говори општата форма за машки и женски род се разликува од номинативната. Сп. *Улезе у моју куќу, у вашу околију, у вашу башчу, с мојега татка, убише нашега проту, видо га твојега брата, вашега сина* (Видоески, 1962 : 160).

Во скопско-црногорскиот се среќаваат и дативни форми во машки род: *мојему, твојему, нашему, вашему.*

4.5. Нема дијалектни разновидности ни од заменката *свој,* освен во северните говори каде што се среќаваат уште и формите *својег̄а, своју.* Но оваа заменка во бројни наши говори се среќава веќе ретко, а негде и наполно се загубила. Нејзиното отсуство особено се забележува во јужните дијалекти на целиот простор од Корча до Сухо. Нејзината функција во тие говори ја презеле другите посесивни заменки (сп. *Sạ varnále na ninja kúkja,* Mazon – Vaillant, 1938 : 125) и дативните енклитички форми од личните заменки. Сп.: *С'ӓ н'ос ут̄'иве дом'а му* (Сухо, Голомб, 1962/63 : 202). Во западните говори таа може да се сретне, главно, во искази каде што е употребена и неопределената заменка за секое лице, како, на пример: *Секој си г̄о бере своет̄о г̄ајле; секој нека си је г̄леда својат̄а работ̄а* и др. Супстантивизирана со значење на 'роднина' позната е во сите наши дијалекти: *свои сме, свој ми е.*

4.6. Заменката за 3 л. м.р. се среќава во фонетските разновидности *нег̄ов* и *њег̄ов,* за ж.р. *нег̄ова, њег̄ова* и *нег̄оа, нег̄э*^{а}*, нег̄ва,* за с.р. *нег̄ово, њег̄ово* и *нег̄оо, нег̄о:,* мн. *нег̄ови, њег̄ови, нег̄оі̯.* Разновидностите без *в* карактеристични се за западното наречје, а оние со *њ* ограничени се на северното дијалектно подрачје.

4.7. Заменката за женски род се среќава во повеќе варијанти, но и тие се претежно од фонетски карактер. Формата *нејзин, -а, -о,* која е литературна, со разновидностите *незин, неѕин* ограничена е на западното наречје. Варијантите без *ј* доминираат во поречкиот, скопскиот и во дел од велешкиот говор. Во северозападните говори северно од линијата Скопје – Тетово во употреба е формата *њ'ојзин, -а, -о* во некои гранични села и *н'ојзин* или *њ'езин.* На сета друга територија што се наоѓа источно од Пчиња, Вардар и Црна и јужно од Црна и Преспа се употребуваат формите без партикулата *-зи-* и тие се распоредени по овој начин. Во северните говори, северно од Св. Николе и Злетово во употреба е разновидноста *њ'ојӑн* или *њ'ојан, њ'ојна, -о, -и,* оп. ф. *њ'ојног̄а, њ'ојну.* На пограничјето спрема штипскиот говор се среќава и *н'ојни, -а -о* (Светиниколско, Кочанско). Во малешевско-пиринските и струмичко-радовишкиот се јавуваат формите *н'ејни, -а, -о* и *н'ејин, -а, -о.* Меѓу овие две разновидности не може да се повлече изоглоса. Првата форма (*нејни*) се среќава и во некои костурски говори покрај заменката *т̄'еен.* Во другите источни говори и во јужните дијалекти на целиот појас од Преспа до Сухо и Серез (во леринскиот, тиквешко-мариовскиот, долновардарските, лагадинско-серските) се употребува формата *н'ејн, -а, -о, -и,* и само во дел од костурските говори се среќава и заменката *т̄'еен, т̄'ејна, -о, -и,* одн. *т̄'ојен, т̄ојна, -о, -и* во бобоштенскиот (в. карта 41).

4.8. Множинската форма од овие заменки се јавува во разновидностите: *н'ивни, -а, -о, -и* или *н'ифни, -а, -о, -и* – во централните, полошките и охридско-преспанските говори, *н'имни, -а, -о, -и* и *н'имен, -а, -о* – растурена овде-онде во ареалот на формата *нивни.* На пограничјето меѓу централните и костурско-воденските говори се среќава и обликот *нин, -а, -о, -и* (Леринско, Битолско), а спорадично и *нинјов* (Лерин). Во говорите што се наоѓаат источно од Островското Езеро, Црна Река и Брегалница се употребуваат заменските форми *н'иј-ни, -а, -о* – во воденско-мегленскиот тиквешкиот, радовишкиот, кочанскиот, делчевскиот, *н'ијн, -а, -о* покрај *н'ијни* во гевгелискиот, дојранскиот, кукушкиот, *н'ихни, -а, -о* во малешевско-пиринските *н'ихен, -а, -о* во серскиот. Во Северна Македонија се употребува разновидноста *њин, -а, -о, -и,* ж.р. *њ'ине,* оп. ф. *њ'инога, њ'ину* – во северните полошки села, Скопска Црна Гора, Кумановско, Кратовско, Кривопаланечко, или со затврднато *н* : *н'ин, -а, -о* – во овчеполскиот говор и говорот на југоисточните кратовски села. Во дел од кривопаланечкиот и кумановскиот покрај *њин* обична е и разновидноста *њ'ијӑн, њ'ијна, -о*. Вторава варијанта се среќава и во штипскиот, а паралелно со *нијни, нихни* и во кочанскиот говор.

Заменката *т''ӓхен, -а, -о, -и* ограничена е на крајните југоисточни говори, сп. *т''ӓхнију, т''ӓхнајут, т''ӓхната, т''ӓхниту, т''ӓхнит'а – т''ӓхнӑт'а* во сушко-височкиот говор (Голомб, 1962/63 : 201). На крајниот југозапад се јавува во формите *т''ӓмен, -а, -о* (Бобоштица), и *т'емен, -а, -о, -и* (во Костурско) (в. карта 42).

4.9. Со посесивно-демонстративно значење се јавуваат формите:

овегов (*овогов, овогав, овегав, овојгов*), *овегова* (*овегоа*), *овегово, овејзин* (*овезин, овојзин*),

овивни, -а, -о, -и (*овивен, овифен, овимен, овифни, овимнин, овимни, овиен, -а, -о, овин, -а, -о*);

онегов, -а, -о, -и (*онегав, оногов, оногав*),

онејзин, -а, -о, -и (*онезин, онеѕин, онојзин, онојни -а, -о*),

онивни, -а, -о, -и (*онивен, онифен, онимен, онифни, -а, -о, онимни, -а, -о, онин, -а, -о, онихни, -а, -о*);

негов, -а, -о // тогов, -а, -о, и,

нејзин, -а, -о // тојен, тојна, -о, -и (*тејни, тејна, -о, -и*),

нивни, -а, -о // т'емен, -а, -о, -и (*т'емни, -а, -о, -и; т''ӓмен, т''ӓхен, -а*);

согов, -а, -о, -и.

4.10. Сите приведени форми не ги познаваат и сите дијалекти. Заменките *согов* и *тогов* се среќаваат само во некои периферни говори: првата (*согов*) во бобоштенскиот, а *тогов* освен во Бобоштица забележан е и во Пијанец (Делчево, Благоевград).

Заменките *овегов, онегов, овејзин, онејзин, овивни, онивни* имаат поголем ареал. Ги наоѓаме готово во сите говори од западното наречје на исток до линијата Битола – Прилеп – Велес и во некои северни говори. Формите *овегов, онегов* и *ове(ј)зин, оне(ј)зин* се употребуваат во централните, охридско-преспанските и полошките говори, додека разновидностите *овогов, оногов* и *овојзин, онојзин* се карактеристични за дебарската група говори. Варијантите *овојзин, онојзин* освен тоа се познати и во дел од овчеполско-кумановското говорно подрачје, каде што формите за машки род гласат: *овогав, оногав,* одн. *овојгав, онојгав.* Во источните говори освен *тогов* констатирана е и формата *оногов* (Делчево, Благоевград), одн. *онегов* (Берово, Пехчево) (карта 43-44).

Множинските форми по говорите се распределени вака: *овивни, ови(в)ен* (*овифни, овифен*) и *онивни, они(в)ен* (*онифни, онифен*) се употребуваат во централните, охридско-преспанските и полошките говори, *овимни, овимнен* и *онимни, онимнен – онимнин* во дебарските, разновидностите *овин, онин* во северните, а *онихни* во благоевградскиот (горноџумајскиот) (карта 45).

4.11. Заменките *мој, т̄вој, свој, наш, ваш* наследени се од старословенскиот и тие не претрпеле никакви промени, со исклучок на формите за среден род во некои дијалекти: *нашо, вашо,* дури и *мојо, т̄војо,* каде што се јавило крајното *-о* место *-е* под влијание на придавките.

Сите други заменски форми од оваа група се нови образувања што настанале во историскиот развој на македонскиот јазик. Тие се образувани од генитивната или дативната форма на анафорската заменка и демонстративните со посесивните суфикси **-ovъ, *-ьnъ* и **-inъ.* Тоа покажува дека процесите што се извршиле во врска со овие заменки во историскиот развој на македонскиот јазик претставуваат само продолжување на стариот, прасловенскиот начин на образување посесивни заменки. Од анафорската заменка се образувани посесивните форми *нег̄ов,* со суфиксот **-ovъ* од генитивот, за женски род *нејзин* со фонетските разновидности *незин, њезин,* со суфиксот **-inъ* од дативот (стсл. **ки, н̂еи**, денеска во дијалектите *нејзе-нејзи*), *нејн,* со суфиксот **-ьnъ.* Формите *нејин, нејен, нејни* се секундарни, понови преобразувања направени по аналогија. Вака се изведени и формите *њојзин – нојзин, нојин, нојни, нојан – њојан, њојӑн.* Само што тука извршила влијание заменската форма од тврдата промена (сп. *т̄ои,* денеска датив од личната заменка *нојзе, њојзе*). Од анафорската заменка образувана е исто така и множинската посесивна форма со сите нејзини разновидности: *ниов* - со суфиксот *-ов* (од *них-ов*), *нин, нијн, нихен, нивен, нимен, нијӑн, нијан* – со суфиксот **-ьnъ.* Формите *нихни, нијни, нивни, нимни* за машки род се секундарни преобразувања, како и обликот *нимнин,* каде што имаме два суфикса. И овие форми, како што се гледа, се образувани од генитивот во множина.

Од генитивната форма на демонстративните заменки се изведени со суфиксот *-ов* демонстративно-посесивните форми: *овог̄ов, оног̄ов, т̄ог̄ов, сог̄ов,* одн. *овег̄ов, онег̄ов* (сп. денешните дијалектни форми *овег̄а, онег̄а*). Влијанието на меката промена врз последниве форми (*овег̄а, онег̄а*) е јасно. Во *сог̄ов* пак израмнувањето на основата станало спрема тврдата промена. Разновидностите *овог̄ав, овег̄ав* или *овог̄ӑв,* што ги наоѓаме во северните говори, се образувани спрема заменските придавки за признаци *овакав, онакав, т̄акав,* одн. *овакӑв, онакӑв, т̄акӑв.* Множинските форми се образувани со суфиксот **-ьnъ*: *ови(в)ен, онивен* (како *нивен*), *овин, онин* (спрема *нин*), одн. *овивни, онивни,* негде *овимни, онимни* (: *нивни, нимни*). Така и *т̄''ӑхен* (од **тѣх-ьнъ**). *Т'ӑмен* и *т̄емен, т̄емни* треба да се сметаат како фонетски разновидности од *т̄ахен*, а не како изведенки од дативот.

Формите за женски род од оваа заменка се управуваат според посесивната форма од анафорската заменка. И тие се образуваат со суфиксот **-inъ* : *овејзин, онејзин* или *овезин, онезин* (: дат. *овејзе, онејзе – овејзи, онејзи*), одн. *овојзин, онојзин* (: *овојзе, онојзе*). По ист начин, со истиот суфикс, е образувана и бобоштенската форма *т̄ојен,* како и костурската *т̄еен, т̄ејна, -о,* но последнава модифицирана спрема формите од меката деклинација.

Како што гледаме, во сите наши дијалекти во развојот на посесивните заменки може да се следи тенденција за израмнување на формите од различни основи и генерализирање на еден суфикс во сите еднородни форми. Во едни говори израмнувањето се вршело спрема формите од меката промена, кои, иако помалубројни, биле почесто употребувани, а во други говори се наложиле формите од тврдата промена. Сп. *овег̄ов, онег̄ов* : *нег̄ов, овејзин, онејзин* : *нејзин, т̄еен, т̄ејни* : *нејн, нејни*, и *овојзин, онојзин* : *нојзин.* Меѓутоа, таа симетрија не е постигната апсолутно доследно во сите говори. Во некои дебарски говори денеска имаме ваков систем: *овог̄ов, оног̄ов* : *нег̄ов,* а истовремено *овејзин, онејзин* : *нејзин* (Жировница).

5. Качествени заменски придавки

5.1. Со качествено значење се употребуваат:

за прашања: *к'аков* (*как'ов, какăв* или *к'акоф* / *как'оф, как'ăф*), *к'аква* / *какв'а, к'акво* / *какв'о, к'акви* / *какв'и* (*какви, к'аци,* ж.р. *к'акве* / *какв'е*)*;*

неодредени: *н'екаков* (*н'екакăв*), *н'екаква, н'екакво, н'екакви* (*н'екаци,* ж.р. *н'екакве*)*; как'ов-г̄оде(р), какв'а-г̄оде(р), какв'о-г̄оде(р), какв'и-г̄оде(р), каков-б'ило, каква-б'ило, какво-б'ило, какви-б'иле; каков-д'а-е, каква-да-е, какво-да-е, какви-да-се;*

за негирање: *н'икаков* (*н'икакоф, н'икакăв, н'икакфос* / *никакф'ос, н'икакуф*)*, н'икаква, н'икакво, н'икакви* (*н'икаци,* ж.р. *н'икакве*)*;*

со качествено-општо значење: *с'екаков* (*с'екакоф, с'екăкуф, св'екаков, св'екакăф, св'икакав, св'акакăв*)*, с'екаква* (*св'екаква, св'икаква, св'акаква*)*, с'екакво* (*св'екакво, св'икакво, св'акакво*)*, с'екакви* (*св'екакви, с'екаци, св'икакви, св'акакви,* ж.р. *св'акакве*)*;*

качествено-показни: *в'аков* (*вак'оф, в'акуф, в'аквија, 'оваков* / *овак'ов, овакв'ија, 'оваквој, 'оваквај, овакăв*)*, в'аква* (*вакв'а, 'оваква* / *овакв'а*)*, в'акво* (*вакв'о, 'овакво, овакв'о*)*, в'акви* (*вакв'и, 'овакви, овакв'и, овакв'ија*)*;*

т̄'аков, (*т̄ак'ов, т̄ак'оф, т̄'акуф, т̄ак'ăв, т̄ак'оф, т̄'аквија* / *т̄акв'ија, т̄акв'ој, т̄акв'ај, т̄акв'ос*)*, т̄'аква* / *т̄акв'а* (*т̄а̣кў'а, т̄ак'ава, какв'ас, кат̄вас*)*, т̄'акво* (*т̄акв'о, т̄а̣кв'оја, т̄ак'ова, т̄акв'ос, кат̄в'ос*)*, т̄'акви* (*т̄акв'и, т̄акв'ија,* ж.р. *т̄'акве*)*;*

'онаков (*онак'ов, онак'оф, онак'ăв, онакв'ија, 'онаквај* / *онакв'ај, унак'ăф, н'акоф, н''акаф*)*, 'онаква* (*онакв'а, унăкв'а, н'аква, н''аква*)*, 'онакво* (*онакв'о, унăкв'о, н'акво, н''акво*)*, 'онакви* (*онакв'и, онакв'ија, н'акви, н''акви,* ж.р. *'он'акве*).

5.2. По дијалектите приведениве форми распределени се како што следува. Формите *к'аков, н'екаков, н'икаков*, кои се литературни, се употребуваат во западното наречје на целата негова територија, во леринско-костурските и тиквешко-мариовските говори. Само со поинаков акцент (*как'ов* : *н'екаков, н'икаков*) тие се карактеристични и за поголем дел од источното наречје (во кочанскиот, штипскиот, струмичкиот, пијанечко-малешевскиот, солунскиот говор). Во северните говори се јавуваат фонетските разновидности *как'ăв, н'екакăв, н'икакăв* (во кумановскиот кривопаланечкиот, кратовскиот, овчеполскиот), како и во крајните југоисточни говори (неврокопскиот: *ка̣к'ăф, ка̣кў'а, ка̣кў'о, ка̣кв'и*). Множинските *к'аци, н'екаци, н'икаци* се јавуваат само во некои западни говори (поречкиот, кичевскиот). Во сушко-височкиот покрај *н'икакуф, н'икаку* (Висока) се јавува и формата *н'икакф'ос, н'икакф'а, н'икакф'о,* мн. *н'икакф'е* (Сухо): *н'икакфă* (Висока).

Територијално вака се распоредени и формите на општата заменка: *с'екаков* во велешкиот, прилепско-битолскиот, преспанските, тиквешко-мариовските, штипско-струмичките, долновардарските, малешевско-пиринските, *св'екаков* во скопскиот, поречко-кичевските, дебарските, полошките и на југ во костурските говори, *св'акакăв* во северните. На костурскиот терен се среќаваат и разновидностите *св'екакăф* (Горенци), *свик'акав, свик'аква, свик'акви* (Езерец), а во долновардарските *с'екăкуф* (Г. Родиво, Сараќиново). Сп. и сушко-височките: *с''äкакфа, с''äкакфу*.

Качествено-демонстративната заменка *ваков* не ја познаваат сите дијалекти. Таа е карактеристична, главно, за северните, западните и тиквешко-мариовските. Во првите се јавува во формата *овак'ăв*, *-'а, -'о* (Кумановско), *овакв'ија* (Кривопаланечко), *овак'ов, овакв'а, -'о, -'и* (Овчеполско, Злетовско, Кочанско), во западното наречје, леринскиот и тиквешко-мариовските говори доминира разновидноста *в'аков, в'аква, -о, -и*. Во некои горнополошки села покрај *ваков* се среќаваат и формите *в'акви* (Вруток), *'оваквај* (Печково), а во некои долнопреспански села забележана е за машки род формата *в'аквија* (Граждано). Во говорот на дебарското село Модрич покрај *ваков* се јавува и разновидноста *'аков, 'аква, 'акво* (карта 46).

Исто така поограничен е и ареалот на заменката *'онаков*. Таа се среќава во целото западно наречје во формата *'онаков, 'онаква, -о, -и,* во тиквешките говори (*н'аков, н'аква, -о, -и*), штипско-кочанскиот и малешевско-пиринските (*онак'оф, онакв'а, -'о, -'и*), дојранско-кукушкиот (*унакăф, унăкв'а, унăкв'о*), во северните (*онакăв – онак'ăф, онакв'а, -'о, 'и,* поретко *онакв'ија* во источните кратовски села) и во некои крајни југоисточни говори во формата *н''акав, н''аква, н''акво, н''акви*) (неврокопскиот), (карта 47).

Заменката *таков* ја познаваат сите говори. Најголем ареал има литературната форма *т'аков*. Таа се среќава во целото западно наречје, во леринско-костурските и тиквешко-мариовските говори. Во штипско-струмичките и малешевско-пиринските имаме акцентска разновидност: *так'ов, такв'а, -'о, -'и*. Во последниве (малешевските и пиринските) малку се разликува и формата за среден род: *так'ов, такв'а, так'ова,* мн. *такв'иа*. Во костурските говори се среќаваат и формите: *такв'ој, такв'а, -'о* (Емборе, Горенци), *так'оф, так'ава, так'ово* (Езерец, Горенци), *так'оф, катв'а, катв'о* и *так'оф, такв'ас – катв'ас, такв'ос – катв'ос* (Езерец), *т'акваj* (Нивица). Разновидноста *так'ăв, такв'а, такв'о* ограничена е на северното наречје, а варијантата *тạк'ăф, тạкў'а, тạкў'о, тạкв'и* на неврокопскиот говор. Во крајните југоисточни говори забележана е и формата *таквас* : *таквас работа* (Голомб, 1962/63 : 199; Lavrov – Polívka, 1932).

5.3. Готово сите заменки од оваа група имаат соодветни форми во стариот македонски јазик. Формите *каков, секаков, таков* се континуанти на стсл. **какъ, такъ, вьсѣкъ** проширени со частицата *в(а)*. Под влијание на демонстративните заменки **овъ, онъ**, по ваков начин се образувани и формите *оваков, онаков*. Демонстративните заменки постојано укажувале влијание во оформувањето на овие форми. Така, спрема *овај, онај, тај* во некои дијалекти се образувани *оваквај, онаквај, таквај,* или *оваквој, онаквој, таквој* (спрема *овој, оној, тој*), *оваквија, онаквија, таквија* (спрема *о-вија, о-нија, тија*). Во говорите што ја познаваат партикулата *-з*, таа се јавува и кај демонстративната *таквос*. Во бројни говори во формите *оваков, онаков* се загубило почетното *о-* заради постигнување симетрија со заменката *таков* (сп. *таков* : *ваков* : *наков*). Во некои говори, меѓу кои спаѓаат и централните, ова израмнување се извршило делумно – само кај заменката *оваков* (сп. *таков, ваков* : *онаков*) (За овој тип образувања види Велчева, 1964 : 321).

И промените што се извршиле во формите за женски и среден род резултираат од потребата за израмнување на основите. Сп. *таков – таква – такво; таквој – таквоја, такво(ј)е; таков – такава, такова*, и др.

Множинските форми *каци, некаци, никаци, свекаци, таци, ваци, онаци* се стари номинативи од машки род.

Костурската форма *свик'акав, свик'аква, свик'акво, свик'акви* (сп. *свик'акав ч'овек, свик'аква ж'ена, свик'акво д'ете, свик'акви л’’уди има*) се објаснува со редукција на неакцентираното *е* во *и* (*свек'аков > свик'аков*).

Во костурските говори егзистираат и формите *катвој, катвас, катвос* (сп. *катв'ос д'ете*) добиени со метатеза.

6. Количествени заменски придавки

6.1. Како количествени заменски придавки во дијалектите се употребуваат:

со прашално значење: *к'олкав, -а, -о / колк'ав, -а, -о* (*коўкав, -а, -о, кол’кав, кокав*), *кол'ики, -а, -о, -и;*

со неопределено: *н'еколкав, -а, -о* (*некоўкав, некокав; н'еколкаф, нек'олка:, нек'олко:, нек'олкај, неколк'авај*), *неколки, -а, -о, -и; н'иколкав, -а, -о, -и; колк'ав-годе(р), колкав-б'ило, колкав-д'а-е;*

со одречно: *н'иколкав, -а, -о; николики, -а, -о, -и;*

со демонстративно: *т'олкав, -а, -о / толк'ав, -а, -о* (*т'оўкаф / тоўк'аф, т'олка:, т'олко:; т'окаф / ток'аф, т'оокав, т'укав, т'овкав, тол’каф, т'ʸол’чееф / тʸол’ч'ееф*), *тол'ики, -а, -о, -и;*

'оволкав / оволк'оволкав ав, -а, -о (*ов'окав, ов'овкав, 'овол’кав / ов'ол’кав, овӑл’каф*), *'олкав, -а, -о, -и* (*'олкаф, 'олка:, 'олко:, 'олкај – олк'авај, 'ол’кав, 'ол’ка:, 'ол’ко:*)*; 'окав, -а, -о; овол'ик, -а, -о, -и, в'олкав, -а, -о, -и* (*в'окав, укав*)*;*

'онолкав / онолк'ав, -а, -о, -и (*'оновкав, 'онол’кав, онӑл’каф, онакав, унукаф*), *онол'ики, -а, -о, -и* (*онол'ик, -а, -о*), *н'олкав, -а, -о* (*нокав, -а, о*).

Општата количествена заменка се јавува во формите: *с'иот, с'ета, с'ето* (*с'ио, св'иот, св'ета, -о*), *свот, -а, -о; с'ојот, с'ота, -о; сет, -а, -о; сӑт, -а, -о; сӑјот, сӑта, -о; сӑв, сва, сво; с'ӑвијӑт, св'ата, св'ото; вес, -а, -о; с'иов, с'ева, -о* (*св'иов, св'ева, -о*)*; с'ојов, с'ова, -о* (*св'ево*)*; с'ион, с'ена, -о* (*св'ион, св'ена, -о*), *с'ојон; с'ички, -а, -о* (*св'ички, -а, -о*), *с'ичек, сичка, -о.*

6.2. Кај заменките *колкав, неколкав, николкав* и демонстративните *толкав, олкав, онолкав* поголеми морфолошки разлики, како што гледаме, нема. Во северните говори се употребуваат формите *кол'ики* (*кол'ик*), *н'еколики, тол'ики* (*тол'ик*), *овол'ики* (*овол'ик*), *онол'ики* (*онол'ик*). Во тие говори се среќаваат и формите *кол'икога, тол'икога, овол'икога, онол'икога*, кога стојат со одушевени именки во општата форма, и *кол'ику, овол'ику, онол'ику, тол'ику* – општа форма за женски род.

Во другите дијалекти се употребуваат формите *колкав, неколкав, николкав – толкав, о(во)лкав, онолкав* со приведените фонетски разновидности.

Од количествено-демонстративните најраспространета е формата *толкав*. Фонетските разновидности се расфрлени по периферијата. Сп. *т'ол’каф, т'ол’кава* (*т'ол’ка:*), *т'ол’каво* (*т'ол’ко:*), *т'ол’кави* (*т'ол’кај*) во Дебарско и Полог, *т'окаф, т'окава, -о, -и* во Кочанско, Тиквеш, Леринско, Битолско (Дихово, Канино), Преспанско (Љубојно), *т'овкав, -а, -о* во Скопска Блатија, *т'укаф, т'укава, -о* во Битолско (Буково). Во неврокопскиот говор *т*^{ў}*ол’ч’еф, т*^{ў}*ол’ч’ева, т*^{ў}*ол’ч’ево, т*^{ў}*ол’ч’еви.*

Заменките *оволкав, онолкав* со споменатите разновидности се јавуваат во северните и западните говори како регуларни форми, додека во источните и и југоисточните говори се јавуваат или спорадично или ги нема воопшто. Источната изоглоса на *оволкав* оди по правецот: Кочани, Радовиш, Демир Капија, Лерин, Јужна Преспа (карта 48). Приближно по овој правец се движи и источната граница на обликот *онолкав* (карта 49).

Од фонетските разновидности најраширена е кај првата заменка *олкав, -а, -о* (или *олкав, олка:, олко:, олкаі̯*). Таа доминира во централните, охридско-преспанските, полошките и во дел од дебарските говори. Во некои долнополошки села и во охридско-преспанските се среќава варијантата *оўкав,* во Битолско забележени се формите*: окав, -а, -о* (Дихово) и *'укаф, ук'ава:, ук'аво:, ук'аваі̯* (Буково). Во Дебарско и Полог превладува разновидноста *ол’каф, ол’ка(в)а, ол’ка(в)о.* Во источниот дел од централното дијалектно подрачје (Скопско и Велешко), во тиквешко-мариовските и штипско-струмичките говори се употребуваат разновидностите со *в* : *ов'олкав, -а, -о, -и* (во кочанскиот, штипскиот и во некои велешки села, на пр. Башино Село), *ов'овкав, -а, -о, -и* (во Скопска Блатија, с. Белимбегово), *в'олкав, -а, -о, -и* (во некои скопски села, пр. Драчево, Велешко и Неготино) покрај *в'окав* (Неготино). Формата *овол’кав, -а, -о, -и* е забележена во Дебарско (Жировница), а *овӑл’каф*, *-а, -о, -и* во говорот на велешките торбешки села Мелница и Врановци.

Од заменките за подалечни укажувања најобична е формата *'онолкав / онолк'ав, он'олкава / онолк'ава* (*он'олка:*), *он'олкаво / онолк'аво* (*он'олко:*), *он'олкави / онолк'ави,* (*он'олкај / онолк'ај, онолк'авај*). Таа доминира во цела Западна Македонија, освен во некои дебарски говори, каде што превладува разновидноста *онол’каф, онол’кава, -о, -и* (Модрич, Дренок, Жировница), во некои охридско-преспански и битолски села, каде што се среќаваат варијантите *оноўкаф, онокав* (Дихово), *'унукаф, унук'ава:, унук'аво:* (Буково). Формите *нолкав* и *нокав* ограничени се на тиквешкото говорно подрачје. Сп. во Мелница (Велешко) и *онӑл’каф, онӑл’кава, -во, -ви.*

6.3. Од формите на општата количинска заменка најраспространета е литературната *с'иот* (*с'ио*), *с'ета, с'ето, с'ите.* Таа доминира во централните, во охридско-преспанските, а на исток се среќава во малешевските говори. Во полошките, скопските и во северниот дел на поречкиот говор превладува разновидноста *св'иот, св'ета, -о, св'ите.* Формата *св'от, -а, -о, св'ите* забележена е во дебарските говори (с. Луковица), а *с'ојот, с'ата, с'ото* во струшките села Радожда и Мали Влај. Во границите на западното наречје се употребуваат и заменските форми: *с'иов, с'ева, с'ево, с'иве; с'ион, с'ена, с'ено, с'ине* (Велешко, Прилепско, Порече, Кичевско, Охридско), одн. *св'иов, св'ева, св'ево, св'иве* и *св'ион, св'ена, св'ено, св'ине* (во Полог, Скопско и северниот дел на Порече), и *с'ојов, с'ова, с'ово, с'иве* и *с'ојон, с'она, с'оно, с'ине* (с. Радожда, Струшко). Како што се гледа, на овој дел од македонската јазична територија имаме систем од три заменски форми: а) *сиот, сета, сето, сите; сиов, сева, сево, сиве; сион, сена, сено, сине,* односно: *свиот, света, свето, свите; свиов, свева, свево, свиве; свион, свена, свено, свине;* б) *сојот, сота, сото, сите; сојов, сева, сево, сиве; сојон, сена, сено, сине.* Овој систем од три форми му одговара на тројниот членски систем. Но веднаш да истакнеме дека формите на *-в* и *-н* се знатно поретки, особено оние на *-в.*

Заменката *сет, -а, -о* се употребува во источното наречје од Злетово до Струмица (т.е. во кочанскиот, штипскиот и радовишкиот говор), во тиквешко-мариовските говори, а во Западна Македонија само на еден доста тесен појас меѓу Црна и Преспанското Езеро (карта 50).

Јужно и источно од линијата Преспа – Лерин – Демир Капија – Струмица, т.е. во костурските, воденско-кукушките и гевгелиско-дојранските говори во употреба е формата *сӑт, -а, -о.* Изоглосата на оваа форма на преспанскиот дел навлегува подлабоко на север и допира до Ресен. Сп. *сӑјот, сӑта, сӑто* (Царев Двор), *сӑта, сӑто*: *с'иот* (Крушје). Во овој облик односнава заменка може да се најде и во некои западни струшки села, сп. *сӑт, сӑта, сӑто* (Вишни), *сӑто* покрај *с'ето* (Вевчани), *сӑта, сӑто* покрај *с'ота, с'ото* и *с'ојот* (Мали Влај). Во горнопреспанскиот говор и во споменатите струшки села, каде што има троен член, можат да се сретнат и формите: *сӑво, сӑно* (Ресен), *сӑв, сӑва, сӑво* (Вишни, Струшко).

Во Северна Македонија превладува заменскиот облик *сӑв, сва, све // сво,* и членувано: *сӑвијӑт, св'ата, св'ото* (Куманово), *сӑвио* (Кратово).

Во множина, освен во северните говори, имаме една форма – *с'ите.* На југ и исток нејзината изоглоса ги преминува границите на еднинската *сиот* (*сио*). Се употребува и во Струшко и Преспа, но напоредно со разновидноста *сӑте* (*сӑти*) може да се чуе и во костурско-леринските и долновардарските говори. Формата *сӑте* (*сӑти* во говорите со редукција) доминира во костурско-леринското и кукушко-воденското говорно подрачје, т.е. во ареалот на формата *сӑт, -а, -о.* Во североисточниот дел од нашата јазична територија, северно од линијата Дебар – Кичево – Велес, се употребува формата *свите,* а во скопско-црногорскиот и кумановско-кратовските се јавува и без член – *сви,* за ж.р. *све* (*све куќе, све улице*). Во говорите со троен член обични се и формите *сиве, сине,* одн. *свиве, свине* (: *сиов, сион* и *свиов, свион;* карта 51).

Архаичниот облик *вес, в'еса, в'есо* во самостојна употреба се среќава во корчанскиот (Mazon, 1936 : 69; Mazon – Vaillant, 1938 : 139; Голомб, 1962/63 : 203), и во некои западни говори, но во последниве сосем ретко и тоа, главно, во изрази од типот: *вес како него, вес је на мајка му* (Порече, Кичевско, Видоески, 1950 : 41).

6.4. Најустојчива е оваа заменка во северните и централните области. На јужната периферија, особено на просторот јужно од Преспа, Лерин и Гевгелија нејзината употреба е поретка и место неа се јавува почесто придавката *цел, -а, -о.* Особено е ретка таа во костурските говори. Придавката *цел* (*цал*) сè повеќе доминира и во малешевско-пиринските говори, но таа не е непозната и во другите наши дијалекти.

6.5. Во јужните и југоисточните говори на појасот Костур – Солун – Неврокоп покрај *сӑт, сет* обична е заменката *с'ички, -а, -о, -и* членувана *с'ичкио, с'ичката, с'ичкото, с'ичките,* која може да се сретне уште и во формите: *с'ички, -а, -о* (Неврокоп), *с'ичек, с'ичка, -о, -и* (Серско) (Lavrov – Polívka, 1932 : 312), *ш'ички* (Сухо), *св'ички,* сп. *св'ички ечмен* (Костурско, Езерец), *св'ичко, св'ички дојдое* (Гратче), *вс'ичко* (Горенци, Рупишта), *вс'ечко, св'ечки, свј'ӓчке* (Бобоштица, Mazon, 1936 : 69), *с'ечок, с'ечка, с'ечко,* чл. *с'ичички,* чл. *с'ечкио, с'ечкото* (Радовиш). Во другите наши говори се среќаваат само како архаизми во некои фразеолошки состави и тоа во множинската форма, сп. *сич'ичките* (Дебарско, Галичник, Луково), *сич'ичките* (Кичевско, Пласница, Прилепско, Дебреште), *сит'ичките* (Ресенско, Евла), *св'ичӑчки* (Скопско, Горно Коњаре; карта 52).

6.6. Од приведениве примери се гледа дека разгледуванава заменка готово во сите нејзини форми и во сите говори се јавува најчесто придружена со член. Членот во некои случаи дури и се слил со заменската форма, така што се добила нова форма. Така, на пример, во западните говори формите *сио(т), сета, сето, сите* (или *свиот, света* итн.) се единствени и членската функција на *-от, -та, -то* готово се загубила. Уште повеќе бледеењето на членското значење и срснувањето на членот со заменката може да се посматра во формите *сет* и *сӑт.* Така се јавила дури и потреба од повторно членување, како што покажуваат формите *с'етио* (Битолско, Буково): *с'ета, с'ето,* или *с'етјо* : *с'ето* (Леринско, Попадија), *с'ӑјот* : *с'ӑта* (Преспанско, Царев Двор). Без членската морфема оваа заменка може да биде употребена само во северните говори (*сӑв, сва, све – сво, сви*), но и таму се претпочитаат членуваните форми (*сӑвијӑт* или *сӑвио* : *свата, свото*).

Ова проширување на заменската основа се јавило под влијание на придавките.

6.7. Од количествените заменки како најархаична ни се претставува северномакедонската форма *колики, -а, -о*, која претставува континуант на старата прашална заменка **коликъ**, **колика**, **колико**. Формата *колкав, -а, -о* е ново преобразување. *Колкав* и *кокав,* очигледно, се фонетски разновидности од *колкав.* Ова важи и за неопределената и одречната *н'еколкав, н'иколкав* и нивните разновидности.

Демонстративната *толик* (*толики*) одговара на стсл. **толикъ**. *Толкав* со варијантите *токав* и *т*^{ў}*ол'ч'еф* се разновидности на старата заменка *толик* што се преобразувале подоцна на ист начин како и *колкав.* Спрема *толкав* во говорите што имаат систем од три демонстративни заменки (*тој – овој – оној*) образувани се *олкав* (< *оволкав* : *волкав, вокав*), *онолкав* (*нолкав*), во северните говори: *тол'ик, овол'ик, онол'ик.*

6.8. Разновидностите на заменката *сиот* се континуанти на стсл. заменка **вьсь**, **вьса**, **вьсе**, **вьси**. Најадекватна форма до **вьсь** е *вес, -а, -о,* која е запазена во сите говори во прилогот *везден,* додека во самостојна употреба се среќава, како што се истакна, во корчанскиот говор (в. **6.4.**). Во сите други случаи старата форма претрпела измени и фонетски и структурални. Во сите македонски дијалекти најпрвин се извршила метатеза на согласките *в* и *с* по губењето на **ь* (во формата за женски и среден род, како и во множината). Така се добиле *сва, све, сви,* запазени денеска во северните говори, спрема кои после е преобразувана и формата за машки род *сăв*. Под влијание на придавките подоцна претрпела промени и формата за среден род заменувајќи го крајното *-е* со *-о* : *сво*. Така настанал редот *сăв, сва, сво* // *све, сви.*

Под влијание на придавките, од една страна, и од потребата за диференцирање на членуваните и нечленуваните форми, од друга, по говорите се извршиле кај оваа заменка и промени што ја засегнуваат нејзината структура. Прво се јавила потреба за образување на една општа морфема, заедничка за сите три рода, и како таква поаслужила, главно, формата за среден род, која се употребува најчесто поради нејзината прилошка служба. Така спрема *све-то* се образувал редот: *све-то, све-та, св-и-от, сви-те,* и со членските форми *-ов, -он* : *све-ва, све-во, св-и-ов, сви-ве; све-но, све-на, св-и-он, сви-не;* или по губењето на *в* : *се-во, се-ва, с-и-ов, си-ве; се-но, се-на, с-и-он, си-не.* Во некои говори во состав на основната морфема влегол и членот и се добила нова проширена основа: *се-то, се-та, се-(о)т – сет-о, сет-а, сет-ø* : членската форма: *сето-то, сета-та, сет-и-о(от)* и понатаму *сетјо(т)*. Или таму каде што е формата за среден род *сво* : *сво-то, сво-та, сво-т,* одн. *со-то, со-та, со-ј-от* (< *соиот*), или каде што има троен член: *со-во, со-ва, со-ј-ов; со-но, со-на, со-ј-он.*

При образувањето на формата *сăт, сăта, сăто* секако се наложила општата (акузативната) форма за женски род. На тоа укажува и нејзината географска распространетост: се јавува само во говорите во кои носовката **ǫ е* заменета со *ă*.

Заменката *всички, -а, -о* со разновидностите *свички, сички, всечки, сечки* репрезентира една постара форма во основата на која се наоѓала **вьсь** (**вьсе, вьси**), и суфиксот **-ьč-ьsk-* кој се асимилирал во *-чк-* (Mazon – Vaillant, 1938 : 139). Формите *сичек, сечок* и множинската *сичички, ситички, сичăчки, шички* се вторични преобразувања и тоа најчесто аналогни (сп. *ситички* спрема *сите, сечок* спрема придавките на *-чок*). Присуството на оваа форма во нашите дијалекти укажува дека таа била присутна на целата македонска територија.

7. Фондот на заменките од историски аспект

7.1. Од претходното излагање можевме да видиме дека основниот фонд на заменките, што се среќаваат денеска во македонските дијалекти, е наследен од старословенскиот, односно прасловенскиот. Во разни форми се запазени личните заменки **азъ**, **ти**, **онъ** со формите на анафорската **и**, повратната **себе** демонстративните **тъ**, **онъ**, **овъ**, **сь** и од нив изведените **такъ**, **толикъ**, **сикъ**, посесивните **мои**, **нашь**, **твои**, **вашь**, **ѥго**, рефлексивната **свои**, прашалните **къто**, **чьто**, **кыи**, **которыи**, **чии** (**чьи**), **какъ**, **коликъ**, неопределените и одречните **нѣкъто**, **нѣчьто**, **никъто**, **никакъ**, **нѣколикъ**, и сложените **къто любо** потоа **вьсь**, **вьсѣкъ**, (**вьсꙗкъ**), **вьсѣчьскыи**, **инъ**, **дроугыи** па и **самъ**, ако ја сметаме заменка.

7.2. Од стариот репертоар наполно се загубиле само **къждъ**, релативните **иже**, **ꙗкъ**, неопределените **онъсица** и **етеръ** и заменките **сикъ**, **селикъ**, **кликъ**.

7.3. Но сите запазени заменски форми не се подеднакво распространети во македонските дијалекти. Континуантите на **къто**, **которыи**, **къто любо**, **инъ** се јавуваат како архаизми само во некои периферни југоисточни говори, а континуантот на **сь** (*сој*) забележен е, пак како архаизам, во еден западен периферен говор (бобоштенскиот). Личната заменка **онъ** и континуантите на демонстративните **онъ** и **овъ** се познати на поширока област, но не се општомакедонски.

7.4. Некои од наследените заменки во историскиот развој на македонскиот јазик добиле нови функции и во системот зазеле и ново место. Континуантот на демонстративната заменка **tъ* во многу говори станал лична заменка за 3 л. и ја истиснал постарата *он*. Прашалните заменки ја презеле и функцијата на релативните, така што тие денеска вршат во нашиот јазик двојна функција. Дативните кратки форми на личните заменки добиле и посесивна функција, а со неа и ново место во редот на синтагмата.

7.5. Нови форми по однос на старословенските се посесивно-демонстративните *овегов, онегов*, одн. *овогов, оногов, тогов, овејзин, онејзин*, т.е. *овојзин, онојзин, то(ј)ен, овивни, онивни, техни* (*темни, тевни*), демонстративно-качествените *ваков, онаков*, демонстративно-количествените *(ов)олкав, онолкав*, потоа *секаков* и сложените со *еди* (*еди-кој, еди-кој-си* итн.), *годе* или *годер* (*кој-годе, што-годе, чиј-годе, каков-годе*), *ер* (*ер-кој*), образувањата од типот *кој-да-е, што-да-е, чиј-да-е, каков-да-е, кој-било, што-било, нем-кој, неве-кој*, или со частичката *си*: *некој-си* и др.

7.6. Нови форми се јавиле, како што се гледа, главно, во категоријата на демонстративните и неопределените заменки. Бројот на тие заменки се зголемил и се оформиле цели системи. Сп. кај демонстративните:

овој, оваа, ова, овие;	*оној, онаа, она, оние;*	*тој, таа, тоа, тие;*
овегов, -а, -о, -и;	*онегов, -а, -о, -и;*	*негов, -а, -о, -и;*
овејзин, -а, -о, -и;	*онејзин, -а, -о, -и;*	*нејзин, -а, -о, -и;*
овивни, -а, -о, -и;	*онивни, -а, -о, -и;*	*нивни, -а, -о, -и;*
(о)ваков, -а, -о, -и;	*онаков, -а, -о, -и;*	*таков, -а, -о, -и;*
(ов)олкав, -а, -о, -и;	*онолкав, -а, -о, -и;*	*толкав, -а, -о, -и;*

Кај неопределените:

некој, -а, -е, -и;	*нешто;*
некој-си;	
еди-кој, -а, -е, -и;	*еди-што;*
еди-кој-си // еди-си-кој;	*еди-си-што*
кој-годе(р)	*што-годе(р)*
кој-да-е;	*што-да-е;*
кој-било;	*што-било;*

ер-кој;
нем-кој;
неве-кој;

еден, -а, -о, -и;
ин, -а, -о, -и;
друг, -а, -о, -и;
боадин, -а, -о, -и;

нечиј, -а, -о, -и;
чиј-годе(р);
чиј-да-е;
чиј-било;

некаков, -а, -о, -и;
некаков- си;
еди-каков, -а, -о, -и;
еди-си-каков, -а, -о, -и;
каков-годе(р);
каков-да-е;
каков-било;

неколкав, -а, -о, -и;
колкав-годе(р);
колкав-да-е;
колкав-било.

7.7. Растењето на бројот на формите кај овие две категории заменки се објаснува со потребата за создавање симетричност. При постоењето на пропорцијата *тој* : *таков* : *толкав* не било тешко да се создаде таква пропорција и од заменките *овој* : *оваков* : *оволкав* и *оној* : *онаков* : *онолкав*. Истата пропорција се створила и кај демонстративно-посесивните. Спрема *тој* : *негов, таа* (*она*) : *нејзин, тие* (*они*) : *нивни* сме добиле и *овој* : *овегов, оваа* : *овејзин, оној* : *онегов, онаа* : *онејзина*, а после и *тој* : *тогов, таа* : *тоен*. Сличен процес се извршил и кај неопределените заменки.

7.8. Овде ги споменавме новостворените заменски форми. Но повеќе иновации во системот на заменките се огледаат во нивното образување. Готово сите заменки во помала или поголема мера претрпеле извесни структурни промени. Кон едни форми се додавале засилувачки частички, кои после сосема сраснале со заменките, а други се преобразувале со суфикси, особено оние што имале потесна врска со придавките.

7.9. Партикулите обично се додаваат кај правите заменки (личните и демонстративните).

Најобични, најчести заменски партикули се наследените *-з-*(*-зе, -зи*), *-ј-*(*-ја, -је*), *-к-*(*-ка*), *-в* (*-во, -ва, -ве*). Тие се додаваат кон заменките или сами или се комбинираат. Сп. кај личните заменки: *јас* (*јаз*), *јазе, јаска, јазека, јаскај; тис,* *т̄изе, т̄изека; ни(ј)е, ни(ј)а, ниека, нăј, ви(ј)е, ви(ј)а, вăј, виека; менека, т̄ебека, наска, васка, назе, вазе, назека, вазека;* кај демонстративните: *т̄ос, т̄ас, т̄ес, т̄ози, т̄ази, т̄ези, нос, нози, нејзе, нојзи, нојзе, овојзе, овојзи, онојзе, онојзи; т̄ој, овој, оној, т̄аја, оваја, онаја, т̄оје, овоје, оноје; т̄ова, онова, овова, т̄ове, ове; т̄ије, овије, оније, т̄ија, овија, онија;* кај други заменки: *оваквај, т̄аквај, оваквија, онаквија, т̄аквија; т̄аквос, т̄аквас,* и др.

7.10. При образувањето на другите заменки, главно изведени, користени се придавските суфикси: **-ovъ, *-inъ, *-ьnъ, *-ъvъ, *-avъ.* Сп.: *нег̄ов, овег̄ов, онег̄ов, т̄ог̄ов, сог̄ов, ниов; нејзин, овејзин, онејзин, нејн, нејен, њојăн, нијн, нијăн, нихен, т̄ојен, т̄еен, т̄ехен; каков, какăв, некаков, никаков, секаков, ваков, т̄аков, онаков; колкав, т̄олкав, онолкав, (ов)олкав* и др.

8. Распоредот на изоглосите на заменските форми

8.1. Изоглосите на заменските форми даваат доста интересна слика. Едни изоглоси сврзуваат две точки на разни страни од јазичната периферија и на тој начин македонската јазична територија ја разделуваат на два дела кои се често различни по големина. Други пак затвораат помали или поголеми пространства внатре во рамките на македонскиот јазик.

Изоглосите од првиот тип според правецот на движењето можат да се поделат во две основни групи. Една група има правец запад-исток. Таков правец имаат изоглосите на заменските форми: *нег̄о // њег̄а, нег̄а , ког̄о, неког̄о, ниног̄о // ког̄а, неког̄а, ником̄а; неа // њум, њума, њу; ја // г̄у; нејзе, нејзи // њојзе; нејзин, нејн // њојăн, њојан; с(в)иот̄, сет̄ // сăв; свекој // сваки; олкав, т̄олкав, онолкав // оволики, т̄олики, онолики.* Овие изоглоси распоредени се во Северна Македонија и одат во густ сноп по правецот Тетово – Скопје – Кратово.

8.2. Другата група се движи по правецот југ-север или југозапад-североисток. Само што изоглосите од оваа група не се толку компактни. Изоглосите на формите: *т̄е, овеа, онеа // т̄оа, ова, она; овог̄о, оног̄о // овег̄а, онег̄а* и *овог̄ов, оног̄ов // овег̄ов, онег̄ов; овојзин, онојзин // овејзин, онејзин* одат по западната јазична периферија од Охридското Езеро па до над Дебар.

Поголем број изоглоси од оваа група поминува низ централните македонски области. Тие тргнуваат, главно, од македонско-албанското и македонско-грчкото пограничје на просторот меѓу Преспанското Езеро и Грамос и се движат по правецот на течението на Црна Река и Вардар сè до Скопје, некои и до Тетово. Таков правец имаат изоглосите на заменките *т̄ој // он*, на синтетичките дативни форми *мене, т̄ебе, нему, нејзе, кому, некому, никому, секому; овему, онему, овејзе, онејзе; је // ѝ*, демонстративно-посесивните *овег̄ов, онег̄ов, овејзин, онејзин*, потоа изоглосите на разновидностите *не(ј)зин // нејн, нејни, њојăн*, и *ние, вие // ни(ј)а, ви(ј)а*. – Од кајларската област тргнуваат изоглосите на акузативните форми *и // г̄и*, и на разновидностите *т̄ој // т̄о, т̄иа, т̄ај, т̄ăј.*

За разлика од првата, северната група, овие изоглоси не се толку компактни; тие се движат на поголемо растојание и готово сите поминуваат низ тиквешко-мариовската област. Во Скопската котлина еден дел од нив влегува во северниот сноп и продолжува во Долни Полог, а неколку изоглоси излегуваат на Скопска Црна Гора североисточно од градот Скопје.

Неколку изолирани изоглоси со овој правец наоѓаме и во нашите источни области. По правецот Солун – Разлог одат изоглосите на заменските форми *т̄ос, т̄ози // т̄о, т̄ове*, и *нос, нус, нози*. Нешто позападно од Разлог поминува и изоглосата на личната заменка *он // т̄ој*, а низ Малешевијата и Пијанец поминуваат источните изоглоси на демонстративните заменки *овој* со варијантите *во, виа, овај, вај* и *ваков*.

8.3. Растурени се и изоглосите со правец југозапад-североисток. Изоглосата на заменката *ја // јас* поминува јужно од линијата Охрид – Велес – Злетово. Западно, пак, од оваа линија одат изоглосите на разновидностите *мие, ми // ние* и *чив, чиф // чиј*. Источната граница на заменските форми *олкав // волкав, оволкав* и *онолкав* поминуваат јужно од Преспанското Езеро и Лерин и источно од Штип и Кочани.

Изоглосите на кратките заменски форми *ме, т̄е, се, не, ве // ма, т̄а, са, на, ва* имаат повеќе правец запад-исток. Тие одат јужно од линијата Ресен – Петрич – Банско. Приближно по овој правец одат и изоглосите на заменките *онаков* и *сӑт̄ // сет̄, сиот̄*, додека изоглосата на демонстративната *оној, ној* вака се простира до Петрич, а после свртува на југ кон Солун.

8.4. Еден дел од изоглосите од овој тип на јазичната периферија и завршува. Со јазичната граница тие обично опкружуваат поголеми или помали ареали. Таков е случајот, на пример, со изоглосите на заменката *т̄ој*, дативните *мене, т̄ебе, нему, кому, некому, секому, је*, формите *овег̄а, онег̄а* и *овему, онему* за среден род *ова, она*, посесивните *нејзин, овејзин, онејзин, овег̄ов, онег̄ов* и формите за признаци *ваков, олкав, онолкав*. Другите ја преминуваат македонската јазична граница и продолжуваат на териториите на соседните словенски јазици. Изоглосите на заменските форми *ја, ми, он, њег̄а, ког̄а, овог̄а, оног̄а, т̄ог̄а, њума, г̄у, г̄и, сваки, свакакӑв*, на пример, ја преминуваат нашата северна граница продолжувајќи во граничните српски дијалекти. Изоглосите на формите *т̄ос, нос, нејн, ма, т̄а, са, на, ва* ја минуваат источната граница на македонскиот јазик и преоѓаат на територијата на граничните бугарски дијалекти.

8.5. Бројот на изоглосите што ограничуваат помали ареали не е голем. Во Западна Македонија помали терени опкружуваат изоглосите на акузативните форми *нам, вам, ним* или дативните *нас, вас, нив*, акуз. форма за женски род *је* и дат. за женски род *му*, заменските форми *не(ј)зи, ове(ј)зи, оне(ј)зи*, демонстративните за машки род *овја, оња*, за среден род *т̄еа, овеа, она*, за множина *т̄ие, овие, оние*, одн. *овје:, оње:*, а во Источна – формите на личните заменки со партикулите *-зе* : *јазе, т̄изе, назе, вазе* и *-ка* или *-зека* : *јазека, т̄изека, назека, вазека, т̄иска, наска, менека, т̄ебека, наска, васка*, акуз. множинска *и* место *г̄и*, демонстративните форми за машки род *т̄ове, онове* или *т̄иа, виа, ниа*, количествената *сет̄* и др.

8.6. Заменските форми поради разнообразноста на нивните варијанти имаат важно значење и за класификацијата на македонските дијалекти. Споредувајќи го правецот на нивните изоглоси со правецот на изоглосите на фонетските, лексичките и другите граматички особености, релевантни за класификација на нашите говори, забележавме во ред случаи идентичности и поклопувања.

Изоглосите на заменските форми карактеристични за северните говори наполно се поклопуваат со дијалектната граница означена со густ сноп на голем број изоглоси на разновидни појави. Истото ова важи и за изоглосите што одат по правецот Преспа (одн. Костур, Кајлар) – Црна – Вардар – Полог. И тие се вклопуваат во изоглосниот сноп на диференцијалните особености меѓу источното и западното наречје (сп. ги во првиот том од ова издание картите кон глава I.6.).

Другите изоглоси можат да имаат значење при разграничувањето на помали говорни единици во границите на основните македонски наречја.

1965

Карта 1[*]



Карта 2



---

[*] Јазичната граница на овие карти е внесена според синтетската карта на македонските дијалекти (сп. во овој том стр. IV)

Карта 3



Карта 4



Карта 5



Карта 6



Карта 7



Карта 8



Карта 9



Карта 10



Карта 11



Карта 12



Карта 13



Карта 14



Карта 15



Карта 16



Карта 17



Карта 18



Карта 19



Карта 20



Карта 21



Карта 22



Карта 23



Карта 24



Карта 25



Карта 26



Карта 27



Карта 28



Карта 29



Карта 30



Карта 31



Карта 32



Карта 33



Карта 34



Карта 35



Карта 36



Карта 37



Карта 38



Карта 39



Карта 40



Карта 41



Карта 42



Карта 43



Карта 44



Карта 45



Карта 46



Карта 47



Карта 48



Карта 49



Карта 50



Карта 51



Карта 52



2.2. ДАТИВНАТА ФОРМА КАЈ ИМЕНКИТЕ

1. Познато е дека во македонскиот литературен јазик дативниот однос кај именките се искажува аналитички – со предлогот *на* и *општата форма* на именката (casus generalis): *Му рече на Милана, на Марка, на Никола, на Стојчета* (ном. *Милан, Марко, Никола, Стојче*); *ѝ даде на Мара, на Стојна, на Милица.*

Овој начин на искажување на дативот карактеристичен е и за поголем дел од македонските дијалекти. Во источните и југоисточните говори, каде што дошло и до изедначување на општата и номинативната форма, *на*-конструкциите станале единствена форма за изразување на стариот датив кај сите именки од сите три рода. Сп.: *Реч'е му на Мил'ан, на М'арко, на Ст'ојче, на Ник'ола, на Цв'ета* (во кочанскиот, штипскиот, солунскиот, воденскиот говор), *Му р'ече на М'илан, на М'арко, на М'ара* (во тиквешкиот, мариовскиот, леринскиот, костурскиот). Исто така и во североисточните говори: *Реч'е му на Мил'ана, на М'арка, на Ник'олу, на М'ару* (во кумановскиот, кратовскиот, кривопаланечкиот).

2. Во западните дијалекти со *на*-конструкциите дативниот однос се искажува консеквентно само кај општите именки: *на човекот, на жената, на детето.* Меѓутоа, кај личните и роднинските имиња на поголема територија сè уште се пази старата дативна форма со флексија. Сп.: *Му рече Милану, Стојану, Марко(ј)е – Маркове, Стојчету – Стојче(в)е, Николу, Маре – Мари; тетину, татко(ј)е – таткове, тетки – тетке.* Вакви форми (со флексија) се употребуваат на целата западна и северозападна периферија од Скопска Црна Гора па до Грамос (в. карта 1).

2.1. Личните имиња од машки род што завршуваат на *консонант* (тип: *Душан, Иван, Стојан,* роднинското *тетин*) и на *-а* (тип: *Богоја, Ѓорѓија, Илија, Никола*) датив образуваат со наставката *-у* (в. карта 2):

а) *Му рече Душану, Му нарачал Ивану да доет, Му сторил абер Младену, Кажи му Стојану, Му даде пари тетину;*

б) *Му се налути Богоју, Му пререче Илију, Речи му Николу.*

2.2. Имињата на *-о* (тип: *Димо, Десо, Кољо, Марко, Сарцо,* роднинските: *вујко, дедо, стрико, татко*) во датив завршуваат на *-ове* (во малореканскиот и во дел од реканскиот говор), односно *-ое* / *-оје* (во поречкиот, кичевскиот, дебарскиот, струшкиот, охридскиот, горнополошкиот), *-оту* (во долнополошкиот и во дел од кичевскиот говор), *-ои* (во мавровскиот), *-у* (во скопскоцрногорскиот, ресенскиот, бобоштенскиот) (в. карта 3). Сп:

а) *Му рече Маркове, Саржове, таткове* (Галичник; Белић, 1935 : 163), *Бошкове, Живкове* (Папрадиште – Велешко), *Мусове, Рецове* (Жировница), *Јанкове му реков, Спирове, бабове, дајцове, мицове* (во говорот на велешките Торбеши, Видоески, 1951 : 207);

б) *Му велит Димо(ј)е, Кољо(ј)е, Марко(ј)е, вујко(ј)е, дедо(ј)е, срико(ј)е, татко(ј)е* (во поречкиот, кичевскиот, дебарскиот, дримколскиот, реканскиот, Поповски, 1959 : 119).

в) *Му нарача Маркоту, Стефоту* (во тетовскиот; Стаматоски, 1957 : 91), вратничкиот и во кичевскиот рабетински говор (Видоески, 1957 : 62);

г) *Му се свр̥те Арсои, Му рече Бошкои, Му нарача Вељкои, Му се смеат Живкои, Му подаде ра̌ка Маркои* (Маврово);

д) *Кажи му Бојку, Му дале Вељку пензију, Речи му Петку да иде у село* (во скопскоцрногорскиот); *Кажи му Димку, Марку, Стојку, Цветку* (во преспанскиот), *Не му вел'äше тајк'у-је* (во бобоштенскиот, Mazon, 1936 : 58).

2.3. Со истиве овие наставки дативната форма се образува и кај имињата на *-е* (тип: *Блаже, Диме, Зоге, Миле, Петре, Ристе,* роднинските: *бате, тате, чиче*), само што се тие географски поинаку распределени (в. карта 4):

а) *-еве* : *Му се смеат Блажеве, Петреве му дале леп, Ристове му се сонило* (во галичкиот и во говорот на селата Папрадиште, Смилево и Жировница, Видоески, 1957 : 62);

-ее : *Му нарачале Кр̥стее да доет, Му велит Матее, Трајчее, Му рекоф чичее, татее* (во тајмишкиот, Видоески, 1958 : 29), *Речи му Велее, Му влегле Мучее дома* (во говорот на рабетинските Торбеши и во северните кичевски села, Видоески 1957 : 62), *Му ветив Салее* (во реканскиот), *Речи му Арсеје, Владеје, Ѓореје* (Дримкол);

б) *-ету* : *Му рече Димету, Зогету, Ристету, Спасету, Столету, татету, чичету* (во скопскоцрногорскиот, тетовскиот, горнополошкиот, поречкиот, кичевскиот, демирхисарскиот, охридскиот, ресенскиот, дебарскиот);

в) *-еи* : *Му даде Димеи, Јончеи, Костеи, Милеи, Митеи, Петреи, Стојчеи* (Маврово);

г) *Му ветил Арсеу, Владеу, Ѓореу, Јонеу, Петреу, Спасеу* (во дримколскиот).

2.4. Кај имињата од женски род дативната форма завршува на *-е* и на *-и*. Првата наставка *(-е)* се употребува во скопскоцрногорскиот говор, во северниот дел од долнополошкиот (северно од линијата Ратае – Теарце), во северозападните кичевски села, во преспанскиот, охридскиот, струшкиот, дебарските, во говорот на торбешките велешки села Врановци и Мелница, во мијачкиот говор на Папрадиште и Смилево, како и во бобоштенскиот говор. Наставката *-и* е распространета во поречкиот, скопскиот, во дел на кичевскиот и во полошките говори на север до Ратае и Теарце (в. карта 5). Сп.:

а) *-е* : *Росе сам продала ракију, Кажи је Анге нека пушти вино, Е липцало теле Митре, Однеси је Ратке гројзе* (во скопскоцрногорскиот); *Речи је Јагоде, Је дадов паре Коце, мајке ми* (во вратничкиот); *Кате је дадоф паре, Аритонице је рекоф* (во галичкиот, Белић, 1935 : 173-174); *Магде, Наде, Ратке, Руже, Слободе, мајке* (во дебарскиот, Михаилов, 1954 : 20); *Горице је се сонило, Је рече Кале да дојт, Је се свр̥те Софије, Кажи је Донке* (во кичевскиот, Видоески, 1957 : 64)*; ене с'естре, парв'етуј м'ајке* (во бобоштенскиот, Mazon, 1936 : 60);

б) *-и* : *Су је искала ќилим Косари, Је шепна Дончојци, Је чукнало во гла:та нешто Фатими* (во кичевскиот, Видоески, 1957 : 64); *Му викнаф Магди, Му рекоф Цвети, стрини, тетки* (во тајмишкиот, Видоески, 1958 : 30); *Је се сонило*

Арсени, Је рекоф мајки, срини (во поречкиот, Видоески, 1950 : 35); *Му се смејат Роси* (во горнополошкиот); *Је рекле Душки, Душајнци, Мари, тетки* (Маврово); *Је велит Асаници, Кадрии* (Јеловјане – Тетовско); *Мари, Цвети, тетки* (Нова Брезница – Скопско).

2.5. Во бобоштенскиот говор флексивниот датив освен кај личните и родninските имиња добро се пази и во определената форма кај општите именки од машки и женски род: *арамијут'ому, старцут'ому, мајк*$^{'ј}$*ӓтуј, книг*$^{'ј}$*ӓтуј* (Mazon, 1936 : 54).

2.6. Во бобоштенскиот говор исто така се пази во определената форма и флексивниот датив во множината и тоа кај сите именки од сите три рода: *арамиј'итим, татков'итим, старц'итим; брак'ј'атам; мајк*^{ј}*ӓтем, с́естр'ӓтем; гробј'атам* (: *гробја*) и *гробј'етем* (: *гробје*), *снопј'етем; именшич'атам, сарц'атам* (Mazon, 1936 : 54).

2.7. Ако е именката придружена со атрибутски збор, тогаш датив образува само атрибутот: *ен'ему старец, с'ому брат, с'ијам старци, с*^{ј}*ӓм сестре, парв*$^{'ј}$*ӓтем сарца* (Mazon, 1936 : 54).

2.8. Во скопскоцрногорскиот говор датив со флексија можат да образуваат и посесивните придавки изведени од лично име, кога се употребени како презиме. Во машки род завршуваат на *-ому*, во женски на *-ези*. Сп.:

а) *Му рече Милану Стојановому* (: *Милан Стојанов*), *Му дал паре Стојану Мирковому, Нацету Кировскому* (: *Наце Кировски*);

б) *Је рече Николице Копчаровези, Син је Милице Бојчовези* (: *Николица Копчарова, Милица Бојчова*).

2.9. Во оние македонски дијалекти каде што се употребува дативната форма се јавува и т.н. посесивен датив. Тој најчесто се среќава во северозападните говори (скопскоцрногорскиот, долнополошкиот), но не е необичен и во другите западни говори. Сп.: *Вељка Гушету тајко утепав га, Нацету Кировскому син Панко, Викни га Милану Бојчовому тајка, Гу викав Стојану Тошевому к'ерку му у школу, Отиде и дедо му Ристету Којстаровому; Гу видо Роске Каровези к'ерку је, Тајко је Петре Шишковези, Унук је Николице Копчаровези* (во скопскоцрногорскиот); *Речи му на детето Јоану Чауш. – Чиво је она дете? Славету Шаро. – Чива је кукава? Митопу Савев* (во вратничкиот); *Син му Милету* (во кичевскиот), *Јончету жената* (во ресенскиот).

3. Како дативни наставки, видовме, се јавуваат морфемите: *-у, -ои* (*-еи*), *-ове* (*-еве*) со разновидностите: *-ое* (*-ее*), *-оје* (*-еје*), *-оту* (*-ету*) за машки, и: *-е, -и* за женски род, а кај придавските образувања: *-ому* и *-ези.*

3.1. Наставката *-у* е наследена.

3.2. Старата дативна наставка *-ови* (од □-основи) по губењето на интервокалното *в* се изменила во *-ои* (*-еи*) : *Маркови > Маркои, Петреви > Петреи.*

3.3. Наставката *-ове* (*-еве*) е добиена со контаминација на *-ови* и *-е* (од **ě* кај старата *a*-основа, Конески, 1965 : 114). По загубата на меѓувокалното *в* се добиле разновидностите *-ое, -ее* (*Маркове* > *Маркое, Петреве* > *Петрее*), а во некои говори се јавило *ј* (*Маркове* > *Маркое* > *Маркоје*).

3.4. Нова е исто така и наставката *-оту* (*-ету*). Настанала со контаминација на *-у* и *-ета* (во општата форма) и тоа прво кај имињата на *-е* (*Петрета* X *Петру* > *Петрету*). По аналогија со овој тип имиња таа се проширила после и на имињата што завршуваат во номинатив на *-о* (*Марко,* датив: *Маркоту*).

3.5. И двете наставки за женски род се наследиле (*-е* е добиена фонетски од **ě*; во Бобоштица **ě* под акцент дало *ä*).

3.6. Јасно е потеклото и на придавската дативна форма *-ому* (*Марков-ому*).

3.7. Наставката за женски род *-ези* претставува проширување на дативното *-е* со партикулата *-зи* (*Маркова,* датив: *Маркове-зи*).

4. Дел од наставките, како што гледаме, се наследени од старомакедонскиот (старословенскиот). Такви се: *-у, -ови, -е, -и.* Нови се: *-ове* (*-ое, -оје*), *-ету* / *-оту, -ези* (последнава како придавска наставка).

5. Во поглед на дистрибуцијата на наставките се забележува тенденција во сите македонски дијалекти (што ја познаваат дативната флексивна форма) да се генерализира по една дативна морфема за секој род.

5.1. Кај именките од женски род тоа е постигнато во сите говори. Во едни говори се обопштила наставката *-и,* во други *-е,* но нема ниту еден говор каде што би се употребувале и двете наставки.

5.2. Кај именките од машки род оваа тенденција дошла наполно до израз во дримколскиот, бобоштенскиот, преспанскиот, долнополошкиот и скопскоцрногорскиот. Во сите тие говори во машки род се обопштила наставката *-у* : *Ристос-у, Петк-у, Андре-у* (во бобоштенскиот), *Божин-у, Илиј-у, Марк-у, Владе-у* (во дримколскиот), *Стојан-у, Илиј-у, Марк-у, Бранет-у* (во ресенскиот), *Стојан-у, Никол-у, Лазет-у, Петкот-у* (во долнополошкиот и кичевскиот), *Стојан-у, Никол-у, Марк-у, Лазет-у* (во скопскоцрногорскиот). Кај имињата на *-е* (тип *Бране*) основата е проширена во сите говори (*Бран-ет-у*), а во долнополошкиот и во кичевскиот до проширување на основата дошло и кај имињата на *-о* (тип *Марко,* датив: *Марк-от-у*).

5.3. Во другите говори во машки род се издиференцирале две дативни наставки: *-у* и *-ои* (*-еи*), одн. *-ове* (*-еве*). На *-у* завршуваат имињата на консонант: *Стојан-у* (во сите говори). Со двосложната наставка *-ои* (*-еи*) и *-ове* (*-еве*) со споменатите фонетски разновидности датив образуваат имињата што завршуваат на вокал: а) *Петкое, Лазее* (во дебарскиот), *Петкове, Лазеве* : *Николу* (во малореканскиот), б) *Петкои, Лазеи* : *Николу* (во мавровскиот); в) *Петкое* : *Ни-*

колу, Лазеӣу (во поречкиот, кичевскиот, демирхисарскиот, ресенскиот, охридскиот).

Дистрибуцијата на овие две наставки во споменативе говори истовремено укажува и на развојниот пат на процесот на генерализирањето на *-у*. Наставката *-ови*, одн. *-ове* најдолго се одржала кај именките што завршуваат на *-о* (тип *Марко*).

6. На крајот да истакнеме дека дативната флексивна форма не се употребува подеднакво на целиот ареал означен на картата број 1. Со поголема доследност таа се јавува во северозападниот дел на тој ареал: во скопскоцрногорскиот, полошките, поречко-кичевските и реканските говори. Во дебарскиот, особено во неговиот југозападен дел, и во охридско-преспанските таа се среќава поретко, особено во говорот на помладите генерации, и тоа посебно во градскиот охридски говор. Дативниот предмет во последниов пообично се искажува аналитички.

1968


Југославија
Бугарија
Албанија
Грција
Крива Паланка
Куманово
Кратово
Злетово
Крива Р.
Тетово
Скопје
Пчиња
Св.Николе
Кочани
Делчево
Благоевград
(Г.Џумаја)
Разлог
Банско
Треска
Гостивар
Радика
Велес
Штип
Пехчево
Берово
Радовиш
Гоце Делчев
(Неврокоп)
Места
Сандански
(Св.Врач)
Мелник
Брегалница
Неготино
Кавадарци
Дебар
Кичево
Брод
Струмица
Струмица
Петрич
Црн Дрим
Прилеп
Вардар
Црна Река
Валовиште
Драма
Гевгелија
Дојран
Струма
Сер
Струга
Охрид
Ресен
Битола
Кукуш
Гуменџе
Галик
Сухо
Лагадина
Острово
Воден
Лерин
Енице-Вардар
Солун
Негуш
Корча
Бер
Костур
Кајлар
Бистрица
Бистрица
ДРЖАВНА ГРАНИЦА
Карта 1
датив

Карта 2



Карта 3



Карта 4



Карта 5



2.3. ОБРАЗУВАЊЕ МНОЖИНСКИ ФОРМИ И ГЕОГРАФСКА ДИСТРИБУЦИЈА НА МНОЖИНСКИТЕ НАСТАВКИ КАЈ ИМЕНКИТЕ ОД СРЕДЕН РОД

1. Во старословенскиот јазик, респ. и во старомакедонскиот, множинските форми кај именките од среден род се образувале со наставките *-а* кај тврдите *о*-основи (**село – села**) и *-ја* кај меките или *јо*-основи **морѥ – морꙗ**, **полѥ – полꙗ**, **знамениѥ – знамениꙗ**, **лице – лица**. Кај еден релативно мал број именки основите им биле проширени со секвенците **-es* (т.н. *s*-основи, сп. **небо – небеса**, **тѣло – тѣлеса**, **-en* (*n*-основи, сп. **имѧ – имена**, **врѣмѧ – врѣмена**) и **-ęt-* (*t*-основи: **агнѧ – агнѧта**, **жрѣбѧ – жрѣбѧта**).

2. Денеска во современиот македонски дијалектен јазик именките од среден род се класирани според завршокот во две основни групи – *о*-група и *е*-група.

Именките што завршуваат на *-о* множински форми образуваат по правило со наставката *-а*, која ја континуира старата наставка од тврдите *о*-основи, сп. *блато – блата, место – места, ребро – ребра, село – села, колено – колена, копито – копита, корито – корита, легло – легла, бесило – бесила* итн. По овој модел се повеле и оние неколку именки од старата *s*-основа, сп. *небо – неба, тело – тела, чудо – чуда,* и многу ретко ќе се сретнат старите форми *небеса* и *чудеса,* понекогаш и *чудесии* (: *чудесија*) (Конески, 1981 : 258).

Дијалектни варијанти во множинските форми покажуваат само лексемите: *гумно, рамно, око, ухо – уво,* во помала мера уште и *чело, црево, животно, езеро.*

Од *гумно* покрај множинската форма *гумна* се среќава и обликот *гумења,* во малешевско-пијанечките говори и во фонетскиот облик *г'увно – г'увна* и *г'увења* Габрово, Ветрен (Делчево), Лаки (Берово), *г'увно – г'увенја* Будинараци (Берово), *г'увно – г'увиња* Митрашинци (Берово). Вторава форма (*гумења – гувења*) таму каде што се јавува напоредно со *гумна – гувна* презема збирно значење.

Од именката *рамо* констатирани се множинските форми *рам'а* Г. Броди (Драмско), Гоце Делчев, *рамја* Струпино (Меглен), *рамо – рамена* во повеќето централни и пошироко во западните дијалекти, во Леринско, *р'амена* Елешница (Разлог), *рамен'а* и *рамен'е* во некои серско-драмски говори (Иванов, 1972 : карта 80), *рамо – рамења* и *рамење* во гостиварскиот и поречкиот, *р'амења* Габровник (Благоевград), *р'амење* Крналово (Петрич). Во поречко-кичевскиот покрај *рамо* (*ме боли рамото*) се употребува и формата *рамено,* секундарно образувана спрема множинската *рамена – рамења.* Во некои локални говори во Јужна Македонија се јавува и обликот *раме,* мн. *р'амијна* Меглен, *рам'ијна* Чеган (Воден), *рӑм'ијна* (< *рам'ијна*) Фурка (Дојран), *рам'ина* Габрене (Петрич), *р'амиња* Раздол (Сандански).

Од именката *чело* покрај регуларниот облик *чела* во говорот на Гуменџа е забележана формата со множинска наставка *-ове,* карактеристична за именките од машки род: *ч'ело – ч'елуве* (< *ч'елове*), а во костурското село Галишта од *цер'ево* е констатиран обликот *цер'еви*.

Стандардниот облик *животно – животни* се употребува и во дијалектниот јазик.

Од именките *око* и *ухо* (*уво, уо*) на целата јазична територија се задржале старите дуални форми *очи, уши*. Во бројни говори каде што се загубило *х* во интервокална позиција (*ухо* > *уо*) спрема множинската форма *уши* образувана е еднинската *уше* (*уше – уши*), а понегде множинската форма од *уше* се образува со наставките карактеристични за именките од среден род на *-е*, сп. *уше – 'ушина* Ошчима (Лерин), *'уше – ушен'ишча* во костурските говори. Во говорот на с. Баровица (Воденско) забележано е и *'уво – 'увуто* (< *'увото*), мн. *'увии*.

Именките *небо* и *езеро* во бројни говори се јавуваат во формите *небе, езере* и тогаш множина образуваат како и другите именки на *-е* (сп. *небе – неб'ина* Кукушко, *неб'е – неб'ета* во серско-драмските говори, в. подолу).

3. Именките од среден род што завршуваат на *-је, -ње* и *-иште* исто така множински форми образуваат со наставката *-а,* а именките на *-ие* и *-ние* со наставката *-ја*, сп. *јасје – јасја, копје – копја, лозје – лозја, овошје – овошја, оружје – оружја, тилје – тилја; имање – имања, јадење – јадења, орање – орања, сирење – сирења* (со дијалектни варијанти *сирејне – сирејна*); *алиште – алишта, буниште – буништа, огниште – огништа, селиште – селишта* (одн. *алишча, алишќа,...* таму каде што место секвенцата *шт* се изговара *шч* или *шќ*); *востание – востаниа* и *востанија, предание – предонија / преданиа* (зависно од тоа дали во дијалектот се изговара секвенцата *-иа-* или со *ј* – *-ија-*).

4. Другите именки од среден род на *-е* (< **-е*) од типот *море, поле* (< **ę*) *време, име* (стсл. **врѣмѧ, имѧ**), како и оние со деминутивно-хипокористичните суфикси *-е* (*котле, маже, бавче*), *-уле* (*врекуле, детуле, писмуле*), *-че* (*братче, вирче, камче, ремче, одајче, ритче*), *-иче* (*кравиче, кукиче, собиче, цр̥квиче*), вклучувајќи ги и бројните туѓи лексеми од типот *кафе, мезе, ќоше, ќумбе, џаде* и др. множински форми образуваат со наставките: *-ета* (со аломорфите *-ита, -ента, -ӓнта, -а̣нта, -инта, -нта*), *-ена, -иња* (со аломорфите *-ијња, -ијна, инја, -ина, -ија*), *-ишта* (*-ишча, -ишќа*), *-ениишта / -енишча, -иќи* (со аломорфата *-ики*), *-иќа* (*-ича*), *-иќиња, -ци,* кои се (повеќето од нив) територијално разграничени.

5. На најголем дел од македонската јазична територија именките на *-е, -че, -иче, -уле* множински форми образуваат со наставката *-иња* (која се јавува и во фонетските разновидности *-ијна, -инја, -ина,* зависно од тоа дали фонемата *њ* се пази или се затврднала во *н*), сп. *поле – полиња, море – мориња, бебе – бебиња, време – времиња, име – имиња, теле – телиња, еже – ежиња, котле – котлиња, вирче – вирчиња, бабуле – бабулиња, поличе – поличиња, кукиче – кукичиња* (во одделни дијалекти: *времина, времинја, времијна,* итн.).

Таа превладува – негде повеќе, негде помалку – и кај именките што завршуваат на *-це* и *-енце*. Така кај нив има двојни форми – со *-а* : *веленце – веленца, јајце – јајца, лице – лица,* но и: *веленце – веленциња, јајце – јајциња, лице – лициња, др̥вце – др̥вца* и *др̥вциња, зр̥нце – зр̥нца* и *зр̥нциња, езерце – езерца / езерциња, крилце – крилца / крилциња, цревце – цревца / цревциња, јагненце – јагненца /*

јагненциња, пиленце – пиленца / пиленциња, и др. Треба веднаш и да истакнеме дека меѓу множинските форми на *-а* и на *-иња* кај овој тип именки (на *-це*) се забележува доста изразена семантичка разлика; формите со наставката *-иња* сугерираат деминутивно-хипокористично значење, кое се содржи и во самите суфикси *-це* и *-енце,* сп. *окце – окциња, др̥вце – др̥вциња,* спрема *окца, др̥вца* – со "неутрално" значење. Кај некои именки формите на *-а* се скоро необични, сп. *цице – цициња, маце – мациња* (веројатно да се избегне можната омонимија со глаголите *цица, маца*!).

Во централниот дел од битолското подрачје наставката *-иња* по фонетски пат се трансформирала во *-и(ј)а* (*-иња > ијња > ијна > ија > иа*), сп. *јагне – јагнија, пиле – пилија, магаре – магарија, рипче – рипчија* Кажани, Дедебалци (Видоески, 1985 : 29), *барде – бардиа, еже – ежиа, јаже – јажиа, куче – кучиа, одајче – одајчиа, цвеќе – цвеќиа, брате – братиа* Дихово (Groen, 1977 : 66).

Наставката *-иња* се јавува како важна дијалектна диференцијална црта за западните македонски дијалекти и за западниот дел од источното наречје. Нејзината источна изоглоса оди малку нешто поисточно од Крива Паланка – Кратово – Кочани – Дојран – Кукуш – Солун.

6. Наставката *-ета*, која ја континуира старата наставка _*-ęta_ кај именките од *t*-основи **телѧ – телѧта** се задржала во крајните источни и југоисточни македонски дијалекти на правецот Солун – Серез – Драма – Гоце Делчев – Разлог, потоа во говорите по долината на Струма, во малешевските, пијанечките и во дел од кукушко-дојранското подрачје. Во тој дел од македонската јазична територија *-ета* станала општа наставка за множина кај именките од среден род на *-е,* сп. *'име – 'имета, н'ебе – неб'ета*, кај глаголските именки на *-не* : *р'укан'е – р'укан''ета* – во гоцеделчевскиот (Мирчевъ, 1936 : 71), *в'ăже – в'ăжета, 'име – 'имета, гл'едане – гл'еданета, р'укане – р'луканета* – во серско-драмските (Иванов, 1977 : 46), *славејче – славејчита* (*< славејчета*) Градобор (Солунско), *в'ăже – в'ăжита, гр'озди – гр'оздита, г'ăрне – г'ăрнита, ждр''ăбе – ждр''ăбита, з'ели* (*< з'еле*) *– з'елита, ј'агни – ј'агнита, к'учита, ш'иќ'ерчи – ш'иќ'ерчита* Балевец, Илинец во Богданско (Małecki, 1933 : 126), *бр'атче – бр'атчета, ил'енче* (*< ел'енче*) *– ил'енчета, к'олче – к'олчета, н'охче – н'охчета, в'ирче – в'ирчита, кл'ахче – кл'ахчита* – во кукушкиот (Пеев, 1987 : 187-188), *ждр'ебе – ждреб'ета, мус'ета, п'оле – пол'ета, пр'езимета, риб'арчета, тел'ета, ќуч'ета, џад'ета* – во дојранскиот (Пеев, 1979 : 69-70), *м'оре – мор'ета, пол'ета, вр'еме – вр'емета, с'емета, внуче – вн'учета, к'учета, п'иле – п'илета, јад'ење – јад'ењета, с'ирење – с'ирењета, орањ'е – орањ'ета* Пехчево, *ждреб'е – ждреб'ета, момч'е – момч'ета, котл'е – котл'ета, мост'е – мост'ета, петл'е – петл'ета* Блатец (Кочанско), *јунч'е – јунч'ета, ренд'е – ренд'ета* Калиманци (Делчево), *ј'аре – ј'арета, к'уче – к'учета, п'оле – пул'ета, 'име – 'имета* Елешница (Разлошко).

Во сушко-височкиот говор поради континуацијата на носовката _*ę_ во [*äн*] во акцентиран слог, одн. во [*ạн*] во неакцентирана позиција односнава наставка се јавува во аломорфот *-'äнта* одн. *-ạнта*, сп. *'им'ạ – 'им'ạнта, ј'агн'ạ – ј'агн'ạнта, ј'ар'ạ – ј'ар'ạнта, ј'арч'ạ – ј'арч'ạнта, с''äм'ạ – с''äм'ạнта, м'ори* (*< м'оре*) *– мур''äнта, ниб'е – ниб''äнта, п'ил'ạ – п'ил'ạнта, п'оли* (*< п'оле*) *– пул''äнта.* После таа се проширила и кај именките на *-е* од типот *с'ирине* (*< с'ирене*) *– с̦ирин''äнта, уран'е – уран''äнта* (*оране*), дури и во туѓи лексеми: *каф'е – каф'äнта.*

Елементот *-нта* се сфатил како посебна морфа, па се пренесол и кај именките од типот *луз’’е* (< *л'озе* < *л'озје*) – *луз’’анта б'или* (< *б'иле* < *б'иље*) – *б'илинта, л'ици* (< *л'ице*) – *л'ицинта,* па дури и кај некои именки што завршуваат на *-о,* сп. *ч'уду – ч'уданта, чајр'о – чајр'анта, б’а̣л'илу* (*б’ал'ило*) – *б’а̣л'илунта, в'едру – в'едрунта, м'аку – м'акунта, р'аму – р'амунта, х'ору – х'орунта* (Голомб, 1962 : 185).

Во малешевско-пијанечките говори наставката *-ета* се среќава напоредно со *-а* и кај именките на *-це,* сп. *др̥вц'е – др̥вч'ета,* покрај *др̥вц'е – д'р̥вца, окц'е – окц'ета, селц'е – селц'ета* и *с'елца, винц'е – винц'ета, млекц'е – млекц'ета* Пехчево.

Во гоцеделчевскиот говор завршокот *-та* се проширил и на множинската форма на *-ја* кај именките на *-ие* од типот *б'иен’’ие – б'иен’’ијата, гр'ебен’’ие – гр'ебен’’ијата* (Мирчевъ, 1936 : 71), и на тој начин се оформила нова множинска наставка *-јата.*

Од другите македонски говори наставката *-ета* може да се сретне уште во бобоштенскиот (корчанскиот) говор во Јужна Албанија и тоа само кај именките од среден род што завршуваат на *-че,* сп. *вн'уче – внуч'ʲäта, в'алче – валч'ʲäта, гл'ујче – глујч'ʲäта* (назалот **ę* овде се рефлектирал во *ʲä* под акцент (Mazon, 1936 : 63).

7. Во серско-драмските и малешевско-пиринските говори во ограничен број лексеми задржани се и старите множински форми на *-ена,* сп. *вр'äме – времен'а,* но *'име – 'имета* во разлошкиот, *'имена – имен'а* покрај *'имета* и *имин’а* во некои пунктови во Петричко, *'имења* во Пехчево.

8. Во јужниот дел на костурското говорно подрачје и во бобоштенскиот говор, во одделни лексеми и во кајларскиот, покрај множинските форми со наставката *-ина* (< *иња*) се употребуваат и облици со наставката *-енишча,* сп. *м'орје – морјен'ишча, п'оле – полен'ишча, с'арце – сарцен'ишча, ск'еле – скелен'ишча, в'олче – волчен'ишча, к'уче – кучен'ишча,* покрај *вр'еме – врем'ина, к'отле – котл'ина* (во говорот на исто лице) Слимница, *в'оле – волен'ишча, 'име* (< *виме*) – *имен'ишча, п'иле – пилен'ишча, с'ерце – серцен'ишча, пр'ешле – прешлен'ишча, п'оле – полен'ишча, т'еле – телен'ишча,* покрај *пол'инја, к'уче – куч'инја* Езерец, *бр'ате – братен'ишча, б'ике – бикен'ишча, ждр'ебе – ждребен'ишча, 'ушле – ушлен'ишча, ќ'оше – ќошен'ишча* Нестрам, *вр'апче – врапчен'ишча, м'омче – момчен'ишча, 'име – имен'ишча* Костур (Кузовъ, 1921 : 106), *'име – имен'ишча, к'уче – кучен'ишча,* но *б'ише – биш'ина, п'етле – петл'ина* Емборе (Кајлар). Формата *имен'ишча* (од *име*) констатирана е и во некои пунктови во Мегленско (с. Сараќиново) и во воденскиот говор напоредно со *им'ијна* (Думевъ, 1943 : 46).

Во говорот на Бобоштица (Корча) како множински наставки кај именките од среден род на *-е* конкурираат *-ʲäта* (*внуч'ʲäта*), *-ин’ја* (*тел'ин’ја*) и *-енишча* : *име – имен'ишча, морен'ишча, к'уче – кучен'ишча, м'аче – мачен'ишча,* во неколку случаи се јавува и наставката *-ишча* : *пиле – пил'ишча, ј'агне – јагн'ишча* (Mazon, 1936 : 63).

9. Во северните македонски говори на правецот Крива Паланка – Куманово – Скопска Црна Гора – Вратница (Тетово) напоредно со множинските форми на

-иња се употребуваат и образувања со наставката *-иќи,* која се јавува и во аломорфата *-ики,* сп. *буре – бурики* / *буриќи, гр̥нче – гр̥нчики, магарики, мачики, пиле – пилики* и *пилиќи* – во кумановскиот (Видоески, 1962 : 143), *јаре – јарики, пиле – пилики* – во скопскоцрногорскиот, *врапчиќи, јариќи, копчиќи, кр̥пче – кр̥пчиќи, теле – телиќи* Вратница (Полог), *јагне – јагники, јарики, телики* – во поречкиот говор (Видоески, 1950 : 36). Јужната граница на наставката *-иќи* / *-ики* допира на кумановскиот дел приближно до говорната граница меѓу кумановско-овчеполските и штипско-кочанските говори; на скопскиот терен множинските форми со *-ики* доминираат во скопско-црногорските, дервентските и карадачките села, а во Порече можат да се сретнат до линијата Белица – Могилец.

На српското јазично подрачје односнава наставка е позната во јужноморавскиот дијалект (Белић, 1905 : 366) и во сретечкиот говор во Призренско (Павловић, 1939 : 37, 170).

10. Во говорот на полошките села Урвич и Јеловјане како резултат на мешање на наставките *-иќи* и *-иња* се образувала нова наставка *-иќа,* сп. *дејче* (*девојче*) – *дејчиќа, нуче* (*внуче*) – *нучиќа, ногиче – ногичиќа, пиле – пилиќа,* или пак тие се слеале во наставката *-иќиња* (*-иќ* + *-иња*): *буре – бурикиња, јагње – јагњикиња, јаре – јарикиња,* покрај *јариќа* и *јариња, теликиња* покрај *телиќа* и *телиња* (Видоески, 1973 : 28). Вакви множински форми се познати и во горанскиот говор во Призренско, сп. *братче – братчиќа, кр̥пче – кр̥пчиќа, маче – мачиќа, гускиче – гускичиќа, каменчиќа,* односно: *гуњче – гуњчича, кучича, пилича* – во говорот на помладото поколение, или пак: *братче – братчика, внучика, језиче – језичика, детиче* (: *дете*) – *детичика;* поретки се образувањата со наставката *-иќина* : *бурикина, пиликина*, покрај *бурика, виме – вимина, јагне – јагнина, ждребина, телина* (Видоески, 1986 : 59).

11. Во јужните македонски дијалекти се среќаваат уште и множински форми со наставката *-ишта* / *-ишча,* сп. *пиле – пилишча* Бобоштица, *ј'агне – јагн'ишча, ј'аре – јар'ишча* Нестрам, *к'уче – куч'ишча, пил'ишча* Чеган (Воден), *'име – 'имишта* Сăботско (Меглен), *б'ише – б'ишишча, б'уре – бур'ишча, вр'еме – вр'емишча, 'име – 'имишча, ј'агне – ј'агнишча, к'учишча, м'ачишча, м'оре – м'оришча, н'епце – н'епцишча, с'ăрце – с'ăрцишча, п'оле – п'олишча* Дојран (Пеев, 1979 : 70), *вирче – вирчишча, ј'агне – ј'агништа* Мутулово (Кукуш), Киреч Ќој, *ждр'ебишта, ј'агништа, к'учишта* Ајватово (Солунско).

Вакви форми кај именките од среден род не се необични и во другите македонски дијалекти, но таму тие имаат збирно значење, сп. *јаришта, пилишта, мачишта, кучишта* – во поречкиот говор, за разлика од пејоративите од типот *времишта* (: *времиште*), *прасишта,* и др.

12. Готово на целиот македонски јазичен ареал живи се множинските форми со наставката *-ци* од именките *пиле, прасе, теле,* сп. *пилци, прасе – прафци* (< *прахци*), *телци* во кичевскиот, *пилци, прасци, телци* Охрид, *пиле – пил'ци* Жировница (Дебарско), *прасци, теўци* Кратово, *глусци* Куманово, *прахци, пилци, телци* покрај *прасета, пилета, телета* Габрово (Делчево), *ждребе – ждрепци, прасе – прахци* покрај *прасета* и *прасиња* Владимирово (Берово). Соодветните еднински форми на *-ец* (< **-ьсь* : **прасец, *телец, *пилец*) веќе не се употребуваат, освен *ж(д)ребец* понегде. Овие форми денеска сигнализираат колективно значење.

13. Според стариот облик **agnьcь* образувана е множината *јаганца* гогово во сите **ǫ* > /*a*/-говори, *јагонци* во галичкиот (Белиќ, 1935 : 178), *ј'агне – јаг'ăнца* во кајларскиот, мегленскиот, воденскиот, *ј'агне – аг'ăнца* Кронцелево (Воден), а во кумановскиот, кратовскиот и кривопаланечкиот покрај *јаганца* се среќава и обликот *јаганци*, веројатно по аналогија на другите форми на *-ци* (*пилци, телци, прасци*).

14. Од именката *дете* множинската форма гласи *деца* готово на целиот македонски јазичен ареал, со исклучок на костурските и долнопреспанските говори, каде што се употребува множинска форма *деци*, а во бобоштенскиот *дете – д'ʲäце* (Mazon, 1936 : 64). Обликот *деци* веројатно е образуван спрема *л'уди* (*човек – л'уди* : *дете – деци*), а во бобоштенскиот, каде што множинската форма од *човек* гласи *л'уди*, формата *дʲäце* можела да настане спрема множинските форми од именките на *-а*. Во говорот на костурското село Смрдеш спрема множинската форма *деци* образувана е еднинската *деце* (*деце – деци*). Со хипокористичко значење најчесто се употребуваат *дечиња* (*дечина*), во Костурско *дете – дечен'ишча*.

15. Кај ограничен број именки од среден род има покрај обичната (избројаната) и збирна множина. Таа се образува со наставките *-је* и *-ја*, сп. *др̥во – др̥вја, жито – житја, крило – крилја, перо – перје* и *перја, гумно – гумење* и *гумења, рамено – рамења, платно – платења, вретено – вретења* во поречкиот, *др̥во – др̥вје* и *др̥вја, жито – житје* и *житја, крилје* и *крилја, перје* и *перја* во прилепскиот (Конески, 1948 : 274), *име – имења* (: мн. *имиња*), *платно – платења* (: мн. *платна*) Стенче (Тетово). Во северните, полошките, дебарските, охридско-преспанските пообични се формите со наставката *-ја* (*крилја, перја,...*), а колку што се оди пона југ подоминантна станува наставката *-је*.

Порано спомнавме дека збирно значење носат и наставките *-ци* и *-ишта* (*-ишча*).

Освен збирното значење кај некои именки наставките *-ја* и *-је* внесуваат и нова семантичка нијанса на лексемата. Тоа најдобро го илустрираат именките *др̥во* и *перо*. Колективната форма *др̥вја* сугерира на мноштво живи стебла (*др̥во – др̥вја*), додека множинската форма *др̥ва* (*др̥во – др̥ва*) означува множество на дрва користени за огрев (сп. *насечи др̥ва* : *во бавчата има две, три, неколку др̥вја* 'овошни дрвја'). Од именката *перо* мн. форма *пера* означува одреден број од односниот дезигнат, а сѐ повеќе превладува и нијансата 'перо за пишување', *перје* означува збир, на пр. *перје* за перница, а обликот *перја* почесто означува *перца* на растенија (лук и сл.).

16. Од приведениов материјал произлегува дека на македонската јазична територија според множинските наставки кај именките од среден род се изделуваат четири ареала: 1. ареал со наставките *-а* и *-иња* (во Централна и Западна Македонија), 2. ареал со *-а* и *-ета* (Југоисточна Македонија), 3. со *-а* и *-енишча*

(Костурско), и 4. *-а* и *-иќи* (Северна Македонија). Множинските форми со наставките *-ишта* (*-шича*) и *-ци* не покриваат континуирани ареали.

Меѓу поодделните дијалектни ареали има тесни преодни појаси каде што конкурираат по две наставки кај именките на *-е* : на пограничјето меѓу говорите со *-иња* и *-ета* се среќаваат и двете (*полиња* и *полета*), на костурскиот терен *-иња* и *-енишча* (*полина* и *поленишча*), во Северна Македонија *-иња* и *-ики* (*-иќи*) (*пилиња* и *пилики*); во бобоштенскиот говор паралелно се употребуваат *-иња* (во фонетската разновидност *-ин'ја*), *-енишча* и *-ета* (во разновидноста *-^{j}äта* под акцент), сп. *врапче – врапчин'ја, врапченишча, внуче – внуч^{j}äта* (Mazon, 1936 : 63-64).

Очигледно територијално е најраспространета наставката *-иња* и таа како стандардна сè повеќе ги потиснува другите три (*-ета, -енишча, -ики*).

17. На историски план како најустојчива се покажува наставката *-а*. Наставката *-ја* (кај меките основи) се задржала, главно, кај повеќесложните именки (на *-ие, -ние*), додека кај двосложните, освен во неколку лексеми, сп. *морја, пол-ја* во Костурско (според овие форми се преобразувале и еднинските: *морје, пол-је*), таа се повлекла пред двосложните наставки *-иња, -ета, -ики* и трисложната *-енишча*.

Наставката *-енишча* претставува комбинација на *-ени* (од именките на *n*-основа) и суфиксот *-ишт-* (*-ишч-*), кој добил во некои говори функција на множинска наставка (сп. *пиле – пилишча*).

Оформувањето на наставката *-иња* одело посложено. Најверојатно се работи за вкрстување на старата наставка *-ена* и збирната *-ја* (*име – имена + -ја > имења*, и таква форма се употребува во некои полошки села – Стенче, Вратница), а после со наслон на збирните образувања од женски род од типот *планина – планиње, пустина – пустиње* се оформила *-иња* и со тоа таа се издиференцирала како посебна множинска наставка (Конески, 1981 : 141; Селищев, 1918 : 176 нт; поинаку Белиħ, 1935 : 178).

За наставката *-иќи* веќе спомнавме дека претставува импорт од граничните српски дијалекти.

1991

2.4. ФОРМИТЕ НА ЧЛЕНОТ
(инвентар и дистрибуција)

0. Категоријата определеност на именските зборови во македонскиот дијалектен јазик се изразува со следните морфеми:

0.1. *-от* (со фонетските разновидности: *-ăт, -ат, -ут, -ет*, одн. *-о, -ă, -а, -у, -е*), *-та (-тạ), -то (-ту), -те (-тẹ), -ти*, во зависните форми: *-(о)того, -(о)тога, -(о)тому, -ту, -та, -ти, -тuj, -тим, -тем, -там.*

0.2. *-ов (-ăв, -ав), -ва, -во, -ве, -ви, -ва*, за зависните форми: *-(о)вого, -(о)вога, -ву, -(о)вому, -ви, - вим, -вем, -вам.*

0.3. *-он (-ăн, -ан), -на, -но, -не, -ни, -на,* за зависните форми: *-(о)ного, -(о)нога, -ну, -(о)ному, -ни, -ним, -нем, -нам.*

Географски тие се распределени на следниот начин (види и на картата).

1. Членските морфеми на *-в* и *-н* заедно со морфемите на *-т* се употребуваат само во западното македонско наречје, вклучувајќи го тука и горанскиот говор во Призренско (Југославија), и само во неколку села во североисточна Македонија на пограничјето со српската јазична територија (в. подолу).

Во западните дијалекти тројниот член се зема како нивна важна дијалектна диференцијална особеност. Во тие говори членската парадигма ни се претставува во следниот вид:

1.1. *старец-о(т), старец-оф(-ов), старец-он – старци-те, старци-ве, старци-не*;
брат-о(т), -оф, -он – браќа-та, -ва, -на;
дедо-то, -во, -но – дедофци-те, -ве, -не;
владика-та, -ва, -на – владици-те, -ве, не;

жена-та, жена-ва, жена-на – жени-те, жени-ве, жени-не;
ноќ-та, -ва, -на – ноќи-те, -ве, -не;

село-то, -во, -но – села-та, -ва, -на;
поле-то, -во, -но – полиња-та, -ва, -на;
лозје-то, -во, -но – лозја-та, -ва, -на;

кај придавките:
бел-и-от, бели-оф, -он; – бела-та, -ва, -на, бело-то, -во, -но; бели-те, -ве, -не.

Овој модел го познаваат: скопско-велешкиот, прилепско-битолскиот, кичевско-поречкиот дијалект и охридско-преспанските, дебарските и полошките говори (без вратничкиот).

1.2. *коњ-ӑт, коњ-ӑв, коњ-ӑн,* општа форма: *коњо-тога, коњо-вога, коњо-нога,* мн. *коњи-те, коњи-ве, коњи-не*;

жена-та, -ва, -на, општа форма: *жену-ту, жену-ву, жену-ну,* мн. *жене-те, жене-ве, жене-не*;

село-то, -во, -но – села-та, -ва, -на;

кај придавките:

стар-и-јӑт, стар-и-јӑв, стар-и-јӑн, општа форма: *стар-о-тога, стар-о-вога, стар-о-нога; стара-та, -ва, -на,* општа форма: *стару-ту, стару-ву, стару-ну; старо-то, -во, -но;* мн. *стари-те, -ве, -не.*

Овој модел е карактеристичен за скопскоцрногорскиот и за вратничкиот говор во Долни Полог. Во вратничкиот говор и во јужниот појас на скопскоцрногорскиот за машки род превладуваат формите на *-ат, -ав, -ан* (*син-ат, син-ав, син-ан*). Во вратничкиот посебни членски форми во општиот падеж се констатирани само кај именките од женски род, сп. *доведи гу кравуту, истерај гу свињуву, на свињуну.* Кај именките од машки род во живата реч посебни членски морфеми не се среќаваат, сп. *истерај га петалан.* Меѓутоа, во првата половина на 19 век вакви форми имало, сп. *Попо того го карате, да земемо друго того попа, царотому, друготому* – во текстовите на К. Пејчиновиќ (Селищев, 1929 : 351).

Јужната изоглоса на овој членски модел допира приближно до линијата Одри – Нераште (на полошкиот дел) – Кучково – Бразда – Љуботен (на скопскиот дел).

1.3. Нешто посложен членски модел покажува говорот на муслиманите во областа Гора (Призренско) и во селата Урвич и Јеловјане кои се наоѓаат на падините на Шар Планина на тетовската страна. Во тој говор уште се живи генитивно-акузативната и дативната форма во еднина машки род, дативната форма во еднина кај именките од женски и среден род и дативната множинска форма кај именките од сите три рода. Сета парадигма на членските облици го има следниов вид:

муж-от, -ов, -он, дат. *мужу-тому, мужу-вому, мужу-ному,* акуз. *мужа-того, мужа-вого, мужа-ного,* мн. *мужи-ти, мужи-ви, мужи-ни,* дат. мн.: *мужи-тим, мужи-вим, мужи-ним*;

жена-та, -ва, -на, дат.: *жени-ти, жени-ви, жени-ни,* мн.: *жене-те, жене-ве, жене-не,* дат. мн.*: жене-тем, жене-вем, жене-нем*;

дете-то, -во, -но, дат.: *дете-тому, дете-вому, дете-ному,* мн.: *деца-та, -ва, -на,* дат. мн,: *деца-там, деца-вам, деца-нам*;

кај придавките:

добр-о-јет, добр-о-јев, добр-о-јен, акуз.: *добр-о-того, добр-о-вого, добр-о-ного,* дат.: *добр-о-тому, добр-о-вому, добр-о-ному,* мн. м.р.: *добри-ти, добри-ви, добри-ни,* дат.: *добри-тим, добри-вим, добри-ним*;

добра-та, -ва, -на, дат.: *доброј-зи-ти, доброј-зи-ви, доброј-зи-ни,* мн.: *добре-те, добре-ве, добре-не,* дат.: *добре-тем, добре-вем, добре-нем*;

добро-то, -во, -но, дат.: *добро-тому, добро-вому, добро-ному.*

Во некои локални говори во рамките на горанскиот говор /*о*/ се редуцира во /*у*/, па така формата за машки род може да се сретне и во фонетската разновидност од типот *добрујет, добрујев, добрујен* (Видоески, 1986 : 60-63).

Источната граница на членските морфеми со *-в* и *-н* наполно се поклопува со границата меѓу западното и (југо)источното наречје. Таа оди по правецот север – југ: Бродец – Булачани – Миладиновци – Коњаре – Лугунци (на скопскиот дел) – Црквино – Владиловци (Велешко) – Тројаци – Дуње – Рапеш (на прилепско-мариовскиот дел), и на југ до линијата Живојно – Канино – Драгош (Битолско) – Арвати – Конско (Преспа). На север границата на членот воопшто се поклопува со јазичната граница со српската јазична територија на качаничко-шарскиот дел од областа, а во Гора таа допира до нешто малку појужно од Драгош.

1.4. Во североисточна Македонија, како што спомнав, троен член се употребува на еден релативно тесен појас во областа Славиште и по сливот на Крива Река на правецот Шопско Рудари – Ранковце – Метежево, и се поврзува со Горна Пчиња и Заплање, каде што исто така има три вида членски морфеми (Белиќ, 1905 : 442 нт.). Во овој говор од старата промена на членот се запазил уште акузативот во функција на општа зависна форма. Целиот систем на членски форми таму гласи:

к'оњ-ӑт̄, к'оњ-ӑв, к'оњ-ӑн, општа форма: *к'оња-т̄ог̄а, к'оња-вог̄а, к'оња-ног̄а,* мн. *к'оњи-т̄е, к'оњи-ве, к'оњи-не* (негде и *к'оње-т̄е, -ве, -не*);

ж'ена-т̄а, -ва, -на, општа форма: *ж'ену-т̄у, ж'ену-ву, ж'ену-ну,* мн.: *ж'ене-т̄е, ж'ене-ве, ж'ене-не*;

с'ело-т̄о, -во, -но, мн.: *с'ела-т̄а, -ва, -на*;

кај придавките:

г̄ол'ем-јӑт̄, г̄ол'ем-јӑв, г̄ол'ем-јӑн, г̄ол'ема-т̄а, -ва, -на, г̄ол'емо-т̄о, -во, -но, мн. *г̄ол'еми-т̄е, -ве, -не,* ж. р. *г̄ол'еме-т̄е, -ве, -не.*

Во врска со членот во овој говор за одбележување се две појави: членот *-т̄е* кај именките што имаат множина на *-е* од типот *сноп̄је – сноп̄је-т̄е, сноп̄је-ве, сноп̄је-не, камење-т̄е,* и тенденцијата кај придавките да се додава членската морфема во машки род непосредно на неопределената форма, *б'ел-ӑт̄, ц'ел-ӑт̄,* и/или изделување на морфемата *-јӑт̄* (*-јӑв, -јӑн*) преку десилабизација на /*и*/ > /*ј*/: *ст̄'ар-и-ат̄ > ст̄'ар-јӑт̄, г̄ол'емјӑт̄, шир'окјӑт̄, зел'енјӑт̄,* после и *зел'ењӑт̄, ц'ел-јӑт̄ > ц'ељӑт̄* (Видоески, 1962 : 149 нт.)

1.5. На сета друга македонска јазична територија се употребуваат само членските морфеми на *-т̄* во разни фонетски разновидности, така што членската парадигма е значително упростена, сп.:

ст̄арец-от̄ – ст̄арци-т̄е / владика-т̄а – владици-т̄е / дедо-т̄о – дедовци-т̄е,

жена-т̄а – жени-т̄е / ноќ – ноќ-т̄а,

село-т̄о – села-т̄а / јајце-т̄о – јајца-т̄а / п̄иле-т̄о – п̄илиња-т̄а / лозје-т̄о – лозја-т̄а, итн.

2. Од дијалектен аспект во врска со членските морфеми интерес побудуваат некои појави што придонесле за промени во структурата на одделни членови, потоа промени што настанале во дистрибуцијата на морфемите, како и остатоците од старата деклинација на членот.

2.1. Погоре видовме дека членската морфема за машки род и кај именките и кај придавките се јавува во цела низа варијанти: *-от̄, -ӑт̄, -ат̄, -ет̄, -ут̄ // -о,*

-ă, -а, -е, -у; -ов, -ăв, -ав; -он, -ăн, -ан, а кај придавките уште и: *-јо(т), -јă(т), -ја(т), -ју(т), -је(т), -јов, -јăв, -јон, -јăн.* За оваа разнообразност придонесле повеќе фактори, главно од фонетски карактер: различната рефлексација на стариот вокал *ъ (*-ъtъ > *ăт, -ат, -от*), загубата на финалното *-т* (*-ă, -а, -о, -е*), карактерот на претходната согласка (*-ет, -е, -јет, -је*), редукцијата на неакцентираното /*о*/ во /*у*/ *(-ут, -у),* а некои случаи се објаснуваат со аналогија, на пример варијантите *-ăв* / *-ав* и *-ăн* / *-ан* во северните говори (место етимолошките *-ов, -он*) настанале по аналогија на членот *-ăт* / *-ат* : *л'ебăт* / *л'ебат* : *л'ебăв* / *л'ебав, л'ебăн* / *л'ебан* (во скопскоцрногорскиот, вратничкиот и во кривопаланечкиот). Еве како се дистрибуирани сите овие разновидности на географски план.

2.2. Членската морфема *-ăт* со разновидноста *-ат* се јавува во северните македонски говори на правецот Вратница – Скопска Црна Гора – Куманово – Крива Паланка, каде што регуларен континуант за *ъ е /*ă*/, одн. /*а*/ во јужниот појас на односнава област: *лебăт, дăш – дăждăт, дăн – дăнăт* || *лебат, дăждат, дăнат,* кај придавките: *добријăт* / *добријат.* Јужната изоглоса на членот *-ăт* / *-ат* допира до пунктовите Одри (Тетовско) – Кучково – Црешево – Миладиновци – Винце (Скопско) – Џидимирци – Судиќ (Овче Поле) – Злетово – Кратово – Крива Паланка.

Во овој фонетски облик тој се јавува уште во говорот на лагадинското село Ајватово, сп. *ут д'ен'ат, м'едат, с'онат* (Małecki, 1936 : 101) и во драмското говорно подрачје во југоисточна Македонија, сп. *брẹг'ăт, грạд'ăт,* во неакцентирана позиција *бр'атạт,* а зад меките согласки има аломорфа *-ет* (со преглас): *к'он'ẹт, н'ож'ẹт, т'ăт'ẹт, гул'емиẹт, б'елиẹт* (во зилјаховскиот говор), и/или со испуштено *-т* : *грạд'ă, глạс'ă, син'ă, рẹд'ă,* и во неакцентирана позиција: *бр'атạ, л''абạ, чул''акạ,* одн. *-е* (зад меките согласки): *к'он'ẹ, к'ош'ẹ, н'ож'е, буст'ан'ẹ, цạр'ул'ẹ,* кај придавките: *г'олиẹ, гл'адниẹ, ј'агнẹштие* (Иванов, 1977 : 152, 157), *вис'ок – вис'окиẹ, диб'ел - диб'елиẹ,* покрај *ст'ариạ чул''ак, б''алиạ дроп* (Плевна, Г. Броди; Видоески, 1992 : 39). Вака е и во гоцеделчевскиот (неврокопскиот) говор: *рẹд'ă, ум'ă* (под акцент), *л''абạ,* и со преглас на /*ă*/ – /*е*/: *н'^{у}ож'ẹ, бạлк'ан'е* (Мирчевъ, 1936 : 72). – Во чечкиот говор членот *-ă* сẹ јавува само во неакцентирана позиција: *бр'атạ, ст'олạ,* и кај придавките редовно: *г'орнијạ, д'олнијạ,* зад меките согласки *-е* (кај именките): *к'он'ẹ, кум'ат'ẹ,* додека во акцентирана позиција има *-о* : *грạд'о, дạжд'о, син'о* (Иванов, 1977 : 152, 157).

Од другите југоисточни македонски говори членот *-а* може да се сретне уште во разлошкиот и тоа само кај придавките, сп. *б'äлијạ, гул'äмијạ, н'ашијạ, ст'аријạ.* Меѓутоа, кај именките членот е *-о* : *брег'о, дạб'о,* одн. *-у* во неакцентирана позиција: *ст'олу* (Алексиевъ, 1931 : 111-112). Според материјалот приведен во БДА III, карти 167, 179, и атласот на Иванов (1972, карта 87) западната изоглоса на членската морфема *-ă (-а)* оди по правецот Сер – Боловиште (на серскиот терен) – Калиманци – Пирин (на пограничјето меѓу гоцеделчевскиот и санданскиот говор), а кај придавските зборови таа продолжува до Разлог. На разлошкиот терен таа се разграничува со членските морфеми *-о(-у)* и *-е.* Источно од оваа граница само во неколку оази во областа Чеч има член *-о* во ограничена позиција, сп. *град'о.*

2.3. Во сите други македонски **ъ* > /*о*/-говори членската морфема кај именките од машки род што завршуваат на согласка гласи *-от* (> *ут* во говорите каде што се врши редукција на *о* > *у* во неакцентирана позиција), односно *-о* (> *у*) во говорите каде што се загубило финалното *-т*. Географски овие разновидности се распределени на следниот начин.

2.3.1. Морфемата *-от* се употребува во охридско-преспанските, дебарските, кичевско-поречките, скопско-велешките и полошките говори (во последниве со исклучок на неколку пунктови каде што *-т* се загубило) од западното наречје, потоа во тиквешко-мариовските, а *-ут* во долновардарските на целиот простор од Лагадинското Езеро до Кајлар и на север приближно до линијата Емборе (Кајларско) – Островско Езеро – Пожарско – Тушин (на воденско-мегленското подрачје) – Гевгелија – Дојран – Кукуш, како и во јужниот дел на костурското подрачје во обласа Костенарија јужно од линијата Нестрам – Старичане. Сп. примери: *лебот, каменот, белиот, големиот* (Охрид, Ресен, Дебар, Кичево, Порече, Гостивар, Тетово, Скопје, Велес, Кавадараци, Мариово), *пр'агут, 'орејут, гол'емјут* / *гол'емут* (Нестрам), *м'еут, åмбарут, м'исурут* (Езерец, Сничени), *л'ебут, к'аменут* (Ранци – Кајларско), *м'ăжут, ниш'анут, мл'адјут* (Меглен), *п'есукут, ж'арут, глу'јут* / *глувјут* (Еницe), *н'осут, б'елјут* (Гуменџа), *н'осут, з'ајцут, 'убафјут/'убавут* (Стојаково, Фурка – Гевгелиско), *н'ожут, м'еут, др'угјут, ед'инјут* (Амбар Ќој – Кукушко), *чув'екут* (Градобор – Солунско), *бр'акут, м'ојут*, но *гр̣ад'от* (во акцентиран слог – Висока, сп. Małecki, 1936 : 101). Изоглосата на членот *-ут* наполно се поклопува со редукцијата на /*о*/ во̣ /*у*/.

2.3.2. Членот *-о* доминира во источните македонски говори што се наоѓаат источно од линијата Крива Паланка – Кратово – Штип – Дојран – Кукуш – Висока (Лагадинско), потоа на еден поширок и континуиран ареал во југозападна Македонија на правецот Прилеп – Битола – Лерин – Костур – Корча и во неколку пунктови во Полог на пограничјето меѓу тетовскиот и гостиварскиот говор (во селата Челопек, Стенче, Волковија), сп. *брего, лебо, носо, пато, умо* (Поповски, 1970 : 63). Границата меѓу разновидностите *-от* и *-о* на преспанското говорно подрачје оди по правецот Конско – Штрбово (сп. *чојако, стисо*) – Шулин, (*стисо, скапио*) – Брајчино, а на битолскиот терен таа се поклопува со говорната граница меѓу демирхисарскиот и битолскиот (Видоески, 1985 : 29). И на прилепскиот терен изоглосата на членот *-о* се поклопува со говорната граница меѓу прилепскиот и поречкиот на запад и велешкиот на север. Разновидноста *-у* (< *о*) се јавува во неколку пунктови во Лагадинско покрај *-'о*, сп. *буф – б'уфу, ваш – в'ашију*, но *брак – бра̣к'о* (Сухо, Małecki, 1936 : A 101), *брек – бр'егу, м'ăжу, ч'ув'еку* (Негован, Видоески, 1991 : 16); и неколку примери од другите говори: *да̣ж'д'о, вла̣к'о, к'он'о* (Илинец – Лагадинско, Małecki, 1936), *гр̣ад'о, в'оло, ст'арио* (Секавец, Савек – Серско, Иванов, 1972, карти 81, 82; Видоески, 1990 : 61, 65), *с'оно, друг'аро, гл'ухјо* (Крецово, Мутулово – Кукушко), *гл'асо, к'ојно, б'олнио* / *б'олнјо* (Дојран, Пеев, 1979 : 71; 1987 : 191), *брег'о, з'еќо* (Петрич), *брег'о, дв'ору*, но *к'оне* (Разлог, Благоевград), од костурско-леринскиот регион: *чов'ʲăко, гол'ʲăмио* (Бобоштица, Mazon, 1936 : 53, 70), *дв'оро, бр'ато, деб'елио* (Костур), *л'ебо, ст'арјо* (Граждано – Преспа), *ч'овеко, н'ашио* (Лерин), *дворо, белио* (Прилеп, Битола, и редовно така во струмичкиот, радовишкиот, штипскиот, кочанскиот, кратовскиот, делчевскиот, беровскиот).

2.3.3. Во драмското, гоцеделчевското, разлошкото говорно подрачје, во северниот дел на благоевградскиот говор и во дел од малешевските села зад историски меките согласки членот *-е* (*-ет* во зилјаховскиот говор) е добиен по фонетски пат со преглас на *ъ (*ъtъ > *-ет*), што значи дека е таа стара појава. Најдоследно во таа позиција прегласеното *-е(т)* се јавува во драмската и гоцеделчевската група говори, каде што добро се чува старата мекост на согласките, сп. *к'ош'е̣т, н'ож'е̣т, к'он'е̣т, п'ӑт'е̣т, гр'озние̣т* (Зилјаховско), *к'ош'е̣, н'ож'е̣, п'ӑт'е̣, к'он'е̣, г'олие* (Мрвашко, Иванов, 1977 : 152), *к'ʸон'е̣, кл''уч'е̣, ц'ар'е̣, н'ʸож'е̣, м'ӑж'е̣, г'ʸост'е̣, з'ет'е̣, к'амен'е,* и редовно кај придавките (со вметнато *ј*): *до̣бр'иʲе̣, м'алк'иʲе̣, вис'ʸок'иʲе* (во гоцеделчевскиот, Мирчевъ, 1936 : 34), *да̣жд'е, ден'е, к'оне, кр'але, маж'е, п'ате, тув'аре, ц'аре,* потоа скратените форми на посесивните заменки *н'аше, в'аше, тв'ое,* покрај *брег'о, з'абу*, и редовно *-а* кај придавките: *б'ӓлиа̣, гул'ӓмиа̣* (во разлошкиот, Алексиевъ, 1931 : 111). На разлошкиот терен, како што покажуваат приведениве примери, се разграничуваат членските морфеми *-е* и *-а* на тој начин што *-е* се задржало кај именките, а *-а* кај придавките.

Во беровскиот и благоевградскиот говор, каде што старата мекост на согласките се загубила, членот *-е* веќе се лексикализирал во ограничен број случаи, сп. *крај – кр'ае, сој – с'ое, бр'иче, кл''уче, ор'аче, воденич'аре, дожџ'е, к'оне, н'оже,* но и *маж'о, 'ежо, цар'о, ѕвер'о, приј'ател̣о* (Пехчево), *дожџ'е, кл'у'че, п'ате, кон – к'оне, др̥в'аре, офч'аре, ор'аче, ков'аче,* покрај *broj'о, рај'о, маж'о, цар'о, ден'о, 'ежо, кр'ал'о, з'ето* (Берово), *дожд'е, тов'аре, воденич'аре, домаќ'ине, леп'иче,* но *приј'ател̣о, д'еверо, з'ето, еж'о, маж'о, цар'о* (Русиново – Беровско). Подоследно *-е* се чува кај придавките: *б'елие, 'офчие, слаб'ие* (Пехчево), *здрав'ие, слаб'ие, бр̥з'ие, б'осие* (Берово), *стар'ие, млад'ие, н'овие* (Владимирово), *шир'ок'ие, д'едовие, Милан'овие, б'елие* (Русиново – сите примери се од мојот бележник). Во соседниот делчевски говор членски форми на *-е* веќе не се среќаваат, сп. *уб'авио, п'р̥вио* (Истевник), *кр'откио, пл'иткио* (Вирче), *'едер – 'едрио, ј'ак'ијо* (Лукавица – Делчевско). Уште поголемо шаренило во овој поглед покажува благоевградскиот (горноџумајскиот) говор, сп. *к'оне, кр'аје, 'арније, б'елије, гол'емије,* но и *н'ожо, цар'о* и др. (Стоиловъ, 1904 : 4; БДА III, карта 179).

Како што се гледа од приведениве примери во беровскиот, благоевградскиот и разлошкиот говор членот *-о* станува подоминантен и се шири за сметка на членот *-е*.

2.3.4. Од дијалектен аспект интерес претставува една појава што се наоѓа во процес во членската форма за машки род кај придавките во некои говори. Се работи за случаите од типот *јакио(т) > јакјо(т) > јаќјо(т) > јаќо(т).* На еден широк ареал на правецот Корча – Нестрам – Костур – Кајлар – Воден – Кукуш, на исток сѐ до границата со лагадинските и серските говори, и на север на појасот Струмица – Радовиш – Штип – Куманово покрај старата членска формација има тенденција членската морфема за машки род да се додава непосредно на неопределената форма како што е тоа кај формите за женски и среден род и во множината, а веројатно и по аналогија на нив подзасилена и од членската форма на именките од машки род на согласка. Таа тенденција се реализира на два начина: со непосредно лепење на членската морфема на основната придавка (*бел + от* : *бела + та, бело + то, бели + те*) и/или со десилабизација на /*и*/ во /*ј*/ (фонетската позиција, пред вокал, тоа го овозможува во односните говори) при што членот се проширил во *-јот* (*белиот > белјот*), се разбира, до колку не се јават некакви фонетски или морфолошки пречки. Процесот најмногу напреднал во долновардарските говори и во јужниот појас на кајларско-костурското подрачје; сп.: *гол'ʲӓмјо* покрај *добр'ио* (Бобоштица – Корчанско), *гол'емјут / гол'емут* покрај *гол'емиут* (Нестрам), *б'елјо, гл'увјо, вис'икјо, кис'елјо, н'еговјо* и *н'еговио, глуф – гл'уфјо* (Мањак, Марковени, Тиолишта, Габреш – Костурско), *л'ошјут, сиф – с'ифјут, вис'окјут* и *вис'окут* (Тремно – Кајларско), *б'ел'ју, зил'ен'ју, вис'окју* (Чеган – Леринско), *гул'емјут, в'ашјут, г'орнјут, н'овјут, дом'ашнјут, б'ожјут, к'озинут* (*козин*), *л'еринцкјут* (*леринцки*), *ск'опцкјут* (Г. Родево – Меглен), *а̣д'инјут, ј'акјут, ч'уждјут* (Воден), *б'олнјут, гл'аднјут, уб'афјут* (Гуменџа), *'арнјут, л'ошјут, диб'елјут* (Гевгелија), *мл'адјут, п'етјут, др'угјут, н'исук – н'исукјо* (Фурка – Гевгелиско), *вис'окјо, шар'енјо, б'олнјо* покрај *б'олнио, н'искјо* и *н'иско́* (Дојран), *н'ашјо, гл'ухјо, вис'окјо / вис'око́, ц'ӑрнјо / ц'ӑрн"о* (Крецово), *н'еговјут, ст'арјут,* и *м'алкут, широ́кут, дӑлб'о́кут* (Кукуш; Пеев, 1979 : 74; 1987 : 198), *'аренјо, ед'енјо, бог'атјо,* но *'офчио, б'итолскио, п'етио* (Радовиш), *б'оленјо, д'едофјо, кр'отокјо, Ив'ановјо* (Тркање – Кочанско), *длӑб'окјо, т'уѓјо* (Судиќ – Светиниколско), *гол'емјот / гол'емот, деб'елјот / деб'елот* (Тиквешко), *п'р̥ват, др'угат, т'урскат* (Пчиња), *др'угат* покрај *др'угијат* (Орашац), *л'ошјат, вис'окат, б'истрат* и *б'истарат* (Довезенце, Кумановско), *м'одарат, гол'емат, д'олњанат* (Ш. Рударе – Кратовско), *Мил'griffоват*, *шир'окат* (Одрено, Ранковце – Кривопаланечко, Видоески, 1962 : 158 нт.)

Тенденцијата да се додава членот врз неопределената форма најдобро го илустрираат примерите од типот *'остар – 'остарат, м'одар – м'одарат, б'олен – б'оленат / б'оленот* и други.

Членуваните форми со *-јо(т)* најдоследно се употребуваат во говорите каде што се загубила согласката *-т* за да се избегне можната омонимија со неопределената форма за среден род, сп. *бел-ј-о* : *бел-о, зелен-ј-о* : *зелен-о, висок-ј-о* : *висок-о,* но: *бел-от, зелен-от / -ат, висок-от,* покрај *белјот* итн.

Во некои локални говори, главно во долновардарските и во костурските, на овој начин добиеното *ј* можело да ја палатализира претходната согласка ако е таа *-л, -н, -к, -г,* поретко *-т* и *-д*, бидејќи само тие во односните говори можат да имаат меки парници. Во таков случај палаталната согласка се јавува истовремено и како релевантен признак за морфолошко диференцирање (со неопределената форма за среден род). Спореди примери: *б'елјот > б'ел'от, зел'енјот > зел'ен'от, вис'окјот > вис'оќот, бл'агјот > бл'аѓот, ј'аќот, н'исќот* (Мангила – Костурско), *вис'оќут, бив'олцќут* (: *биволцки < биволски*), *уфч'арцќут* (Тремно), *вис'оќу, шир'оќу* (Емборе – Кајларско), *гол – гол'о, бел – бел'о, верн'о, зелен'о, горн'о, железн'о, бабин'о, висо́ко, мек – ме́ко, ни́ско, широ́ко, блаѓо* (: *бело, зелено, ниско, благо*), но: *големјо, добрјо, лошјо, старјо* (: *големо, добро, лошо, старо*) во долнопреспанскиот (Шклифов, 1979 : 51), *вис'оќјут, ј'аќјут, бл'аѓјут* покрај *ј'аќут, н'исќут, бл'аѓут* (Мандалево – Воденско), *б'елјо* и *б'ел'о, а̣д'инјо / а̣д'ин'о, ц'ӑрнјо / ц'ӑрн'о, вис'о́ко, др'уѓо* (Мутулово – Кукушко; Пеев, 1987 : 197).

Во некои локални говори во Воденско и во Кукушко секвенците *-ќу(т)* и *-ѓу(т)* се преосмислиле како посебни форманти па се пренесле и на придавските основи што завршуваат на *-т* и *-д*, а и во други случаи, сп. *тр'еткут, са̣к'аткут, ш'ескут* (< *шесткут*), *дев'еткут, мл'аѓут* (: *трет, сакат, шест, девет, млад,* Мандалево – Воденско), *в'еткут, п'еткут, сл'апкут* и *сл'абѓут, здр'авѓут* (Гуменџа), *в'еткут* (: *вет*), *бог'аткут* (Крецово – Кукушко).

Сиот приведен материјал е, главно, од говорното подрачје каде што доминира морфолошки стабилизиран акцент и каде што е силно изразена квантитативната редукција како резултат на која пред членските морфеми самогласките често се испуштаат (сп. *ж'ена – ж'ента, с'ело – с'елто, кул'ена – кул'ента, зел'ените – зел'енте*).

2.3.5. Во врска со членската форма за м.р. кај придавките треба да обрнеме внимание и на образувањето на членските форми од типот на *друга̣јут* во говорот на Висока во Солунско и *др'угојет* / *другујет* во горанскиот говор.

Во височкиот говор формите како *гул' äма̣јут* (*брат*), *др'уга̣јут* (*д'ен'*), *дл'ăнга̣јут, стр''äдна̣јут, н''егува̣јут, н''ејна̣јут, т'äхна̣јут* упатуваат на поинаков развиток на завршокот **-ъјь(тъ)* отколку во членските образувања од типот на *другиот;* процесот тука одел по овој пат: **-ъјь > ăј,* одн. *-aј* во неакцентирана позиција (Голомб, 1962/63 : 207).

Во горанскиот говор и во говорот на Македонците муслимани во тетовските села Урвич и Јеловјане определената придавска форма завршува на *-о(ј)ет* (во некои локални говори *-у(ј)ет* по извршената редукција на *о* во *у*): *босојет, добројет, готовојет, јакојет, кривојет, остројет, празнојет* (с. Диканце), *големујет, старујет, гладнујет, нискујет* (Млике). Завршокот **-ъјь(тъ) > ојет* (> *ујет*). По аналогија на овој завршок се преобразувале и членските морфеми на *-в* и *-н* : *-о(ј)ев, -о(ј)ен* : *добројев, босојев, старојев,* и *добројен, босојен, старојен,* одн. *добрујев, добрујен* (Видоески, 1986 : 62-63).

2.3.6. Остатоци од синтетичката деклинација на членските форми освен во горанскиот, скопскоцрногорскиот и кривопаланечкиот, за кои веќе стана збор погоре, се запазиле во живата реч уште во бобоштенскиот (корчанскиот) македонски говор и делумно во кумановскиот.

Во корчанскиот говор се запазени дативот еднина и множина за сите три рода и генитив-акузатив еднина кај именките (и придавките) од машки род. Ја даваме целата парадигма:

стар'ец-о	*старц'и-ти*
старцу-т'ому	*старц'и-тим*
старц'а-т'ого	
сестр'ä-та	*сестр'^{ј}ä-те*
сестр'^{ј}ä-туј	*сестр'^{ј}ä-тем*
сел'о-то	*сел'а-та*
селу-т'ому	*сел'а-там*

и кај придавките

гол'ʲäм-јо(-ио)	*голем'о-то* *големе-т'ему* *големе-т'его*	*голем'а-та* *големʲä-туј*
голем'и-ти	*голем'ʲä-те*	*голем'ʲä-те*
голем'и-тим	*голем'ʲä-тем*	*голем'ʲä-тем*

(Mazon, 1936 : 54, 60-62, 70).

Дативната синтетичка форма од машки род може да се сретне уште во долнопреспанскиот и во југозападните костурски села, но веќе како лексикализирана особеност и во посесивни искази и тоа претежно кај личните имиња, сп.: *Ристотому чупето, Петротому куќата, царутому сарајо, попутому чупата, царутому дворо* (Нивица), *оди на попутому ако ти е криво, гробутому вратата* (Брајчино – Преспа), *госпот'ом раб'ота е т'ас, врагот'ом раб'ота, Насет'ом д'ете, Петрет'ом // на Петрето, Илет'ом, Јоргот'ом* (Езерец).

Во кумановскиот говор посебни членски морфеми има во општата форма кај одушевените именки од машки род (*-тога*) и кај именките на *-а (-ту)*, како и во скопскоцрногорскиот говор. Така целата членска парадигма во тој говор гласи:

ст'арăц-ăт *ст'арцо-тога*	*ст'арци-те*
ж'ена-та *ж'ену-ту*	*жене-те*
с'ело-то	*с'ела-та*

сп.: *л'ебăт сăстин'а, мумур'узăт е д'обар – изед'о га л'ебăт, л'ебовите*, кај одушевените: *б'иволăт скр̥ш'и си н'огу, иск'арај б'иволотога из б'ашчу; ј'а га г'аѓа 'орлотога; анџ'ијата нап'ил се – вр̥н'ал се куд'е анџ'ијуту; падн'а у д'упкуту, д'ај ми гу т'орбуту* (Видоески, 1962 : 146 нт).

Забелешка: Во јужните кумановски села членските морфеми *-тога* и *-ту* се многу ретки.

2.3.7. Видливи остатоци од акузативната флексивна членска форма кај именките од женски род освен во северните македонски говори (сп. *вид'о гу ж'енуту, реч'е на ж'енуту, сăс лоп'атуту, прет к'уќуту, преко н'оќту д'ошле самов'иле, в'ечерту* – Куманово, Видоески, 1962 : 148; *на планинуту, ставил у торбуту, ноќту, вечерту* – Кучевиште – Скопско; *зеле погачуту, на ногуту* – Вратница, Рогачево – Тетовско), наоѓаме и во југоисточните периферни говори, сп.: *кăрфт'ă, смăрт'ă, ра̣к'ăта̣, в''ара̣та, душ''е̣та* – во гоцеделчевскиот (Мирчевъ, 1936 : 72, 183), *кăрфт'ă, смăрт'ă, нăшт'ă* – во мрвашкиот и зилјаховскиот, одн. *кăрфт'å, смăрт'å* – во чечкиот (Иванов, 1977 : 154).

Примерите: *пет''ахто, шест''ахто* (: *пет''ах, шест''ах*), познати во гоцеделчевскиот и во драмските говори претставуваат остатоци од стариот генитив множина (Мирчевъ, 1958 : 83; Иванов, 1977 : 154).

2.3.8. Од дијалектен аспект интерес може да претставува и дистрибуцијата на некои членски морфеми.

Така, на пример, членот *-то* (во говорите со редукцијата *-ту*) по аналогија од збирната множина (*снопје – снопјето, лисјето*) се проширил и на именките од машки род што образуваат множина со наставките *-ове, -е, - је,* сп. *к'оње – к'оњето, г'осје – г'осјето, м'ажјето, стог'ове – стог'овето* (Рожден – Мариово), *г'осје – г'осјето, вол'ове – вол'овето* (Струмица, Радовиш, Штип, Кочани), *м'ажје – мажј'ето, др̥вар'е – др̥вар'ето, ковач'е – ковач'ето, б'иволје – б'иволјето, 'изворје – 'изворјето* (во малешевските, благоевградско-петричките говори), *г'ости – г'оститу, пр'ӑсти – пр'ӑститу* (< *г'осте – г'остето, пр'ӑсте – пр'ӑстето*) (Воден), *дв'орӑв'ето, св'екур(е)то, л''ујто* (во гевгелискиот, кукушкиот), *бр''агувˌету, п'ојасˌету, 'образˌету, сф'атуфцˌету* (во сушковисочкиот говор), *г'остето, гр'адовˌето* (во серските, драмските, гоцеделчевските говори), *волов'ету, градин'арету* (Разлог), а во некои говори таа се проширила и на именките од женски род што образуваат множина со наставката *-е,* сп. *к'озе – к'озетә* покрај *маж'ето, л''удето, с'иновˌето* (Петрич), *'офцето, к'озето, р'ӑц(е)то, н'ојз(е)то* (Кукуш). Во малешевските говори процесот на аналогијата се запрел само на именките од машки род, сп. *рибар'ето, орач'ето, маж'ето – мажј'ето,* но *р'аце – рац'ете, ноз'ете* (Берово, Пехчево).

Во одделни говори, исто така по морфолошки пат, се наложил членот *-ти* место *-те* кај именките што образуваат множина со наставките *-и,* сп.: *брег'ови – брег'овити, л''уди – л''удити, д'еци – д'ецити, офч'ари-ти,* но: *н'иве – н'ивете, год'ине – год'инете* (во нестрамскиот и костенарискиот говор во Костурско), *б'убреци – б'убрецити, венц'и – венц'ити,* и во ж.р. *р'ӑки – ра̣к'ити, с'ӑлзи - с'ӑлзити,* па дури и *с'ӑрци - с'ӑрцити* (од *с'ӑрце,* веројатно со редукција на *е* во *и*; с. Дервишан, Зилјаховско).

Во некои говори по морфолошки пат е истиснат членот *-то* и заменет со *-те* во формите на збирната множина, сп. *гробје – гробјете, колјете, камењете, лисјете, снопјете,* или *камењене, камењеве, тр̥њене* (во скопскоцрногорскиот), *лисјете, снопјете* (Вратница, Челопек – Тетовско), *камењете, снопјете* (: *рибе – рибете,* Кумановско, Видоески, 1962 : 149), и во некои локални говори во Серско, Драмско и Гоцеделчевско: *г'остете, вол'овете* (Иванов, 1972 : карта 85).

Тенденцијата членската морфема да се управува спрема завршокот на неопределената именка уште подоследно е изразена во горанскиот говор, сп.: *мужи – мужити / муживи / мужини, ножои – ножоити / ножоиви / ножоини, очи – очити / -ви / -ни, камење – камењете / -ве / -не, жене – женете / -ве / -не,* датив: *сестрити / -ви / -ни, добројзи – добројзити / -ви / -ни,* датив мн. *старцитим / -вим / -ним, сестретем,* итн., како и во бобоштенскиот говор, сп.: *старц'ити – голем'ити – старц'итим, сестр'ʲате – сестр'ʲатем, голем'ʲате – голем'ʲатем,* и др.

1995


Југославија
Бугарија
Албанија
Грција
Скопје
Тетово
Гостивар
Кичево
Брод
Дебар
Струга
Охрид
Ресен
Битола
Прилеп
Велес
Куманово
Крива Паланка
Кратово
Злетово
Св.Николе
Штип
Кочани
Радовиш
Неготино
Кавадарци
Струмица
Гевгелија
Дојран
Делчево
Пехчево
Берово
Благоевград
(Г.Цумаја)
Разлог
Банско
Гоце Делчев
(Неврокоп)
Сандански
(Св.Врач)
Мелник
Петрич
Валовиште
Сер
Драма
Кукуш
Лагадина
Сухо
Гуменџе
Енице-Вардар
Солун
Острово
Воден
Негуш
Бер
Лерин
Кајлар
Костур
Корча
Вардар
Црна Река
Струма
Струмица
-o(m)
-ă(m)
-ă(a)
без -m (-o, -ă, -a, -e)
-y (m)
бел-j-o(m)
-ов, -он, -o(m)
-o/ă(m) : -e(m)
-того/ -тому
-тога
ДРЖАВНА ГРАНИЦА
ЈАЗИЧНА ГРАНИЦА

КАРТА 1

2.5. ФОРМИТЕ НА ГЛАГОЛОТ *сум* ВО ПАРАДИГМАТА НА СЕГАШНОТО ВРЕМЕ

1. Во современите македонски дијалекти помошниот глагол *сум* во сегашно време се јавува во следниве парадигми:

1.1. *сум, си, (ј)е, сме, сте, се* Велес, Битола (Кукуречани), Охрид (Љубаништа),

1.2. *сум, си, је, сме / сне, сте, се* Мариово (Манастирец), Битола (Оризари),

1.3. *сум, си, (ј)ет, сме / сне, сте / све, се* Тиквеш (Фариш),

1.4. *сум, си, (ј)е, сме, све, се* Скопско (Блатија),

1.5. *сум, си, (ј)е / (ј)ет, сме / сне, сте / све, се* Битолско (Дихово, Живојно, Путурус), Преспа (Г. Крушје),

1.6. *сум, си, (ј)е, сме / све, сăт* Гостивар,

1.7. *сум, си, јет, сме, сте са / сат* Тетовско (Стенче, Волковија, Урвич),

1.8. *сум, си, (ј)е / (ј)ет, сне / сме, сте / све, се / сет* Прилепско (Прилеп, Крапа, Дебреште), Преспа (Лескоец, Стење), Битолско (Ѓавато), Демир Хисар (Слепче),

1.9. *сум, си, је, смо, све, са* Тетовско (Жилче, Јегуновце, Челопек),

1.10. *сум, си, је, смо, сте, са* Тетовско (Седларце),

1.11. *сум, си, е, сме* (*смă, сми*), *сте* (*стă, сти*), *са* Кукуш (Крецово),

1.12. *сум, си, е, сне, сте, се* Костурско (Рупишта, Куманичево),

1.13. *сум, си, е / ести, сме, сте, се* Костурско (Псоре, Гратче, Горенци),

1.14. *су, си, е, сме, сте, се* Галичник, Клепа (Градско, Праведник),

1.15. *су, си, е, сме / сне, сте, се* Мариово (Витолиште, Старавина),

1.16. *су, си, (ј)е, сме / сне, све / сфе, се* Кичево, Порече, Дебар, Струшко (Вевчани), Битолско (Канино, Паралово),

1.17. *сам / сӑм, си, (ј)е, сме, сте, са* Штипско (Припечани), Радовиш, Струмичко (Габрово, Смоларе), Кочанско, Благоевградско, Драмско (Зрнево, Г. Броди, Грмен), Серско (Календра, Секавец), Солунско (Градобор, Негован), Кукушко (Амбар Ќој), Воденско (Мандалево, Вадришта, Г. Родево),

1.18. *сам / сӑм, си, (ј)е, сне, сте, са* Меглен (Тресино, Волкојаново),

1.19. *сам, си, (ј)е, смо, сте, са* (*су*) Тетовско (Вратница), Скопска Црногорија (Чучер, Мирковци), Кумановско, Кривопаланечко (Огут),

1.20. *сом, си, је, смо, све, са* Тетовско (Теарце),

1.21. *са, си, е, сма, ста, са* Преспа (Граждано),

1.22. *са, си, јет, сне, сте, са* Преспа (Лак),

1.23. *са, си, и, сни, сти, сӓ,* негирани: *н'ӓса, н'ӓси, н'ӓји / н'ӓј, н'ӓсни, н'ӓсти, н'ӓса* Солунско (Сухо, Висока),

1.24. *си, си, е / ести, сне, сте, се* Костурско (Тиолишта, Бапчор),

1.25. *се, си, е / ести, сме, сте, се* Костурско (Жервени, Поздивишта),

1.26. *се, си, е / ести, сме / сне, сте, се* Костурско (Крчишта, Косинец, Габреш, Вамбел),

1.27. *еса, еси, ести / еје, есме, есте, есе; сјӓ, си, е, смјӓ, стјӓ, се / сјӓ,* негирано: *њјӓсе, њјӓси, њјӓ, њјӓсме, њјӓсте, њјӓсе; н'еса, н'еси, н'ести / н'е / н'еје, н'есме, н'есте, н'есе* Корчанско (Бобоштица),

1.28. *еса, еси, ести, есне, есте, есе* Костурско (Слимница),

1.29. *есам, еси, ести, есме, есте, есе* Костурско (Ново Село),

1.30. *есе, еси, ести, есме, есте, есе* Костурско (Радигоже, Нестрам),

1.31. *еси, еси, ести / је, есме, есте, се* Костурско (Марковени),

1.32. *еси, еси, ести, есне, есте, есе* Костурско (Парничени).

2. Од претходниов материјал произлегува дека во дијалектниот јазик се среќаваат една полна (долга) форма со основата *ес-* и една кратка (без оваа основа). Полната форма сама или напоредно со кратката се јавува на ограничена територија – само во југозападните костурски села и тоа во областите Костенарија и Нестрам, и само во неколку јужни села на Корешчата што непосредно граничат со Нестрамско, освен тоа и во македонските говори во Корчанско (Бобоштица и Дреновени). Северната изоглоса на долгите форми за 1 и 2 л. едн. и 1-3 л. мн. допира приближно до линијата Радигоже – Марковени. Полната форма за 3 л. едн. (*ести*) се среќава пошироко – констатирана е готово на сето костурско говорно подрачје, потоа во југозападните преспански села на север до Леска и Шулин и во неколку села во Дебарско (Џепиште, Папрадник) и тоа само во говорот на Македонците муслимани. На сета друга територија на етнографска Македонија се употребуваат само кратките форми од односниов глагол.

3. Полната форма за 1 л. едн. се јавува во морфемските разновидности: *еса* (Бобоштица, Слимница), *есам* (Ново Село), *есе* (Нестрам), *еси* (Марковени, Сничени), *есем, есåм* (во Костенаријата). Во оформувањето на приведениве облици влијаеле и фонетски и морфолошки фактори. Стсл. **ѥсмь** > **ѥсъм** (**єсъм** – по испаѓањето на *ј* пред иницијалното *е*) – со појава на секундарен ъ$_2$, кој после се рефлектирал во /*а*/, одн. /*å*/. Подоцна по аналогија на другите глаголи од *е-* и *и-*конјугација наставката *-м* се испуштила (сп. *есам* > *еса* : *бера, носа*). По морфолошки пат се добиени и формите *есе, еси*, но на подруг начин: во *еси* крајното *-и* се генерализирало во целата еднинска парадигма (сп. 1-2 л. *еси,* 3 л. *ести*); *есе* најверојатно е образувано според множинската парадигма!

Формата за 3 л. едн. *ести* (стсл. **ѥстъ**) образувана е според глаголите од *и-*основи (*ести* : *носи*). Во неколку дебарски села таа се среќава и во разновидноста *естит* (Џепишта, Г. Папрадник), каде што е *-т* внесено од другите глаголи (*естит* : *носит, седит*). Во бобоштенскиот говор покрај *ести* се јавува и обликот *еје* (Mazon, 1936 : 79), образуван со контаминација на *ести* и *је* (*ести* X *је* > *еје*) и со наслон на глаголите од типот *пије.*

Според формите за 1 и 2 л. мн. *есме* (стсл. **ѥсмъ** : **ѥстє**), *есте* образуван е и обликот за 3 л. мн. *есе.*

4. Кратката форма за 1 л. едн., која историски е добиена со испуштање на првиот слог *је-* (**ѥсмь** > **смь**), се среќава во фонетските разновидности: *сăм, сам, сом, сåм, сум, су, сјä, се, си.* Во првите четири облици (*сăм, сам, сом, сåм*) имаме регуларен развој на сек. ъ$_2$: **(ѥ)смь** > **(ѥ)съ$_2$м** > *сăм* / *сам* / *сом* / *сåм; сум* е добиено како резултат на лабијализација на *о* во *у* пред *-м,* а по испуштањето на *м,* што се извршило по аналогија на другите глаголи, *сум* > *су, сам* > *са.* Формите *се* и *си* се преобразувани според полните (*есе* : *се, еси* : *си*). Бобоштенското *сјä* е од секундарно потекло.

На географски план приведениве форми се дистрибуирани на следниот начин.

Формите без *м* (*су, са, се, си, сјä*) се среќаваат сами или наспоредно со формите со *м* во југозападните македонски дијалекти, каде што наставката *-м* отсуствува и кај другите глаголи. Формата *са* е забележана во неколку долнопреспански села (Лак, Граждано, Леска, Шулин, Глобочени) и во сушковисочкиот говор (Голомб, 1960 : 149); *се* има поширок ареал во северозападниот дел на костурското говорно подрачје (Смрдеш, Жервени, Поздивишта, Косинец, Брезница, Лобаница, Крчишта), а *си* е ограничено до селата од потесното подрачје (Костур, Тиолишта, Бапчор, Габреш, Ошчима и уште неколку други села во полето). Значително поширок ареал зафаќа формата *су*; таа доминира во кичевско-поречкиот, малореканскиот, дебарскиот, дримколско-голобрдскиот, струшкиот говор, а наспоредно со *сум* се јавува уште во битолскиот, демирхисарскиот, прилепскиот и во дел од мариовскиот и велешкиот говор (карта 1.)

На сета друга територија на македонскиот јазик се употребуваат формите со *-м* : *сум* превладува во полошките, во скопскиот блатски говор, во реканскиот, охридскиот, леринскиот, кајларскиот, паралелно со *су*, видовме, во говорите во Пелагонија и во Велешко. Во северните говори на правецот Вратница (Тетовско) – Скопска Црна Гора – Куманово – Крива Паланка и во серско-драмскиот (Иванов, 1972 : карта 118) се употребува обликот *сӑм.* Во источните македонски дијалекти источно од линијата Скопје – Катланово – Градско – Демир Капија – Островско Езеро – Кајлар доминира формата *сам*, која во долновардарските говори поради редукцијата на неакцентираното /*a*/ во /*ă*/ има варијанта има варијанта *сӑм* (Илиџиево, Мандалево – Воденско, Градобор – Солунско). Формата *сом* забележана е во неколку пунктови во Тетовско (Теарце), Кривопаланечко (Жидилово), Леринско (Екши Су) и во Зилјаховско (Кончен), а *са̊м* во долнокостурскиот (Езерец).

5. Формата за 2 л. едн. на сета територија гласи *си* (стсл. **ѥ-си**).

6. Кратката форма за 3 л. едн. од односниов глагол се среќава во разновидностите: *(ј)е* (која на историски план претставува прв дел од постариот облик **ѥстъ**), *(ј)ет̄, (ј)и, ја, јӑ, еј, ӑј.* Формата *е* или *је* (со факултативно *ј*) може да се смета општомакедонска; *(ј)и, ја, јӑ* се само фонетски разновидности на *је* добиени со редукција на неакцентираното *е* > *и, ӑ, а,* и се јавуваат во одделни пунктови во југоисточните говори, сп. *i̯и* во сушко-височкиот говор (Голомб, 1960 : 149), *јӑ* – во воденскиот (Струпино, Кулакија), кукушкиот и драмскиот (Калапот, Тисово, сп. Иванов, 1972: карта 119). Формата *(ј)ет̄* е образувана според 3 л. едн. на другите глаголи (сп. *јет̄* : *берит̄, носит̄*) и се јавува напоредно со *(ј)е* во неколку полошки села (Стенче, Волковија), во Преспа (Стење, Лескоец, Конско, Лак, и др.) и во битолско-прилепското говорно подрачје подразбирајќи го тука и демирхисарскиот говор. Кукушкото *еј* (Патарос, Амбар Ќој) е добиено во резултат на метатеза од *је,* како и еницевардарското *ӑј* (Илиџиево) од *јӑ* (< *је*). Во Градобор (Солунско) *е* > *и* како резултат на редукција.

7. Во 1 л. мн. констатирани се формите: *сме* со фонетските разновидности *сми, сма, смӑ,* потоа *смо,* и *сне* со разновидностите *сни* и *сна* (карта 2.).

Формата *смо* ограничена е на северните говори – во тетовскиот (северно од линијата Седларце – Челопек), скопско-црногорскиот (северно од линијата Ново Село – Радишани – Миладиновци – Винце), овчеполскиот на југ до селата Џидимирци и Врсаково, кратовскиот (на исток до линијата Јамиште – Мушково) и во кривопаланечкиот (на исток приближно до Мождивњак и Метежево).

Јужно од споменатата граница се употребуваат формите *сме* и *сне.* Првата (*сме*) има значително поширок ареал – се јавува готово во целото источно наречје вклучително со пиринските и серско-драмските говори, и во Западна Македонија во скопскиот, велешкиот, полошките и во дебарските говори, а напоредно или покрај формата *сне* и во дел од прилепско-битолското говорно подрачје.

Формата *сне*, каде што е *н* внесено од личната заменка *ние* (*нија*), превладува во поречкиот, кичевскиот, охридско-преспанските и во северниот и северозападниот дел на костурското подрачје, а напоредно со формата *сме* се среќава уште во леринскиот и во говорите во Пелагонија, во одделни пунктови и во кајларскиот, мегленскиот, ениџевардарскиот и сушко-височкиот.

Во долновардарските и во лагадинските говори поради редукцијата на *е* во *и* и/или во *ă* се добиени разновидностите *сми* – во Солунско (Негован), *смă* – во дојранскиот и кукушкиот (Крецово). По ист начин се образувани и формите *сни* – во сушко-височкиот и *снă* – во Гуменџа и во некои кајларски пунктови. Обликот *сма* во некои лерински (с. Пателе) и во долнопреспански села (Граждано) може да се објасни и со аналогија со заменката *нија*.

8. Во 2 л. мн. покрај *ст̄е* (стсл. **ѥстє**) се среќава и формата *све* со разновидноста *сфе*, која е образувана по аналогија со заменката *вие* (*вие ст̄е* > *вие све* > *вие сфе*, со асимилација на *св* > *сф*). Вторава форма (*све* / *сфе*) превладува во централните, дебарските, горнополошкиот, во дел од тиквешко-мариовското подрачје и во Охридско, понегде паралелно со *ст̄е* (карта 3.). Формата *ст̄е* има значително поширок ареал. Разновидностите *ст̄и* во некои лерински села, во сушковисочкиот и неговaнскиот говор, *ст̄ă* во Кајларско, Воденско и Кукушко се објаснуваат со редукција на *е* > *и*, одн. *ă*, како и во формите за 1 л. мн. *сми*, *сни* – *смă*, *снă*. Поинакво објаснување бараат формите *ст̄а* во некои долнопреспански (Граждано) и костурски (Слимница) села, и бобоштенското *ст̄јä*.

9. Во 3 л. мн. се употребуваат формите: *се*, *сет̄*, *сјä*, *са*, *сат̄*, *сă*, *сăт̄*, *су* (карта 4.).

Непосредни континуанти на стсл. облик **сѫтъ** се формите *са*, *сат̄* (*ǫ > *а*), *сă*, *сăт̄* (*ǫ > *ă*) и *су* (*ǫ > *у*).

Од нив најголемо пространство зафаќа формата *са* : се употребува на целиот простор источно од линијата Кајлар – Островско Езеро – Демир Капија и Вардар до Велес; од Велес границата оди нешто поисточно од Вардар во правец на селата Рудник – Винце, од каде што свртува на запад по границата меѓу скопскиот блатски говор и говорот на црногорските села до с. Кучково и преку Сува Гора излегува на пл. Буковик. Во гостиварскиот говор покрај *са* се среќаваат и формите *сат̄* (Стенче, Волковија и др.) и *сăт̄* (Печково), а во северните скопскоцрногорски села може да се чуе и фонетската разновидност *су* (Чучер, Кучевиште). Обликот *се*, кој е образуван по аналогија спрема 1 и 2 л. мн., можеби и со учество на заменката *т̄ие*, (сп. *сме* – *сне*, *ст̄е* – *све* – *т̄ие* : *се*) се употребува во западните и костурско-леринските говори западно од споменатата граница и претставува една од дијалектните диференцијални црти меѓу западното и источното наречје. Во формата *сет̄*, која се употребува напоредно со *се* во некои пунктови на прилепско-битолското и охридско-преспанското говорно подрачје, *-т̄* е внесено од другите глаголи.

10. Врз диференцирањето на формите од глаголот *сум* во нашите дијалекти влијаеле, како што истакнавме погоре, и фонетски и морфолошки фактори.

Фонетските фактори доаѓаат до израз во диференцирањето на формите за 1 л. едн. и 3 л. мн. Во 1 л. едн. поради различниот развој на сек. $ъ_2$ (во *ă*, *а*, *о*, *å*) се добиени формите *сăм*, *сам*, *сом*, *сåм*. По фонетски пат се добила и формата *сум* (со лабијализација на *о* во *у*). Во 3 л. мн. зависно од различниот развој на носовката *ǫ во одделни дијалекти се добиени формите *са* (*сат̄*), *сă* (*сăт̄*) и *су*.

Во јужните македонски дијалекти редукцијата повлијаела врз фонетската реализација на формите *сам* (> *сӑм*), *(ј)и* и *јӑ* (< *је*), *сми, смӑ – сни, снӑ* и *сти – стӑ, сви – свӑ* (место *сме, сне, сте, све*) и *сӑ* (< *са*).

По морфолошки пат се добиени формите *су* (*-м* е испуштено по аналогија на другите глаголи каде што отсуствува тоа), *ести* и *естит* во 3 л. едн., облиците *сне, све* во 1 и 2 л. мн. (според личните заменки *ние, вие*) и *се* (*сет*) во 3 л. мн. (по аналогија на 1 и 2 л. мн. од истиот глагол).

11. Најголем дел од споменатите појави се извршени во западното дијалектно подрачје и во костурско-леринските говори. Полните форми на односниов глагол, видовме, ограничени се на тесен појас од југозападната периферија на македонскиот јазик, на самото пограничје со албанскиот, ароманскиот и грчкиот. Формите *сум* (*су*), *сне, све* (*сфе*) и *се* (*сет*) ограничени се на западното наречје; *сум* (*су*) и *се* (*сет*) спаѓаат во карактеристичните диференцијални особености на западното наречје, а нивни еквиваленти во источните и во северните говори се *сам* и *са.* Обликот *све* (*сфе*) во 2 л. мн. исто така има свој центар во западното наречје и неговата источна и северна изоглоса не ги преминува границите на западните дијалекти. Нешто поограничен ареал во рамките на западното наречје има формата *сне* во 1 л. мн. и нејзиниот центар се наоѓа во јужниот дел на западните говори и ирадира кон југ и југоисток. Формата *смо* функционира како дијалектна особеност на северните македонски дијалекти.

1988

Карта 1



Формите за 1 л. едн. сег. време од ´сум´

Карта 2



Формите за 1 л. мн. сег. време од ´сум´

Карта 3



Карта 4



2.6. НАСТАВКИТЕ ЗА 3 ЛИЦЕ МНОЖИНА СЕГАШНО ВРЕМЕ

0. Целта на овој прилог е да се покаже инвентарот на наставките за 3 л. мн. на презентот и нивната територијална дистрибуција на македонскиот јазичен ареал. Патем се задржуваме и на некои фонетски и морфолошки појави коишто непосредно влијаеле на структурата на наставките.

1. Старата разлика во наставките во 3 л. мн. на презентот **-ǫtъ* кај глаголите од првата, втората и третата Лескинова група, сп. **берѫтъ**, **двигнѫтъ**, **знаѭтъ**, и **-ętъ* кај глаголите од четвртата или *и*-група и кај некои од атематските, сп. **носѧтъ**, **вѣдѧтъ**, до денеска се задржала во ограничен број случаи само во разлошкиот говор. Глаголите од *и*-група во него во 3 л. мн. завршуваат на *-а*, ако паѓа акцентот врз наставката, додека кај другите глаголи има наставка *-ä* во акцентиран слог, одн. *-аа* во неакцентирана позиција, сп. *гур'ä, дрăж'ä, кип'ä, сед'ä, сту'ä* (: *дрăж'име, дрăж'ите*) : *бер'а, јад'а, плет'а* (: *бер'еме, бер'ете*), и во неакцентирана позиција: *гл'едаа, к'опаа, п'äјаа, п'ишаа, д'ојдаа* (: *к'опаме, к'опате; п'äеме, п'äете; д'ојдеме, д'ојдете*), а по аналогија според нив и *м'ислаа* (: *м'ислиме, м'ислите*) (с. Елешница, сп. и Алексиевъ, 1931 : 105).

Во сите други македонски дијалекти се генерализирала една наставка кај сите глаголски основи – во едни говори наставката **-ǫtъ,* во други наставката **-ętъ* одн. нивните варијанти.

2. На најголемо пространство се генерализирала наставката **-ǫtъ,* т.е. нејзините варијанти *-ат, -ăт, -у(т).*

2.1. Наставката *-ат* (со разновидноста *-а*) го покрива централниот и јужниот ареал на македонската јазична територија. Нејзината западна изоглоса допира приближно до линијата што ја сочинува планинскиот венец Шар Планина – Бистра – Илинска Планина – Баба – Вич, со некои скршнувања на охридско-преспанскиот дел. На север изоглосата оди по правецот на селата Теарце (во Полог) – Волково – Бардовци – Бутел – Арачиново – Дивље (на скопскиот терен) – Цидимирци – Богословец – Судиќ (во Овчеполието) и на североисток по правецот: Талашманце – Псача – Длабочица – Метежево – Луке (на кривопаланечкиот дел). На исток оваа наставка допира приближно до линијата што ја сочинуваат селата Верзјани – Кавакли – Урвишта – Лехово (во серско-валовишката област, Иванов, 1972, карта 117) и Калиманци – Ковачево – Брезница (на гоцеделчевскиот терен, БДА III, карта 203). Во разлошкиот говор, видовме, наставката *-а(т)* е ограничена на глаголите од 1-3 Лескинова група и во неакцентирана позиција кај глаголите од *и*-основи. Северно од линијата Разлог – Благоевград изоглосата на наставката *-ат* продолжува на бугарската јазична територија. Сп. примери: *станат, пират, дрăжат, ц'ап'ат, карат* – во сушко-височкиот во Солунско (Голомб, 1960/61 : 148), *бер'ат, дрăж'ат, леж'ат* (во серскиот, петричкиот, санданскиот, благоевградскиот), *носат, молат, викат* – во штипско-струмичките и долновардарските говори, итн.

2.1.1. Во неколку пунктови во ареалот на наставката *-ат* се загубило крајното *-т*, така што 3 л. мн. завршува на *-а*. Оваа појава констатирана е во разлошкиот говор, сп. *бер'а, јад'а, к'опаа, гл'едаа* (Алексиевъ, 1931 : 105), во тетовскиот, сп *чекаа* (: *чекамо, чекате*), *носа* (: *носимо, носите*), *треса* (: *тресемо, тресете*) (Стаматоски, 1957 : 109), и на поширок ареал во говорите во Пелагонија, сп. *имаа, копаа.*

2.1.2. Во врска со наставката *-ат* во 3 л. мн. треба да се одбележи уште една појава – тенденцијата да се изедначи основата кај сите глаголски групи. Во едни говори аналогијата се вршела спрема глаголите од *а*-група. Спрема формите од типот *знаат, имаат, викаат,* основата се проширила и кај глаголите од другите основи, сп. *бераат, носаат, велаат* (фонетски *бера:т, носа:т*) : *имаат* – во говорот на дебрешките Муслимани (Видоески, 1950 : 45). Во прилепскиот говор таа појава е ограничена на неколку глаголи: *ода:т, ода:(т), ида:(т), вела:(т),* но *работа(т)* (Конески, 1949 : 286). Од друга страна, на еден поширок ареал од источното наречје на правецот Кратово – Кочани – Штип – Гевгелија – Солун – Воден – Кајлар изедначувањето на 3 л. мн. се извршило спрема глаголите од *е-/и*-група; спрема *носат, берат, сечат* преобразувани се и глаголите од *а*-група, сп. (*они*) *имат, викат, копат.* Западната граница на последниве облици се движи приближно со дијалектната граница меѓу источното и западното наречје. На скопско-велешкиот терен таа оди по правецот на селата Дивље – Рудник – Градско и преку областа Клепа се спушта на Плетварскиот превој и продолжува по планината Селечка (источно од Прилеп) сѐ до Скочивирската теснина на реката Црна (источно од Битола). На леринско-костурскиот терен оваа изоглоса продолжува од Скочивир по правецот на селата Асаново – Пополжани – Г. Котори – Зеленич – Емборе. На пограничјето меѓу централните и тиквешко-мариовските се среќаваат и напоредни форми со завршокот *-а(т)* и *-аа(т),* сп. *копат* и *копаат,* дури и *копајат* – во мариовскиот (Конеска, 1951 : 26), *гледат, излеват, сакат* и *гледаат, излеваат, сакаат* : *седат, пеат, јадат* – во тиквешкиот (Филиповски, 1952 : 31). Во источното наречје оваа појава не е завршена уште во дел од малешевско-пиринските говори, сп. *играа, имаа, дава-а(т), сришчаа(т)* – во пехчевскиот говор (Габрово), *викаа, копаа* – во беровскиот (Русиново), *копаа, гледаа, туваpаа, капаа се* – во разлошкиот (Елешница), *знајаа* (БДА III, карта 204), *копа:, гледа:* (Разлог, Алексиевъ, 1931 : 113).

2.2. Наставката *-ăт* (со замена на **ǫ* > *ă*) ограничена е на крајните југоисточни македонски говори – во драмскиот, зилјаховскиот и во гоцеделчевскиот (неврокопскиот), и тоа, главно, кога е таа акцентирана, сп. *бер'ăт, вăрв'ăт* (Иванов, 1972, карта 117), *бер'ăт* (БДА III, карта 203), *х'идăт, ед'ăт, рек'ăт* (Мирчевъ, 1936 : 79). Во некацентирана позиција и во овие говори 3 л.мн. завршува на *-ат,* сп. *гл'едат, ц'икат, р'укат, м'ăрзнат* – во драмскиот (Иванов, 1977 : 170-171).

2.2.1. Во драмското говорно подрачје и во неврокопскиот зад палаталните консонанти вокалите /*а*/ и /*ă*/ се пргласуваат во преден фон од редот на вокалот

/е/ и во резултат на тој процес се добила место *-ат* / *-ăт* фонетската варијанта *-ẹт* : *л''убẹт, м'ам’ẹт* (Иванов, 1977 : 114), *с'еч’ẹт* (: *сеч’ем, сеч’ете*), *сед’ẹт* (: *седим, седите*), *ход’ẹт* (Иванов, 1977 : 173), *гор''ет, м'исл’ẹт* (Мирчевъ, 1936 : 79).

2.3. Во северните драмски села во областа Чеч, каде што **ǫ* се рефлектирало во */о/* со алофонот [*å*], како наставка за 3 л. мн. се јавува *-от* : *бер'от* (: *бер'ем, бер'ете*), *набер'от, сеч''от, сед''от* (Иванов, 1977 : 170).

2.4. Во северните македонски говори, северно од погоре споменатата линија Теарце – Волково – Дивље – Богословец – Талашманце – Луке, каде што носовката **ǫ* се рефлектирала во */у/* во 3 л. мн. како наставка се јавува *-в* со фонетската разновидност [*ў*] во скопскоцрногорскиот и во северните кумановски села, одн. *-ав, -ев, -ив*, како и во граничните призренско-јужноморавски српски дијалекти (Видоески, 1962 : 197-199), сп. *имав, берев, носив.* Оваа наставка се добила по фонетски пат кај глаголите од *а*-група на следниов начин: имаѭтъ > *имајут* > *имају* (по загубата на *-т*) > *имау* (по загубата на интервокалното *ј*) > *имаў* > *имав.* По тој начин *-в* се оформило како наставка, сп. во множинската парадигма: *има-мо, има-те, има-в.* Целиот овој процес може да се следи и врз денешниот материјал што ни го нудат северните говори, сп. *имају, имаў, имав* (во најсеверните кумановски села). По аналогија *-в* се проширило во 3 л. мн. и кај глаголите од другите основи со истовремено генерализирање на вокалот од основата, сп. *берев* (: *беремо, берете*), *носив* (: *носимо, носите*).

2.4.1. На кумановско-кратовското пограничје и во источниот дел на кривопаланечкиот говор, каде што се пази наставката *-т,* исто така се генерализирал основниот вокал од 1 и 2 л. мн. и во 3 л., сп. *берет* (: *беремо, берете*), *носет* (: *носемо, носете*), како и *копат* (: *копамо, копате*) (Видоески, 1962 : 198).

2.5. Во најголем дел од ареалот каде што се обопштила наставката **-ǫтъ* има ист рефлекс за **ǫ* и во коренските морфеми и во наставката за 3 л. мн. Во северните говори **ǫ* > */у/,* сп. *рука, пут – има(ј)у* (> *имав*). Во чечкиот говор во Драмско, каде што **ǫ* се рефлектирало во */о/,* и во 3 л. мн. наоѓаме иста вредност: *рока, мож – бер'от* (Иванов, 1977 : 63). Во централните говори од западното наречје и во источните на правецот Кавадарци – Штип – Кочани – Берово – Благоевград – Разлог **ǫ* > */а/* во сите позиции на зборoформите: *рака, пат – берат, имаат* (> *имат*). Во говорите каде што **ǫ* се заменило во */ă/* во коренските морфеми, ист рефлекс наоѓаме и во 3 л. мн. през. само во мрвашкиот и зилјаховскиот во драмската група, сп. *рăка, мăка, пăт* и *бер'ăт, плет'ăт* (Иванов, 1977 : 63) и во соседниот гоцеделчевски: *р'ăка – ед'ăт, рек'ăт, х'идат* (Мирчевъ, 1936 : 79). Меѓутоа, во серско-лагадинските, во долновардарските (солунскиот, кукушко-дојранскиот, гевгелискиот, воденско-кајларскиот), како и во полошките (гостиварскиот, тетовскиот) на северозапад во коренските морфеми **ǫ* се рефлектирало во */ă/*, додека во 3 л. мн. има */а/*, сп. *рăка, пăт, зăби* : *берат, пират, дигнат* – во долновардарските и полошките, *бер'ат, сеч'ат* - во серско-лагадинските. Наставката *-ат* во овој фонетски облик во однoсниве говори најверојатно се наложила од другите македонски дијалекти.

3. Наставката **-ętъ* > *-ет* со разновидноста *-е* превладала како општа во крајните западни говори на сето пограничје спрема албанскиот јазик од Шар Планина и Кораб па до Корча (во Јужна Албанија), Грамос и Пинд (во Грција). На полошко-дебарскиот дел изоглосата меѓу наставките *-ат* и *-ет* се поклопува со дијалектната граница на полошките и дебарските говори. Неа ја сочинува планинскиот венец Шар Планина – Бистра – Стогово. На полошката страна на Шара остануваат само селата Урвич и Јеловјане, кои по своите дијалектни особености, меѓу кои и наставката *-ет* во 3 л. мн. през., наполно се интегрирани со говорот на горанските Муслимани (во Призренско). На охридско-струшкиот терен можеме да следиме две изоглоси. Изоглосата меѓу наставките *-ет* и *-ат* кај глаголите од *а*-група оди по правецот на селата Врбјани – Сливово – Слатино – Велмеј – Брежани – Речица – Скребатно – Рамне – Велестово, сп. *имеет, копеет, викеет* (> *име:т, копе:т, вике:т* со извршена асимилација на вокалната секвенца *-ае-* > *-ее-* и со контракција во *-е:*), но: *берат, носат*. Источната изоглоса на *-ет* кај глаголите од *и-/е*-група е нешто повлечена спрема езерото и оди од Стогово и Караорман по правецот на селата Мешеишта – Требеништа – Горенци – Оровник – Рамне – Велестово, сп. *носет, берет, пиет*, одн. *носе:т, бере:т, пие:т*, како и во *вике:т, име:т*. Од Велестово изоглосата на наставката *-ет* продолжува преку пл. Галичица на преспанскиот терен во правецот на селата Лесковец – Стење – Конско (на северозападниот брег на Преспанското Езеро) – Штрбово – Брајчино – Љубојно (на источната страна на езерото), сп. (*тие*) *спиет, пеет, носет, викает, одет*. На преспанското подрачје, како што се гледа, границата меѓу наставките *-ет* и *-ат* не се совпаѓа со дијалектната граница меѓу преспанските и централните говори. – Од Брајчино и Љубојно источната изоглоса на *-ет* продолжува на југоисток преку леринскиот терен по правецот Арменско – Г. Котори зафаќајќи го и градскиот лерински говор, а потоа се спушта на југ во правецот на с. Мокрени и завршува нешто малку позападно од кајларското село Емборе.

Со наставката *-ет* 3 л. мн. през. се образува и во говорот на реканските преселници во велешките села Мелница и Врановци, и во Скопска Каршијака, сп. *носет* (: *носеме, носете*), *зноет* (: *зноеме, зноете*), *бегает* (: *бегаме, бегате*), како и во мијачката (малореканската) оаза Смилево во Битолско, сп. *бегает*.

3.1. Во врска со наставката *-ет* треба да одбележиме уште три појави: загубата на крајното *-т* во некои локални говори, асимилацијата на секвенцата */ае/* кај глаголите од *а*-група, како и изедначувањето на основниот вокал во сите лица во множината на презентот.

3.1.1. Елементот *-т* во наставката *-ет* се загубил во јужниот дел на односниов ареал (во долнопреспанскиот, корчанскиот и костурските говори), сп. (*тие*) *вике, носе, бере, трае, сее, мие, брое* – во долнопреспанскиот, *праве, носе, бере, кажве, викаје* – во југозападните лерински села), *греде, носе* – во корчанскиот (Mazon, 1936 : 77). Северната изоглоса на формата без *-т* поминува низ преспанско-леринското подрачје по правецот на селата Гломбочени – Љубојно (Преспа) – Арменско – Г. Котори (Леринско). *-т* во 3 л. мн. се загубило исто така и во горанскиот говор, вклучувајќи го тука и говорот на тетовските муслимани во Урвич и Јеловјане, но овде само кај глаголите од *а*-група, сп. *викае, копае*, но: *берет, купујет, носет* (Видоески, 1973 : 29).

3.1.2. Асимилацијата на вокалната секвенца /ае/ кај глаголите од *а*-група ограничена е на охридско-струшкото говорно подрачје: *имает* > *имеет*. Оваа појава во споменативе говори може да се следи и во други зборови, сп. *праеше* (< *правеше*) > *преепе* / *пре:ше*. По асимилацијата се извршила и контракција како резултат на што се добило фонетски долго [*е:*]: *имеет* > *име:т*. Оваа должина после се пренесла и на глаголите од *и*-/*е*-група: *бере:т, носе:т* (: *бериме, берите; носиме, носите*), *пие:т* (: *пиеме, пиете*). Последнава појава ограничена е на градскиот охридски говор и на околните села на правецот Охрид – Струга. На другата територија контракцијата, респективно и должината ограничена е само на глаголите од *а*-група, сп. *викеет* / *вике:т* : *берет, спиет*, или *имеет* / *име:т* : *берет, носет* во пештанско-љубанишкиот и во струшкиот говор. Во дебарските говори процесот на асимилацијата и контракцијата е уште во тек. Во дримколско-голобрдскиот и во дебарскиот најчесто се среќаваат примери без асимилација, сп. *викает – сечет, ткает, спиет, носет;* исто и во говорот на реканските муслимани: *имает – идет, броет* (Жировница), како и во малореканскиот: *гледает, кажуает* (Галичник).

3.1.3. Аналогијата можела да дејствува и преку глаголите од *и*-/*е*-групи, што имало за последица скратување на должината кај глаголите од *а*-група, сп. *викет, копет, имет* : *берет, ткает, спиет, стоет, носет* во горнопреспанскиот, а по загубата на -*т* во долнопреспанскиот и костурско-корчанскиот се добиле формите (*тие*) *име, вике, копе* (< *имеет* < *имает*).

3.1.4. Во некои локални говори аналогијата дејствувала во рамките на самата парадигма. Основниот вокал од 1 и 2 л. мн. се наложил и во 3 л. Така се образувани формите за 3 л. мн. *берет* (: *береме, берете*), *носит* (: *носиме, носите*), но *викает* (: *викаме, викате*) во галичкиот (Белиќ, 1935 : 198).

Аналогијата можела да дејствува и од 3 л. мн. врз 1 и 2 л. Тоа го потврдува материјалот од жировничкиот рекански говор, сп. *носет – носеме* / *носете* (: едн. *носиш, носит*), *броет – броеме* / *броете* (: *броиш, броит*), а *имает – имаме* / *имате* (: *имаш, имат*) (Поповски, 1959 : 126).

4. Во рамките на сета македонска јазична територија во 3 л. мн. през. како заеднички се јавуваат две појави: загубата на -*т* и тенденцијата за интеграција на глаголите кон еден морфолошки модел.

4.1. Процесот на загубата на *т*, видовме, најмногу напреднал во периферните говори – на север во кумановскиот, овчеполскиот, скопскоцрногорскиот и во тетовскиот, делумно уште во горанскиот, на североисток во малешевско-пијанечкиот и разлошкиот, и на југозапад во корчанскиот, долнопреспанскиот, костурско-леринските, во нешто поограничена мера и во говорите во Пелагонија. Во едни од овие говори *т* се загубило кај сите глаголи (во костурско-корчанските и во северните), а во некои загубата е ограничена на глаголите од *а*-група, сп. *имаа* : *носат, пеат* во леринскиот и битолскиот, *чуваје* : *может, спијет* во горанскиот, *имаа* : *седат, берат* во беровскиот.

Во северните говори загубата на *т* е релативно стара појава и стои во врска со истиот процес во српските призренско-јужноморавски дијалекти. Судејќи по обликот *дојду* во записот **до кого доидоу сиѥ книгє** на Радина од кумановското село

Нагоричане од XIV век, Селишчев заклучува дека во односново време во кумановскиот говор 3 л. мн. през. завршувало на *-у* (Селищев, 1918 : 223). Под воздејство на северните говори *-т* почнало да се губи и во тетовскиот и во горанскиот, со таа разлика што во горанскиот загубата се ограничила само на глаголите од *а*-група.

Во југозападните говори загубата на *-т* е самостоен процес и тој таму не е стар. Во XVI век во говорот на костурското село Богатско *т* се чува, сп. **зовєт**, **мирисєт** (Gianelli – Vaillant, 1958 : 62). Причините за загубата во овие говори треба да се бараат во природата на односниов глас во финална позиција зад вокал. Кон таков заклучок води и фактот што *-т* се загубило во тие говори и во членската морфема *-о(т)* : *лебо, ножо*, како и во некои одделни други случаи, сп. *госпо, папра*.

Бидејќи загубата на *т* е најраширена кај глаголите од *а*-група, може да се претположи дека процесот започнал токму кај тие глаголи. Двојното *а* (*-аа*) било доволно да се диференцира 3 л. мн. през. од 3 л. едн. кај тој тип глаголи (3 л. едн. *вика* : 3 л. мн. *викаа*), а омонимијата со 3 л. мн. на имперфектот можела да се отклони по друг начин – со местото на акцентот, сп. 3 л. мн. през. *в'икаа* : 3 л. мн. имперфект *вик'аа* во леринскиот, или со преструктуирање на имперфектната наставка, сп. *викаја* (: през. *викаа*) во некои битолски села, или *викаше* (: през. *викаа*) во малешевскиот. Една ваква претпоставка се потврдува и со фактот дека *т* се загубило, главно, во оние дијалекти во коишто 3 л. мн. през. завршува на *-аа(т)* кај глаголите од *а*-основи. Во источните говори, каде што овој тип глаголи во 3 л. мн. имаат завршок *-ат* (*викат*) не се констатирани примери без *т*.

4.2. Тенденцијата за упростувањето на конјугациските модели 3 л. мн. го засегнува до толку што во некои говори се изедначила основата во целата парадигма на презентот, па со тоа се изменил основниот вокал во 3 л. мн. Важна улога во тој процес играла аналогијата. Таа дејствувала на два начина – вертикално во рамките на истата парадигма, и хоризонтално – преку генерализирање на наставката од еден конјугациски тип врз друг или врз сите. Првиот вид аналогија во едни говори се извршила кај сите глаголски групи, како што е случајот со северните говори, сп. во кратовскиот: *нос-е-т* : *нос-е-мо, нос-е-те,* или *бер-е-т* : *бер-е-мо, бер-е-те,* како во *вик-а-т* : *вик-а-мо, вик-а-те,* во други говори тој процес се ограничил само на една или на две групи, како што е случајот, на пример, во малореканскиот, сп. *бер-е-т* : *бер-е-ме, бер-е-те,* и *нос-и-т* : *нос-и-ме, нос-и-те,* но : *вик-а-ет* : *вик-а-ме, вик-а-те.* Во некои говори, пак, фонолошката структура на основата останала неизменета, додека промени настанале во наставката, сп. *им-е, нос-е, бер-е* : *им-а-ме, нос-и-ме, бер-и-ме / бер-е-ме* во костурско-корчанските, или *им-е-ет, нос-е-ет, бер-е-ет* : *им-а-ме, нос-и-ме, бер-и-ме / бер-е-ме* во охридскиот; *вик-а-ат, бер-а-ат, нос-а-ат* : *им-а-ме, нос-и-ме, бер-и-ме* во дебрешкиот, *к'оп-а-а, п'иш-а-а, д'ојд-а-а, м'исл-а-а* : *к'оп-а-ме, п'иш-е-ме, м'исл-и-ме* (во неакцентирана позиција) во разлошкиот.

1987

2.7. ФОРМИТЕ НА ИМПЕРФЕКТОТ

0. На македонскиот јазичен ареал имперфектот се образува со следните наставки:

едн. 1 л.: *-х (х'), -в, -ф, -ј, -к, -ø, -ше, -шем,*
2 л.: *-ше (-ше̣, -ша̣, -ши), -шши,*
3 л.: *-ше (-ше̣, -ша̣, -ши),*

мн. 1 л.: *-хме (-х'ме, -хме̣, -хми), -шохме, -вме, -вне, -фме, -фне, -јме, -јне, -кме, -кне, -øме, -аме / -еме, -шеме, -смо, -øмо, -амо / -емо, -шемо,*
2 л.: *-хте (-х'те, -хте̣, -хти), -шохте, -вте / -фте, -јте, -кте, -øт̣е, -ате / -ете, -шете, -сте,*
3 л.: *-ха, (-ха̣), -хја, -а, -ја, -ва, -ву, -аше, -шеа, -шеw, -сва, -е (-је),*

кои се додаваат на тематските вокали *-а-* и *-е-*.

1. Претставени во парадигми се среќаваат следниве форми:

в'ик-а-х	*б'ер-е-х*	*н'ос-е-х*
в'ик-а-ше	*б'ер-е-ше*	*н'ос-е-ше*
в'ик-а-ше	*б'ер-е-ше*	*н'ос-е-ше*
в'ик-а-хме	*б'ер-е-хме*	*н'ос-е-хме*
в'ик-а-хте	*б'ер-е-хте*	*н'ос-е-хте*
в'ик-а-ха	*б'ер-е-ха*	*н'ос-е-ха*

Овој модел се јавува континуирано во гоцеделчевскиот (неврокопскиот), серско-драмските и лагадинските говори во Југоисточна Македонија и во дојранскиот во долновардарската група. Дијалектните разновидности на тој терен произлегуваат од степенот на редукцијата на вокалите во неакцентирана позиција и од рефлексацијата на **ě* во акцентирани слогови.

Во неврокопскиот говор крајните вокали не подлежат на редукција, а **ě* се рефлектирало во /*а*/, па имперфектната парадигма се јавува во следниот фонетски вид: *сп''ах, сп''аше, сп''аше, сп''ахме, сп''ахте, сп''аха* (Мирчевъ, 1936 : 76).

Во некои говори во Драмско на редукција подлежат и крајните вокали, така што наставките за 2-3 л. еднина и множинските се јавуваат во аломорфите: *-х, -ше̣ / -ши, -хме̣ / -хми, -хте̣ / -хти, -ха̣*, сп.: *гл'еда̣х, гл'еда̣ши, гл'еда̣ши, гл'еда̣хми, гл'еда̣хти, гл'еда̣ха; н'осе̣х, н'осе̣ше̣ / н'осе̣ши, н'осе̣хме̣ / н'осе̣хми, н'осе̣хте̣ / н'осе̣хти, н'осе̣ха* (Плевна), одн.: *в'ика̣х, в'ика̣ша̣, в'ика̣ша̣, в'ика̣хма̣, в'ика̣хта̣, в'ика̣ха̣* (Старчиште) – на поширок ареал во северните драмски села, каде што неакцентираното /*е*/ се редуцира во [*а̣*].

Слична појава можеме да следиме и во дел од серските говори, сп.: *гл'еда̣х, гл'еда̣ше̣, гл'еда̣ше̣, гл'еда̣хме̣, гл'еда̣хте̣, гл'еда̣ха̣; н'осе̣х, н'осе̣ше̣, н'осе̣ше̣, н'осе̣хме̣, н'осе̣хте̣, н'осе̣ха̣* (Секавец), *гл'еда̣х, гл'еда̣ши, гл'еда̣ши, гл'еда̣хми, гл'еда̣хти, гл'еда̣ха̣* (Негован), како и во сушко-височкиот, сп.: *в'ика̣х, в'ика̣ш’и, в'ика̣ш’и, в'ика̣хми, в'ика̣хти, в'ика̣ха̣; с’а̣д’’äх, с’а̣д’’äш’и, с’а̣д’’äш’и, с’а̣д’’äхми, с’а̣д’’äхти, с’а̣д’’äха̣* (Голом̣б, 1960/1961 : 155).

Забелешка: Во сушко-височкиот **ě* > /’ä/ во акцентиран слог, одн. /’а̣/ во неакцентиран.

Во градскиот дојрански говор наставките не претрпеле промени поради редукцијата, меѓутоа во него настанале промени во тематската наставка по морфолошки пат, сп.: *пл'ета̣х, пл'етише, пл'етише, пл'ета̣хме, пл'ета̣хте, пл'ета̣ха,* по аналогија и кај глаголите од *а*-конјугација: *'има̣х, 'имише, 'имише, 'има̣хме, 'има̣хте, 'има̣ха,* или: *'има̣х, 'имше, 'имше, 'има̣хме, 'има̣хте, 'има̣ха* (Пеев, 1979 : 89).

1.1. На еден поширок ареал во источна Македонија на правецот Благоевград – Петрич – Кукуш – Солун на запад приближно до Кочани – Струмица – Воден во наставката за 3 л. мн. /х/ се загубило и како наставка се јавува *-а,* сп. парадигма:

в'ика-х	*н'осе-х*	
в'ика-ше	*н'осе-ше*	
в'ика-ше	*н'осе-ше*	
в'ика-хме	*н'осе-хме*	
в'ика-хте	*н'осе-хте*	
в'ика-а	*н'осе-а*	(поретко и *н'осе-ја* – со хијатско *ј*).

Сп.: Благоевградско: *в'иках, в'икаше, в'икаше, в'икахме, в'икахте, в'икаа* (Раздол, Лешко);

Петричко: *гл'едах, гл'едаше, гл'едахме, гл'едахте, гл'едаа; н'осех, н'осеше, н'осехме, н'осехте, н'осеа; б'ерех, б'ереше, б'ерехме, б'ерехте, б'ереа* (Петрич).

Кочани: *'имах, 'имаше, 'имахме, 'имахте, 'имаа; б'ерех, б'ереше, б'ерехме, б'ерехте, б'ереа.*

1.1.1. Во долновардарските говори јужно од Беласица и Кожуф на правецот Кукуш – Солун и Гевгелија – Воден поради редукцијата на неакцентираните вокали се извршиле некои промени како во фонетската страна на наставките, така и во тематската наставка.

Во гевгелискиот и во кукушкиот говор глаголите од сите групи формирале единствен конјугациски модел, сп.:

– во гевгелискиот: *в'ика̣х, в'икше, в'икше, в'ика̣хме, в'ика̣хте, в'ика̣а; пл'ета̣х, пл'етше, пл'етше, пл'ета̣хме, пл'ета̣хте, пл'ета̣а* (Ивановъ, 1932 : 89);

– во кукушкиот: *гл'еда̣х, гл'едише, гл'едише, гл'еда̣хме, гл'еда̣хте, гл'еда̣а; н'оса̣х, н'осише, н'осише, н'оса̣хме, н'оса̣хте, н'оса̣а* (Пеев, 1987 : 253);

– во говорот на Гуменџа: *н'осих, н'осиша̣, н'осиша̣, н'осихна̣, н'осихта̣, н'осиа̣;*

– во еницевардарскиот: *бл’’увạх, бл’’увạше, бл’’увạше, бл’’увạхне, бл’’увạхт̄е, бл’’увạа; с'ечих, с'ечише, с'ечише, с'ечихне, с'ечихт̄е, с'ечија;*

– во кулакискиот: *'идих, 'идиши, 'идиши, 'идихми, 'идихт̄и, 'идиа;*

– во воденскиот: *б'ех, б'еше, б'еше, б'ехме, б'ехт̄е, б'еа; г̄л'едạх, г̄л'едше, г̄л'едше, г̄л'едạхме, г̄л'едạхт̄е, г̄л'едạа; п̄л'ет̄их, п̄л'ет̄ше, п̄л'ет̄ше, п̄л'ет̄ихме, п̄л'ет̄ихт̄е, п̄л'ет̄иа* (Думевъ, 1943 : 64);

– во мегленскиот: *в'икạх, в'икạше, в'икạше, в'икạхме / -хне, в'икạхт̄е, в'икạа; н'осих, н'осише, н'осише, н'осихме / -хне, н'осихт̄е, н'осија* (Саботско).

Забелешки:

1. Во гевгелискиот и кукушкиот говор во 1 л. едн. и во мн. кај глаголите од *е*-основа тематскиот вокал *-е-* се редуцирал во [*ạ*] и по тој начин основата се изедначила со глаголите од *а*-група. Во 2-3 л. едн. во гевгелискиот и воденскиот извршена е елизија: *в'икаше > в'икше, п̄л'ет̄ише > п̄л'ет̄ше.*

2. Во еницевардарскиот и мегленскиот вокалот *-е-* се редуцирал во *-и-* : *н'осех, н'осеше... > н'осих, н'осише...*

3. Во некои мегленски и еницевардарски пунктови во 1 л. мн. напоредно со наставката *-хме* се јавува и *-хне* (*н* е добиено по аналогија на заменската форма: *ние бехме > ние бехне*).

1.1.2. Во некои разлошки села во 3 л. мн. како наставка се јавува *-хја* покрај *-ја*, добиена со контаминација на *-ха* и *-ја* а под влијание на 1-2 л. мн., сп.: *г̄л'едах, г̄л'едаше, г̄л'едаше, г̄л'едахме, г̄л'едахт̄е, г̄л'едахја,* но: *н'осех, н'осеше, н'осехме / н'осееме, н'осехт̄е, н'осеја* (Елешница, Банско; Видоески, 1987 : 9).

1.1.3. Во Западна Македонија наставките: *-х, -хме, -хт̄е* се задржале уште во две говорни оази – во говорот на мијачкото село Смилево (Битолско), сп.: *б'ех, б'еше, б'еше, б'ехме, б'ехт̄е, б'еје; в'иках, в'икаше, в'икахме, в'икахт̄е, в'икаје* – и во говорот на муслиманите во полошките села Урвич и Јеловјане, сп. *г̄л'едах, г̄л'едаше, г̄л'едаше, г̄л'едахме, г̄л'едахт̄е, г̄л'едаа; н'осех, н'осеше, н'осеше, н'осхеме, н'осехт̄е, н'осеа* (Видоески, 1973 : 30), како и во нивниот базичен дијалект – горанскиот, сп.: *'имах, 'имаше, 'имахме, 'имахт̄е, 'имаа; с'ечех, с'ечеше, с'ечехме, с'ечехт̄е, с'ечеа,* или *в'икашох, в'икаше, вик'ашохме, вик'ашохт̄е, вик'ашуа* (< *викашоа* – со редукција на *о > у*; Видоески, 1986 : 67).

Забелешка: Наставките *-ох, -е, -охме, -охт̄е, -оа* се преземени од аористот кај глаголите од *о*-раздел (*рекох, рече...*) и се додадени на новата имперфектна основа проширена со *-ш-*.

1.1.4. Во малешевско-пијанечките говори во Североисточна Македонија во 3 л. мн. наставката *-а* се проширила со елементот *-ше* (преземен од 2-3 л. едн.) и така се добила нова наставка *-аше*, сп.: *к'оп̄ах, к'оп̄аше, к'оп̄аше, к'оп̄ахме, к'оп̄ахт̄е, к'оп̄ааше; 'одех, 'одеше, 'одеше, 'одехме, 'одехт̄е, 'одеаше* (Делчево), *н'осех, н'осеше, н'осеше, н'осехме, н'осехт̄е, н'осеаше* (Смојмирово – Беровско).

Забелешка: Проширувањето на наставката во 3 л. мн. се јавило од потребата да се избегне омонимијата со 3 л. мн. на сегашното време, сп. сегашно време: *в'икам в'икаш,* *в'ика, в'икаме, в'икат̄е, в'икаа* : имперфект: *в'иках, в'икахме, в'иках̄те, в'икаа-ше; ше* после се проширило и на глаголите од *е*-основа, сп. *б'ереа-ше, н'осеа-ше.*

2. На еден широк појас во Западна Македонија на правецот Скопје – Велес – Прилеп – Битола – Ресен – Охрид фонемата */х/* во финална позиција и пред консонант по фонетски пат се изменила во */в/* и/или во */ф/,* а во интервокална позиција се загубила наполно, сп. *г̄рех > г̄рев/ф, г̄р'ехче > г̄р'ев / фче, г̄р'ехот̄ > г̄р'еот̄.* Оваа е една од важните фонетски карактеристики на западното наречје. По споменатиов процес и имперфектните наставки *-х, -хме, -хт̄е, -ха* се трансформирале во: *-в, -вме, -вт̄е, -а,* односно во: *-ф, -фме, -фт̄е, -а.* Така парадигмата на имперфектот се јавува во следниов вид:

в'ика-в/ф	*н'осе-в/ф*	*б'ере-в/ф*
в'ика-ше	*н'осе-ше*	*б'ере-ше*
в'ика-ше	*н'осе-ше*	*б'ере-ше*
в'ика-вме / -фме	*н'осе-вме / -фме*	*б'ере-вме / -фме*
в'ика-вт̄е / -фт̄е	*н'осе-вт̄е / -фт̄е*	*б'ере-вт̄е / -фт̄е*
в'ика-а	*н'осе-а*	*б'ере-а*

Овие наставки превладуваат западно од линијата: Миладиновци – Катланово (на скопскиот дел) – Рудник – Велес – Црквино – Војница (во Велешко) – Плетвар – Селечка Пл. до Паралово и Скочивир (на пограничјето меѓу Пелагонија и Мариовската котлина) и на југ до линијата Паралово – Скочивир – Буково (на битолскиот дел) и до границата меѓу Малото и Големото Преспанско Езеро.

Во локалните говори во рамките на западното наречје се јавуваат разлики во наставките за 1 и 3 л. множина, како и во употребата на варијантите со */в/* и со */ф/.*

2.1. Во 1 л. мн. во значителен дел од западните говори се употребуваат во конкуренција наставките *-вме / -фме* и *-вне / -фне*; негде превладуваат форми со наставката *-вме (-фме),* на пр., во дебарските, полошките, во кои доминира заменката *ми(ј)е,* а во други говори превладуваат формите со */н/,* одн. *-вне / -фне,* како во кичевско-поречкиот, охридскиот, па и во говорите во Пелагонија. Во нив доминира заменскиот облик *ни(ј)е.* Во вторава група говори превладува и аломорфата *-фне* (со *ф*).

2.2. Во говорот на југоисточните преспански села на правецот Љубојно – Герман, како и во говорот на муслиманите во дебарското село Џепиште, во 1 л. мн. наставката *-меф* (*в'икамеф, с'едемеф, б'еремеф*) е добиена со метатеза (*в'икафме > в'икамеф*).

2.3. Во 3 л. мн. во дебарските, струшките, долнопреспанските, подоцна ќе видиме и во костурските говори, наставката *-е* ја континуира постарата *-хе,* која е добиена како резултат на старо вкрстување на аористната наставка-**шѧ** и имперфектната -**χѫ** (Конески, 1981 : 196), сп. примери: *'имае / 'имее, в'икее, б'ерее, н'осее.*

2.4. Во некои локални говори во 3 л. мн. како наставка се јавува *-ја* – со секундарно *ј*, добиено прво кај глаголите од *е*-основи (*н'осеа* > *н'осеја, б'ереа* > *б'ереја*), а потоа се генерализирало и кај глаголите од *а*-основи (*в'икаја, к'опаја*); се јавила потреба за отклонување на омонимијата со 3 л. мн. на сегашното време во оние говори каде што се загубила наставката *-т*, сп. сег. вр.: *в'икам, в'икаш, в'ика, в'икаме, в'икате, в'икаа* : импф.: *в'икаф, в'икаше, в'икаше, в'икав(ф)ме, в'икафте, в'икаја.*

2.5. Во скопското, делумно и во велешкото говорно подрачје како хијатски глас во 3 л. мн. се јавил гласот /*в*/, *сп. в'икава, н'осева, б'ева, б'ерева* (Скопје).

2.6. Во говорот на муслиманите во прилепското село Дебреште во 2-3 л. едн. кај глаголите од *е*-основи како тематски вокал се генерализирало *-и-*, по аналогија на сегашното време од истиот тип глаголи, сп. *н'осеф, н'осише, н'осише, н'осевме, н'осефте, н'осе(ј)а* (: сегашно време: *н'осиш – н'оси, б'ериш – б'ери*; Видоески, 1950 : 49).

Сп. примери со целата парадигма:

Тетовско: *в'икаф, в'икаше, в'икавме, в'икафте, в'икаја* (Радиовце), *к'опаф, к'опаше, к'опавмо, к'опафте, к'опаја* (Брезно), *н'осеф, н'осеше, н'осеше, н'осевмо, н'осефте, н'осеја* (Теарце);

Гостивар: *б'егаф, б'егаше, б'егавме, б'егафте, б'егаа*;

Порече: *н'осеф, н'осеше, н'осефне, н'осефте, н'осеја*;

Прилеп: *б'егаф, б'егаше, б'егавне*/*-вме, б'егафте, б'егаа; б'ереф, б'ереше, б'еревне, б'ерефте, б'ереа* (Конески, 1949 : 289);

Преспанско: *'ораф, 'ораше, 'оравне* / *-вме, 'орафте, 'ораа* / *'ораја; н'осеф, н'осеше, н'осевне* / *-вме, н'осефте, н'осеја*;

Велес: *пр'авеф, пр'авеше, пр'авевме, пр'авефте, пр'авеа*;

Скопје: *'имаф, 'имаше, 'имавме* / *-вне, 'имафте, 'имава*;

Дебарско: *в'икаф, в'икаше, в'икафме, в'икафте, в'икае; н'осеф, н'осеше, н'осефме, н'осефте, н'осее* (Дебар);

Струшко: *к'опаф, к'опаше, к'опафме, к'опафте, к'опее; б'еф, б'еше, б'ефме, б'ефте, б'ее* (Вевчани);

Охридско: *гл'едаф, гл'едаше, гл'едафме, гл'едафте, гл'едаја; н'осеф, н'осеше, н'осефме, н'осефте, н'осеја* (Охрид, Пештани);

Љубојно (Д. Преспа): *с'ечеф, с'ечеше, с'ечефме, с'ечефте, с'ечеја.*

3. Во неколку локални говори во Југозападна Македонија, главно во Корчанско и Мегленско, фонемата /*х*/ е заменета со /*ј*/, исто така по фонетски пат, но во ограничен број случаи, меѓу кои и во имперфектот. По таков начин како наставки за имперфект во тие говори се јавуваат: *-ј, -ше, -ше, -јме* / *-јне, -јте, -(ј)а*, сп.:

в'ик-а-ј	*н'ос-е-ј*	*б'ер-е-ј*
в'ик-а-ше	*н'ос-е-ше*	*б'ер-е-ше*
в'ик-а-ше	*н'ос-е-ше*	*б'ер-е-ше*
в'ик-а-јме	*н'ос-е-јме*	*б'ер-е-јме*
в'ик-а-јте	*н'ос-е-јте*	*б'ер-е-јте*
в'ик-а-(ј)а	*н'ос-е-(ј)а*	*б'ер-е-(ј)а*

3.1. Во корчанскиот говор овој модел е наполно стабилизиран, сп. *н'осеј, нос'јäше, нос'јäше, нос'јäме, нос'јäте, нос'јäје,; п'ијеј, пиј'äше, пиј'äше, пиј'äјме, пиј'äјте, пиј'äје* (Бобоштица, Mazon, 1936 : 86).

Така и во мегленските села, само што во нив поради редукцијата дошло до промена на тематскиот вокал (*-е- > -и-*), сп. *в'ик-а̣-ј, в'ик-а̣-ше, в'ик-а̣-ше, в'ик-а̣-јне, в'ик-а̣-јте, в'ик-а̣-ја; н'ос-и-ј, н'ос-и-ше, н'ос-и-ше, н'ос-и-јне, н'ос-и-јте, н'ос-и-ја* (Пожарско), *б'ер-и-ј, б'ер-и-ше, б'ер-и-ше, б'ер-и-јне, б'ер-и-јте, б'ер-и-ја,* по аналогија и: *гл'ед-и-ј, гл'ед-и-ше, гл'ед-и-ше, гл'ед-и-јне, гл'ед-и-јте, гл'ед-и-ја* (Црнешево).

Во говорот на с. Корнишор и во соседните со него гуменџиски села *-ј* како наставка се јавува само во 1 л. едн., додека во множинските форми отсуствува, сп.: *б'е-ј, б'е-ши, б'е-ши, б'е-ми, б'е-ти, б'е-а̣.*

3.2. Незавршен процес на стабилизација на *-ј* (место *х*) како наставка наоѓаме и во некои локални говори во Разлошко, спл: *гл'еда-х’, гл'еда-ше, гл'еда-ше, гл'еда-јме, гл'еда-х’те, гл'еда-ја; н'осе-х’, н'осе-ше, н'осе-ше, н'осе-јме, н'осе-х’те, н'осе-ја* (Банско); *н'осе-х’, н'осе-ше, н'осе-ше, н'осе-јме, н'осе-х’те, н'осе-ше* (Добриниште).

4. Во неколку села во Мегленско (Тресино, Родево, Сараќиново, Цакони, Луковец и др.) место *-х* во 1 л. едн. и 1-2 л. мн. во имперфектот се јавува /*к*/, па така имперфектните наставки гласат: *-к, -ше, -ше, -кме / -кне, -кте, -ја,* сп.:

в'ик-а̣-к	*н'ос-и-к*	*б'ер-и-к*	
в'ик-а̣-ше	*н'ос-и-ше*	*б'ер-и-ше*	
в'ик-а̣-ше	*н'ос-и-ше*	*б'ер-и-ше*	
в'ик-а̣-кне	*н'ос-и-кне*	*б'ер-и-кне*	
в'ик-а̣-кте	*н'ос-и-кте*	*б'ер-и-кте*	
в'ик-а̣-ја	*н'ос-и-ја*	*б'ер-и-ја*	(Тресино)

Забелешки:

1. Алофоните *-кме* и *кне* во 1 л. мн. се употребуваат напоредно, но почеста е варијантата со *-н-*.

2. Кај глаголите од *-е*-основи тематскиот вокал *-е-* по силата на редукцијата се реализира како *-и-* (*н'осек, н'осеше... > н'осик, н'осише...*).

3. Кај глаголите од *а*-група во 2-3 л. едн. тематскиот вокал може и да се испушти, сп. *гл'еда̣к, гл'едше, гл'едше, гл'еда̣кне, гл'еда̣кте, гл'едаја* (Г. Родево).

4.1. Во говорот на леринското село Бапчор и во неколку села во Долна Преспа *-к* како наставка се јавува само во 1 л. едн. додека во 1-2 л. мн. отсуствува, сп.:

в'икак / в'икек, вик'аше, вик'аше, вик'аме, вик'ате, вик'аје; с'аќек, н'осек, сп'иек (Бапчор);

н'осек, н'осеше, н'осеше, н'осеме, н'осете, н'осеја, напоредно со формите: *н'осеф, н'осеше, н'осеше, н'осеме, н'осефте, н'осеја* (Граждено).

5. На еден широк појас на правецот Крива Паланка – Кратово – Куманово – Свети Николе – Кавадарци – Мариово – Лерин – Костур – Нестрам фонемата /*х*/ се загубила наполно во сите фонетски позиции, следствено и во наставките за имперфект. Поради тоа во повеќе локални говори имперфектните форми фонетски совпаднале со форми на други глаголски категории. И за да се избегне омонимијата се јавиле низа нови процеси што довеле и до промена како на фонемската, така и на морфемската структура на имперфектот.

5.1. Во северна Македонија на правецот Крива Паланка – Кратово – Куманово во 1 л. едн. се генерализирала наставката *-ше* како општа еднинска наставка (*ја, т̄и, он в'икаше, н'осеше*). Јужната изоглоса на оваа форма допира приближно до Злетово (на кратовскиот дел) – Свети Николе – Цидимирци (во Овчеполието), откаде што продолжува на запад во правецот на селата Миладиновци – Оризари – Волково (на скопскиот терен; Видоески, 1962 : 205).

На тој дел од македонската јазична територија настанале промени и во множинската флексија. Тука се разграничуваат наставките за 1 л. мн. *-ме* и *-мо*. Јужната изоглоса на *-мо* допира приближно до линијата Луке – Крива Паланка – Кратово – Злетово (на кривопаланечко-кратовскиот дел) – Свети Николе – Миладиновци – Кучково (на скопскиот терен) – Челопек – Седларце (во Полог).

Во северниот дел на кумановското подрачје приближно до линијата Орашац – Довезенце – Шопско Рудари – Псача – Длабочица на југ наставките за 1 и 2 л. мн. гласат *-смо, -ст̄е* (*в'икасмо, в'икаст̄е*). Со преземањето на овие аористни наставки се отклонила можната омонимија со 1 и 2 л. мн. на презентот (сп. *в'икамо, в'икат̄е*). Во источните кривопаланечки села отклонувањето на омонимијата се извршило со проширување на наставката со елементот *-ше-* од 2-3 л. едн. во сите лица и на тој начин се оформила нова имперфектна основа, сп. едн. 1-3 *'имаше-ø, 'имаше-мо, 'имаше-т̄е, 'имаше-а.* Истиот процес се извршил и во скопскоцрногорскиот говор, сп. *'има-ше // 'има-шем, 'има-ше, 'има-ше, им'а-шемо, им'а-шет̄е // им'аше(с)т̄е, им'ашеў.*

Во 3 л. мн. исто така настанале поместувања за да се постигне симетричност на основата со 1 и 2 л. мн. Како општа наставка се генерализирала *-ва (в'икава)*, а во северните кумановски села на правецот Никуљане – Коинце – Жегљане – Малотино – Арбанашко *-ву* (*б'еву, раб'от̄еву*).

Во скопскоцрногорскиот говор се генерализирале презентските наставки кои се додаваат на проширената имперфектна основа со *-ше*, сп. *в'ика-ше // в'ика-ше-м, в'ика-ше, вик'а-ше-мо, вик'а-ше-т̄е, в'ика-ше-w, вик'а-ше-w,* како и во кривопаланечките села што се наоѓаат северно од Крива Река, сп. *в'ика-ше, в'ика-ше, в'ика-ше, в'ика-шемо, в'ика-шет̄е, в'ика-шеја* (Ранковце, Петралица). Во говорите каде што се употребуваат наставките *-смо, -ст̄е,* во 1 и 2 л. мн., во 3 л. мн. се оформила наставката *-сва* по аналогија спрема 1 и 2 л.: *в'ика-смо, в'ика-ст̄е, в'ика-сва* (Куманово, Видоески, 1962 : 205).

Комплетните парадигми на имперфектот во северните македонски говори на правецот Скопска Црна Гора – Куманово – Крива Паланка гласат:

5.1.1. во скопскоцрногорскиот говор:

в'ика-ше	*н'осе-ше*	*б'ере-ше*
в'ика-ше	*н'осе-ше*	*б'ере-ше*
в'ика-ше	*н'осе-ше*	*б'ере-ше*
в'ика-шемо	*н'осе-шемо*	*б'ере-шемо*
в'ика-шет̄е	*н'осе-шет̄е*	*б'ере-шет̄е*
в'ика-шеў	*н'осе-шеў*	*б'ере-шеў*

5.1.2. во кумановскиот говор:

в'ика-ше	*н'осе-ше*	*б'ере-ше*
в'ика-ше	*н'осе-ше*	*б'ере-ше*
в'ика-ше	*н'осе-ше*	*б'ере-ше*
в'ика-смо	*н'осе-смо*	*б'ере-смо*
в'ика-сте	*н'осе-сте*	*б'ере-сте*
в'ика-сва	*н'осе-сва*	*б'ере-сва*

5.1.3. во кривопаланечкиот говор:

в'ика-ше	*н'осе-ше*	*б'ере-ше*	
в'ика-ше	*н'осе-ше*	*б'ере-ше*	
в'ика-ше	*н'осе-ше*	*б'ере-ше*	
в'ика-шемо	*н'осе-шемо*	*б'ере-шемо*	
в'ика-шете	*н'осе-шете*	*б'ере-шете*	
в'ика-шеја	*н'осе-шеја*	*б'ере-шеја*	(Ранковце),

односно: *в'ика-ше, в'ика-шеме, в'ика-шете, в'ика-ше(ј)а // в'ика-а* – во источните кривопаланечки села источно од Дубровница и Крклља.

5.2. Во овчеполското и кратовското говорно подрачје јужно од Крива Река во 1 и 2 л. мн. по загубата на *х* во наставките *-хмо, -хте* дошло до удолжување на тематскиот вокал: *в'икахмо, в'икахте* > *в'ика:мо, в'ика:те; н'осехме, н'осехте* > *н'осе:мо, н'осе:те*, па потоа долгите вокали се разбиле на два кратки: *в'ика:мо* > *в'икаамо, н'осе:мо* > *н'осеемо.* На овој начин се избегнала омонимијата со презентот и се оформиле нови имперфектни наставки: 1-3 л. едн. *-ше,* мн. *-амо, -ате,* одн. *-емо, -ете // -амо, -ате* кај глаголите од *е*-основа, сп.:

в'ика-ше	*н'осе-ше*	*б'ере-ше*
в'ика-ше	*н'осе-ше*	*б'ере-ше*
в'ика-ше	*н'осе-ше*	*б'ере-ше*
в'ика-амо	*н'осе-емо // н'осе-амо*	*б'ере-емо // б'ере-амо*
в'ика-ате	*н'осе-ете // н'осе-ате*	*б'ере-ете // б'ере-ате*
в'ика-ва	*н'осе-ва*	*б'ере-ва*

Забелешка: во јужниот дел 1 л. мн. завршува на *-аме* (*в'икааме, н'осееме / н'осеаме*).

5.3. Интересно е да се следат овие процеси посебно на штипско-радовишкиот терен. Во одделни села во 1 л. едн. уште се пази наставката *-х* (понегде и со ослабната артикулација, но сепак со морфолошка функција), додека во 1 и 2 л. мн. *х* се губи, негде само во 1 л. мн., сп.:

д'ава-х	*в'р̥ше-х*	*'оре-х*
д'ава-ше	*в'р̥ше-ше*	*'оре-ше*
д'ава-ше	*в'р̥ше-ше*	*'оре-ше*
д'ава-аме	*в'р̥ше-еме*	*'оре-еме*

д'ава-ат̄е // д'ава-^{x}т̄е	*в'р̥ше-ет̄е // в'рше-^{x}т̄е*	*'оре-ет̄е // 'оре-^{x}т̄е*
д'ава-а	*в'р̥ше-а*	*'оре-а*

(Припечани, Штипско)

или во радовишкиот говор:

н'осе-ех // н'оса-ах	*в'ика-ах*	
н'осе-ше	*в'ика-ше*	
н'осе-ше	*в'ика-ше*	
н'осе-еме // н'оса-аме	*в'ика-аме*	
н'осе-ет̄е // н'оса-ат̄е	*в'ика-ат̄е*	
н'осе-а // н'оса-а	*в'ика-а*	(Радовиш)

(сп. сегашно време: *н'осам, н'осеш, н'осе, н'осеме, н'осет̄е, н'осат̄*).

Очигледна е тенденцијата да се генерализира единствена основа за сите глаголи во имперфектот.

5.4. Во тиквешко-мариовските говори каде што се загубило *х*, омонимијата со презентот ја спасува акцентот, сп.

в'ика-ø // вик'а-ше	*с'еде-ø // сед'е-ше*
вик'а-ше	*сед'е-ше*
вик'а-ше	*сед'е-ше*
вик'а-ме	*сед'е-ме*
вик'а-т̄е	*сед'е-т̄е*
вик'а-а	*сед'е-а*

(Градско – Тиквеш, Витолишта)

(Мариово, сп. през. *в'икам, в'икаш, в'ика, в'икаме, в'икат̄е, в'икат̄; н'осам, н'осиш, н'осе, н'осиме, н'осит̄е, н'осат̄; б'ера(м), б'ериш, б'ере, б'ериме, б'ерит̄е, б'ерат̄*).

5.5. Во источните лерински села на правецот Асаново – Сакулево – Пополжани – Зеленич и на исток до границата со воденскиот говор наставката *-ше* се зацврстила наполно во 1 л. едн., сп.:

вик'аше	*нос'еше*	*бер'еше*	
вик'аше	*нос'еше*	*бер'еше*	
вик'аше	*нос'еше*	*бер'еше*	
вик'аме	*нос'еме*	*бер'еме*	
вик'ат̄е	*нос'ет̄е*	*бер'ет̄е*	
вик'а(ј)а	*нос'е(ј)а*	*бер'е(ј)а*	(Секулево, Зеленич)

секогаш со акцентот на тематскиот вокал (сп. през.: *в'икам, в'икаме, в'икат̄е; н'осам, н'осиме, н'осит̄е; б'ерам, б'ериме, б'ерит̄е*).

5.6. Во кајларскиот говор исто така акцентот во имперфектот паѓа на тематскиот вокал, вклучувајќи го и првото лице еднина:

им'а-ø	*нус'е-ø*	*пи'е-ø*
им'а-ше	*нус'е-ше*	*пи'е-ше*
им'а-ше	*нус'е-ше*	*пи'е-ше*
им'а-ме	*нус'е-ме*	*пи'е-ме*
им'а-те	*нус'е-те*	*пи'е-те*
им'а-ја	*нус'е-(ј)а*	*пи'е-(ј)а*

(Тремно, през.: *'имам, 'имаш, 'имаме, 'имате; н'осам, н'осиш, н'осе, н'осиме, н'осите*).

5.7. На костурското говорно подрачје, каде што *х* исто така се загубило во морфемите за имперфектот, со исклучок на некои јужни периферни села во Костенаријата во 1 л. едн., преструктуирањето на оваа форма одело во правец на нејзиното индивидуализирање по однос на презентот и аористот. Во тие говори во имперфектот се извршиле неколку процеси: во завршокот во 1 л. едн., во наставката за 3 л. мн., во тематскиот вокал на имперфектната основа, во местото на акцентот, во неколку случаи и во другите наставки.

Во 1 л. едн. *х* се јавува уште во неколку села во областа Костенарија: *в'иках* / *в'иких, н'осих* (Сничени, Жужелци, Мангила). Во источниот дел на полскиот костурски говор на правецот Рупишта – Горенци – Куманичево – Загоричани во еднината во сите лица се генерализирала наставката *-ше*, како и во соседните лерински села. Во јужнопреспанските села, гранични со западното наречје, како наставка за 1 л. едн. се зацврстило *-ф* (но не и во множинските форми), сп. *в'икаф, ј'адеф*, но *в'икаме, ј'адеме...* (Лак, Граждано). Во говорот на с. Бапчор, поретко и во Тиолишта како наставка се јавува *-к* (*бек, 'имак, ј'адек* – за тоа спомнавме погоре). На сета друга територија на овој географски регион 1 л. едн. завршува на *-е-ø* (*н'осех > н'осе, б'ерех > б'ере*, по аналогија после *-е* е пренесено и на глаголите од *а*-конјугација: *в'иках > в'ика > в'ике*).

Во 3 л. мн. наставката *-е* (*вика-е, носе-е*) добиена е, како што истакнавме порано, од постарата *-хе* (в.т. **2.3.**). Границата меѓу *-е* и *-а* оди приближно по границата меѓу леринскиот и костурските говори на правецот Мокрени – Бапчор – Статица.

Промените во тематскиот вокал ги засегнуваат, главно, глаголите од *а*-група и имаат тенденција да се постигне единствена основа.

5.8. Така, на костурскиот терен се констатирани следниве парадигми:

5.8.1.	*вик-'а-ше*	*нос-'е-ше*	*печ-'е-ше*
	вик-'а-ше	*нос-'е-ше*	*печ-'е-ше*
	вик-'а-ше	*нос-'е-ше*	*печ-'е-ше*
	вик-'а-ме	*нос-'е-ме*	*печ-'е-ме*
	вик-'а-те	*нос-'е-те*	*печ-'е-те*
	вик-'а-е	*нос-'е-е*	*печ-'е-е*

(во Рупишта, Куманичево, Горенци, през.: *в'икам, в'икаме, в'икате; н'оса, н'осиме, н'осите; с'еча, с'ечиме, с'ечите*).

5.8.2.

в'ик-е-ø	*н'ос-е-ø*	*с'еч-е-ø*
вик-'а-ше	*нос-'е-ше*	*сеч-'е-ше*
вик-'а-ше	*нос-'е-ше*	*сеч-'е-ше*
вик-'а-ме	*нос-'е-ме*	*сеч-'е-ме*
вик-'а-те	*нос-'е-те*	*сеч-'е-те*
вик-'а-(ј)е	*нос-'е-(ј)е*	*сеч-'е-(ј)е*

– во централниот дел на областа со градскиот говор и во областа Корешча (Тиолишта, Жервени, Поздивишта, Кономлади, Брезница, Косинец, Новоселјани, Чука, Крчишта и др., сп. през.: *в'икам, в'икаме, в'икате; н'оса, н'осиме, н'осите; с'еча, с'ечиме, с'ечите, с'ече*).

5.9. Овој модел го познаваат и некои крајни југозападни локални говори со таа разлика што акцентот паѓа на коренската морфема, сп.: *в'ике, в'икаше, в'икаме, в'икате, в'икае; ј'аде, ј'адеше, ј'адеме, ј'адете, ј'адее; п'уле, п'улеше, п'улеме, п'улете, п'улее* (Езерец, Слимница).

5.10. Во северните костенариски села кај глаголите од *а*-група во множинските форми како тематски вокал се јавува *-е-*, секако по аналогија на глаголите од *е*-основа и на тој начин е отклонета омонимијата со презентските форми, сп. *в'ик-е-ø, в'ик-а-ше, в'ик-а-ше, в'ик-е-ме, в'ик-е-те, в'ик-е-е,* како во: *н'ос-е-ø, н'ос-е-ше, н'ос-е-ме, н'ос-е-те, н'ос-е-е* (през., *в'икаме, в'икате, в'ике* – Гратче, Псоре, Марковени).

Во Јановени процесот на генерализирањето на *-е-* како тематски вокал се проширил и на 2-3 л. еднина, така што имперфектната основа кај сите глаголи завршува на *-е-*, сп.:

'им-е-ø	*с'ед-е-ø*	*б'ер-е-ø*
'им-е-ше	*с'ед-е-ше*	*б'ер-е-ше*
'им-е-ше	*с'ед-е-ше*	*б'ер-е-ше*
'им-е-ме	*с'ед-е-ме*	*б'ер-е-ме*
'им-е-те	*с'ед-е-те*	*б'ер-е-те*
'им-е-е	*с'ед-е-е*	*б'ер-е-е*

5.11. Во говорот на нестрамското село Радигоже (Чифлик) среќаваме две иновации во образувањето на имперфектот – во 2-3 л. едн. основата завршува на *-и-*, во мн. на *-е-* и со акцент на пенултима, сп.:

п'ул-е-ø	*с'ед-е-ø*	*м'иј-е-ø*
п'ул-и-ше	*с'ед-и-ше*	*м'иј-ше*
п'ул-и-ше	*с'ед-и-ше*	*м'иј-ше*
пул-'е-ме	*сед-'е-ме*	*миј-'е-ме*
пул-'е-те	*сед-'е-те*	*миј-'е-те*
пул-'е-е	*сед-'е-е*	*миј-'е-е*

(: през.: *п'ул'а, п'улиш, п'ули, п'улиме, п'улите, п'уле; м'ија, м'ијеш, м'ије, м'ијеме, м'ијете, м'ије*).

5.12. Во говорот на јужните костенариски села, каде што редукцијата на неакцентираните /е/ и /о/ е уште активен процес и /х/ се пази во некои позиции, вклучувајќи и во 1 л. едн. на имперфектот, наоѓаме две варијанти на имперфектната парадигма – со генерализиран основен вокал *(-и-)* кај сите глаголи и со извесно ограничување на процесот, сп.:

а)	*в'ик-и-х*	*п'ер-и-х*	*п'и-и-х*
	в'ик-а-ше	*п'ер-и-ше*	*п'и-и-ше // п'и-ј-ше*
	в'ик-а-ше	*п'ер-и-ше*	*п'и-и-ше // п'и-ј-ше*
	в'ик-и-ме	*п'ер-и-ме*	*п'и-и-ме*
	в'ик-и-те	*п'ер-и-те*	*п'и-и-те*
	в'ик-и-е	*п'ер-и-е*	*п'и-и-(ј)е*
б)	*'им-е-ø // 'им-и-х*	*зб'орв-е-ø // зб'орв-и-х*	*п'и-е-ø // п'и-и-х*
	'им-е-ше	*зб'орв-и-ше*	*п'и-е-ше*
	'им-е-ше	*зб'орв-и-ше*	*п'и-е-ше*
	'им-е-ме	*зб'орв-и-ме*	*п'и-е-ме*
	'им-е-те	*зб'орв-и-те*	*п'и-е-те*
	'им-е-е	*зб'орв-и-е*	*п'и-е-(ј)е*

(Мангила, Жужелци, Сничени).

5.13. Значително е посложена парадигмата на имперфектот во говорот на Нестрам. Тука настанале промени и во наставките и во тематскиот вокал. Глаголите од секоја група имаат свој посебен конјугациски модел, сп.:

а)	*в'ик-е-ø*	*в'ик-е-ме*
	в'ик-а-шиш	*в'ик-е-те*
	в'ик-а-ше	*в'ик-е-е*

б)	*н'ос-е-ø*	*п'иш-е-ø*	*к'упв-е-ø*
	н'ос-и-шиш	*п'иш-и-шиш*	*к'упв-и-шиш*
	н'ос-и-ше	*п'иш-и-ше*	*к'упв-и-ше*
	н'ос-е-ме	*п'иш-е-ме*	*к'упв-е-ме*
	н'ос-е-те	*п'иш-е-те*	*к'упв-е-те*
	н'ос-е-е	*п'иш-е-е*	*к'упв-е-е*

в)	*тк'а-е-ø*	*п'е-е-ø*	*п'и-е-ø*	*бр'о-е-ø*
	тк'а-е-шиш	*п'е-е-шиш*	*п'и-е-шиш*	*бр'о-е-шиш*
	тк'а-е-ше	*п'е-е-ше*	*п'и-е-ше*	*бр'о-е-ше*
	тк'а-е-шеме	*п'е-е-шеме*	*п'и-е-шеме*	*бр'о-е-шеме*
	тк'а-е-шете	*п'е-е-шете*	*п'и-е-шете*	*бр'о-е-шете*
	тк'а-е-(ј)е	*п'е-е-(ј)е*	*п'и-е-(ј)е*	*бр'о-е-(ј)е*

(: през.: *в'икум, в'икаш, в'ика, в'иками – в'икуме, в'икате, в'ике; п'ија, п'иеш, п'ие, п'иеме, п'иете, п'ие; бр'ојa, бр'оеш, бр'ое, бр'оеме, бр'оете, бр'ое; н'оса, н'осиш, н'оси, н'осиме, н'осите, н'осе; б'ера, б'ериш, б'ери, б'ериме, б'ерите, б'ере*, Видоески, 1989 : 64). Омонимијата кај поодделни лица меѓу имперфектот и презентот била основен фактор за преструктуирањето на имперфектната парадигма, сп. 2-3 л. мн. кај глаголите што им завршува коренската морфема на вокал, през: *тк'аеме, тк'аете; п'ееме, п'еете; п'иеме, п'иете; бр'оеме, бр'оете* : импф.: *тк'ае-ше-ме, тк'ае-ше-те, п'ее-ше-ме, п'ие-ше-ме, бр'ое-ше-ме,* итн. Влијанието на презентот јасно се покажува и врз наставката *-шш* (*-ше* + *-ш*) во 2 л. еднина.

5.14. Показателни за еволуцијата на парадигмата на имперфектот можат да бидат и формите на имперфектот во долнопреспанските села кои граничат со западното наречје. Во 1 л. едн. како наставка се генерализирала фонемата *-ф,* секако со наслон на горнопреспанскиот говор, каде што *х* > *ф* во финална позиција, а во некои села има наставка *-к* (за тоа стана збор порано, в.т. **4**), сп.:

в'ика-ф	*в'ика-ме*	*ј'аде-ф*	*ј'аде-ме*
в'ика-ше	*в'ика-те*	*ј'аде-ше*	*ј'аде-те*
в'ика-ше	*в'ика-а*	*ј'аде-ше*	*ј'аде-а*

покрај: *в'ик-е-ø, в'икаша..., ј'ад-е-ø, ј'адеше...* (Граждено).

Забелешка: Основните типови на парадигми се претставени графички на картата бр. 1.

6. Врз основа на претходното излагање во можност сме да ја покажеме и географската дистрибуција на одделните наставки.

6.1. Во 1 л. едн. наставката *-х,* наследена од старомакедонскиот, се задржала во источниот дел од македонската јазична територија; нејзината западна граница оди приближно по правецот Кочани (малку нешто позападно) – Штип – Радовиш – Гевгелија – Воден. Освен тоа таа се чува во костенарискиот говор во Костурско, сп. *се кр'ших, раб'отих, бех* (Мангила), *г'отвих, ј'адих, п'ерих, м'етих* (Жужелци), *в'иких, п'ших* (Сничени), потоа во говорот на с. Смилево (Битолско) и во говорот на Македонците муслимани во тетовските села Урвич и Јеловјане, како и во соседниот горански говор. На другата територија фонемата */х/* во финална позиција се изменила фонетски во */в/*, одн. */ф/*, во */ј/* и во */к/* во неколку пунктови, или наполно се загубила. По таков начин во 1 л. едн. на имперфектот се оформиле нови наставки: *-в/-ф, -ј, -к,* одн. *-ø* таму каде што се загубило *х.*

Наставките *-в* и *-ф* ограничени се на западните говори. Нивната источната граница оди од пограничјето со српската јазична територија на полошкиот дел, поминува нешто малку посеверно од Скопје во правецот на селата Бардовци – Миладиновци – Катланово, од каде што свртува на југ, ја сече реката Вардар југоисточно од Велес и преку областа Клепа излегува на Плетварскиот превој (североисточно од Прилеп); од Плетвар продолжува по пл. Селечка сѐ до реката Црна источно од Битола, поминува јужно од Битола во правецот на с. Буково и преку планината Баба се спушта на северниот брег на малото Преспанско Езеро. Западната и северозападната граница се поклопува со јазичната граница спрема Албанија.

Наставката *-к* ограничена е на неколку пунктови во областа Меглен (во селата Тресино, Г. Родево, Сараќиново, Цакони), во говорот на костурското село

Бапчор, сп. *н'осек, в'ик'ек,* покрај *н'осе, в'ик'е,* и во неколку долнопреспански села (Граждано, Орово) напоредно со наставката *-ф.*

Наставката *-ј* се среќава во неколку периферни пунктови во Јужна Македонија – во Корчанско, сп. *н'осеј, б'ареј* (Бобоштица), и во Мегленско, сп. *в'икај, н'осиј* (Г. Пожарско, Црнешево).

Во средишните македонски говори на правецот Нестрам – Костур – Лерин – Мариово – Кавадарци – Свети Николе – Куманово – Кратово – Крива Паланка /*х*/ се загубило во сите позиции, следствено и како наставка за 1 л. едн. на имперфектот.

На поширок ареал на костурското говорно подрачје 1 л. едн. завршува на тематскиот вокал, сп. *н'осе-ø, п̄'ече-ø, с'еде-ø*, а според нив и *в'ике-ø, к'оп̄е-ø, 'име-ø* (: 2-3 л. *н'осеше, п̄'ечеше, с'едеше* : *в'икаше, к'оп̄аше, 'имаше* и/или *в'икеше, 'имеше*). Така е во говорот на нестрамските села, во говорот на Корешчата на север до линијата Врмник – Желево, и во говорот на Пополе на исток приближно до селата Горенци и Котори.

Кајларскиот говор го задржал тематскиот вокал и кај глаголите од *а*-група, сп. *вик'а-ø, им'а-ø* (: *им'аше*) и *нус'е – нус'еше, сед'е – сед'еше* (Ранци).

Така е и во мариовскиот и тиквешките говори. Меѓутоа, во тие говори и во леринскиот има тенденција да се генерализира наставката *-ше* од 2-3 л. и во 1 л., така што *-ше* станала општа наставка во еднината на имперфектот, сп. (*јас, т̄и, т̄ој / он*) *вик'аше, нос'еше, сед'еше.* Овој процес значително напреднал во леринските села на правецот Куманичево (источно од Костур) – Пателе – Чеган, во североисточните на правецот Свети Николе – Куманово – Кратово – Крива Паланка, како и во скопскоцрногорскиот наставката *-ше* се генерализирала наполно, сп. *к'оп̄аше, с'ечеше* (Судиќ – Свети Николе), *в'икаше, н'осеше, б'ереше* (Злетово, Кратово), *'имаше, бр'оеше* (Куманово, Крива Паланка), *сак'аше, јад'еше* (Градско – Тиквеш), *мол'еше, сп̄и'еше* (Градешница – Мариово), *вик'аше, мел'еше, чин'еше* (Чеган, Сакулево, Зеленич – Леринско).

Во скопскоцрногорскиот говор кај постарото поколение можат да се сретнат и форми на *-шем* (*в'икашем, п̄'ечешем*), во кои на завршетокот *-ше* се придодала наставката од 1 л. на презентот, и така 1 л. на имперфектот пак се диференцирало од 2-3 лице (в. карта бр. 2).

6.2. Во врска со наставките за 2 и 3 л. едн. покрај редукцијата на крајното *-е* во некои јужни говори, сп. *'идиши, п̄л'ет̄иши* (Кулакија), *в'икаша̣* (Корнишор), *н'осиша̣* (Гуменџа – Воденско), *г̄л'еда̣ши* (Негован – Лагадинско), *п̄уч'иваши* (Сухо), *ј'адẹшẹ* (Секавец – Серско), *'има̣ша̣* (Старчиште – Драмско), треба да се истакне наставката *-шиши* во нестрамскиот говор, која претставува комбинација на *-ше* и *-ш* од презентот, сп. *в'икашиш, п̄'еешиш, н'осишиш.*

6.3. Во 1 л. мн. на македонскиот терен се разграничуваат наставките *-мо* и *-ме.* Првата *(-мо)* доминира во северните говори на целиот појас од Шар Планина па до македонско-бугарската јазична граница североисточно од Крива Паланка. Јужната изоглоса на оваа наставка оди по правецот Крива Паланка – Кнежево – Јамиште – Стрмош (во Кратовско) – Судиќ – Врсаково – Богословец (во Овчеполието) – Дивље – Миладиновци – Кучково (во Скопската котлина) – Челопек – Седларце (јужно од Тетово). Јужно од споменатава граница 1 л. мн. завршува на *-ме.*

Во рамките на ареалот со завршетокот *-мо* комплетните наставки се јавуваат во фонетските состави: *-смо* (*в'икасмо, н'осесмо*), *-мо* (*в'ика:мо, н'осе:мо*), *-амо* / *-емо* (*в'икаамо, н'осеемо*), *-амо* (*в'икаамо, н'осеамо*), *-шемо* (*в'икашемо, н'осешемо*), *-вмо* (*в'икавмо, н'осевмо*). Географски тие се распределени на следниов начин:

Наставката *-смо* (*с* е пренесено од аористот) се јавува наспоредно со *-мо* на потесното кумановско подрачје и во поткозјачките села на југ до Крива Река и на исток до Псача и Длабочица во областа Славиште.

Јужно од Крива Река превладува наставката *-мо* наспоредно со *-амо* / *-емо.* Процесот на оформувањето на вторава наставка одел по овој пат: *в'икахмо* > *в'ика:мо* (со должина на тематскиот вокал како компензација за *х*) > *в'икаамо,* одн. *н'осехмо* > *н'осе:мо* > *н'осеемо,* а во некои локални говори и *н'осеамо* (со генерализирање на *-амо* како општа наставка кај сите глаголи).

Наставката *-шемо*, која е добиена со комбинација на *-ше* и *-мо,* превладува во Славиште и во поткозјачките села до линијата Дренак – Страцин – Тополовиќ.

Наставката *-вмо* (*в'икавмо*) ограничена е на тетовското говорно подрачје и ја континуира наставката *-вме* која превладува јужно од Челопек.

Во другите македонски дијалекти што се наоѓаат јужно од линијата Тетово – Скопје – Штип – Кочани наставката за 1 л. мн. се јавува во аломорфите: *-хме* (*б'ехме, 'одехме, 'имахме*), *-вме* (*б'евме, с'акавме*), *-фме* (*б'ефме*), *-вне* и *-фне* (*б'ефме, б'ефне*), *-јме* / *-јне* (*в'икајме – в'икајне*), *-кме* / *-кне* (*б'екме, 'имакме* и *'имакне*), *-ме* (со удолжување на тематскиот вокал, сп. *бе:ме, 'има:ме*), *-аме* / *-еме* (*в'икааме, н'осееме*) или само *-аме* (*в'икааме, н'осеаме*), *-шеме* (*'имашеме, н'осешеме*).

Најголем ареал зафаќаат наставките *-хме* и *-вме (-вне)* // *-фме (-фне).* Првата *(-хме)* е сочувана во југоисточните дијалекти; нејзината западна изоглоса допира приближно до линијата Кочани – Радовиш – Гевгелија – Воден. Освен тоа таа се среќава уште во неколку оази во Западна Македонија – во мијачкото село Смилево во Битолско (*б'ехме, 'имахме*), во говорот на муслиманите во тетовските села Урвич и Јеловјане, како и во говорот на Гора. Во некои горански села се забележани и имперфектните форми со наставката *-шохме* (*вик'ашохме, нос'ешохме*), која претставува комбинација на наставките *-ше* за 2-3 л. едн. и аористната *-ох* + *-хме.*

Наставката *-вме,* со аломорфите *-фме* и *-вне, -фне,* ограничена е на западното македонско наречје. Нејзината изоглоса се поклопува со изоглосата на наставката *-в (-ф)* во 1 л. едн. со мали корекции на битолското и преспанското говорно подрачје. На тој дел таа оди нешто посеверно – на правецот на селата Добромир – Буково (во Битолско) – Герман – Ласка (на преспанскиот дел).

Во говорот на југозападните преспански села на правецот Арвати – Штрбово – Љубојно – Герман и во дебарското село Џепиште како наставка се употребува *-меф* (< *-вме* со метатеза), сп. *б'еремеф, 'орамеф, н'осемеф.*

Во бројни западни говори покрај наставката *-вме* се среќава и *-вне,* каде што е *н* внесено аналошки од личната заменка *ние* (*ние бевме* > *ние бевне,* исто во *-фме* > *-фне: бефме* > *бефне*; така и во *сме* > *сне*). Ова се потврдува и со фактот што во говорите каде што се употребува заменката *мие (мије)* – на правецот Струга – Дебар – Гостивар – Тетово – Скопје се употребуваат само формите со *-вме* и/или *-фме*. Наставките *-вне* / *-фне* се употребуваат, главно, во централните говори (кичевскиот, поречкиот, прилепскиот, битолскиот, на велешката територија во обласста Азот) и во Преспанско, сп. *ч'екафме* (Клење) : *ч'екафне* (Луково) во Дримкол, *б'ег̄авне* – во прилепскиот, *в'икафне* – во кичевскиот и поречкиот, *в'идовне* – во велешкиот говор западно од Нежилово – Мартолци – Смиловци (Reiter, 1964 : 289), *'имафне* Љубаништа (Охридско).

Аломорфите *-вме* / *-вне* и *-фме* / *-фне* територијално не се многу издиференцирани. Се забележува дека вториве се пофреквентни во централните говори и во Охридско.

Наставките *-јме* / *-јне* и *-кме* / *-кне,* кои се добиени со фонетска измена на *х* > *ј, к,* се ограничени на веќе споменатите пунктови: *-јме* во корчанскиот (*им'ајме, нос*^{ј}*ӓјме*), во неколку мегленски села (сп. *в'икијме, н'осијме* во Струпино, *в'икајне, н'осијне* во Г. Пожарско, Црнешево, Корнишор) и во разлошко-банскиот говор во Пиринска Македонија (*г̄ледајме, носејме*); *-кме* / *-кне* се констатирани во мегленските села Тресино, Г. Родево, Цакони, Луковец, сп. *к'оп̄акме, н'осикме* / *н'осикне.*

Во говорите каде што се загубила фонемата /*х*/ како наставка функционира *-ме* со удолжување на тематскиот вокал (*в'ика:ме, н'осе:ме*), и/или со проширување *-аме, -еме*, по расчленувањето на долгите вокали. Вториве варијанти преовладуваат во говорите во Штипско, Кочанско и Радовишко, и во некои пунктови во Пијанец (*г̄л'едааме, с'едееме, н'осееме*), а наставката *-ме* (со удолжен претходниот вокал) во тиквешко-мариовските и костурско-леринските говори. На битолското подрачје форми со наставката *-ме* се јавуваат сè до Тополчани, Кукуречани и Буково, негде напоредно со формите со наставките *-вме, -вне* или *-фме, -фне* (Видоески, 1985 : 32; в. карта бр. 3).

6.4. Географската дистрибуција на наставките за 2 л. мн. се поклопува со дистрибуцијата на наставките за 1 л. мн.

6.5. Разновидностите на наставката за 3 л. мн. на имперфектот произлегуваат од процесите сврзани со континуацијата на носовката **ǫ* и на губењето на *х*. На најшироко пространство старата наставка -χѫ се изменила во *-ха*.

Во овој фонетски облик таа се задржала во југоисточните говори (гоцеделчевскиот, серско-драмските и лагадинските) на запад до линијата Гоце Делчев – Саловиште – Солун, освен тоа и во градскиот дојрански говор, сп. *б'еха, 'имаха, с'едеха,* или *б'еха̣, 'има̣ха̣* – со редуцирано [*а̣*] во говорите со силна редукција (во сушковисочкиот и драмските; Видоески, 1991 : 69).

Западно од споменатата линија поради загубата на /*х*/ во интервокална позиција како наставка останал само вокалот *-а*, сп. *г̄л'едаа, н'осеа, раб'от̄еа.*

Во некои локални говори во Полог, Пелагонија, Охридско, Преспанско и Леринско за да се избегне омонимијата со 3 л. мн. на презентот се јавиле хијатски гласови /*ј, в*/ кои влегле во состав на наставката, сп. *б'еа* > *б'еја, н'осеа* > *н'осеја,* после и *в'икаја, 'имаја, 'ораја, бр'ојаја, п̄'ијаја* (Преспа), *им'аја, п̄и'еја* (Кајларско), *в'икија̣, н'осија̣* (Струпино – Мегленско), *в'икаја* (Охрид), *коп̄'аја* (Мариово), *'имаја, в'икаја* (Тетово).

По нефонетски пат е образувана и наставката *-хја* во говорот на разлошкото село Елешница, сп. *г̄л'едахја* (: *г̄л'едахме, г̄л'едахт̄е*).

Во северните говори на правецот Скопје – Куманово – Крива Паланка, каде што во интервокална позиција *х* се изменило во *в* (сп. *сн'ава, ч'ова, м'ува* и др.) се оформила по фонетски пат наставката *-ва*, сп. *'имава, б'ева, с'едева, раб'от̄ева.*

Во кумановскиот говор паралелно со наставката *-ва* се употребува и *-сва*, каде што е *с* добиено по аналогија од 1 и 2 л. мн., сп. *в'икасва, б'есва, с'едесва* (: *с'едесмо, с'едест̄е*).

Во северните кумановски села што непосредно граничат со српските јужноморавски говори се среќаваат имперфектни форми со наставката *-ву*, сп. *раб'от̄еву, в'икаву, б'еву*. Во тие говори носовката **ǫ* во сите позиции е заменета со /*у*/.

Во скопскоцрногорскиот говор во 3 л. мн. на имперфектот се извршил посложен процес: **хǫ > -ху > -у- // -ў* (билабијално во позиција зад вокал), сп. **imaxǫ > имаху > имау*, и за да се одбегне омонимијата со презентската форма *(имаў)* имперфектната основа се проширила со наставката *-ше* : *вика-ше-ў, коп̄ашеў, носешеў* (Кучевиште).

Истиот процес се извршил и во северните кривопаланечки села, но таму **ǫ* се рефлектирало во /*а*/, сп. *в'икашеа, н'осешеа* (: *в'икашемо, в'икашет̄е*).

Во говорот на Гора покрај наставката *а* (*'имаа, с'едеа*) се среќаваат и форми во 3 л. мн. со проширената наставка *-шуа* добиена од *-шоа* (со редукција на *о > у*), настаната како резултат на комбинација со аористната *-оа* : *вик'ашоа > вик'ашуа.*

Во малешевско-пијанечките говори (беровскиот, делчевскиот, благоевградскиот, разлошкиот) во 3 л. мн. се генерализирала проширената наставка *-аше* (< *-а* + *-ше*) за да се отклони омонимијата со 3 л. мн. на презентот, каде што крајното *-т̄* се загубило кај глаголите од *а*-група, сп. *в'ика-аше, н'осе-аше, ј'аде-аше* (: през. *в'икаа*).

Во западните периферни говори на правецот Галичник – Дебар – Голо Брдо – Дримкол – Струга, во корчанскиот и во костурските говори на исток до границата со леринскиот говор како наставка за 3 л. мн. на имперфектот се јавува *-е*, во некои локални говори и со хијатско *ј* – *-је* : *'имае – 'имаје, б'ее – б'еје* – во дебарските говори, *в'ика(ј)е, с'еде(ј)е* – во костурскиот корешчански говор, *'имее, зб'орвие, п̄'ие(ј)е* – во говорот на Костенаријата и во Нестрам. Наставката *-е*, како што веќе спомнавме погоре, претставува континуант на старото **-ę* (в.т. **5.7.**; в. карта бр. 4).

Загубата на /*х*/ во наставките, како што покажува претходното излагање, предизвикала значителни промени во структурата на имперфектните форми. Во некои дијалекти по загубата на /*х*/ дошло до звуково совпаѓање на одделни форми на имперфектот со соодветните презентски форми, што предизвикало нови процеси за да се избегне омонимијата. Има говори каде што се јавиле промени во наставките – се формирале нови структури на наставките во поодделни лица по фонетски пат или по аналогија. Во други микросистеми се извршиле промени во тематскиот вокал. Вториов начин е особено изразен во југозападните периферни говори на релацијата Воден – Лерин – Костур – Нестрам.

Во говорот на мегленското село Тушин, каде што е силно изразена редукцијата, токму таа е искористена за диференцирање. Во 1 и 2 л. мн. на имперфектот кај глаголите од *а*-група тематскиот вокал *-а-*, бидејќи е во неакцентирана позиција, се редуцирал наполно, додека во соодветните презентски форми тој се задржал, сп. през.: *в'ик-а-ме, в'ик-а-т̄е* : импф.: *в'ик-мạ, в'ик-т̄ạ,* потоа тематскиот вокал се редуцирал и во еднинските форми *(в'ик-ше),* сп. целата парадигма, импф.: *(јас) в'икше, (т̄и) в'икше, (он) в'икше,* мн. *в'икмạ, в'икт̄ạ, в'икạạ* : през. *в'икạм, в'икạш, в'икạ, в'икạме, в'икạт̄е, в'икạт̄.* Овој модел после се пренесол и на глаголите од другите групи, сп. *б'ерше, б'ермạ, берт̄ạ, б'ерạạ* : *б'ера, б'ериш, б'ере, б'ериме, б'ерит̄е, б'ерạт̄.*

Во костурскиот говор кај глаголите од *а*-група е искористен моделот од глаголите од *и*-група; по моделот: *н'осе, н'осеше, н'осеме, н'осет̄е, н'осее* (: през. *н'оса, н'осиш, н'оси, н'осиме, н'осит̄е, н'осе*), се повела и парадигмата на глаголите од *а*-група: *'име, 'имаше, 'имаше, 'имеме, 'имет̄е, 'имее* (: през. мн. *'имаме, 'имат̄е, 'име*) (Гратче, Марковени, Слимница).

Во говорот на областа Костенарија како тематски вокал во сите лица и кај сите глаголски групи се генерализирал *-е-*, сп. *н'ос-е-∅, н'ос-е-ше, н'ос-е-ме, н'ос-е-т̄е, н'ос-е-е; в'ик-е-∅, в'ик-е-ше, в'ик-е-ше, в'ик-е-ме, в'ик-е-т̄е, в'ик-е-е.*

Во нестрамскиот говор аналогијата дејствувала во два правци: во множината се генерализирал тематскиот вокал *-е-*, а во 2 л. едн. по аналогија на 2 л. едн. на презентот старата имперфектна наставка *-ше* се проширила со *-ш (-шиш),* сп.: *в'ик-е-∅, в'ик-а-шиш, в'ик-а-ше, в'ик-е-ме, в'ик-е-т̄е, в'ик-е-е.*

Во некои јужни костурски села, каде што се пази уште *-х* во 1 л. едн., како тематски вокал во множината кај глаголите од *а*-група се јавува *-и-* (можеби добиено со редукција од *е*!), сп.: *в'ик-и-х, в'ик-а-ше, в'ик-а-ше, в'ик-и-ме, в'ик-и-т̄е, в'ик-и-е* (Мангила).

Во источните костурски села, пак, стариот тематски вокал останал неизменет, а морфолошката диференцијација ја регулира акцентот, сп. импф.: *им'аше* (1-3), *им'аме, им'ат̄е, им'ае* : през.: *'имам, 'имаш, 'има, 'имаме, 'имат̄е, 'име* (Горенци, Рупишта).

Приведениве случаи се доволни да се покаже во која мера може да влијае фонетскиот фактор врз структурата на одделни граматички форми.

1991


Југославија
Бугарија
Албанија
Грција
5.1.1.
Куманово
Кратово
Крива Паланка
Скопје
Тетово
Гостивар
Кичево
Брод
Дебар
Велес
Св. Николе
Кочани
Делчево
Штип
Радовиш
Прилеп
Неготино
Кавадарци
Струмица
Берово
Благоевград (Г.Џумаја)
Разлог
Банско
Гоце Делчев (Неврокоп)
Санданско (Св.Врач)
Петрич
Струга
Охрид
Ресен
Битола
Гевгелија
Дојран
Кукуш
Гуменџе
Воден
Енице-Вардар
Негуш
Бер
Лерин
Костур
Корча
Валовиште
Серез
Драма
Лагадина
Солун
3.
4.
3.1.
1.
1.1.
2.
2.3.
3.
3.1.
4.
5.1.1.
5.1.2
5.1.3.
5.2.
5.3.
5.4.
5.5.
5.6.
5.8.1.
5.8.2. - 14.

Карта 1



1. л. едн. имперфект

Карта 2



1. л. мн. имперфект

Карта 3



3. л. мн. имперфект

Карта 4

2.8. МОДЕЛИ НА ИМПЕРФЕКТИВНИ ГЛАГОЛИ

Во старомакедонскиот јазик меѓу позабележителни модели на имперфективни глаголи (образувани од перфективни) спаѓаат следниве:

1. кȣп-ова-ти (-ȣк-тъ) (: кȣпи-ти, -питъ),
2. ȣмы-ва-ти (-ва-кт) (: ȣмы-ти, -кт),
   ȣспѣ-ва-ти (-ва-ктъ) (: ȣспѣ -ти, -ѣктъ)
   позна-ва-ти (-ва-ктъ) (: позна-ти, -ктъ)
3. плащ-а-ти (-ща-ктъ) (: плати-ти, -итъ),
   (из)мѣн̑-а-ти (-актъ) (: из-мѣни-тъ)
   пȣщ-а-ти (-актъ) (: пȣсти-ти, -ститъ),
   крьщ-а-ти (-актъ) (: крьсти-ти, -ститъ),
   рашир̑-а-ти (-актъ) (: рашири-ти, -ритъ),
   оставл̑-а-ти (-актъ) (: остави-ти, -витъ),
4. пращ-а-ти (-актъ) (: прости-ти, -ститъ),
   исхажд-а-ти (-актъ) (: исходи-ти, -дитъ),
   ражд-а-ти (-актъ) (: роди-ти, -дитъ),
   затвар̑-а-ти (-актъ) (: затвори-ти, -ритъ),
   поклан̑-а-ти (-актъ) (: поклони-ти, -нитъ),
5. изб-и-ра-ти (-актъ) (: изб-ь-ра-ти, -беретъ),
   ȣм-и-ра-ти (-актъ) (: ȣмрѣ-ти, -мьрѣти, -мьретъ),
   погр-и-ба-ти / погр-ѣ-ба-ти (-актъ) (: погре-ти, -бетъ),
   нар-и-ца-ти (-актъ) (: нарешти, -речетъ),
   зап-и-на-ти (-актъ) (: запѧ-ти, -пьнетъ),
6. обѣща-ва-ти (-вактъ) (: обѣща-ти, -актъ),
7. пада-ти (-актъ) (: пас-ти, падетъ)
   двиза-ти (-жетъ, -зактъ) (: двигнѫ-ти, -нетъ)
   скака-ти (-четЪ) (: скочи-ти, -читъ),
   излази-ти (-зитъ) (: излѣс-ти, -лезетъ), и др.

Видската диференцијација морфолошки е изразена со формантите:

-ova-: кȣповати, хȣловати, миновати, показовати,
-va-: ȣбивати, ȣмывати, поливати; ȣспѣвати, придавати, познавати,
-(j)a-: со алтернација на тематскиот консонант: обращати, плащати, оцѣждати, плѣн̑ати, мѣн̑ати, озар̑ати, оставл̑ати, ослабл̑ати, насил̑ати,

-(j)a-: со алтернации на коренскиот вокал и на тематскиот консонант: **поклан҄ати, изган҄ати, ȣмар҄ати, затвар҄ати, разар҄ати, ȣгаждати, прихаждати, раждати, досаждати, пращати, изъвращати,**

-ø-: и алтернации на коренскиот вокал, кај некои глаголи и со алтернација на тематскиот консонант.

Од вокалите во коренските морфеми алтернираат:

/o/ – /a/: **родити – раждати, поклонити – поклан҄ати, затворити – затвар҄ати, простити – пращати, скочити – скакати,**
/e/ – /i/: **погрети – погрибати, нарешти – нарицати,**
/ě/ – /i/: **ȣмрѣти – ȣмирати,**
/ь/ – /i/: **избьрати – избирати,**
/ę/ – /i/: **запѧти – запинати,**
/ě/ – /a/: **излѣсти – излазити.**

Овие глаголски модели најдобро се запазени во северните македонски дијалекти на правецот Кратово – Куманово – Скопска Црна Гора, сп.:

1. *куп'у(ј)е, каж'у(ј)е* (: *купи, кажи*),
2. *ум'ива се, доб'ива, засп'ива* (: *ум'ие, доб'ие*),
   усп'ева (: *усп'ее*),
   позн'ава (: *позн'ае*),
   об'ува, соб'ува (: *об'уе*);
3. *пл'аќа, ф'аќа, вр'аќа, с'еќа, свр'аќа, тр'уќа, запр'еќа* (: *плати, ф'ати, с'ети, тр'ути, запр'ети*), *в'иѓа* (: *в'иди*), *разб'уѓа* (*разб'уди*),
   м'ења, пром'ења, см'ења (: *м'ени, пром'ени*), аналошки и *спом'ења* (: *спом'ене*),
   п'ушта (: *п'ушти*), *в'р̥ља* (: *в'р̥ли*), *нар'уча* (: *нар'учи*),
   т'ура (: *т'ури*), *уд'ара* (: *уд'ари*), *тов'ара* (: *тов'ари*),
   ост'авља (: *ост'ави*), *ј'авља, спр'авља, попр'авља, претст'авља, распр'а(в)ља;* по овој модел се повеле и: *оѕ'оља* покрај *оѕ'аља* (: *одз'ови*), и со проширена основа: *одр̥ж'авља / одр̥жевља, сниж'евља* (: *одр̥'жи, сн'ижи*);
4. *покл'ања* (: *покл'они*), *закл'ања*,
   затв'ара (: *затв'ори*), *отв'ара, об'ира, повт'ара, раств'ара*,
   р'аѓа (: *р'оди*), *пог'аѓа, до(в)'аѓа, пре(в)'аѓа, на(в)'аѓа, по(в)'аѓа*, покрај *на(в)'оѓа, пре(в)'оѓа*,
   опр'ашта (: *опр'ости*);
5. *изб'ира* (: *изб'ере*), *наб'ира* (: *наб'ере*), *разб'ира, сăб'ира, исп'ира* (: *исп'ере*),
   ум'ира (:*'умре*), *потп'ира* (*п'отпре*), *прост'ира*,
   погр'иба (*погр'ебе*), *огр'иба*,
   нар'ица / нар'ича (: *нар'ече*), *одр'ица / одр'ича, зар'ича*,
   прос'ича (: *прос'ече*), *потц'ича, ис'ича, дот'ича, прет'ича*,
   зап'ича (: *зап'ече*), *завл'ича* (: *завл'ече*),
   истр'иса (: *истр'есе*), *претр'иса / претр'иша*,

запл'ита / *запл'иќа* (: *запл'ете*), *напл'ита* / *напл'иќа*, *распл'ит/ќа*, *прем'ит/ќа* (: *прем'ете*), *смит/ќа* (*смете*),
прол'ит/ќа (*прол'ета*), *запл'ит/ќа* (*зал'ета*), *дол'ит/ќа*, *одл'ит/ќа*,
ос'иќа (: *ос'ети*), *потс'иќа*,
запр'ида / *запр'иѓа* (: *запр'еде*), *прегл'ид/ѓа*, *погл'ид/ѓа*,
нар'иѓа (: *нар'еди*), *одр'иѓа*, *ур'иѓа*,
нач'иња (: *н'ачне*), *зап'иња*, *поч'иња*, *прот'иња*, *сӑп'иња*, *сед'иња* (: *с'едне*), *срет'иња* (: *ср'етне*), *тек'иња*, *преп'иња*, *спом'иња*, *лег'иња*, *оп'иња* (: *'опне*), *замр̥з'иња* (: *зам'р̥зне*), *спад'иња* (: *сп'адне*), *смет'иња*, *сӑм'иња*, *срет'иња* и др.

Забелешка: 1. Промената на /*н*/ во /*њ*/ е аналошка, сп. и: *осиќа – осети*, *нариѓа – нареди*, *претриса – претриша;* 2. по овој модел се повеле сите глаголи со суф. *-н-* во свршената форма – а потоа можел да се пренесува и на други глаголи, сп. *замес'иња* (: *замеси*), *пострад'иња* (: *пострада*) и др.

6. *д'иза* (: *д'игне*), *ст'иза* (*ст'игне*), *ист'еза*, *испр'еза*,
   н'ица (: *н'икне*), *п'уца* (: *п'укне*), *см'ӑца* (*см'ӑкне*), *изм'ӑца* (*изм'ӑкне*),
   ск'ака (: *ск'очи*), *иск'ача*, *преск'ача*,
   п'аѓа (: *п'адне*);
7. *реш'ава* (: *р'еши*),
   кр̥шт'ава (: *к'р̥сти*), *прошт'ава* / *прошќ'ава*, *измешк'ава* (*изм'ести*), *упропашќ'ава*, покрај: *прошќ'ева*, *кр̥шт'ева*,
   обеќ'ава (: *об'ети*), *сеќ'ава*,
   покор'ава (: *пок'ори*), *прекор'ава*,
   смењ'ава (: *см'ени*), *скамењ'ава*, *промењ'ава*,
   насиљ'ава (: *нас'или*), *дозвољ'ава*, *намаљ'ава* (: *нам'али*), *подељ'ава* (: *под'ели*).

(Сите примери се од кумановскиот говор, сп. Видоески, 1962 : 189-190).

Колку што се оди понајуг се забележува тенденција за интеграција на некои модели.

Како најустојчив се покажува моделот под т. 2) – со суф. *-в-*, одн. *-ва-* (заедно со тематскиот вокал) кај глаголите што им завршува презентската основа на вокал (во перфективна форма): *доби-е* : *доби-ва*, *успе-е* : *успе-ва*, *позна-е* : *позна-ва*, *обу-е* : *обу-ва*. Овој модел е најстабилен во македонската дијалектна реч на сета јазична територија.

Во говорите каде што се загубило интервокалното /*в*/, се јавило хијатското /*ј*/, сп. *доби-е* : *доби-ја*, *обу-е* : *обу-ја*, но: *позна-е* : *позна-а* (на една континуирана територија во полошките и кичевско-поречките говори).

Во кукушко-дојранското говорно подрачје во 3 л. едн. през. се генерализирала наставката *-е* кај сите глаголски основи, сп.: *покр'и-е* : *покр'и-в-е*, *исп'иве*, *изм'иве*, *дузн'ае* : *дузн'аве*, *уб'уе* : *уб'уве*, *угладн'ее* : *угладн'еве* (с. Крецово, Кукушко). Во некои локални говори во Кукушко суф. *-в-* се проширил во *-ав-* кај глаголите од типот *дуб'ие* : *дуб'и-ав-е*, *изв'ие* : *изв'и-ав-е* (Пеев, 1987 : 236).

Во струшкиот и охридскиот говор наоѓаме вакви образувања: *добивјат* (: *добијет*) (Вевчани, Струшко), *повивјат* (Охрид), а во говорот на воденското село Чеган забележани се имперфективни форми со суф. *-јв-* : *дуб'ијва, закр'ијва, зав'ијва, нав'ијва, уб'ијва, разб'ијва*, или *разл'ејва* (: *разл'ее*). Во овие случаи елементот *-ј-*, веројатно, е преземен од свршениот глагол (*закриј-е* : *закриј-в-а, разлеј-е* : *разлеј-в-а*).

Пословени се промените што настанале во дијалектната реч кај глаголите што им завршува оптиот дел на консонант (во свршената форма).

Стариот суфикс *-ова-* (*куп-ова-*, т. 1.) во дијалектите денеска се јавува и во разновидностите: *-ов(-е), -ув(-а, -е), у(-е, -је), -в(-а, -е, -и).*

Суф. *-ова-,* како што спомнавме погоре, го континуира стариот фонетски облик и се јавува во крајните југоисточни периферни говори на правецот Гоце Делчев (Неврокоп) – Драма – Зилјахово – Сухо – Висока (Солунско). Во тие говори тој станал многу продуктивен и се раширил за сметка на другите суфикси, сп.: *куп'ова, показ'ова, мин'ова, в'ид'ова* (Гоце Делчев, сп. Мирчевъ, 1936 : 97-100), *к'упова, л'егн'ова, ф'ат'ова, л'ипсова* (Г. Броди, Плевна, Драмско), *л'егновам, иск'аровам* (Иванов, 1977 : 222), *куп'овам, мин''оваш, напуј'овам, пазар''овам* (Сухо, Висока, сп. Małecki, 1936).

На западната јазична територија овој суфикс се јавува само во гостиварскиот говор и во дел од дебарското говорно подрачје (Жупа, Поле) и тоа во фонетскиот облик *-оа-* (по загубата на интервокалното *в*), сп. *купоат, меноат, собероат, наредоат* (Куново, Гостиварско), *кажоат, оздравоат* (Маврово), *видоат, грешоат, погодоат* (Горенци, Дебарско).

Во северните говори на правецот Крива Паланка – Куманово – Скопје – Тетово, во кичевско-поречките, велешкиот и во тиквешките говори се генерализирала наставката од презентот *-у(е, -је)* : *куп'у(је), стан'у(ј)е* (Кратово, Куманово), *влегује, купује, расипује* (Велес), *кажуе, отиднуе, извадуе* (Тетово), *купујет, станујет, раскажујет* (Порече, Кичево).

Во источните говори источно од линијата Кожани – Штип – Демир Капија, исклучувајќи ги драмско-неврокопските говори, потоа во долновардарските на запад до линијата Кајлар – Острово, како и во говорите во Пелагонија се генерализирал суф. *-ув(а),* добиен со контаминација на презентското *-у-* и инф. *-ов(а)*, сп.: *куп'ува, легн'ува* (Разлог, Благоевград, Петрич), *каж'ува, вид'ува, стан'ува* (Берово, Штип, Радовиш), *збир'ува, лигн'ува* (Кајлар, Воден, Ениџе). Од западните говори покрај во прилепскиот со *-ув(а)* се образуваат несвршени глаголи уште во галичкиот и жировничкиот од дебарската група говори, сп. *купуват, стануват, кажуват* (Галичник, Жировница).

Во кукушко-дојранскиот и гевгелискиот 3 л. едн. завршува на *-е* од сите глаголи, па така овој суфикс има облик *-ув(е)* : *вид'уве, донес'уве, затвор'уве* (Иловица, Струмичко), *пушч'уве, пугл'еднуве* (Дојран), *лигн'уве, кăж'уве* (Кукуш), *збир'уве, дојд'уве* (Гевгелија), *вет'уве, вид'уве* (Воден).

Во костурско-леринските, преспанските, охридско-струшките, дримколско-голобрдските и во битолскиот говор суф. *-ув-* се редуцирал на *-в-*, одн. *-в(а)-* во битолско-леринските, *-в(и)-* на пограничјето со албанската јазична територија на линијата Костур – Корча – Преспа – Охрид – Струга, и *-в(е)-* во дримколско-голобрдскиот, сп. *к'упви, з'ајдви* (Корча), *купвит, станвит* (Охрид, Струга, Преспа), *зборвет, кажвет, купвет* (Дримкол).

Сите други стари модели на *imperfectiva* имаат ограничени ареали и имаат тенденција да се интегрираат во моделот со суф. *-ов(а),* одн. неговите разновидности.

Така на пример, старите образувања од типот **ꙗвл҄ати**, **оствл҄ати** (: **ꙗвити**, **оставити**), (т. 3.) се задржале само во северните говори на линијата Крива Паланка – Куманово – Скопска Црна Гора, сп. *забор'авља, испр'авља, ост'авља, распр'авља, раст'авља* (Дубровница, Кривопаланечко), *ј'авља, ост'а(в)ља, наст'авља, пост'авља, спр'авља, изј'авља, оѕ'авља* (: *одз'ови*) (Куманово), *оставља, управља, поправља, ј'авља* покрај *остава, јавује* (Кучевиште, Скопско), во нешто изменет фонетски облик во малешевските говори во Источна Македонија, сп. *забр'авја, испр'авја, напр'авја, заб'авја, попр'авја, ост'авја, в'р̥вја* (: *вр̥ви*), *нав'р̥вја* (Берово), *забор'авја, пост'авја,* по аналогија и *нап'овја, позн'авја* (: *позн'ае*) (Пехчево), *испр'авја, попр'авја, распр'авја* покрај *забр'авја, попр'ава* (Петрич), во Западна Македонија во охридско-струшкото говорно подрачје, сп. *заборавјат, оставјат, се појавјат, поправјат* (Струга), како лексикализирана особеност во галичкиот говор во лексемите *кревјат, ставјат,* но *остават, расправат, униправат,* и во југоисточните периферни говори, сп. *зӑбур'ајва* (веројатно со метатеза од *забор'авја*), *пупр'ајва* покрај *зӑбур'авива, пупр'авива* (Секавец, Серско), *напр'ав'а, ост'ав'а, попр'ав'ам, забр'ав'ам* покрај *са напр'ајаш', забр'ајаш'* (Сухо, Висока, сп. Małecki, 1936 : 75, 130).

Во костурските говори кај овој тип глаголи се развил нов суфикс - *ив(а),* сп. *заборав'ива* (: *забор'ави*), *оздрав'ива, поправ'ива, појав'ива* (Нестрам), *ожив'ива, поздрав'ива, исправ'ива* (Костур), *заборав'ива, направ'ива, удав'ива* (: *уд'ави*), потоа се проширил тој на сите глаголи што им завршува тематскиот дел на *-в-*, сп. *обув'ива, ужив'ива* (: *уж'ива*) (Бобоштица, Mazon, 1936 : 78), па и на други глаголи, сп. *скисн'ива* (: *ск'исни*) (Гратче).

Во одделни пунктови во Леринско, Воденско и Охридско несвршени глаголи од овој модел се образуваат со суф. *-в(а),* и дошло до удвојување на тематското *-в-* во суфиксот, сп.: *забор'авва, раст'авва* покрај *заборав'ива* (Бапчор), *зӑбр'авва, испр'авва* (Пештани, Охридско).

Во гевгелискиот и дојранскиот говор наоѓаме вакви форми: *забр'ааве* (фонетски: *забр'а:ве*), *испр'ааве, распр'ааве, ут'ааве* (: *забр'аве, испр'аве*) (Миравци, Гевгелиско), *забр'ааве, испр'ааве, ут'ааве // збр'а:ве, испр'а:ве, пупр'а:ве, распр'а:ве* (: *ост'аве, пупр'аве,* Дојран). За да се избегне омонимијата меѓу несвршената и свршената форма, во несвршената се вметнува *-а-*.

Во воденско-мегленскиот, еницевардарскиот и кукушкиот говор овој тип глаголи се интегрирале во глаголите на *-ув-*, сп. *направ'уве, остав'уве, поправ'уве,* по испуштањето на *в* : *забр'ауве, пупр'ауве, распр'ауве, ут'ауве* (: *забр'ави, ост'ави,* Кукуш), *испр'ауве, распр'ауве,* но *пупр'ааве* (Крецово, Кукушко), *забр'аува, испр'аува, пупр'аува, уздр'аува, ут'аува* (Негован, Солунско), *забрав'уве* (: *забр'аве,* Цакони), *исправ'уве, устав'уве* (Тушин, Воденско), *забрав'ува* (: *забр'аве,* Енице); така и во говорот на Жировница: *забравуват, исправуват, поправуват* покрај *остават,* или *поправоат* покрај *поправат, остаат* во гостиварскиот.

На сета друга македонска територија по загубата на епентетското **l′* морфолошката разлика меѓу свршените и несвршените форми се изразува со тематскиот вокал: *-а-* кај несвршените спрема *-и-* кај свршените, сп. *заборава, се* *забава, се истава, остава, поправа,* во говорите каде што се загубило интервокалното *в* : *забораат, остаат, попраат* (: *забораит > заборајт*) (во поречкиот, кичевскиот, гостиварскиот).

Глаголите од типот **плаща(ти)** (т. 3.) на широк ареал се задржале во фонетските разновидности: *фашта, фашча* (во охридско-струшките, горнопреспанскиот, кајларскиот и во источните говори источно од линијата Делчево – Берово – Дојран – Кукуш – Солун), *фаќа* (*фајќа*)*, плаќа* (*плајќа*)*, праќа* (во сите западни говори северно од Струга – Битола – Острово, во источните сѐ до споменатата линија Делчево – Дојран – Солун и во Воденско и Еницевардарско). Во костурско-леринските и долнопреспанските говори тие глаголи се интегрирале со моделот на *-в-*, сп. *пл'атви, ф'атви, в'идви* (Корча, Костур), *пл'атва, ф'атва* (Лерин), поретко и во струшкиот (*платвит, фатвит, видвит* покрај *плашчат*, *фашчат, вижџат*), во гевгелискиот и во некои пунктови во Дојранско и Кукушко со *-ув(е)* : *фат'уве* покрај *пл'аќе* (Богданци), одн. со *-ов(а)* во некои пунктови во Драмско, сп. *ф'ат'ова* покрај *ф'ата* и *ф'ашта* (Плевна). Во одделни пунктови на јужната периферија се среќава и несвршената форма *ф'ата* (: *ф'ати*) покрај *ф'ашта* (Петричко).

На споменатите ареали се јавува и секундарно образуваната несвршена форма **вижда(ти)** од глаголот **видѣ(ти)**, сп. *в'ижда* / *в'ижџа* (во источните говори на правецот Делчево – Дојран – Кукуш – Солун и источно од таа линија, потоа во кајларскиот и спорадично во некои воденски пунктови), *виждат* / *вижџат* (во охридско-струшките), *в'иижа* (во разлошкиот), *в'иѓа* (во северните и западните говори западно од линијата Кратово – Штип – Кавадарци), *виѓават* (Маврово), *в'ијџе* (Дојран), *в'ид'ова* (Драма, Неврокоп), *видоат* (Горенци, Дебарско), *видува* (во источните говори на правецот Крива Паланка – Кратово – Кочани – Штип – Радовиш – Гевгелија – Воден), *видви* / *видва* (во кочанскиот, преспанските, костурско-леринските со јужниот дел од битолското говорно подрачје), *вижд'уве* (Амбар Ќој, Кукушко).

По овој модел се повел и глаголот **пада(ти)** (: **пасти**) (т. 7.), сп. : *п'ажда* (во сушковисочкиот, драмскиот неврокопскиот), *паажа* (Елешница, Разлошко), *паждат* (Дримкол, Струшко), *паѓа(т)* (во северните и средишните на југ приближно до линијата Струга – Ресен – Битола – Демир Капија и на исток до Струмица – Кочани), *падн'ува* / *падн'уве* (во долновардарските), *пад'ина* (во малешевските, петричкиот, серскиот, во одделни пунктови и во долновардарските и леринско-костурските), *пад'инва* (во нестрамскиот, Видоески, 1989 : 62) и *падн'ива* (Костурско), *падвит* (Струга, Охрид, Корча, Преспа); обликот *пада* е забележан во с. Секавец (Серско).

Од глаголот **пȣща(ти)** (: **пȣсти-ти**) покрај формите *пушта, пушча* (одн. *пуштат* / *пушчат* во западните периферни говори), кои се јавуваат готово на сета македонска јазична територија, забележани се и разновидностите *пушчава* (во радовишкиот), *пушт'ува* и *пушч'ува* (во беровско-пехчевскиот), *пушт'уве* / *пушч'уве* (во кукушко-дојранскиот), *п'ушче* (во костурско-леринските) и *пушвит* (во струшкиот).

Глаголите од моделот **тȣ̑ра-ти : тȣри-ти**, (т. 3.) стариот однос меѓу свршениот и несвршениот вид се задржал морфолошки само во крајните југоисточни говори на правецот Солун – Драма, сп. *т'ур'а* (: *т'ури*) во сушковисочкиот и драмскиот говор, и *турја* (: *туриш*) во струшкиот. Во костурско-леринските, преспанските, охридскиот, во долновардарските тој тип глаголи се интегрирале со глаголите од типот *куповати,* сп. *т'урвиш* (Костур), *т'урваш* (Лерин, Преспа), *турвит* (Охрид), одн. *тур'ува* (Воден), *тур'уве* (Кукуш, Дојран, Гевгелија, Струмичко). Во бобоштенскиот се повел по глаголите на *-ин(а),* сп. *турина.* На другата територија (во централна и северна Македонија) видската диференцијација морфолошки се изразува преку тематскиот вокал, сп. *тур-а-ш* (: *тур-и-ш*), *то(в)ар-а-ш* (: *товар-иш*).

Глаголите од моделот **крьшта-ти** (**krьst-ja-ti*) : **крьсти-ти** (т. 3) во повеќето говори се јавуваат со проширена основа со суф. *-ав(а)* (< *-јав-*), сп. *криштава* / *кр̥ичава* / *кр̥иќава,* или со прегласено /а/ > /е/ *кр̥иштева* / *кр̥ичева,* (во некои локални говори и во фонетскиот облик *кăриштава* / *кăричава*) во говорите северно од линијата Ресен – Битола – Енице – Солун, одн. *кăришт'аве* – во кукушко-дојранскиот и гевгелискиот. Исклучок претставуваат костурско-леринските говори, подразбирајќи го тука и корчанскиот, и воденско-мегленскиот, каде што се генерализирала основата на свршениот глагол (*кр̥ст-*), а видската разлика се изразува преку тематскиот вокал, сп. *карст-е* (Бобоштица), *керст-е* (Езерец), *кр̥ст-е* (Бапчор), *кăрст-е* (Нестрам, Костур, Воден), наспрема свршениот *к(а/ă)рст-и.* Во дебарскиот говор е забележана и формата *кăрстоат* (Горенци), како *купоат.*

Во голема мера со формите на глаголот ‘крштава / крштева’ се поклопуваат и ареалите на разновидностите на глаголите *гоштава* / *гоштева, проштава* / *проштева* (: *гости, прости*) и *грешава, решава* (: *згреши, реши*), одн. *г'осте, пр'осте, гр'еше, р'еше* – во одделни пунктови во Леринско и Воденско, *гост'овам* (Сухо), *гостоат* (Горенци), *грешоат* (Гостивар, Горенци), *грешува* (Вратница, Тетовско). Несвршените форми од глаголите *греши, реши* и *прости* во крајните југозападни говори на правецот Струга – Охрид – Преспа – Костур – Нестрам – Корча се преобразувани со вметнување на суфиксот *-в-* : *грешви, простви, решви* (Костур, Корча), *грешвит* (Охрид, Струга), *грешва, проства* (Лерин).

Стариот модел **затва̑ра(ти)** (< **zatvar-ja-ti* : *zatvoriti*) (т. 4.) во првобитниот облик се запазил уште во драмските и богданските говори во југоисточна Македонија, сп. *затв'ар'а, утв'ар'а* (Плевна, Драмско), *утф'ар'аш, затав'ар'ам* (Сухо), *затв'ар'а, утв'ар'ам* (Висока). Во источните дијалекти источно од линијата Лепенец – Вардар – Црна Река и на југ во воденско-ениџевардарскиот има опозиција *затв'ара* : *затв'ори.* Во западното македонско наречје ликвидирана е алтернацијата /а/ – /о/ во коренските морфеми, така што морфолошки знак за диференцирање на видот останува тематскиот вокал, сп. *затвора, отвора, обора* (: *затвори, отвори, обори*). Во југозападните говори на правецот Корча – Костур – Лерин, вклучувајќи го тука и преспанскиот, и во источниот дел од долновардарските говори на правецот Солун – Кукуш – Дојран – Струмица, и овој тип глаголи се интегрирал со преобразените модели од типот

кȣповати, т.е. со суф. *-в-* во костурско-корчанскиот, сп. *отв'орви, затв'орви* (Нестрам, Костур), *от'орви* (< *отворви*) (Слимница), *отв'орва, затв'орва, повт'орва* (Лерин, Кајлар), *оборва, отворва* (Д. Преспа), *-ув(а, -е)* во долновардарските, сп. *утвур'ува, пуфтур'ува* (Г. Родиво, Меглен), *зат'орува, ут'орува* (Негован), *затв'оруве, утв'оруве* (Кукуш, Дојран, Гевгелија), во одделни пунктови и *затв'ораве, утв'ораве* (Богданци, Гевгелиско; Крецово – Кукушко) и *отв'араве* покрај *отв'ара* (Радовиш).

Тенденцијата е, како што покажуваат примерите, да се елиминира алтернацијата /*а* / ~ /*о*/ и да се избегне можната омонимија меѓу свршената и несвршената форма во говорите каде што 3 л. едн. завршува на *-е*, сп. *отв'оре* (пф.) : *отв'оре* (импф.) во долновардарските.

Забелешка: Чувањето на обликот со *а* во несвршената форма можело да биде условено и со местото на акцентот.

Од моделите со алтернации на кореновите вокали од групата под 4) посебен интерес претставуваат глаголите **ражда(ти)**, **исхажда(ти)** (: **роди-ти**, **исходи-ти**).

Обликот *ражда* (: *роди, роде*) се чува на сета јазична територија северно од линијата Струга (малку посеверно од градот) – Битола – Воден – Гуменџа – Гевгелија и источно од Солун – Петрич – Струмица и тоа во фонетските разновидности *р'ажда* / *р'ажџа* (во источните говори источно од линијата Солун – Берово – Делчево и спорадично на западната периферија на пограничјето со албанскиот јазик), *раѓа* / *рајѓа* (во северните и средишните говори на исток и на југ до споменатите граници). Во костурско-леринските, корчанскиот, охридско-струшкиот и во јужниот дел на битолскиот говор ликвидирана е опозицијата /*а*/ – /*о*/ во корист на вториот вокал и се генерализирал суфиксот *-в-*, сп. *родви* (Корча, Нестрам, Костур), *родвит* (Струга, Охрид), *родва* (Леринско), *родват* (Преспа). На еден тесен појас во привардарските говори на правецот Солун – Кукуш – Дојран превладуваат формите *р'оѓе* (: *р'оде*), *р'ојѓе* (Ениџе) и *р'ожде* / *р'ожџе* или *рожџа* (Кукушко), *р'ојџе, рожѓе* (Дојран), кои се добиени како резултат на меѓудијалектниот контакт (*раѓа* – *роѓа* X *ражда* – *рожда*). Во одделни пунктови се јавува напоредно и формата со суф. *-ув-*, сп. *руд'уве* (Богданци, Мутулово, Крецово – Кукушко), *род'уве* (Ениџе).

Нешто посложени се односите меѓу несвршената и свршената основа кај глаголите од типот **ис-хажда(ти)** (: **ис-ходи(ти)** (т. 4). Старата алтернација на коренските вокали /*а*/ – /*о*/ се одржала, главно, во југоисточните говори на правецот Солун – Сер – Драма – Неврокоп, сп. *зах'ажда, дух'ажда, прих'ажда, сх'ажда* покрај *зах'од'а, дух'ожда* и *дув''ад'ам* (Плевна), *нах'ажда, нав'ажда* (Сухо, Висока), *дов'ажда, зав'ажда* покрај *дов'ада,* но *до'ожда* (Петрич), потоа во северните и централните говори во нешто изменет фонетски лик, сп. *преваѓа, доваѓа* (Скопје), *дов'аѓа, нав'аѓа, за(в)'аѓа* (Куманово), *до'аѓа* и *до'ада* (Кратово), *до(в)'аѓа, прев'аѓа* покрај *на'оѓа* (Кочани, Штип), *проаѓа, доаѓа* и *заоѓа* (Тетово, Кичево, Прилеп). Во појужните говори на правецот Кичево – Прилеп – Кавадарци споменатата алтернација се одржува уште кај глаголот *доаѓа* (: *дојде* / *и*), *наоѓа, заоѓа, преоѓа, прио́ѓа* со наслон на глаголот *оди,* додека обликот *дооди* се јавува со друга семантика. Тука извесно влијание имал и карактерот на вокалот во префиксот.

На еден тесен појас во малешевските говори и на кратовско-кривопаланечкото подрачје се наложиле облиците образувани од глаголот *оди*, сп. *до'оди, за'оди, на'оди, пре'оди, при'оди* (Пехчево, Крива Паланка, Малотино – Кумановско, Раздол – Санданско).

Во јужните периферни говори се генерализирала основата на свршениот глагол, а морфолошката диференцијација ја носат суфиксите, и тоа: *-в-* во југозападните говори јужно од линијата Струга – Ресен – Битола – Островско Езеро, сп. *дојдвит, најдвит, зајдвит,* и *преодвит, приодвит* (Струга, Охрид, Г. Преспа), *дојдви, најдви, зајдви* (Корча, Нестрам, Костур), *најдва, зајдва* (Дихово, Битолско), и *наодва, заодва, приодва* (Д. Преспа), поретко и *најдждви* покрај *наожва*, *преожва*.

Во долновардарските говори на просторот од Кајлар и Островското Езеро па до Лагадина и на север до Демир Капија наспоредно со формите од типот *наоѓа* и сл. се употребуваат и форми изведени од свршената основа со суф. *-ув-*, сп.: *зăјд'ува, дујд'ува, најд'ува, пријд'ува* (Г. Родиво, Тушин, Воденско), *дујд'увум – дујд'уве, зăјд'уве* (Гевгелија), *нăјд'уве, зăјд'уве,* но и *нă'ожде, зă'ожде* (Кукуш), *зăјд'ува* и *дух'ожда* (Негован). По пат на контаминации и редукции на тој терен се добиле и формите: *з'ајџе, нăв'ајџе* (: *зајде, наваде*) во дојранскиот, *н'о:ѓе, з'о:ѓе* (< *наоѓе, заоѓе* : *најде, зајде*) во говорот на с. Крецово, или *н'ужде, з'ужде* (< *наожде, заожде*) (с. Алексово, Кукушко, Пеев, 1987 : 236-240). Форми со суф. *-ув-* и *-у-* можат да се сретнат спорадично и во западните македонски дијалекти.

Во гостиварскиот и во дебарскиот забележани се и форми со суф. *-оа-* (< *-ова-*): *најдоат, зајдоат* (Маврово), *најдоат, пројдоат* (Горенци, Дебарско).

Кај овој модел на несвршени глаголи се забележува јасна тенденција да се ликвидира старата алтернација на коренските вокали, во јужните говори и консонантската алтернација (*д – жд / жџ / ѓ*).

Кај глаголите од групата под т. 5 најмалку промени претрпеле во дијалектната реч оние од типот **ꙋмира(ти)**, сп. *ум'ира, зап'ира, потп'ира* – во источните и јужните говори, *умира / умират, запира(т), потпира(т)* (: *ќе умре, да запре*) – во западното наречје. Во најјужните костурски пунктови покрај обликот *ум'ира* може да се сретне и *ум'ирви* (Слимница), *ум'ирва* (Нестрам).

На најголемо пространство од македонскиот јазичен ареал стариот однос меѓу свршените и несвршените се задржал и кај глаголите од моделот **избира(ти)**, сп. *избира, одбира, набира, разбира, собира / збира.* Во јужните говори јужно од линијата Струга – Охрид – Битола – Воден – Гевгелија и овие глаголи се интегрирале со формите на глаголите од моделот **кꙋпова(ти)**, сп. *соб'ерви* – во костурските, *собервит* – во охридско-струшките, *соберва* – во леринскиот и битолскиот, *наб'ерви, суб'ерви* (Чеган) (како *купви*), *соберува, збирува* (Д. Преспа), *збир'ува, забир'ува* покрај *изб'ира, удб'ира* (Гуменџа, Ениџе), *збир'уве, удб'еруве,* и *нăб'ераве, исп'ераве, удб'ераве* (Дојран, Кукуш, Богданци, Гевгелија).

Глаголите од типот **запинати** : **запѧти** се јавуваат во облиците *запина* : *зап'н-е /-и* (во говорите северно од линијата Струга – Битола – Струмица – Петрич), одн. *запиња* (во северните и привардарските говори), каде што е /*њ*/ внесено по аналогија спрема глаголите од типот *мења, поклања* (: *мени, поклони*). Како конкурентен суфикс покрај *-ин(а)* се јавува *-ув(а),* кој во јужните говори превладува или наполно превладал, сп.: *легн'ува, стан'ува* (Кајлар), *легн'ува, трӑгн'ува* (Воден, Енице), *седн'ува* (Негован), *никн'ува* (Секавец, Серско), *вӑрн'ува, н'икнува,* покрај *н'ичи, гр'абнува* (Сухо), одн. *лигн'уве, стан'уве, сидн'уве* покрај *леѓ'ине, сед'ине* (Гевгелија), *запн'уве* и *зап'ијне* (Богданци).

Во југозападните говори на правецот Струга – Охрид – Преспа – Лерин – Костур – Нестрам се генерализирале формите со суф. *-в-*, сп. *легвит, сопвит, препвит* (Струга, Пештани), *легва, седва, са темва* (Преспа), *ст'анви* покрај *никн'ува, стигн'ува* (Лерин). Во костурските говори суф. *-в-* се комбинира со *-ин-*, сп. *зап'инва, леѓ'инва, преп'инва, соп'инва, сур'инва, тек'инва* покрај *ст'анва, п'анва* (Дамбени), *леѓ'инви, пад'инви* (Слимница). Во нестрамскиот говор се оформил нов суфикс *-ив(а)* кој се додава на основата од перфективниот глагол: *легн'ива* (: *л'егни*), *стемн'ива, падн'ива, скисн'ива* (Нестрам, Гратче). Во дојранскиот и кукушкиот говор напоредно со образувањата на *-ув(е)* се јавуваат несвршени форми со суф. *-к-*, сп. *л'етке, л'апке, с'опке, р'итке* (: *л'етне, л'апне, с'опне, р'итне,* Дојран, сп. Пеев, 1979 : 84), *стӑпке, прӑзирке* (: *ст'апне, проз'ирне,* Амбар Ќој, Кукушко). Во драмските неврокопски говори покрај формите на - *ув(а)* се констатирани и форми со суф. *-ов(а),* сп. *л'егнова, м'инова, пугл'еднова* покрај *р'укнува, изм'акнува* (Плевна – Драмско), *заг''иновам, н'авикновам, зан'икнǫвам* (Неврокоп, Мирчевъ, 1936 : 100).

Глаголите од типот **нарица-ти** (: **нарешти –речетъ**), и други со алтернација /*е* ~ *и*/ во коренски морфеми (т. 5) се запазиле на источната периферија од македонската јазична територија на правецот Куманово – Кратово – Кочани – Берово – Петрич – Сер – Драма. Во некои локални говори на тој терен тие денеска се и многу продуктивни, на пример, во неврокопскиот и драмските, бидејќи по нив се повеле и други глаголи што имаат во коренската морфема на свршениот глагол вокал *е*, сп.: *нарица, одрица, пролита, срита* (: *срете*) (во скопско-црногорскиот), *нар'ица* и *нар'ича, одр'ица // -'ича, потц'ица, огр'иба* (: *огр'ебе*), *нагр'иба, истр'иса, потр'иса* (: *потр'есе*), *запл'ита // запл'иќа* (: *запл'ете*), *прол'ита, зал'ита // -'иќа, изл'иќа, см'ита // -'иќа* (: *см'ете*), *ос'иќа, потс'иќа* (: *ос'ети*), *погл'ида // погл'иѓа* (: *погл'еда*), *нар'иѓа, ур'иѓа, одр'иѓа* (: *одр'еди*), *запр'ида // -'иѓа* (Куманово), *ист'ича, прот'ича, нар'ича* (: *нар'ече*), *прем'ита* (: *прем'ете*), *запл'иќа* (Крива Паланка), *распл'ита, претр'иса,* но *наред'уе, осет'уе* (Кратово), *ист'ича, прет'ича, препл'ита, прел'ита, расп'ира* (Кочани), *обл'ича, отс'ича, прел'ита, ср'ишча* (: *ср'ете*), *разгл'ижца* (*разѓл'еда*), *погл'ижца, запр'ижца, нар'ижца* (: *нар'еди*), *прогл'ижца, запл'ишча* (: *запл'ете*), *напл'ишча, сишча* (: *сети*), таму и *мр'ије* покрај *жн'ие* (Берово, Пехчево), *обл'ича, одр'ича, исп'ича, препл'ита* (Раздол, Санданско), *нар'ича, запл'ита, исп'ира* (: *исп'ере*), *потп'ира* (Елешница, Разлошко), *погр'иба, утр'ипа* (: *утр'епа*), *нан'иса, под'илам* (: *под'елам*), *уб'иса* (: *об'еси*), *разм'ишта* (: *разм'ести*), *нам'ита, зал'ипа* (: *зал'епи*), *наж'ижам* (: *наж'ежам*), *при'имам* (: *при'емам*), *нар'ицам, исп'ицам* (: ^{x}*исп'ека*), *обл'ицам* (: $^{'y}$*облека*), *зан'ица, отс'ица* (Неврокоп, Мирчевъ, 1936 : 92-97), *нас'ица, убл'ица, нар'ица, сабл'ица, ом'ита, дун'иса* (*дон'есе*), *претр'иса,* сп. и *фл'иза, изл'иза* (: *фл'езе, изл'езе*) (Г. Броди, Плевна, Драмско), *исп'икам, нар'икам* (: *нар'ече*) (Зилјахово, Иванов, 1977 : 223), *ист'ича, прел'ита, истр'иса* (Секавец, Серско, в. Видоески, 1990 : 67). Во другите македонски говори овој тип образувања веќе не се срекаваат, со исклучок на глаголот *жни(ј)е* покрај *жнее* во некои говори, и обликот *премита* со значење ‘преметува на гумно кога се врши’, но *мете во двор, во куќа* (Порече). Во повеќето други наши дијалекти и овој модел глаголи се интегрирале со глаголите во суф. *-ув-* и неговите варијанти, сп. *одречува, истресува, претресува, заплетува* (во прилепскиот, галичкиот, штипскиот), *нар'ечуве, ист'ечуве, истр'есуве, изл'етуве* (Иловица, Струмичко), *убл'ечуве, пуст'ел'уве* (Дојран, Кукуш), *дотечоат, пресечоат* (Гостивар), *истечујет, пролетујет* (Порече, Кичево), или: *истечвит, дотечвит, осетвит* (Охрид, Струга), *пот'ечви, ус'етви* (Бобоштица, Костур), *прет'ечва, прел'етва* (Лерин, Преспа), *нар'еква, одр'еква, прет'еква, зап'еква, запл'етва, прем'етва, претр'есва, прол'етва, ос'етва, прогл'едва, дон'еква* (: *дон'есе*), *прен'есва* (Дамбени, Костурско).

Стариот глагол **възѩ(ти)** (: **възьмєтъ**) се среќава во разновидностите: *зем-а* (: *зем-е*) во западните дијалекти на југ до линијата Струга – Битола, и во крајните југоисточни говори наспоредно со обликот *зима* (Сер, Драма), *з'има* во северните и во источните говори источно од линијата Лепенец – Вардар (до Демир Капија), и со суфиксите *-в-*, сп. *земва* (Дихово), *земвит* (Струга, Охрид), *зева* (во костурско-леринските и воденско-кајларскиот, спорадично и во сушко-височкиот говор), и *-ув-* : *зем'ува* (во кукушко-дојранскиот и гевгелискиот).

Интересни ареали покажуваат и имперфективните форми од глаголот **вълѣшти** (: **вълѣзєтъ**). Формите со коренското *-а-* доминираат во сушко-височкиот, серско-драмските заедно со неврокопскиот, каде што е /*а*/ директен континуант од **ě*, сп. *вл'ава, изл''ава* (Плевна), *фл''аза* и *фл''ава* (Секавец), а потоа се проширил обликот и во другите источни и во северните говори над линијата Берово – Штип – Велес – Кичево, сп. *фл'аза, изл'аза* (Берово), *ул'аза* (Куманово, Крива Паланка, Скопска Црна Гора), *фл'ава* (Кочани), *ул'ага* (Кратово), *улага* (Вратница), *влага* (: *влезе*), (Тетово), *влагат, излагат* (Поречје, Кичево, Галичник). Јужно од споменатата линија превладуваат формите со *-е-* во коренската морфема, а видската функција ја презел елементот *-в-*, сп. *вл'ева* / *флева* (: *влезе*), *изл'ева* (Неготино, Радовиш), *ул'ева* покрај *изл'ава* (Штип), *фл'еве, изл'еве* (Дојран, Кукуш), *ижл'ева* (Нестрам), *влегат, излегат* (: *влезет*) (Жировница – Дебарско), во костурско-леринските и охридско-преспанските се јавува суф. *-в-*, сп. *влегва, излегва* (: *влези*) (Битола, Лерин), *влегвит* (Струга, Охрид), *влегви* (Костур, Корча), *-о(в)* – во дебарскиот, сп. *влегоат* (Горенци), и *-ув-* во воденско-мегленскиот и спорадично во централните говори, сп. *влег'ува, излиг'ува* (Волкојаново, Воденско). Со алтернација на /*и*/ – /*е*/: *влиза* (: *влезе*) е констатиран во неколку пирински пунктови (Разлог, Елешница).

Старите модели на имперфективизација, како што покажуваат приведените примери, најдобро или подобро се чуваат во северните и централните области на македонскиот ареал, или пак, на северозападната и источната периферија. Но во вториве се забележува и тенденција за интегрирање на старите модели во поедноставни, од морфолошка гледна точка попрости модели.

Така, на пример, во југозападните говори на правецот Струга – Охрид – Преспа – Лерин и на југ до Корча и Нестрам – Костур готово сите стари модели се свеле на еден главен зборообразувачки модел со суф. *-в-*, кој се додава на тематскиот дел од свршениот глагол. Сп.: *куп-в-и, плат-в-и* (: *плати*), *измен-в-и, тур-в-и, мен-в-и, поклон-в-и, товар-в-и, от(в)ор-в-и, род-в-и, зајд-в-и, дојд-в-и, вид-в-и, пад-в-и, влег-в-и, прост-в-и* и др. Таму каде што се јавиле фонетски пречки, се проширила основата и се јавиле нови преобразувања, на пример: *легин-в-и* (: *легин-а + легни*), *падин-в-и* (: *падина*); кај глаголите што им завршува коренската морфема на *-в-* суфиксот се проширил во *-ив-* : *заборав-ив-а* (: *заборав-и*), *поправ-ив-а, оживив-а* (: *ожив-и*), *оздрав-ив-а* (: *оздрав-и*), *отков-ив-а* (: *открови*), *обув-ив-а* (: *обув-и*), а потоа тој модел можел да се шири и на други глаголи каде што се јавила потреба да се избегнат неможни консонантски секвенци, како во *закашл-ив-а* (*-шлв-*), *изведр-ив-а* (: *изведр-и*), или во глаголите на *-н-* од типот *легн-ив-а* (: *легн-и*) покрај *легин-в-а*. Кај другите глаголи видската функција морфолошки се изразува со тематскиот вокал, сп. *фарл-е* (: *фар л-и*), *карст-е* (: *карст-и*), *пушч-е* (: *пушч-и*) покрај *пуш-в-и* (Бобоштица).

По извршената интеграција на старите модели во корчанскиот и костурските говори се добиле два нови зборообразувачки типа на имперфективни глаголи: а) со суф. *-в-* : *куп-в-и* (: *куп-и*), *покри-в-а* (: *покрие*), *разле-в-а* (: *разле-е*), *запја-в-а* (: *запее*), *чу-в-а* (: *чу-е*), б) со суф. *-ив-* : *заборав-ив-а* (: *заборав-и*); од старите се задржал уште моделот: *зовир-а* (: *зовр-и*), *умир-а* (: *умр-и*). Глаголите од типот *запина* (: *запн-и*) се наоѓаат во процес на преобразување, па така во корчанскиот говор наоѓаме паралелни форми: *запина, касина* (: *касни*), *скор'ина* (: *скорни*), *верина* (: *варни*) и: *легин-в-а, падинва*, а во нестрамскиот говор *запн-ив-а, легн-ив-а, сопн-ив-а.*

Во долновардарските, посебно во кукушко-дојранските говори се издиференцирале два основни модела: а) со суф. *-в-* кај глаголите што им завршува општиот дел на вокал: *ум'и-в-е, позна-в-е, уб'у-в-е, угладне-в-е* (: *ум'и-е, уб'у-е, позна-е*) и б) со суф. *-ув-* кај глаголите што завршуваат на консонант во тематскиот дел: *куп-ув-е* (: *куп-е*); *фат-'ув-е, измен-'ув-е, пушт-'ув-е, фарл'-'ув-е, тур-'ув-е, рашир-'ув-е, збр'а-ув-е, ост'а(в)-ув-е* (: *фат-е, пушт-е, ф'арл-е, ту-в'ар-е, забр'ав-е*); *вид-'ув-е, вет-'ув-е, дујд-'ув-е, род'ув-е, затв'ор-ув-е, покл'он-ув-е,* (: *вид-е, д'ојд-е, род-е, затв'ор-е, пукл'он-е*); *легн-'ув-е, падн-'ув-е, одб'ер-ув-е, запн-ув-е* (: *л'егн-е, падн-е, удб'ер-е*); *обл'еч-ув-е, зем-'ув-е* (: *обл'еч-е, зем-е*). Во одделни пунктови на кукушко-дојранското подрачје по глаголите од типот *греш-ав-е, пушч-ав-е, каршч-ав-е* (со суф. *-ав-*, *-јав*) (: *греш-е, пушч-е, карст-е*), се повеле и *забр'а-ав-е, ост'а-ав-е* (: *забр'ав-е*) и глаголите од моделот *дуб'и-ав-е, изв'и-ав-е* (Крецово, Кукушко). Во истиот говор кај глаголите на *-н-* од типот *сопне* имперфектни форми се образуваат и со суф. *-к-* : *л'ет-к-е, л'ап-к-е, с'оп-к-е, р'ип-к-е* (: *л'етне, л'апне, с'опне, р'ипне*), но *тăрг'ине, скур'ине* (: *т'ăргне, скорне*, сп. Пеев, 1987 : 236).

Во јужните македонски говори на појасот од Корча до Сер и јужно од линијата Струга – Охрид – Битола – Гевгелија – Дојран се извршиле крупни промени во врска со морфолошкото изразување на глаголскиот вид. Отклонети се старите алтернации како на вокалите, така и на консонантите меѓу перфективните и имперфективните облици. На тој начин се генерализирала единствена основа за двете видски зборoформи, сп. *р/о/д-и* X *р/а/-жд(ѓ)-а* > *род-(и)* : *род-в-(и, а)*, одн. *род-ув-(а, е), соб/е/р-е* X *соб/и/р-а* > *собер-в-(а, и) // собер-ув(а, е)*. Се наложила основата на перфективниот глагол, а видската функција ја презеле суфиксите (*-в-*, *-ув-*), а во некои говори кај еден број глаголи видското значење се изразува преку тематскиот вокал, сп.: *фарл-и* : *фарл-е, пушч-и* : *пушч-е, уст'ав-и* : *уст'ав-е, варш-и* : *варш-е, тарч-и* : *тарч-е* (во корчанскиот говор, Mazon, 1936 : 79), *пушч-и* : *пушч-е, карст-и* : *карст-е* (во нестрамскиот, Видоески, 1989 : 67), *г̄реш-и* : *г̄реш-е, г̄ост̄-и* : *г̄ост̄-е* (Чеган, Леринско). Генерализирањето на единствена основа за двата вида во споменативе говори можело да биде поттикнато од аналогни форми во другите балкански несловенски јазици. Нина Димитрова покажува паралелизам во моделите на перфективните и имперфективните презентски форми во костенарскиот македонски говор во Костурско со формите на презентот и аористот во грчките дијалекти (Димитрова, 1993 : 289 нт).

1994


Југославија
Бугарија
Албанија
Грција
Крива Паланка
Куманово
Кратово
Злетово
Крива р.
Делчево
Благоевград
(Г.Џумаја)
Тетово
Скопје
Пчиња
Св.Николе
Кочани
Разлог
Банско
Треска
Пехчево
Гостивар
Велес
Штип
Берово
Гоце Делчев
(Неврокоп)
Радика
Радовиш
Сандански
(Св.Врач)
Места
Брегалница
Мелник
Неготино
Брод
Дебар
Кичево
Кавадарци
Струмица
Струмица
Петрич
Вардар
Црн Дрим
Прилеп
Црна Река
Валовиште
Драма
Дојран
Гевгелија
Струма
Серез
Струга
Охрид
Ресен
Битола
Кукуш
Гуменџе
Галик
Сухо
Лагадина
Острово
Воден
Лерин
Енице-Вардар
Солун
Негуш
Корча
Бер
Костур
Кајлар
Бистрица
Бистрица
Државна граница
Северна граница на максимално поедноставените системи на имперфективни глаголи
Граница помеѓу источните -в- и западните -ув- модели: купви(т) - купув(-а/-е)

2.9. ФОРМИТЕ НА ГЛАГОЛСКИОТ ПРИЛОГ

0. Глаголскиот прилог го континуира стариот *participium praesentis activi*. Во современите македонски дијалекти тој се образува со следните наставки и нивните разновидности:

- *-(е, ј)ќе (-ќем),*
- *-(е, ј)ќи (-ќим, -ќин),*
- *-(ј)ќу (-ќум, -ќун),*
- *-(е)шт̄е (-шт̄ем, -шт̄ен),*
- *-(е)шче (-шчем, -шчен),*
- *-(е)шт̄и (-шт̄им, -шт̄ин),*
- *-(е)шчи (-шчим, -шчин)*
- *-(е)шт̄у (-шт̄ум),*
- *-шт̄ец,*
- *-шт̄имица,*
- *-шком (-шкум),*
- *-ник,*
- *-нички (-ничким, -ничкум).*

0.1. Прашањата што се поставуваат во врска со овој глаголски облик на лингвогеографски план на македонскиот јазичен ареал се однесуваат:

– на карактерот на основата,

– на карактерот на тематскиот вокал,

– на вредностите место прасловенската секвенца **tj* (стсл. **-шт-**) содржана во тематскиот дел,

– на видот на завршетокот,

– како и на стабилноста на овој облик во одделни дијалекти.

1. На историски план глаголскиот прилог ја континуира основата на зависните падежи на стариот *participium praesentis activi* од глаголите од *и*-основа, од типот ‘молити’: **мол-ѧшт-** *(< *mol-ętj-)* > *мол-ешт̄-* (*мол-ешч-, мол-еќ-*). Кон овој тип образувања по фонетски пат се приклучиле и глаголите од *је- / јо*-група што им завршувала коренската морфема на палатална согласка (*л′, н′*), сп. **колѭшт-** > **колѩшт-** > *колешт̄-*. Секвенцата **-ѧшт-** > *-ешт̄-* после се проширила и кај другите глаголи (**бер-ѫшт-** > **бер-ѧшт-** > *бер-ешт̄-*, **имаѭшт-** > **имаѩшт-** > *имајешт̄-*). Така по образецот *молешт̄-* се образувале по морфолошки пат и *берешт̄-, г̄ледајешт̄-* (место очекуваните *г̄ледајашт̄-, берашт̄-*, според развојот на **ǫ* > *а* во оваа позиција). По овој начин во глаголскиот прилог кај сите глаголи се генерализирала наставката *-(е)шт̄-* (со фонетските разновидности *-ешч-, -еќ-*).

1.1. Процесот на морфолошкото изедначување се пренесол и на тематскиот завршок. Во јужните македонски дијалекти (во Костурско, Кајларско, Солунско, Серско, Драмско) изедначувањето се извршило според основата на глаголите од *е-* и *и*-група, сп. *пл''етишт̦'ем* (< *пл'етешт̦ем*) : *ск'акашт̦ем* во сушковисочкиот, *ходешт'ем* : *викашт'ем* Г. Броди (Драмско), *н'осешти* : *к'опашти* Календра (Серско), *нус'еќи, сич'еќи* : *вик'аќи* Градобор (Солунско), *сич'еќи* : *дав'аќи* Гуменџа, *јад'еќи, нус'еќи* : *вик'аќи* Eниџе, *од'еќе, нос'еќе* : *работ'аќе* Мариово, *нос'ештен* : *вик'аштен* Зеленич (Леринско), *уд'ештем* : *дав'аштем* Кајлар, *малч'ешчем, сп'ешчем* : *вик'ашчем* на сето костурско-корчанско подрачје.

1.2. На другата територија дошло до проширување на тематскиот дел на прилогот по аналогија на глаголите од *а*-група, така што како наставка се генерализирала секвенцата *-ешт-* (*-ешч-*, *-еќ-*), сп. *бер'е-ешт-и, нос'е-ешт-и* : *вик'а-ешт-и* во дебарските и во дел од струшкиот говор, *леж'еешчем, ниж'еешчем* : *игр'аешчем* (> *игр'еешчем*) во охридскиот, *сед'ееќе, пе'еќе* : *им'аеќе, коп'аеќе* во кратовскиот, кривопаланечкиот, кумановско-овчеполскиот и во скопскиот, *клеч'ееќи, од'ееќи, бер'ееќи* : *тр̥ч'аеќи, игр'аеќи* во малешевско-пијанечките, кочанскиот, велешкиот, малореканскиот.

1.3. Во некои локални говори во Малешевско (Беровско, Делчевско) и Пијанечко (Благоевградско) се генерализирал еден завршок на основата кај сите глаголи, и тоа *-е-* во беровскиот и делчевскиот, сп. *бер'е-еќи, нос'е-еќи* : *вик'е-еќи, игр'е-еќи, дав'е-еќи* Русиново (Беровско), *глед'е-еќи, коп'е-еќи, им'е-еќи* Делчево, и *-а-* во благоевградскиот, сп. *бер'а-еќи, нос'а-еќи, од'а-еќи* Лешко (Благоевград).

Во некои локални говори во Кочанско односниов аналошки процес се извршил само кај глаголите што им завршува општиот дел на вокал (тип *пие, пее, пое, чуе*), сп. *пој'аеќи, сеј'аеќи, шиј'аеќи* : *коп'аеќи*, но: *јад'ееќи, од'ееќи*. Овде се јавила потреба за отклонување на можните секвенци од по три вокали (*се'ееќи* > *се'аеќи* > *сеј'аеќи*).

Нешто е посложен процесот кај овој тип глаголи во долновардарските говори, меѓу другото, и поради редукцијата на неакцентираните вокали, а и поради актуелните асимилации и контракции во разни видови вокални секвенци. Во дојранскиот и во кукушкиот говор забележани се вакви примери: *тка̣ј'ајќи, са̣ј'ајќи, пиј'аќи* : *им'ајќи*, но *нус'ејќи* Дојран (Пеев, 1979 : 91), *си'ајќи, смиј'аќи* Кукуш, Гуменџа.

1.4. Во бројни говори, во чии системи се избегнуваат секвенци со преден вокал на морфемска граница, секвенцата *-ее-* се контрактирала во [*-е:*]: *нос'ееќи* > *нос'е:ќи, сеч'ееќи* > *сеч'е:ќи*. По овој модел се добила и формата кај глаголите од *а*-група со претходна асимилација на *-ае-* > *-ее-*, сп. *вик'аеќи* > *вик'ееќи* > *вик'е:ќи*; сп. во охридскиот говор: *вик'еешчем* / *вик'е:шчем, игр'е:шчем, нос'е:шчем, бер'е:шчем.*

1.5. На еден поширок ареал во западна Македонија (Полог, Пелагонија) и во повардарските говори на правецот Штип – Струмица – Дојран – Кукуш вокалот /*е*/ во секвенцата *-ае-* во глаголскиот прилог се десилабизирал во [*i̯*] и на тој начин се добила секвенцата *-аı̯-* : *вик'аеќи* > *вик'аı̯ќи,* поточно *вик'а:ı̯ќи,* па после и *бер'е:ı̯ќи*, *нос'е:ı̯ќи* – во полошките, кичевскиот со говорот на Дебарца, говорите во Пелагонија (прилепскиот, битолскиот), преспанскиот и во сите привардарски говори. Можеби овој процес бил подзасилен и од мекоста на /*ќ*/, како што претполага Селишчев (1929 : 368).

2. Глаголскиот прилог дава континуирани ареали и во врска со континуантот на групата **tj* (стсл. **шт**). На македонскиот терен денеска место **tj* наоѓаме три вредности: /*шт*/, /*шч*/ и /*ќ*/.

2.1. Првите два ја континуират стсл. група **шт** и се распоредени на еден тесен појас на македонско-албанското пограничје на запад и на југ на граничниот појас меѓу македонската и грчката јазична територија, сп. *дав'аешчи, игр'аешчи, сед'еешчи* Жировница (Дебарско), *спи'ешчем* Стеблево (Голо Брдо), *игр'е:шчем, нос'е:шчем* Охрид, *фарл''ʲӓшчем* Бобоштица (Корча), *дав'ашчем, вик'ашчем, нос'ешчем, сед'ешчем* Костур; *бег'аешти, мисл'еешти* Дебар, *вик'аештин* Г. Папрадник (Жупа), *мет'еешти, игр'аешти* Дримкол, *нос'е:шти* Радожда (Струга), *вик'аштин, нос'ештен* Зеленич (Леринско), *пл''ештишт',ем* Сухо (Солунско), *н'осẹшти, хọдẹшт'ем, ọдẹшк'ом* (Серско, Драмско), *вик'аштицạ, ọд'ештицạ* Грмен (Гоцеделчевско), *викạшк'ом, нọсешк'ом* Елешница (Разлошко), *викаштец* (Разлог) (на картата ареалите 2, 3).

2.2. На сета друга територија на македонскиот јазичен ареал, северно од линијата Преспа – Лерин – Солун – Валовиште место **tj* има рефлекс /*ќ*/ со разни нијанси на палаталност: *вик'аќи, вик'аеќи, вик'ајќи, вик'аќим, вик'аќе* и др. (на картата ареалот 1).

3. Спрема завршниот вокал се изделуваат три основни морфеми на глаголскиот прилог:

а) *-ќе* // *-ште* (со фонетските и морфолошките варијанти: *-еќе, -јќе, -ќем, -еште, -ешче* и со партикулите *-м, -н, -ц*),

б) *-ќи* // *-шти* (*-еќи, -јќи, -ешти, -ешчи* + *-м, -н, -ца*),

в) *-ќу* (*-ќум*) // *-штум*.

3.1. Наставката *-ќе* // *-ште* во сите фонетски и морфолошки варијанти на историски план ја континуира старата акузативна форма во среден род еднина (стсл. **молѧште, несѫште**), која, според Селишчев, уште од XI век почнала да се употребува и со чисто прилошко значење (1929 : 371). Блаже Конески, пак, ја смета за континуант на множинската форма од машки род (Конески, 1981 : 183).

Во фонетскиот облик *-ќе* (*-еќе, -јќе*) глаголскиот прилог се јавува, главно, во северниот дел од македонскиот јазичен ареал на правецот Крива Паланка – Кратово – Куманово – Свети Николе – Скопје – Порече. Јужната изоглоса допира приближно до линијата Злетово – Судиќ (на кратовско-овчеполскиот дел) – Дивље – Катланово – Ракотинци – Нова Брезница (во скопската област) и на поречкото подрачје до Македонски Брод. Освен тоа, таа е констатирана во некои пунктови во Мариово и во Тиквешијата по долината на Црна Река. Сп.: *вик'аеќе, јад'ееќе, нос'ееќе* Кркља (Крива Паланка), *ор'аеќе, сп'аеќе, сед'ееќе* Лесново (Кратово), *врш'ееќе, сеч'ееќе* Црешево, Кучково, *глед'а:ке, спи'е:ќе, тка'е:ќе, сто'е:ќе, плет'е:ке, мес'е:ќе* (Порече), *вик'аќе, јад'еќе* Витолиште (Конеска, 1951 : 28), *работ'аќе, пе'еќе* Подлес (Тиквеш).

Образувањата со *-ќем* (*ќе + м*) се доста ретки; забележани се во некои поречки села, сп. *од'е:ќем се препнаф на еден камен; миж'е:ќем можа да слеза* Звечан, и во граничната зона со образувањата на *-штем / -шчем,* сп. *знај'ајќем* – во ресенскиот говор (Селищев, 1929 : 371).

Варијантата *-ште // -шче* (*-еште, -ешче*) најчесто се јавува проширена со *-м, -н, -ц* во аломорфите *-(е)штем, -(е)штен, -штец,* одн. *-(е)шчем, -(е)шчен.*

Образувањата на *-(е)шчем* доминираат, главно, во јужните и во некои југозападни периферни говори, сп. *дав'аешчем / дав'е:шчем, сед'е:шчем* во градскиот охридски говор, *град'ʲӓшчем, фарл'ʲӓшчем* во Бобоштица (Mazon, 1936 : 94), *игр'ашчем, тарч'ашчем* Нестрам (Видоески, 1989 : 66), *гред'ешчем* Тиолишта (Костур), *дав'аштем, ид'ештем* Тремно (Кајлар), *пл''етшт''ем, пуч'ивашт''ем, ск'акашт''ем* Сухо (Голомб, 1960/61 : 176), *викạшт'ем, хọдẹшт'ем* Г. Броди, Драмско (Иванов, 1977 : к. 30).

Формата *-штен* е забележана во леринскиот говор, сп. *вик'аштен, нọс'ештен, тка'ештен* Зеленич, а *-штец* во разлошкиот: *викаштец.*

Наставката *-штем / -шчем,* поради совпаѓањето со некои падежни форми на *participium praesentis activi* во стариот јазик, некои ја сметаат како директен континуант на тие форми – на датив множина (стсл. **несѫштемь**, **молѧштемь**) (според С. Младенов, 1979 : 296), одн. на инструменталот еднина машки род според З. Голомб (1960/61 : 176-177). Формите со *-н* и *-ц* (*викаштен, викаштец*) ја потврдуваат претпоставката на Селишчев дека "окончание *-шчем* представляет собою сочетание морфологических принадлежностей двух разных образований. *-шче* – это окончание причастной формы винит. едн. сред. рода... *-м* присоединилось позднее. Оно было вызвано воздействием наречий на *-ом*" (Селищев, 1923 : 372). Подолу ќе видиме дека *-м* се јавува и кај наставката *-ќи* (*-ќим*) (на картата ареалот 5).

3.2. На значително широк ареал глаголскиот прилог се јавува со наставката *-ќи / -шти* во сите погоре приведени варијанти.

Образувањата на *-ќи* (*-еќи, -јќи, -ќим*) превладуваат во централната зона на македонската територија јужно од линијата Злетово – Свети Николе – Катланово па сè до Солун, Лерин, со исклучок на оние пунктови во Мариово и Тиквеш, што ги спомнавме погоре. Во западниот дел на Македонија наставката *-ќи* (*-јќи*) превладува во полошките, прилепско-битолските и во кичевско-охридските (без градскиот охридски) говори.

На тој ареал во одделни пунктови можат да се сретнат и образувања со наставките *-ќим* и *-ќин,*

– сп. *бир'ејќим, вик'ајќим, сид'ејќим* Чеган (Леринско), *сич'ејќим* Меглен, *јад'еќим* Старавина (Мариово), *тр̥ч'ајќим* Прилеп (Конески, 1949 : 291),

– им'аќин, јад'еќин, сид'еќин Меглен, *вик'ајќин, нус'ејќин, сич'ејќин* Мутулово, *им'ајќин си рăб'ота др'уга б'ăркаш, сạч'ејќин сă удр'их, тăрч'ајќин сă супн'ах* Кукушко (Пеев, 1987 : 263).

На западната периферија од с. Жировница (во изворишниот дел на Радика) преку Дебар до Струга се употребуваат партиципски форми со наставката *-шти*

(*-шчи*) / *-ешти* (*-ешчи*), сп. *коп'аешчи, сеч'еешчи* Жировница, *дав'аешти, мет'еешти* Ростуше, Дебар, *вик'аешти* / *вик'еешти, нос'еешти* Вевчани, Радожда, *јад'еешчи, слуш'еешчи* Струга. На јужната периферија форми на *-шти* (*-шчи*) се констатирани во некои пунктови во Леринско, Воденско, Серско и Драмско, најчесто проширени со *-м, -н, -мица, -ица*, сп.

– *јад'ештим, од'ештим* Пателе (Леринско), *бег'ашчим, вик'ашчим* Воден (Думевъ, 1943 : 63),

– *вик'аштица, од'ештица, тăрч'ештица* Грмен (Гоцеделчевско),

– *викạшч'имица* Луковец (Меглен), *биг'ашчимица, вăрт'ешчимица* Воден (Думевъ, 1943 : 63).

Форми на *-(е)штин* се забележани и во некои пунктови во Дебарско, сп. *викаштин, носештин* – во говорот на муслиманите во с. Г. Папрадник (на картата ареалот 4).

Кај овој тип образувања нејасно е потеклото на *-и* во наставката (*-ќи, -шти, -шчи*). Селишчев ја отфрла можноста *-и* да е пренесено од старата номинативна форма за женски род (стсл. **несѫшти**). "Видеть в этом *-и* окончание форм имен. ед. ж.р. нет оснований" (Селищев, 1929 : 372). Тој претполага дека *-и* тука можело да се јави под влијание на прилозите на *-ски, -чки, -шки* од типот *кр̥внички, мешечки* и др. слични.

3.3. На еден релативно тесен појас во Пелагонија на правецот Прилеп – Битола – Ресен напоредно со прилошките образувања на *-ќи* се среќаваат и форми со завршокот *-у* и *-ум*, т.е. *-ќу, -ќум* сп. *бара^{ј}ќум* Прилеп (Конески, 1949 : 291), *вик'аќум, жниј'аќум, кажу'аќум* Крапа, Дебреште (Прилепско, Видоески 1950 : 49), *носе^{ј}ќум,* Вранче, *зна'ејќум, бид'ејќум* Кривогаштани, *носе^{ј}ќум, тр̥ча^{ј}ќу* / *тр̥ча^{ј}ќум* Тополчани, *вик'ајќум, плач'ејќум* Преспа. Спорадично можат да се чујат вакви форми и во некои северни поречки села, сп. *копаќу, од'еќу* Растеш (Видоески, 1950 : 49), и во југоисточна Македонија во Драмско, сп. *клẹчẹшт'ум, мăлчẹшт'ум* Плевна (на картата ареалот 6).

Наставката *-ум* овде е пренесена од прилозите од типот *молкум, мешечкум, лежечкум* и под влијание на јужните говори, каде што се употребуваат прилошки образувања на *-ничкум* од типот *виканичкум* (в. понатаму).

4. Класичниот *participium praesentis activi* најдоследно се чува во северните и во средишните македонски дијалекти. Во јужните говори на правецот Преспанско Езеро – Корча – Костур – Лерин – Воден – Кукуш – Серез – Драма – Гоце Делчев тој се јавува поретко, напоредно со други прилошки формации, а во некои локални говори на тој дел дури и не се среќава, како на пример, во некои пунктови во Преспа, а во Леринско на правецот на селата Арменско – Асаново, во северозападните костурски села (Косинец, Брезница и др.), во Костенаријата, потоа во јужниот дел на битолското подрачје на линијата Дихово – Добромир – Скочивир – Живојно, како и во некои говори по долината на Струма на серско-валовишкото подрачје (сп. Иванов, 1977 : К. 30) и во гоцеделчевскиот говор. А. Мазон во својата студија за леринско-костурските говори глаголскиот прилог воопшто не го споменува (Mazon, 1923). Исто така и Хрун во монографијата за говорот на с. Дихово глаголскиот прилог како посебна морфолошка форма не го разгледува (Groen, 1977). К. Мирчев во неврокопскиот (гоцеделчевскиот) говор констатира само остаток од стариот *participium praesentis activi* во лексемата *парешт* (Мирчевъ, 1936). Слична појава познаваат и ароманските говори на тој ареал, па може да се претположи дека од нив дошол и импулсот за губењето на глаголскиот прилог (Atanasov, 1990, 2.22.3; Thumb, 1974 : 236).

Во повеќе говори каде што се загубил глаголскиот прилог или се наоѓа во фаза на губење се јавиле нови прилошки образувања од нова глаголска основа.

4.1. Во костурско-леринското и преспанското говорно подрачје напоредно со формите на *-шчем* (*викашчем*) се употребуваат и прилошки форми со суф. *-нички* / *-ничким* или *-ничкум*, а во долновардарските говори и форми со суфиксот *-ник*, сп. *баран'ичк'им*, *једен'ичк'им*, *плачен'ичк'им* и *једен'ичкум*, *пијен'ичкум*, покрај *берʲӑшчем*, *плачʲӑшчем* во Бобоштица (Mazon, 1936 : 94), *влечен'ичким*, *седен'ичким* покрај *плач'ешчем*, *сед'ешчем* во Нестрам (Видоески, 1989 : 68), *јаден'ичкум* и *јад'ешчем* Езерец, *викајнчкум*, *носејнчкум* Леска, *јаденичкум*, *оденичкум*, *виканичкум* Лак, Шулин (Преспа), *берен'ичкум*, *носен'ичкум* Бапчор, *с'еденичкум*, *с'еченичкум* Г. Котори, *грабанички*, *метенички*, *тр̥чаничку* покрај *мижештим*, *одештим* Воштарени (Леринско), *викан'ичкум*, *капан'ичкум* Тресино (Воден) (на картата ареалите 7, 8).

4.2. Образувањата со *-ник* почесто се среќаваат во воденско-мегленското и гевгелиско-кукушкото подрачје напоредно со прилогот на *-јќи*, сп. *тӑрча̣н'ик*, *пла̣чин'ик* Цакони, Г. Пожарско (Меглен), *бе̣га̣н'ик*, *тӑрча̣н'ик* Воден (Думевъ, 1943 : 63), *тӑрчан'ик дујд'е* Гевгелија (Д. Ивановъ, 1932 : 93), *ва̣рка̣н'ик*, *литка̣н'ик*, *тӑрча̣н'ик* Кукушко (Пеев, 1987 : 263) (на картата ареалот 10).

Сите овие форми се образувани од основата на глаголската придавка од несвршени глаголи (*вика-н-ички*, *-ичким*, *-ичкум*, *-ик*).

Прилошките форми на *-ник* (*викан'ик*) можеле да настанат спрема зборообразувачкиот модел на именките на *-ик* од типот *мачениk*. Тие потоа послужиле како деривациона база за прилошките формации на *-ничким* / *-ничкум* со наслон на образувањата од типот *лежечки*, *стоечки*, одн. *лежечким* плус формите на *-ум* од типот *викум*, *молкум*, *ничкум*, *силум* или *близум*, *полекум* (Mazon – Vaillant, 1938 : 93).

Новите зборообразувачки формации, кои се јавиле како замена на класичниот глаголски прилог, повеќе се доближиле функционално до прилозите.

Во слична функција се јавуваат и именките од типот *виканица*, *тр̥чаница* (*отиде тр̥чаница*) и на *-ана* како *тр̥чана*, *мӑлч'енатa* Леска (Преспанско), потоа образувањата како *беганка* (*фана бег'анката*) Г. Котори (Леринско), *молч'ејнчук* (< *молченичук*) во говорот на муслиманите во Жупа (Дебарско).

4.3. Во југоисточните говори (Солунско, Серско, Драмско, Гоцеделчевско, Разлошко) преовладуваат партиципски форми со суфиксот *-ком* (*-кум* во неакцентирана позиција), кој се додава на основата на стариот глаголски прилог, сп. *кра̣де̣шк'ом 'иде* Кукуш (Пеев, 1989 : 263), *с'а̣д'ашкум*, *тра̣ч''ашкум* Сухо (Голомб, 1960 : 176-177), *о̣дешк'ом* Секавец (Серско), *тӑрчишк'ом* Плевна (Драмско, Иванов, 1977 : К. 30), *викашк'ом*, *нусешк'ом*, *пеешк'ом*, *седешк'ом* Елешница (Разлошко) (на картата ареалот 9).

Од истата основа се изведени и образувањата со сложениот суфикс -(*шчим-ица*) од типот *биг'ашчимица, вăрт'ешчимица* во воденскиот и megленскиот (Думевъ, 1943 : 63), ***вик'ашчимица сạ зạгрạд'их*** Меглен, како и оние со суф. -*(шт)ица* : ***вик'аштица, ọд'ештица, тăрч'ештица*** Грмен (Гоцеделчевско).

Во говорите каде што се загубил глаголскиот прилог или се наоѓа во процес на губење, неговата функција ја презеле некои синтаксички изрази – на пример, со глаголска именка, сп. *ми се смачи од одење, дојде со плачење* (м. *одејќи, плачејќи*) Добромир (Битолско, Видоески, 1985 : 40), *отиде детето тр̥чаница,* или со цели реченици: *Како што одеше падна* (= *одејќи падна*).

1992



Формите на глаголскиот прилог во македонскиот дијалектен јазик

БИБЛИОГРАФИЈА

АЛЕКСИЕВЪ, Никола

Разложкиятъ говоръ, Македонски преглед, VI, 3, s. 98-109 София, 1931

БЕЛИЋ, А.

Галички дијалекат, Београд 1935

БЕЛИЋ, А.

Дијалекти Источне и Јужне Србије, Београд 1905

БЕЛИЋ, А.

Основи историје српскохрватског језика, I Фонетика, (универзитетска предавања), Београд 1960

БЕРНШТЕЙН, С.Б.

Очерк сравнительной грамматики славянских языков, Москва 1961

БОШКОВИЋ, Р.

*О природи, развитку и заменицама гласа **х** у говорима Црне Горе*, Јужнословенски филолог, књ. XI, с. 179-196, Београд 1931

БОЯДЖИЕВ, Т.

Българските говори в западна (беломорска) и източна (одринска) Тракия, София 1991

Български диалектен атлас, т. III, Югозападна България, София 1974

Български диалектен атлас, т. III, Югозападна България, ч. втора, Българска академия на науките, Институт за български език, София 1975

ВЕЛЧЕВА, В.

За формите на местоимението ***такъв***, Известия на Института за български език, XI, София 1964

ВИДОЕСКИ, Б.

Белешки за говорот на селата Мелница и Горно Врановци во Велешко, Македонски јазик, II, с. 201-209, Скопје 1951

ВИДОЕСКИ, Божидар

Битолскиот говор, Прилози на одделението за лингвистика и литературна наука, МАНУ, X, 2, Скопје 1985

ВИДОЕСКИ, Б.
Вокалната система на кривопаланечкиот говор, Македонски јазик, IV, Скопје 1953

ВИДОЕСКИ, Б.
Вокалните системи на македонскиот литературен и дијалектен јазик, Прилози на одделението за лингвистика и литературна наука, МАНУ, III, 1, Скопје 1978

ВИДОЕСКИ, Б.
Говорот и топонимијата на кичевските села од тајмишката група, Македонски јазик, IX, Скопје 1958

ВИДОЕСКИ, Божо
Говорот на полошките торбешки села Урвич и Јеловјане, Кирил Пејчиновиќ и неговото време, Тетово 1973

ВИДОЕСКИ, Б.
Говорот на селото Нестрам (Костурско), Прилози на одделението за лингвистика и литературна наука, МАНУ, XIV-2, Скопје 1989

ВИДОЕСКИ, Б.
Говорот на селата Плевна и Горно Броди, Драмско, Прилози на одделението за лингвистика и литературна наука, МАНУ, XVII, 2, Скопје 1992

ВИДОЕСКИ, Б.
Говорот на селото Секавец (Серско), Прилози на одделението за лингвистика и литературна наука, МАНУ, XV-1, Скопје 1990

ВИДОЕСКИ, Б.
Кичевскиот говор, Македонски јазик, VIII, кн.1, Скопје 1957

ВИДОЕСКИ, Божидар
Кумановскиот говор, Скопје 1962

ВИДОЕСКИ, Божо
Македонската топонимија како извор на историската дијалектологија на македонскиот јазик, Четврто заседание на Меѓународната комисија за словенска ономастика (МАНУ), с. 53-67, Скопје 1971

ВИДОЕСКИ, Б.
Плевна (ОЛА 113а), Fonološki opisi srpskohrvatskih / hrvatskosrpskih, slovenačkih i makedonskih govora obuhvaćenih Opšteslovenskim lingvističkim atlasom, ANUBiH, Sarajevo 1981

ВИДОЕСКИ, Божо
Поречкиот говор, Скопје 1950

ВИДОЕСКИ, Б.

Прилози за македонската дијалектологија. 1. Гласот х во охридскиот говор, Македонски јазик, VI, кн. 2, Скопје 1955

ВИДОЕСКИ, Б.

Фонолошкиот и прозодискиот систем на говорот на селото Елешница (Разлошко), Прилози на одделението за лингвистика и литературна наука, МАНУ, XII-1, Скопје 1987

ВИДОЕСКИ, Б.

Фонолошкиот и прозодискиот систем на говорот на селото Негован (Солунско), Прилози на одделението за лингвистика и литературна наука, МАНУ, XVI, 2, Скопје 1991

ВИДОЕСКИ, Б.

Фонолошки опис на говорот на кајларското село Емборе (Егејска Македонија), Zbornik radova: povodom 70-godišnjice života akademika Jovana Vukovića, Posebna izdanja, knjiga XXXIV, Odeljenje društvenih nauka, knj. 6 (Akademija nauka i umjetnosti Bosne i Hercegovine), s. 431-442, Sarajevo 1977

ВИДОЕСКИ, Б.

Фонолошки опис на говорот на селото Гратче (Костурско), Годишен зборник на Филолошкиот факултет на Универзитетот во Скопје, кн. III, с. 23-31, Скопје 1977

ВИДОЕСКИ, Б.

Фонолошки опис на говорот на с. Плевна (Драмско), Годишен зборник на Филолошкиот факултет на Универзитетот во Скопје, кн. III, с. 37-46, Скопје 1978

ВИДОЕСКИ, Б.

Фонолошки описи на македонските говори, Fonološki opisi srpskohrvatskih / hrvatskosrpskih, slovenačkih i makedonskih govora obuhvaćenih Opšteslovenskim lingvističkim atlasom, ANUBiH, s. 627-822, Sarajevo 1981

ВИДОЕСКИ, Божидар

Фонолошкиот систем на говорот на селото Езерец, Македонски јазик, XXXV, Скопје 1984

ВИДОЕСКИ, Б.

Фонолошкиот систем на говорот на селото Млике, Зборник Матице српске за филологију и лингвистику, XXVII-XXVIII, Нови Сад 1984-1985

ВИДОЕСКИ, Б.

Фонолошкиот систем на говорот на селото Чеган (Воденско), Македонски јазик, XXIX, с. 61-73, Скопје 1978

ГЕОРГИЕВ, Вл. и др.
Български етимологичен речник, св. I, София 1962

ГЕОРГИЕВ, Илия
Етнографско иследване на с. Мендово, Петричко (ракопис)

ГОЛОМБ, Збигњев
Два македонски говора (на Сухо и Висока во Солунско), Македонски јазик, XI-XII, Скопје 1960/1961; XIII-XIV, кн. 1-2, Скопје 1962/63

ГОЛОМБ, З.
За некои сличности меѓу полските и македонските говори, Македонски јазик, VIII, кн. 2, Скопје 1957

ГРИГОРОВИЧЪ, Викторъ
Очеркъ ученаго путешествія по европейской Турціи, Оттискъ изъ 3 книжки Ученныхъ записокъ Казанскаго Университета за 1848г., Казань 1848

ДИМИТРОВА, Ш. Н.
Граматичката категорија вид од формален аспект во еден костурски говор, Прв научен собир на млади македонисти, Филолошки факултет, с. 289-296, Скопје 1993

ДРАГАНОВЪ, П.
Носовые гласные звуки въ современныхъ македоно-славянскихъ и болгарскихъ говорахъ, Русскій филологическій вестникъ, XIX, с. 1-27, Варшава 1888

ДРИНОВЪ, М.
Важна особеность въ костурский говоръ, Периодическо списание на Българското книжовно дружество, XI-XII, София 1876

ДРИНОВЪ, М.
Съчинения на М.С. Дриновъ, кн. II, София 1911

ДУМЕВЪ, В.
Воденскиятъ говоръ, Македонски преглед, XIII, кн. 3, Софија 1943

ИВАНОВЪ, Димитър
Гевгелийскиятъ говоръ, София 1932

ИВАНОВ, Н. Йордан
Български диалектен атлас. Български говори от Егейска Македония: I. Драмско, Сярско, Валовишко и Зиляховско, Карти, БАН, София 1972

ИВАНОВ, Н. Йордан
Български преселнически говори, Говорите од Драмско и Сярско, БАН, ИБЕ, София 1977

ИВАНОВ, Н. Й.
Гласна ы в говора на селата Годешево и Сланщен, Гоцеделчевско, Български език, XVI, 5, с. 503-505, София 1966

ИВАНОВ, Н. Й.
Екавски говорни огнища в краини запад на българската диалектна област, Известия на Института за български език, кн. XIX, с. 717-725, София 1970

ИВАНОВ, Н. Й.
За иекавизма в Гоцеделчевско, Български език, XVIII, кн. 1, с. 47-50, София 1968

ИВИЋ, Павле
Дијалектологија српскохрватског језика, Нови Сад 1985

ИВИЋ, П.
О говору галипољских Срба, Белград 1957

ИВИЋ, П., ПЕТРОВИЋ, Д.
Његуши, [во] Fonološki opisi srpskohrvatskih / hrvatskosrpskih, slovenačkih i makedonskih govora obuhvaćenih Opšteslovenskim lingvističkim atlasom, s. 537, Sarajevo 1981

ИВИЋ, П., РЕМЕТИЋ, С.
Ораховац, [во] Fonološki opisi srpskohrvatskih / hrvatskosrpskih, slovenačkih i makedonskih govora obuhvaćenih Opšteslovenskim lingvističkim atlasom, s. 579, Sarajevo 1981

ИЛИЋ, В.
Извештај о испитивању говора Смиљева, Годишњак филозофског факултета, IV, Нови Сад 1959

КОНЕСКА, Милица
Мариовскиот говор, Дипломски работи кн. 3, Скопје 1951

КОНЕСКИ, Блаже
Граматика на македонскиот литературен јазик, Скопје 1981

КОНЕСКИ, Бл.
Еден охридски текст од 19 век, Македонски јазик, II, с. 97-102, Скопје 1951

КОНЕСКИ, Блаже
Загубата на интервокалното в во западномакедонските говори, Годишен зборник, Филозофски факултет на Универзитетот во Скопје, кн. 1, с. 112-128, Скопје 1948

КОНЕСКИ, Б.
За редукцијата на неакцентираните вокали, Прилози на одделението за лингвистика и литературна наука, МАНУ, I, 1-2, Скопје 1976

КОНЕСКИ, Блаже
Историја на македонскиот јазик, Скопје 1965

КОНЕСКИ, Блаже
Историја на македонскиот јазик, Поправено и дополнето издание, Скопје 1981

КОНЕСКИ, Блаже
Материјали за преспанскиот говор од збирката на С.Н.Томиќ, Македонски јазик, VIII, 2, Скопје 1957

КОНЕСКИ, Блаже
Прилепскиот говор, Годишен зборник 2, Филозофски факултет на универзитетот во Скопје, Скопје 1949

КУЗОВЪ, А.
Костурскиятъ говор, Известия на Семинара по славянска филология, кн. IV, София 1921

КУШЕВСКИ, М.
Делчевскиот градски говор, Македонски јазик, IX, Скопје 1958

ЛАВРОВЪ, П. А.
Обзоръ звуковыхъ и формальныхъ особеностей болгарскаго языка, Москва 1893

МАНЕВИЌ, Тодор
цѣ- > *ца- во некои македонски говори*, Македонски јазик, III, 1-2, Скопје 1952

МИЛЕТИЧЪ, Л.
"Арнаутите" въ Силистренско и следи отъ носовки въ техния езикъ: II Носовки и други особености въ говора на "арнаутите" въ Силистренско, Периодическо списание на Българското книжовно дружество, LXI, с. 623-667, София 1901

МИРЧЕВЪ, Димитъръ
Бележки по кукушко-воденския говоръ, Сборник за народни умотворения, наука и книжнина, XVIII, София 1901

МИРЧЕВЪ, К.
За някои следи на назализъмъ въ централните македонски говори, Македонски преглед, VII, кн. 4, с. 91-101, София 1932

МИРЧЕВ, Кирилъ
Историческа граматика на българския език, София 1958

МИРЧЕВЪ, Кирилъ

Неврокопскиятъ говоръ, Годишник на Софийския университетъ, кн. XXXII, 1, София 1936

МИРЧЕВЪ, К.

Следи от старобългарски ы в говора на с. Калапот, Зъхненско, Сборник в чест на проф. Милетич, с. 56-59, София 1933

МИХАИЛОВ, П.

Градскиот дебарски говор, Скопје 1954

МЛАДЕНОВ, Стефан

История на българският език, София 1979

МОЛЕРОВИ, Д. и К.

Народописни материали от Разлошко, Сборник за народни умотворения и народопис, кн. XLVIII, София 1954

НОВАКОВИЌ, С.

Законски споменици, Белград 1912

ОБЛАКЪ, В.

Приносъ къмъ българската граматика, Сборник за народни умотворения, наука и книжнина, XI, с. 517-581, София 1894

Остатъци отъ звуковете ***ъм, ън, ем, ен*** *въ костурский говоръ*, Книжици за прочитъ, 1, с. 16-26, Солунъ 1889 [авторот е непознат]

ПАВЛОВИЋ, Миливој

Говор Сретечке Жупе, Српски дијалектолошки зборник, III, Београд 1939

ПЕЕВ, Коста

Дојранскиот говор, Македонистика 2, Скопје 1979

ПЕЕВ, Коста

Кукушкиот говор, кн. I, Скопје 1987, кн. II, Скопје 1988

ПЕТРОВИЋ, Д.

Анцелат, [во] Fonološki opisi srpskohrvatskih / hrvatskosrpskih, slovenačkih i makedonskih govora obuhvaćenih Opšteslovenskim lingvističkim atlasom, s. 552, Sarajevo 1981

ПЕТРОВИЋ, Д.

Режевићи, [во] Fonološki opisi srpskohrvatskih / hrvatskosrpskih, slovenačkih i makedonskih govora obuhvaćenih Opšteslovenskim lingvističkim atlasom, s. 528, Sarajevo 1981

ПЕТРОВИЋ, Д., ЋУПИЋ, Д.
Горана, [во] Fonološki opisi srpskohrvatskih / hrvatskosrpskih, slovenačkih i makedonskih govora obuhvaćenih Opšteslovenskim lingvističkim atlasom, s. 529, Sarajevo 1981

ПЕТРУШЕВСКИ, М. Д.
Неколку црти на говорот од Жировница, Македонски јазик, II, Скопје 1951

ПЈАНКА, Влоѓимјеж
Квантитетот како фонолошки фактор во македонскиот јазик, Македонски јазик, XI-XII, с. 203-211, Скопје 1960-1961

ПОПОВИЋ, И.
*О словенским коренима *bǫb-, *pǫp- и неким њиховим дериватима*, Јужнословенски филолог, XIX, с. 159-171, Београд 1951-1952

ПОПОВСКИ, Аритон
Македонскиот говор во гостиварскиот крај, Гостивар 1970

ПОПОВСКИ, Аритон
Реканскиот говор, Македонски јазик, X, кн. 1-2, Скопје 1959

РЕМЕТИЋ, Слободан
Српски призренски говор I : Гласови и облици, Српски дијалектолошки зборник, XLII, с. 319-614, Београд 1996

РОМАНСКИ, Ст.
Долновардарскиятъ говоръ, Македонски преглед, VIII, кн. 1, с. 99-140, София 1932

Сборник за народни умотворения, наука и книжнина, III, София 1890

СЕЛИЩЕВ, А. М.
Македонские кодики XVI-XVIII веков, София 1933

СЕЛИЩЕВ, А. М.
Очерки по македонской диалектологии, т. 1, с. 112-126, Казань 1918

СЕЛИЩЕВ, А. М.
Полог и его болгарское население, София 1929

СЕЛИЩЕВ, А. М.
Славянское население в Албании, София 1931

СТАМАТОСКИ, Трајко
Градскиот тетовски говор, Македонски јазик, VIII, 1, Скопје 1957

СТОИЛОВЪ, А. П.
На гости въ Зарово и Висока, Българска сбирка, VII, 10, с. 632-649, София 1900

СТОИЛОВЪ, А. П.
Остатъци отъ назализъмъ въ солунските села Зарово и Висока, Периодическо списание на Българското книжовно дружество, LXI, с. 703-712, София 1901

СТОИЛОВЪ, А. П.
Остатъци отъ носовките ѧ, ѫ въ село Лобаница (Корчанско), Българска речь, I / 3-4, (Цит. по Цоневъ, История на бълг. езикъ 1, с. 451), София 1923

СТОИЛОВЪ, Хр. П.
Горно-джумайски говоръ: Звукове, форми и образци, Сборник за народни умотворения, наука и книжнина, XX, с. 1-33, София 1904

СТОЙКОВ, Стойко
Българска диалектология, София 1962

СТОЙКОВ, Стойко
Българска диалектология, София 1968

СТОЙКОВ, Ст.
Към дийалектния вокализъм на български език, Славистичен сборник, София 1963

СТОЙКОВ, С.
Три местоименни изоглоси в български език, Славистични студии, София 1963

СТОЙКОВ, С.
Увод в българската фонетика, София 1961

СТОЙКОВ, Стойко
Ятовият преглас в български език, Български език, XIII, 4-5, София 1963

ТЕОДОРОВЪ, Ал.
Единъ приносъ къмъ висошкия говоръ, Периодическо списание на Българското книжовно дружество, XV, с. 401-410, София 1885

ТЕОДОРОВЪ, Ал.
Приносъ къмъ въпроса за българските носовки, Периодическо списание на Българското книжовно дружество, III, с. 142-145, София 1882

ТИЛКОВ, Д.
Гласна ы в говора на с. Тихомир, Известия на Института за български език, VIII, с. 237-240, София 1962

ТОМЧЕВА, М.
Ударението в воденско-мъгленския говор, Македонска мисъл, I, 3-4, София 1946

ТОПОЛИЊСКА, З.
За словенскиот слободен и неподвижен акцент, Македонски јазик, XI-XII, с. 73-79, Скопје 1960/1961

УГРИНОВА, Рада
Говорите во Скопско, Скопје 1951

УМЛЕНСКИ, Иванъ
Кюстендилският говоръ, Институт за Български език, Българска академия на науките, София 1865

ФИЛИПОВСКИ, Илија
Неготинскиот говор, Скопје 1952

ХРИСТОВЪ, П. Георги
По-забележителни особености на кукушко-дойранския говоръ, Македонски преглед, X, кн. 1-2, с. 103-118, София 1936

ХРИСТОВА, М. Тасуда
Етнографско иследване на с. Покровник, Горноцумајско (ракопис)

ШКЛИФОВ, Б.
Долнопреспанският говор, София 1979

ШКЛИФОВ, Б.
Костурският говор, София 1973

ШОПОВЪ, Атанасъ
Народностьта и езика на македонците, Пловдивъ 1882

ШОПОВЪ, Атанасъ
Думи и речи (по говора въ селата Висока, Сухо и Зарова или Зарва, Солунско окрѫжие), Периодическо списание на Българското книжовно дружество, XVII, София 1885

ЩЕПКИНЪ, В.Н.
Болонская псалтирь, Санктпетербургъ 1906

ЯКИМОВА, М.

Охридскиятъ говоръ, Известия на Семинара по славянска филология, III, с. 223-256, София 1911

ATANASOV, P.

Le mégléno-roumain de nos jours, Balkan-Archiv N. F., par. 2.2.3., Hamburg, Buske 1990

VIDOESKI, B.

A Survey of the Macedonian Dialects, [во] *A Historical Phonology of the Macedonian Language, by B. Koneski*, s. 117-134, karta, Heidelberg 1983

DUMA, Jerzy

Wokalizacja jerów słabych w rdzennej sylabie nagłosowej w południowowschodniej słowiańszczyźnie, Wrocław-Warszawa-Kraków-Gdańsk 1979

GIANNELLI, C. - VAILLANT, A.

Un lexique macédonien du XVIe siécle, Paris 1958

GROEN, B.M.

A Structural Description of the Macedonian Dialect of Dihovo, Lisse 1977

HATTALA, M.

O nosnih samoglasnih u bugarštini u obće i napose u novoj, Književnik, II, s. 414-476, Zagreb 1865

HENDRIKS, P.

The Radožda-Vevčani Dialect of Macedonian (PdR Press Publications on Macedonian 1), s. 33-44, Lisse 1976

KONESKI, Blaže

A Historical Phonology of the Macedonian Language, Heidelberg 1983

LAVROV, A. Petr - POLÍVKA, Jiři

Lidové povídky jihomakedonské z rukopisů St. Verkovičových, Praha 1932

MAŁECKI, Mieczysław

Dwie gwary macedońskie (Sucho i Wysoka w Sołuńskiem), II. Słownik, Kraków 1936

MAŁECKI, Mieczysław

Drobiazgi z Macedonji, Lud słowiański, III, 1, A. 98, Kraków 1933

MAŁECKI, Mieczysław
O zróżnicowaniu gwar Bogdańska w. pd.-wschodnej Macedonji, Lud słowiański, III, I, Kraków 1936

MAŁECKI, M.
Systemy akcentowe gwar bulgarskich, Sprawozdania PAU, XLIII, Kraków 1938

MAŁECKI, M.
Tekst gwarowy z Kosturskiego (Macedonia), Lud słowiański, III, 2, Kraków 1934

MAŁECKI, Mieczysław
Teksty gwarowe z Bogdańska (pd.-wschodnia Macedonia), Lud słowiański, III, 1, Kraków 1933

MAZON, André
Contes slaves de la Macédoine Sud-Occidentale, Paris 1923

MAZON, André
Documents, contes et chansons slaves de l'Albanie du sud, Paris 1936

MAZON, André - VAILLANT, André
L'évangéliaire de Kulakia, un parler slave du Bas-Vardar, Paris 1938

MILETIČ, Lj.
Die Rhodopemundarten der bulgarischen Sprache, Wien 1912

NOVAKOVIĆ, St.
Beiträge zur Erforschung der macedonischen Dialecte, Archiv für slav. Philologie, B. XV, s. 37-46: Die Nasalen um Kostur (Kastoria); Die südwestliche Grenze des Nasalismus in Macedonien, Berlin 1893

OBLAK, Vatroslav
Macedonische Studien, Die slavischen Dialecte des südlichen und nordwestlichen Macedoniens, Sitzungsberichte der Philosophische-historischen Classe der keiserliche Akademie der Wissenschaften, Wien 1896

REITER, Norbert
Der Dialekt von Titov Veles, Berlin 1964

STIEBER, Z.
The Development of Primitive Slavic X in the Slavic Languages and Dialects, International Journal of Slavic Linguistics and Poetics, IV, s. 1-6, Gravenhage 1961

THUMB, A.
Handbuch der neugriechischen Volkssprache, De Gruyter, 1974

VASMER, M.

Russisches etymologisches Wörterbuch, III, Heidelberg 1958

VUKČEVIĆ, Mih.

Jezik u Kirečkom s udiljnim obzirom na opće maćedonizme, Rad JAZU, 145, s. 105-137, Zagreb 1901

Издавач
МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ

Коректура
Дејан Геговски

Компјутерска обработка
Горан Ивковиќ

Корица
Јана Ацевска
Марјан Марковиќ

Печат
"Бошели"- Скопје

Тираж
1000 примероци